BÍBLIA

Библија

Versão Bilingue

Português – Macedônio

Em Português – Almeida Revista e Atualizada
Em Macedônio - Стандардна Библија

2020

BÍBLIA

Библија

Versão Bilingue

Português – Macedônio

Em Português – Almeida Revista e Atualizada
Em Macedônio - Стандардна Библија

2020

Índice dos Livros da Bíblia

Velho Testamento	Stariot Zavet	
Naum	Наум	2.662
Habacuque	Авакум	2.668
Sofonias	Софонија	2.675
Ageu	Агеј	2.683
Zacarias	Захарија	2.688
Malaquias	Малахија	2.716

Novo Testamento	Noviot Zavet	
Mateus	Матеј	2.725
Marcos	Марко	2.836
Lucas	Лука	2.906
João	Јован	3.026
Atos	Дела	3.113
Romanos	Римјаните	3.228
1 Coríntios	1 Коринтјаните	3.276
2 Coríntios	2 Коринтјаните	3.322
Gálatas	Галатјаните	3.352
Efésios	Ефесјаните	3.368
Filipenses	Филипјаните	3.384
Colossenses	Колосјаните	3.395
1 Tessalonicenses	1 Солуњаните	3.406
2 Tessalonicenses	2 Солуњаните	3.416
1 Timóteo	1 Тимотеј	3.422
2 Timóteo	2 Тимотеј	3.435
Tito	Тит	3.444
Filemon	Филимон	3.450
Hebreos	Евреите	3.453
Tiago	Јаков	3.488
1 Pedro	1 Петар	3.500
2 Pedro	2 Петар	3.513
1 João	1 Јован	3.521
2 João	2 Јован	3.533
3 João	3 Јован	3.535
Judas	Јуда	3.537
Apocalipse	Откровение	3.541

VERSÃO BILINGUE

Português – Macedônio

VELHO TESTAMENTO

Português

Almeida Revista e Atualizada

STARIOT ZAVET

Macedônio

Свето Писмо: Стандардна Библија 2006

O primeiro livro de Moisés chamado Gênesis

Gênesis 1

A criação dos céus e da terra e de tudo o que neles há

1 No princípio, criou Deus os céus e a terra.

2 A terra, porém, estava sem forma e vazia; havia trevas sobre a face do abismo, e o Espírito de Deus pairava por sobre as águas.

3 Disse Deus: Haja luz; e houve luz.

4 E viu Deus que a luz era boa; e fez separação entre a luz e as trevas.

5 Chamou Deus à luz Dia e às trevas, Noite. Houve tarde e manhã, o primeiro dia.

6 E disse Deus: Haja firmamento no meio das águas e separação entre águas e águas.

7 Fez, pois, Deus o firmamento e separação entre as águas debaixo do

Создавање

Создавање 1

ВО ПОЧЕТОКОТ

Бог го создава светот и човекот

1Во почетокот Бог ги создаде небото и земјата.

2Земјата беше неоформена и пуста; имаше темнина над безднaта и Божјиот Дух лебдеше над водата.

3И Бог рече: „Нека биде светлина!“ И настана светлина.

4И Бог виде дека светлината е нешто добро; и ја оддели Бог светлината од темнината.

5Бог светлината ја нарече ден, а темнината ја нарече ноќ. И настапи вечер, и настапи утро – прв ден.

6Потоа Бог рече: „Нека има свод среде водата и тој да разделува вода од вода!“

7И создаде Бог свод; и ја одвои водата што е под сводот од водата што е над сводот. Така и стана.

firmamento e as águas sobre o firmamento. E assim se fez.	
[8] E chamou Deus ao firmamento Céus. Houve tarde e manhã, o segundo dia.	[8]И сводот Бог го нарече небо. И настапи вечер и настапи утро – втор ден.
[9] Disse também Deus: Ajuntem-se as águas debaixo dos céus num só lugar, e apareça a porção seca. E assim se fez.	[9]И Бог рече: „Нека се собере водата што е под небото на едно место, и нека се појави копно!“ И стана така.
[10] À porção seca chamou Deus Terra e ao ajuntamento das águas, Mares. E viu Deus que isso era bom.	[10]Копното Бог го нарече земја, а собраните води ги нарече – морињa; и виде Бог дека тоа е добро.
[11] E disse: Produza a terra relva, ervas que dêem semente e árvores frutíferas que dêem fruto segundo a sua espécie, cuja semente esteja nele, sobre a terra. E assim se fez.	[11]И Бог рече: „Нека израсте од земјата зеленило – трева што дава семе, плодоносни дрвја кои во себе имаат семе!“ И стана така.
[12] A terra, pois, produziu relva, ervas que davam semente segundo a sua espécie e árvores que davam fruto, cuja semente estava nele, conforme a sua espécie. E viu Deus que isso era bom.	[12]Земјата пушти од себе зеленило: трева што дава семе според својот род, а и дрвја што раѓаат плод, чие семе е според нивниот род. И Бог виде дека тоа е добро.
[13] Houve tarde e manhã, o terceiro dia.	[13]И настапи вечер, и настапи утро – трет ден.
[14] Disse também Deus: Haja luzeiros no firmamento dos céus, para fazerem separação entre o dia e a noite; e sejam eles para sinais, para estações, para dias e anos.	[14]Потоа Бог рече: „Нека се појават светила на небескиот свод, за да го делат денот од ноќта и да бидат знаци, и за времињата, и за деновите, и за годините;
[15] E sejam para luzeiros no firmamento dos céus, para alumiar a terra. E assim se fez.	[15]и нека бидат тие светилници на небескиот свод, за да ја осветлуваат земјата!“ И стана така.
[16] Fez Deus os dois grandes luzeiros: o maior para governar o dia, e o menor para governar a noite; e fez também as estrelas.	[16]Бог создаде две големи светила: поголемо светило да управува со денот, и помало светило да управува со ноќта; ги создаде и ѕвездите;

17 E os colocou no firmamento dos céus para alumiarem a terra,

18 para governarem o dia e a noite e fazerem separação entre a luz e as trevas. E viu Deus que isso era bom.

19 Houve tarde e manhã, o quarto dia.

20 Disse também Deus: Povoem-se as águas de enxames de seres viventes; e voem as aves sobre a terra, sob o firmamento dos céus.

21 Criou, pois, Deus os grandes animais marinhos e todos os seres viventes que rastejam, os quais povoavam as águas, segundo as suas espécies; e todas as aves, segundo as suas espécies. E viu Deus que isso era bom.

22 E Deus os abençoou, dizendo: Sede fecundos, multiplicai-vos e enchei as águas dos mares; e, na terra, se multipliquem as aves.

23 Houve tarde e manhã, o quinto dia.

24 Disse também Deus: Produza a terra seres viventes, conforme a sua espécie: animais domésticos, répteis e animais selváticos, segundo a sua espécie. E assim se fez.

25 E fez Deus os animais selváticos, segundo a sua espécie, e os animais domésticos, conforme a sua espécie, e todos os répteis da terra, conforme a sua espécie. E viu Deus que isso era bom.

26 Também disse Deus: Façamos o homem à nossa imagem, conforme a nossa

17и ги постави Бог на небескиот свод да ја осветлуваат земјата,

18и да управуваат со денот и ноќта, и да ја одделуваат светлината од темнината. И Бог виде дека тоа е добро.

19И настапи вечер, и настапи утро – четврти ден.

20Потоа рече Бог: „Водата нека се исполни со живи суштества, а низ небескиот свод над земјата нека полетаат птици!“

21И Бог создаде големи риби и секаков вид животни влекачи што живеат во водата, според нивниот род, како и секаков вид крилати птици, според нивниот род. И виде Бог дека тоа е добро.

22И ги благослови Бог, велејќи: „Плодете се и множете се, и наполнете ја водата во морињата, и птиците нека се намножат на земјата!“

23И настапи вечер, и настапи утро – петти ден.

24Пак рече Бог: „Нека изведе земјата од себе разни суштества според родот нивни: добиток, лазачи и ѕверови земни според нивниот род!“ И стана така.

25И Бог создаде ѕверови земни, според родот нивен, и добиток според родот негов, и секакви гадинки земни, според родот нивен. И Бог виде дека тоа е добро.

26Потоа Бог рече: „Да создадеме човек според Нашиот образ, според Нашето

semelhança; tenha ele domínio sobre os peixes do mar, sobre as aves dos céus, sobre os animais domésticos, sobre toda a terra e sobre todos os répteis que rastejam pela terra.

[27] Criou Deus, pois, o homem à sua imagem, à imagem de Deus o criou; homem e mulher os criou.

[28] E Deus os abençoou e lhes disse: Sede fecundos, multiplicai-vos, enchei a terra e sujeitai-a; dominai sobre os peixes do mar, sobre as aves dos céus e sobre todo animal que rasteja pela terra.

[29] E disse Deus ainda: Eis que vos tenho dado todas as ervas que dão semente e se acham na superfície de toda a terra e todas as árvores em que há fruto que dê semente; isso vos será para mantimento.

[30] E a todos os animais da terra, e a todas as aves dos céus, e a todos os répteis da terra, em que há fôlego de vida, toda erva verde lhes será para mantimento. E assim se fez.

[31] Viu Deus tudo quanto fizera, e eis que era muito bom. Houve tarde e manhã, o sexto dia.

Gênesis 2

[1] Assim, pois, foram acabados os céus e a terra e todo o seu exército.

[2] E, havendo Deus terminado no dia sétimo a sua obra, que fizera, descansou nesse dia de toda a sua obra que tinha feito.

подобие како што сме Ние, кој ќе биде господар над морските риби, над небеските птици, и над добитокот – над целата земја и над сите гадинки што лазат по земјата!“

[27]И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде.

[28]И ги благослови Бог, и им рече: „Плодете се, и множете се, и наполнете ја земјата, и господарете над неа, и овладајте ги морските риби, и небеските птици, и сите животни што лазат по земјата!“

[29]И Бог рече: „Еве, ви дадов секакви билки што даваат семе по целата земја, и секакви дрвја што во себе имаат семе според својот род и вид; тоа да ви биде за храна!

[30]А на сите земни ѕверови, и на сите небески птици, и на сè што се движи по земјата, во кое има жива душа, им ги дадов сите тревни растенија за храна.“ Така и стана.

[31]И Бог виде дека сето она што го создаде е многу добро. И настапи вечер, и настапи утро – шести ден.

Создавање 2

[1]Така се довршија небото и земјата и сето нивно воинство.

[2]Седмиот ден Бог ги заврши делата Свои, што ги направи; и си отпочина во седмиот ден од сите дела Свои, што ги создаде.

3 E abençoou Deus o dia sétimo e o santificou; porque nele descansou de toda a obra que, como Criador, fizera.

3И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во тој ден си отпочина од сите дела Свои, што ги направи и создаде.

A formação do homem

4 Esta é a gênese dos céus e da terra quando foram criados, quando o SENHOR Deus os criou.

4Ете така настанаа небото и земјата, во она време кога Господ Бог ги создаде земјата и небото.

5 Não havia ainda nenhuma planta do campo na terra, pois ainda nenhuma erva do campo havia brotado; porque o SENHOR Deus não fizera chover sobre a terra, e também não havia homem para lavrar o solo.

5А уште не беа никнале полски грмушки и земни тревки, зашто Господ Бог уште не праќаше дожд на земјата, ниту, пак, имаше човек кој ќе ја обработува земјата,

6 Mas uma neblina subia da terra e regava toda a superfície do solo.

6но се креваше пара од земјата и ја оросуваше површината на целата земја.

7 Então, formou o SENHOR Deus ao homem do pó da terra e lhe soprou nas narinas o fôlego de vida, e o homem passou a ser alma vivente.

7И Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа.

Градината во Едем

8 E plantou o SENHOR Deus um jardim no Éden, na direção do Oriente, e pôs nele o homem que havia formado.

8И Господ Бог насади рајска градина на исток; и таму го насели човекот што го создаде.

9 Do solo fez o SENHOR Deus brotar toda sorte de árvores agradáveis à vista e boas para alimento; e também a árvore da vida no meio do jardim e a árvore do conhecimento do bem e do mal.

9И Господ Бог направи да израстат од земјата секакви дрвја, убави за гледање и добри за јадење, и дрвото на животот среде рајот, и дрвото за познавање на доброто и злото.

10 E saía um rio do Éden para regar o jardim e dali se dividia, repartindo-se em quatro braços.

10Од Едем извираше река за да го наводнува рајот, а потоа таа се раздвојуваше на други четири реки.

11 O primeiro chama-se Pisom; é o que rodeia a terra de Havilá, onde há ouro.

11Името на едната е Пишон; таа тече околу целата Хевилска земја, каде што има злато.

[12] O ouro dessa terra é bom; também se encontram lá o bdélio e a pedra de ônix.

[13] O segundo rio chama-se Giom; é o que circunda a terra de Cuxe.

[14] O nome do terceiro rio é Tigre; é o que corre pelo oriente da Assíria. E o quarto é o Eufrates.

[15] Tomou, pois, o SENHOR Deus ao homem e o colocou no jardim do Éden para o cultivar e o guardar.

[16] E o SENHOR Deus lhe deu esta ordem: De toda árvore do jardim comerás livremente,

[17] mas da árvore do conhecimento do bem e do mal não comerás; porque, no dia em que dela comeres, certamente morrerás.

A formação da mulher

[18] Disse mais o SENHOR Deus: Não é bom que o homem esteja só; far-lhe-ei uma auxiliadora que lhe seja idônea.

[19] Havendo, pois, o SENHOR Deus formado da terra todos os animais do campo e todas as aves dos céus, trouxe-os ao homem, para ver como este lhes chamaria; e o nome que o homem desse a todos os seres viventes, esse seria o nome deles.

[20] Deu nome o homem a todos os animais domésticos, às aves dos céus e a todos os animais selváticos; para o homem, todavia, não se achava uma auxiliadora que lhe fosse idônea.

[21] Então, o SENHOR Deus fez cair pesado sono sobre o homem, e este adormeceu;

[12]Златото на таа земја е добро; таму има и бделиум и камен оникс.

[13]А на втората река името ѝ е Гион; таа тече околу целата земја Куш.

[14]Името, пак, на третата река е Тигар; таа тече на исток од Асирија. Четвртата река е Еуфрат.

[15]И го зеде Господ Бог човекот, го насели во Едемската градина, за да ја обработува и да ја чува.

[16]И му заповеда Господ Бог на човекот, велејќи: „Од секое дрво во градината можеш да јадеш,

[17]освен од дрвото за познавање на доброто и на злото; од него не јади; зашто во оној ден кога ќе вкусиш од него, ќе умреш.“

[18]И Господ Бог рече: „Не е добро за човекот да биде сам; да му создадеме помошник, сличен на него!“

[19]Тогаш Господ Бог ги создаде од земјата сите полски животни, и сите небески птици, и ги доведе кај човекот за да види како ќе ги нарече тој, па, како што човекот ќе го нарече секое живо суштество, така да му биде и името.

[20]И им даде човекот имиња на сиот добиток, и на небеските птици, и на сите полски ѕверови; но за човекот не се најде помошник, сличен на него.

[21]Затоа Господ му прати на човекот длабок сон; па кога заспа, му извади

tomou uma das suas costelas e fechou o lugar com carne.

[22] E a costela que o SENHOR Deus tomara ao homem, transformou-a numa mulher e lha trouxe.

[23] E disse o homem: Esta, afinal, é osso dos meus ossos e carne da minha carne; chamar-se-á varoa, porquanto do varão foi tomada.

[24] Por isso, deixa o homem pai e mãe e se une à sua mulher, tornando-se os dois uma só carne.

[25] Ora, um e outro, o homem e sua mulher, estavam nus e não se envergonhavam.

Gênesis 3

A queda do homem

[1] Mas a serpente, mais sagaz que todos os animais selváticos que o SENHOR Deus tinha feito, disse à mulher: É assim que Deus disse: Não comereis de toda árvore do jardim?

[2] Respondeu-lhe a mulher: Do fruto das árvores do jardim podemos comer,

[3] mas do fruto da árvore que está no meio do jardim, disse Deus: Dele não comereis, nem tocareis nele, para que não morrais.

[4] Então, a serpente disse à mulher: É certo que não morrereis.

[5] Porque Deus sabe que no dia em que dele comerdes se vos abrirão os olhos e, como Deus, sereis conhecedores do bem e do mal.

[6] Vendo a mulher que a árvore era boa para se comer, agradável aos olhos e

едно ребро, и местото го пополни со месо.

[22]Од реброто, што го зеде од човекот, Господ Бог создаде жена и ја доведе кај човекот.

[23]А човекот рече: „Еве тоа е коска од моите коски, и плот од мојата плот. Нека ѝ биде името жена, зашто е земена од мажот!“

[24]Затоа човекот ќе ги остави татко си и мајка си и ќе се прилепи кон жената своја; и ќе бидат едно тело.

[25]И беа обајцата голи, Адам и жената негова, и не се срамеа.

Создавање 3

Протерување на мажот и жената од рајот

[1]Но змијата беше полукава од сите sверови полски, што ги создаде Господ Бог; па ѝ рече на жената: „Вистина ли е дека Бог рекол да не јадете од ниедно дрво во рајот?“

[2]А жената ѝ рече на змијата: „Ние јадеме род од секое дрво во рајот;

[3]– само од родот на она дрво среде рајот, – рече Бог, – не јадете од него и не допирајте се до него, за да не умрете!“

[4]Тогаш змијата ѝ рече на жената: „Не, нема да умрете!

[5]Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па ќе станете како богови и ќе знаете што е добро, а што зло.“

[6]Кога жената, виде дека родот на дрвото е добар за јадење, и убав на изглед, и

árvore desejável para dar entendimento, tomou-lhe do fruto e comeu e deu também ao marido, e ele comeu.

дека дрвото е пожелно поради тоа што дава знаење, набра род од него и го изеде, па му даде и на мажот свој, та и тој јадеше.

[7] Abriram-se, então, os olhos de ambos; e, percebendo que estavam nus, coseram folhas de figueira e fizeram cintas para si.

[7]Тогаш им се отворија очите на обајцата, и разбраа дека се голи; па исплетоа лисја од смокви и си направија опашала.

[8] Quando ouviram a voz do SENHOR Deus, que andava no jardim pela viração do dia, esconderam-se da presença do SENHOR Deus, o homem e sua mulher, por entre as árvores do jardim.

[8]Тогаш го чуја гласот на Господ Бог, кога Тој одеше низ рајот во времето на дневниот ветрец; и се сокрија Адам и неговата жена меѓу рајските дрвја.

[9] E chamou o SENHOR Deus ao homem e lhe perguntou: Onde estás?

[9]Но Господ Бог го повика Адам и му рече: „Каде си?“

[10] Ele respondeu: Ouvi a tua voz no jardim, e, porque estava nu, tive medo, e me escondi.

[10]А тој одговори: „Го чув одењето Твое низ рајот, па се уплашив, бидејќи сум гол, и се сокрив.“

[11] Perguntou-lhe Deus: Quem te fez saber que estavas nu? Comeste da árvore de que te ordenei que não comesses?

[11]И Тој рече: „Кој ти кажа дека си гол? Да не си јал од она дрво, од кое ти забранив да јадеш?“

[12] Então, disse o homem: A mulher que me deste por esposa, ela me deu da árvore, e eu comi.

[12]Адам, пак, рече: „Жената, која ми ја даде Ти, таа ми даде плод од дрвото, и јас јадев.“

[13] Disse o SENHOR Deus à mulher: Que é isso que fizeste? Respondeu a mulher: A serpente me enganou, e eu comi.

[13]Тогаш Господ Бог ѝ рече на жената: „Зошто го направи тоа?“ Жената одговори: „Змијата ме измами, и јас јадев.“

[14] Então, o SENHOR Deus disse à serpente: Visto que isso fizeste, maldita és entre todos os animais domésticos e o és entre todos os animais selváticos; rastejarás sobre o teu ventre e comerás pó todos os dias da tua vida.

[14]На змијата, пак, ѝ рече Господ Бог: „Затоа што си го направила тоа, проклета да си меѓу сите животни и сите полски ѕверови; помешечки ќе се влечеш и прав ќе јадеш сè до крајот на својот живот!

[15] Porei inimizade entre ti e a mulher, entre a tua descendência e o seu descendente. Este te ferirá a cabeça, e tu lhe ferirás o calcanhar.

[16] E à mulher disse: Multiplicarei sobremodo os sofrimentos da tua gravidez; em meio de dores darás à luz filhos; o teu desejo será para o teu marido, e ele te governará.

[17] E a Adão disse: Visto que atendeste a voz de tua mulher e comeste da árvore que eu te ordenara não comesses, maldita é a terra por tua causa; em fadigas obterás dela o sustento durante os dias de tua vida.

[18] Ela produzirá também cardos e abrolhos, e tu comerás a erva do campo.

[19] No suor do rosto comerás o teu pão, até que tornes à terra, pois dela foste formado; porque tu és pó e ao pó tornarás.

[20] E deu o homem o nome de Eva a sua mulher, por ser a mãe de todos os seres humanos.

[21] Fez o SENHOR Deus vestimenta de peles para Adão e sua mulher e os vestiu.

[22] Então, disse o SENHOR Deus: Eis que o homem se tornou como um de nós, conhecedor do bem e do mal; assim, que não estenda a mão, e tome também da árvore da vida, e coma, e viva eternamente.

[15]И ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја смачкува главата, а ти ќе го каснуваш во петата.“

[16]А на жената ѝ рече: „Кога ќе бидеш бремена, ќе ти ги умножам и преумножам маките; со болки ќе раѓаш деца, и ќе се приклониш кон мажот свој, и тој ќе ти биде господар!“

[17]Па потоа му рече на Адам: „Бидејќи ја послуша жената твоја и вкуси од дрвото, од кое ти забранив и реков: – не јади од него – затоа земјата нека биде проклета за тебе; со мака ќе се храниш од неа сè до крајот на својот живот;

[18]трње и бодлики ќе ти раѓа; и ти ќе јадеш трева полска.

[19]Со пот на лицето свое ќе јадеш леб, сè дури не се вратиш во земјата, од која си земен; зашто си земја, и во земја ќе се вратиш!“

[20]Адам ја нарече својата жена Ева, бидејќи таа стана мајка на сите живи.

[21]А Господ Бог им направи на Адам и на неговата жена облеки од кожа, и ги облече во нив.

[22]И Господ Бог рече: „Ете, Адам стана како еден од Нас, знаејќи што е добро и што е зло; но сега, да не ја испружи раката своја и да земе пак од дрвото на животот, и да вкуси, па да заживее вечно!“

[23] O SENHOR Deus, por isso, o lançou fora do jardim do Éden, a fim de lavrar a terra de que fora tomado.

[24] E, expulso o homem, colocou querubins ao oriente do jardim do Éden e o refulgir de uma espada que se revolvia, para guardar o caminho da árvore da vida.

Gênesis 4

Abel e Caim

[1] Coabitou o homem com Eva, sua mulher. Esta concebeu e deu à luz a Caim; então, disse: Adquiri um varão com o auxílio do SENHOR.

[2] Depois, deu à luz a Abel, seu irmão. Abel foi pastor de ovelhas, e Caim, lavrador.

[3] Aconteceu que no fim de uns tempos trouxe Caim do fruto da terra uma oferta ao SENHOR.

[4] Abel, por sua vez, trouxe das primícias do seu rebanho e da gordura deste. Agradou-se o SENHOR de Abel e de sua oferta;

[5] ao passo que de Caim e de sua oferta não se agradou. Irou-se, pois, sobremaneira, Caim, e descaiu-lhe o semblante.

[6] Então, lhe disse o SENHOR: Por que andas irado, e por que descaiu o teu semblante?

[7] Se procederes bem, não é certo que serás aceito? Se, todavia, procederes mal, eis que o pecado jaz à porta; o seu desejo será contra ti, mas a ti cumpre dominá-lo.

[23]Тогаш Господ Бог го изгони од Едемската градина, за да ја обработува земјата, од која беше земен.

[24]Откако, пак, го изгони Адам, постави на исток пред градината Едем херувим и огнен меч, кој се вртеше и натаму и наваму, за да го пазат патот кон дрвото на животот.

Создавање 4

Каин и Авел

[1]Потоа Адам легна со жената своја Ева, која зачна и го роди Каин, и рече: „Придобив човек од Господ!“

[2]Го роди уште и братот негов Авел. И Авел стана овчар, а Каин беше земјоделец.

[3]По некое време Каин Му принесе на Господ дар од земните плодови;

[4]а и Авел исто така принесе од првината на стадото свое и од нивната маст. И Господ погледна благонаклоно на Авел и на неговите дарови;

[5]а на Каин и на неговите дарови не погледна благонаклоно. Затоа Каин многу се разлути, и лицето му се намршти.

[6]Тогаш Господ му рече на Каин: „Зошто се лутиш? Зошто се помрачи лицето твое?

[7]Зарем, кога правиш добро, не си ведар во лицето? А ако не правиш добро, тогаш гревот е пред вратата; тој те влече кон себе, но ти надвладај го!“

O primeiro homicídio

8 Disse Caim a Abel, seu irmão: Vamos ao campo. Estando eles no campo, sucedeu que se levantou Caim contra Abel, seu irmão, e o matou.

8И му рече Каин на својот брат Авел: „Да појдеме в поле!“ А кога беа во полето, Каин скокна на својот брат Авел, и го уби.

9 Disse o SENHOR a Caim: Onde está Abel, teu irmão? Ele respondeu: Não sei; acaso, sou eu tutor de meu irmão?

9Тогаш Господ му рече на Каин: „Каде е братот твој, Авел?“ А тој одговори: „Не знам; зарем јас сум чувар на брат ми?“

10 E disse Deus: Que fizeste? A voz do sangue de teu irmão clama da terra a mim.

10А Господ рече: „Што направи? Чуј! Крвта на братот твој вика од земјата кон Мене.

11 És agora, pois, maldito por sobre a terra, cuja boca se abriu para receber de tuas mãos o sangue de teu irmão.

11Затоа да си проклет на земјата, што ја отвори устата своја да ја прими крвта на братот од раката твоја.

12 Quando lavrares o solo, não te dará ele a sua força; serás fugitivo e errante pela terra.

12Кога ќе ја обработуваш земјата, таа нема повеќе да ти дава изобилен род; ти ќе бидеш изгнаник и скитник по земјата!“

13 Então, disse Caim ao SENHOR: É tamanho o meu castigo, que já não posso suportá-lo.

13А Каин му рече на Господ: „Казната моја е толку голема, што не може да се носи.

14 Eis que hoje me lanças da face da terra, e da tua presença hei de esconder-me; serei fugitivo e errante pela terra; quem comigo se encontrar me matará.

14Ете, денес ме истеруваш од плодната земја, и од лицето Твое ќе се кријам и ќе бидам прогонет и скитник по земјата: значи, секој што ќе ме сретне, може да ме убие.“

15 O SENHOR, porém, lhe disse: Assim, qualquer que matar a Caim será vingado sete vezes. E pôs o SENHOR um sinal em Caim para que o não ferisse de morte quem quer que o encontrasse.

15А Господ му рече: „Тоа нема да се случи; зашто кој ќе го убие Каина, седумпати ќе се казни!“ И му стави Господ знак на Каин, за да не го убие никој, кој ќе го сретне.

16 Retirou-se Caim da presença do SENHOR e habitou na terra de Node, ao oriente do Éden.

16И си отиде Каин од пред лицето на Господ, и се насели како прогонет во земјата Нод, источно од Едем.

Descendentes de Caim

Потомците на Каин

[17] E coabitou Caim com sua mulher; ela concebeu e deu à luz a Enoque. Caim edificou uma cidade e lhe chamou Enoque, o nome de seu filho.

[18] A Enoque nasceu-lhe Irade; Irade gerou a Meujael, Meujael, a Metusael, e Metusael, a Lameque.

[19] Lameque tomou para si duas esposas: o nome de uma era Ada, a outra se chamava Zilá.

[20] Ada deu à luz a Jabal; este foi o pai dos que habitam em tendas e possuem gado.

[21] O nome de seu irmão era Jubal; este foi o pai de todos os que tocam harpa e flauta.

[22] Zilá, por sua vez, deu à luz a Tubalcaim, artífice de todo instrumento cortante, de bronze e de ferro; a irmã de Tubalcaim foi Naamá.

[23] E disse Lameque às suas esposas: Ada e Zilá, ouvi-me; vós, mulheres de Lameque, escutai o que passo a dizer-vos: Matei um homem porque ele me feriu; e um rapaz porque me pisou.

[24] Sete vezes se tomará vingança de Caim, de Lameque, porém, setenta vezes sete.

[25] Tornou Adão a coabitar com sua mulher; e ela deu à luz um filho, a quem pôs o nome de Sete; porque, disse ela, Deus me concedeu outro descendente em lugar de Abel, que Caim matou.

[26] A Sete nasceu-lhe também um filho, ao qual pôs o nome de Enos; daí se começou a invocar o nome do SENHOR.

[17]И легна Каин со жената своја, и таа забремени и го роди Еноха Потоа созида град и го нарече според името на својот син – Енох.

[18]На Енох му се роди Ирад; а Ирад го роди Мехујаел; Мехујаел, пак, го роди Матусал, а Матусал го роди Ламех.

[19]Ламех зеде две жени: на едната ѝ беше името Ада, а на другата Цила.

[20]Ада го роди Јавал, тој е татко на оние што живеат во шатори со стада.

[21]А на братот негов името му беше Јувал; тој беше татко на сите што свиреа на гусли и шупелки.

[22]Цила, пак, го роди Тувал-Каин, кој беше ковач на секакви работи од бакар и железо; а сестра на Тувал-Каин му беше Ноема.

[23]И им рече Ламех на жените свои, Ада и Цила: „Чујте го гласот мој, жени Ламехови; послушајте ги зборовите мои: убив човек поради рана и момче заради модрица.

[24]Ако за Каин треба да се одмазди седумпати, за Ламех ќе се одмазди седумдесет и седумпати!“

[25]Адам пак легна со жената своја, и таа му роди син, и му даде име Сит. Зашто рече: „Господ ми даде син место Авел, кого го уби Каин.“

[26]И на Сит му се роди син, кого го нарече Енох. Тогаш почна да се повикува името Господово.

Gênesis 5

Descendentes de Adão
1 Crônicas 1.1-4

[1] Este é o livro da genealogia de Adão. No dia em que Deus criou o homem, à semelhança de Deus o fez;

[2] homem e mulher os criou, e os abençoou, e lhes chamou pelo nome de Adão, no dia em que foram criados.

[3] Viveu Adão cento e trinta anos, e gerou um filho à sua semelhança, conforme a sua imagem, e lhe chamou Sete.

[4] Depois que gerou a Sete, viveu Adão oitocentos anos; e teve filhos e filhas.

[5] Os dias todos da vida de Adão foram novecentos e trinta anos; e morreu.

[6] Sete viveu cento e cinco anos e gerou a Enos.

[7] Depois que gerou a Enos, viveu Sete oitocentos e sete anos; e teve filhos e filhas.

[8] Todos os dias de Sete foram novecentos e doze anos; e morreu.

[9] Enos viveu noventa anos e gerou a Cainã.

[10] Depois que gerou a Cainã, viveu Enos oitocentos e quinze anos; e teve filhos e filhas.

[11] Todos os dias de Enos foram novecentos e cinco anos; e morreu.

Создавање 5

Родословот на патријарсите од Адам до Ное

[1]Ова е родослов на Адам: Кога Бог го создаде човекот, го создаде според образот Божји.

[2]Маж и жена ги создаде, и ги благослови, и ги нарече – човечки суштества – во денот кога беа создадени.

[3]Адам поживеа сто и триесет години, кога му се роди син според подобието негово и според образот негов, и му даде име Сит.

[4]А откако го роди Сит, Адам поживеа уште осумстотини години, раѓајќи синови и ќерки.

[5]И сите денови, што ги поживеа Адам, изнесуваа деветстотини и триесет години; потоа тој умре.

[6]Сит, пак, поживеа сто и пет години и му се роди Енох.

[7]По раѓањето на Енох, Сит живееше уште осумстотини и седум години, раѓајќи синови и ќерки;

[8]така поживеа Сит вкупно деветстотини и дванаесет години и потоа умре.

[9]Енох, пак, имаше деведесет години, кога му се роди Каинан.

[10]А откако го роди Каинан, Енох живееше уште осумстотини и петнаесет години, раѓајќи синови и ќерки;

[11]и така сите денови на Енох изнесуваа деветстотини и пет години; потоа тој умре.

[12] Cainã viveu setenta anos e gerou a Maalalel.

[13] Depois que gerou a Maalalel, viveu Cainã oitocentos e quarenta anos; e teve filhos e filhas.

[14] Todos os dias de Cainã foram novecentos e dez anos; e morreu.

[15] Maalalel viveu sessenta e cinco anos e gerou a Jarede.

[16] Depois que gerou a Jarede, viveu Maalalel oitocentos e trinta anos; e teve filhos e filhas.

[17] Todos os dias de Maalalel foram oitocentos e noventa e cinco anos; e morreu.

[18] Jarede viveu cento e sessenta e dois anos e gerou a Enoque.

[19] Depois que gerou a Enoque, viveu Jarede oitocentos anos; e teve filhos e filhas.

[20] Todos os dias de Jarede foram novecentos e sessenta e dois anos; e morreu.

[21] Enoque viveu sessenta e cinco anos e gerou a Metusalém.

[22] Andou Enoque com Deus; e, depois que gerou a Metusalém, viveu trezentos anos; e teve filhos e filhas.

[23] Todos os dias de Enoque foram trezentos e sessenta e cinco anos.

[24] Andou Enoque com Deus e já não era, porque Deus o tomou para si.

[25] Metusalém viveu cento e oitenta e sete anos e gerou a Lameque.

[12]Каинан, пак, поживеа седумдесет години и го роди Махалалеил;

[13]а по раѓањето на Махалалеил Каинан живееше уште седумстотини и четириесет години, раѓајќи синови и ќерки.

[14]И така Каинан поживеа вкупно деветстотини и десет години; и умре.

[15]А Махалалеил поживеа шеесет и пет години, и го роди Јаред.

[16]По Јаредовото раѓање Махалалеил живееше уште осумстотини и триесет години, раѓајќи синови и ќерки.

[17]А сите денови од животот на Махалалеил беа осумстотини деведесет и пет години; потоа тој умре.

[18]Јаред, пак, поживеа сто шеесет и две години и го роди Енох;

[19]а откако го роди Енох, Јаред живееше уште осумстотини години, раѓајќи синови и ќерки.

[20]Сите денови, пак, од животот на Јаред изнесуваа деветстотини шеесет и две години; и умре.

[21]Енох, откако поживеа шеесет и пет години, го роди Метушелах;

[22]а по раѓањето на Метушелах, Енох живееше според волјата Божја триста години, раѓајќи синови и ќерки.

[23]А сите денови на Енох изнесуваа триста шеесет и пет години.

[24]И Енох, живеејќи според волјата Божја, исчезна, бидејќи Бог го зеде.

[25]Матусал, пак, поживеа сто осумдесет и осум години, и го роди Ламех;

[26] Depois que gerou a Lameque, viveu Metusalém setecentos e oitenta e dois anos; e teve filhos e filhas.

[27] Todos os dias de Metusalém foram novecentos e sessenta e nove anos; e morreu.

[28] Lameque viveu cento e oitenta e dois anos e gerou um filho;

[29] pôs-lhe o nome de Noé, dizendo: Este nos consolará dos nossos trabalhos e das fadigas de nossas mãos, nesta terra que o SENHOR amaldiçoou.

[30] Depois que gerou a Noé, viveu Lameque quinhentos e noventa e cinco anos; e teve filhos e filhas.

[31] Todos os dias de Lameque foram setecentos e setenta e sete anos; e morreu.

[32] Era Noé da idade de quinhentos anos e gerou a Sem, Cam e Jafé.

[26]па, откако го роди Ламех, Метушелах живееше уште седумстотини осумдесет и две години, раѓајќи синови и ќерки;

[27]а сите денови од животот на Метушелах беа деветстотини шеесет и девет години; потоа умре.

[28]Ламех, пак, откако поживеа сто осумдесет и две години, доби син.

[29]И го нарече Ное, велејќи: „Овој ќе нè утеши во работите наши и во трудот на рацете наши на земјата, што Господ ја проколна.“

[30]А откако се роди Ное, Ламех поживеа уште петстотини деведесет и пет години, раѓајќи синови и ќерки.

[31]Така поживеа Ламех вкупно седумстотини седумдесет и седум години; и умре.

[32]Ное имаше петстотини години, кога ги роди: Сим, Хам и Јафет.

Gênesis 6

A corrupção do gênero humano

[1] Como se foram multiplicando os homens na terra, e lhes nasceram filhas,

[2] vendo os filhos de Deus que as filhas dos homens eram formosas, tomaram para si mulheres, as que, entre todas, mais lhes agradaram.

[3] Então, disse o SENHOR: O meu Espírito não agirá para sempre no homem, pois este é carnal; e os seus dias serão cento e vinte anos.

[4] Ora, naquele tempo havia gigantes na terra; e também depois, quando os filhos de Deus possuíram as filhas dos homens,

Создавање 6

Бог решава да ги погуби луѓето

[1]А кога луѓето почнаа да се множат на земјата, и ќерки им се народија,

[2]тогаш синовите Божји видоа дека ќерките човечки се убави и ги земаа, кои ги сакаа, за жени.

[3]И рече Господ: „Духот Мој нема вечно да ги одржува во живот луѓето, зашто тие се плот; деновите нивни нека им бидат сто и дваесет години.“

[4]А во тоа време имаше џинови на земјата, особено кога синовите Божји почнаа да влегуваат при ќерките

as quais lhes deram filhos; estes foram valentes, varões de renome, na antiguidade.

5 Viu o SENHOR que a maldade do homem se havia multiplicado na terra e que era continuamente mau todo desígnio do seu coração;

6 então, se arrependeu o SENHOR de ter feito o homem na terra, e isso lhe pesou no coração.

7 Disse o SENHOR: Farei desaparecer da face da terra o homem que criei, o homem e o animal, os répteis e as aves dos céus; porque me arrependo de os haver feito.

8 Porém Noé achou graça diante do SENHOR.

9 Eis a história de Noé. Noé era homem justo e íntegro entre os seus contemporâneos; Noé andava com Deus.

10 Gerou três filhos: Sem, Cam e Jafé.

Deus anuncia o dilúvio

11 A terra estava corrompida à vista de Deus e cheia de violência.

12 Viu Deus a terra, e eis que estava corrompida; porque todo ser vivente havia corrompido o seu caminho na terra.

13 Então, disse Deus a Noé: Resolvi dar cabo de toda carne, porque a terra está cheia da violência dos homens; eis que os farei perecer juntamente com a terra.

човечки и тие почнаа да им раѓаат; тоа се силните луѓе, прочуени од старото време.

5И Господ виде дека лошотиите меѓу луѓето на земјата се умножуваа, и дека сите мисли и помисли во срцата нивни беа зли во секое време.

6И се покаја Господ што го беше создал човекот на земјата, па се натажи во срцето Свое.

7И рече Господ: „Ќе ги истребам од земјата луѓето што сум ги создал – од човекот до добитокот, малите гадинки и небеските птици – бидејќи се каам што ги создадов.“

8Но Ное најде милост во очите на Господ.

Бог решава да го поштеди Ное

9Еве го животот на Ное: Ное беше човек праведен и непорочен во својот род; Ное живееше според Божјата волја.

10И му се родија на Ное три сина: Сим, Хам и Јафет.

11А земјата се израсипа пред лицето на Бога, и се исполни со неправда.

12И погледна Бог на земјата, и ете – таа беше расипана: бидејќи секое суштество беше се отклонило од својот пат на земјата.

13И му рече Бог на Ное: „Крајот на секое суштество дојде пред очите Мои, зашто земјата се исполни со нивните злодела; и, еве, Јас ќе ги истребам од земјата.

14 Faze uma arca de tábuas de cipreste; nela farás compartimentos e a calafetarás com betume por dentro e por fora.

14Изгради си за себе ковчег од дрвото гофер, и направи прегради во ковчегот; потоа намачкај го со смола однатре и однадвор.

15 Deste modo a farás: de trezentos côvados será o comprimento; de cinqüenta, a largura; e a altura, de trinta.

15А изгради го вака: должината на ковчегот да биде триста лакти, ширината негова педесет лакти, а во висина да е триесет лакти.

16 Farás ao seu redor uma abertura de um côvado de altura; a porta da arca colocarás lateralmente; farás pavimentos na arca: um em baixo, um segundo e um terceiro.

16Направи отвор на ковчегот, и засводи го на еден лакот одозгора; стави му и врата на ковчегот отстрана и нека има три ката во него: долен, среден и горен.

17 Porque estou para derramar águas em dilúvio sobre a terra para consumir toda carne em que há fôlego de vida debaixo dos céus; tudo o que há na terra perecerá.

17Јас ќе пуштам потоп, вода, на земјата, за да го истребам под небото секое суштество, во кое има животен дух; сè, што е на земјата, ќе изгине.

18 Contigo, porém, estabelecerei a minha aliança; entrarás na arca, tu e teus filhos, e tua mulher, e as mulheres de teus filhos.

18Но со тебе Јас ќе направам Свој завет, а во ковчегот ќе влезеш ти, и со тебе и синовите твои, и жената твоја, и жените на синовите твои.

19 De tudo o que vive, de toda carne, dois de cada espécie, macho e fêmea, farás entrar na arca, para os conservares vivos contigo.

19И внеси во него исто така од сите животни, од секое суштество да има по две, за да останат со тебе во живот; од машки и од женски пол да бидат.

20 Das aves segundo as suas espécies, do gado segundo as suas espécies, de todo réptil da terra segundo as suas espécies, dois de cada espécie virão a ti, para os conservares em vida.

20Од птиците според родот нивни, и од добитокот според родот негов, и од сите влекачи според нивниот род – од сите по две ќе влезат при тебе, за да останат живи.

21 Leva contigo de tudo o que se come, ajunta-o contigo; ser-te-á para alimento, a ti e a eles.

21И земи со себе секаква храна, со каква што се хранат, и чувај ја кај себе; тоа ќе биде храната за тебе и за нив!“

22 Assim fez Noé, consoante a tudo o que Deus lhe ordenara.

22И направи Ное сè како што му заповеда Бог; така направи.

Gênesis 7

Noé e sua família entram na arca

[1] Disse o SENHOR a Noé: Entra na arca, tu e toda a tua casa, porque reconheço que tens sido justo diante de mim no meio desta geração.

[2] De todo animal limpo levarás contigo sete pares: o macho e sua fêmea; mas dos animais imundos, um par: o macho e sua fêmea.

[3] Também das aves dos céus, sete pares: macho e fêmea; para se conservar a semente sobre a face da terra.

[4] Porque, daqui a sete dias, farei chover sobre a terra durante quarenta dias e quarenta noites; e da superfície da terra exterminarei todos os seres que fiz.

[5] E tudo fez Noé, segundo o SENHOR lhe ordenara.

[6] Tinha Noé seiscentos anos de idade, quando as águas do dilúvio inundaram a terra.

[7] Por causa das águas do dilúvio, entrou Noé na arca, ele com seus filhos, sua mulher e as mulheres de seus filhos.

[8] Dos animais limpos, e dos animais imundos, e das aves, e de todo réptil sobre a terra,

[9] entraram para Noé, na arca, de dois em dois, macho e fêmea, como Deus lhe ordenara.

Создавање 7

Ное влегува во ковчегот

[1]И му рече Господ на Ное: „Влезете во ковчегот ти и целото твое семејство, бидејќи ти си единствениот праведен пред Мене во овој род,

[2]и земи со себе од секое чисто животно по седум од машки и женски пол, а од нечистите животни – по две, машки пол и женски пол;

[3]исто така и од небеските птици по седум, од машки и од женски пол, за да им се зачува родот нивни по целата земја.

[4]Зашто по седум дена ќе пуштам дожд на земјата, што ќе се излива четириесет дена и четириесет ноќи, и ќе го истребам од земјата секое суштество, што сум го создал.“

[5]И Ное направи сè што му заповеда Господ.

Големиот потоп

[6]А Ное имаше шестотини години кога се случи потопот на земјата.

[7]И влезе Ное во ковчегот, и синовите негови, и жената негова, и жените на синовите негови со него, заради водениот потоп.

[8]И од чистите и од нечистите животни, и од птиците и од сè што се влечеше по земјата,

[9]влегоа кај Ное во ковчегот по две, машко и женско, како што Бог му заповеда на Ное.

[10] E aconteceu que, depois de sete dias, vieram sobre a terra as águas do dilúvio.
[11] No ano seiscentos da vida de Noé, aos dezessete dias do segundo mês, nesse dia romperam-se todas as fontes do grande abismo, e as comportas dos céus se abriram,
[12] e houve copiosa chuva sobre a terra durante quarenta dias e quarenta noites.

[13] Nesse mesmo dia entraram na arca Noé, seus filhos Sem, Cam e Jafé, sua mulher e as mulheres de seus filhos;

[14] eles, e todos os animais segundo as suas espécies, todo gado segundo as suas espécies, todos os répteis que rastejam sobre a terra segundo as suas espécies, todas as aves segundo as suas espécies, todos os pássaros e tudo o que tem asa.
[15] De toda carne, em que havia fôlego de vida, entraram de dois em dois para Noé na arca;
[16] eram macho e fêmea os que entraram de toda carne, como Deus lhe havia ordenado; e o SENHOR fechou a porta após ele.

O dilúvio

[17] Durou o dilúvio quarenta dias sobre a terra; cresceram as águas e levantaram a arca de sobre a terra.

[18] Predominaram as águas e cresceram sobremodo na terra; a arca, porém, vogava sobre as águas.

[10]А по седмиот ден дојдоа водите од потопот на земјата.
[11]Во шестотата година од животот на Ное, во вториот месец од таа година, седумнаесеттиот ден од месецот, во тој ден бликнаа сите извори на големата бездна и се отворија окната небески;
[12]и се лиеше дожд на земјата четириесет дена и четириесет ноќи.
[13]Во истиот ден во ковчегот влегоа Ное, неговите синови Сим, Хам и Јафет, и жената Ноева, и трите жени на синовите негови со нив.
[14]Тие, и сите ѕверови според родот нивни, и добитокот според неговиот род, и сите гадинки, што се влечеа по земјата, според нивниот род, и сè што лета, според родот негов, сите птици и сè што има крилја,
[15]влегоа во ковчегот кај Ное по две од секое суштество, во кое имаше животен дух;
[16]и тие што влегоа, машки и женски пол влегоа од секое суштество, како што му беше заповедал Бог. Потоа Господ го затвори ковчегот однадвор.

[17]Натопувањето на земјата потраја четириесет дена; водата надојде и го подзеде ковчегот; и тој се крена од земјата;
[18]водата се засилуваше многу и се умножуваше на земјата, а ковчегот пловеше по површината на водата.

[19] Prevaleceram as águas excessivamente sobre a terra e cobriram todos os altos montes que havia debaixo do céu.

[20] Quinze côvados acima deles prevaleceram as águas; e os montes foram cobertos.

[21] Pereceu toda carne que se movia sobre a terra, tanto de ave como de animais domésticos e animais selváticos, e de todos os enxames de criaturas que povoam a terra, e todo homem.

[22] Tudo o que tinha fôlego de vida em suas narinas, tudo o que havia em terra seca, morreu.

[23] Assim, foram exterminados todos os seres que havia sobre a face da terra; o homem e o animal, os répteis e as aves dos céus foram extintos da terra; ficou somente Noé e os que com ele estavam na arca.

[24] E as águas durante cento e cinqüenta dias predominaram sobre a terra.

Gênesis 8

Diminuem as águas do dilúvio

[1] Lembrou-se Deus de Noé e de todos os animais selváticos e de todos os animais domésticos que com ele estavam na arca; Deus fez soprar um vento sobre a terra, e baixaram as águas.

[2] Fecharam-se as fontes do abismo e também as comportas dos céus, e a copiosa chuva dos céus se deteve.

[3] As águas iam-se escoando continuamente de sobre a terra e

[19]И нарасна водата на земјата толку многу, што ги покри сите високи планини, какви што има под целото небо;

[20]петнаесет лакти се издигаше водата над планините, откако ги покри.

[21]Тогаш го изгуби животот секое суштество што се движеше по земјата: и птиците, и добитокот, и ѕверовите, и сите лазачи, што се влечат по земјата, и сите луѓе;

[22]сè, што на копното имаше здив во ноздрите свои, изумре.

[23]И се истреби секое суштество, што живееше на земјата: од човекот до добитокот, и лазачите, и птиците небески – сè беше истребено од земјата; останаа само Ное, и оние, кои беа со него во ковчегот.

[24]А водата беше над земјата сто и педесет дена.

Создавање 8

Ное излегува од ковчегот

[1]И си спомна Бог за Ное, и за сите ѕверови и за сиот добиток, што беа со него во ковчегот; и навеа Бог ветар на земјата, и водите запреа.

[2]Изворите на бездната и окната небески се затворија, и дождот од небото престана.

[3]Водата почна постепено да опаѓа на земјата, и по сто и педесет дена намали.

minguaram ao cabo de cento e cinqüenta dias.

4 No dia dezessete do sétimo mês, a arca repousou sobre as montanhas de Ararate.

5 E as águas foram minguando até ao décimo mês, em cujo primeiro dia apareceram os cimos dos montes.

Noé solta um corvo e depois uma pomba

6 Ao cabo de quarenta dias, abriu Noé a janela que fizera na arca

7 e soltou um corvo, o qual, tendo saído, ia e voltava, até que se secaram as águas de sobre a terra.

8 Depois, soltou uma pomba para ver se as águas teriam já minguado da superfície da terra;

9 mas a pomba, não achando onde pousar o pé, tornou a ele para a arca; porque as águas cobriam ainda a terra. Noé, estendendo a mão, tomou-a e a recolheu consigo na arca.

10 Esperou ainda outros sete dias e de novo soltou a pomba fora da arca.

11 À tarde, ela voltou a ele; trazia no bico uma folha nova de oliveira; assim entendeu Noé que as águas tinham minguado de sobre a terra.

12 Então, esperou ainda mais sete dias e soltou a pomba; ela, porém, já não tornou a ele.

Noé e sua família saem da arca

13 Sucedeu que, no primeiro dia do primeiro mês, do ano seiscentos e um, as

4И се запре ковчегот во седмиот месец на седумнаесеттиот ден на ридовите од планината Арарат.

5Водата, пак, опаѓаше постепено до десеттиот месец; и во првиот ден од десеттиот месец се покажаа врвовите на планините.

6А по четириесет дена го отвори Ное прозорецот на ковчегот, што го беше направил;

7И пушти гавран, кој откако одлета, полетуваше и долетуваше додека не се исуши земјата од водата.

8Потоа пушти гулаб, за да види дали исчезнала водата од површината на земјата;

9но гулабот, бидејќи не најде каде да застане со своите нозе, се врати кај него во ковчегот, зашто уште имаше вода по целата земја; и Ное ја спружи раката, го фати и го зеде кај себе во ковчегот.

10Почека уште други седум дена, и повторно го пушти гулабот од ковчегот.

11Гулабот се врати кај него приквечер; и ете, во клунот свој тој имаше свеж маслинов лист; и Ное разбра дека се повлекла водата од земјата.

12Потоа почека уште седум дена, и го пушти гулабот, а тој повеќе не му се врати.

13Во шестотини и првата година, во првиот ден од првиот месец, ја снема

águas se secaram de sobre a terra. Então, Noé removeu a cobertura da arca e olhou, e eis que o solo estava enxuto.

водата од земјата; и Ное го отвори покривот на ковчегот, погледна и виде дека површината на земјата беше поисушена.

[14] E, aos vinte e sete dias do segundo mês, a terra estava seca.

[14]А на дваесет и седмиот ден од вториот месец, земјата беше сува.

[15] Então, disse Deus a Noé:

[15]Тогаш му рече Бог на Ное:

[16] Sai da arca, e, contigo, tua mulher, e teus filhos, e as mulheres de teus filhos.

[16]„Излезете од ковчегот, ти, жената твоја, синовите твои, и жените на синовите твои;

[17] Os animais que estão contigo, de toda carne, tanto aves como gado, e todo réptil que rasteja sobre a terra, faze sair a todos, para que povoem a terra, sejam fecundos e nela se multipliquem.

[17]изведи ги со себе и сите животни, што се со тебе, од секое суштество, од птиците, добитокот и сите влекачи што лазат по земјата; нека се растурат по земјата, и нека се плодат и множат на земјата!“

[18] Saiu, pois, Noé, com seus filhos, sua mulher e as mulheres de seus filhos.

[18]И излегоа Ное, синовите негови, жената негова, и жените на синовите негови;

[19] E também saíram da arca todos os animais, todos os répteis, todas as aves e tudo o que se move sobre a terra, segundo as suas famílias.

[19]сите животни и сите лазачи, сите птици – сè што се движи по земјата, според родот нивни, излегоа од ковчегот.

Noé levanta um altar

[20] Levantou Noé um altar ao SENHOR e, tomando de animais limpos e de aves limpas, ofereceu holocaustos sobre o altar.

[20]И Му направи Ное жртвеник на Господ; и зеде од секој чист добиток и од сите чисти птици, и ги принесе на жртвеникот како жртви сепаленици.

[21] E o SENHOR aspirou o suave cheiro e disse consigo mesmo: Não tornarei a amaldiçoar a terra por causa do homem, porque é mau o desígnio íntimo do homem desde a sua mocidade; nem tornarei a ferir todo vivente, como fiz.

[21]И Господ го почувствува пријатниот мирис, па рече во срцето Свое: „Нема повеќе да ја проколнувам земјата поради човекот, зашто помислите на срцето човечко се зли уште од младини и нема повеќе да ги уништувам живите суштества, како што направив.

[22] Enquanto durar a terra, não deixará de haver sementeira e ceifa, frio e calor, verão e inverno, dia e noite.

Gênesis 9

A aliança de Deus com Noé

[1] Abençoou Deus a Noé e a seus filhos e lhes disse: Sede fecundos, multiplicai-vos e enchei a terra.

[2] Pavor e medo de vós virão sobre todos os animais da terra e sobre todas as aves dos céus; tudo o que se move sobre a terra e todos os peixes do mar nas vossas mãos serão entregues.

[3] Tudo o que se move e vive ser-vos-á para alimento; como vos dei a erva verde, tudo vos dou agora.

[4] Carne, porém, com sua vida, isto é, com seu sangue, não comereis.

[5] Certamente, requererei o vosso sangue, o sangue da vossa vida; de todo animal o requererei, como também da mão do homem, sim, da mão do próximo de cada um requererei a vida do homem.

[6] Se alguém derramar o sangue do homem, pelo homem se derramará o seu; porque Deus fez o homem segundo a sua imagem.

[7] Mas sede fecundos e multiplicai-vos; povoai a terra e multiplicai-vos nela.

[8] Disse também Deus a Noé e a seus filhos:

[9] Eis que estabeleço a minha aliança convosco, e com a vossa descendência,

[22]Отсега, па сè дури постои земјата, нема да престанат сеењето и жнеењето, студот и горештината, летото и зимата, деновите и ноќите.“

[3]И десетмината браќа Јосифови отидоа во Египет да купат жито.

[4]А Венијамин, братот Јосифов, Јаков не го пушти со браќата негови, велејќи: „За да не го снајде по патот некоја несреќа.“

[5]И дојдоа синовите Израелови да купат жито заедно со другите што доаѓаа, бидејќи и во хананската земја владееше глад.

Јосиф се однесува безобѕирно кон своите браќа

[6]А Јосиф беше управител во земјата; тој и му продаваше жито на сиот народ од таа земја. И браќата Јосифови, кога дојдоа, му се поклонија со лицето доземи.

[7] Vendo José a seus irmãos, reconheceu-os, porém não se deu a conhecer, e lhes falou asperamente, e lhes perguntou: Donde vindes? Responderam: Da terra de Canaã, para comprar mantimento.

[7]А Јосиф, штом ги виде браќата свои, ги позна; но се правеше како да не ги познава, и остро им проговори и рече: „Од каде сте дојдени?“ А тие одговорија: „Од хананската земја, да купиме храна.“

[8] José reconheceu os irmãos; porém eles não o reconheceram.

[8]Јосиф, пак, ги позна браќата свои, но тие него не го познаа.

[9] Então, se lembrou José dos sonhos que tivera a respeito deles e lhes disse: Vós sois espiões e viestes para ver os pontos fracos da terra.

[9]И се сети Јосиф за сонииштата што ги беше сонил за нив, па им рече: „Вие сте разузнавачи. Сте дошле да ги извидите слабите места на оваа земја!“

[10] Responderam-lhe: Não, senhor meu; mas vieram os teus servos para comprar mantimento.

[10]А тие му рекоа: „Не сме, господаре, туку слуги твои, што дошле да купат храна;

[11] Somos todos filhos de um mesmo homem; somos homens honestos; os teus servos não são espiões.

[11]сите сме синови на еден човек, чесни луѓе сме; слугите твои никогаш не биле разузнавачи.“

[12] Ele, porém, lhes respondeu: Nada disso; pelo contrário, viestes para ver os pontos fracos da terra.

[12]Тој, пак, им рече: „Не, туку сте дошле да извидите каде е слабоста на оваа земја.“

[13] Eles disseram: Nós, teus servos, somos doze irmãos, filhos de um homem na terra de Canaã; o mais novo está hoje com nosso pai, outro já não existe.

[13]А тие рекоа: „Ние слугите твои, бевме дванаесет браќа, синови на еден човек во хананската земја; и, ене, најмалиот денес е со таткото наш, а едниот го нема веќе.“

[14] Então, lhes falou José: É como já vos disse: sois espiões.

[14]Тогаш Јосиф им дофрли: „Ви реков јас – вие сте разузнавачи.

[15] Nisto sereis provados: pela vida de Faraó, daqui não saireis, sem que primeiro venha o vosso irmão mais novo.

[15]Туку вака сакам да се уверам: се колнам во животот на фараонот дека вие нема да излезете одовде, ако не дојде ваму најмалиот ваш брат.

[16] Enviai um dentre vós, que traga vosso irmão; vós ficareis detidos para que sejam provadas as vossas palavras, se há

[16]Испратете еден од вас, и тој нека го доведе вашиот брат; а вие ќе бидете задржани овде додека не видам дали е

verdade no que dizeis; ou se não, pela vida de Faraó, sois espiões.

[17] E os meteu juntos em prisão três dias.

[18] Ao terceiro dia, disse-lhes José: Fazei o seguinte e vivereis, pois temo a Deus.

[19] Se sois homens honestos, fique detido um de vós na casa da vossa prisão; vós outros ide, levai cereal para suprir a fome das vossas casas.

[20] E trazei-me vosso irmão mais novo, com o que serão verificadas as vossas palavras, e não morrereis. E eles se dispuseram a fazê-lo.

[21] Então, disseram uns aos outros: Na verdade, somos culpados, no tocante a nosso irmão, pois lhe vimos a angústia da alma, quando nos rogava, e não lhe acudimos; por isso, nos vem esta ansiedade.

[22] Respondeu-lhes Rúben: Não vos disse eu: Não pequeis contra o jovem? E não me quisestes ouvir. Pois vedes aí que se requer de nós o seu sangue.

[23] Eles, porém, não sabiam que José os entendia, porque lhes falava por intérprete.

[24] E, retirando-se deles, chorou; depois, tornando, lhes falou; tomou a Simeão dentre eles e o algemou na presença deles.

Os irmãos de José regressam do Egito

вистина тоа што го велите; инаку сте разузнавачи, жими животот на фараонот!“

[17]И ги стави под стража за три дена.

[18]А на третиот ден Јосиф им рече: „Ако сакате да останете живи, еве што ќе направите, зашто јас се плашам од Бога:

[19]ако сте чесни луѓе, еден брат од вас нека остане овде под стража, во домот каде што сте затворени, а вие останатите отидете и однесете жито на вашите изгладнети семејства.

[20]А потоа доведете го кај мене најмалиот ваш брат, за да се потврдат зборовите ваши. Ако ли не, ќе загинете.“ И тие постапија така.

[21]И си рекоа еден на друг: „Тешко нам! Ова е казната поради братот наш; не ја почувствувавме маката на душата негова, кога ни се молеше, но ние се оглушивме. Затоа и нѐ снајде ова зло.“

[22]А Рувим им одговори, велејќи: „Зар не ви реков јас – не грешете против детето? Но вие не ме послушавте; и, еве, сега од нас се бара крвта негова.“

[23]А тие не знаеја дека Јосиф ги разбира, зашто со него разговараа преку преведувач.

[24]Тогаш Јосиф се оддели од нив и заплака.

Синовите на Јаков се враќаат во Ханан Потоа пак се врати кај нив, и разговараше со нив, па земајќи го од нив Симеон, го врза пред очите нивни.

[25] Ordenou José que lhes enchessem de cereal os sacos, e lhes restituíssem o dinheiro, a cada um no saco de cereal, e os suprissem de comida para o caminho; e assim lhes foi feito.

[26] E carregaram o cereal sobre os seus jumentos e partiram dali.

[27] Abrindo um deles o saco de cereal, para dar de comer ao seu jumento na estalagem, deu com o dinheiro na boca do saco de cereal.

[28] Então, disse aos irmãos: Devolveram o meu dinheiro; aqui está na boca do saco de cereal. Desfaleceu-lhes o coração, e, atemorizados, entreolhavam-se, dizendo: Que é isto que Deus nos fez?

[29] E vieram para Jacó, seu pai, na terra de Canaã, e lhe contaram tudo o que lhes acontecera, dizendo:

[30] O homem, o senhor da terra, falou conosco asperamente e nos tratou como espiões da terra.

[31] Dissemos-lhe: Somos homens honestos; não somos espiões;

[32] somos doze irmãos, filhos de um mesmo pai; um já não existe, e o mais novo está hoje com nosso pai na terra de Canaã.

[33] Respondeu-nos o homem, o senhor da terra: Nisto conhecerei que sois homens honestos: deixai comigo um de vossos irmãos, tomai o cereal para remediar a fome de vossas casas e parti;

[25]И Јосиф заповеда да им ги наполнат вреќите со жито, а парите, кој колку што дал, да им ги вратат секому во вреќата, и да им дадат храна за по пат. И така беше направено.

[26]Па, откако го натоварија житото на своите магариња, си заминаа оттаму.

[27]А еден од нив, кога ноќеваа, ја отвори вреќата, за да го нахрани своето магаре, и ги виде парите свои одозгора во вреќата;

[28]и им рече на браќата свои: „Јас ги добив парите мои назад, еве ги во мојава вреќа.“ И затрепери срцето во нив. Се уплашија и си рекоа: „Зошто ни го направи Бог ова?“

[29]И, откако дојдоа кај Јаков, таткото нивни, во земјата хананска, му раскажаа за сè, што им се случи, велејќи:

[30]„Остро зборуваше со нас човекот, кој заповеда во таа земја, и постапи со нас како со разузнавачи.

[31]А ние му рековме дека сме чесни луѓе, и дека никогаш не сме биле разузнавачи.

[32]Дванаесет браќа сме, синови на нашиот татко; едниот веќе го нема, а најмалиот е денес со таткото наш, во земјата хананска.

[33]Но човекот што заповеда во таа земја, ни рече: ‚Вака ќе дознаам дали сте чесни луѓе. Еден од браќата нека остане овде кај мене, а вие житото земете го и одете си кај вашите гладни семејства.

[34] trazei-me vosso irmão mais novo; assim saberei que não sois espiões, mas homens honestos. Então, vos entregarei vosso irmão, e negociareis na terra.

[35] Aconteceu que, despejando eles os sacos de cereal, eis cada um tinha a sua trouxinha de dinheiro no saco de cereal; e viram as trouxinhas com o dinheiro, eles e seu pai, e temeram.

[36] Então, lhes disse Jacó, seu pai: Tendes-me privado de filhos: José já não existe, Simeão não está aqui, e ides levar a Benjamim! Todas estas coisas me sobrevêm.

[37] Mas Rúben disse a seu pai: Mata os meus dois filhos, se to não tornar a trazer; entrega-mo, e eu to restituirei.

[38] Ele, porém, disse: Meu filho não descerá convosco; seu irmão é morto, e ele ficou só; se lhe sucede algum desastre no caminho por onde fordes, fareis descer minhas cãs com tristeza à sepultura.

Gênesis 43

Os irmãos de José descem outra vez ao Egito

[1] A fome persistia gravíssima na terra.

[2] Tendo eles acabado de consumir o cereal que trouxeram do Egito, disse-lhes seu pai: Voltai, comprai-nos um pouco de mantimento.

[3] Mas Judá lhe respondeu: Fortemente nos protestou o homem, dizendo: Não me vereis o rosto, se o vosso irmão não vier convosco.

[34]А потоа доведете го кај мене вашиот најмал брат, за да се докаже дека не сте разузнавачи, туку чесни луѓе. Тогаш братот ваш ќе ви го пуштам, и ќе можете да тргувате во оваа земја.‘“

[35]И празнејќи ги вреќите свои, за чудо, секој си го најде во вреќата своето ќесе со парите негови. Кога ги видоа ќесињата со парите нивни, тие и таткото нивни се уплашија.

[36]И им рече Јаков, нивниот татко: „Децата ми ги запустивте; Јосиф го нема, го нема и Симеон, па и Венијамин ли ќе ми го земете? Сето ова на мене се струпа!“

[37]Тогаш проговори Рувим и му рече на таткото свој: „Двата мои сина убиј ги, ако не ти го доведам; дај го во мои раце, и јас ќе ти го вратам.“

[38]А тој рече: „Нема да појде син ми со вас, зашто брат му негов умре и тој остана сам; па, ако се случи некоја несреќа на патот по кој ќе одите, стар ќе ме турнете со тага в гроб!“

Создавање 43

Јаков го пушта Венијамин

[1]Но гладот се зголемуваше во таа земја.

[2]А кога го изедоа житото, што го беа донеле од Египет, таткото нивни им рече: „Одете пак и купете ни малку храна.“

[3]Јуда му проговори и рече: „Оној човек јасно ни рече: ‚Да не се јавувате пред лицето мое, ако вашиот помал брат не дојде со вас.‘

[4] Se resolveres enviar conosco o nosso irmão, desceremos e te compraremos mantimento;

[4]Ако го пуштиш со нас братот наш, ќе одиме и ќе ти купиме храна.

[5] se, porém, não o enviares, não desceremos; pois o homem nos disse: Não me vereis o rosto, se o vosso irmão não vier convosco.

[5]Ако, пак, не го пуштиш, тогаш нема да одиме, зашто оној човек ни рече: ‚Да не се појавувате пред лицето мое, ако вашиот брат не биде со вас!'"

[6] Disse-lhes Israel: Por que me fizestes esse mal, dando a saber àquele homem que tínheis outro irmão?

[6]Но Израел рече: „Зошто ми направивте такво зло и му рековте на човекот дека имате уште еден брат?"

[7] Responderam eles: O homem nos perguntou particularmente por nós e pela nossa parentela, dizendo: Vive ainda vosso pai? Tendes outro irmão? Respondemos-lhe segundo as suas palavras. Acaso, poderíamos adivinhar que haveria de dizer: Trazei vosso irmão?

[7]А тие одговорија: „Човекот се распрашуваше за нас и за родот наш, велејќи: ‚Дали е уште жив таткото ваш? Имате ли друг брат?' И ние му одговоривме како што нè прашуваше. Можевме ли да знаеме дека ќе рече: ‚Доведете го братот ваш!?'"

[8] Com isto disse Judá a Israel, seu pai: Envia o jovem comigo, e nos levantaremos e iremos; para que vivamos e não morramos, nem nós, nem tu, nem os nossos filhinhos.

[8]А Јуда му рече на Израел, таткото свој: „Пушти го малиот со мене, па ќе се кренеме и ќе отидеме за да останеме живи, и да не изумреме ни ние, ниту ти, ни нашите деца.

[9] Eu serei responsável por ele, da minha mão o requererás; se eu to não trouxer e não to puser à presença, serei culpado para contigo para sempre.

[9]Јас ќе одговарам за него, од моја рака ќе го бараш. Ако не ти го доведам и не го претставам пред тебе, ќе бидам виновен пред тебе до крајот на мојот живот.

[10] Se não nos tivéssemos demorado já estaríamos, com certeza, de volta segunda vez.

[10]Да не се бавевме толку, досега можеби двапати ќе се вратевме!"

[11] Respondeu-lhes Israel, seu pai: Se é tal, fazei, pois, isto: tomai do mais precioso desta terra nos sacos para o mantimento e levai de presente a esse homem: um pouco de bálsamo e um pouco de mel,

[11]Тогаш Израел, таткото нивни, рече: „Ако е така, еве што ќе направите – земете плодови од оваа земја, па однесете му ги како подарок на оној човек; малку балсам, малку мед,

arômatas e mirra, nozes de pistácia e amêndoas;

[12] levai também dinheiro em dobro; e o dinheiro restituído na boca dos sacos de cereal, tornai a levá-lo convosco; pode bem ser que fosse engano.

[13] Levai também vosso irmão, levantai-vos e voltai àquele homem.

[14] Deus Todo-Poderoso vos dê misericórdia perante o homem, para que vos restitua o vosso outro irmão e deixe vir Benjamim. Quanto a mim, se eu perder os filhos, sem filhos ficarei.

José hospeda seus irmãos

[15] Tomaram, pois, os homens os presentes, o dinheiro em dobro e a Benjamim; levantaram-se, desceram ao Egito e se apresentaram perante José.

[16] Vendo José a Benjamim com eles, disse ao despenseiro de sua casa: Leva estes homens para casa, mata reses e prepara tudo; pois estes homens comerão comigo ao meio-dia.

[17] Fez ele como José lhe ordenara e levou os homens para a casa de José.

[18] Os homens tiveram medo, porque foram levados à casa de José; e diziam: É por causa do dinheiro que da outra vez voltou nos sacos de cereal, para nos acusar e arremeter contra nós, escravizar-nos e tomar nossos jumentos.

[19] E se chegaram ao mordomo da casa de José, e lhe falaram à porta,

миризлива смола, темјан, кикиритки и бадеми.

[12]А пари, со себе земете двојно повеќе, бидејќи ќе треба да ги вратите парите, што ги најдовте под грлата на вашите вреќи; можеби е грешка.

[13]Земете го и братот ваш, па станете и одете пак кај оној човек.

[14]А семоќниот Бог Ел-Шадај да ви помогне да најдете милост кај оној човек, па да ви го пушти и другиот ваш брат, и Венијамин. А јас, пак, ако треба веќе да останам без деца, нека останам.“

Повторна средба на браќата со Јосиф

[15]Тогаш тие ги зедоа подароците и двојно повеќе сребреници, го зедоа и Венијамин, па станаа и отидоа во Египет и излегоа пред Јосиф.

[16]А Јосиф кога го виде со нив и Венијамин, му рече на човекот што управуваше со неговата куќа: „Одведи ги овие луѓе дома, па заколи нешто од добитокот и зготви го, зашто тие на пладне со мене ќе ручаат.“

[17]И направи човекот така како што му рече Јосиф, и ги одведе луѓето во домот Јосифов.

[18]А тие луѓе се уплашија, кога човекот ги водеше во домот Јосифов, и рекоа: „Заради среброто, што се најде порано во вреќите наши, нè водат, додека не смислат нешто, па да нè обвинат, за да нè заробат нас и нашите магариња!“

[19]И му пристапија на човекот, што управуваше со домот Јосифов, и му проговорија пред вратата на куќата

[20] e disseram: Ai! SENHOR meu, já uma vez descemos a comprar mantimento;

[21] quando chegamos à estalagem, abrindo os sacos de cereal, eis que o dinheiro de cada um estava na boca do saco de cereal, nosso dinheiro intacto; tornamos a trazê-lo conosco.

[22] Trouxemos também outro dinheiro conosco, para comprar mantimento; não sabemos quem tenha posto o nosso dinheiro nos sacos de cereal.

[23] Ele disse: Paz seja convosco, não temais; o vosso Deus, e o Deus de vosso pai, vos deu tesouro nos sacos de cereal; o vosso dinheiro me chegou a mim. E lhes trouxe fora a Simeão.

[24] Depois, levou o mordomo aqueles homens à casa de José e lhes deu água, e eles lavaram os pés; também deu ração aos seus jumentos.

[25] Então, prepararam o presente, para quando José viesse ao meio-dia; pois ouviram que ali haviam de comer.

[26] Chegando José a casa, trouxeram-lhe para dentro o presente que tinham em mãos; e prostraram-se perante ele até à terra.

[27] Ele lhes perguntou pelo seu bem-estar e disse: Vosso pai, o ancião de quem me falastes, vai bem? Ainda vive?

[28] Responderam: Vai bem o teu servo, nosso pai vive ainda; e abaixaram a cabeça e prostraram-se.

[29] Levantando José os olhos, viu a Benjamim, seu irmão, filho de sua mãe, e

[20]и рекоа: „Чуј нè, господаре! Ние и порано бевме овде, за да купиме храна.

[21]Но кога бевме на ноќевање, ги отворивме вреќите, а тоа – среброто на секого од нас беше одозгора во вреќите наши; и еве во иста количина го враќаме со свои раце,

[22]а и друго сребро донесовме, да купиме храна; ние не знаеме кој ни го стави среброто наше во вреќите.“

[23]А тој одговори: „Бидете спокојни, не плашете се, вашиот Бог и Бог на таткото ваш го ставил тоа благо во вреќите ваши; среброто ваше стигна кај мене.“ И им го изведе Симеон.

[24]И ги воведе човекот во домот Јосифов и им донесе вода, за да ги измијат нозете; а им даде и храна за нивните магариња.

[25]И ги приготвија подароците, чекајќи дури да дојде Јосиф на пладне, зашто чуја дека тука ќе ручаат.

[26]А кога дојде Јосиф дома, му ги дадоа подароците, што ги имаа в рацете свои, и му се поклонија доземи.

[27]Потоа тој ги праша за здравјето и рече: „Добар ли е вашиот стар татко, за кого ми зборувавте? Жив ли е уште?“

[28]А тие одговорија: „Жив е слугата твој, нашиот татко, и здрав е.“ Па се наведнаа и му се поклонија.

[29]А кога ги подигна очите свои, го виде братот свој, Венијамин, и рече: „Овој ли

disse: É este o vosso irmão mais novo, de quem me falastes? E acrescentou: Deus te conceda graça, meu filho.

е најмалиот брат ваш, за кого ми зборувавте?“ И додаде: „Бог нека ти биде благонаклонет, синко!“

[30] José se apressou e procurou onde chorar, porque se movera no seu íntimo, para com seu irmão; entrou na câmara e chorou ali.

[30]Тогаш Јосиф побрза надвор, зашто срцето му се беше возбудило поради братот негов. Му дојде да заплаче, па влезе во внатрешната соба и таму плачеше.

[31] Depois, lavou o rosto e saiu; conteve-se e disse: Servi a refeição.

[31]Потоа се изми и излезе, и воздржувајќи се рече: „Принесете јадење!“

[32] Serviram-lhe a ele à parte, e a eles também à parte, e à parte aos egípcios que comiam com ele; porque aos egípcios não lhes era lícito comer pão com os hebreus, porquanto é isso abominação para os egípcios.

[32]И му донесоа, нему посебно, ним одделно, и на Египќаните што ручаа кај него посебно, зашто Египќаните не можат да јадат со Евреите, бидејќи тоа би им било неугодно на Египќаните.

[33] E assentaram-se diante dele, o primogênito segundo a sua primogenitura e o mais novo segundo a sua menoridade; disto os homens se maravilhavam entre si.

[33]И седнаа тие пред него, постарите според возраста нивна, а помладите според младоста нивна, па се погледаа, чудејќи се.

[34] Então, lhes apresentou as porções que estavam diante dele; a porção de Benjamim era cinco vezes mais do que a de qualquer deles. E eles beberam e se regalaram com ele.

[34]И нареди дел од јадењата што беа пред него, да ги носат пред нив, а делот на Венијамин беше петпати поголем од делот на секого од нив. И пиеја и се нагостија со него.

Gênesis 44

Estratagema de José para deter seus irmãos

[1] Deu José esta ordem ao mordomo de sua casa: Enche de mantimento os sacos que estes homens trouxeram, quanto puderem levar, e põe o dinheiro de cada um na boca do saco de mantimento.

Создавање 44

Јосиф ги става на испит своите браќа

[1]Потоа му заповеда Јосиф на управителот на домот, велејќи: „Наполни им ги на овие луѓе вреќите со жито, колку што можат да носат, и на секого во отворот на вреќата стави им го среброто нивно;

[2] O meu copo de prata pô-lo-ás na boca do saco de mantimento do mais novo, com o dinheiro do seu cereal. E assim se fez segundo José dissera.

[3] De manhã, quando já claro, despediram-se estes homens, eles com os seus jumentos.

[4] Tendo saído eles da cidade, não se havendo ainda distanciado, disse José ao mordomo de sua casa: Levanta-te e segue após esses homens; e, alcançando-os, lhes dirás: Por que pagastes mal por bem?

[5] Não é este o copo em que bebe meu senhor? E por meio do qual faz as suas adivinhações? Procedestes mal no que fizestes.

[6] E alcançou-os e lhes falou essas palavras.

[7] Então, lhe responderam: Por que diz meu senhor tais palavras? Longe estejam teus servos de praticar semelhante coisa.

[8] O dinheiro que achamos na boca dos sacos de mantimento, tornamos a trazer-te desde a terra de Canaã; como, pois, furtaríamos da casa do teu senhor prata ou ouro?

[9] Aquele dos teus servos, com quem for achado, morra; e nós ainda seremos escravos do meu senhor.

[10] Então, lhes respondeu: Seja conforme as vossas palavras; aquele com quem se achar será meu escravo, porém vós sereis inculpados.

[2]а чашата моја сребрена стави му ја на најмалиот во вреќата, заедно со среброто негово за купеното жито!“ И тој направи така, како што му рече Јосиф.

[3]А утредента, на осамнување, ги испратија луѓето со нивните магариња.

[4]Уште не беа изминале многу пат од градот, му рече Јосиф на човекот, кој управуваше со домот негов: „Стани, оди брзо по оние луѓе, а, кога ќе ги стигнеш, кажи им: ‚Зошто враќате зло за добро‘.

[5]Не е ли тоа чашата, со која пие мојот господар? А тој на неа ги чита и претскажувањата! Тоа што го направивте е лошо.“

[6]И тој ги стигна, и им ги рече овие зборови.

[7]А тие му одговорија: „Зошто зборуваш, господаре, такви зборови? Не, слугите твои такво нешто не би направиле.

[8]Дури и среброто, што го најдовме при отворот на вреќите, го вративме од хананската земја, па како можеме да украдеме од куќата на господарот твој сребро или злато?

[9]А при кого од слугите твои ќе се најде чашата, тој нека загине; а ние, пак, ќе му бидеме робови на господарот наш.“

[10]А тој, пак, рече: „Добро, нека биде така, како што рековте; но во кого ќе се најде чашата, тој нека ми биде роб, а вие другите нема да бидете виновни.“

[11] E se apressaram, e, tendo cada um posto o saco de mantimento em terra, o abriu.

[12] O mordomo os examinou, começando do mais velho e acabando no mais novo; e achou-se o copo no saco de mantimento de Benjamim.

[13] Então, rasgaram as suas vestes e, carregados de novo os jumentos, tornaram à cidade.

A defesa de Judá

[14] E chegou Judá com seus irmãos à casa de José; este ainda estava ali; e prostraram-se em terra diante dele.

[15] Disse-lhes José: Que é isso que fizestes? Não sabíeis vós que tal homem como eu é capaz de adivinhar?

[16] Então, disse Judá: Que responderemos a meu senhor? Que falaremos? E como nos justificaremos? Achou Deus a iniqüidade de teus servos; eis que somos escravos de meu senhor, tanto nós como aquele em cuja mão se achou o copo.

[17] Mas ele disse: Longe de mim que eu tal faça; o homem em cuja mão foi achado o copo, esse será meu servo; vós, no entanto, subi em paz para vosso pai.

[18] Então, Judá se aproximou dele e disse: Ah! SENHOR meu, rogo-te, permite que teu servo diga uma palavra aos ouvidos do meu senhor, e não se acenda a tua ira contra o teu servo; porque tu és como o próprio Faraó.

[19] Meu senhor perguntou a seus servos: Tendes pai ou irmão?

[11]И тие брзо ги симнаа вреќите свои, и ги одврзаа секој својата вреќа.

[12]А тој почна да бара, почнувајќи од најстариот, и завршувајќи со најмалиот; и се најде чашата во вреќата Венијаминова.

[13]Тогаш ја раскинаа облеката своја, па го натоварија секој товарот на своето магаре, и се вратија во градот.

Јуда интервенира во полза на Венијамин

[14]И дојдоа Јуда и браќата негови во домот на Јосиф, кој беше сè уште дома, и паднаа пред него на земја.

[15]А Јосиф им рече: „Што направивте? Зар не знаевте дека човек, каков што сум јас, се занимава со пророкување и секако ќе може да разбере?“

[16]Тогаш рече Јуда: „Што да одговориме на господарот наш? Што да кажеме или со што да се оправдаме? Бог ја откри неправдата на твоите слуги. Еве, ние сме сите робови твои, господаре, и ние и овој, во кого се најде чашата!“

[17]Но Јосиф одговори: „Не, јас не го сакам тоа; кај кого се најде чашата, тој нека ми биде роб, а вие одете си со здравје кај таткото ваш.“

[18]Но Јуда пристапи до него и рече: „Господаре, дозволи да проговори слугата твој пред тебе и гневот твој нека не се истури на слугата твој, зашто ти си како и фараонот.

[19]Господарот мој ги праша слугите свои велејќи: ‚Имате ли татко или брат?‘

[20] E respondemos a meu senhor: Temos pai já velho e um filho da sua velhice, o mais novo, cujo irmão é morto; e só ele ficou de sua mãe, e seu pai o ama.

[20]А ние му рековме на господарот наш: ‚Имаме стар татко и најмал брат, кој му се роди во староста; а неговиот брат умре, и тој остана сам од мајката своја, и таткото многу го сака!‘

[21] Então, disseste a teus servos: Trazei-mo, para que ponha os olhos sobre ele.

[21]А ти им рече на слугите твои: ‚Доведете го кај мене да го видат моите очи.‘

[22] Respondemos ao meu senhor: O moço não pode deixar o pai; se deixar o pai, este morrerá.

[22]И ние му рековме на господарот наш: ‚Не ќе може детето да го остави таткото свој; ако го остави својот татко, тој ќе умре.‘

[23] Então, disseste a teus servos: Se vosso irmão mais novo não descer convosco, nunca mais me vereis o rosto.

[23]А ти им рече на слугите твои: ‚Ако не дојде со вас најмалиот ваш брат, нема повеќе да го видите лицето мое.‘

[24] Tendo nós subido a teu servo, meu pai, e a ele repetido as palavras de meu senhor,

[24]Па, кога се вративме кај слугата твој, таткото наш, му ги кажавме зборовите на господарот наш.

[25] disse nosso pai: Voltai, comprai-nos um pouco de mantimento.

[25]Потоа ни рече таткото наш: ‚Одете пак, купете ни малку храна.‘

[26] Nós respondemos: Não podemos descer; mas, se nosso irmão mais moço for conosco, desceremos; pois não podemos ver a face do homem, se este nosso irmão mais moço não estiver conosco.

[26]А ние рековме: ‚Не можеме да одиме; но, ако дојде со нас братот наш најмал, тогаш ќе одиме, зашто не можеме да го видиме лицето на оној човек, ако со нас не биде нашиот најмал брат.‘

[27] Então, nos disse o teu servo, nosso pai: Sabeis que minha mulher me deu dois filhos;

[27]А слугата твој, таткото наш, ни рече: ‚Знаете дека жената моја ми роди два сина.

[28] um se ausentou de mim, e eu disse: Certamente foi despedaçado, e até agora não mais o vi;

[28]А еден од нив отиде од мене, и јас реков: Сигурно е растргнат, и јас досега не го видов.

[29] se agora também tirardes este da minha presença, e lhe acontecer algum desastre, fareis descer as minhas cãs com pesar à sepultura.

[29]Ако и овој го земете од мене, па го снајде некоја неволја по патот, ќе ме турнете вака стар со тага в гроб.‘

[30] Agora, pois, indo eu a teu servo, meu pai, e não indo o moço conosco, visto a sua alma estar ligada com a alma dele,
[31] vendo ele que o moço não está conosco, morrerá; e teus servos farão descer as cãs de teu servo, nosso pai, com tristeza à sepultura.
[32] Porque teu servo se deu por fiador por este moço para com o meu pai, dizendo: Se eu o não tornar a trazer-te, serei culpado para com o meu pai todos os dias.

[33] Agora, pois, fique teu servo em lugar do moço por servo de meu senhor, e o moço que suba com seus irmãos.

[34] Porque como subirei eu a meu pai, se o moço não for comigo? Para que não veja eu o mal que a meu pai sobrevirá.

Gênesis 45

José dá-se a conhecer a seus irmãos

[1] Então, José, não se podendo conter diante de todos os que estavam com ele, bradou: Fazei sair a todos da minha presença! E ninguém ficou com ele, quando José se deu a conhecer a seus irmãos.
[2] E levantou a voz em choro, de maneira que os egípcios o ouviam e também a casa de Faraó.
[3] E disse a seus irmãos: Eu sou José; vive ainda meu pai? E seus irmãos não lhe puderam responder, porque ficaram atemorizados perante ele.
[4] Disse José a seus irmãos: Agora, chegai-vos a mim. E chegaram-se. Então, disse:

[30]И сега, ако отидам кај слугата твој, таткото наш, и да не биде со нас детето, со чија душа е приврзана неговата душа
[31]и кога ќе види дека го нема детето, ќе умре; и слугите твои ќе го турнат стариот слуга твој, таткото наш, со тага в гроб.
[32]А твојот слуга ја зеде одговорноста за детето пред таткото наш, велејќи: ‚Ако не ти го доведам, нека бидам виновен пред таткото свој довека.‘
[33]Затоа јас, слугата твој, нека останам место детето, да му бидам роб на господарот мој, а детето нека си оди со браќата свои.
[34]Зашто, како ќе се вратам кај таткото свој, детето да не е со мене? Би го видел злото, што ќе го снајде мојот татко.“

Создавање 45

Јосиф им се открива на своите браќа

[1]Тогаш Јосиф, не можејќи повеќе да се воздржи пред оние што стоеја околу него, извика: „Отстранете ги сите од мене.“ И така никој не остана при Јосиф кога им се откри на браќата свои.

[2]Па заплака силно, така што чуја Египќаните, а се чу и во домот на фараонот.

[3]И им рече Јосиф на браќата свои: „Јас сум Јосиф! Дали е уште жив татко ми?“ Но браќата не можеа да му одговорат, бидејќи се уплашија пред него.
[4]Но Јосиф им рече на браќата свои: „Дојдете поблизу до мене!“ И тие

Eu sou José, vosso irmão, a quem vendestes para o Egito.

[5] Agora, pois, não vos entristeçais, nem vos irriteis contra vós mesmos por me haverdes vendido para aqui; porque, para conservação da vida, Deus me enviou adiante de vós.

[6] Porque já houve dois anos de fome na terra, e ainda restam cinco anos em que não haverá lavoura nem colheita.

[7] Deus me enviou adiante de vós, para conservar vossa sucessão na terra e para vos preservar a vida por um grande livramento.

[8] Assim, não fostes vós que me enviastes para cá, e sim Deus, que me pôs por pai de Faraó, e senhor de toda a sua casa, e como governador em toda a terra do Egito.

[9] Apressai-vos, subi a meu pai e dizei-lhe: Assim manda dizer teu filho José: Deus me pôs por senhor em toda terra do Egito; desce a mim, não te demores.

[10] Habitarás na terra de Gósen e estarás perto de mim, tu, teus filhos, os filhos de teus filhos, os teus rebanhos, o teu gado e tudo quanto tens.

[11] Aí te sustentarei, porque ainda haverá cinco anos de fome; para que não te empobreças, tu e tua casa e tudo o que tens.

пристапија; а тој им рече: „Јас сум Јосиф, братот ваш, кого го продадовте во Египет.

[5]А сега, пак, не жалостете се, ниту да жалите што ме продадовтеваму, бидејќи Бог ме прати мене пред вас, за да го запази животот ваш.

[6]Зашто има веќе две години, откако настапи глад на земјата, а уште пет години остануваат, во кои ќе нема ни орање, ниту жетва.

[7]Затоа Бог ме прати пред вас, за да ве зачува на земјата, а и да ви го запази животот со големо избавување.

[8]И така, не ме пративте вие ваму, туку Бог, Кој ме постави како татко на фараонот и господар на целиот дом негов и кнез над целата египетска земја.

[9]Вратете се брзо кај таткото мој и кажете му: ‚Вака вели синот твој Јосиф – Бог ме постави за господар над целиот Египет; дојди кај мене, не одлагај.

[10]Ќе живееш во земјата Гесем, ќе бидеш близу до мене, ти и синовите твои, и внуците твои, и ситниот и крупниот твој добиток, и сè што е твое.

[11]А јас ќе се грижам ваму за прехраната твоја, зашто глад ќе има уште пет години, та да не загинеш ти, и синовите твои, и сè, што е твое.‘

[12] Eis que vedes por vós mesmos, e meu irmão Benjamim vê também, que sou eu mesmo quem vos fala.

[13] Anunciai a meu pai toda a minha glória no Egito e tudo o que tendes visto; apressai-vos e fazei descer meu pai para aqui.

[14] E, lançando-se ao pescoço de Benjamim, seu irmão, chorou; e, abraçado com ele, chorou também Benjamim.

[15] José beijou a todos os seus irmãos e chorou sobre eles; depois, seus irmãos falaram com ele.

Faraó ouve falar dos irmãos de José

[16] Fez-se ouvir na casa de Faraó esta notícia: São vindos os irmãos de José; e isto foi agradável a Faraó e a seus oficiais.

[17] Disse Faraó a José: Dize a teus irmãos: Fazei isto: carregai os vossos animais e parti; tornai à terra de Canaã,

[18] tomai a vosso pai e a vossas famílias e vinde para mim; dar-vos-ei o melhor da terra do Egito, e comereis a fartura da terra.

[19] Ordena-lhes também: Fazei isto: levai da terra do Egito carros para vossos filhinhos e para vossas mulheres, trazei vosso pai e vinde.

[12]И ете, гледате со очите ваши, и братот мој Венијамин со свои очи гледа дека мојата уста ова ви го зборува.

[13]Раскажете му на таткото мој за сета моја слава во Египет и за сè што видовте, па поскоро доведете го ваму таткото мој.“

[14]Потоа го прегрна братот свој Венијамин и плачеше во прегратката негова. А и Венијамин плачеше за братот свој.

[15]И ги бакнуваше сите браќа свои и, прегрнувајќи ги, плачеше. Потоа неговите браќа разговараа со него.

Фараонот праќа покана до Јаков да дојде во Египет

[16]Тогаш се слушна во домот на фараонот дека пристигнале браќата на Јосиф. И се зарадуваа фараонот и слугите негови.

[17]И му рече фараонот на Јосиф: „Кажи им на браќата твои – еве што ќе направите: ‚Натоварете го добитокот ваш, и вратете се во хананската земја.

[18]Па земете го таткото ваш и вашите семејства и дојдете кај мене, и ќе ви ја дадам најубавата земја што ја има во Египет, и така вие ќе живеете во изобилие во оваа земја.‘

[19]А тебе, пак, ти заповедам да им кажеш – Вака направете: ‚Земете со себе од египетската земја коли за децата ваши и за жените ваши, и поведете го таткото ваш, и дојдете ваму.

[20] Não vos preocupeis com coisa alguma dos vossos haveres, porque o melhor de toda a terra do Egito será vosso.

[21] E os filhos de Israel fizeram assim. José lhes deu carros, conforme o mandado de Faraó; também lhes deu provisão para o caminho.

[22] A cada um de todos eles deu vestes festivais, mas a Benjamim deu trezentas moedas de prata e cinco vestes festivais.

[23] Também enviou a seu pai dez jumentos carregados do melhor do Egito, e dez jumentos carregados de cereais e pão, e provisão para o seu pai, para o caminho.

[24] E despediu os seus irmãos. Ao partirem, disse-lhes: Não contendais pelo caminho.

[25] Então, subiram do Egito, e vieram à terra de Canaã, a Jacó, seu pai,

[26] e lhe disseram: José ainda vive e é governador de toda a terra do Egito. Com isto, o coração lhe ficou como sem palpitar, porque não lhes deu crédito.

[27] Porém, havendo-lhe eles contado todas as palavras que José lhes falara, e vendo Jacó, seu pai, os carros que José enviara para levá-lo, reviveu-se-lhe o espírito.

[28] E disse Israel: Basta; ainda vive meu filho José; irei e o verei antes que eu morra.

Gênesis 46

Jacó e toda a sua família descem para o Egito

[20]И немојте да жалите за покуќнината ваша, зашто сè што е најубаво во египетската земја, ќе биде ваше.‘“

[21]И синовите Израелови така постапија. А Јосиф им даде коли, по наредба на фараонот; им даде и храна за по пат.

[22]И на сите им даде облека за преоблекување, а на Венијамин му даде триста сребреници и пет нови облеки.

[23]А и на татко си му испрати десет магариња, натоварени со најубави работи, што имаше во Египет, и десет магарици, натоварени со жито и храна на татко му за по пат.

[24]Тогаш ги испрати браќата свои, и тие тргнаа; а им порача: „Немојте да се карате по патот!“

[25]И така тие излегоа од Египет, и стигнаа во земјата хананска кај Јаков, нивниот татко.

[26]И му раскажаа сè, велејќи: „Јосиф е жив, и тој е господар над целата египетска земја!“ А неговото срце се вознемири, зашто не им веруваше.

[27]Но, кога му раскажаа за сè, што им беше рекол Јосиф, и кога ги виде колите, што му ги беше испратил Јосиф, за да го земат, тогаш живна духот на Јаков, нивниот татко.

[28]И рече Израел: „Доволно е што уште е жив синот мој Јосиф; ќе појдам да го видам, пред да умрам.“

Создавање 46

Патувањето на Јаков кон Египет

[1] Partiu, pois, Israel com tudo o que possuía, e veio a Berseba, e ofereceu sacrifícios ao Deus de Isaque, seu pai.

[2] Falou Deus a Israel em visões, de noite, e disse: Jacó! Jacó! Ele respondeu: Eis-me aqui!

[3] Então, disse: Eu sou Deus, o Deus de teu pai; não temas descer para o Egito, porque lá eu farei de ti uma grande nação.

[4] Eu descerei contigo para o Egito e te farei tornar a subir, certamente. A mão de José fechará os teus olhos.

[5] Então, se levantou Jacó de Berseba; e os filhos de Israel levaram Jacó, seu pai, e seus filhinhos, e as suas mulheres nos carros que Faraó enviara para o levar.

[6] Tomaram o seu gado e os bens que haviam adquirido na terra de Canaã e vieram para o Egito, Jacó e toda a sua descendência.

[7] Seus filhos e os filhos de seus filhos, suas filhas e as filhas de seus filhos e toda a sua descendência, levou-os consigo para o Egito.

[8] São estes os nomes dos filhos de Israel, Jacó, e seus filhos, que vieram para o Egito: Rúben, o primogênito de Jacó.

[9] Os filhos de Rúben: Enoque, Palu, Hezrom e Carmi.

[10] Os filhos de Simeão: Jemuel, Jamim, Oade, Jaquim, Zoar e Saul, filho de uma mulher cananéia.

[1]И тргна Израел со сè што имаше, па, откако дојде во Вирсавија, Му принесе жртва на Бога од таткото свој Исак.

[2]И му рече Бог на Израел ноќе во видение: „Јакове! Јакове!“ А тој одговори: „Еве ме!“

[3]Тогаш Тој му рече: „Јас сум Бог, Бог на твојот татко. Не плаши се да слезеш во Египет, бидејќи таму ќе направам од тебе голем народ.

[4]Јас ќе дојдам со тебе во Египет, и Јас пак ќе те вратам ваму; и Јосиф ќе ги заклопи очите твои.“

[5]И тргна Јаков од Вирсавија; и синовите на Израел го сместија Јаков, таткото свој, и децата свои, и жените свои во колите, што им ги беше пратил фараонот, за да го доведат.

[6]И го зедоа добитокот свој и имотот свој, што го беа спечалиле во хананската земја, и дојдоа во Египет – Јаков и сиот негов род заедно со него.

[7]Синовите негови и внуците негови, и ќерките негови и внуките негови, и целото негово потомство.

Семејството на Јаков

[8]А ова се имињата на децата Израелови, кои дојдоа во Египет: Јаков и синовите негови. Првенецот на Јаков, Рувим.

[9]Синовите Рувимови: Ханох и Палу, Есром и Карми.

[10]Синовите Симеонови: Јемуел, Јамин, Оад, Јахин, Сигор и Саул, син на Хананката.

[11] Os filhos de Levi: Gérson, Coate e Merari.
[12] Os filhos de Judá: Er, Onã, Selá, Perez e Zera; Er e Onã, porém, morreram na terra de Canaã. Os filhos de Perez foram: Hezrom e Hamul.
[13] Os filhos de Issacar: Tola, Puva, Jó e Sinrom.
[14] Os filhos de Zebulom: Serede, Elom e Jaleel.

[15] São estes os filhos de Lia, que ela deu à luz a Jacó em Padã-Arã, além de Diná, sua filha; todas as pessoas, de seus filhos e de suas filhas, trinta e três.

[16] Os filhos de Gade: Zifiom, Hagi, Suni, Esbom, Eri, Arodi e Areli.

[17] Os filhos de Aser: Imna, Isvá, Isvi, Berias e Sera, irmã deles; e os filhos de Berias: Héber e Malquiel.

[18] São estes os filhos de Zilpa, a qual Labão deu a sua filha Lia; e estes deu ela à luz a Jacó, a saber, dezesseis pessoas.
[19] Os filhos de Raquel, mulher de Jacó: José e Benjamim.
[20] Nasceram a José na terra do Egito Manassés e Efraim, que lhe deu à luz Asenate, filha de Potífera, sacerdote de Om.
[21] Os filhos de Benjamim: Belá, Bequer, Asbel, Gera, Naamã, Eí, Rôs, Mupim, Hupim e Arde.

[11]Синовите Левиеви: Гирсон, Каат и Мерариј.
[12]Синовите Јудини: Ер, Онан, Шела, Фарес и Зерах; но Ер и Онан умреа во хананската земја. Синови на Фарес беа Есром и Хамул.
[13]Синови Исахарови: Тола, Пуа, Јов и Шимрон.
[14]Синови Завулонови: Серед, Елон и Јахлеел.
[15]Тоа се синовите на Лија, што му ги роди на Јаков во рамнината Арам, заедно со Дина, ќерката негова. Сите синови и ќерки негови беа триесет и три души.
[16]Синови Гадови: Цифон, Хагиј, Шуниј, Ецбон, Ериј, Ародиј и Арелиј.
[17]Синови Асирови: Јимна, Јишва, Јишвиј и Берија – и сестрата нивна Зара. А синови на Берија беа: Хевер и Мелхиил.
[18]Тоа се синовите на Зелфа, која ѝ ја даде Лаван на Лија, ќерката своја; таа му роди на Јаков шеснаесет души.
[19]Синови, пак, на Рахила, жената на Јаков, беа: Јосиф и Венијамин.

[20]А на Јосиф во Египет му се родија од Асената, ќерката на Потифера, свештеникот од Он: Манасија и Ефрем.

[21]А синови Венијаминови беа: Бела, Бехер и Ашбел; Гера, Наман, Ехиј, Рош, Мупим, Хупим и Ард.

22 São estes os filhos de Raquel, que nasceram a Jacó, ao todo catorze pessoas.

23 O filho de Dã: Husim.

24 Os filhos de Naftali: Jazeel, Guni, Jezer e Silém.

25 São estes os filhos de Bila, a qual Labão deu a sua filha Raquel; e estes deu ela à luz a Jacó, ao todo sete pessoas.

26 Todos os que vieram com Jacó para o Egito, que eram os seus descendentes, fora as mulheres dos filhos de Jacó, todos eram sessenta e seis pessoas;

27 e os filhos de José, que lhe nasceram no Egito, eram dois. Todas as pessoas da casa de Jacó, que vieram para o Egito, foram setenta.

O encontro de José com seu pai

28 Jacó enviou Judá adiante de si a José para que soubesse encaminhá-lo a Gósen; e chegaram à terra de Gósen.

29 Então, José aprontou o seu carro e subiu ao encontro de Israel, seu pai, a Gósen. Apresentou-se, lançou-se-lhe ao pescoço e chorou assim longo tempo.

30 Disse Israel a José: Já posso morrer, pois já vi o teu rosto, e ainda vives.

31 E José disse a seus irmãos e à casa de seu pai: Subirei, e farei saber a Faraó, e lhe direi: Meus irmãos e a casa de meu pai, que estavam na terra de Canaã, vieram para mim.

22Тоа се синовите на Јаков, што му ги роди Рахила, – вкупно четиринаесет души.

23А син Данов: Хушим.

24Синови на Нефталим: Јахцеел, Гул, Јецер и Шилем.

25Тоа беа синови на Билха, која ѝ ја даде Лаван на ќерката своја Рахила; таа му роди на Јаков вкупно седум души.

26Сите, кои дојдоа со Јаков во Египет и кои беа излегле од бедрата негови, освен жените на синовите Јаковови, беа вкупно шеесет и шест души.

27И двајцата синови Јосифови, што му се родија во Египет; значи, сите луѓе од домот на Јаков, кои дојдоа во Египет, беа седумдесет.

Јаков во Египет

28Тој го прати Јуда кај Јосиф пред себе, за да им го покаже патот за Гесем. И дојдоа во земјата Гесем.

29Тогаш Јосиф ја впрегна колата своја, и му излезе во пресрет на Израел, таткото свој, во Гесем; и кога го виде, му се обеси околу вратот, и плачеше долго на вратот негов.

30Потоа Израел му рече на Јосиф: „Сега, бидејќи со свои очи видов дека си жив, можам да умрам.“

31А Јосиф им рече на браќата свои и на целата фамилија Јаковова – „Одам да му соопштам на фараонот и ќе му речам: ‚Браќата мои и семејството на таткото мој, кои беа во хананската земја, дојдоа кај мене.

[32] Os homens são pastores, são homens de gado, e trouxeram consigo o seu rebanho, e o seu gado, e tudo o que têm.

[33] Quando, pois, Faraó vos chamar e disser: Qual é o vosso trabalho?

[34] Respondereis: Teus servos foram homens de gado desde a mocidade até agora, tanto nós como nossos pais; para que habiteis na terra de Gósen, porque todo pastor de rebanho é abominação para os egípcios.

Gênesis 47

Israel é apresentado a Faraó

[1] Então, veio José e disse a Faraó: Meu pai e meus irmãos, com os seus rebanhos e o seu gado, com tudo o que têm, chegaram da terra de Canaã; e eis que estão na terra de Gósen.

[2] E tomou cinco dos seus irmãos e os apresentou a Faraó.

[3] Então, perguntou Faraó aos irmãos de José: Qual é o vosso trabalho? Eles responderam: Os teus servos somos pastores de rebanho, tanto nós como nossos pais.

[4] Disseram mais a Faraó: Viemos para habitar nesta terra; porque não há pasto para o rebanho de teus servos, pois a fome é severa na terra de Canaã; agora, pois, te rogamos permitas habitem os teus servos na terra de Gósen.

[5] Então, disse Faraó a José: Teu pai e teus irmãos vieram a ti.

[32]Тие се луѓе овчари; отсекогаш се занимавале со сточарство; и го доведоа со себе ситниот и крупниот добиток свој и сè што имаа.‘

[33]Ако, пак, фараонот ве повика и ве праша: ‚Каква работа работите?‘

[34]вие кажете: ‚Сточари се слугите твои уште од младини па досега, и ние и татковците наши‘ – за да останете во земјата Гесем. Зашто Египќаните сите овчари ги сметаат за нечисти.“

Создавање 47

[1]И отиде Јосиф, па му јави на фараонот, велејќи: „Таткото мој и браќата мои, со својот ситен и крупен добиток, и со сè што имаат, дојдоа од хананската земја; и, ете, тие се сега во земјата Гесем.“

[2]И земајќи од браќата свои пет души – ги претстави пред фараонот.

[3]А фараонот им рече на браќата негови: „Каква работа работите?“ Тие му одговорија на фараонот: „Овчари се слугите твои, и ние и нашите татковци.“

[4]И уште му рекоа на фараонот: „Дојдовме да поживееме во оваа земја, зашто нема пасишта за добитокот на слугите твои, бидејќи голем глад завладеа во хананската земја; затоа дозволи им на слугите твои да се населат во земјата Гесем.“

[5]А фараонот му рече на Јосиф: „Таткото твој и браќата твои дојдоа кај тебе;

[6] A terra do Egito está perante ti; no melhor da terra faze habitar teu pai e teus irmãos; habitem na terra de Gósen. Se sabes haver entre eles homens capazes, põe-nos por chefes do gado que me pertence.

[7] Trouxe José a Jacó, seu pai, e o apresentou a Faraó; e Jacó abençoou a Faraó.

[8] Perguntou Faraó a Jacó: Quantos são os dias dos anos da tua vida?

[9] Jacó lhe respondeu: Os dias dos anos das minhas peregrinações são cento e trinta anos; poucos e maus foram os dias dos anos da minha vida e não chegaram aos dias dos anos da vida de meus pais, nos dias das suas peregrinações.

[10] E, tendo Jacó abençoado a Faraó, saiu de sua presença.

[11] Então, José estabeleceu a seu pai e a seus irmãos e lhes deu possessão na terra do Egito, no melhor da terra, na terra de Ramessés, como Faraó ordenara.

[12] E José sustentou de pão a seu pai, a seus irmãos e a toda a casa de seu pai, segundo o número de seus filhos.

José compra toda a terra do Egito para Faraó

[13] Não havia pão em toda a terra, porque a fome era mui severa; de maneira que desfalecia o povo do Egito e o povo de Canaã por causa da fome.

[14] Então, José arrecadou todo o dinheiro que se achou na terra do Egito e na terra de Canaã, pelo cereal que compravam, e o recolheu à casa de Faraó.

[6]земјата египетска е под твоја власт; насели ги на најдобро место: таткото твој и браќата твои; нека живеат во земјата Гесем; и, ако знаеш дека меѓу нив има способни луѓе, постави ги за надгледници над мојот добиток.“

[7]Потоа го доведе Јосиф Јакова, таткото свој и го претстави пред фараонот: Јаков го благослови фараонот.

[8]А фараонот го праша Јаков: „Колку години имаш?“

[9]Му одговори Јаков на фараонот: „Деновите на мојот живот на земјата се сто и триесет години; Малку се, а беа и несреќни и не ги достигнаа дните на татковците мои, колку што тие живееја.“

[10]Потоа Јаков го благослови фараонот и си отиде од него.

[11]А Јосиф ги насели и таткото свој и браќата свои и им даде најдобро место во сопственост во земјата египетска во областа Рамесес, како што беше заповедал фараонот.

[12]И му даваше Јосиф жито на таткото свој и на браќата свои, и на целиот татков дом, според бројот на членовите.

Снаодливоста на Јосиф за време на гладот

[13]Но жито немаше по целата земја, зашто гладот стана многу голем: се истоштија египетската и хананската земја од глад.

[14]И го собра Јосиф сето сребро што се наоѓаше во земјата египетска и во земјата хананска, за житото, што го

купуваа, и го однесе Јосиф среброто во домот фараонов.

[15] Tendo-se acabado, pois, o dinheiro, na terra do Egito e na terra de Canaã, foram todos os egípcios a José e disseram: Dá-nos pão; por que haveremos de morrer em tua presença? Porquanto o dinheiro nos falta.

[15]И снема сребро во земјата египетска и во земјата хананска. Тогаш сите Египќани почнаа да доаѓаат кај Јосиф и викаа: „Дај ни леб! Зошто да умираме пред тебе? Среброто веќе заврши.“

[16] Respondeu José: Se vos falta o dinheiro, trazei o vosso gado; em troca do vosso gado eu vos suprirei.

[16]А Јосиф им велеше: „Дајте го добитокот свој, па ќе ви дадам храна за добитокот, штом среброто сте го потрошиле.“

[17] Então, trouxeram o seu gado a José; e José lhes deu pão em troca de cavalos, de rebanhos, de gado e de jumentos; e os sustentou de pão aquele ano em troca do seu gado.

[17]И го доведуваа добитокот свој кај Јосиф, а Јосиф им даваше жито за коњите, за ситниот и крупниот добиток и за магарињата. Така ги исхрани таа година со жито во замена за сиот добиток нивни.

[18] Findo aquele ano, foram a José no ano próximo e lhe disseram: Não ocultaremos a meu senhor que se acabou totalmente o dinheiro; e meu senhor já possui os animais; nada mais nos resta diante de meu senhor, senão o nosso corpo e a nossa terra.

[18]А кога помина таа година, почнаа пак да доаѓаат кај него и втората година, велејќи: „Нема да криеме од господарот наш дека среброто наше сврши, а и стадата добиток се кај господарот наш, па не ни остана веќе ништо да му донесеме на господарот наш, освен телата наши и нивите наши.

[19] Por que haveremos de perecer diante dos teus olhos, tanto nós como a nossa terra? Compra-nos a nós e a nossa terra a troco de pão, e nós e a nossa terra seremos escravos de Faraó; dá-nos semente para que vivamos e não morramos, e a terra não fique deserta.

[19]За да не пропаднеме пред очите твои, купи нè нас и нивите наши за жито, па ние и земјата наша да му станеме робови на фараонот. А ти дај ни семе, да сееме и да останеме живи и да не умреме, та и земјата да не запусти.“

[20] Assim, comprou José toda a terra do Egito para Faraó, porque os egípcios

[20]И така Јосиф ја купи за фараонот сета земја во Египет, бидејќи сите Египќани

venderam cada um o seu campo, porquanto a fome era extrema sobre eles; e a terra passou a ser de Faraó.

21 Quanto ao povo, ele o escravizou de uma a outra extremidade da terra do Egito.

22 Somente a terra dos sacerdotes não a comprou ele; pois os sacerdotes tinham porção de Faraó e eles comiam a sua porção que Faraó lhes tinha dado; por isso, não venderam a sua terra.

23 Então, disse José ao povo: Eis que hoje vos comprei a vós outros e a vossa terra para Faraó; aí tendes sementes, semeai a terra.

24 Das colheitas dareis o quinto a Faraó, e as quatro partes serão vossas, para semente do campo, e para o vosso mantimento e dos que estão em vossas casas, e para que comam as vossas crianças.

25 Responderam eles: A vida nos tens dado! Achemos mercê perante meu senhor e seremos escravos de Faraó.

26 E José estabeleceu por lei até ao dia de hoje que, na terra do Egito, tirasse Faraó o quinto; só a terra dos sacerdotes não ficou sendo de Faraó.

27 Assim, habitou Israel na terra do Egito, na terra de Gósen; nela tomaram possessão, e foram fecundos, e muito se multiplicaram.

ја продадоа својата земја на фараонот, зашто гладот ги притисна. И земјата стана фараонова.

21А народот го пороби од едниот крај на Египет до другиот.

fizeram na orla da cortina, que estava na extremidade do segundo agrupamento.

тој и на работ од последното платниште, за да го соедини со другото.

[12] Cinqüenta laçadas fizeram numa cortina, e cinqüenta, na outra cortina na extremidade do segundo agrupamento; as laçadas eram contrapostas uma à outra.

[12]Педесет петлици направи на едното платниште, каде што се соединува со другото; петлиците беа една спрема друга.

[13] Fizeram cinqüenta colchetes de ouro, com os quais prenderam as cortinas uma à outra; e o tabernáculo passou a ser um todo.

[13]И направи педесет златни кукички и со кукичките состави едно платниште со друго. Така скинијата стана една целина.

[14] Fizeram também de pêlos de cabra cortinas para servirem de tenda sobre o tabernáculo; fizeram onze cortinas.

[14]Потоа направи платништа од козина за покривање на скинијата; единаесет такви платништа направи:

[15] O comprimento de cada cortina era de trinta côvados, e a largura, de quatro côvados; as onze cortinas eram de igual medida.

[15]едно платниште беше долго триесет лакти, а широко четири лакти; една мерка беа сите единаесет платништа.

[16] Ajuntaram à parte cinco cortinas entre si e, de igual modo, as seis restantes.

[16]Па ги состави петте платништа одделно, а шесте платништа одделно.

[17] E fizeram cinqüenta laçadas na orla da cortina, que estava na extremidade do primeiro agrupamento.

[17]И направи педесет петлици по работ од крајното платниште, каде што се соединува со другото, и педесет петлици направи по работ на другото платниште, за да се соединува со другото;

[18] Fizeram também cinqüenta colchetes de bronze para ajuntar a tenda, para que viesse a ser um todo.

[18]а направи и педесет кукички од бакар, за да се состави покривот, та да стане целина.

[19] Fizeram também de peles de carneiro tintas de vermelho uma coberta para a tenda e outra coberta de peles finas.

[19]Потоа направи покрив за скинијата од овнешки кожи, црвени, а над неа друга – од сини кожи.

A coberta de peles e as tábuas
Êxodo 26.14-30

[20] Fizeram também de madeira de acácia as tábuas para o tabernáculo, as quais eram colocadas verticalmente.

[21] Cada uma das tábuas tinha dez côvados de comprimento e côvado e meio de largura.

[22] Cada tábua tinha dois encaixes, travados um com o outro; assim fizeram com todas as tábuas do tabernáculo.

[23] No preparar as tábuas para o tabernáculo, fizeram vinte delas para o lado sul.

[24] Fizeram também quarenta bases de prata debaixo das vinte tábuas: duas bases debaixo de uma tábua para os seus dois encaixes e duas bases debaixo de outra tábua para os seus dois encaixes.

[25] Também fizeram vinte tábuas ao outro lado do tabernáculo, para o lado norte,

[26] com as suas quarenta bases de prata: duas bases debaixo de uma tábua e duas bases debaixo de outra tábua;

[27] ao lado do tabernáculo para o ocidente, fizeram seis tábuas.

[28] Fizeram também duas tábuas para os cantos do tabernáculo de ambos os lados,

[29] as quais, por baixo, estavam separadas, mas, em cima, se ajustavam à primeira argola; assim se fez com as duas tábuas nos dois cantos.

[30] Assim eram as oito tábuas com as suas bases de prata, dezesseis bases: duas bases debaixo de uma tábua e duas debaixo de outra tábua.

[20]И направи штици за скинијата од дрвото шитим, што ќе стојат исправени;

[21]секоја штица од по десет лакти долга, а лакот и половина широка;

[22]секоја штица имаше по два клина, еден спроти друг; така направи тој на секоја штица од скинијата.

[23]А вакви штици за скинијата направи дваесет за јужната страна:

[24]и направи четириесет подножја сребрени за под дваесетте штици, по две подножја под секоја штица за двата клина нејзини, и по две подножја под другата штица за двата нејзини клина.

[25]И за другата страна на скинијата, спрема север, направи дваесет штици,

[26]и четириесет сребрени подножја: две подножја под едната штица и две подножја под другата штица.

[27]А за задната страна на скинијата, кон запад, направи шест диреци;

[28]направи уште две штици за аглите на скинијата од задната страна;

[29]тие беа составени одоздола и одозгора со една алка; така направи тој со обете страни на двата агла;

[30]и така имаше осум штици и шеснаесет подножја сребрени, по две подножја под секоја штица.

31 Fizeram também travessas de madeira de acácia; cinco para as tábuas de um lado do tabernáculo,
32 cinco para as tábuas do outro lado do tabernáculo e cinco para as tábuas do tabernáculo, ao lado posterior, que olha para o ocidente.

33 A travessa do meio passava ao meio das tábuas, de uma extremidade à outra.

34 Cobriram de ouro as tábuas e de ouro fizeram as suas argolas, pelas quais passavam as travessas; e cobriram também de ouro as travessas.

O véu, o reposteiro e as colunas
Êxodo 26.31-37

35 Fizeram também o véu de estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino retorcido; com querubins o fizeram de obra de artista.
36 E fizeram-lhe quatro colunas de madeira de acácia, cobertas de ouro; os seus colchetes eram de ouro, sobre quatro bases de prata.
37 Fizeram também para a porta da tenda um reposteiro de estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino retorcido, obra de bordador,
38 e as suas cinco colunas, e os seus colchetes; as suas cabeças e as suas molduras cobriram de ouro, mas as suas cinco bases eram de bronze.

Êxodo 37

A arca
Êxodo 25.10-15

31Потоа направи напречници од дрвото шитим: пет за штиците од едната страна на скинијата,
32и пет напречници за штиците од другата страна на скинијата, и пет напречници за штиците од задната страна на скинијата.
33А направи и внатрешна напречница што ќе иде преку средината на штиците од едниот до другиот крај;
34диреците ги опкова со злато, а и алките, низ кои беа провлечени напречниците, ги направи од злато, па и напречниците ги опкова со злато.

35Потоа направи завеса од сина, пурпурна и црвена волна и од пресукан лен и на неа направи херувими, уметнички извезени;
36за неа направи и четири столба од дрвото шитим, и ги опкова со злато; и златни кукички за столбовите и им излеа четири подножја од сребро.
37Направи потоа завеса за влезот во скинијата од сина, пурпурна и црвена волна и од пресукан лен, уметничка изработка,
38и пет столбови за неа со кукичките нивни; врвовите на столбовите и нивните прстени ги обложи со злато, и направи пет подножја од бакар.

Излез 37

Ковчегот на заветот

[1] Fez também Bezalel a arca de madeira de acácia; de dois côvados e meio era o seu comprimento, de um côvado e meio, a largura, e, de um côvado e meio, a altura.
[2] De ouro puro a cobriu; por dentro e por fora a cobriu e fez uma bordadura de ouro ao redor.
[3] Fundiu para ela quatro argolas de ouro e as pôs nos quatro cantos da arca: duas argolas num lado dela e duas argolas noutro lado.
[4] Fez também varais de madeira de acácia e os cobriu de ouro;
[5] meteu os varais nas argolas aos lados da arca, para se levar por meio deles a arca.

O propiciatório
Êxodo 25.17-22

[6] Fez também o propiciatório de ouro puro; de dois côvados e meio era o seu comprimento, e a largura, de um côvado e meio.
[7] Fez também dois querubins de ouro; de ouro batido os fez, nas duas extremidades do propiciatório.
[8] Um querubim, na extremidade de uma parte, e o outro, na extremidade da outra parte; de uma só peça com o propiciatório fez os querubins nas duas extremidades dele.
[9] Os querubins estendiam as asas por cima, cobrindo com elas o propiciatório; estavam eles de faces voltadas uma para a outra, olhando para o propiciatório.

A mesa
Êxodo 25.23-30

[1]И направи Веселеил од дрвото шитим ковчег, два и пол лакти долг, еден и пол лакот широк и лакот и пол висок;
[2]го опкова однатре и однадвор со чисто злато и му направи златен венец наоколу;
[3]излеа за него четири алки од злато за четирите негови агли: две алки за едната негова страна, и две за другата;
[4]направи лостови од дрвото шитим и ги опкова со злато;
[5]и ги спровре лостовите низ алките од обете страни на ковчегот, за да може ковчегот да се носи.
[6]Потоа направи капак од чисто злато: во должина – два и пол лакти; во ширина – лакот и половина.
[7]Направи и два херувима од злато; ги направи исковани на двата краја од капакот;
[8]едниот херувим на едниот крај, а другиот херувим на другиот крај; херувимите ги направи да се издаваат од обата краја на капакот.
[9]И херувимите беа со раширени крилја, одозгора, и со крилјата свои го покриваа поклопецот – чистилиште, а со лицата свртени еден спрема друг, и насочени кон чистилиштето.

Трпезата со принесените пред Бога лебови

[10] Fez também a mesa de madeira de acácia; tinha o comprimento de dois côvados, a largura, de um côvado, e a altura, de um côvado e meio.

[10]Направи и трпеза од дрвото шитим, со должина од два лакти и ширина од лакот, а лакот и половина во височина.

[11] De ouro puro a cobriu e lhe fez uma bordadura de ouro ao redor.

[11]И ја опкова со чисто злато, и наоколу ѝ направи златен венец;

[12] Também lhe fez moldura ao redor, na largura de quatro dedos, e lhe fez uma bordadura de ouro ao redor da moldura.

[12]потоа ѝ направи страници наоколу, колку дланка широки, а по страниците ѝ направи златен венец.

[13] Também lhe fundiu quatro argolas de ouro e pôs as argolas nos quatro cantos que estavam nos seus quatro pés.

[13]Излеа за неа четири алки од злато, и алките ги прицврсти на четирите агли при четирите нозе,

[14] Perto da moldura estavam as argolas, como lugares para os varais, para se levar a mesa.

[14]на страниците имаше алки, низ кои беа проврени лостови, за да може трпезата да се носи.

[15] Fez os varais de madeira de acácia e os cobriu de ouro, para se levar a mesa.

[15]А лостовите ги направи од дрвото шитим, за носење на трпезата, и ги покри со злато.

[16] Também fez de ouro puro os utensílios que haviam de estar sobre a mesa: os seus pratos, e os seus recipientes para incenso, e as suas galhetas, e as suas taças em que se haviam de oferecer libações.

[16]Потоа направи садови од чисто злато, определени за трпезата: чинии, кадилници, чаши и црпки, со кои ќе се прелива.

O candelabro
Êxodo 25.31-39

Светилникот со седум стебла

[17] Fez também o candelabro de ouro puro; de ouro batido o fez; o seu pedestal, a sua hástea, os seus cálices, as suas maçanetas e as suas flores formavam com ele uma só peça.

[17]Направи и светилник од чисто злато, кован го направи: стеблата и гранките, чашките, јаболчињата и цветовите му излегуваа од него.

[18] Seis hásteas saíam dos seus lados; três de um lado e três do outro.

[18]Шест гранки му излегуваа од страните: три гранки од едната страна на светилникот, а три гранки на другата страна од светилникот;

[19] Numa hástea havia três cálices com formato de amêndoas, uma maçaneta e

[19]три чашки како бадемов цвет со јаболче и цветови имаше на едната

uma flor; e três cálices com formato de amêndoas na outra hástea, uma maçaneta e uma flor; assim eram as seis hásteas que saíam do candelabro.

[20] Mas no candelabro mesmo havia quatro cálices com formato de amêndoas, com suas maçanetas e com suas flores.

[21] Havia uma maçaneta sob duas hásteas que saíam dele; e ainda uma maçaneta sob duas outras hásteas que saíam dele; e ainda mais uma maçaneta sob duas outras hásteas que saíam dele; assim se fez com as seis hásteas que saíam do candelabro.

[22] As suas maçanetas e as suas hásteas eram do mesmo; tudo era de uma só peça, obra batida de ouro puro.

[23] Também lhe fez sete lâmpadas; as suas espevitadeiras e os seus apagadores eram de ouro puro.

[24] De um talento de ouro puro se fez o candelabro com todos os seus utensílios.

O altar do incenso

Êxodo 30.1-10

[25] Fez de madeira de acácia o altar do incenso; tinha um côvado de comprimento, e um de largura (era quadrado), e dois de altura; os chifres formavam uma só peça com ele.

[26] De ouro puro o cobriu, a parte superior, as paredes ao redor e os chifres; e lhe fez uma bordadura de ouro ao redor.

[27] Também lhe fez duas argolas de ouro debaixo da bordadura, de ambos os lados as fez; nelas, se meteram os varais para se levar o altar;

гранка, а три чашки како бадемов цвет со јаболче и цветови на другата гранка; така беше на сите шест гранки што излегуваа од светилникот.

[20]А на самиот светилник имаше стебло со четири чашки како бадемов цвет со јаболчиња и цветови:

[21]едно јаболче беше под двете гранки од него, и едно јаболче под другите две гранки од него; така и под третите две гранки од шест гранки што излегуваа од него.

[22]Јаболчињата нивни и гранките нивни излегуваа од него; целиот беше искован од чисто злато.

[23]И му направи седум кандилца, а и штипки и пепеларки од чисто злато;

[24]од кикар чисто злато го направи со сиот негов прибор.

Жртвеник за кадење

[25]И направи жртвеник за кадење од дрвото шитим: лакот долг и лакот широк, четириаголен, два лакти висок; и од него му излегуваа роговите;

[26]па го опкова со чисто злато одозгора и страните наоколу, а и неговите рогови; му направи и златен венец наоколу;

[27]и две алки од злато му направи под венецот на двата агли негови, ги направи од двете негови страни, за да

се спроврат низ нив лостовите, за да може да се носи.

[28] de madeira de acácia fez os varais e os cobriu de ouro.

[28]Лостовите ги направи од дрвото шитим, и ги опкова со злато.

O óleo sagrado e o incenso santo
Êxodo 30.22-38

[29] Fez também o óleo santo da unção e o incenso aromático, puro, de obra de perfumista.

[29]И направи масло за свето помазание и мирисно кадиво, чисто, со вештина на мироварец.

Êxodo 38

O altar do holocausto
Êxodo 27.1-8

Излез 38

Жртвеникот и бакарниот мијалник

[1] Fez também o altar do holocausto de madeira de acácia; de cinco côvados era o comprimento, e de cinco, a largura (era quadrado o altar), e de três côvados, a altura.

[1]И направи од дрвото шитим жртвеник за жртви сепаленици; пет лакти долг и пет лакти широк, четириаголен, три лакти висок;

[2] Dos quatro cantos fez levantar-se quatro chifres, os quais formavam uma só peça com o altar; e o cobriu de bronze.

[2]а направи и рогови на неговите четири агли, така што роговите да излегуваат од него, и го опкова со бакар.

[3] Fez também todos os utensílios do altar: recipientes para recolher as suas cinzas, e pás, e bacias, e garfos, e braseiros; todos esses utensílios, de bronze os fez.

[3]И го направи сиот прибор за жртвеникот: котлите, лопатчињата, потирите, вилушките и кадилниците; сиот прибор го направи од бакар.

[4] Fez também para o altar uma grelha de bronze em forma de rede, do rebordo do altar para baixo, a qual chegava até ao meio do altar.

[4]А на жртвеникот му направи решетка од бакар како мрежа, од дното па до средината, наоколу;

[5] Fundiu quatro argolas para os quatro cantos da grelha de bronze, para nelas se meterem os varais.

[5]и излеа четири алки за четирите агли на решетката од бакар, за да се провлечат низ нив лостови за носење.

[6] Fez os varais de madeira de acácia e os cobriu de bronze.

[6]А лостовите ги направи од дрвото шитим и ги опкова со бакар.

[7] Meteu os varais nas argolas, de um e de outro lado do altar, para ser levado; oco e de tábuas o fez.

[7]Па ги провлече лостовите низ алките од обете страни на жртвеникот, за да

може да се носи; од штици го направи, празен однатре.

A bacia de bronze
Êxodo 30.17-21

8 Fez também a bacia de bronze, com o seu suporte de bronze, dos espelhos das mulheres que se reuniam para ministrar à porta da tenda da congregação.

8Направи и мијалник од бакар и подножје од бакар со убави шарки, кои го красеа влезот на скинијата.

O átrio e o reposteiro
Êxodo 27.9-19

9 Fez também o átrio ao lado meridional (que dá para o sul); as cortinas do átrio eram de linho fino retorcido, de cem côvados de comprimento.

Завесите на дворот

9И двор направи од јужната страна, а завесите му беа од пресукан лен, по сто лакти долги;

10 As suas vinte colunas e as suas bases eram de bronze; os ganchos das colunas e as suas vergas eram de prata.

10дваесет столбови за нив, и дваесет подножја под нив од бакар; а кукичките за столбовите и обрачите нивни беа од сребро.

11 De igual modo para o lado norte havia cortinas de cem côvados de comprimento; as suas vinte colunas e as suas vinte bases eram de bronze; os ganchos das colunas e as suas vergas eram de prata.

11Така и од северната страна – завеси од сто лакти; столбови за нив дваесет и подножја под нив од бакар дваесет; а и кукичките за столбовите и обрачите нивни од сребро.

12 Para o lado do ocidente havia cortinas de cinqüenta côvados; as suas colunas eram dez, e as suas bases, dez; os ganchos das colunas e as suas vergas eram de prata.

12А од западната страна завеси од педесет лакти: десет столбови за нив, и подножја – десет; кукичките за столбовите и обрачите нивни од сребро;

13 Do lado oriental (para o levante), eram as cortinas de cinqüenta côvados.

13и од источната страна, завеси од педесет лакти.

14 As cortinas para um lado da entrada eram de quinze côvados; e as suas colunas eram três, e as suas bases, três.

14За едната страна на вратата завеси од петнаесет лакти, три столбови за нив и три подножја под нив;

15 Para o outro lado da entrada do átrio, de um e de outro lado da entrada, eram as cortinas de quinze côvados; as suas colunas eram três, e as suas bases, três.

15и за другата страна завеси од петнаесет лакти, три столба за нив, и подножја под нив – три.

16 Todas as cortinas ao redor do átrio eram de linho fino retorcido.

16Сите завеси на дворот наоколу беа од пресукан лен,

17 As bases das colunas eram de bronze; os ganchos das colunas e as suas vergas eram de prata.

17а подножјата на столбовите – од бакар, кукичките за столбовите и обрачите на нив – од сребро; и врвовите нивни беа со сребро обложени; и сите столбови на дворот беа со сребрени обрачи поврзани.

18 O reposteiro da porta do átrio era de obra de bordador, de estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino retorcido; o comprimento era de vinte côvados, e a altura, na largura, era de cinco côvados, segundo a medida das cortinas do átrio.

18А завесата на вратата од дворот – везена – од сина, пурпурна и црвена волна и од пресукан лен, долга дваесет лакти, а во висина по целата ширина пет лакти, како и другите завеси во дворот;

19 As suas quatro colunas e as suas quatro bases eram de bronze, os seus ganchos eram de prata, e o revestimento das suas cabeças e as suas vergas, de prata.

19и четири столба за неа, и четири подножја под нив од бакар; кукичките им беа од сребро, врвовите нивни посребрени, а и обрачите нивни беа од сребро.

20 Todos os pregos do tabernáculo e do átrio ao redor eram de bronze.

20Сите колчиња околу скинијата и дворот беа од бакар.

A enumeração das coisas do tabernáculo

21 Esta é a enumeração das coisas para o tabernáculo, a saber, o tabernáculo do Testemunho, segundo, por ordem de Moisés, foram contadas para o serviço dos levitas, por intermédio de Itamar, filho do sacerdote Arão.

Изработките за скинијата

21Ете, тоа се изработките за скинијата на собранието, направени по заповедта на Мојсеј од левитите, а под надзор на свештеникот Итамар, син на Арон.

22 Fez Bezalel, filho de Uri, filho de Hur, da tribo de Judá, tudo quanto o SENHOR ordenara a Moisés.

22А сè она како што му заповеда Господ на Мојсеј, го направи Веселеил, син на Уриј, синот Оров, од племето Јудино.

23 E, com ele, Aoliabe, filho de Aisamaque, da tribo de Dã, mestre de obra, desenhista e bordador em estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino.

23И со него Охолијав, синот Ахисамахов, од племето Даново, резбар, вешт ткајач и везач на сина, пурпурна и црвена и ленена ткаенина.

[24] Todo o ouro empregado na obra, em toda a obra do santuário, a saber, o ouro da oferta, foram vinte e nove talentos e setecentos e trinta siclos, segundo o siclo do santuário.
[25] A prata dos arrolados da congregação foram cem talentos e mil e setecentos e setenta e cinco siclos, segundo o siclo do santuário:

[26] um beca por cabeça, isto é, meio siclo, segundo o siclo do santuário, de qualquer dos arrolados, de vinte anos para cima, que foram seiscentos e três mil quinhentos e cinqüenta.

[27] Empregaram-se cem talentos de prata para fundir as bases do santuário e as bases do véu; para as cem bases, cem talentos: um talento para cada base.

[28] Dos mil setecentos e setenta e cinco siclos, fez os colchetes das colunas, e cobriu as suas cabeças, e lhes fez as vergas.

[29] O bronze da oferta foram setenta talentos e dois mil e quatrocentos siclos.

[30] Dele fez as bases da porta da tenda da congregação, e o altar de bronze, e a sua grelha de bronze, e todos os utensílios do altar,
[31] e as bases do átrio ao redor, e as bases da porta do átrio, e todas as estacas do tabernáculo, e todas as estacas do átrio ao redor.

Êxodo 39

[24]Сето злато, што беше употребено за сиот прибор на светилиштето, злато, принесено на дар, беше дваесет и девет кикари и седумстотини и триесет шекели, свештени шекели;
[25]а среброто пребroено од дародавците – сто кикари и илјада седумстотини седумдесет и пет шекели, свештени шекели.
[26]По половина шекел од човек, пресметано според свештениот шекел, од секој што доаѓа на пребројување, од дваесет години и нагоре, од шестотини и три илјади петстотини и педесет души.
[27]Сто кикари сребро беа употребени за лиење на подножјата за светилиштето и подножјата за завесите; сто подножја од сто кикари, по кикар на подножје;
[28]а од илјада седумстотини седумдесет и петте шекели тој направи кукички за столбовите и опков за врвовите нивни, а направи и обрачи за нив.
[29]А од принесениот дар во бакар имаше седумдесет кикари, и две илјади и четиристотини шекели;
[30]и од него ги направи тој подножјата за влезот во скинијата, и жртвеникот од бакар како и решетката од бакар за него, и сиот прибор за жртвеникот;
[31]подножјата за целиот двор наоколу, подножјата за вратата на дворот, и сите колчиња за скинијата и сите колчиња за дворот наоколу.

Излез 39

As vestes dos sacerdotes
Êxodo 28.1-43

[1] Fizeram também de estofo azul, púrpura e carmesim as vestes, finamente tecidas, para ministrar no santuário, e também fizeram as vestes sagradas para Arão, como o SENHOR ordenara a Moisés.

[2] Fizeram a estola sacerdotal de ouro, estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino retorcido.

[3] De ouro batido fizeram lâminas delgadas e as cortaram em fios, para permearem entre o estofo azul, a púrpura, o carmesim e o linho fino da obra de desenhista.

[4] Tinha duas ombreiras que se ajuntavam às suas duas extremidades, e assim se uniam.

[5] O cinto de obra esmerada, que estava sobre a estola sacerdotal, era de obra igual, da mesma obra de ouro, estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino retorcido, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[6] Também se prepararam as pedras de ônix, engastadas em ouro, trabalhadas como lavores de sinete, com os nomes dos filhos de Israel,

[7] e as puseram nas ombreiras da estola sacerdotal, por pedras de memória aos filhos de Israel, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[8] Fizeram também o peitoral de obra esmerada, conforme a obra da estola sacerdotal: de ouro, estofo azul, púrpura, carmesim e linho fino retorcido.

Одежди за свештениците: ефодот

[1]А од сина, пурпурна и црвена волна направија одежди за служба во светилиштето; му направија и свештени одежди на Арон, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[2]Направија ефод од злато, од сина, пурпурна и црвена волна и од пресукан лен;

[3]исковаа листови од злато, и исекоа нишки, за да ги вткаат вешто меѓу сините, пурпурните, црвените и во ленените нишки;

[4]му направија и нарамници што се врзуваат: тие се врзуваат со него на двата негови краја.

[5]И појасот на ефодот, од неговата горна страна, беше ист како и тој: од злато, од сина, пурпурна и црвена волна и од пресукан лен, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[6]И изрезаа и камења од оникс, и ги обрабија со злато, и ги впишаа на нив имињата на синовите Израелови, како што се прават печати;

[7]па ги ставија на нарамниците од ефодот, за спомен на синовите Израелови, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

Наградникот

[8]Направија и наградник, вешто изработен, од иста материја како и ефодот: од злато, од сина, пурпурна и црвена волна и од пресукан лен;

[9] Era quadrado; duplo fizeram o peitoral: de um palmo era o seu comprimento, e de um palmo dobrado, a sua largura.

[10] Colocaram, nele, engastes de pedras, com quatro ordens de pedras: a ordem de sárdio, topázio e carbúnculo era a primeira;

[11] a segunda ordem era de esmeralda, safira e diamante;

[12] a terceira ordem era de jacinto, ágata e ametista;

[13] e a quarta ordem era de berilo, ônix e jaspe; eram elas guarnecidas de ouro nos seus engastes.

[14] As pedras eram conforme os nomes dos filhos de Israel, doze segundo os seus nomes; eram esculpidas como sinete, cada uma com o seu nome para as doze tribos.

[15] E fizeram para o peitoral correntes como cordas, de obra trançada de ouro puro.

[16] Também fizeram para o peitoral dois engastes de ouro e duas argolas de ouro; e puseram as duas argolas nas extremidades do peitoral.

[17] E meteram as duas correntes trançadas de ouro nas duas argolas, nas extremidades do peitoral.

[18] As outras duas pontas das duas correntes trançadas meteram nos dois engastes e as puseram nas ombreiras da estola sacerdotal, na frente dele.

[9]тој беше: четириаголен, двоен, педа долг, и педа широк; двоен го направија наградникот.

[10]И наредија на него четири реда камења: во првиот ред: рубин, топаз и смарагд;

[11]во вториот ред: антракс, сафир и елмаз;

[12]во третиот ред: опал, ахат и аметист;

[13]во четвртиот ред: хризолит, оникс и јаспис; и тие беа опковани и обвиени во злато.

[14]Камењата беа според бројот на имињата на синовите Израелови: тие беа дванаесет, според бројот на нивните имиња, и на секој од нив беше изрежано како на печат по едно име, за дванаесетте племиња.

[15]И направија за наградникот веришки виени, плетени од чисто злато;

[16]направија и две копченца златни и две алчиња златни, и ги ставија двете алчиња на двата краја од наградникот;

[17]па ги закачија двете златни веришки за двете алчиња на краевите од наградникот,

[18]а другите два краја од двете веришки ги закачија за двете копченца и ги прицврстија на нарамниците од ефодот од предната страна.

[19] Fizeram também duas argolas de ouro e as puseram nas duas extremidades do peitoral, na sua orla interior oposta à estola sacerdotal.

[20] Fizeram também mais duas argolas de ouro e as puseram nas duas ombreiras da estola sacerdotal, abaixo, na frente dele, perto da sua juntura, sobre o cinto de obra esmerada da estola sacerdotal.

[21] E ligaram o peitoral com as suas argolas às argolas da estola sacerdotal, por cima com uma fita azul, para que estivesse sobre o cinto de obra esmerada da estola sacerdotal, e nunca o peitoral se separasse da estola sacerdotal, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[22] Fizeram também a sobrepeliz da estola sacerdotal, de obra tecida, toda de estofo azul.

[23] No meio dela havia uma abertura; era debruada como abertura de uma saia de malha, para que se não rompesse.

[24] Em toda a orla da sobrepeliz, fizeram romãs de estofo azul, carmesim e linho retorcido.

[25] Fizeram campainhas de ouro puro e as colocaram no meio das romãs em toda a orla da sobrepeliz;

[26] uma campainha e uma romã, outra campainha e outra romã, em toda a orla da sobrepeliz, para se usar ao ministrar, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[19]Направија уште две златни алчиња, и ги ставија на двата краја од наградникот, на внатрешниот раб, свртен спрема ефодот:

[20]направија уште две златни алчиња, ги ставија на двата нарамника од ефодот, на неговиот преден крај одоздола, каде што се составува ефодот над појасот;

[21]и така го врзаа наградникот со алчињата негови за алчињата од ефодот со сина врвка, плетена, за да стои одозгора над појасот од ефодот и да не се одделува наградникот од ефодот, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

Другите свештени одежди

[22]А за ефодот направија и наметка, од сина ткаенина,

[23]и прорез по средината на наметката, како отвор на оклоп, а околу прорезот ширит шиен, за да не се реси.

[24]По полите на наметката одоздола направија топченца од сина, пурпурна и црвена волна и пресукан лен.

[25]А направија и ѕвончиња од чисто злато, и ги закачија ѕвончињата на полите од наметката наоколу, меѓу топчињата:

[26]ѕвонче и топченце, ѕвонче и топченце наоколу по полите на наметката, за служба, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[27] Fizeram também as túnicas de linho fino, de obra tecida, para Arão e para seus filhos,
[28] e a mitra de linho fino, e as tiaras de linho fino, e os calções de linho fino retorcido,
[29] e o cinto de linho fino retorcido, e de estofo azul, e de púrpura, e de carmesim, obra de bordador, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.
[30] Também fizeram de ouro puro a lâmina da coroa sagrada e, nela, gravaram à maneira de gravuras de sinete: Santidade ao SENHOR.
[31] E ataram-na com um cordão de estofo azul, para prender a lâmina à parte superior da mitra, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

Os utensílios do tabernáculo completados
Êxodo 35.10-19

[32] Assim se concluiu toda a obra do tabernáculo da tenda da congregação; e os filhos de Israel fizeram tudo segundo o SENHOR tinha ordenado a Moisés; assim o fizeram.
[33] Depois, trouxeram a Moisés o tabernáculo, a tenda e todos os seus pertences, os seus colchetes, as suas tábuas, as suas vergas, as suas colunas e as suas bases;
[34] a coberta de peles de carneiro tintas de vermelho, e a coberta de peles finas, e o véu do reposteiro;
[35] a arca do Testemunho, e os seus varais, e o propiciatório;

[27]Потоа направија хитони од ткаен лен за Арон и за синовите негови;
[28]и кидар од лен и митра од лен, и долна облека од пресукан лен,
[29]и појас од пресукан лен од сина, пурпурна и црвена волна – везена работа, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.
[30]И направија плочка, дијадема на светоста, од чисто злато, и издлабија на неа писмо, како што се реже печат „Светиња Господова.“
[31]И врзаа за неа сина врвка, за да се врзува на кидарот одозгора, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

Предавање на завршените работи на Мојсеј

[32]И така се сврши целата работа околу скинијата. И направија синовите израелски сè како што му беше заповедал Господ на Мојсеј, така направија.
[33]И ја донесоа кај Мојсеј скинијата, покривката и сиот нејзин прибор: кукичките, штиците, лостовите, столбовите и подножјата.
[34]И покривката од црвени, овнешки кожи, и покривката од сини кожи и завесата за засолнување,
[35]ковчегот на заветот со лостовите, и чистилиштето,

[36] a mesa com todos os seus utensílios e os pães da proposição;
[37] o candelabro de ouro puro com suas lâmpadas; as lâmpadas colocadas em ordem, e todos os seus utensílios, e o azeite para a iluminação;
[38] também o altar de ouro, e o óleo da unção, e o incenso aromático, e o reposteiro da porta da tenda;
[39] o altar de bronze, e a sua grelha de bronze, e os seus varais, e todos os seus utensílios, e a bacia, e o seu suporte;
[40] as cortinas do átrio, e as suas colunas, e as suas bases, e o reposteiro para a porta do átrio, e as suas cordas, e os seus pregos, e todos os utensílios do serviço do tabernáculo, para a tenda da congregação;
[41] as vestes finamente tecidas para ministrar no santuário, e as vestes sagradas do sacerdote Arão, e as vestes de seus filhos, para oficiarem como sacerdotes.
[42] Tudo segundo o SENHOR ordenara a Moisés, assim fizeram os filhos de Israel toda a obra.
[43] Viu, pois, Moisés toda a obra, e eis que a tinham feito segundo o SENHOR havia ordenado; assim a fizeram, e Moisés os abençoou.

Êxodo 40

Deus manda Moisés levantar o tabernáculo

[1] Depois, disse o SENHOR a Moisés:

[36]трпезата со сите нејзини принадлежности, и лебот за принос,
[37]светилникот од чисто злато со неговите кандилца, кандилцата веќе наредени, и сиот прибор негов, и масло за светење,
[38]златниот жртвеник, и маслото за помазание, кадиво мирисно, и завесата за влезот во скинијата,
[39]жртвеникот од бакар и решетката од бакар за него, лостовите негови и сите принадлежности негови, мијалникот и подножјето негово,
[40]завесите за дворот, столбовите за нив и подножјата нивни, и завесата за влезот во дворот, јажињата и колчињата, и сите работи потребни за служба во скинијата.
[41]Одеждите богослужбени за служење во светилиштето, свештените одежди за свештеникот Арон и одеждите за синовите негови, за свештеничка служба.
[42]Како што му беше заповедал Господ на Мојсеј, така ги направија синовите на Израел сите тие работи.
[43]И ги погледа Мојсеј сите тие работи, и ете, тие ги беа направиле: како што беше заповедал Господ, така ги беа направиле. И ги благослови Мојсеј.

Излез 40

Подигање и осветување на скинијата

[1]И Господ му рече на Мојсеј велејќи:

[2] No primeiro dia do primeiro mês, levantarás o tabernáculo da tenda da congregação.

[2] „Во првиот ден од првиот месец подигни ја скинијата на собранието,

[3] Porás, nele, a arca do Testemunho e a cobrirás com o véu.

[3] потоа постави го таму ковчегот на заветот и засолни го со завесата;

[4] Meterás, nele, a mesa e porás por ordem as coisas que estão sobre ela; também meterás, nele, o candelabro e acenderás as suas lâmpadas.

[4] внеси ја трпезата, и постави сè што треба да се намести на неа; внеси го и светилникот, а стави ги и кандилцата на него;

[5] Porás o altar de ouro para o incenso diante da arca do Testemunho e pendurarás o reposteiro da porta do tabernáculo.

[5] постави го златниот жртвеник за кадење пред ковчегот на заветот; и закачи завеса пред влезот во скинијата.

[6] Porás o altar do holocausto diante da porta do tabernáculo da tenda da congregação.

[6] Постави го и жртвеникот за жртви сепаленици пред влезот во скинијата;

[7] Porás a bacia entre a tenda da congregação e o altar e a encherás de água.

[7] стави го мијалникот меѓу скинијата и жртвеникот, и налеј вода во него;

[8] Depois, porás o átrio ao redor e pendurarás o reposteiro à porta do átrio.

[8] огради го дворот наоколу, и закачи ја завесата на вратата од дворот;

[9] E tomarás o óleo da unção, e ungirás o tabernáculo e tudo o que nele está, e o consagrarás com todos os seus pertences; e será santo.

[9] па земи масло за помазание, и помажи ја скинијата и сè што има во неа: и освети ја неа и сите принадлежности нејзини, па ќе биде света.

[10] Ungirás também o altar do holocausto e todos os seus utensílios e consagrarás o altar; e o altar se tornará santíssimo.

[10] Помажи го и жртвеникот за жртви сепаленици и сиот прибор негов, па освети го жртвеникот, и жртвеникот ќе стане пресвет.

[11] Então, ungirás a bacia e o seu suporte e a consagrarás.

[11] Помажи го и мијалникот, и подножјето негово, и освети го.

[12] Farás também chegar Arão e seus filhos à porta da tenda da congregação e os lavarás com água.

[12] Потоа доведи го пред влезот од скинијата Арон и синовите негови и измиј ги со вода;

[13] Vestirás Arão das vestes sagradas, e o ungirás, e o consagrarás para que me oficie como sacerdote.

[14] Também farás chegar seus filhos, e lhes vestirás as túnicas,

[15] e os ungirás como ungiste seu pai, para que me oficiem como sacerdotes; sua unção lhes será por sacerdócio perpétuo durante as suas gerações.

O tabernáculo é levantado

[16] E tudo fez Moisés segundo o SENHOR lhe havia ordenado; assim o fez.

[17] No primeiro mês do segundo ano, no primeiro dia do mês, se levantou o tabernáculo.

[18] Moisés levantou o tabernáculo, e pôs as suas bases, e armou as suas tábuas, e meteu, nele, as suas vergas, e levantou as suas colunas;

[19] estendeu a tenda sobre o tabernáculo e pôs a coberta da tenda por cima, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[20] Tomou o Testemunho, e o pôs na arca, e meteu os varais na arca, e pôs o propiciatório em cima da arca.

[21] Introduziu a arca no tabernáculo, e pendurou o véu do reposteiro, e com ele cobriu a arca do Testemunho, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[22] Pôs também a mesa na tenda da congregação, ao lado do tabernáculo, para o norte, fora do véu,

[13]облечи го Арон во светите одежди и помажи го и освети го, за да Ми биде свештеник.

[14]Доведи ги и синовите негови, и облечи ги во хитони,

[15]и помажи ги, како што го помаза таткото нивни, за да Ми бидат свештеници; и помазанието нивно ќе ги освети за вечно свештенство во нивните поколенија.“

Мојсеј ја поставува скинијата

[16]И направи Мојсеј сè; како што му заповеда Господ, така направи.

[17]Во првиот месец од втората година, во првиот ден во месецот се подигна скинијата.

[18]Мојсеј ја подигна скинијата: ги постави подножјата нејзини, ги исправи штиците, ги постави напречниците, и ги исправи столбовите;

[19]па ги распна платништата над скинијата, а над нив го ставија покривот одозгора, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[20]И, откако го зеде откровението, го стави во ковчегот, и стави ногалки под ковчегот, па го стави чистилиштето одозгора над ковчегот.

[21]Потоа го внесе ковчегот во скинијата, и ја закачи завесата, та го засолни ковчегот на заветот, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[22]И ја постави трпезата во скинијата на собранието од северната страна на скинијата, пред завесата;

[23] e sobre ela pôs em ordem os pães da proposição perante o SENHOR, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[24] Pôs também, na tenda da congregação, o candelabro defronte da mesa, ao lado do tabernáculo, para o sul,

[25] e preparou as lâmpadas perante o SENHOR, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[26] Pôs o altar de ouro na tenda da congregação, diante do véu,

[27] e acendeu sobre ele o incenso aromático, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[28] Pendurou também o reposteiro da porta do tabernáculo,

[29] pôs o altar do holocausto à porta do tabernáculo da tenda da congregação e ofereceu sobre ele holocausto e oferta de cereais, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[30] Pôs a bacia entre a tenda da congregação e o altar e a encheu de água, para se lavar.

[31] Nela, Moisés, Arão e seus filhos lavavam as mãos e os pés,

[32] quando entravam na tenda da congregação e quando se chegavam ao altar, segundo o SENHOR ordenara a Moisés.

[33] Levantou também o átrio ao redor do tabernáculo e do altar e pendurou o reposteiro da porta do átrio. Assim Moisés acabou a obra.

A nuvem cobre o tabernáculo

[23]потоа постави на неа лебови за принос пред Господ, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[24]Го намести светилникот во скинијата, спрема трпезата, од јужната страна на скинијата,

[25]а ги постави и кандилцата пред Господ, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[26]Го постави златниот жртвеник во скинијата, пред завесата,

[27]и стави на него да гори мирисно кадиво, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[28]Ја закачи завесата пред влезот во скинијата;

[29]потоа го постави и жртвеникот за жртви сепаленици при влезот во скинијата, и принесе на него жртва сепаленица, и лебен принос, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[30]Го намести и мијалникот меѓу скинијата и жртвеникот, и налеа во него вода за миење;

[31]и од него Мојсеј и Арон и синовите негови си ги миеја рацете свои и нозете свои;

[32]а ги миеја кога влегуваа во скинијата на собранието и кога пристапуваа кон жртвеникот, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[33]Го огради и дворот околу скинијата и жртвеникот, и ја стави завесата на влезната врата од дворот. Така ја доврши Мојсеј сета работа.

Славата Господова ја исполнува скинијата

Números 9.15-23

34 Então, a nuvem cobriu a tenda da congregação, e a glória do SENHOR encheu o tabernáculo.

35 Moisés não podia entrar na tenda da congregação, porque a nuvem permanecia sobre ela, e a glória do SENHOR enchia o tabernáculo.

36 Quando a nuvem se levantava de sobre o tabernáculo, os filhos de Israel caminhavam avante, em todas as suas jornadas;

37 se a nuvem, porém, não se levantava, não caminhavam, até ao dia em que ela se levantava.

38 De dia, a nuvem do SENHOR repousava sobre o tabernáculo, e, de noite, havia fogo nela, à vista de toda a casa de Israel, em todas as suas jornadas.

34Тогаш облак ја покри скинијата на собранието и се исполни скинијата со слава Господова;

35и Мојсеј не можеше да влезе во скинијата, зашто облакот го засенуваше, и славата Господова ја исполнуваше скинијата.

36И секогаш кога се креваше облакот од скинијата, тогаш синовите израелски поаѓаа на пат;

37а кога не се креваше облакот, тогаш ни тие не поаѓаа сè до денот, кога ќе се кренеше,

38зашто облакот Господов стоеше над скинијата дење, а ноќе во облакот се појавуваше оган пред очите на целиот дом Израелов, при сите нивни патувања.

O terceiro livro de Moisés chamado Levítico	Левитска

Levítico 1

Os holocaustos

[1] Chamou o SENHOR a Moisés e, da tenda da congregação, lhe disse:

[2] Fala aos filhos de Israel e dize-lhes: Quando algum de vós trouxer oferta ao SENHOR, trareis a vossa oferta de gado, de rebanho ou de gado miúdo.

[3] Se a sua oferta for holocausto de gado, trará macho sem defeito; à porta da tenda da congregação o trará, para que o homem seja aceito perante o SENHOR.

[4] E porá a mão sobre a cabeça do holocausto, para que seja aceito a favor dele, para a sua expiação.

[5] Depois, imolará o novilho perante o SENHOR; e os filhos de Arão, os sacerdotes, apresentarão o sangue e o aspergirão ao redor sobre o altar que está diante da porta da tenda da congregação.

[6] Então, ele esfolará o holocausto e o cortará em seus pedaços.

[7] E os filhos de Arão, o sacerdote, porão fogo sobre o altar e porão em ordem lenha sobre o fogo.

[8] Também os filhos de Arão, os sacerdotes, colocarão em ordem os pedaços, a saber, a cabeça e o redenho, sobre a lenha que está no fogo sobre o altar.

Левитска 1

Закон за Жртвите

Жртва сепаленица

[1]И го повика Господ Мојсеја, и му рече од скинијата на собранието, велејќи:

[2]„Соопшти им на синовите израелски, и кажи им: кога некој од вас сака да Му принесе жртва на Господ од добитокот: од крупниот и од ситниот добиток принесувајте жртва.

[3]Ако принесува жртва сепаленица од крупен добиток, нека принесе машко, здраво; нека ја доведе пред влезот од скинијата на собранието нека ја доведе, за да придобие милост пред Господ.

[4]И нека ја стави раката своја врз главата на жртвата, и ќе придобие милост за очистување;

[5]нека се заколе теле пред Господ, а синовите Аронови, свештениците, нека принесат крв, и со неа нека го попрскаат жртвеникот, што е пред влезот од скинијата на собранието, од сите страни;

[6]потоа жртвата сепаленица нека се одере и нека се исече на делови.

[7]А синовите Аронови, свештениците, нека запалат оган на жртвеникот, и нека ставаат дрва на огнот.

[8]Па потоа синовите Аронови, свештениците, нека ги наредат деловите, главата и лојот врз дрвата на огнот, што е на жртвеникот.

[9] Porém as entranhas e as pernas, o sacerdote as lavará com água; e queimará tudo isso sobre o altar; é holocausto, oferta queimada, de aroma agradável ao SENHOR.
[10] Se a sua oferta for de gado miúdo, de carneiros ou de cabritos, para holocausto, trará macho sem defeito.

[11] E o imolará ao lado do altar, para o lado norte, perante o SENHOR; e os filhos de Arão, os sacerdotes, aspergirão o seu sangue em redor sobre o altar.

[12] Depois, ele o cortará em seus pedaços, como também a sua cabeça e o seu redenho; e o sacerdote os porá em ordem sobre a lenha que está no fogo sobre o altar;

[13] porém as entranhas e as pernas serão lavadas com água; e o sacerdote oferecerá tudo isso e o queimará sobre o altar; é holocausto, oferta queimada, de aroma agradável ao SENHOR.

[14] Se a sua oferta ao SENHOR for holocausto de aves, trará a sua oferta de rolas ou de pombinhos.
[15] O sacerdote a trará ao altar, e, com a unha, lhe destroncará a cabeça, sem a separar do pescoço, e a queimará sobre o altar; o seu sangue, ele o fará correr na parede do altar;
[16] tirará o papo com suas penas e o lançará junto ao altar, para o lado oriental, no lugar da cinza;

[9]А внатрешнината и нозете нека се измијат со вода; свештеникот нека го изгори сето тоа на жртвеникот; тоа е жртва сепаленица, жртва огнена, со благопријатен мирис пред Господ.
[10]А ако принесува жртва сепаленица од ситниот добиток, од овци или од кози, нека принесе машко – здраво, без мана.
[11]Да се заколе на северната страна од жртвеникот пред Господ, а синовите Аронови, свештениците, нека го попрскаат жртвеникот со крвта од сите страни.

[12]И нека се расече на делови, а свештеникот нека ги стави, со главата и лојот, свештеникот нека ги стави врз дрвата, што се на огнот врз жртвеникот;

[13]а внатрешнината и нозете свештеникот нека ги измие со вода и сето тоа нека го донесе и нека го изгори на жртвеникот; тоа е жртва – сепаленица, жртва огнена со благопријатен мирис пред Господ.
[14]Ако Му принесува на Господ жртва сепаленица од птиците, тогаш нека принесе грлица или млад гулаб;
[15]свештеникот нека ја принесе на жртвеникот, и извивајќи ѝ ја главата, нека ја откине и нека ја изгори на жртвеникот, крвта да ја исцеди во подножјето на жртвеникот;
[16]нека ѝ ги извади гушата и перјата и нека ги фрли до жртвеникот од источната страна, каде што е пепелта,

[17] rasgá-la-á pelas asas, porém não a partirá; o sacerdote a queimará sobre o altar, em cima da lenha que está no fogo; é holocausto, oferta queimada, de aroma agradável ao SENHOR.

Levítico 2

As ofertas de manjares

[1] Quando alguma pessoa fizer oferta de manjares ao SENHOR, a sua oferta será de flor de farinha; nela, deitará azeite e, sobre ela, porá incenso.

[2] Levá-la-á aos filhos de Arão, os sacerdotes, um dos quais tomará dela um punhado da flor de farinha e do seu azeite com todo o seu incenso e os queimará como porção memorial sobre o altar; é oferta queimada, de aroma agradável ao SENHOR.

[3] O que ficar da oferta de manjares será de Arão e de seus filhos; é coisa santíssima das ofertas queimadas ao SENHOR.

[4] Quando trouxeres oferta de manjares, cozida no forno, será de bolos asmos de flor de farinha amassados com azeite e obreias asmas untadas com azeite.

[5] Se a tua oferta for de manjares cozida na assadeira, será de flor de farinha sem fermento amassada com azeite.

[6] Em pedaços a partirás e, sobre ela, deitarás azeite; é oferta de manjares.

[17]па нека ја прекрши меѓу крилјата, но да не ги разделува од неа; и свештеникот потоа нека ја постави на жртвеникот, врз дрвјата што се на огнот; тоа е принос жртва, жртва огнена со благопријатен мирис пред Господ.“

Левитска 2

Лебен принос

[1]„Ако некој сака да Му принесе на Господ лебна жртва, нека принесе пченично брашно, и нека го прелие со масло, па на него нека стави темјан;

[2]нека ја донесе кај синовите Аронови, свештениците, а свештеникот да земе полна рака од брашното сосе масло и со сиот темјан, па нека ја изгори свештеникот на жртвеникот за спомен; тоа е жртва со пријатен мирис на Господ,

[3]а она што ќе остане од лебната жртва, нека биде за Арон и за неговите синови: тоа е најголема светиња меѓу жртвите на Господ.

[4]Ако, пак, се принесува како жртва лебен принос печен во печка, тоа нека бидат бесквасни лебови, замесени со масло, и бесквасни питки, намачкани со масло.

[5]Ако ти е жртвата дар печен во тава, нека биде од пченично брашно, замесено со масло, без квас;

[6]раскрши ја на парчиња и полеј ја со масло: тоа е лебен принос.

[7] Se a tua oferta for de manjares de frigideira, far-se-á de flor de farinha com azeite.

[8] E a oferta de manjares, que daquilo se fará, trarás ao SENHOR; será apresentada ao sacerdote, o qual a levará ao altar.

[9] Da oferta de manjares tomará o sacerdote a porção memorial e a queimará sobre o altar; é oferta queimada, de aroma agradável ao SENHOR.

[10] O que ficar da oferta de manjares será de Arão e de seus filhos; é coisa santíssima das ofertas queimadas ao SENHOR.

[11] Nenhuma oferta de manjares, que fizerdes ao SENHOR, se fará com fermento; porque de nenhum fermento e de mel nenhum queimareis por oferta ao SENHOR.

[12] Deles, trareis ao SENHOR por oferta das primícias; todavia, não se porão sobre o altar como aroma agradável.

[13] Toda oferta dos teus manjares temperarás com sal; à tua oferta de manjares não deixarás faltar o sal da aliança do teu Deus; em todas as tuas ofertas aplicarás sal.

[14] Se trouxeres ao SENHOR oferta de manjares das primícias, farás a oferta de manjares das tuas primícias de espigas verdes, tostadas ao fogo, isto é, os grãos esmagados de espigas verdes.

[7]Ако ти е лебниот принос жртва печена во подница, таа треба да биде направена од пченично брашно со масло.

[8]И принеси ја жртвата, што си ја приготвил од тоа, на Господ: претстави ја пред свештеникот, а тој нека ја положи на жртвеникот;

[9]и свештеникот нека земе дел од таа жртва за спомен и нека ја изгори на жртвеникот: тоа е жртва со благопријатен мирис пред Господ;

[10]остатокот, пак, од лебниот принос нека биде за Арон и синовите негови; тоа е најголема светиња меѓу жртвите на Господ.

[11]Ниеден лебен принос, што Му го принесувате на Господ, не правете го со квас, зашто ни квас ниту мед не треба да се принесува како жртва на Господ.

[12]Принесувајте Му ги нив на Господ како првини од плодовите; но на жртвеникот да не се полагаат како пријатен мирис пред Господ.

[13]Секој лебен принос со сол засоли го, и не оставај ја својата жртва на заветот на твојот Бог без сол: при секоја твоја жртва принеси сол.

[14]Ако Му принесуваш на Господ лебен принос од првите житни плодови, принесувај го како дар од своите први плодови во зрна од исчукани пресни класја, исушени на оган,

[15] Deitarás azeite sobre ela e, por cima, lhe porás incenso; é oferta de manjares.

[16] Assim, o sacerdote queimará a porção memorial dos grãos de espigas esmagados e do azeite, com todo o incenso; é oferta queimada ao SENHOR.

[15]полеј ги со масло и стави врз нив темјан: тоа е лебен принос,

[16]а свештеникот да изгори дел од зрната и маслото со сиот темјан за спомен: тоа е жртва на Господ.“

Levítico 3

Os sacrifícios pacíficos

[1] Se a oferta de alguém for sacrifício pacífico, se a fizer de gado, seja macho ou fêmea, oferecê-la-á sem defeito diante do SENHOR.

[10]И така, слушај го гласот на Господ, твојот Бог, и извршувај ги Неговите заповеди и наредби, што ти ги заповедам денес.“

Maldições do monte Ebal

[11] Moisés deu ordem, naquele dia, ao povo, dizendo:

[11]И во тој ден му заповеда Мојсеј на народот, велејќи:

[12] Quando houveres passado o Jordão, estarão sobre o monte Gerizim, para abençoarem o povo, estes: Simeão, Levi, Judá, Issacar, José e Benjamim.

[12]„Кога ќе го минете Јордан, овие племиња треба да застанат на планината Гаризим, за да го благословат народот: Симеон, Левиј, Јуда, Исахар, Јосиф и Венијамин;

[13] E estes, para amaldiçoar, estarão sobre o monte Ebal: Rúben, Gade, Aser, Zebulom, Dã e Naftali.

[13]а на планината Евал да застанат за да искажат проклетство овие: Рувим, Гад, Завулон, Дан и Нефталим.

Дванаесетте проклетства

[14] Os levitas testificarão a todo o povo de Israel em alta voz e dirão:

[15] Maldito o homem que fizer imagem de escultura ou de fundição, abominável ao SENHOR, obra de artífice, e a puser em lugar oculto. E todo o povo responderá: Amém!

[16] Maldito aquele que desprezar a seu pai ou a sua mãe. E todo o povo dirá: Amém!

[17] Maldito aquele que mudar os marcos do seu próximo. E todo o povo dirá: Amém!

[18] Maldito aquele que fizer o cego errar o caminho. E todo o povo dirá: Amém!

[19] Maldito aquele que perverter o direito do estrangeiro, do órfão e da viúva. E todo o povo dirá: Amém!

[20] Maldito aquele que se deitar com a madrasta, porquanto profanaria o leito de seu pai. E todo o povo dirá: Amém!

[21] Maldito aquele que se ajuntar com animal. E todo o povo dirá: Amém!

[22] Maldito aquele que se deitar com sua irmã, filha de seu pai ou filha de sua mãe. E todo o povo dirá: Amém!

[23] Maldito aquele que se deitar com sua sogra. E todo o povo dirá: Amém!

[14]Левитите да го известат народот и да им кажат на сите Израелци со висок глас:

[15],проклет да е оној човек, кој ќе направи изрезан или излиен идол, одвратност пред Господ, работа на уметнички раце, па го стави на скришно место! Целиот народ да извика и да рече: амин!

[16]Проклет да е оној, што го навредува таткото свој или мајката своја! И целиот народ да каже: амин!

[17]Проклет да е оној, кој ја праместува меѓата на ближниот свој! И целиот народ нека рече: амин!

[18]Проклет да е оној, кој отстранува слеп човек од патот! И целиот народ нека каже: амин!

[19]Проклет да е оној, кој криво суди дојденец, сирак или вдовица! И целиот народ нека рече: амин!

[20]Проклет да е оној, кој ќе легне со жената на својот татко, зашто тој го открил крајот од покривката на таткото свој! И целиот народ да каже: амин!

[21]Проклет да е оној, кој ќе легне со каков и да било добиток! И сиот народ нека рече: амин!

[22]Проклет да е оној, кој ќе легне со сестрата своја, со татковата ќерка или со мајкината ќерка! И целиот народ да каже: амин!

[23]Проклет да е оној, кој ќе легне со тештата своја! И целиот народ нека рече: амин!

[24] Maldito aquele que ferir o seu próximo em oculto. E todo o povo dirá: Amém!

[25] Maldito aquele que aceitar suborno para matar pessoa inocente. E todo o povo dirá: Amém!

[26] Maldito aquele que não confirmar as palavras desta lei, não as cumprindo. E todo o povo dirá: Amém!

[24]Проклет да е оној, кој ќе го убие тајно ближниот свој! И целиот народ да каже: амин!

[25]Проклет да е оној, кој зема поткуп, за да погуби душа и да пролее невина крв! И целиот народ нека рече: амин!

[26]Проклет да е секој, кој не ќе ги исполни наредбите од овој закон и не ќе постапи според нив! И целиот народ да каже: амин!“‘

Deuteronômio 28

As bênçãos decorrentes da obediência

Levítico 26.3-13; Deuteronômio 7.12-26

[1] Se atentamente ouvires a voz do SENHOR, teu Deus, tendo cuidado de guardar todos os seus mandamentos que hoje te ordeno, o SENHOR, teu Deus, te exaltará sobre todas as nações da terra.

[2] Se ouvires a voz do SENHOR, teu Deus, virão sobre ti e te alcançarão todas estas bênçãos:

[3] Bendito serás tu na cidade e bendito serás no campo.

[4] Bendito o fruto do teu ventre, e o fruto da tua terra, e o fruto dos teus animais, e as crias das tuas vacas e das tuas ovelhas.

[5] Bendito o teu cesto e a tua amassadeira.

[6] Bendito serás ao entrares e bendito, ao saíres.

[7] O SENHOR fará que sejam derrotados na tua presença os inimigos que se

Повторени закони 28

Ветувања за благослов

[1]Ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог, ги пазиш и ги извршуваш сите Негови заповеди, што денес ти ги заповедам, тогаш Господ, твојот Бог, ќе те постави погоре од сите народи на земјава;

[2]и ќе се пренесат на тебе сите овие благослови и ќе се исполнат, ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог.

[3]Благословен ќе бидеш во градот и благословен во полето.

[4]Благословен ќе биде плодот на твојата утроба, и плодот на земјата твоја, и плодот на добитокот твој, и плодот на воловите твои, и плодот на овците твои.

[5]Благословени ќе бидат кошниците твои и ноќвите твои.

[6]Благословен ќе бидеш, кога влегуваш, и благословен – кога излегуваш.

[7]Господ ќе ги порази пред тебе непријателите твои, кои се креваат

levantarem contra ti; por um caminho, sairão contra ti, mas, por sete caminhos, fugirão da tua presença.

[8] O SENHOR determinará que a bênção esteja nos teus celeiros e em tudo o que colocares a mão; e te abençoará na terra que te dá o SENHOR, teu Deus.

[9] O SENHOR te constituirá para si em povo santo, como te tem jurado, quando guardares os mandamentos do SENHOR, teu Deus, e andares nos seus caminhos.

[10] E todos os povos da terra verão que és chamado pelo nome do SENHOR e terão medo de ti.

[11] O SENHOR te dará abundância de bens no fruto do teu ventre, no fruto dos teus animais e no fruto do teu solo, na terra que o SENHOR, sob juramento a teus pais, prometeu dar-te.

[12] O SENHOR te abrirá o seu bom tesouro, o céu, para dar chuva à tua terra no seu tempo e para abençoar toda obra das tuas mãos; emprestarás a muitas gentes, porém tu não tomarás emprestado.

[13] O SENHOR te porá por cabeça e não por cauda; e só estarás em cima e não debaixo, se obedeceres aos mandamentos do SENHOR, teu Deus, que hoje te ordeno, para os guardar e cumprir.

против тебе; по еден пат ќе навлезат тие против тебе, а по седум патишта ќе избегаат од пред тебе.

[8]Господ ќе ти испрати благослови на твоите житници и на секоја работа на твоите раце; и на земјата, која Господ, твојот Бог, ти ја дава.

[9]Господ, ќе те постави за Свој свет народ, како што ти се беше заколнал на тебе, ако ги извршуваш заповедите на Господ, твојот Бог, и одиш по патиш-тата Негови.

[10]И тогаш ќе видат сите народи на земјата дека името на Господ, ти е дадено на тебе, и ќе се уплашат од тебе.

[11]И Господ, ќе ти даде изобилство во сите блага, во плодот на твојата утроба, во плодот на добитокот твој и во плодот на нивите твои на земјата, за која Господ им се беше заколнал на твоите предци дека ќе ти ја даде.

[12]И Господ ќе ти го отвори доброто Свое сокровиште – небото, за да дава тоа на време дожд на земјата твоја и да ги благословува сите работи на рацете твои: и ќе им даваш на заем на многу народи, а ти самиот нема да земаш на заем.

[13]Господ, ќе те направи глава, а не опашка, и да бидеш само на високо, а не на ниско, ако ги пазиш заповедите на Господ, твојот Бог, што ти ги заповедам денес да ги почитуваш и исполнуваш,

[14] Não te desviarás de todas as palavras que hoje te ordeno, nem para a direita nem para a esquerda, seguindo outros deuses, para os servires.

Os castigos da desobediência
Levítico 26.14-46

[15] Será, porém, que, se não deres ouvidos à voz do SENHOR, teu Deus, não cuidando em cumprir todos os seus mandamentos e os seus estatutos que, hoje, te ordeno, então, virão todas estas maldições sobre ti e te alcançarão:

[16] Maldito serás tu na cidade e maldito serás no campo.

[17] Maldito o teu cesto e a tua amassadeira.

[18] Maldito o fruto do teu ventre, e o fruto da tua terra, e as crias das tuas vacas e das tuas ovelhas.

[19] Maldito serás ao entrares e maldito, ao saíres.

[20] O SENHOR mandará sobre ti a maldição, a confusão e a ameaça em tudo quanto empreenderes, até que sejas destruído e repentinamente pereças, por causa da maldade das tuas obras, com que me abandonaste.

[21] O SENHOR fará que a pestilência te pegue a ti, até que te consuma a terra a que passas para possuí-la.

[22] O SENHOR te ferirá com a tísica, e a febre, e a inflamação, e com o calor ardente, e a secura, e com o crestamento, e a ferrugem; e isto te perseguirá até que pereças.

[14]и ако не отстапуваш од сите зборови, што ти ги заповедам денес, ни надесно, ни налево, и ако не тргнеш по други богови за да им служиш.

Закани со проклетства

[15]Ако, пак, не го слушаш гласот на Господ, твојот Бог, и не ги пазиш и не ги исполнуваш сите Негови заповеди и наредби, што ти ги заповедам денес, ќе паднат врз тебе и ќе се збиднат сите овие проклетства.

[16]Проклет ќе бидеш во градот и проклет ќе бидеш во полето.

[17]Проклети ќе бидат твоите кошници и твоите ноќви.

[18]Проклет ќе биде плодот на утробата твоја и плодот на земјата твоја, плодот на говедата твои и плодот на овците твои.

[19]Проклет ќе бидеш, кога влегуваш, и проклет кога излегуваш.

[20]Ќе ти испрати тогаш Господ неволја, ужас и застрашување во секоја работа на рацете твои, каква и да вршиш, додека не те истреби и додека наскоро не те погуби поради твоите лоши дела, зашто си Ме оставил.

[21]Господ ќе испрати тогаш врз тебе и помор, додека не те истреби од земјата, во која одиш да ја наследиш.

[22]Ќе те порази Господ со истоштување, со треска, воспаление, жед и жолтица, и тие ќе те гонат додека не загинеш.

23 Os teus céus sobre a tua cabeça serão de bronze; e a terra debaixo de ti será de ferro.

24 Por chuva da tua terra, o SENHOR te dará pó e cinza; dos céus, descerá sobre ti, até que sejas destruído.

25 O SENHOR te fará cair diante dos teus inimigos; por um caminho, sairás contra eles, e, por sete caminhos, fugirás diante deles, e serás motivo de horror para todos os reinos da terra.

26 O teu cadáver servirá de pasto a todas as aves dos céus e aos animais da terra; e ninguém haverá que os espante.

27 O SENHOR te ferirá com as úlceras do Egito, com tumores, com sarna e com prurido de que não possas curar-te.

28 O SENHOR te ferirá com loucura, com cegueira e com perturbação do espírito.

29 Apalparás ao meio-dia, como o cego apalpa nas trevas, e não prosperarás nos teus caminhos; porém somente serás oprimido e roubado todos os teus dias; e ninguém haverá que te salve.

30 Desposar-te-ás com uma mulher, porém outro homem dormirá com ela; edificarás casa, porém não morarás nela; plantarás vinha, porém não a desfrutarás.

31 O teu boi será morto aos teus olhos, porém dele não comerás; o teu jumento será roubado diante de ti e não voltará a ti; as tuas ovelhas serão dadas aos teus inimigos; e ninguém haverá que te salve.

23И небото над главата твоја ќе стане бакар, а земјата под тебе – железо;

24наместо дожд Господ ќе ѝ даде на земјата твоја пепел, и прав од небото ќе паѓа: ќе паѓа врз тебе, додека не те истреби.

25Ќе те предаде Господ на непријателите твои, за да те поразат; по еден пат ќе излезеш против нив, а по седум патишта ќе бегаш од нив; и ќе бидеш расеан по сите земни царства.

26Твоите трупови ќе станат храна на сите птици небески и на ѕверовите, и не ќе има кој да ги истера.

27Ќе те порази Господ со египетска лепра, гноен чир, краста и јадеж, од кои не ќе можеш да се исцелиш;

28Ќе те порази Господ со лудило, слепило и вртоглавица.

29И ќе одиш дење со пипање, како што оди слепиот со пипање во темнината, и патот твој нема да биде прав, и тогаш ќе бидеш секогаш навредуван и ограбуван, и не ќе има кој да ти помогне.

30Ќе земеш жена, и друг ќе спие со неа; куќа ќе изградиш, и нема да живееш во неа; лозје ќе насадиш и нема да го береш.

31Твојот вол пред тебе ќе го заколат, и нема да јадеш од него, магарето ќе ти го грабнат, и нема да ти го вратат; овците твои ќе бидат дадени на

непријателите твои и ќе нема кој да ти помогне.

32 Teus filhos e tuas filhas serão dados a outro povo; os teus olhos o verão e desfalecerão de saudades todo o dia; porém a tua mão nada poderá fazer.

32 Синовите твои и ќерките твои ќе бидат предадени на друг народ; очите твои ќе гледаат и ќе чезнеат по нив, и нема да имаш сила во рацете свои.

33 O fruto da tua terra e todo o teu trabalho, comê-los-á um povo que nunca conheceste; e tu serás oprimido e quebrantado todos os dias;

33 Плодовите на земјата твоја и целиот труд твој ќе го јаде народ, кого ти не го познаваш: и ќе бидеш навредуван и измачуван преку сите денови.

34 e te enlouquecerás pelo que vires com os teus olhos.

34 Ќе бидеш избезумен од тоа, што ќе го гледаат очите твои.

35 O SENHOR te ferirá com úlceras malignas nos joelhos e nas pernas, das quais não te possas curar, desde a planta do pé até ao alto da cabeça.

35 И ќе те порази Господ со лоша проказа, во колената и во нозете, од која не ќе можеш да се излекуваш, од стапалата на нозете твои и дури до темето на главата твоја.

36 O SENHOR te levará e o teu rei que tiveres constituído sobre ti a uma gente que não conheceste, nem tu, nem teus pais; e ali servirás a outros deuses, feitos de madeira e de pedra.

36 Господ ќе те одведе тебе и царот твој, кој си го избрал, кај народ, кого не си го познавал ниту ти, ниту предците твои, и таму ќе служиш на други богови, направени од дрво и од камен;

37 Virás a ser pasmo, provérbio e motejo entre todos os povos a que o SENHOR te levará.

37 и ќе станеш таму предмет на озборување и исмејување кај сите народи, кај кои Господ ќе те одведе.

38 Lançarás muita semente ao campo; porém colherás pouco, porque o gafanhoto a consumirá.

38 Многу семе ќе фрлаш во нивата, а малку ќе собираш, зашто ќе го јадат скакулци.

39 Plantarás e cultivarás muitas vinhas, porém do seu vinho não beberás, nem colherás as uvas, porque o verme as devorará.

39 Лозја ќе садиш и ќе ги работиш, но вино нема да пиеш и нема да го береш плодот негов, зашто црв ќе го јаде.

40 Em todos os teus limites terás oliveiras; porém não te ungirás com azeite, porque as tuas azeitonas cairão.

40 Маслини ќе имаш во сите твои предели, но со масло нема да се

помажеш, бидејќи маслинките твои ќе опаѓаат.

[41] Gerarás filhos e filhas, porém não ficarão contigo, porque serão levados ao cativeiro.

[41]Синови и ќерки ќе родиш, но тие нема да останат кај тебе, зашто во плен ќе отидат.

[42] Todo o teu arvoredo e o fruto da tua terra o gafanhoto os consumirá.

[42]Сите твои дрвја и сите плодови на земјата твоја гламја ќе ги уништи.

[43] O estrangeiro que está no meio de ti se elevará mais e mais, e tu mais e mais descerás.

[43]Дојденецот, кој е кај тебе, ќе се издига над тебе сè повисоко, а ти ќе паѓаш сè пониско;

[44] Ele te emprestará a ti, porém tu não lhe emprestarás a ele; ele será por cabeça, e tu serás por cauda.

[44]тој ќе ти дава на заем, а ти нема да му даваш на заем; тој ќе биде главата, а ти ќе бидеш опашката.

[45] Todas estas maldições virão sobre ti, e te perseguirão, e te alcançarão, até que sejas destruído, porquanto não ouviste a voz do SENHOR, teu Deus, para guardares os mandamentos e os estatutos que te ordenou.

[45]Ќе дојдат врз тебе сите овие клетви, ќе те гонат и ќе те стигнат, додека не те уништат, затоа што не го послуша гласот на Господ, твојот Бог, и не ги послуша заповедите и наредбите Негови, што ти ги беше заповедал;

[46] Serão, no teu meio, por sinal e por maravilha, como também entre a tua descendência, para sempre.

[46]тие ќе бидат врз тебе и твоето потомство знак и чудо довека.

[47] Porquanto não serviste ao SENHOR, teu Deus, com alegria e bondade de coração, não obstante a abundância de tudo.

[47]Зашто ти не Му служеше на Господ, твојот Бог, со весело и радосно срце, поради изобилството во сè,

[48] Assim, com fome, com sede, com nudez e com falta de tudo, servirás aos inimigos que o SENHOR enviará contra ti; sobre o teu pescoço porá um jugo de ferro, até que te haja destruído.

[48]ти ќе му служиш на непријателот свој, што ќе ти го испрати Господ, во глад и жед, во голотија и во секаква скудност; тој ќе ти става на вратот железен јарем, додека не те уништи.

[49] O SENHOR levantará contra ti uma nação de longe, da extremidade da terra virá, como o vôo impetuoso da águia, nação cuja língua não entenderás;

[49]Ќе испрати Господ против тебе народ оддалеку, од крајот на земјата; како орел ќе се спушти народот чиј јазик ти не го разбираш,

[50] nação feroz de rosto, que não respeitará ao velho, nem se apiedará do moço.
[51] Ela comerá o fruto dos teus animais e o fruto da tua terra, até que sejas destruído; e não te deixará cereal, mosto, nem azeite, nem as crias das tuas vacas e das tuas ovelhas, até que te haja consumido.

[52] Sitiar-te-á em todas as tuas cidades, até que venham a cair, em toda a tua terra, os altos e fortes muros em que confiavas; e te sitiará em todas as tuas cidades, em toda a terra que o SENHOR, teu Deus, te deu.

[53] Comerás o fruto do teu ventre, a carne de teus filhos e de tuas filhas, que te der o SENHOR, teu Deus, na angústia e no aperto com que os teus inimigos te apertarão.
[54] O mais mimoso dos homens e o mais delicado do teu meio será mesquinho para com seu irmão, e para com a mulher do seu amor, e para com os demais de seus filhos que ainda lhe restarem;
[55] de sorte que não dará a nenhum deles da carne de seus filhos, que ele comer; porquanto nada lhe ficou de resto na angústia e no aperto com que o teu inimigo te apertará em todas as tuas cidades.
[56] A mais mimosa das mulheres e a mais delicada do teu meio, que de mimo e delicadeza não tentaria pôr a planta do pé sobre a terra, será mesquinha para com o

[50]народ бездушен, кој не сака ни старо да почитува, ниту младо да помилува,
[51]и ќе го јаде тој плодот од добитокот твој и плодот од земјата твоја; нема да ти остави ни жито, ни вино, ни масло, ниту од говедата твои, ниту од овците твои, додека не те погуби;
[52]и ќе те притеснува во сите твои градови, додека не ги разруши во твојата земја твоите високи и јаки ѕидови, на кои ти се надеваш; и ќе ти нанесе зло во сите твои градови во целата твоја земја, која Господ, твојот Бог, ти ја даде.
[53]И ти ќе го јадеш плодот на утробата своја, плотта на синовите и ќерките свои, кои Господ, твојот Бог, ти ги даде, поради опсадата и теснотијата, во која ќе те стави непријателот твој.

[54]Мекушавиот маж навикнат да живее во раскош, со безмилосно око ќе гледа на братот свој, на сака괄аната жена и на другите деца свои што ќе му останат,

[55]и нема да му даде на ниеден од нив плот од децата свои, кои тој ќе ги јаде, зашто нема да му остане ништо друго поради опсадата и притеснетоста, во кои ќе те постават непријателите твои во сите твои градови.
[56]Жена најчувствителна и најнежна меѓу вас, која поради својата нежност никогаш со нога не стапнала на земја, со безмилосно око ќе гледа на саканиот

marido de seu amor, e para com seu filho, e para com sua filha;

57 mesquinha da placenta que lhe saiu dentre os pés e dos filhos que tiver, porque os comerá às escondidas pela falta de tudo, na angústia e no aperto com que o teu inimigo te apertará nas tuas cidades.

58 Se não tiveres cuidado de guardar todas as palavras desta lei, escritas neste livro, para temeres este nome glorioso e terrível, o SENHOR, teu Deus,

59 então, o SENHOR fará terríveis as tuas pragas e as pragas de tua descendência, grandes e duradouras pragas, e enfermidades graves e duradouras;

60 fará voltar contra ti todas as moléstias do Egito, que temeste; e se apegarão a ti.

61 Também o SENHOR fará vir sobre ti toda enfermidade e toda praga que não estão escritas no livro desta Lei, até que sejas destruído.

62 Ficareis poucos em número, vós que éreis como as estrelas dos céus em multidão, porque não destes ouvidos à voz do SENHOR, vosso Deus.

63 Assim como o SENHOR se alegrava em vós outros, em fazer-vos bem e multiplicar-vos, da mesma sorte o SENHOR se alegrará em vos fazer perecer e vos destruir; sereis desarraigados da terra à qual passais para possuí-la.

64 O SENHOR vos espalhará entre todos os povos, de uma até à outra extremidade da

маж свој, на синот свој, на ќерката своја,

57и нема да им го даде последокот, што излегува меѓу бедрата нејзини, ни децата, што би ги родила; зашто, при скудноста во сè, таа ќе ги јаде тајно, во притеснетоста во која ќе те стави непријателот твој во твоите градови.

58Ако не ги пазиш и исполнуваш сите зборови од законот, напишани во оваа книга, и не се плашиш од славното и страшно име на Господ, твојот Бог,

59Господ ќе те порази тебе и твоето потомство со необични порази, со порази големи и трајни, и со болести лоши и неизлечиви;

60и ќе ги навлече врз тебе сите лоши болести египетски, од кои се плашеше, и тие ќе се залепат за тебе;

61и секаква болест и секаква проказа, во книгата на овој закон, Господ ќе испрати врз тебе, додека не те истреби;

62и ќе останете на број малкумина, а не како кога бевте многубројни колку и звездите небески, бидејќи не го слушавте гласот на Господ, вашиот Бог.

63И како што Господ се радуваше, кога ви правеше добро и ве размножуваше, така ќе се радува Господ, кога ќе ве погубува и истребува, и ќе бидете изгонети од земјата, во која одиш ти, за да ја наследиш.

64И ќе те расее Господ, по сите народи, од крајот на земјата до крајот на

terra. Servirás ali a outros deuses que não conheceste, nem tu, nem teus pais; servirás à madeira e à pedra.

земјата, и таму ќе им служиш на други богови, што не си ги знаел, ниту ти, ниту предците твои; на дрво и на камен ќе служиш.

65 Nem ainda entre estas nações descansarás, nem a planta de teu pé terá repouso, porquanto o SENHOR ali te dará coração tremente, olhos mortiços e desmaio de alma.

65Но и меѓу тие народи нема да се успокоиш, ниту ќе има место за одмор на нозете твои; и таму Господ ќе го исплаши срцето твое, ќе го ништи видот на очите твои и ќе направи да страда душата твоја;

66 A tua vida estará suspensa como por um fio diante de ti; terás pavor de noite e de dia e não crerás na tua vida.

66животот твој ќе виси пред тебе, и ќе се плашиш и дење и ноќе, и нема да бидеш сигурен за животот свој;

67 Pela manhã dirás: Ah! Quem me dera ver a noite! E, à noitinha, dirás: Ah! Quem me dera ver a manhã! Isso pelo pavor que sentirás no coração e pelo espetáculo que terás diante dos olhos.

67од стравот во срцето свое ќе се плашиш, и од тоа што ќе го видат очите твои, па наутро ќе кажеш: „О, што поскоро да се стемни!“, а навечер ќе велиш: „О, што поскоро да осамне!“

68 O SENHOR te fará voltar ao Egito em navios, pelo caminho de que te disse: Nunca jamais o verás; sereis ali oferecidos para venda como escravos e escravas aos vossos inimigos, mas não haverá quem vos compre.

68И Господ ќе те врати во Египет на кораби по оној пат, за кој ти кажав: „Ти нема повеќе да го видиш“; и таму ќе бидете продавани на непријателите свои како робови и робинки, но ќе нема кој да ве купи.

Deuteronômio 29

O Quarto Discurso de Moisés
Deus faz nova aliança com o povo

1 São estas as palavras da aliança que o SENHOR ordenou a Moisés fizesse com os filhos de Israel na terra de Moabe, além da aliança que fizera com eles em Horebe.

Последен говор на Мојсеј

69Тоа се зборовите на заветот, што Господ му заповеда на Мојсеј да го склучи со синовите на Израел во моавската земја, покрај заветот што Господ го склучи со нив на Хорив.

Повторени закони 29

Сè што Господ направи за Израел

[2] Chamou Moisés a todo o Israel e disse-lhe: Tendes visto tudo quanto o SENHOR fez na terra do Egito, perante vós, a Faraó, e a todos os seus servos, e a toda a sua terra;

[3] as grandes provas que os vossos olhos viram, os sinais e grandes maravilhas;

[4] porém o SENHOR não vos deu coração para entender, nem olhos para ver, nem ouvidos para ouvir, até ao dia de hoje.

[5] Quarenta anos vos conduzi pelo deserto; não envelheceram sobre vós as vossas vestes, nem se gastou no vosso pé a sandália.

[6] Pão não comestes e não bebestes vinho nem bebida forte, para que soubésseis que eu sou o SENHOR, vosso Deus.

[7] Quando viestes a este lugar, Seom, rei de Hesbom, e Ogue, rei de Basã, nos saíram ao encontro, à peleja, e nós os ferimos;

[8] tomamos-lhes a terra e a demos por herança aos rubenitas, e aos gaditas, e à meia tribo dos manassitas.

[9] Guardai, pois, as palavras desta aliança e cumpri-as, para que prospereis em tudo quanto fizerdes.

[10] Vós estais, hoje, todos perante o SENHOR, vosso Deus: os cabeças de vossas tribos, vossos anciãos e os vossos oficiais, todos os homens de Israel,

[1]Тогаш Мојсеј ги повика сите синови израелски и им кажа: „Вие видовте сѐ, што направи Господ пред очите ваши во египетската земја со фараонот и со сите негови слуги и со целата негова земја;

[2]имаше искушенија големи, што ги видоа очите твои, и големи знаменија и чуда,

[3]но и до ден денес Господ не ви даде срце за да разберете, очи да видите и уши да чуете.

[4]Четириесет години ве водев по пустината, и облеката не изветве на вас, и обувките не се искинаа на нозете ваши;

[5]леб не јадевте, вино и друг алкохолен пијалак не пиевте, за да познаете дека Јас сум Господ, вашиот Бог.

[6]И кога дојдовте до ова место, излезе во борба против вас хешбонскиот цар Сихон и башанскиот цар Ог, но ние ги поразивме

[7]и им ја зедовме земјата нивна и им ја дадовме во дел на Рувимовото и Гадовото колено, и на половината од Манасиевото племе.

[8]Пазете ги зборовите на овој завет и исполнувајте ги, за да имате успех во сѐ, што правите.

Значењето на заветот со Господ

[9]Сите вие стоите денес пред Господ, вашиот Бог: началниците на племињата ваши, старешините ваши, надзорниците ваши, сите Израелци,

[11] os vossos meninos, as vossas mulheres e o estrangeiro que está no meio do vosso arraial, desde o vosso rachador de lenha até ao vosso tirador de água,

[12] para que entres na aliança do SENHOR, teu Deus, e no juramento que, hoje, o SENHOR, teu Deus, faz contigo;

[13] para que, hoje, te estabeleça por seu povo, e ele te seja por Deus, como te tem prometido, como jurou a teus pais, Abraão, Isaque e Jacó.

[14] Não é somente convosco que faço esta aliança e este juramento,

[15] porém com aquele que, hoje, aqui, está conosco perante o SENHOR, nosso Deus, e também com aquele que não está aqui, hoje, conosco.

[16] Porque vós sabeis como habitamos na terra do Egito e como passamos pelo meio das nações pelas quais viestes a passar;

[17] vistes as suas abominações e os seus ídolos, feitos de madeira e de pedra, bem como vistes a prata e o ouro que havia entre elas;

[18] para que, entre vós, não haja homem, nem mulher, nem família, nem tribo cujo coração, hoje, se desvie do SENHOR, nosso Deus, e vá servir aos deuses destas nações; para que não haja entre vós raiz que produza erva venenosa e amarga,

[19] ninguém que, ouvindo as palavras desta maldição, se abençoe no seu íntimo, dizendo: Terei paz, ainda que ande na

[10]децата ваши, жените ваши и дојденците, кои се во вашата населба, од дрварот ваш до водоносецот ваш,

[11]за да влезете во завет со Господ, вашиот Бог, и во клетвен договор со Него, каков што Господ, твојот Бог, денес склучува со тебе,

[12]за да те направи денес Свој народ, и да ти биде Бог, како што им се заколна на предците твои Авраам, Исак и Јаков.

[13]Не само со вас единствено го заветувам овој завет и овој клетвен договор,

[14]туку, како со оние што денес се со нас, така и со оние што денес не стојат овде со нас пред Господ, нашиот Бог.

[15]Зашто вие знаете, како живеевме во египетската земја и како одевме сред народите, низ кои минавте,

[16]и ги видовте одвратностите нивни и идолите нивни, дрвени и камени, сребрени и златни, што се кај нив.

[17]Да нема меѓу вас маж или жена, род или племе, чие срце би се отстранило од Господ, вашиот Бог, та да оди да им служи на боговите на оние народи; да нема меѓу вас корен, што ќе дава пелин и отров;

[18]и ако некој, кој, откако ќе ги чуе зборовите на оваа клетва, се пофали во срцето свое и каже: ‚добро ќе ми биде,

perversidade do meu coração, para acrescentar à sede a bebedice.

[20] O SENHOR não lhe quererá perdoar; antes, fumegará a ira do SENHOR e o seu zelo sobre tal homem, e toda maldição escrita neste livro jazerá sobre ele; e o SENHOR lhe apagará o nome de debaixo do céu.

[21] O SENHOR o separará de todas as tribos de Israel para calamidade, segundo todas as maldições da aliança escrita neste Livro da Lei.

[22] Então, dirá a geração vindoura, os vossos filhos, que se levantarem depois de vós, e o estrangeiro que virá de terras longínquas, vendo as pragas desta terra e as suas doenças, com que o SENHOR a terá afligido,

[23] e toda a sua terra abrasada com enxofre e sal, de sorte que não será semeada, e nada produzirá, nem crescerá nela erva alguma, assim como foi a destruição de Sodoma e de Gomorra, de Admá e de Zeboim, que o SENHOR destruiu na sua ira e no seu furor,

[24] isto é, todas as nações dirão: Por que fez o SENHOR assim com esta terra? Qual foi a causa do furor de tamanha ira?

[25] Então, se dirá: Porque desprezaram a aliança que o SENHOR, Deus de seus pais, fez com eles, quando os tirou do Egito;

иако одам по желбите на срцето свое‘, и ако завлече со себе и други во идолопоклонство,

[19]на таков Господ нема да му прости, но гневот и ревноста на Господ ќе се разгорат веднаш против тој човек, а врз него ќе падне целата клетва од овој завет, напишана во оваа книга, и Господ ќе го избрише името негово под небото;

[20]и ќе го оддели Господ од сите племиња израелски за погубување, според сите клетви на заветот, напишани во оваа книга на законот.

Господ ќе ги изврши Своите закани

[21]Тогаш подоцнежното поколение, децата ваши што ќе настанат по вас, и туѓинецот, што ќе дојде од далечна земја, откако ќе ги видат поразиите на таа земја и болестите што Господ ги испратил врз неа, ќе речат:

[22]сулфур, сол и пожариште е целата земја; на неа не може да се сее, ниту ќе роди, ниту ќе никне на неа некаква трева, како што стана во Содом, Гомора, Адма и Цевоим, кои Господ ги уништи во гневот Свој и јароста Своја.

[23]Тогаш ќе кажат сите народи: ‚Зошто Господ постапил така со таа земја? Колку е голема јароста на гневот Негов!‘

[24]И ќе одговорат: ‚Затоа што го оставија заветот на Господ, Бог на предците свои, што го воспостави со нив, кога ги изведе од египетската земја,

[26] e se foram, e serviram a outros deuses, e os adoraram; deuses que não conheceram e que ele não lhes havia designado.

[27] Pelo que a ira do SENHOR se acendeu contra esta terra, trazendo sobre ela toda a maldição que está escrita neste livro.

[28] O SENHOR os arrancou, com ira, de sua terra, mas também com indignação e grande furor, e os lançou para outra terra, como hoje se vê.

[29] As coisas encobertas pertencem ao SENHOR, nosso Deus, porém as reveladas nos pertencem, a nós e a nossos filhos, para sempre, para que cumpramos todas as palavras desta lei.

Deuteronômio 30

Promessas de misericórdia

[1] Quando, pois, todas estas coisas vierem sobre ti, a bênção e a maldição que pus diante de ti, se te recordares delas entre todas as nações para onde te lançar o SENHOR, teu Deus;

[2] e tornares ao SENHOR, teu Deus, tu e teus filhos, de todo o teu coração e de toda a tua alma, e deres ouvidos à sua voz, segundo tudo o que hoje te ordeno,

[3] então, o SENHOR, teu Deus, mudará a tua sorte, e se compadecerá de ti, e te ajuntará, de novo, de todos os povos entre os quais te havia espalhado o SENHOR, teu Deus.

[25]и отидоа да им служат на други богови и да им се поклонуваат ним, кои тие не ги знаеја, и кои Тој не им ги беше определил.

[26]Поради тоа се разгори гневот на Господ врз таа земја, и Тој ги испрати врз неа сите клетви, напишани во оваа книга;

[27]и ги сотре Господ од земјата нивна во гнев, јарост и голема лутина, и ги исфрли на друга земја, како што денес гледаме.‘

[28]Она што е тајно, Му припаѓа на Господ, нашиот Бог, а она што е јавно – нам и на синовите наши довека, за да ги извршуваме сите зборови на овој закон.“

Повторени закони 30

Израел ќе Му се врати на Господ

[1]Кога ќе се збиднат врз тебе сите тие зборови – благословите и клетвите, што ти ги изложив, и ти ќе ги земеш при срце кај сите народи, меѓу кои ќе те расее Господ, твојот Бог,

[2]и од сето срце и од сета душа своја ќе се обратиш кон Господ, твојот Бог, и ќе го послушаш гласот Негов ти и синовите твои, како што ти заповедам денес, –

[3]тогаш Господ, твојот Бог, ќе ти ги врати сите твои изгнаници, ќе се смили над тебе, и пак ќе те собере од сите народи, меѓу кои те расеал Господ, твојот Бог.

[4] Ainda que os teus desterrados estejam para a extremidade dos céus, desde aí te ajuntará o SENHOR, teu Deus, e te tomará de lá.

[5] O SENHOR, teu Deus, te introduzirá na terra que teus pais possuíram, e a possuirás; e te fará bem e te multiplicará mais do que a teus pais.

[6] O SENHOR, teu Deus, circuncidará o teu coração e o coração de tua descendência, para amares o SENHOR, teu Deus, de todo o coração e de toda a tua alma, para que vivas.

[7] O SENHOR, teu Deus, porá todas estas maldições sobre os teus inimigos e sobre os teus aborrecedores, que te perseguiram.

[8] De novo, pois, darás ouvidos à voz do SENHOR; cumprirás todos os seus mandamentos que hoje te ordeno.

[9] O SENHOR, teu Deus, te dará abundância em toda obra das tuas mãos, no fruto do teu ventre, no fruto dos teus animais e no fruto da tua terra e te beneficiará; porquanto o SENHOR tornará a exultar em ti, para te fazer bem, como exultou em teus pais;

[10] se deres ouvidos à voz do SENHOR, teu Deus, guardando os seus mandamentos e os seus estatutos, escritos neste Livro da Lei, se te converteres ao SENHOR, teu

[4]Макар и да бидеш растурен од крајот на небото па сè до крајот на небото и оттаму ќе те собере Господ, твојот Бог, и оттаму ќе те земе,

[5]и оттаму ќе те доведе Господ, твојот Бог, во земјата, што ја владееле твоите предци, и ќе ја наследиш, и ќе ти направи Господ добро и ќе те умножи повеќе од прадедовците твои;

[6]и ќе го очисти Господ срцето твое и срцето на потомството твое, за да Го сакаш Господа, твојот Бог, од сè срце и со сета душа своја, за да живееш;

[7]тогаш, Господ, твојот Бог, ќе ги префрли сите овие клетви на непријателите твои и на оние, што те мразеа и што те гонеа;

[8]и ти ќе се обратиш и ќе го слушаш гласот на Господ, и ќе ги исполнуваш сите заповеди Негови, што ти ги заповедам денес;

[9]и ќе те благослови Господ, твојот Бог со изобилство во секоја работа на рацете твои, во плодот на утробата твоја, во плодот на добитокот твој, во родот на земјата твоја; зашто Господ, одново ќе се сврти кон тебе и ќе ти се радува, правејќи ти добро, како што се радуваше на предците твои,

[10]само ако го слушаш гласот на Господ, твојот Бог, и ги извршуваш сите заповеди и наредби Негови, напишани во книгата на овој закон, и ако се свр-

Deus, de todo o teu coração e de toda a tua alma.

тиш кон Господ, твојот Бог, со сето срце свое и со сета душа своја.

11 Porque este mandamento que, hoje, te ordeno não é demasiado difícil, nem está longe de ti.

Заповедта Божја не е далеку

11Зашто оваа заповед, што денес ти ја давам, не е тешка за тебе, ниту е далеку од тебе.

12 Não está nos céus, para dizeres: Quem subirá por nós aos céus, que no-lo traga e no-lo faça ouvir, para que o cumpramos?

12Таа не е на небото, за да може да се каже: „Кој од нас би се воздигнал на небото и би ни ја земал и донел да ја чуеме, та да ја исполниме?“;

13 Nem está além do mar, para dizeres: Quem passará por nós além do mar que no-lo traga e no-lo faça ouvir, para que o cumpramos?

13ниту е преку море, за да може да се каже: „Кој од нас би отишол преку море и би ни ја земал и дал да ја чуеме, та да ја исполниме?“

14 Pois esta palavra está mui perto de ti, na tua boca e no teu coração, para a cumprires.

14Но оваа заповед е многу блиску до тебе: таа е во устата твоја и во срцето твое, за да ја исполнуваш.

A vida ou a morte

15 Vê que proponho, hoje, a vida e o bem, a morte e o mal;

Да се избере животот

15Ете, јас денес ти предложив живот и добро, смрт и зло.

16 se guardares o mandamento que hoje te ordeno, que ames o SENHOR, teu Deus, andes nos seus caminhos, e guardes os seus mandamentos, e os seus estatutos, e os seus juízos, então, viverás e te multiplicarás, e o SENHOR, teu Deus, te abençoará na terra à qual passas para possuí-la.

16Ако ги слушаш заповедите на Господ, твојот Бог, што денес ти ги давам, – да Го сакаш Господа, твојот Бог, да одиш по сите патишта Негови и да ги извршуваш заповедите и законите Негови, – тогаш ќе живееш и ќе се намножиш, и Господ, твојот Бог, ќе те благослови во земјата, во која одиш, за да ја наследиш;

17 Porém, se o teu coração se desviar, e não quiseres dar ouvidos, e fores seduzido, e te inclinares a outros deuses, e os servires,

17ако, пак, се одврати срцето твое, и не послушаш, и се заблудиш, па почнеш да им се поклонуваш на други богови и да им служиш,

18 então, hoje, te declaro que, certamente, perecerás; não permanecerás longo tempo

18тогаш, ви јавувам денес, дека ќе загинете и нема долго да останете на

na terra à qual vais, passando o Jordão, para a possuíres.

[19] Os céus e a terra tomo, hoje, por testemunhas contra ti, que te propus a vida e a morte, a bênção e a maldição; escolhe, pois, a vida, para que vivas, tu e a tua descendência,

[20] amando o SENHOR, teu Deus, dando ouvidos à sua voz e apegando-te a ele; pois disto depende a tua vida e a tua longevidade; para que habites na terra que o SENHOR, sob juramento, prometeu dar a teus pais, Abraão, Isaque e Jacó.

земјата, поради која ќе го минете Јордан, за да ја наследите.

[19]Сведоци ми се небото и земјата: живот и смрт ти предложив јас, благослов и проклетство. Избери го животот, за да живееш ти и потомството твое:

[20]да Го сакаш Господа, твојот Бог, да го слушаш гласот Негов и да се приврзеш кон Него, зашто во тоа е твојот живот и долговечност; така ти ќе живееш на земјата, за која Господ им се беше заколнал на предците твои – Авраам, Исак и Јаков – дека ќе им ја даде.

Deuteronômio 31

As Últimas Disposições
Josué, sucessor de Moisés

[1] Passou Moisés a falar estas palavras a todo o Israel

[2] e disse-lhes: Sou, hoje, da idade de cento e vinte anos. Já não posso sair e entrar, e o SENHOR me disse: Não passarás o Jordão.

[3] O SENHOR, teu Deus, passará adiante de ti; ele destruirá estas nações de diante de ti, e tu as possuirás; Josué passará adiante de ti, como o SENHOR tem dito.

[4] O SENHOR lhes fará como fez a Seom e a Ogue, reis dos amorreus, os quais destruiu, bem como a sua terra.

[5] Quando, pois, o SENHOR vos entregar estes povos diante de vós, então, com eles fareis segundo todo o mandamento que vos tenho ordenado.

Повторени закони 31

Збогувањата и смртта на Мојсеј
Исус определен за наследник на Мојсеј

[1]Уште им кажа Мојсеј на сите синови израелски,

[2]велејќи: „Сега сум на сто и дваесет години; не можам веќе да излегувам и да влегувам, и Господ ми рече: ‚ти нема да го минеш Јордан,

[3]Господ, твојот Бог, Сам ќе тргне пред тебе; Тој ќе ги истреби тие народи пред тебе, и ти ќе ги наследиш; Исус ќе тргне пред тебе, како што рече Господ;‘

[4]и ќе постапи Господ со нив така како што постапи со Сихон и со Ог, цареви аморејски, и со земјите нивни, кои Тој ги уништи;

[5]и ќе ви ги предаде Господ, и вие ќе постапите со нив според заповедите, што ви ги дадов.

[6] Sede fortes e corajosos, não temais, nem vos atemorizeis diante deles, porque o SENHOR, vosso Deus, é quem vai convosco; não vos deixará, nem vos desamparará.

[7] Chamou Moisés a Josué e lhe disse na presença de todo o Israel: Sê forte e corajoso; porque, com este povo, entrarás na terra que o SENHOR, sob juramento, prometeu dar a teus pais; e tu os farás herdá-la.

[8] O SENHOR é quem vai adiante de ti; ele será contigo, não te deixará, nem te desamparará; não temas, nem te atemorizes.

A lei deve ser lida ao povo de sete em sete anos

[9] Esta lei, escreveu-a Moisés e a deu aos sacerdotes, filhos de Levi, que levavam a arca da Aliança do SENHOR, e a todos os anciãos de Israel.

[10] Ordenou-lhes Moisés, dizendo: Ao fim de cada sete anos, precisamente no ano da remissão, na Festa dos Tabernáculos,

[11] quando todo o Israel vier a comparecer perante o SENHOR, teu Deus, no lugar que este escolher, lerás esta lei diante de todo o Israel.

[12] Ajuntai o povo, os homens, as mulheres, os meninos e o estrangeiro que está dentro da vossa cidade, para que ouçam, e aprendam, e temam o SENHOR, vosso Deus, e cuidem de cumprir todas as palavras desta lei;

[13] para que seus filhos que não a souberem ouçam e aprendam a temer o SENHOR,

[6]Бидете цврсти и храбри, не плашете се и не ужасувајте се од нив, зашто Господ, твојот Бог, Самиот ќе тргне пред вас, и нема да отстапи од тебе и нема да те остави.“

[7]Тогаш Мојсеј го повика Исус и пред сите Израелци му кажа: „Биди цврст и храбар, зашто ти ќе влезеш со овој народ во земјата, за која Господ им се заколна на предците ваши дека ќе им ја даде; и ти ќе им ја разделиш на делови.

[8]И Господ ќе тргне Самиот со тебе, Самиот ќе биде со тебе, нема да отстапи од тебе и нема да те остави: не плаши се и не ужасувај се.“

Јавно читање на законот

[9]И ги напиша Мојсеј овие заповеди од законот и им ги предаде на свештениците, потомци Левиеви, кои го носеа ковчегот на заветот Господов, и на сите старешини израелски.

[10]И им завешта Мојсеј, велејќи: „По седум години, во прошталната година, на празникот Сеници,

[11]кога целиот Израел ќе дојде да се јави пред Господ, твојот Бог, на место што ќе го одбере Тој, прочитајте го гласно овој закон пред целиот народ;

[12]собери го народот – мажите, жените, децата и дојденците, што се наоѓаат во градовите ваши, за да чујат и да се научат да се плашат од Господ, вашиот Бог, и да се трудат да ги исполнуваат сите заповеди од овој закон;

[13]и синовите нивни, кои не го знаат тоа, ќе чујат и ќе се научат да се плашат од

vosso Deus, todos os dias que viverdes sobre a terra à qual ides, passando o Jordão, para a possuir.

A futura rebeldia de Israel

14 Disse o SENHOR a Moisés: Eis que os teus dias são chegados, para que morras; chama Josué, e apresentai-vos na tenda da congregação, para que eu lhe dê ordens. Assim, foram Moisés e Josué e se apresentaram na tenda da congregação.

15 Então, o SENHOR apareceu, ali, na coluna de nuvem, a qual se deteve sobre a porta da tenda.

16 Disse o SENHOR a Moisés: Eis que estás para dormir com teus pais; e este povo se levantará, e se prostituirá, indo após deuses estranhos na terra para cujo meio vai, e me deixará, e anulará a aliança que fiz com ele.

17 Nesse dia, a minha ira se acenderá contra ele; desampará-lo-ei e dele esconderei o rosto, para que seja devorado; e tantos males e angústias o alcançarão, que dirá naquele dia: Não nos alcançaram estes males por não estar o nosso Deus no meio de nós?

18 Esconderei, pois, certamente, o rosto naquele dia, por todo o mal que tiverem feito, por se haverem tornado a outros deuses.

19 Escrevei para vós outros este cântico e ensinai-o aos filhos de Israel; ponde-o na sua boca, para que este cântico me seja por testemunha contra os filhos de Israel.

Господ, вашиот Бог, преку сите денови, додека живеете во земјата, за која ќе го минете Јордан, за да ја наследите.“

Израел – непослушен кон Бога

14И му рече Господ на Мојсеј: „Ете, твоите денови се приближија до смртта; повикај го Исус, и дојдете во скинијата на собранието, и Јас ќе му дадам заповед!“ И дојде Мојсеј со Исус, и застана во скинијата на собранието.

15И се јави во скинијата Господ во облаков столб, и застана облаковиот столб при влезот од скинијата.

16И му рече Господ на Мојсеј: „Ете, ти ќе се прибереш кај предците свои, а овој народ ќе почне да се заблудува по туѓите богови на онаа земја, во која оди, ќе Ме остави и ќе го наруши заветот Мој, што го воспоставив со нив;

17и ќе се разгори јароста Моја против него во овој ден, а Јас ќе ги оставам и ќе го сокријам лицето Свое од нив, и тој ќе биде истребен, и ќе го снајдат многу несреќи и жалости, и ќе речат во тој ден: ‚бидејќи не е Господ Бог меѓу нас, нѐ снајдоа овие зла.‘

18А Јас ќе го сокријам лицето Мое во оној ден поради сите негови беззаконија, што ќе ги направи, бидејќи ќе се обрати кон туѓи богови.

19А сега, напишете ја оваа песна, научете ги синовите израелски на неа и ставете им ја во устата нивна, за да Ми биде таа песна сведоштво меѓу синовите на Израел;

[20] Quando eu tiver introduzido o meu povo na terra que mana leite e mel, a qual, sob juramento, prometi a seus pais, e, tendo ele comido, e se fartado, e engordado, e houver tornado a outros deuses, e os houver servido, e me irritado, e anulado a minha aliança;

[20]зашто Јас ќе ги воведам во земја, каде што тече мед и млеко, како што им се заколнав на предците; тие ќе јадат и ќе се наситат, ќе се здебелат и ќе се обратат кон туѓи богови и ќе им служат, а Мене ќе ме разгневат и ќе го нарушат заветот Мој;

[21] e, quando o tiverem alcançado muitos males e angústias, então, este cântico responderá contra ele por testemunha, pois a sua descendência, sempre, o trará na boca; porquanto conheço os desígnios que, hoje, estão formulando, antes que o introduza na terra que, sob juramento, prometi.

[21]и кога ќе ги снајдат многу несреќи и жалости, таа песна ќе биде против нив како сведоштво, бидејќи таа нема да излезе од устата на потомството нивно. Јас ги знам мислите нивни, што ги имаат, сега, уште пред да ги воведам во земјата, за која им се заколнав.“

[22] Assim, Moisés, naquele mesmo dia, escreveu este cântico e o ensinou aos filhos de Israel.

[22]И во оној ден ја напиша Мојсеј таа песна и ги научи синовите израелски на неа.

[23] Ordenou o SENHOR a Josué, filho de Num, e disse: Sê forte e corajoso, porque tu introduzirás os filhos de Israel na terra que, sob juramento, lhes prometi; e eu serei contigo.

[23]И му заповеда Господ на Исус, синот Навинов, и му рече: „Биди цврст и храбар, зашто ти ќе ги воведеш синовите на Израел во земјата, за која им се заколнав. Јас ќе бидам со тебе.“

O Livro da Lei posto ao lado da arca

[24] Tendo Moisés acabado de escrever, integralmente, as palavras desta lei num livro,

[24]А кога Мојсеј ги напиша во книга сите зборови од овој закон сè до крајот,

[25] deu ordem aos levitas que levavam a arca da Aliança do SENHOR, dizendo:

[25]им заповеда на левитите, кои го носеа ковчегот на заветот Господов, велејќи:

[26] Tomai este Livro da Lei e ponde-o ao lado da arca da Aliança do SENHOR, vosso Deus, para que ali esteja por testemunha contra ti.

[26]„Земете ја оваа книга на законот и ставете ја покрај ковчегот на заветот на Господ, вашиот Бог; и таа ќе биде таму сведоштво против тебе;

[27] Porque conheço a tua rebeldia e a tua dura cerviz. Pois, se, vivendo eu, ainda hoje, convosco, sois rebeldes contra o

[27]зашто јас ја знам твојата упорност и твојата тврдоглавост; ете и сега, кога

SENHOR, quanto mais depois da minha morte?

28 Ajuntai perante mim todos os anciãos das vossas tribos e vossos oficiais, para que eu fale aos seus ouvidos estas palavras e contra eles, por testemunhas, tomarei os céus e a terra.

29 Porque sei que, depois da minha morte, por certo, procedereis corruptamente e vos desviareis do caminho que vos tenho ordenado; então, este mal vos alcançará nos últimos dias, porque fareis mal perante o SENHOR, provocando-o à ira com as obras das vossas mãos.

O cântico de Moisés

30 Então, Moisés pronunciou, integralmente, as palavras deste cântico aos ouvidos de toda a congregação de Israel:

Deuteronômio 32

1 Inclinai os ouvidos, ó céus, e falarei; e ouça a terra as palavras da minha boca.

2 Goteje a minha doutrina como a chuva, destile a minha palavra como o orvalho, como chuvisco sobre a relva e como gotas de água sobre a erva.

3 Porque proclamarei o nome do SENHOR. Engrandecei o nosso Deus.

4 Eis a Rocha! Suas obras são perfeitas, porque todos os seus caminhos são juízo; Deus é fidelidade, e não há nele injustiça; é justo e reto.

живеам со вас, вие сте упорни пред Господ; а колку повеќе по смртта моја?

28Соберете ги кај мене сите ваши началници на племињата, и надзорниците свои, и јас ќе им ги кажам гласно овие зборови, а сведоци ќе ми бидат небото и земјата.

29Зашто знам дека по смртта моја вие ќе вршите беззаконија и ќе отстапите од патот, што ви го заповедав, и подоцна ќе ве снајдат незгоди, затоа што ќе правите зло пред Господ, разгневувајќи Го со делата на рацете ваши.“

30И Мојсеј ги кажа гласно пред целото израелско општество зборовите на таа песна до крај.

Повторени закони 32

Песната Мојсеева

1Внимавај, небо, јас ќе говорам; и нека ги слуша земјата зборовите од устата моја.

2Да се разлее како дожд поуката моја, како роса да падне говорот мој: како ситен дожд на зеленило, како пороен дожд на трева.

3Името Господово ќе го прославувам; воздајте Му слава на нашиот Бог!

4Тој е тврдина; совршени се делата Негови, а патиштата Негови – праведни; Бог е верен и нема неправда во Него; Тој е праведен и вистинит;

[5] Procederam corruptamente contra ele, já não são seus filhos, e sim suas manchas; é geração perversa e deformada.

[5]но тие станаа и згрешија пред Него; тоа не се Негови чеда поради пороците нивни; род дрзок и развратен.

[6] É assim que recompensas ao SENHOR, povo louco e ignorante? Não é ele teu pai, que te adquiriu, te fez e te estabeleceu?

[6]Тоа ли Му го возвраќате на Господ, народе глупав и безумен? Нели е Тој твој Отец, Кој те создаде, те усвои и те издигна?

[7] Lembra-te dos dias da antiguidade, atenta para os anos de gerações e gerações; pergunta a teu pai, e ele te informará, aos teus anciãos, e eles to dirão.

[7]Сети се на старите денови, помисли за годините на поранешните поколенија; прашај го татко си – и тој ќе ти каже, старците свои – и тие ќе ти речат.

[8] Quando o Altíssimo distribuía as heranças às nações, quando separava os filhos dos homens uns dos outros, fixou os limites dos povos, segundo o número dos filhos de Israel.

[8]Кога Севишниот го разделуваше наследството на народите и ги раселуваше синовите човечки, тогаш стави граници меѓу народите според бројот на синовите израелски,

[9] Porque a porção do SENHOR é o seu povo; Jacó é a parte da sua herança.

[9]зашто делот на Господ е Неговиот народ; Јаков е наследството Негово добиено со ждрепка.

[10] Achou-o numa terra deserta e num ermo solitário povoado de uivos; rodeou-o e cuidou dele, guardou-o como a menina dos olhos.

[10]Тој го најде во пустината, во земја дива и пуста, го заштитуваше, се грижеше за него, го чуваше како зеницата на окото свое;

[11] Como a águia desperta a sua ninhada e voeja sobre os seus filhotes, estende as asas e, tomando-os, os leva sobre elas,

[11]како што орелот бдее над гнездото свое, летајќи над своите орлиња, ги раширува крилјата свои, ги зема и ги носи на перјата свои,

[12] assim, só o SENHOR o guiou, e não havia com ele deus estranho.

[12]така Господ Самиот го водеше, и немаше со Него туѓ бог.

[13] Ele o fez cavalgar sobre os altos da terra, comer as messes do campo, chupar mel da rocha e azeite da dura pederneira,

[13]Тој го искачи на височините земни, го заситуваше со полски плодови и го хранеше со мед од камен и масло од тврда карпа;

[14] coalhada de vacas e leite de ovelhas, com a gordura dos cordeiros, dos carneiros que pastam em Basã e dos bodes, com o mais escolhido trigo; e bebeste o sangue das uvas, o mosto.

[15] Mas, engordando-se o meu amado, deu coices; engordou-se, engrossou-se, ficou nédio e abandonou a Deus, que o fez, desprezou a Rocha da sua salvação.

[16] Com deuses estranhos o provocaram a zelos, com abominações o irritaram.

[17] Sacrifícios ofereceram aos demônios, não a Deus; a deuses que não conheceram, novos deuses que vieram há pouco, dos quais não se estremeceram seus pais.

[18] Olvidaste a Rocha que te gerou; e te esqueceste do Deus que te deu o ser.

[19] Viu isto o SENHOR e os desprezou, por causa da provocação de seus filhos e suas filhas;

[20] e disse: Esconderei deles o rosto, verei qual será o seu fim; porque são raça de perversidade, filhos em quem não há lealdade.

[21] A zelos me provocaram com aquilo que não é Deus; com seus ídolos me provocaram à ira; portanto, eu os provocarei a zelos com aquele que não é povo; com louca nação os despertarei à ira.

[22] Porque um fogo se acendeu no meu furor e arderá até ao mais profundo do

[14]со кравјо масло и овчо млеко, и со лој од јагниња, со башански овни и козли, со најдобро жито и со најдобро вино.

[15]И стана дебел Јешурун, дебел и тврдоглав: се згои, се здебели и прошири, Го остави Бога, Кој го создаде, отстапи од Бога, Спасителот свој.

[16]Со туѓи богови Го раздразнија и со одвратностите Го разгневија:

[17]им принесуваа жртва на злите духови, а не на Бога; на боговите, што не ги познаваа, на боговите нови и непознати, кои предците ваши не ги знаеја.

[18]А покровителот, кој те родил, ти Го остави, и Бога, Кој те создал, Го заборави.

[19]И Господ виде, па се разгневи и ги отфрли синовите Свои и ќерките Свои,

[20]и рече: „Ќе го свртам лицето Свое од нив и ќе го видам крајот нивни: бидејќи тие се развратен род, синови, во кои нема верност;

[21]со лажни богови ја предизвикаа Мојата ревност, со идоли тие Ме разгневија, и јас ќе ја повредам нивната гордост со безвредни луѓе, со ништо и никаков народ Јас ќе ги разгневам;

[22]зашто оган се разгори од јароста Моја; продира тој сè до пеколот вечен,

inferno, consumirá a terra e suas messes e abrasará os fundamentos dos montes.

ја јаде земјата и плодовите нејзини, основите планински ги фрла во оган;

23 Amontoarei males sobre eles; as minhas setas esgotarei contra eles.

23ќе испратам врз нив големи несреќи, стрелите Свои против нив ќе ги насочам:

24 Consumidos serão pela fome, devorados pela febre e peste violenta; e contra eles enviarei dentes de feras e ardente peçonha de serpentes do pó.

24од глад исцрпени, молњи ќе ги ништат и болести смртоносни, против нив ќе испратам ѕверски заби и отров од влекачи земни;

25 Fora devastará a espada, em casa, o pavor, tanto ao jovem como à virgem, tanto à criança de peito como ao homem encanecido.

25надвор од меч ќе умираат, а во домовите нивни – од ужас. Смрт ќе поразува момче и девојка, побелен старец и доенче мало.

26 Eu teria dito: Por todos os cantos os espalharei e farei cessar a sua memória dentre os homens,

26Јас реков: во прав ќе ги сторам, споменот за нив меѓу луѓето, Јас ќе го збришам;

27 se eu não tivesse receado a provocação do inimigo, para que os seus adversários não se iludam, para que não digam: A nossa mão tem prevalecido, e não foi o SENHOR quem fez tudo isto.

27само се плашев од злобата непријателска; да не се излажат противниците негови, па да кажат: ‚Победата е наша; не е тоа од Господовата рака направено!'

28 Porque o meu povo é gente falta de conselhos, e neles não há entendimento.

28Зашто се сој безрасуден, народ без ум.

29 Tomara fossem eles sábios! Então, entenderiam isto e atentariam para o seu fim.

29Само малку ум да имаа, лесно ќе ја сфатеа иднината своја;

30 Como poderia um só perseguir mil, e dois fazerem fugir dez mil, se a sua Rocha lhos não vendera, e o SENHOR lhos não entregara?

30‚Како би можел еден да гони илјада и двајца – десет илјади, ако нивниот Бог не би ги предал, и Господ не би ги дал!

31 Porque a rocha deles não é como a nossa Rocha; e os próprios inimigos o atestam.

31Зашто нивните богови не се како нашиот Бог; непријателите наши се осудени.'

32 Porque a sua vinha é da vinha de Sodoma e dos campos de Gomorra; as suas

32Зашто лозјето им е од содомска лоза, и од полињата гоморски; грозјето им е

uvas são uvas de veneno, seus cachos, amargos;
[33] o seu vinho é ardente veneno de répteis e peçonha terrível de víboras.
[34] Não está isto guardado comigo, selado nos meus tesouros?
[35] A mim me pertence a vingança, a retribuição, a seu tempo, quando resvalar o seu pé; porque o dia da sua calamidade está próximo, e o seu destino se apressa em chegar.
[36] Porque o SENHOR fará justiça ao seu povo e se compadecerá dos seus servos, quando vir que o seu poder se foi, e já não há nem escravo nem livre.
[37] Então, dirá: Onde estão os seus deuses? E a rocha em quem confiavam?
[38] Deuses que comiam a gordura de seus sacrifícios e bebiam o vinho de suas libações? Levantem-se eles e vos ajudem, para que haja esconderijo para vós outros!
[39] Vede, agora, que Eu Sou, Eu somente, e mais nenhum deus além de mim; eu mato e eu faço viver; eu firo e eu saro; e não há quem possa livrar alguém da minha mão.
[40] Levanto a mão aos céus e afirmo por minha vida eterna:
[41] se eu afiar a minha espada reluzente, e a minha mão exercitar o juízo, tomarei vingança contra os meus adversários e retribuirei aos que me odeiam.
[42] Embriagarei as minhas setas de sangue (a minha espada comerá carne), do sangue

отровно грозје, гроздовите им се горчливи;
[33]отров змиски е нивното вино, од аспида отров погубен.
[34]Не е ли сето тоа сокриено во Мене? Не е ли запечатено во Моите сокровишта?
[35]Моја е одмаздата и моја наградата, кога ќе им се затресе ногата нивна, зашто денот на загинувањето нивно е блиску, брзо ќе настапи подготвеното за нив.
[36]Но Господ ќе го оправда Својот народ, и ќе се смили над слугите Свои, кога ќе ги види ослабени, беспомошни и изнемоштени.
[37]И ќе рече тогаш Господ: ‚Каде се боговите нивни, каде е карпата зад која се засолнуваа?
[38]Каде се оние кои јадеа лој од жртвите нивни и кои пиеја вино од преливите за нив? Камо да воскреснат, па да ви помогнат и да ви бидат заштита?
[39]И ете, видете сега дека тоа сум Јас; Јас сум и нема друг Бог, освен Мене: Јас уништувам и Јас оживувам, Јас ранувам и Јас лекувам, и нема таков кој може да избави од раката Моја.
[40]Ја кренав кон небото раката Своја и велам: – жив сум довека!
[41]Кога ќе го наострам Мојот блескав меч, и раката Моја го прими судот, ќе им се одмаздам на непријателите Мои и ќе им платам на оние што Ме мразат;
[42]ќе ги напојам стрелите Свои со крв, и мечот Мој ќе се насити со месо, со

dos mortos e dos prisioneiros, das cabeças cabeludas do inimigo.

43 Louvai, ó nações, o seu povo, porque o SENHOR vingará o sangue dos seus servos, tomará vingança dos seus adversários e fará expiação pela terra do seu povo.

44 Veio Moisés e falou todas as palavras deste cântico aos ouvidos do povo, ele e Josué, filho de Num.

45 Tendo Moisés falado todas estas palavras a todo o Israel,

46 disse-lhes: Aplicai o coração a todas as palavras que, hoje, testifico entre vós, para que ordeneis a vossos filhos que cuidem de cumprir todas as palavras desta lei.

47 Porque esta palavra não é para vós outros coisa vã; antes, é a vossa vida; e, por esta mesma palavra, prolongareis os dias na terra à qual, passando o Jordão, ides para a possuir.

O Último Dia da Vida de Moisés
Moisés vê do monte Nebo a terra de Canaã

48 Naquele mesmo dia, falou o SENHOR a Moisés, dizendo:

49 Sobe a este monte de Abarim, ao monte Nebo, que está na terra de Moabe, defronte de Jericó, e vê a terra de Canaã, que aos filhos de Israel dou em possessão.

50 E morrerás no monte, ao qual terás subido, e te recolherás ao teu povo, como Arão, teu irmão, morreu no monte Hor e se recolheu ao seu povo,

крвта од убиените и заробените, од главите на непријателските кнезови.‘

43Величајте го, незнабошци народот негов! Зашто Тој ќе се одмазди за крвта на слугите Свои, ќе им се одмазди на непријателите Свои, и ќе ја очисти земјата Своја и народот Свој!“

44И се приближи Мојсеј до народот и ги кажа гласно сите зборови од оваа песна пред народот, тој и Осија, синот Навинов.

45Откако Мојсеј ги кажа сите тие зборови пред целиот Израел,

46им рече: „Внесете ги во срцето сите зборови, што ви ги кажав денес, и порачајте им на децата ваши, да ги пазат и да ги исполнуваат сите зборови од овој закон;

47зашто тие не се за вас празни зборови, туку ваш живот, и преку нив ќе живеете долго време на земјата, за која одите преку Јордан да ја освоите.“

Објавување на смртта на Мојсеј

48И во истиот тој ден му зборуваше Господ на Мојсеј и му рече:

49„Искачи се на планината Аварим, тоа е планината Нево, во моавската земја, спроти Ерихон, и погледни ја ханан-ската земја, што им ја давам на синовите израелски во владение;

50и умри на планината, на која ќе се искачиш и прибери се при народот свој, како што умре братот твој Арон, на

[51] porquanto prevaricastes contra mim no meio dos filhos de Israel, nas águas de Meribá de Cades, no deserto de Zim, pois me não santificastes no meio dos filhos de Israel.
[52] Pelo que verás a terra defronte de ti, porém não entrarás nela, na terra que dou aos filhos de Israel.

Deuteronômio 33

A bênção de Moisés

[1] Esta é a bênção que Moisés, homem de Deus, deu aos filhos de Israel, antes da sua morte.
[2] Disse, pois: O SENHOR veio do Sinai e lhes alvoreceu de Seir, resplandeceu desde o monte Parã; e veio das miríades de santos; à sua direita, havia para eles o fogo da lei.

[3] Na verdade, amas os povos; todos os teus santos estão na tua mão; eles se colocam a teus pés e aprendem das tuas palavras.

[4] Moisés nos prescreveu a lei por herança da congregação de Jacó.
[5] E o SENHOR se tornou rei ao seu povo amado, quando se congregaram os cabeças do povo com as tribos de Israel.
[6] Viva Rúben e não morra; e não sejam poucos os seus homens!

[7] Isto é o que disse de Judá: Ouve, ó SENHOR, a voz de Judá e introduze-o no

планината Ор, и се прибра при народот свој,
[51]затоа што згрешивте против Мене пред очите на синовите израелски кај водите Мерива во Кадис, во пустината Син, зашто не ја почитавте светоста Моја меѓу синовите на Израел;
[52]ти само ќе ја видиш земјата, но нема да влезеш таму, – во земјата, што им ја давам на синовите израелски.“

Повторени закони 33

Мојсеј ги благословува дванаесетте израелски колена

[1]Ова е благословот, со кој Мојсеј, човекот Божји, ги благослови синовите на Израел пред својата смрт.
[2]И рече: „Господ дојде од Синај, им се јави во Сеир, заблеска од планината Фаран и пристигна со илјадници светии; а во десницата Негова огнен закон за нив.
[3]Сепак, Ти го сакаш Својот народ и сите светии се во раката Твоја, и тие паднаа пред Твоите нозе, за да ги слушнат зборовите Твои.
[4]Закон ни даде Мојсеј, наследство на народот од Јаков.
[5]И тој беше цар на Јешурун кога се собираа народните кнезови, заедно се соединија израелските племиња.
[6]Да живее Рувим и да не умира, па макар и да е малуброен!“
[7]А за Јуда го кажа ова: „Чуј го, Господи, гласот на Јуда и доведи го кај народот негов; да се заштити со рацете свои, а

seu povo; com as tuas mãos, peleja por ele e sê tu ajuda contra os seus inimigos.

[8] De Levi disse: Dá, ó Deus, o teu Tumim e o teu Urim para o homem, teu fidedigno, que tu provaste em Massá, com quem contendeste nas águas de Meribá;

[9] aquele que disse a seu pai e a sua mãe: Nunca os vi; e não conheceu a seus irmãos e não estimou a seus filhos, pois guardou a tua palavra e observou a tua aliança.

[10] Ensinou os teus juízos a Jacó e a tua lei, a Israel; ofereceu incenso às tuas narinas e holocausto, sobre o teu altar.

[11] Abençoa o seu poder, ó SENHOR, e aceita a obra das suas mãos, fere os lombos dos que se levantam contra ele e o aborrecem, para que nunca mais se levantem.

[12] De Benjamim disse: O amado do SENHOR habitará seguro com ele; todo o dia o SENHOR o protegerá, e ele descansará nos seus braços.

[13] De José disse: Bendita do SENHOR seja a sua terra, com o que é mais excelente dos céus, do orvalho e das profundezas,

[14] com o que é mais excelente daquilo que o sol amadurece e daquilo que os meses produzem,

[15] com o que é mais excelente dos montes antigos e mais excelente dos outeiros eternos,

Ти биди му помошник против непријателите негови.“

[8]И за Левиј рече: „Твојот ‚тумим‘ и Твојот ‚урим‘ се на светиот маж Твој, кого што Ти го искушуваше во Маса,

[9]кој рече за татко си и за мајка си: ‚јас не ги видов‘, и браќата свои не ги признава, и синовите свои не ги познава, бидејќи тие, ги почитуваат зборовите Твои и го пазат заветот Твој,

[10]го учат Јаков на законите твои, и Израел на Твоите заповеди, ставаат темјан пред лицето Твое и сепаленици на жртвеникот Твој;

[11]благослови ја, Господи, силата негова и прими ги делата на рацете негови, порази ги бедрата на непријателите негови, што стануваат против него и кои го мразат, за да не можат да се подигнат.“

[12]За Венијамин рече: „Кого Господ го сака, тој живее во Него со радост, Бог го заштитува секогаш, и тој почива врз рамената Негови.“

[13]За Јосиф рече: „Нека ја благослови Господ земјата негова со многу сакани дарови небески, со роса и со дарови од бездната, што лежи долу,

[14]со најдоброто што доаѓа од сонцето и со најдоброто што го донесува месечината,

[15]со дарови од старите планини и со дарови од вечните ридови,

[16] com o que é mais excelente da terra e da sua plenitude e da benevolência daquele que apareceu na sarça; que tudo isto venha sobre a cabeça de José, sobre a cabeça do príncipe entre seus irmãos.

[17] Ele tem a imponência do primogênito do seu touro, e as suas pontas são como as de um boi selvagem; com elas rechaçará todos os povos até às extremidades da terra. Tais, pois, as miríades de Efraim, e tais, os milhares de Manassés.

[18] De Zebulom disse: Alegra-te, Zebulom, nas tuas saídas marítimas, e tu, Issacar, nas tuas tendas.

[19] Os dois chamarão os povos ao monte; ali apresentarão ofertas legítimas, porque chuparão a abundância dos mares e os tesouros escondidos da areia.

[20] De Gade disse: Bendito aquele que faz dilatar Gade, o qual habita como a leoa e despedaça o braço e o alto da cabeça.

[21] E se proveu da melhor parte, porquanto ali estava escondida a porção do chefe; ele marchou adiante do povo, executou a justiça do SENHOR e os seus juízos para com Israel.

[22] De Dã disse: Dã é leãozinho; saltará de Basã.

[23] De Naftali disse: Naftali goza de favores e, cheio da bênção do SENHOR, possuirá o lago e o Sul.

[16]и со најдоброто од тоа што ја исполнува земјата, и благословот на Оној што се јави од капината да слезе врз главата на Јосиф, врз темето на избраниот меѓу браќата;

[17]цврстината му е како на прворождено теле, и роговите му се како роговите на бивол; со нив ќе ги избоде сите народи до крајот на земјата: тоа се десетиците илјади Ефремови, тоа се илјадниците Манасиеви.“

[18]На Завулон му рече: „Весели се, Завулоне, во своите патишта, и ти Исахаре, под шаторите твои;

[19]вие го свикувате народот на планината, таму ќе принесете жртви според законот на правдата, бидејќи богатството на морето ќе ве храни, и сокровиштето сокриено во песокот.“

[20]За Гад рече: „Благословен нека е кој ќе го прошири Гад; тој почива како лав, готов да ја раскине жртвата своја од пети до глава;

[21]тој си ги присвои првините од освоеното, што му го додели Законодавецот; тој оди во првите редови на народот, извршувајќи го светото дело Господово и својот долг кон Израел.“

[22]За Дан рече: „Дан е млад лав, кој скокна од Башан.“

[23]За Нефталим рече: „Нефталим е презаситен со пријатности, па нека се засити и со благослов од Господ; Западот и Југот ќе ги наследи.“

[24] De Aser disse: Bendito seja Aser entre os filhos de Jacó, agrade a seus irmãos e banhe em azeite o pé.

[25] Sejam de ferro e de bronze os teus ferrolhos, e, como os teus dias, durará a tua paz.

[26] Não há outro, ó amado, semelhante a Deus, que cavalga sobre os céus para a tua ajuda e com a sua alteza sobre as nuvens.

[27] O Deus eterno é a tua habitação e, por baixo de ti, estende os braços eternos; ele expulsou o inimigo de diante de ti e disse: Destrói-o.

[28] Israel, pois, habitará seguro, a fonte de Jacó habitará a sós numa terra de cereal e de vinho; e os seus céus destilarão orvalho.

[29] Feliz és tu, ó Israel! Quem é como tu? Povo salvo pelo SENHOR, escudo que te socorre, espada que te dá alteza. Assim, os teus inimigos te serão sujeitos, e tu pisarás os seus altos.

Deuteronômio 34

A morte de Moisés

[1] Então, subiu Moisés das campinas de Moabe ao monte Nebo, ao cimo de Pisga, que está defronte de Jericó; e o SENHOR lhe mostrou toda a terra de Gileade até Dã;

[2] e todo o Naftali, e a terra de Efraim, e Manassés; e toda a terra de Judá até ao mar ocidental;

[24]За Асир рече: „Благословен меѓу синовите ќе биде Асир, тој ќе биде омилен меѓу браќата свои и во масло ќе ја натопи ногата своја.

[25]Од железо и од бакар се твоите резиња;

[26]Нема друг Бог како твојот Бог, Јешуруне! Кој се пронесува по небото, тебе на помош, и со великолепие на облаците.

[27]Единиот Бог е твое прибежиште, а вечните Негови раце се твоја поткрепа. Тој го прогонува непријателот пред тебе и ти вели: ‚истребувај!‘

[28]Израел живее во спокој, потомците на Јаков се сместија во засолниште, во земја изобилна со жито и вино, каде небото праќа роса.

[29]Блажен си ти, Израеле! Кој е како тебе, народ пазен од Господ, Кој ти е штит – закрилник и меч на славата твоја? Твоите непријатели ќе бараат милост од тебе, а ти ќе ја газиш гордоста нивна.“

Повторени закони 34

Смртта Мојсеева

[1]Тогаш Мојсеј се искачи од рамнините моавски на планината Нево, на врвот Фазга, спроти Ерихон, и Господ му ја покажа целата земја од Галаад сè до Дан,

[2]и целата земја Нефталимова, и целата земја Ефремова и Манасиева, и целата земја Јудина, дури до Западното Море,

[3] e o Neguebe e a campina do vale de Jericó, a cidade das Palmeiras, até Zoar.

[4] Disse-lhe o SENHOR: Esta é a terra que, sob juramento, prometi a Abraão, a Isaque e a Jacó, dizendo: à tua descendência a darei; eu te faço vê-la com os próprios olhos; porém não irás para lá.

[5] Assim, morreu ali Moisés, servo do SENHOR, na terra de Moabe, segundo a palavra do SENHOR.

[6] Este o sepultou num vale, na terra de Moabe, defronte de Bete-Peor; e ninguém sabe, até hoje, o lugar da sua sepultura.

[7] Tinha Moisés a idade de cento e vinte anos quando morreu; não se lhe escureceram os olhos, nem se lhe abateu o vigor.

[8] Os filhos de Israel prantearam Moisés por trinta dias, nas campinas de Moabe; então, se cumpriram os dias do pranto no luto por Moisés.

[9] Josué, filho de Num, estava cheio do espírito de sabedoria, porquanto Moisés impôs sobre ele as mãos; assim, os filhos de Israel lhe deram ouvidos e fizeram como o SENHOR ordenara a Moisés.

[10] Nunca mais se levantou em Israel profeta algum como Moisés, com quem o SENHOR houvesse tratado face a face,

[11] no tocante a todos os sinais e maravilhas que, por mando do SENHOR, fez na terra do Egito, a Faraó, a todos os seus oficiais e a toda a sua terra;

[3]и регионот на Негев, и рамнината околу Ерихон, град на палми, дури до Сигор.

[4]И му рече Господ: „Ете ја земјата, за која им се заколнав на Авраам, на Исак, и на Јаков, велејќи: ‚На вашето семе ќе им ја дадам‘; дадов да ја видиш со очите твои, но ти таму нема да појдеш.“

[5]И умре таму Мојсеј, слугата Господов, во земјата Моав, според зборот Господов;

[6]и го погребаа во долината, во земјата Моав, спроти Бет-Пеор, но до денеска никој точно не знае каде е погребан.

[7]Мојсеј беше на сто и дваесет години кога умре; но видот не му беше ослабнат, и силата негова не му беше опаднала.

[8]И синовите на Израел го оплакуваа Мојсеј во рамнините моавски триесет дена. А потоа поминаа и деновите за плачење и тагата по Мојсеј.

[9]И Исус, синот Навинов, се исполни со дух на мудрост, зашто Мојсеј ги беше положил рацете свои врз него, и му се покоруваа синовите на Израел и правеа така, како што му беше заповедал Господ на Мојсеј.

[10]И не се појави веќе таков пророк во Израел, како Мојсеј, кого Господ го познаваше лице в лице,

[11]на кого Господ го беше испратил да ги изврши во египетската земја сите тие знаменија и чуда над фараонот, над

[12] e no tocante a todas as obras de sua poderosa mão e aos grandes e terríveis feitos que operou Moisés à vista de todo o Israel.

сите слуги негови и над целата земја негова.

[12]Чудесни се и големи тие дела што Мојсеј ги изврши со моќна рака пред очите на целиот Израел.

O livro de Josué

Josué 1

Deus fala a Josué e anima-o

[1] Sucedeu, depois da morte de Moisés, servo do SENHOR, que este falou a Josué, filho de Num, servidor de Moisés, dizendo:
[2] Moisés, meu servo, é morto; dispõe-te, agora, passa este Jordão, tu e todo este povo, à terra que eu dou aos filhos de Israel.
[3] Todo lugar que pisar a planta do vosso pé, vo-lo tenho dado, como eu prometi a Moisés.
[4] Desde o deserto e o Líbano até ao grande rio, o rio Eufrates, toda a terra dos heteus e até ao mar Grande para o poente do sol será o vosso limite.

[5] Ninguém te poderá resistir todos os dias da tua vida; como fui com Moisés, assim serei contigo; não te deixarei, nem te desampararei.

[6] Sê forte e corajoso, porque tu farás este povo herdar a terra que, sob juramento, prometi dar a seus pais.

[7] Tão-somente sê forte e mui corajoso para teres o cuidado de fazer segundo toda a lei que meu servo Moisés te ordenou; dela não te desvies, nem para a direita nem para a esquerda, para que sejas bem-sucedido por onde quer que andares.
[8] Não cesses de falar deste Livro da Lei; antes, medita nele dia e noite, para que tenhas cuidado de fazer segundo tudo

Исус Навин

Исус Навин 1

Исус го наследува Мојсеја

[1]По смртта на Мојсеј, слугата Господов, Господ му рече на Навиновиот син Исус, служител на Мојсеј, велејќи:
[2]„Мојсеј, слугата Мој умре; затоа сега стани, мини преку реката Јордан, ти и сиот овој народ, во земјата, што Јас им ја давам, на синовите Израелови.
[3]Секое место, на кое ќе стапнат стапалата на вашите нозе, вам ви го давам, како што му реков на Мојсеј:
[4]од пустината и од Ливан дури до големата река, реката Еуфрат, целата земја Хитиска, и до Големото Море на запад ќе бидат ваши предели.
[5]Никој нема да ти се спротивстави во текот на сите денови од твојот живот; и како што бев со Мојсеј, така ќе бидам и со тебе: нема да те оставам, ниту ќе те презрам.
[6]Биди цврст и храбар, зашто ќе му ја разделиш земјата на овој народ, во наследство за која им се заколнав на татковците нивни дека ќе им ја дадам;
[7]само биди многу цврст и храбар, и грижливо пази да го извршиш сето она што ти го заповеда слугата Мој Мојсеј; не се отстранувај од сето тоа ни надесно ни налево, туку постапувај разумно во сè што ќе преземаш.
[8]Да не се одделува од устата твоја оваа книга на законот; туку поучувај се од неа дење и ноќе, за да разбереш како ќе

quanto nele está escrito; então, farás prosperar o teu caminho e serás bem-sucedido.

го извршуваш сѐ она, што е напишано во неа; зашто тогаш ти ќе имаш успех во твоите патишта и умно ќе постапуваш.

9 Não to mandei eu? Sê forte e corajoso; não temas, nem te espantes, porque o SENHOR, teu Deus, é contigo por onde quer que andares.

9Еве, ова ти заповедам Јас: биди цврст и храбар, не плаши се и не се ужасувај, зашто Господ, твојот Бог, е заедно со тебе, каде и да одиш.“

Preparação para atravessar o Jordão

Исус го подготвува преминувањето на Јордан

10 Então, deu ordem Josué aos príncipes do povo, dizendo:

10Тогаш Исус им заповеда на народните управители и рече:

11 Passai pelo meio do arraial e ordenai ao povo, dizendo: Provede-vos de comida, porque, dentro de três dias, passareis este Jordão, para que entreis na terra que vos dá o SENHOR, vosso Deus, para a possuirdes.

11„Влезете меѓу народот и заповедајте им на луѓето и кажете им: ‚пригответе си храна за пат, зашто по три дена ќе ја минете реката Јордан, и ќе влезете да ја преземете земјата, која Господ, Бог на вашите татковци, ви ја дава во наследство.‘“

12 Falou Josué aos rubenitas, e aos gaditas, e à meia tribo de Manassés, dizendo:

12А на племето Рувимово, Гадово и на половината од Манасиевото племе, Исус им рече:

13 Lembrai-vos do que vos ordenou Moisés, servo do SENHOR, dizendo: O SENHOR, vosso Deus, vos concede descanso e vos dá esta terra.

13„Спомнете си, што ви заповеда Мојсеј, слугата Господов, велејќи: ‚Господ, вашиот Бог ве успокои и ви ја даде оваа земја;

14 Vossas mulheres, vossos meninos e vosso gado fiquem na terra que Moisés vos deu deste lado do Jordão; porém vós, todos os valentes, passareis armados na frente de vossos irmãos e os ajudareis,

14вашите жени, вашите деца и вашиот добиток нека останат во земјата, што Мојсеј ви ја даде од оваа странана Јордан; а вие храбрите, што можете да војувате, тргнете вооружени пред браќата ваши и помагајте им,

15 até que o SENHOR conceda descanso a vossos irmãos, como a vós outros, e eles também tomem posse da terra que o SENHOR, vosso Deus, lhes dá; então, tornareis à terra da vossa herança e

15додека Господ, не ги успокои браќата ваши, како и вас; додека и тие не ја наследат таа земја, која Господ, вашиот Бог, им ја дава; тогаш вратете се во наследството свое и земете ја земјата,

possuireis a que vos deu Moisés, servo do SENHOR, deste lado do Jordão, para o nascente do sol.

16 Então, responderam a Josué, dizendo: Tudo quanto nos ordenaste faremos e aonde quer que nos enviares iremos.

17 Como em tudo obedecemos a Moisés, assim obedeceremos a ti; tão-somente seja o SENHOR, teu Deus, contigo, como foi com Moisés.

18 Todo homem que se rebelar contra as tuas ordens e não obedecer às tuas palavras em tudo quanto lhe ordenares será morto; tão-somente sê forte e corajoso.

Josué 2

Espias mandados a Jericó. Raabe

1 De Sitim enviou Josué, filho de Num, dois homens, secretamente, como espias, dizendo: Andai e observai a terra e Jericó. Foram, pois, e entraram na casa de uma mulher prostituta, cujo nome era Raabe, e pousaram ali.

2 Então, se deu notícia ao rei de Jericó, dizendo: Eis que, esta noite, vieram aqui uns homens dos filhos de Israel para espiar a terra.

3 Mandou, pois, o rei de Jericó dizer a Raabe: Faze sair os homens que vieram a ti e entraram na tua casa, porque vieram espiar toda a terra.

4 A mulher, porém, havia tomado e escondido os dois homens; e disse: É verdade que os dois homens vieram a mim, porém eu não sabia donde eram.

која Мојсеј, слугата Господов, ви ја даде од оваа страна на Јордан, каде изгрева сонцето.‘“

16Тие му одговорија на Исус: „Сè што ни заповедаш, ќе направиме, и каде и да не праќаш, ќе одиме;

17како што го слушавме Мојсеј, така ќе те слушаме и тебе; само Господ, твојот Бог, да биде со тебе, како што беше со Мојсеј;

18секој, што ќе се противи на твојата заповед и нема да ги послуша твоите зборови за сè, што ќе му заповедаш, ќе биде погубен. Само биди цврст и храбар!“

Исус Навин 2

Исус испраќа двајца извидувачи во Ерихон

1Исус, синот Навинов, тајно испрати од Ситим две момчиња и им рече: „Одете и тајно разгледајте ја земјата и градот Ерихон!“ И тие отидоа и влегоа во куќата на една блудница, по име Раав, и останаа да ноќеваат таму.

2Тогаш му јавија на Ерихонскиот цар: „Ете, некои луѓе од синовите Израелови дојдоа тука ноќеска, за да ја разгледаат земјата скришно.“

3Ерихонскиот цар испрати луѓе да ѝ кажат на Раав: „Изведи ги луѓето, што влегоа во твојот дом, бидејќи дошле скришно да ја разгледаат целата земја.“

4Но жената ги зеде оние две момчиња, ги сокри и рече: „Дојдоа, навистина, кај мене луѓе, но јас не знам од каде беа тие;

[5] Havendo-se de fechar a porta, sendo já escuro, eles saíram; não sei para onde foram; ide após eles depressa, porque os alcançareis.

[5]кога, пак, на стемнување требаше да се затворат портите, тие излегоа; не знам каде отидоа; тргнете веднаш по нив, ќе ги стигнете.“

[6] Ela, porém, os fizera subir ao eirado e os escondera entre as canas do linho que havia disposto em ordem no eirado.

[6]А самата ги одведе на покривот и ги сокри во нечешлан лен, што беше спрострен кај неа на таванот.

[7] Foram-se aqueles homens após os espias pelo caminho que dá aos vaus do Jordão; e, havendo saído os que iam após eles, fechou-se a porta.

[7]Испратените тргнаа потоа по патот кон Јордан сè до самиот премин на реката, а портите се затворија веднаш кога тргна потерата.

[8] Antes que os espias se deitassem, foi ela ter com eles ao eirado

[8]Пред да легнат да спијат, Раав се качи кај нив на покривот

[9] e lhes disse: Bem sei que o SENHOR vos deu esta terra, e que o pavor que infundis caiu sobre nós, e que todos os moradores da terra estão desmaiados.

[9]и им рече: „Знам дека Господ ви ја дал вам оваа земја, бидејќи ужас нè опфати од вас, и сите жители на оваа земја се исплашија од вас;

[10] Porque temos ouvido que o SENHOR secou as águas do mar Vermelho diante de vós, quando saíeis do Egito; e também o que fizestes aos dois reis dos amorreus, Seom e Ogue, que estavam além do Jordão, os quais destruístes.

[10]зашто чувме дека Господ ја исуши пред вас водата во Црвеното Море кога сте доаѓале од Египет, и како сте постапиле со двајца аморејски цареви од онаа страна на Јордан, Сихон и Ог, кои сте ги погубиле.

[11] Ouvindo isto, desmaiou-nos o coração, e em ninguém mais há ânimo algum, por causa da vossa presença; porque o SENHOR, vosso Deus, é Deus em cima nos céus e embaixo na terra.

[11]Кога го чувме тоа, срцето ни се стегна и во ниеден од нас душа не остана поради вас; зашто Господ, вашиот Бог, е Бог на небото и на земјата долу;

[12] Agora, pois, jurai-me, vos peço, pelo SENHOR que, assim como usei de misericórdia para convosco, também dela usareis para com a casa de meu pai; e que me dareis um sinal certo

[12]И така, заколнете ми се во Господ дека, како што јас ви покажав милост, така и вие ќе бидете милостиви кон домот на мојот татко, и дајте ми верен знак:

[13] de que conservareis a vida a meu pai e a minha mãe, como também a meus

[13]оставете ги живи во домот на татко ми и мајка ми, браќата мои и сестрите

irmãos e a minhas irmãs, com tudo o que têm, e de que livrareis a nossa vida da morte.

мои, и сите што се во него, и спасете ги душите наши од смрт.“

[14] Então, lhe disseram os homens: A nossa vida responderá pela vossa se não denunciardes esta nossa missão; e será, pois, que, dando-nos o SENHOR esta terra, usaremos contigo de misericórdia e de fidelidade.

[14]А луѓето ѝ рекоа: „Нашата душа да биде предадена на смрт наместо вашата, само да не нѐ предадеш. А кога Господ ни ја предаде оваа земја, ќе постапиме со тебе со милост и добрина.“

[15] Ela, então, os fez descer por uma corda pela janela, porque a casa em que residia estava sobre o muro da cidade.

[15]И таа ги спушти по јаже низ прозорецот, бидејќи куќата ѝ беше во градските ѕидини и таму таа живееше;

[16] E disse-lhes: Ide-vos ao monte, para que, porventura, vos não encontrem os perseguidores; escondei-vos lá três dias, até que eles voltem; e, depois, tomareis o vosso caminho.

[16]и им рече: „Одете сега во планината, за да не ве сретнат гонителите, и кријте се таму три дена, додека да се врати потерата што тргна по вас, а потоа одете си по вашиот пат.“

[17] Disseram-lhe os homens: Desobrigados seremos deste teu juramento que nos fizeste jurar,

[17]А луѓето ѝ рекоа: „Ние ќе бидеме ослободени од клетвата твоја, со која нѐ заколна ако не постапиш вака:

[18] se, vindo nós à terra, não atares este cordão de fio de escarlata à janela por onde nos fizeste descer; e se não recolheres em casa contigo teu pai, e tua mãe, e teus irmãos, e a toda a família de teu pai.

[18]ете, кога ќе дојдеме во овој дел од градот, ова црвено јаже обеси го на прозорецот, низ кој нѐ спушти, и прибери ги во куќата кај себе твојот татко, твојата мајка и твоите браќа и целиот татков дом;

[19] Qualquer que sair para fora da porta da tua casa, o seu sangue lhe cairá sobre a cabeça, e nós seremos inocentes; mas o sangue de qualquer que estiver contigo em casa caia sobre a nossa cabeça, se alguém nele puser mão.

[19]и ако некој излезе надвор од вратата на твојата куќа, самиот нека си биде виновен, а ние ќе бидеме ослободени од оваа твоја клетва; а за сите што ќе бидат со тебе во куќата твоја, крвта нивна нека биде врз главите наши, ако некоја рака се допре до нив;

[20] Também, se tu denunciares esta nossa missão, seremos desobrigados do juramento que nos fizeste jurar.

[21] E ela disse: Segundo as vossas palavras, assim seja. Então, os despediu; e eles se foram; e ela atou o cordão de escarlata à janela.

[22] Foram-se, pois, e chegaram ao monte, e ali ficaram três dias, até que voltaram os perseguidores; porque os perseguidores os procuraram por todo o caminho, porém não os acharam.

[23] Assim, os dois homens voltaram, e desceram do monte, e passaram, e vieram a Josué, filho de Num, e lhe contaram tudo quanto lhes acontecera;

[24] e disseram a Josué: Certamente, o SENHOR nos deu toda esta terra nas nossas mãos, e todos os seus moradores estão desmaiados diante de nós.

Josué 3

A passagem do Jordão

[1] Levantou-se, pois, Josué de madrugada, e, tendo ele e todos os filhos de Israel partido de Sitim, vieram até ao Jordão e pousaram ali antes que passassem.

[2] Sucedeu, ao fim de três dias, que os oficiais passaram pelo meio do arraial

[3] e ordenaram ao povo, dizendo: Quando virdes a arca da Aliança do SENHOR, vosso Deus, e que os levitas sacerdotes a levam, partireis vós também do vosso lugar e a seguireis.

[20]ако, пак, некој ги открие овие наши зборови, ние исто така ќе бидеме ослободени од твојата клетва, со која нè заколна.“

[21]Таа одговори: „Нека биде според зборовите ваши!“ И ги пушти, и тие си отидоа, а таа го врза за прозорецот црвеното јаже.

[22]Тие тргнаа и отидоа во планината и останаа таму три дена, додека се врати потерата. Гонителите ги бараа по целиот пат и не ги најдоа.

[23]И се вратија двете момчиња, слегоа од планината, го минаа Јордан и отидоа кај Исус, синот Навинов и му кажаа сè што им се случи.

[24]И му рекоа на Исус: „Господ, ја предаде целата таа земја во наши раце, и сите жители на таа земја се уплашени од нас.“

Исус Навин 3

Преминувањето на Јордан

[1]Тогаш Исус стана рано утредента, и тргна од Ситим и дојде до Јордан, тој и сите синови Израелови, и ноќеваа таму пред да го преминат.

[2]По три дена тргнаа управителите низ логорот,

[3]и им заповедаа на луѓето, велејќи: „Кога ќе го видите ковчегот на заветот на Господ, вашиот Бог, и свештеници, левити, како го носат, тргнете и вие од вашето место и одете по нив.

[4] Contudo, haja a distância de cerca de dois mil côvados entre vós e ela. Não vos chegueis a ela, para que conheçais o caminho pelo qual haveis de ir, visto que, por tal caminho, nunca passastes antes.
[5] Disse Josué ao povo: Santificai-vos, porque amanhã o SENHOR fará maravilhas no meio de vós.

[6] E também falou aos sacerdotes, dizendo: Levantai a arca da Aliança e passai adiante do povo. Levantaram, pois, a arca da Aliança e foram andando adiante do povo.

[7] Então, disse o SENHOR a Josué: Hoje, começarei a engrandecer-te perante os olhos de todo o Israel, para que saibam que, como fui com Moisés, assim serei contigo.
[8] Tu, pois, ordenarás aos sacerdotes que levam a arca da Aliança, dizendo: Ao chegardes à borda das águas do Jordão, parareis aí.
[9] Então, disse Josué aos filhos de Israel: Chegai-vos para cá e ouvi as palavras do SENHOR, vosso Deus.
[10] Disse mais Josué: Nisto conhecereis que o Deus vivo está no meio de vós e que de todo lançará de diante de vós os cananeus, os heteus, os heveus, os ferezeus, os girgaseus, os amorreus e os jebuseus.
[11] Eis que a arca da Aliança do SENHOR de toda a terra passa o Jordão diante de vós.

[4]Но растојанието меѓу вас и нив да биде околу две илјади лакти; не се доближувајте до него; така ќе го знаете патот, по кој ќе одите, зашто вие не сте оделе по тој пат никогаш порано.“
[5]И му рече Исус на народот: „Осветете се, бидејќи утре Господ ќе изврши меѓу вас чудни дела.“
[6]На свештениците, пак, им рече Исус: „Земете го ковчегот на заветот и одете пред народот.“ Свештениците го зедоа ковчегот на заветот и тргнаа пред народот.
[7]Тогаш Господ му кажа на Исус: „Од денес ќе почнам да те возвишувам пред очите на сите синови Израелови, за да дознаат дека, како што бев со Мојсеј, така ќе бидам и со тебе.
[8]А сега заповедај им на свештениците, кои го носат ковчегот на заветот, и кажи им: ‚штом ќе влезете во водите на Јордан, запрете во Јордан.‘“
[9]Исус им кажа на синовите Израелови: „Дојдете ваму и чујте ги зборовите на Господ, вашиот Бог!“
[10]Уште им рече Исус: „Од тоа ќе дознаете дека меѓу вас е живиот Бог, Кој ќе ги изгони од вас Хананците и Хитијците, Евејците и Перизијците, Гергесејците, Аморејците и Јевусијците;
[11]ете, ковчегот на заветот на Господарот над целиот свет ќе тргне пред вас преку Јордан;

[12] Tomai, pois, agora, doze homens das tribos de Israel, um de cada tribo;

[13] porque há de acontecer que, assim que as plantas dos pés dos sacerdotes que levam a arca do SENHOR, o SENHOR de toda a terra, pousem nas águas do Jordão, serão elas cortadas, a saber, as que vêm de cima, e se amontoarão.

[14] Tendo partido o povo das suas tendas, para passar o Jordão, levando os sacerdotes a arca da Aliança diante do povo;

[15] e, quando os que levavam a arca chegaram até ao Jordão, e os seus pés se molharam na borda das águas (porque o Jordão transbordava sobre todas as suas ribanceiras, todos os dias da sega),

[16] pararam-se as águas que vinham de cima; levantaram-se num montão, mui longe da cidade de Adã, que fica ao lado de Sartã; e as que desciam ao mar da Arabá, que é o mar Salgado, foram de todo cortadas; então, passou o povo defronte de Jericó.

[17] Porém os sacerdotes que levavam a arca da Aliança do SENHOR pararam firmes no meio do Jordão, e todo o Israel passou a pé enxuto, atravessando o Jordão.

Josué 4

[12]и земете си дванаесетмина луѓе од синовите Израелови, по еден човек од секое племе;

[13]и штом нозете на свештениците, кои го носат ковчегот на Господарот над целиот свет, ќе стапнат во водите на Јордан, водата јорданска ќе се прекине, а водата што тече одозгора, ќе запре.“

[14]И така, кога народот тргна од шаторите свои за да го мине Јордан, и свештениците го понесоа ковчегот на заветот пред народот,

[15]тогаш, штом оние, што го носеа ковчегот влегоа во Јордан, и нозете на свештениците, кои го носеа ковчегот, се наквасија во водите на Јордан; а беше време кога Јордан, во текот на целиот период на жетвата на пченицата се излева од своите брегови,

[16]водата, што течеше одозгора, запре и се претвори во карпа оддалечена на многу големо растојание, кај градот Адам, кој се наоѓа во пределот Царетан; а водата што течеше надолу, истечуваше кон Арабиското, односно Солено Море, сѐ додека не истече докрај.

[17]А народот премина спрема Ерихон. А, свештениците што го носеа ковчегот на заветот Господов, застанаа на суво среде Јордан. И сите синови Израелови преминуваа на суво, додека целиот народ не го премина Јордан.

Исус Навин 4

As doze pedras tiradas do meio do Jordão

[1] Tendo, pois, todo o povo passado o Jordão, falou o SENHOR a Josué, dizendo:

[2] Tomai do povo doze homens, um de cada tribo,

[3] e ordenai-lhes, dizendo: Daqui do meio do Jordão, do lugar onde, parados, pousaram os sacerdotes os pés, tomai doze pedras; e levai-as convosco e depositai-as no alojamento em que haveis de passar esta noite.

[4] Chamou, pois, Josué os doze homens que escolhera dos filhos de Israel,

[5] um de cada tribo, e disse-lhes: Passai adiante da arca do SENHOR, vosso Deus, ao meio do Jordão; e cada um levante sobre o ombro uma pedra, segundo o número das tribos dos filhos de Israel,

[6] para que isto seja por sinal entre vós; e, quando vossos filhos, no futuro, perguntarem, dizendo: Que vos significam estas pedras?,

[7] então, lhes direis que as águas do Jordão foram cortadas diante da arca da Aliança do SENHOR; em passando ela, foram as águas do Jordão cortadas. Estas pedras serão, para sempre, por memorial aos filhos de Israel.

[8] Fizeram, pois, os filhos de Israel como Josué ordenara, e levantaram doze pedras do meio do Jordão, como o SENHOR tinha dito a Josué, segundo o número das tribos

Дванаесет камења за спомен на чудното преминување преку Јордан

[1]Кога целиот народ го премина Јордан, Господ му рече на Исус:

[2]„Земи од народот дванаесет луѓе, по еден маж од секое племе

[3]и заповедај им и кажи им: ‚Земете оттука, среде Јордан, каде што стоеја неподвижно нозете на свештениците, дванаесет камења, понесете ги со себе и ставете ги на местото, каде што ќе ноќевате оваа ноќ!‘“

[4]Исус повика дванаесет луѓе, што ги избра од синовите Израелови, по еден маж од секое племе

[5]и им рече: „Одете по мене пред лицето на Господ, вашиот Бог, среде Јордан и секој нека земе оттаму по еден камен, и нека го стави на рамо според бројот на племињата на синовите Израелови,

[6]за да бидат кај вас знак; кога ќе те праша во подоцнежно време синот твој и ќе рече: ‚зошто се овие камења кај вас?‘

[7]а ти ќе му речеш на синот твој: ‚Водата во реката Јордан престана да тече пред ковчегот на заветот на Господ; кога тој го преминуваше Јордан, тогаш водата јорданска пресуши‘; и така тие камења ќе бидат кај вас како вечен споменик на синовите Израелови.“

[8]И синовите Израелови направија така, како што заповеда Исус: зедоа дванаесет камења од среде Јордан, како што му рече Господ на Исус, според бројот на племињата на

dos filhos de Israel, e levaram-nas consigo ao alojamento, e as depositaram ali.

[9] Levantou Josué também doze pedras no meio do Jordão, no lugar em que, parados, pousaram os pés os sacerdotes que levavam a arca da Aliança; e ali estão até ao dia de hoje.

[10] Porque os sacerdotes que levavam a arca haviam parado no meio do Jordão, em pé, até que se cumpriu tudo quanto o SENHOR, por intermédio de Moisés, ordenara a Josué falasse ao povo; e o povo se apressou e passou.

[11] Tendo passado todo o povo, então, passou a arca do SENHOR, e os sacerdotes, à vista de todo o povo.

[12] Passaram os filhos de Rúben, e os filhos de Gade, e a meia tribo de Manassés, armados, na frente dos filhos de Israel, como Moisés lhes tinha dito;

[13] uns quarenta mil homens de guerra armados passaram diante do SENHOR para a batalha, às campinas de Jericó.

[14] Naquele dia, o SENHOR engrandeceu a Josué na presença de todo o Israel; e respeitaram-no todos os dias da sua vida, como haviam respeitado a Moisés.

[15] Disse, pois, o SENHOR a Josué:

[16] Dá ordem aos sacerdotes que levam a arca do Testemunho que subam do Jordão.

[17] Então, ordenou Josué aos sacerdotes, dizendo: Subi do Jordão.

синовите Израелови, и ги понесоа со себе во логорот, и ги ставија таму.

[9]И други дванаесет камења постави Исус среде Јордан на местото, каде што им стоеја нозете на свештениците, кои го носеа ковчегот на заветот. Тие се таму и до ден-денес.

[10]Свештениците, пак, кои го носеа ковчегот, стоеја среде Јордан, додека не беше свршено сè што Господ му беше заповедал на Исус – точно така, како што му беше заповедал Мојсеј на Исус; па потоа народот брзо преминуваше.

[11]Кога целиот народ премина, тогаш премина и ковчегот Господов и камењата пред нив.

[12]И Рувимовите синови и Гадовите синови и половината од Манасиевото племе поминаа вооружени пред синовите Израелови, како што им беше заповедал Мојсеј.

[13]Околу четириесет илјади вооружени за борба преминаа пред Господ кон градот Ерихон за да се борат.

[14]Во тој ден Господ го возвеличи Исус пред целиот Израел и почнаа да го почитуваат како што го почитуваа Мојсеј, додека беше жив.

[15]И му рече Господ на Исус, велејќи:

[16]„Заповедај им на свештениците, што го носат ковчегот на заветот, да излезат од Јордан.“

[17]Исус им заповеда на свештениците и рече: „Излезете од Јордан!“

[18] Ao subirem do meio do Jordão os sacerdotes que levavam a arca da Aliança do SENHOR, e assim que as plantas dos seus pés se puseram na terra seca, as águas do Jordão se tornaram ao seu lugar e corriam, como dantes, sobre todas as suas ribanceiras.

[18]И кога свештениците, што го носеа ковчегот на заветот Господов, излегоа од Јордан, и штом нозете нивни стапија на суво, водата на Јордан се спушти на своето место, потече, како порано, по целото корито.

[19] Subiu, pois, do Jordão o povo no dia dez do primeiro mês; e acamparam-se em Gilgal, do lado oriental de Jericó.

[19]И народот излезе од Јордан во десеттиот ден на првиот месец и се смести во Гилгал, на исток од Ерихон.

[20] As doze pedras que tiraram do Jordão, levantou-as Josué em coluna em Gilgal.

[20]И дванаесетте камења, што ги беа зеле од Јордан, Исус ги постави во Гилгал

[21] E disse aos filhos de Israel: Quando, no futuro, vossos filhos perguntarem a seus pais, dizendo: Que significam estas pedras?,

[21]и им рече на синовите Израелови: „Кога ќе ве прашаат вашите синови, велејќи: ‚Зошто се овие камења?‘

[22] fareis saber a vossos filhos, dizendo: Israel passou em seco este Jordão.

[22]кажете им на вашите синови: Израел го помина Јордан по суво.

[23] Porque o SENHOR, vosso Deus, fez secar as águas do Jordão diante de vós, até que passásseis, como o SENHOR, vosso Deus, fez ao mar Vermelho, ao qual secou perante nós, até que passamos.

[23]Зашто Господ, вашиот Бог, ги исуши водите на Јордан за вас, додека да го преминете, исто онака, како што Господ, вашиот Бог, го направи со Црвеното Море, кое го исуши пред нас, додека го преминувавме,

[24] Para que todos os povos da terra conheçam que a mão do SENHOR é forte, a fim de que temais ao SENHOR, vosso Deus, todos os dias.

[24]за да видат сите народи на земјата дека раката Господова е силна, и да Го почитувате Господа, вашиот Бог, секогаш.“

Josué 5

A circuncisão dos filhos de Israel

[1] Sucedeu que, ouvindo todos os reis dos amorreus que habitavam deste lado do Jordão, ao ocidente, e todos os reis dos cananeus que estavam ao pé do mar que o

Исус Навин 5

[1]Кога аморејските цареви, што живееја од онаа страна на Јордан кон запад, и хананејските цареви, што се крај морето, чуја дека Господ ги исушил

SENHOR tinha secado as águas do Jordão, de diante dos filhos de Israel, até que passamos, desmaiou-se-lhes o coração, e não houve mais alento neles, por causa dos filhos de Israel.

водите на Јордан пред синовите Израелови, додека тие преминувале, им се запреа мислите, и душа веќе не остана во нив поради синовите Израелови.

2 Naquele tempo, disse o SENHOR a Josué: Faze facas de pederneira e passa, de novo, a circuncidar os filhos de Israel.

Обрезување на Израелците во Гилгал

2Во тоа време Господ му рече на Исус: „Направи си ножеви од остар камен и обрезај ја новата генерација на Израел!“

3 Então, Josué fez para si facas de pederneira e circuncidou os filhos de Israel em Gibeate-Haralote.

3Тогаш Исус направи остри ножеви од камен, и ги обреза синовите Израелови во местото наречено Гиват Аралот.

4 Foi esta a razão por que Josué os circuncidou: todo o povo que tinha saído do Egito, os homens, todos os homens de guerra, eram já mortos no deserto, pelo caminho.

4И така ги обреза Исус, зашто сиот народ од машки пол што беше излегол од Египет, сите способни за војна изумреа во пустината по патот, откако беа излегле од Египет;

5 Porque todo o povo que saíra estava circuncidado, mas a nem um deles que nascera no deserto, pelo caminho, depois de terem saído do Egito, haviam circuncidado.

5и така сите излезени беа обрезани, а сите, што се родија во пустината по патот, по излегувањето од Египет, не беа обрезани;

6 Porque quarenta anos andaram os filhos de Israel pelo deserto, até se acabar toda a gente dos homens de guerra que saíram do Egito, que não obedeceram à voz do SENHOR, aos quais o SENHOR tinha jurado que lhes não havia de deixar ver a terra que o SENHOR, sob juramento, prometeu dar a seus pais, terra que mana leite e mel.

6зашто синовите Израелови четириесет години лутаа по пустината; додека изумреа сите способни за војна, што беа излегле од Египет. Тие што не го послушаа гласот Господов и на кои Господ им се заколна дека нема да ја видат земјата, што Господ со заклетва беше им ја ветил на татковците нивни, односно дека нам ќе ни ја даде земјата, каде што тече мед и млеко,

7 Porém em seu lugar pôs a seus filhos; a estes Josué circuncidou, porquanto

7а наместо нив ги подигна нивните синови. Нив ги обреза Исус, зашто тие

estavam incircuncisos, porque os não circuncidaram no caminho.

8 Tendo sido circuncidada toda a nação, ficaram no seu lugar no arraial, até que sararam.

9 Disse mais o SENHOR a Josué: Hoje, removi de vós o opróbrio do Egito; pelo que o nome daquele lugar se chamou Gilgal até o dia de hoje.

Celebra-se a Páscoa

10 Estando, pois, os filhos de Israel acampados em Gilgal, celebraram a Páscoa no dia catorze do mês, à tarde, nas campinas de Jericó.

11 Comeram do fruto da terra, no dia seguinte à Páscoa; pães asmos e cereais tostados comeram nesse mesmo dia.

[17] São estes, pois, os tumores de ouro que enviaram os filisteus ao SENHOR como oferta pela culpa: por Asdode, um; por Gaza, outro; por Asquelom, outro; por Gate, outro; por Ecrom, outro;

[18] como também os ratos de ouro, segundo o número de todas as cidades dos filisteus, pertencentes aos cinco príncipes, desde as cidades fortes até às aldeias campestres. A grande pedra, sobre a qual puseram a arca do SENHOR, está até ao dia de hoje no campo de Josué, o bete-semita.

A arca chega a Quiriate-Jearim

[13]Жителите на Ветсамис токму го жнееја житото во долината и, откако погледнаа, го видоа ковчегот Господов и се зарадуваа, поради тоа што го сретнаа.

[14]А колата дојде во нивата на бетшемешанецот Јехошуа и таму запре. Имаше таму еден голем камен, и исцепија дрва од колата, а кравите ги принесоа на Господ како жртва.

[15]Левитите го симнаа ковчегот Господов и ковчежето што беше до него, во кое се наоѓаа златните работи, и ги ставија на големиот камен; а жителите на Ветсамис Му принесоа тој ден жртви сепаленици и жртви за благодарност на Господ.

[16]И петте филистејски кнезови го видоа тоа и се вратија истиот ден во Екрон.

[17]Златните израстоци што Филистејците Му ги принесоа на Господ како жртва за вина, беа: еден за Ашдод, еден за Газа, еден за Ашкелон, еден за Гет, еден за Екрон;

[18]а златните глувци беа според бројот на сите филистејски градови – на петте кнезови, од укрепените градови и отворените села до големиот камен, врз кој го ставија ковчегот Господов и кој и до ден – денес се наоѓа во нивата на бетшемешанецот Јехошуа.

[19] Feriu o SENHOR os homens de Bete-Semes, porque olharam para dentro da arca do SENHOR, sim, feriu deles setenta homens; então, o povo chorou, porquanto o SENHOR fizera tão grande morticínio entre eles.

[20] Então, disseram os homens de Bete-Semes: Quem poderia estar perante o SENHOR, este Deus santo? E para quem subirá desde nós?

[21] Enviaram, pois, mensageiros aos habitantes de Quiriate-Jearim, dizendo: Os filisteus devolveram a arca do SENHOR; descei, pois, e fazei-a subir para vós outros.

1 Samuel 7

[1] Então, vieram os homens de Quiriate-Jearim e levaram a arca do SENHOR à casa de Abinadabe, no outeiro; e consagraram Eleazar, seu filho, para que guardasse a arca do SENHOR.

Exortação de Samuel ao arrependimento

[2] Sucedeu que, desde aquele dia, a arca ficou em Quiriate-Jearim, e tantos dias se passaram, que chegaram a vinte anos; e toda a casa de Israel dirigia lamentações ao SENHOR.

[3] Falou Samuel a toda a casa de Israel, dizendo: Se é de todo o vosso coração que voltais ao SENHOR, tirai dentre vós os deuses estranhos e os astarotes, e preparai o coração ao SENHOR, e servi a ele só, e ele vos livrará das mãos dos filisteus.

[19]Господ ги казни жителите на Ветсамис, затоа што тие го видоа ковчегот на заветот. И Бог уби од нив седумдесет души. И народот тагуваше, бидејќи Господ ги удри со многу силен удар.

[20]И жителите на Ветсамис рекоа: „Кој може да стои пред Господ, пред Овој свет Бог и кај кого од нас ќе отиде Тој?“

[21]И испратија пратеници кај жителите на Кирјат-Јарим да кажат: „Филистејците го вратија ковчегот Господов; дојдете и земете го кај вас!“

1 Самоилова 7

[1]И дојдоа мажи од Кирјат-Јарим, го зедоа ковчегот на заветот Господов и го однесоа во куќата на Авинадав, на ридот, а синот негов Елеазар го посветија да го чува ковчегот на заветот Господов.

Филистејците се победени. Самоил, водач на Израел

[2]Од оној ден, кога ковчегот остана во Кирјат-Јарим, измина многу време, речиси дваесет години. И сиот Израелов дом гледаше со почит кон Господ.

[3]И му рече Самоил на сиот Израелов дом, велејќи: „Ако од сè срце Му се враќате на Господ, отстранете ги од средината своја туѓите богови и статуите на Аштарта, подгответе ги срцата свои за Господ и Нему

единствено служете Му, и Тој ќе ве избави од филистејските раце.“

[4] Então, os filhos de Israel tiraram dentre si os baalins e os astarotes e serviram só ao SENHOR.

[4]И Израеловите синови ги отстранија разните Вааловци и Аштарти и почнаа да Му служат само на Господ.

Os filisteus são vencidos

[5] Disse mais Samuel: Congregai todo o Israel em Mispa, e orarei por vós ao SENHOR.

[5]И рече Самоил: „Соберете ги сите Израелци во Мицпа, и јас ќе Му се помолам на Господ за вас.“

[6] Congregaram-se em Mispa, tiraram água e a derramaram perante o SENHOR; jejuaram aquele dia e ali disseram: Pecamos contra o SENHOR. E Samuel julgou os filhos de Israel em Mispa.

[6]И се собраа во Мицпа, и црпеа вода, ја истураа пред Господ, и постеа тој ден, велејќи: „Згрешивме пред Господ.“ А Самоил им судеше на синовите Израелови во Мицпа.

[7] Quando, pois, os filisteus ouviram que os filhos de Israel estavam congregados em Mispa, subiram os príncipes dos filisteus contra Israel; o que ouvindo os filhos de Israel, tiveram medo dos filisteus.

[7]Кога Филистејците слушнаа дека синовите Израелови се собрале во Мицпа, кнезовите нивни излегоа против Израел; Израелците, откако го слушнаа тоа, се уплашија од Филистејците.

[8] Então, disseram os filhos de Israel a Samuel: Não cesses de clamar ao SENHOR, nosso Deus, por nós, para que nos livre da mão dos filisteus.

[8]Тогаш Израеловите синови му рекоа на Самоил: „Не престанувај да Го молиш Господа, нашиот Бог за нас, та некако да нè спаси од филистејските раце.“

[9] Tomou, pois, Samuel um cordeiro que ainda mamava e o sacrificou em holocausto ao SENHOR; clamou Samuel ao SENHOR por Israel, e o SENHOR lhe respondeu.

[9]И Самоил зеде едно јагне цицалче и го принесе како жртва сепаленица на Господ; повика Самоил кон Господ за Израел и Господ го слушна.

[10] Enquanto Samuel oferecia o holocausto, os filisteus chegaram à peleja contra Israel; mas trovejou o SENHOR aquele dia com grande estampido sobre os filisteus e os aterrou de tal modo, que foram derrotados diante dos filhos de Israel.

[10]И кога Самоил ја принесуваше сепаленицата, Филистејците дојдоа да се борат против Израел. Но тој ден Господ загрме со силен татнеж над Филистејците и испрати против нив силен ужас, и тие така се збркаа што паднаа пред Израел.

[11] Saindo de Mispa os homens de Israel, perseguiram os filisteus e os derrotaram até abaixo de Bete-Car.

[12] Tomou, então, Samuel uma pedra, e a pôs entre Mispa e Sem, e lhe chamou Ebenézer, e disse: Até aqui nos ajudou o SENHOR.

[13] Assim, os filisteus foram abatidos e nunca mais vieram ao território de Israel, porquanto foi a mão do SENHOR contra eles todos os dias de Samuel.

[14] As cidades que os filisteus haviam tomado a Israel foram-lhe restituídas, desde Ecrom até Gate; e até os territórios delas arrebatou Israel das mãos dos filisteus. E houve paz entre Israel e os amorreus.

[15] E julgou Samuel todos os dias de sua vida a Israel.

[16] De ano em ano, fazia uma volta, passando por Betel, Gilgal e Mispa; e julgava a Israel em todos esses lugares.

[17] Porém voltava a Ramá, porque sua casa estava ali, onde julgava a Israel e onde edificou um altar ao SENHOR.

1 Samuel 8

Os israelitas pedem um rei

[1] Tendo Samuel envelhecido, constituiu seus filhos por juízes sobre Israel.

[2] O primogênito chamava-se Joel, e o segundo, Abias; e foram juízes em Berseba.

[11]Израелците излегоа од Мицпа, ги гонеа Филистејците и ги разбиваа сè до под Бет-Кар.

[12]И Самоил зеде еден камен и го стави меѓу Мицпа и Шен, и го нарече Евен-Езер што значи „До овде ни помогна Господ.“

[13]Така беа скротени Филистејците и не се осмелуваа повеќе да дојдат во пределите Израелови. И раката Господова беше врз Филистејците во текот на сите денови на Самоиловиот живот.

[14]А му беа вратени на Израел градовите што Филистејците ги беа презеле од Израел, од Екрон дури до Гет, и Израел ги ослободи пределите нивни од филистејските раце, и настана мир меѓу Израел и Аморејците.

[15]И Самоил беше судија над Израел за сите денови на својот живот.

[16]И секоја година одеше и го обиколуваше Ветил, Гилгал и Мицпа, и му судеше на Израел по сите тие места.

[17]Потоа се враќаше во Рама, бидејќи таму беше куќата негова, таму живееше и таму му судеше на Израел, а таму изгради и жртвеник на Господ.

1 Самоилова 8

Израелците бараат цар

[1]А кога Самоил остаре, ги постави своите синови за судии над Израел.

[2]Името на неговиот првороден син беше Јоил, а името на вториот син

негов – Авија; тие беа судии во Вирсавија.

[3] Porém seus filhos não andaram pelos caminhos dele; antes, se inclinaram à avareza, e aceitaram subornos, e perverteram o direito.

[3]Но синовите негови не одеа по неговите патишта, туку се впуштија во користољубие, земаа подароци и судеа криво.

[4] Então, os anciãos todos de Israel se congregaram, e vieram a Samuel, a Ramá,

[4]Тогаш се собраа сите старешини Израелови, дојдоа кај Самоил во Рама

[5] e lhe disseram: Vê, já estás velho, e teus filhos não andam pelos teus caminhos; constitui-nos, pois, agora, um rei sobre nós, para que nos governe, como o têm todas as nações.

[5]и му рекоа: „Ете, ти остаре, а синовите твои не одат по твоите патишта. Затоа постави ни цар, кој ќе ни суди, како што е кај другите народи.“

[6] Porém esta palavra não agradou a Samuel, quando disseram: Dá-nos um rei, para que nos governe. Então, Samuel orou ao SENHOR.

[6]Овие зборови не му беа пријатни на Самоил, кога рекоа: „Дај ни цар, кој ќе ни суди.“ И Самоил Му се помоли на Господ.

[7] Disse o SENHOR a Samuel: Atende à voz do povo em tudo quanto te diz, pois não te rejeitou a ti, mas a mim, para eu não reinar sobre ele.

[7]А Господ му рече на Самоил: „Послушај го гласот на народот за сè што ти говорат. Зашто тие не те отфрлија тебе, туку Ме отфрлија Мене за да не царувам над нив.

[8] Segundo todas as obras que fez desde o dia em que o tirei do Egito até hoje, pois a mim me deixou, e a outros deuses serviu, assim também o faz a ti.

[8]Како што постапуваа со Мене, од оној ден кога ги изведов од Египет, до денес кога Ме оставија и почнаа да им служат на други богови, така постапуваат и со тебе.

[9] Agora, pois, atende à sua voz, porém adverte-o solenemente e explica-lhe qual será o direito do rei que houver de reinar sobre ele.

[9]Затоа, сега послушај го гласот нивни! Само свечено опомени ги и објави им ги правата на царот што ќе царува над нив.“

Правата на царот

[10] Referiu Samuel todas as palavras do SENHOR ao povo, que lhe pedia um rei,

[10]И Самоил им ги соопшти сите тие зборови Господови на народот, кој бараше од него цар,

[11] e disse: Este será o direito do rei que houver de reinar sobre vós: ele tomará os vossos filhos e os empregará no serviço dos seus carros e como seus cavaleiros, para que corram adiante deles;
[12] e os porá uns por capitães de mil e capitães de cinqüenta; outros para lavrarem os seus campos e ceifarem as suas messes; e outros para fabricarem suas armas de guerra e o aparelhamento de seus carros.

[13] Tomará as vossas filhas para perfumistas, cozinheiras e padeiras.

[14] Tomará o melhor das vossas lavouras, e das vossas vinhas, e dos vossos olivais e o dará aos seus servidores.
[15] As vossas sementeiras e as vossas vinhas dizimará, para dar aos seus oficiais e aos seus servidores.
[16] Também tomará os vossos servos, e as vossas servas, e os vossos melhores jovens, e os vossos jumentos e os empregará no seu trabalho.

[17] Dizimará o vosso rebanho, e vós lhe sereis por servos.

[18] Então, naquele dia, clamareis por causa do vosso rei que houverdes escolhido; mas o SENHOR não vos ouvirá naquele dia.
[19] Porém o povo não atendeu à voz de Samuel e disse: Não! Mas teremos um rei sobre nós.

[11]и рече: „Еве, какви ќе бидат правата на царот што ќе царува над вас: тој ќе ги зема синовите ваши и ќе ги прави свои колари и свои коњаници и тие ќе одат пред колите негови;
[12]и ќе си ги назначува за заповедници над илјада, и заповедници над педесетмина, ќе ги постави да му ги обработуваат нивите, да го жнеат житото и да му прават војничко оружје и сè што е потребно за колите негови.
[13]Ќе ги зема ќерките ваши за да прават мирисливи масла, да готват јадења и да печат леб.
[14]Ќе ви ги зема најдобрите ваши ниви, лозја и маслинови градини и ќе им ги дава на слугите свои.
[15]Ќе зема десеток од посевите ваши и од лозјата ваши и ќе им го дава на евнусите свои и на слугите свои.
[16]Ќе ги зема робовите ваши и робинките ваши, најдобрите момци ваши и магарињата ваши и ќе ги употребува за своја работа.
[17]Ќе зема десеток од вашиот ситен добиток, а вие сами ќе му бидете робови;
[18]А еден ден кога ќе заофкате од царот свој што самите сте си го избрале, Господ нема да ви одговори тогаш.“
[19]Но народот не сакаше да го послуша гласот на Самоил и рече: „Не, нека има цар над нас,

[20] Para que sejamos também como todas as nações; o nosso rei poderá governar-nos, sair adiante de nós e fazer as nossas guerras.

[21] Ouvindo, pois, Samuel todas as palavras do povo, as repetiu perante o SENHOR.

[22] Então, o SENHOR disse a Samuel: Atende à sua voz e estabelece-lhe um rei. Samuel disse aos filhos de Israel: Volte cada um para sua cidade.

[20]и ние ќе бидеме како другите народи – ќе ни суди нашиот цар и ќе оди пред нас, и ќе ги води нашите војни.“

[21]И Самоил, откако гиислуша сите тие зборови на народот, Му ги кажа на Господ.

[22]И Господ му рече на Самоил: „Послушај го гласот нивни и постави им цар.“ И Самоил им рече на Израелците: „Нека си оди секој во својот град!“

1 Samuel 9

Saul busca as jumentas extraviadas e vai ter com Samuel

[1] Havia um homem de Benjamim, cujo nome era Quis, filho de Abiel, filho de Zeror, filho de Becorate, filho de Afias, benjamita, homem de bens.

[2] Tinha ele um filho cujo nome era Saul, moço e tão belo, que entre os filhos de Israel não havia outro mais belo do que ele; desde os ombros para cima, sobressaía a todo o povo.

[3] Extraviaram-se as jumentas de Quis, pai de Saul. Disse Quis a Saul, seu filho: Toma agora contigo um dos moços, dispõe-te e vai procurar as jumentas.

[4] Então, atravessando a região montanhosa de Efraim e a terra de Salisa, não as acharam; depois, passaram à terra de Saalim; porém elas não estavam ali; passaram ainda à terra de Benjamim; todavia, não as acharam.

1 Самоилова 9

Саул и изгубените магарици

[1]Имаше еден виден човек од Венијаминовите синови, по име Кис, син на Авиел, син на Церор, син на Бехорат, син на Афијах, син на некојси Венијаминовец.

[2]Тој имаше син, по име Саул, млад и убав. Никој од Израелците не беше поубав од него, а и за глава тој беше повисок од сите луѓе.

[3]И на Сауловиот татко Кис му се загубија магариците, па му рече Кис на синот свој Саул: „Земи со себе еден од слугите и стани, та оди и побарај ги магариците.“

[4]И тој ја мина Ефремовата Гора, ја минаа и земјата Шалиша, но не ги најдоа; ја минаа и земјата Шаалим, и таму ги немаше; потоа ја минаа и Венијаминовата земја, но не ги најдоа.

[5] Vindo eles, então, à terra de Zufe, Saul disse para o seu moço, com quem ele ia: Vem, e voltemos; não suceda que meu pai deixe de preocupar-se com as jumentas e se aflija por causa de nós.

[5]А кога дојдоа во земјата Цуф, Саул му рече на слугата свој што беше со него: „Да се вратиме, зашто татко ми нема веќе да се грижи за магариињата, туку повеќе ќе биде загрижен за нас.“

[6] Porém ele lhe disse: Nesta cidade há um homem de Deus, e é muito estimado; tudo quanto ele diz sucede; vamo-nos, agora, lá; mostrar-nos-á, porventura, o caminho que devemos seguir.

[6]Но слугата му рече: „Еве, во овој град има еден Божји човек. Тој е многу почитуван човек. Сѐ што ќе каже тој, се исполнува. Да отидеме сега таму; можеби, ќе ни го покаже нашиот пат, по кој да одиме.“

[7] Então, Saul disse ao seu moço: Eis, porém, se lá formos, que levaremos, então, àquele homem? Porque o pão de nossos alforjes se acabou, e presente não temos que levar ao homem de Deus. Que temos?

[7]И му рече Саул на слугата свој: „Добро, да одиме, но што ќе му однесеме на тој човек? Зашто леб не остана во торбите наши, а и подароци нема за да му однесеме на Божјиот човек. Што имаме?“

[8] O moço tornou a responder a Saul e disse: Eis que tenho ainda em mãos um quarto de siclo de prata, o qual darei ao homem de Deus, para que nos mostre o caminho.

[8]Слугата, пак, му одговори на Саул и рече: „Ете, во раката моја има четврт шекел сребро. Ќе му го дадам на Божјиот човек, и тој ќе ни го покаже патот наш.“

[9] (Antigamente, em Israel, indo alguém consultar a Deus, dizia: Vinde, vamos ter com o vidente; porque ao profeta de hoje, antigamente, se chamava vidente.)

[9]Порано кај Израелците, кога некој одел да Го праша Бога, велел вака: „Да одиме кај гледачот.“ Зашто тој, кого денес го нарекуваат пророк, порано се викал гледач.

[10] Então, disse Saul ao moço: Dizes bem; anda, pois, vamos. E foram-se à cidade onde estava o homem de Deus.

[10]И му рече Саул на слугата свој: „Добро велиш, да одиме!“ И отидоа во градот, каде што беше човекот Божји.

[11] Subindo eles pela encosta da cidade, encontraram umas moças que saíam a tirar água e lhes perguntaram: Está aqui o vidente?

[11]Кога влегуваа во градот, сретнаа девојки, кои беа излегле да си наполнат вода, и ги запрашаа: „Има ли тука гледач?“

[12] Elas responderam: Está. Eis aí o tens diante de ti; apressa-te, pois, porque, hoje, veio à cidade; porquanto o povo oferece, hoje, sacrifício no alto.

[13] Entrando vós na cidade, logo o achareis, antes que suba ao alto para comer; porque o povo não comerá enquanto ele não chegar, porque ele tem de abençoar o sacrifício, e só depois comem os convidados; subi, pois, agora, que, hoje, o achareis.

[14] Subiram, pois, à cidade; ao entrarem, eis que Samuel lhes saiu ao encontro, para subir ao alto.

[15] Ora, o SENHOR, um dia antes de Saul chegar, o revelara a Samuel, dizendo:

[16] Amanhã a estas horas, te enviarei um homem da terra de Benjamim, o qual ungirás por príncipe sobre o meu povo de Israel, e ele livrará o meu povo das mãos dos filisteus; porque atentei para o meu povo, pois o seu clamor chegou a mim.

[17] Quando Samuel viu a Saul, o SENHOR lhe disse: Eis o homem de quem eu já te falara. Este dominará sobre o meu povo.

[18] Saul se chegou a Samuel no meio da porta e disse: Mostra-me, peço-te, onde é aqui a casa do vidente.

[19] Samuel respondeu a Saul e disse: Eu sou o vidente; sobe adiante de mim ao alto; hoje, comereis comigo. Pela manhã, te despedirei e tudo quanto está no teu coração to declararei.

[12]Тие им одговорија и рекоа: „Има, ете, тој е пред вас; само побрзајте; тој денес дојде во градот, бидејќи народот денес принесува жртва на ридот.

[13]Кога ќе дојдете во градот, ќе го затечете, пред да се искачи на ридон за да руча, зашто народот нема да почне да јаде, додека тој не дојде; бидејќи тој ќе ја благослови жртвата, и потоа поканетите ќе почнат да јадат; и така, одете, токму сега ќе го затечете.“

Саул го сретнува Самоил

[14]И отидоа во градот. А кога дојдоа среде град, ете, и Самоил им излегува во пресрет за да оди на ридот.

[15]А ден пред Сауловото доаѓање, Господ му откри на Самоил и рече:

[16]„Утре во ова време ќе ти испратам еден човек од Венијаминовата земја, и ти помазај го за владетел на Мојот народ Израел. Тој ќе го спаси народот Мој од филистејските раце; зашто Јас погледнав милостиво на Мојот народ, бидејќи повикот негов стигна до Мене.“

[17]Кога Самоил го виде Саул, Господ му рече: „Ете го човекот, за кого ти говорев. Тој ќе владее над Мојот народ.“

[18]Саул се приближи до Самоил кај вратата и го запраша: „Кажи ми, каде е куќата на гледачот?“

[19]Самоил му одговори на Саул и рече: „Јас сум гледачот, оди пред мене на ридон; и вие ќе ручате денес со мене; јас ќе те пуштам изутрина, и ќе ти кажам сѐ што имаш на срцето.

[20] Quanto às jumentas que há três dias se te perderam, não se preocupe o teu coração com elas, porque já se encontraram. E para quem está reservado tudo o que é precioso em Israel? Não é para ti e para toda a casa de teu pai?

[21] Então, respondeu Saul e disse: Porventura, não sou benjamita, da menor das tribos de Israel? E a minha família, a menor de todas as famílias da tribo de Benjamim? Por que, pois, me falas com tais palavras?

[22] Samuel, tomando a Saul e ao seu moço, levou-os à sala de jantar e lhes deu o lugar de honra entre os convidados, que eram cerca de trinta pessoas.

[23] Então, disse Samuel ao cozinheiro: Traze a porção que te dei, de que te disse: Põe-na à parte contigo.

[24] Tomou, pois, o cozinheiro a coxa com o que havia nela e a pôs diante de Saul. Disse Samuel: Eis que isto é o que foi reservado; toma-o e come, pois se guardou para ti para esta ocasião, ao dizer eu: Convidei o povo. Assim, comeu Saul com Samuel naquele dia.

[25] Tendo descido do alto para a cidade, falou Samuel com Saul sobre o eirado.

[26] Levantaram-se de madrugada; e, quase ao subir da alva, chamou Samuel a Saul ao eirado, dizendo: Levanta-te; eu irei contigo para te encaminhar. Levantou-se Saul, e saíram ambos, ele e Samuel.

[20]А за магариците што се загубија пред три дена, не грижи се, тие се најдени. Та за кого е сè она што е најсакано во Израел? Нели е за тебе и за целиот дом на твојот татко?“

[21]Саул одговори и рече: „Не сум ли јас син од Венијаминовото племе, едно од најмалите Израелови племиња? И домот мој нели е најмал меѓу домовите од Венијаминовото племе? Тогаш, зошто ми го говориш тоа?“

[22]Самоил го зеде Саул и слугата негов, ги воведе во собата, и им даде прво место меѓу поканетите, кои беа триесетина души.

[23]И му рече Самоил на готвачот: „Донеси го оној дел што ти го бев дал и за кој ти бев рекол: ‚зачувај го кај себе.‘“

[24]И готвачот ја зеде плешката и сè што беше на неа, и го стави тоа пред Саул. И рече Самоил: „Ете, тоа е принесено, стави го пред себе и јади, бидејќи тоа е зачувано заради тебе кога го свикав народот.“ И тој ден Саул ручаше со Самоил.

[25]Потоа тие слегоа од ридот во градот, и Самоил разговараше со Саул на покривот.

[26]Утрината тие станаа токму кога зазори зората. Самоил го повика Саул на покривот и рече: „Стани, јас ќе те испратам.“ Саул стана, и обајцата, тој и Самоил, излегоа од куќата.

[27] Desciam eles para a extremidade da cidade, quando Samuel disse a Saul: Dize ao moço que passe adiante de nós, e tu, tendo ele passado, espera, que te farei saber a palavra de Deus.

[27]Кога наближуваа кон крајот на градот, Самоил му рече на Саул: „Кажи му на слугата да оди пред нас,“ – и тој отиде напред, – „А ти сега застани, и јас ќе ти откријам што рече Бог.“

1 Samuel 10

Samuel unge a Saul rei de Israel

[1] Tomou Samuel um vaso de azeite, e lho derramou sobre a cabeça, e o beijou, e disse: Não te ungiu, porventura, o SENHOR por príncipe sobre a sua herança, o povo de Israel?

[2] Quando te apartares, hoje, de mim, acharás dois homens junto ao sepulcro de Raquel, no território de Benjamim, em Zelza, os quais te dirão: Acharam-se as jumentas que foste procurar, e eis que teu pai já não pensa no caso delas e se aflige por causa de vós, dizendo: Que farei eu por meu filho?

[3] Quando dali passares adiante e chegares ao carvalho de Tabor, ali te encontrarão três homens, que vão subindo a Deus a Betel: um levando três cabritos; outro, três bolos de pão, e o outro, um odre de vinho.

[4] Eles te saudarão e te darão dois pães, que receberás da sua mão.

[5] Então, seguirás a Gibeá-Eloim, onde está a guarnição dos filisteus; e há de ser que, entrando na cidade, encontrarás um grupo de profetas que descem do alto, precedidos de saltérios, e tambores, e

1 Самоилова 10

Самоил го посветува Саул за цар на Израел

[1]И зеде Самоил сад со масло, го излеа врз главата негова, го бакна и рече: „Еве, Господ те помаза за владетел на Своето наследство.

[2]И, кога ќе тргнеш сега од мене, ќе сретнеш два човека близу до Рахилиниот гроб, во Венијаминовите предели, во Целцах, и тие со радост ќе ти кажат: ‚Се најдоа магариците што одеше да ги бараш, и ете, татко ти, заборавајќи ги магариците, се обеспокои за вас, велејќи: Што стана со синот мој?‘

[3]Откако ќе отидеш понатаму и ќе дојдеш кај Таворскиот даб, и таму ќе те сретнат тројца луѓе, кои одат кај Бога во Ветил: едниот носи три јарињa, другиот носи три леба, а третиот носи мев со вино.

[4]И тие ќе те поздрават и ќе ти ги дадат двата леба, и ти ќе ги земеш од рацете нивни.

[5]Потоа ќе дојдеш на Божјиот рид, каде што е филистејската стража; и кога ќе влезеш таму во градот, ќе сретнеш група пророци, кои слегуваат од ридот, и пред нив псалтир и тимпани, свирки и харфи, и ќе пророкуваат;

flautas, e harpas, e eles estarão profetizando.

[6] O Espírito do SENHOR se apossará de ti, e profetizarás com eles e tu serás mudado em outro homem.

[6]и Духот Господов ќе слезе врз тебе, и ти ќе пророкуваш заедно со нив и ќе станеш друг човек.

[7] Quando estes sinais te sucederem, faze o que a ocasião te pedir, porque Deus é contigo.

[7]Кога ќе ги препознаеш овие знаци, тогаш прави она што може раката твоја, зашто со тебе е Бог.

[8] Tu, porém, descerás adiante de mim a Gilgal, e eis que eu descerei a ti, para sacrificar holocausto e para apresentar ofertas pacíficas; sete dias esperarás, até que eu venha ter contigo e te declare o que hás de fazer.

[8]Оди пред мене во Гилгал, каде што и јас ќе дојдам кај тебе за да принесам жртва сепаленица и жртви за благодарност. Седум дена чекај, додека да дојдам кај тебе, и тогаш ќе ти кажам што да правиш.“

Saul entre os profetas

[9] Sucedeu, pois, que, virando-se ele para despedir-se de Samuel, Deus lhe mudou o coração; e todos esses sinais se deram naquele mesmo dia.

[9]И штом Саул се сврте за да си оди од Самоил, Бог му даде друго срце, и сите оние знаци се збиднаа во истиот ден.

[10] Chegando eles a Gibeá, eis que um grupo de profetas lhes saiu ao encontro; o Espírito de Deus se apossou de Saul, e ele profetizou no meio deles.

[10]Кога дојде до ридот, ете, го пресретна групата пророци, и Духот Божји слезе врз него, и тој пророкуваше меѓу нив.

[11] Todos os que, dantes, o conheciam, vendo que ele profetizava com os profetas, diziam uns aos outros: Que é isso que sucedeu ao filho de Quis? Está também Saul entre os profetas?

[11]Сите што го познаваа до вчера и завчера, откако видоа дека тој пророкува со пророците, си велеа еден на друг: „Што се случило со Кисовиот син? Зар и Саул е меѓу пророците?“

[12] Então, um homem respondeu: Pois quem é o pai deles? Pelo que se tornou em provérbio: Está também Saul entre os profetas?

[12]И еден од оние што беа таму, одговори и рече: „Па кој е нивниот татко?“ Затоа излезе изрека: „Зар и Саул е меѓу пророците?“

[13] E, tendo profetizado, seguiu para o alto.

[13]И тој престана да пророкува и отиде на ридот.

[14] Perguntou o tio de Saul, a ele e ao seu moço: Aonde fostes? Respondeu ele: A

[14]А Сауловиот чичко го праша него и слугата негов: „Каде одевте?“ Тој одго-

buscar as jumentas e, vendo que não apareciam, fomos a Samuel.

15 Então, disse o tio de Saul: Conta-me, peço-te, que é o que vos disse Samuel?

16 Respondeu Saul a seu tio: Informou-nos de que as jumentas foram encontradas. Porém, com respeito ao reino, de que Samuel falara, não lho declarou.

Saul escolhido rei

17 Convocou Samuel o povo ao SENHOR, em Mispa,

18 e disse aos filhos de Israel: Assim diz o SENHOR, Deus de Israel: Fiz subir a Israel do Egito e livrei-vos das mãos dos egípcios e das mãos de todos os reinos que vos oprimiam.

19 Mas vós rejeitastes, hoje, a vosso Deus, que vos livrou de todos os vossos males e trabalhos, e lhe dissestes: Não! Mas constitui um rei sobre nós. Agora, pois, ponde-vos perante o SENHOR, pelas vossas tribos e pelos vossos grupos de milhares.

20 Tendo Samuel feito chegar todas as tribos, foi indicada por sorte a de Benjamim.

21 Tendo feito chegar a tribo de Benjamim pelas suas famílias, foi indicada a família de Matri; e dela foi indicado Saul, filho de Quis. Mas, quando o procuraram, não podia ser encontrado.

вори: „Па ги баравме магариците, но, откако видовме дека ги нема, навративме кај Самоил.“

15И Сауловиот чичко рече: „Раскажи ми што ви рече Самоил.“

16И Саул му кажа на чичко си: „Тој ни јави дека магариците се најдени.“ А она што Самоил му го кажа за царувањето, не му го кажа.

Саул избран за цар со фрлање ждрепка

17И Самоил го свика народот кај Господ во Мицпа,

18и им рече на синовите Израелови: „Така говореше Господ, Бог Израелов: ‚Јас го изведов Израел од Египет и ве спасив од рацете на Египќаните, од рацете на сите царства што ве притискаа.‘

19А вие сега Го отфрливте вашиот Бог, Кој ве спаси од сите ваши маки и неволји, и Му рековте: постави ни цар. И затоа застанете сега пред Господ, според вашите племиња и според своите родови!“

20И заповеда Самоил да минуваат сите племиња Израелови, и со ждрепка беше посочено Венијаминовото племе.

21И му заповеда на Венијаминовото племе да минува според домовите нивни, и беше посочен Матриевиот род; и го доведоа Матриевиот род човек по човек, и беше посочен Саул, Кисовиот син; и го бараа, но не го најдоа.

22 Então, tornaram a perguntar ao SENHOR se aquele homem viera ali. Respondeu o SENHOR: Está aí escondido entre a bagagem.

23 Correram e o tomaram dali. Estando ele no meio do povo, era o mais alto e sobressaía de todo o povo do ombro para cima.

24 Então, disse Samuel a todo o povo: Vedes a quem o SENHOR escolheu? Pois em todo o povo não há nenhum semelhante a ele. Então, todo o povo rompeu em gritos, exclamando: Viva o rei!

25 Declarou Samuel ao povo o direito do reino, escreveu-o num livro e o pôs perante o SENHOR. Então, despediu Samuel todo o povo, cada um para sua casa.

26 Também Saul se foi para sua casa, a Gibeá; e foi com ele uma tropa de homens cujo coração Deus tocara.

27 Mas os filhos de Belial disseram: Como poderá este homem salvar-nos? E o desprezaram e não lhe trouxeram presentes. Porém Saul se fez de surdo.

1 Samuel 11

Saul vence os amonitas

1 Então, subiu Naás, amonita, e sitiou a Jabes-Gileade; e disseram todos os homens de Jabes a Naás: Faze aliança conosco, e te serviremos.

2 Porém Naás, amonita, lhes respondeu: Farei aliança convosco sob a condição de vos serem vazados os olhos direitos,

22И пак Го запрашаа Господа: „Ќе дојде ли тој човек тука?“ И Господ одговори: „Ене го, тој се крие меѓу запрегата.“

23Го најдоа таму и го извадија оттаму; тој застана среде народот: а од рамениците свои угоре беше повисок од сите.

24И Самоил му рече на сиот народ: „Гледате ли, кого го избра Господ? Како него нема меѓу сиот народ.“ Тогаш сиот народ извика и рече: „Да живее царот!“

25И Самоил му ги изложи на народот правилата на царувањето, ги напиша во книга, и ја стави пред Господ. И го распушти сиот народ, секој во домот свој.

26Исто така и Саул си отиде дома, во Гива; а со него отиде и група луѓе, чии срца ги трогна Господ.

27А лошите луѓе рекоа: „Та тој ли ќе нè спаси?“ И го презреа и не му принесоа дарови.

1 Самоилова 11

Саул извојува победа над Амонците

1И дојде Амонецот Нахас и го опколи Јавеш Галаадски. И сите жители на Јавеш му рекоа на Нахас: „Склучи со нас сојуз, и ние ќе ти служиме!“

2Но Амонецот Нахас им рече: „Ќе склучам сојуз со вас, но под услов, на секого од вас да му го извадам десното

trazendo assim eu vergonha sobre todo o Israel.

[3] Então, os anciãos de Jabes lhe disseram: Concede-nos sete dias, para que enviemos mensageiros por todos os limites de Israel e, não havendo ninguém que nos livre, então, nos entregaremos a ti.

[4] Chegando os mensageiros a Gibeá de Saul, relataram este caso ao povo. Então, todo o povo chorou em voz alta.

[5] Eis que Saul voltava do campo, atrás dos bois, e perguntou: Que tem o povo, que chora? Então, lhe referiram as palavras dos homens de Jabes.

[6] E o Espírito de Deus se apossou de Saul, quando ouviu estas palavras, e acendeu-se sobremodo a sua ira.

[7] Tomou uma junta de bois, cortou-os em pedaços e os enviou a todos os territórios de Israel por intermédio de mensageiros que dissessem: Assim se fará aos bois de todo aquele que não seguir a Saul e a Samuel. Então, caiu o temor do SENHOR sobre o povo, e saíram como um só homem.

[8] Contou-os em Bezeque; dos filhos de Israel, havia trezentos mil; dos homens de Judá, trinta mil.

[9] Então, disseram aos mensageiros que tinham vindo: Assim direis aos homens de Jabes-Gileade: Amanhã, quando aquentar o sol, sereis socorridos. Vindo, pois, os mensageiros, e, anunciando-o aos homens de Jabes, estes se alegraram

око и со тоа да нанесам срам врз целиот Израел.“

[3]Старешините на Јавеш му рекоа: „Дај ни рок од седум дена да испратиме пратеници по сите израелски области, и, ако никој не ни помогне, ќе ти се предадеме.“

[4]И пратениците дојдоа во Гива Саулова и му ги раскажаа на народот гласно тие зборови; и сиот народ извика и заплака.

[5]А ете, Саул доаѓаше од нива по воловите свои и рече: „Што станало со народот, та плаче?“ И му ги кажаа зборовите на жителите на Јавеш.

[6]И слезе Духот Божји врз Саул, откако ги чу тие зборови, и силно се разгневи;

[7]па зеде два вола, ги исече на парчиња и ги испрати по сите израелски предели преку тие пратеници, објавувајќи дека така ќе биде постапено со воловите на секого што нема да тргне по Саул и по Самоил. И страв Господов падна врз народот, и тргнаа сите како еден човек.

[8]Саул ги преброи во Безек, и се најдоа синовите Израелови триста илјади и мажи Јудини – триесет илјади.

[9]И им рече на дојдените пратеници: „Вака кажете им на жителите на Јавеш Галаадски: утре ќе имате помош штом ќе припече сонцето.“ И пратениците отидоа и им јавија на јавешките жители, и тие се зарадуваа.

[10] e disseram aos amonitas: Amanhã, nos entregaremos a vós outros; então, nos fareis segundo o que melhor vos parecer.

[11] Sucedeu que, ao outro dia, Saul dividiu o povo em três companhias, que, pela vigília da manhã, vieram para o meio do arraial e feriram a Amom, até que se fez sentir o calor do dia. Os sobreviventes se espalharam, e não ficaram dois deles juntos.

Saul proclamado rei

[12] Então, disse o povo a Samuel: Quem são aqueles que diziam: Reinará Saul sobre nós? Trazei-os para aqui, para que os matemos.

[13] Porém Saul disse: Hoje, ninguém será morto, porque, no dia de hoje, o SENHOR salvou a Israel.

[14] Disse Samuel ao povo: Vinde, vamos a Gilgal e renovemos ali o reino.

[15] E todo o povo partiu para Gilgal, onde proclamaram Saul seu rei, perante o SENHOR, a cuja presença trouxeram ofertas pacíficas; e Saul muito se alegrou ali com todos os homens de Israel.

1 Samuel 12

Samuel resigna o seu cargo

[1] Então, disse Samuel a todo o Israel: Eis que ouvi a vossa voz em tudo quanto me dissestes e constituí sobre vós um rei.

[2] Agora, pois, eis que tendes o rei à vossa frente. Já envelheci e estou cheio de cãs, e meus filhos estão convosco; o meu

[10]И жителите на Јавеш му рекоа на Нахас: „Утре ќе ви се предадеме, и правете со нас што сакате.“

[11]Следниот ден Саул го раздели народот во три групи, и тие се провлекоа среде логорот по утринската стража и до дневниот припек ги поразија Амонците; другите Амонци се распрснаа така што од нив не останаа ни двајца заедно.

[12]Тогаш народот му рече на Самоил: „Кои беа тие што рекоа – ‚Та Саул ли ќе царува над нас?‘ – Дајте ги тие луѓе, и ние ќе ги убиеме.“

[13]Но Саул рече: „Денес не треба никој да се убие, зашто денес Господ изврши спасение во Израел.“

[14]И Самоил му рече на народот: „Да одиме во Гилгал и таму одново да го осветиме царувањето.“

[15]И сиот народ отиде во Гилгал и го поставија таму Саул за цар пред Господ, во Гилгал, и принесоа таму жртви за благодарност пред Господ. И се провеселија таму многу, Саул и сите Израелци.

1 Самоилова 12

Говорот на Самоил пред Израелците

[1]И Самоил му рече на сиот Израел: „Ете, јас го послушав вашиот глас во сè што ми рековте, и ви поставив цар,

[2]и еве, царот оди пред вас: а јас остарев и побелев; и синовите мои се со вас.

procedimento esteve diante de vós desde a minha mocidade até ao dia de hoje.

Јас, пак, одев пред вас од мојата рана младост до денес.

3 Eis-me aqui, testemunhai contra mim perante o SENHOR e perante o seu ungido: de quem tomei o boi? De quem tomei o jumento? A quem defraudei? A quem oprimi? E das mãos de quem aceitei suborno para encobrir com ele os meus olhos? E vo-lo restituirei.

3Па еве ме, сведочете против мене пред Господ, и пред Неговиот помазаник: кому сум зел вол, кому сум зел магаре, кого сум измамил и кого сум потискал, од кого сум зел дар и сум ги затворил очите пред делото негово, јас ќе ви го вратам.“

4 Então, responderam: Em nada nos defraudaste, nem nos oprimiste, nem tomaste coisa alguma das mãos de ninguém.

4И одговорија: „Ти не си нè измамувал, ниту си нè измачувал и од никого ништо не си зел.“

5 E ele lhes disse: O SENHOR é testemunha contra vós outros, e o seu ungido é, hoje, testemunha de que nada tendes achado nas minhas mãos. E o povo confirmou: Deus é testemunha.

5И тој им рече: „Сведок против вас е Господ, сведок е и помазаникот Негов во овој ден дека не најдовте ништо против мене.“ И тие одговорија: „Сведок е.“

6 Então, disse Samuel ao povo: Testemunha é o SENHOR, que escolheu a Moisés e a Arão e tirou vossos pais da terra do Egito.

6Тогаш Самоил му рече на народот: „Сведок е Господ, Кој ги постави Мојсеј и Арон и Кој ги изведе вашите предци од египетската земја.

7 Agora, pois, ponde-vos aqui, e pleitearei convosco perante o SENHOR, relativamente a todos os seus atos de justiça que fez a vós outros e a vossos pais.

7А сега застанете, и јас ќе се судам со вас пред Господ за сите добри дела што Тој ви ги направи вам и на предците ваши.

8 Havendo entrado Jacó no Egito, clamaram vossos pais ao SENHOR, e o SENHOR enviou a Moisés e a Arão, que os tiraram do Egito e os fizeram habitar neste lugar.

8Кога Јаков дојде во Египет, и предците ваши почнаа да повикуваат кон Господ, Господ ги испрати Мојсеј и Арон, и тие ги изведоа предците ваши од Египет и ги населија на ова место.

9 Porém esqueceram-se do SENHOR, seu Deus; então, os entregou nas mãos de Sísera, comandante do exército de Hazor,

9Но тие Го заборавија Господа, својот Бог, и Тој ги предаде во рацете на Сисе-ра, асирскиот војвода, и во рацете на

e nas mãos dos filisteus, e nas mãos do rei de Moabe, que pelejaram contra eles.

10 E clamaram ao SENHOR e disseram: Pecamos, pois deixamos o SENHOR e servimos aos baalins e astarotes; agora, pois, livra-nos das mãos de nossos inimigos, e te serviremos.

11 O SENHOR enviou a Jerubaal, e a Baraque, e a Jefté, e a Samuel; e vos livrou das mãos de vossos inimigos em redor, e habitastes em segurança.

12 Vendo vós que Naás, rei dos filhos de Amom, vinha contra vós outros, me dissestes: Não! Mas reinará sobre nós um rei; ao passo que o SENHOR, vosso Deus, era o vosso rei.

13 Agora, pois, eis aí o rei que elegestes e que pedistes; e eis que o SENHOR vos deu um rei.

14 Se temerdes ao SENHOR, e o servirdes, e lhe atenderdes à voz, e não lhe fordes rebeldes ao mandado, e seguirdes o SENHOR, vosso Deus, tanto vós como o vosso rei que governa sobre vós, bem será.

15 Se, porém, não derdes ouvidos à voz do SENHOR, mas, antes, fordes rebeldes ao seu mandado, a mão do SENHOR será contra vós outros, como o foi contra vossos pais.

16 Ponde-vos também, agora, aqui e vede esta grande coisa que o SENHOR fará diante dos vossos olhos.

Филистејците и во рацете на моавскиот цар, кои војуваа против нив.

10А кога повикаа пак кон Господ и рекоа: ‚Згрешивме што Го оставивме Господа и почнавме да им служиме на Вааловци и на Аштарти, спаси нè сега од рацете на непријателите наши, и ние ќе Ти служиме Тебе.‘

11Тогаш Господ ги испрати Јероваал и Бедан, Ефтај и Самоил и ве спаси од рацете на околните непријатели ваши, и вие живеевте во мир.

12Но кога видовте дека амонскиот цар Нахас оди против вас, вие ми рековте: Не, нека владее цар над нас, иако Господ, вашиот Бог, е ваш Цар.

13И така, еве го царот што го избравте, кого го сакавте; ете, Господ ви постави цар.

14Ако се однесувате со почит кон Господ и Му служите, ако го слушате гласот Негов и не се противите на заповедите Господови, вие и царот ваш, кој владее над вас, ќе одите по Господ, вашиот Бог;

15ако, пак, не го слушате гласот Господов и почнете да се противите на заповедите Господови, раката на Господ ќе биде против вас, и против вашиот цар.

16А сега станете и погледнете го големото дело, што Господ го изврши пред очите ваши:

[17] Não é, agora, o tempo da sega do trigo? Clamarei, pois, ao SENHOR, e dará trovões e chuva; e sabereis e vereis que é grande a vossa maldade, que tendes praticado perante o SENHOR, pedindo para vós outros um rei.

[18] Então, invocou Samuel ao SENHOR, e o SENHOR deu trovões e chuva naquele dia; pelo que todo o povo temeu em grande maneira ao SENHOR e a Samuel.

[19] Todo o povo disse a Samuel: Roga pelos teus servos ao SENHOR, teu Deus, para que não venhamos a morrer; porque a todos os nossos pecados acrescentamos o mal de pedir para nós um rei.

[20] Então, disse Samuel ao povo: Não temais; tendes cometido todo este mal; no entanto, não vos desvieis de seguir o SENHOR, mas servi ao SENHOR de todo o vosso coração.

[21] Não vos desvieis; pois seguiríeis coisas vãs, que nada aproveitam e tampouco vos podem livrar, porque vaidade são.

[22] Pois o SENHOR, por causa do seu grande nome, não desamparará o seu povo, porque aprouve ao SENHOR fazer-vos o seu povo.

[23] Quanto a mim, longe de mim que eu peque contra o SENHOR, deixando de orar por vós; antes, vos ensinarei o caminho bom e direito.

[24] Tão-somente, pois, temei ao SENHOR e servi-o fielmente de todo o vosso coração; pois vede quão grandiosas coisas vos fez.

[17]нели е сега пченична жетва? Но јас ќе Го повикам Господа, и Тој ќе испрати гром и дожд, и вие ќе дознаете и ќе видите, колку е големо злото што го направивте пред очите на Господ, барајќи за себе цар.“

[18]И Самоил Го повика Господа, и Господ испрати гром и дожд во тој ден; и сиот народ многу се исплаши од Господ и од Самоил.

[19]И сиот народ му рече на Самоил: „Помоли се за слугите свои пред Господ, твојот Бог, за да не умреме; зашто кон сите гревови наши додадовме уште едно зло, кога баравме за себе цар.“

[20]А Самоил му одговори на народот и рече: „Не плашете се, вие го направивте, вистина, тоа зло, но само не отстапувајте од Господ, и служете Му на Господ од сѐ срце,

[21]и не одете по ништожни богови, кои нема да ви донесат корист и нема да ве спасат, бидејќи се бесполезни.

[22]А Господ нема да го остави народот Свој заради Своето големо име, бидејќи на Господ Му беше мило да ве избере за Свој народ;

[23]исто така и јас нема да си дозволам грев пред Господ да престанам да се молам за вас, и ќе ви го покажувам добриот и правиот пат.

[24]Само однесувајте се со страхопочит кон Господ и служете Му вистински од сето свое срце, зашто видовте какви големи дела изврши Тој со вас;

[25] Se, porém, perseverardes em fazer o mal, perecereis, tanto vós como o vosso rei.

1 Samuel 13

Guerra entre os israelitas e os filisteus

[1] Um ano reinara Saul em Israel. No segundo ano de seu reinado sobre o povo,

[2] escolheu para si três mil homens de Israel; estavam com Saul dois mil em Micmás e na região montanhosa de Betel, e mil estavam com Jônatas em Gibeá de Benjamim; e despediu o resto do povo, cada um para sua casa.

[3] Jônatas derrotou a guarnição dos filisteus que estava em Gibeá, o que os filisteus ouviram; pelo que Saul fez tocar a trombeta por toda a terra, dizendo: Ouçam isso os hebreus.

[4] Todo o Israel ouviu dizer: Saul derrotou a guarnição dos filisteus, e também Israel se fez odioso aos filisteus. Então, o povo foi convocado para junto de Saul, em Gilgal.

[5] Reuniram-se os filisteus para pelejar contra Israel: trinta mil carros, e seis mil cavaleiros, e povo em multidão como a areia que está à beira-mar; e subiram e se acamparam em Micmás, ao oriente de Bete-Áven.

[6] Vendo, pois, os homens de Israel que estavam em apuros (porque o povo estava apertado), esconderam-se pelas cavernas, e pelos buracos, e pelos penhascos, e pelos túmulos, e pelas cisternas.

[25]ако пак правите зло, тогаш и вие и царот ваш ќе загинете.“

1 Самоилова 13

Гневот против Филистејците. Гревот на Саул

[1]Саул имаше триесет години кога почна да царува; и царуваше над Израел две години.

[2]Саул си одбра три илјади Израелци: две илјади беа заедно со Саул во Михмас и во гората ветилска, и илјада беа со Јонатан во Гива Венијаминова: а останатиот народ тој го испрати во нивните шатори.

[3]Јонатан ја разби филистејската стража што беше во Гева; Филистејците слушнаа за тоа, а Саул затруби со труба по целата земја, викајќи: „Нека слушнат Евреите!“

[4]Кога сиот Израел слушна дека Саул ја разбил филистејската стража и дека Израел станал омразен за Филистејците, – народот се собра кај Саул во Гилгал.

[5]А Филистејците се собраа за војна против Израел: триесет илјади коли и шест илјади коњица, и мноштво народ, како песокот на морскиот брег; и дојдоа, та поставија логор во Михмас, на исток од Бет-Авен.

[6]Израелците, откако видоа дека се во опасност, бидејќи народот беше притеснет, се криеја во пештери и дупки, во камени места, во пукнатини и ровови;

[7] Também alguns dos hebreus passaram o Jordão para a terra de Gade e Gileade; e o povo que permaneceu com Saul, estando este ainda em Gilgal, se encheu de temor.

[7]а некои од Евреите минаа од онаа страна на Јордан, во земјата Гадова и Галаадска; Саул, пак, беше уште во Гилгал, и сиот народ што беше со него, се беше уплашил.

Saul oferece sacrifícios e é reprovado por Samuel

[8] Esperou Saul sete dias, segundo o prazo determinado por Samuel; não vindo, porém, Samuel a Gilgal, o povo se foi espalhando dali.

[8]И тој чекаше седум дена до рокот, означен од Самоил, но Самоил не доаѓаше во Гилгал. И народот почна да се разбегува од него.

[9] Então, disse Saul: Trazei-me aqui o holocausto e ofertas pacíficas. E ofereceu o holocausto.

[9]И Саул рече: „Донесете го кај мене одреденото за сепаленици и за жртви за благодарност." И принесе жртва.

[10] Mal acabara ele de oferecer o holocausto, eis que chega Samuel; Saul lhe saiu ao encontro, para o saudar.

[10]А штом заврши со принесувањето на жртвата, ете дојде Самоил, и Саул му излезе во пресрет да го поздрави.

[11] Samuel perguntou: Que fizeste? Respondeu Saul: Vendo que o povo se ia espalhando daqui, e que tu não vinhas nos dias aprazados, e que os filisteus já se tinham ajuntado em Micmás,

[11]А Самоил запраша: „Што си направил?" Саул одговори: „Видов дека народот се разбега од мене, а ти не дојде во закажаното време. Филистејците пак се беа собрале во Михмас,

[12] eu disse comigo: Agora, descerão os filisteus contra mim a Gilgal, e ainda não obtive a benevolência do SENHOR; e, forçado pelas circunstâncias, ofereci holocaustos.

[12]тогаш си помислив: ‚Сега ќе се спуштат врз мене Филистејците во Гилгал, а јас, пак, сè уште не сум Го прашал Господа, па затоа решив да принесам жртва.'"

[13] Então, disse Samuel a Saul: Procedeste nesciamente em não guardar o mandamento que o SENHOR, teu Deus, te ordenou; pois teria, agora, o SENHOR confirmado o teu reino sobre Israel para sempre.

[13]И Самоил му рече на Саул: „Лошо си постапил што не си ја исполнил заповедта на Господ, твојот Бог, која ти беше дадена, зашто денес Господ сакаше да го зацврсти царувањето твое над Израел засекогаш.

[14] Já agora não subsistirá o teu reino. O SENHOR buscou para si um homem que

[14]А сега твоето царување не ќе може да опстане: Господ ќе си најде маж според

lhe agrada e já lhe ordenou que seja príncipe sobre o seu povo, porquanto não guardaste o que o SENHOR te ordenou.

[15] Então, se levantou Samuel e subiu de Gilgal a Gibeá de Benjamim. Logo, Saul contou o povo que se achava com ele, cerca de seiscentos homens.

[16] Saul, e Jônatas, seu filho, e o povo que se achava com eles ficaram em Geba de Benjamim; porém os filisteus se acamparam em Micmás.

[17] Os saqueadores saíram do campo dos filisteus em três tropas; uma delas tomou o caminho de Ofra à terra de Sual;

[18] outra tomou o caminho de Bete-Horom; e a terceira, o caminho a cavaleiro do vale de Zeboim, na direção do deserto.

[19] Ora, em toda a terra de Israel nem um ferreiro se achava, porque os filisteus tinham dito: Para que os hebreus não façam espada, nem lança.

[20] Pelo que todo o Israel tinha de descer aos filisteus para amolar a relha do seu arado, e a sua enxada, e o seu machado, e a sua foice.

[21] Os filisteus cobravam dos israelitas dois terços de um siclo para amolar os fios das relhas e das enxadas e um terço de um siclo para amolar machados e aguilhadas.

[22] Sucedeu que, no dia da peleja, não se achou nem espada, nem lança na mão de nenhum do povo que estava com Saul e

срцето Свое и ќе го назначи за владетел над народот Негов, зашто ти не го исполни она што ти беше заповедал Господ.“

[15]И стана Самоил, та отиде од Гилгал во Гива Венијаминова; а Саул ги преброи луѓето што беа со него. Тие беа околу шестотини мажи.

[16]Саул со синот свој Јонатан и луѓето што се наоѓаа покрај нив, поставија логор во Гева Венијаминова, а Филистејците беа во логорот во Михмас.

[17]И од филистејскиот логор излегоа три чети за да ја опустошуваат земјата: едната тргна по патот за Офра, во земјата Шуал,

[18]другата чета тргна по патот за Веторон, додека третата појде по патот кон границата на долината Цевоим, кон пустината.

[19]Во сета израелска земја немаше ковачи, бидејќи Филистејците се плашеа да не направат Евреите мечеви или копја.

[20]И сите Израелци требаше да одат кај Филистејците за да ги наострат своите рала, мотиките, секирите и копачите,

[21]кога ќе отапеше сечилото на ралата, мотиките, вилите и секирите, или пак требаше да се наострат остените.

[22]Затоа во текот на војната немаше ниту меч, ниту копје во сиот народ што

com Jônatas; porém se acharam com Saul e com Jônatas, seu filho.

23 Saiu a guarnição dos filisteus ao desfiladeiro de Micmás.

беше со Саул и Јонатан, а имаа само Саул и неговиот син Јонатан.

23И филистејската стража излезе во теснецот кај Михмас.

1 Samuel 14

A vitória de Jônatas sobre os filisteus

1 Sucedeu que, um dia, disse Jônatas, filho de Saul, ao seu jovem escudeiro: Vem, passemos à guarnição dos filisteus, que está do outro lado. Porém não o fez saber a seu pai.

2 Saul se encontrava na extremidade de Gibeá, debaixo da romeira em Migrom; e o povo que estava com ele eram cerca de seiscentos homens.

[7] Em todo lugar em que andei com todos os filhos de Israel, falei, acaso, alguma palavra com qualquer das suas tribos, a quem mandei apascentar o meu povo de Israel, dizendo: Por que não me edificais uma casa de cedro?

[7]Каде и да одев со сите синови Израелови, му кажав ли барем еден збор на некое од племињата, на кое сум му наложувал да го пасе Мојот народ Израел: зошто не ми изградивте кедров дом?‘

[8] Agora, pois, assim dirás ao meu servo Davi: Assim diz o SENHOR dos Exércitos: Tomei-te da malhada, de detrás das ovelhas, para que fosses príncipe sobre o meu povo, sobre Israel.

[8]А сега, кажи му така на мојот слуга Давид: вака вели Господ Саваот: ‚Јас те зедов од овчото стадо за да бидеш водач на Мојот народ Израел;

[9] E fui contigo, por onde quer que andaste, eliminei os teus inimigos diante de ti e fiz grande o teu nome, como só os grandes têm na terra.

[9]и секогаш бев со тебе, каде и да одеше, ги истребував пред твои очи сите твои непријатели, и ќе го возвеличам твоето име, како името на големите луѓе на земјата.

[10] Prepararei lugar para o meu povo, para Israel, e o plantarei, para que habite no seu lugar e não mais seja perturbado, e jamais os filhos da perversidade o aflijam, como dantes,

[11] desde o dia em que mandei houvesse juízes sobre o meu povo de Israel. Dar-te-ei, porém, descanso de todos os teus inimigos; também o SENHOR te faz saber que ele, o SENHOR, te fará casa.

[12] Quando teus dias se cumprirem e descansares com teus pais, então, farei levantar depois de ti o teu descendente, que procederá de ti, e estabelecerei o seu reino.

[13] Este edificará uma casa ao meu nome, e eu estabelecerei para sempre o trono do seu reino.

[14] Eu lhe serei por pai, e ele me será por filho; se vier a transgredir, castigá-lo-ei com varas de homens e com açoites de filhos de homens.

[15] Mas a minha misericórdia se não apartará dele, como a retirei de Saul, a quem tirei de diante de ti.

[16] Porém a tua casa e o teu reino serão firmados para sempre diante de ti; teu trono será estabelecido para sempre.

[17] Segundo todas estas palavras e conforme toda esta visão, assim falou Natã a Davi.

Ações de graças de Davi

1 Crônicas 17.16-27

[10]Јас ќе одредам место за Мојот народ, за Израел, ќе го утврдам, и тој спокојно ќе живее на своето место и нема повеќе да се обеспокојува, и нечесните луѓе нема повеќе да го понижуваат, како порано,

[11]од денот кога Јас определив судии над Својот Израел; и Јас ќе те успокојам од сите твои непријатели. И Господ те известува дека Тој ќе ти подигне дом.

[12]А кога ќе завршат твоите дни, и ти ќе починеш кај татковците свои, Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе што ќе произлезе од твоите бедра, и ќе го зацврстам царството негово.

[13]Тој ќе изгради дом на името Мое, и Јас ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш.

[14]Јас ќе му бидам Татко, и тој ќе Ми биде син; и ако згреши, ќе го казнам со стап човечки и со удари на синови човечки;

[15]но милоста Своја нема да ја кренам од него, како што ја кренав од Саул, кога Јас го отфрлив пред лицето твое.

[16]И ќе биде непоколеблив твојот дом и твоето царство засекогаш пред лицето Мое, и престолот твој ќе остане засекогаш.‘“

[17]Сите овие зборови и целото тоа видение Натан му го кажа на Давид.

Молитвата на Давид

[18] Então, entrou o rei Davi na Casa do SENHOR, ficou perante ele e disse: Quem sou eu, SENHOR Deus, e qual é a minha casa, para que me tenhas trazido até aqui?

[19] Foi isso ainda pouco aos teus olhos, SENHOR Deus, de maneira que também falaste a respeito da casa de teu servo para tempos distantes; e isto é instrução para todos os homens, ó SENHOR Deus.

[20] Que mais ainda te poderá dizer Davi? Pois tu conheces bem a teu servo, ó SENHOR Deus.

[21] Por causa da tua palavra e segundo o teu coração, fizeste toda esta grandeza, dando-a a conhecer a teu servo.

[22] Portanto, grandíssimo és, ó SENHOR Deus, porque não há semelhante a ti, e não há outro Deus além de ti, segundo tudo o que nós mesmos temos ouvido.

[23] Quem há como o teu povo, como Israel, gente única na terra, a quem tu, ó Deus, foste resgatar para ser teu povo? E para fazer a ti mesmo um nome e fazer a teu povo estas grandes e tremendas coisas, para a tua terra, diante do teu povo, que tu resgataste do Egito, desterrando as nações e seus deuses?

[24] Estabeleceste teu povo Israel por teu povo para sempre e tu, ó SENHOR, te fizeste o seu Deus.

[25] Agora, pois, ó SENHOR Deus, quanto a esta palavra que disseste acerca de teu

[18]Тогаш отиде цар Давид, застана пред лицето на Господ, и рече: „Кој сум јас, Господи, и што е домот мој, та толку ме возвеличи!

[19]Па и тоа дури се покажа сосема малку во Твоите очи, Господи, Боже мој; но Ти извести уште за домот на Твојот слуга далечна иднина, тоа го поставуваш како закон за луѓето, Господи, Боже мој!

[20]Што уште може да ти каже Давид? Ти го познаваш Твојот слуга, Господи мој, Господи!

[21]Ти го правиш ова заради зборот Свој и по срцето Свое, откривајќи му ги на слугата Свој сите големи работи.

[22]Затоа во сè си голем Ти, Господи, Боже мој, зашто нема сличен на Тебе и нема Бог, освен Тебе, по сè што сме слушале со ушите свои.

[23]И кој друг народ на земјата е како Твојот народ – Израел; за кој доаѓал Бог да Си го откупи за свој народ, да го прослави името Свое и да изврши големи и страшни чуда пред Својот народ, кој Ти си го придобил од Египќаните, прогонувајќи ги народите и боговите нивни?

[24]И Ти го одреди за Себе Твојот народ Израел како Свој сопствен народ засекогаш, и Ти, Господи, стана негов Бог.

[25]А сега, Господи Боже, утврди го засекогаш зборот што си го изрекол за

servo e acerca da sua casa, confirma-a para sempre e faze como falaste.

[26] Seja para sempre engrandecido o teu nome, e diga-se: O SENHOR dos Exércitos é Deus sobre Israel; e a casa de Davi, teu servo, será estabelecida diante de ti.

[27] Pois tu, ó SENHOR dos Exércitos, Deus de Israel, fizeste ao teu servo esta revelação, dizendo: Edificar-te-ei casa. Por isso, o teu servo se animou para fazer-te esta oração.

[28] Agora, pois, ó SENHOR Deus, tu mesmo és Deus, e as tuas palavras são verdade, e tens prometido a teu servo este bem.

[29] Sê, pois, agora, servido de abençoar a casa do teu servo, a fim de permanecer para sempre diante de ti, pois tu, ó SENHOR Deus, o disseste; e, com a tua bênção, será, para sempre, bendita a casa do teu servo.

2 Samuel 8

Diversas vitórias de Davi
1 Crônicas 18.1-13

[1] Depois disto, feriu Davi os filisteus e os sujeitou; e tomou de suas mãos as rédeas da metrópole.

[2] Também derrotou os moabitas; fê-los deitar em terra e os mediu: duas vezes um cordel, para os matar; uma vez um cordel, para os deixar com vida. Assim, ficaram os moabitas por servos de Davi e lhe pagavam tributo.

Твојот слуга и за домот негов и исполни го она што си го изрекол.

[26]Нека се возвеличи името Твое засекогаш, та да велат: ‚Господ Саваот е Бог над Израел.‘ И домот на Твојот слуга Давид да биде цврст пред Твоето лице.

[27]Бидејќи Ти, Господи Саваоте, Боже Израелов, му откри на Твојот слуга, велејќи: ‚Ќе ти воздигнам дом‘, Твојот слуга го подготви срцето свое да Ти се моли со таа молитва.

[28]И така, Господи, Боже мој! Ти си Бог, и Твоите зборови се неизменливи, и Ти му вети на Твојот слуга големо добро.

[29]А сега благоволи и благослови го домот на Твојот слуга, та тој да биде вечно пред Твоето лице, зашто Ти, Господи, Боже мој, го објави тоа, и со Твојот благослов домот на Твојот слуга ќе стане благословен засекогаш.“

2 Самоилова 8

Победите на Давид над соседните племиња

[1]Потоа Давид ги нападна Филистејците и ги покори; и ја одзеде Давид превласта во регионот од рацете на Филистејците.

[2]Ги порази и Моавците и ги измери со јажиња, откако ги легна на земја: измери две јажиња за убивање, едно јаже за оставање живи. И Моавците му станаа робје на Давид и му плаќаа данок.

[3] Também Hadadezer, filho de Reobe, rei de Zobá, foi derrotado por Davi, quando aquele foi restabelecer o seu domínio sobre o rio Eufrates.

[3]Давид го порази Адраазар, син на Рехов, цар на Цова, кога тој одеше да ја прошири власта своја кај реката Еуфрат;

[4] Tomou-lhe Davi mil e setecentos cavaleiros e vinte mil homens de pé; Davi jarretou todos os cavalos dos carros, menos para cem deles.

[4]и зеде Давид од него илјада и седумстотини коњаници и дваесет илјади пешаци; и им ги пресече Давид жилите на сите колски коњи, оставајќи од нив само за сто коли.

[5] Vieram os siros de Damasco a socorrer Hadadezer, rei de Zobá; porém Davi matou dos siros vinte e dois mil homens.

[5]Дојдоа Арамејци од Дамаск да му помогнат на цовашкиот цар Адраазар; но Давид уби дваесет и две илјади Арамејци.

[6] Davi pôs guarnições na Síria de Damasco, e os siros ficaram por servos de Davi e lhe pagavam tributo; e o SENHOR dava vitórias a Davi, por onde quer que ia.

[6]Тогаш Давид постави стражи во Арам кај Дамаск, и Арамејците му станаа на Давид робови и му плаќаа данок. А Господ го чуваше Давид насекаде, каде ќе отидеше тој.

[7] Tomou Davi os escudos de ouro que havia com os oficiais de Hadadezer e os trouxe a Jerusalém.

[7]Потоа Давид ги зеде златните гривни што ги носеа слугите на Адраазар, и ги донесе во Ерусалим.

[8] Tomou mais o rei Davi mui grande quantidade de bronze de Betá e de Berotai, cidades de Hadadezer.

[8]А од Бетах и Беротаи, Адраазаровите градови, цар Давид зеде многу бакар.

[9] Então, ouvindo Toí, rei de Hamate, que Davi derrotara a todo o exército de Hadadezer,

[9]Кога Тои, царот на Хамат, чу дека Давид ја поразил целата војска на Адраазар,

[10] mandou seu filho Jorão ao rei Davi, para o saudar e congratular-se com ele por haver pelejado contra Hadadezer e por havê-lo ferido (porque Hadadezer de contínuo fazia guerra a Toí). Jorão trouxe consigo objetos de prata, de ouro e de bronze,

[10]Тои го испрати синот свој Јорам кај царот Давид да го поздрави и да му благодари, поради тоа што војувал против Адраазар и го поразил; бидејќи Адраазар војуваше со Тои. А во рацете Јорам имаше сребрени, златни и бакарни садови.

[11] os quais também o rei Davi consagrou ao SENHOR, juntamente com a prata e o ouro que já havia consagrado de todas as nações que sujeitara:

[12] da Síria, de Moabe, dos filhos de Amom, dos filisteus, de Amaleque e dos despojos de Hadadezer, filho de Reobe, rei de Zobá.

[13] Ganhou Davi renome, quando, ao voltar de ferir os siros, matou dezoito mil homens no vale do Sal.

[14] Pôs guarnições em Edom, em todo o Edom pôs guarnições, e todos os edomitas ficaram por servos de Davi; e o SENHOR dava vitórias a Davi, por onde quer que ia.

Oficiais de Davi

2 Samuel 20.23-26; 1 Crônicas 18.14-17

[15] Reinou, pois, Davi sobre todo o Israel; julgava e fazia justiça a todo o seu povo.

[16] Joabe, filho de Zeruia, era comandante do exército; Josafá, filho de Ailude, era cronista.

[17] Zadoque, filho de Aitube, e Aimeleque, filho de Abiatar, eram sacerdotes, e Seraías, escrivão.

[18] E Benaia, filho de Joiada, era o comandante da guarda real. Os filhos de Davi, porém, eram seus ministros.

2 Samuel 9

A bondade de Davi para com o filho de Jônatas

[1] Disse Davi: Resta ainda, porventura, alguém da casa de Saul, para que use eu de bondade para com ele, por amor de Jônatas?

[11]Цар Давид ги посвети и нив на Господ, заедно со среброто и златото, запленето од сите народи, кои ги беше покорил:

[12]од Арам, Моав, синовите Анонови, Филистејците и Амаликијците, и од пленот на Адраазар, синот на цовашки-от цар Рехов.

[13]И Давид се прослави, враќајќи се по поразот на осумнаесет илјади Арамејци во Солената Долина.

[14]Тој постави стражи во Едом; постави стражи по цел Едом; и сите Едомци му станаа на Давид робови. И Господ го чуваше Давид, каде и да отидеше тој.

Список на Давидовите службеници

[15]Така царуваше Давид над сите Израелци, судеше и делеше правда на сиот свој народ.

[16]А Јоав, синот на Саруја, беше над војската; а Јосафат, синот Ахилудов, беше летописец;

[17]Садок, синот Ахитувов и Ахимелех, синот Авијатаров, беа свештеници; Сераја беше писар;

[18]а Бенајаху, синот Јодаев, беше заповедник над Керетијците и Пелетијците, а Давидовите синови беа свештеници.

2 Самоилова 9

Давид го дочекува Мемфивостеј кај себе

[1]И рече Давид: „Ако останал уште некој од Сауловиот дом, јас би му направил милост заради Јонатан.“

[2] Havia um servo na casa de Saul cujo nome era Ziba; chamaram-no que viesse a Davi. Perguntou-lhe o rei: És tu Ziba? Respondeu: Eu mesmo, teu servo.

[3] Disse-lhe o rei: Não há ainda alguém da casa de Saul para que use eu da bondade de Deus para com ele? Então, Ziba respondeu ao rei: Ainda há um filho de Jônatas, aleijado de ambos os pés.

[4] E onde está? Perguntou-lhe o rei. Ziba lhe respondeu: Está na casa de Maquir, filho de Amiel, em Lo-Debar.

[5] Então, mandou o rei Davi trazê-lo de Lo-Debar, da casa de Maquir, filho de Amiel.

[6] Vindo Mefibosete, filho de Jônatas, filho de Saul, a Davi, inclinou-se, prostrando-se com o rosto em terra. Disse-lhe Davi: Mefibosete! Ele disse: Eis aqui teu servo!

[7] Então, lhe disse Davi: Não temas, porque usarei de bondade para contigo, por amor de Jônatas, teu pai, e te restituirei todas as terras de Saul, teu pai, e tu comerás pão sempre à minha mesa.

[8] Então, se inclinou e disse: Quem é teu servo, para teres olhado para um cão morto tal como eu?

[9] Chamou Davi a Ziba, servo de Saul, e lhe disse: Tudo o que pertencia a Saul e toda a sua casa dei ao filho de teu senhor.

[10] Trabalhar-lhe-ás, pois, a terra, tu, e teus filhos, e teus servos, e recolherás os frutos,

[2]Во Сауловиот дом имаше еден слуга, по име Сива; го повикаа кај Давид, и царот го праша: „Ти ли си Сива?“ Тој одговори: „Јас сум твојот слуга.“

[3]И царот продолжи и рече: „Нема ли уште некој од Сауловиот дом? Би му направил милост Божја?“ А Сива му одговори на царот: „Има еден Јонатанов син, кој е куц.“

[4]Царот го праша: „Каде е тој?“ Сива му одговори на царот: „Ете, тој е во куќата на Махир, Амиеловиот син, во Ло-Девар.“

[5]Тогаш цар Давид испрати луѓе, та го зедоа од куќата на Махир, Амиеловиот син, од Ло-Девар.

[6]И Мемфивостеј, синот на Јонатан, кој беше пак Саулов син, дојде кај Давид, падна ничкум и му се поклони на царот. И рече Давид: „Мемфивостеј!“ Тој одговори: „Еве, твој слуга сум јас.“

[7]И Давид му рече: „Не плаши се; јас ќе ти направам милост заради татко ти Јонатан и ќе ти ги вратам ситениви на дедо ти Саул, и ти секогаш ќе јадеш леб на мојата трпеза.“

[8]Се поклони Мемфивостеј и рече: „Кој сум јас, твојот слуга, та погледна милостиво на мене мртов пес?“

[9]А царот го повика Сива, Сауловиот слуга, па му рече: „Сè што му припаѓаше на Саул и на целиот негов дом, му го давам на синот на твојот господар;

[10]обработувај ја, впрочем, за него земјата, ти, со твоите синови и твоите

para que a casa de teu senhor tenha pão que coma; porém Mefibosete, filho de teu senhor, comerá pão sempre à minha mesa. Tinha Ziba quinze filhos e vinte servos.

слуги и донесувај ги плодовите нејзини за да има синот на господарот твој леб за исхрана; а Мемфивостеј, синот на господарот твој, секогаш ќе јаде на мојата трпеза.“ Сива имаше петнаесет синови и дваесет слуги.

11 Disse Ziba ao rei: Segundo tudo quanto meu senhor, o rei, manda a seu servo, assim o fará. Comeu, pois, Mefibosete à mesa de Davi, como um dos filhos do rei.

11Тогаш му рече Сива на царот: „Сè што му заповеда мојот господар на својот слуга, тој ќе го изврши.“ Мемфивостеј јадеше на трпезата Давидова како еден од царските синови.

12 Tinha Mefibosete um filho pequeno, cujo nome era Mica. Todos quantos moravam em casa de Ziba eram servos de Mefibosete.

12Мемфивостеј имаше малолетен син по има Миха. Сите што живееја во куќата на Сива, беа слуги на Мемфивостеј.

13 Morava Mefibosete em Jerusalém, porquanto comia sempre à mesa do rei. Ele era coxo de ambos os pés.

13А Мемфивостеј живееше во Ерусалим, бидејќи секогаш јадеше на царската трпеза. Тој беше сакат во обете нозе свои.

2 Samuel 10

Davi derrota os amonitas e os siros

1 Crônicas 19.1-19

1 Depois disto, morreu o rei dos filhos de Amom, e seu filho Hanum reinou em seu lugar.

2 Então, disse Davi: Usarei de bondade para com Hanum, filho de Naás, como seu pai usou de bondade para comigo. E enviou Davi servos seus para o consolar acerca de seu pai; e vieram os servos de Davi à terra dos filhos de Amom.

3 Mas os príncipes dos filhos de Amom disseram a seu senhor, Hanum: Pensas que, por Davi te haver mandado

2 Самоилова 10

Службениците на Давид обесчестени

1По извесно време умре амонскиот цар, и наместо него стана цар синот негов Анон.

2И Давид рече: „Ќе покажам милост кон Анон, Нахасовиот син, за добрината што ми ја направи неговиот татко.“ Па ги испрати Давид слугите свои да го утешат Анон поради татко му. И Давидовите слуги отидоа во земјата на Амониевите синови.

3Но амонските кнезови му рекоа на господарот свој Анон: „Зар мислиш дека Давид од почит кон татко ти ис-

consoladores, está honrando a teu pai? Porventura, não te enviou ele os seus servos para reconhecerem a cidade, espiá-la e destruí-la?

[4] Tomou, então, Hanum os servos de Davi, e lhes rapou metade da barba, e lhes cortou metade das vestes até às nádegas, e os despediu.

[5] Sabedor disso, enviou Davi mensageiros a encontrá-los, porque estavam sobremaneira envergonhados. Mandou o rei dizer-lhes: Deixai-vos estar em Jericó, até que vos torne a crescer a barba; e, então, vinde.

[6] Vendo, pois, os filhos de Amom que se haviam tornado odiosos a Davi, mandaram mensageiros tomar a soldo vinte mil homens de pé dos siros de Bete-Reobe e dos siros de Zobá, mil homens do rei de Maaca e doze mil de Tobe.

[7] O que ouvindo Davi, enviou contra eles a Joabe com todo o exército dos valentes.

[8] Saíram os filhos de Amom e ordenaram a batalha à entrada da porta, e os siros de Zobá e Reobe e os homens de Tobe e Maaca estavam à parte no campo.

[9] Vendo, pois, Joabe que estava preparada contra ele a batalha, tanto pela frente como pela retaguarda, escolheu dentre todos o que havia de melhor em Israel e os formou em linha contra os siros;

[10] e o resto do povo, entregou-o a Abisai, seu irmão, o qual o formou em linha contra os filhos de Amom.

пратил кај тебе утешители? Да не ги испратил Давид слугите свои кај тебе за да го прегледаат градот и да видат во него сè и сешто, па да го разурнат?“

[4]И Анон ги фати Давидовите слуги и на секого од нив му ја избричи половината од брадата и им ги потсече алиштата на половина, до крстот и ги пушти.

[5]Кога му јавија за тоа на Давид, тој испрати луѓе да ги пречекаат, бидејќи беа многу обесчестени. И царот заповеда да им кажат: „Останете во Ерихон додека да ви пораснат брадите, и тогаш вратете се.“

Војна против Амонците и Арамејците

[6]Видоа Амонците дека станаа намразени кај Давид; па испратија Амонците луѓе да најмат Арамејци од Бет-Рехов и Арамејци од Цова – дваесет илјади пешаци, од царот Мааха – илјада души и од Тов – дванаесет илјади души.

[7]Кога Давид слушна за тоа, го испрати Јоав со сета храбра војска.

[8]Излегоа Амонците и се распоредија за борба кај портите, а Арамејците од Цова и Рехов, како и луѓето на Тов и Мааха се задржаа одделно во полето.

[9]Кога виде Јоав дека непријателската војска се распоредила спроти него и отспреди и одзади, ги одбра најистакнатите израелски мажи, и ги распореди против Арамејците;

[10]а другиот дел од луѓето му ги довери на братот свој Авеса, да ги построи против Амонците.

[11] Disse Joabe: Se os siros forem mais fortes do que eu, tu me virás em socorro; e, se os filhos de Amom forem mais fortes do que tu, eu irei ao teu socorro.

[12] Sê forte, pois; pelejemos varonilmente pelo nosso povo e pelas cidades de nosso Deus; e faça o SENHOR o que bem lhe parecer.

[13] Então, avançou Joabe com o povo que estava com ele, e travaram peleja contra os siros; e estes fugiram de diante deles.

[14] Vendo os filhos de Amom que os siros fugiam, também eles fugiram de diante de Abisai e entraram na cidade; voltou Joabe dos filhos de Amom e tornou a Jerusalém.

[15] Vendo, pois, os siros que tinham sido desbaratados diante de Israel, tornaram a refazer-se.

[16] E Hadadezer fez sair os siros que estavam do outro lado do rio, e vieram a Helã; Sobaque, chefe do exército de Hadadezer, marchava adiante deles.

[17] Informado Davi, ajuntou a todo o Israel, passou o Jordão e foi a Helã; os siros se puseram em ordem de batalha contra Davi e pelejaram contra ele.

[18] Porém os siros fugiram de diante de Israel, e Davi matou dentre os siros os homens de setecentos carros e quarenta mil homens de cavalo; também feriu a Sobaque, chefe do exército, de tal sorte que morreu ali.

[11]Тогаш рече Јоав: „Ако Арамејците почнат да ме надвиваат, ти ќе ми помогнеш; ако, пак, Амонците почнат да те надвиваат тебе, јас ќе ти дојдам на помош;

[12]биди храбар, и да стоиме цврсто за нашиот народ и за градовите на нашиот Бог, а Господ ќе го направи она што е добро во Неговите очи.“

[13]И влезе Јоав, и народот што беше со него, во борба против Арамејците, и тие избегаа од него.

[14]Амонците, пак, кога видоа дека Арамејците бегаат, избегаа од Авеса и влегоа во градот. И Јоав се врати од Амонците и дојде во Ерусалим.

[15]Арамејците штом видоа дека Израелците ги разбија, се собраа сите наедно.

[16]И Адраазар испрати гласници за да ги повика Арамејците што беа од онаа страна на Еуфрат, и, ете, дојдоа до Хелам; а Совак, Адраазаров воен началник, ги предводеше.

[17]Кога му јавија за тоа на Давид, тој ги свика сите Израелци, го премина Јордан и стигна до Хелам. Арамејците се распоредија против Давид и се судрија со него.

[18]Арамејците избегаа од Израелците, а Давид уништи седумстотини арамејски бојни коли и уби четириесет илјади коњаници, удри по војсководачот Совак, и тој таму умре.

[19] Vendo, pois, todos os reis, servos de Hadadezer, que foram vencidos, fizeram paz com Israel e o serviram; e temeram os siros de ainda socorrer aos filhos de Amom.

2 Samuel 11

Davi comete adultério com Bate-Seba

[1] Decorrido um ano, no tempo em que os reis costumam sair para a guerra, enviou Davi a Joabe, e seus servos, com ele, e a todo o Israel, que destruíram os filhos de Amom e sitiaram Rabá; porém Davi ficou em Jerusalém.

[2] Uma tarde, levantou-se Davi do seu leito e andava passeando no terraço da casa real; daí viu uma mulher que estava tomando banho; era ela mui formosa.

[3] Davi mandou perguntar quem era. Disseram-lhe: É Bate-Seba, filha de Eliã e mulher de Urias, o heteu.

[4] Então, enviou Davi mensageiros que a trouxessem; ela veio, e ele se deitou com ela. Tendo-se ela purificado da sua imundícia, voltou para sua casa.

[5] A mulher concebeu e mandou dizer a Davi: Estou grávida.

Davi e Urias

[6] Então, enviou Davi mensageiros a Joabe, dizendo: Manda-me Urias, o heteu. Joabe enviou Urias a Davi.

[19]Кога сите потчинети цареви на Адраазар видоа дека Израелците ги разбија, склучија со Израелците мир и им се покорија. И Арамејците веќе се плашеа да им помагаат на Амонците.

2 Самоилова 11

Давид и Витсавеја

[1]По една година, во времето кога царевите излегуваа во војна, Давид го испрати Јоав и слугите свои со него и сите Израелци; и тие ги нападнаа Амонците и ја опколија Рава; а Давид остана во Ерусалим.

[2]Еднаш приквечер, откако стана од своето легло, Давид се шеташе по покривот на својот царски дом свој и од покривот виде една жена, која се капеше; а жената беше многу убава.

[3]Давид испрати да дознаат, која е таа жена? Му рекоа: „Тоа е Витсавеја, Елијамова ќерка, жена на Хитиецот Урија.“

[4]Давид испрати слуги да ја земат; и таа дојде кај него, и тој спиеше со неа. А кога таа се исчисти од својата нечистотија, се врати во домот свој.

[5]Жената остана бремена и испрати гласници да му јават на Давид и да кажат: „Бремена сум.“

[6]Тогаш Давид испрати гласници да му кажат на Јоав: „Испрати го кај мене Хитиецот Урија!“ И Јоав го испрати Урија кај Давид.

7 Vindo, pois, Urias a Davi, perguntou este como passava Joabe, como se achava o povo e como ia a guerra.

8 Depois, disse Davi a Urias: Desce a tua casa e lava os pés. Saindo Urias da casa real, logo se lhe seguiu um presente do rei.

9 Porém Urias se deitou à porta da casa real, com todos os servos do seu senhor, e não desceu para sua casa.

10 Fizeram-no saber a Davi, dizendo: Urias não desceu a sua casa. Então, disse Davi a Urias: Não vens tu de uma jornada? Por que não desceste a tua casa?

11 Respondeu Urias a Davi: A arca, Israel e Judá ficam em tendas; Joabe, meu senhor, e os servos de meu senhor estão acampados ao ar livre; e hei de eu entrar na minha casa, para comer e beber e para me deitar com minha mulher? Tão certo como tu vives e como vive a tua alma, não farei tal coisa.

12 Então, disse Davi a Urias: Demora-te aqui ainda hoje, e amanhã te despedirei. Urias, pois, ficou em Jerusalém aquele dia e o seguinte.

13 Davi o convidou, e comeu e bebeu diante dele, e o embebedou; à tarde, saiu Urias a deitar-se na sua cama, com os servos de seu senhor; porém não desceu a sua casa.

A morte de Urias

14 Pela manhã, Davi escreveu uma carta a Joabe e lha mandou por mão de Urias.

7Урија дојде кај него, и Давид го распраша за положбата на Јоав, за положбата на народот и за текот на војната.

8Давид му рече на Урија: „Оди во домот свој и измиј си ги нозете.“ Урија излезе од царскиот дом, и по него однесоа и царско јадење.

9Но Урија преспа пред вратата на царскиот дом заедно со сите слуги на господарот свој и не отиде во својот дом.

10Му соопштија на Давид и рекоа: „Урија не отиде во домот свој.“ Давид му рече на Урија: „Еве, си дошол од пат; зошто не си отишол во домот свој?“

11Урија му одговори на Давид: „Ковчегот Божји, Израел и Јуда се под шаторите, а господарот мој Јоав и слугите на господарот мој престојуваат во полето, а јас да влезам во куќата своја да јадам, да пијам и да лежам со жената своја! Се колнам во животот на твојата душа, тоа нема да го направам.“

12Тогаш Давид му рече на Урија: „Остани тука и денес, а утре ќе те отпуштам.“ И Урија остана тој ден во Ерусалим до изутрината.

13И Давид го покани, и Урија јадеше пред него и пиеше, и Давид го опи. Но вечерта Урија отиде да спие на леглото свое со слугите на својот господар, а во домот свој не отиде.

14Изутрината Давид напиша писмо до Јоав и го испрати по Урија.

[15] Escreveu na carta, dizendo: Ponde Urias na frente da maior força da peleja; e deixai-o sozinho, para que seja ferido e morra.

[15]Во писмото напиша вака: „Поставете го Урија таму, каде што ќе има најсилна војска, и отстапете од него, за да биде погоден.“

Смртта на Урија, мажот на Витсавеја

[16] Tendo, pois, Joabe sitiado a cidade, pôs a Urias no lugar onde sabia que estavam homens valentes.

[16]Затоа, кога Јоав го опседнуваше градот, го постави Урија на такво место, за кое знаеше дека таму има храбри мажи.

[17] Saindo os homens da cidade e pelejando com Joabe, caíram alguns do povo, dos servos de Davi; e morreu também Urias, o heteu.

[17]Излегоа од градот мажи, се судрија со Јоав, и неколкумина од народот, од Давидовите слуги, паднаа: убиен беше исто така и Хитиецот Урија.

[18] Então, Joabe enviou notícias e fez saber a Davi tudo o que se dera na batalha.

[18]Тогаш Јоав испрати гласници да му кажат на Давид за целиот тек на борбата.

[19] Deu ordem ao mensageiro, dizendo: Se, ao terminares de contar ao rei os acontecimentos desta peleja,

[19]Тој им заповеда на гласниците, велејќи: „Кога ќе му раскажете на царот за целиот тек на битката

[20] suceder que ele se encolerize e te diga: Por que vos chegastes assim perto da cidade a pelejar? Não sabíeis vós que haviam de atirar do muro?

[20]и ако видите дека царот се разгневува и ве прашува: ‚Зошто сте отишле да се биете толку блиску до градот? Не знаете ли дека врз вас ќе фрлаат стрели од ѕидот?

[21] Quem feriu a Abimeleque, filho de Jerubesete? Não lançou uma mulher sobre ele, do muro, um pedaço de mó corredora, de que morreu em Tebes? Por que vos chegastes ao muro? Então, dirás: Também morreu teu servo Urias, o heteu.

[21]Кој го уби Авимелех, синот на Јерубешет? Нели фрли жена врз него од ѕидот парче од воденички камен, го погоди и тој умре во Тевец? А вие, зошто се приближивте до ѕидот?‘ – тогаш ти кажи: ‚И твојот слуга Хитиецот Урија исто така е погоден и умре.‘“

[22] Partiu o mensageiro e, chegando, fez saber a Davi tudo o que Joabe lhe havia mandado dizer.

[22]Отиде гласникот, му раскажа на Давид сѐ за што го беше испратил Јоав.

23 Disse o mensageiro a Davi: Na verdade, aqueles homens foram mais poderosos do que nós e saíram contra nós ao campo; porém nós fomos contra eles, até à entrada da porta.

24 Então, os flecheiros, do alto do muro, atiraram contra os teus servos, e morreram alguns dos servos do rei; e também morreu o teu servo Urias, o heteu.

25 Disse Davi ao mensageiro: Assim dirás a Joabe: Não pareça isto mal aos teus olhos, pois a espada devora tanto este como aquele; intensifica a tua peleja contra a cidade e derrota-a; e, tu, anima a Joabe.

Davi casa com Bate-Seba

26 Ouvindo, pois, a mulher de Urias que seu marido era morto, ela o pranteou.

27 Passado o luto, Davi mandou buscá-la e a trouxe para o palácio; tornou-se ela sua mulher e lhe deu à luz um filho. Porém isto que Davi fizera foi mau aos olhos do SENHOR.

2 Samuel 12

Natã repreende a Davi

1 O SENHOR enviou Natã a Davi. Chegando Natã a Davi, disse-lhe: Havia numa cidade dois homens, um rico e outro pobre.

2 Tinha o rico ovelhas e gado em grande número;

3 mas o pobre não tinha coisa nenhuma, senão uma cordeirinha que comprara e criara, e que em sua casa crescera, junto com seus filhos; comia do seu bocado e do

23 Тогаш гласникот му рече на Давид: „Тие луѓе нè надвиваа и излегоа против нас во полето, и ние ги гоневме, до влезот на портите;

24 во тоа време стрелците стрелаа од ѕидот врз слугите твои, и загинаа некои од царските слуги; умре и твојот слуга Хитиецот Урија.“

25 Тогаш Давид му рече на гласникот: „Кажи му на Јоав вака: ‚Да не те буни таа работа, зашто ножот истребува некогаш еден, некогаш друг; засили ја борбата против градот и сруши го‘. Така ќе го охрабриш!“

26 Уриевата жена чу дека нејзиниот маж умре, па плачеше по мажот свој.

27 Кога измина времето за жалење, Давид испрати луѓе и ја зеде во домот свој, и таа му стана жена и му роди син. Но делото што го изврши Давид, беше зло пред очите на Господ.

2 Самоилова 12

Натан му ја објавува на Давид казната Божја

1 Господ го испрати Натан пророкот кај Давид, и тој отиде кај него и му рече: „Во еден град имаше двајца мажи – едниот богат, а другиот сиромав;

2 богатиот имаше мошне многу ситен и крупен добиток,

3 а сиромавиот немаше ништо, освен една овчичка што ја беше купил мала и ја отхрани, и таа беше пораснала кај него заедно со неговите деца; таа

seu copo bebia; dormia nos seus braços, e a tinha como filha.

јадеше од неговиот леб, пиеше од неговата чаша, спиеше на неговите гради и му беше како ќерка;

[4] Vindo um viajante ao homem rico, não quis este tomar das suas ovelhas e do gado para dar de comer ao viajante que viera a ele; mas tomou a cordeirinha do homem pobre e a preparou para o homem que lhe havia chegado.

[4]кај богатиот човек дојде еден странец; и нему не му беше по волја да земе од овците или од воловите свои за да зготви ручек на странецот, кој беше дошол кај него, туку ја зеде овчичката на сиромавиот и му ја приготви неа на човекот што беше дошол кај него.“

[5] Então, o furor de Davi se acendeu sobremaneira contra aquele homem, e disse a Natã: Tão certo como vive o SENHOR, o homem que fez isso deve ser morto.

[5]Давид многу се разгневи против тој човек и му рече на Натан: „Жими Господ! Смрт заслужува оној човек што го направил тоа;

[6] E pela cordeirinha restituirá quatro vezes, porque fez tal coisa e porque não se compadeceu.

[6]и за овчичката тој треба да плати четворно, зашто го направил тоа и затоа што немал милост.“

[7] Então, disse Natã a Davi: Tu és o homem. Assim diz o SENHOR, Deus de Israel: Eu te ungi rei sobre Israel e eu te livrei das mãos de Saul;

[7]Тогаш Натан му кажа на Давид: „Ти си оној човек што го изврши тоа. Така говори Господ, Бог Израелов: ‚Јас те помазав за цар над Израел, те спасив од рацете Саулови,

[8] dei-te a casa de teu senhor e as mulheres de teu senhor em teus braços e também te dei a casa de Israel e de Judá; e, se isto fora pouco, eu teria acrescentado tais e tais coisas.

[8]ти го дадов домот на твојот господар и жените на господарот твој во твоја прегратка, ти го дадов домот Израелов и Јудин и, ако ти е тоа малку, би ти придал уште повеќе;

[9] Por que, pois, desprezaste a palavra do SENHOR, fazendo o que era mau perante ele? A Urias, o heteu, feriste à espada; e a sua mulher tomaste por mulher, depois de o matar com a espada dos filhos de Amom.

[9]а ти зошто го презре зборот на Господ, извршувајќи зло пред очите Негови? Урија Хитиецот го нападна со меч, жената негова ја зеде за своја жена, а него го уби со мечот на Амонците;

[10] Agora, pois, não se apartará a espada jamais da tua casa, porquanto me

[10]затоа мечот нема никогаш да се отргне од твојот дом засекогаш,

desprezaste e tomaste a mulher de Urias, o heteu, para ser tua mulher.

[11] Assim diz o SENHOR: Eis que da tua própria casa suscitarei o mal sobre ti, e tomarei tuas mulheres à tua própria vista, e as darei a teu próximo, o qual se deitará com elas, em plena luz deste sol.

[12] Porque tu o fizeste em oculto, mas eu farei isto perante todo o Israel e perante o sol.

[13] Então, disse Davi a Natã: Pequei contra o SENHOR. Disse Natã a Davi: Também o SENHOR te perdoou o teu pecado; não morrerás.

[14] Mas, posto que com isto deste motivo a que blasfemassem os inimigos do SENHOR, também o filho que te nasceu morrerá.

[15] Então, Natã foi para sua casa.

A morte do filho de Bate-Seba

E o SENHOR feriu a criança que a mulher de Urias dera à luz a Davi; e a criança adoeceu gravemente.

[16] Buscou Davi a Deus pela criança; jejuou Davi e, vindo, passou a noite prostrado em terra.

[17] Então, os anciãos da sua casa se achegaram a ele, para o levantar da terra; porém ele não quis e não comeu com eles.

[18] Ao sétimo dia, morreu a criança; e temiam os servos de Davi informá-lo de que a criança era morta, porque diziam: Eis que, estando a criança ainda viva, lhe falávamos, porém não dava ouvidos à

бидејќи ти Ме презре и ја зеде жената на Хитиецот Урија за да биде твоја жена.‘

[11]Така говори Господ: ‚Ете, јас ќе подигнам зло против твојот дом, ќе ги земам твоите жени пред очите твои и ќе ги дадам на ближниот твој, и тој ќе спие со твоите жени под ова сонце;

[12]ти го изврши тоа тајно, Јас, пак, ќе го извршам пред целиот Израел среде бел ден.‘“

[13]Тогаш Давид му рече на Натан: „Згрешив пред Господ.“ А Натан му кажа на Давид: „И Господ го симна од тебе гревот твој; ти нема да умреш;

[14]но бидејќи со тоа им даде повод на непријателите Господови да Го хулат, затоа синот што ти се роди, ќе умре.“

[15]Натан отиде во домот свој. И Господ го погоди детето што му го беше родила на Давид Уриевата жена, и тоа се разболе.

Смртта на детето на Витсавеја

[16]Давид Му се молеше на Бога за детето, постеше Давид и осамен ја мина ноќта, легна на земја.

[17]И влегоа кај него старешините на домот негов, да го кренат од земјата, но тој не сакаше и не јадеше леб со нив.

[18]На седмиот ден детето умре, и слугите Давидови се плашеа да му соопштат дека детето умрело; зашто си мислеа тие, кога детето беше уште живо, и ние му прозборувавме, а тој не

nossa voz; como, pois, lhe diremos que a criança é morta? Porque mais se afligirá.

го слушаше гласот наш, како ќе му кажеме: „Детето умре." Тој ќе стори нешто лошо.

[19] Viu, porém, Davi que seus servos cochichavam uns com os outros e entendeu que a criança era morta, pelo que disse aos seus servos: É morta a criança? Eles responderam: Morreu.

[19]Виде Давид дека слугите негови се дошепнуваат, и разбра дека детето умрело, па ги праша слугите: „Умре ли детето?" Тие му одговорија: „Умре."

[20] Então, Davi se levantou da terra; lavou-se, ungiu-se, mudou de vestes, entrou na Casa do SENHOR e adorou; depois, veio para sua casa e pediu pão; puseram-no diante dele, e ele comeu.

[20]Тогаш Давид стана од земјата, се изми, се помаза, се преоблече и отиде во домот Господов и се молеше. Кога се врати дома, побара да му донесат леб и јадеше.

[21] Disseram-lhe seus servos: Que é isto que fizeste? Pela criança viva jejuaste e choraste; porém, depois que ela morreu, te levantaste e comeste pão.

[21]И го запрашаа слугите негови: „Што значи тоа што постапуваш така? Додека детето уште беше живо, ти постеше и плачеше, и не спиеше; а откако умре детето, ти стана и јадеш леб и пиеш."

[22] Respondeu ele: Vivendo ainda a criança, jejuei e chorei, porque dizia: Quem sabe se o SENHOR se compadecerá de mim, e continuará viva a criança?

[22]Давид им одговори: „Додека детето беше живо, јас постев и плачев, бидејќи мислев: кој знае, нема ли да се смили над мене Господ и нема ли детето да остане живо?

[23] Porém, agora que é morta, por que jejuaria eu? Poderei eu fazê-la voltar? Eu irei a ela, porém ela não voltará para mim.

[23]А сега е умрено; зошто да постам? Зар можам да го вратам? Јас ќе отидам кај него, тоа нема да се врати кај мене."

Раѓањето на Соломон

[24] Então, Davi veio a Bate-Seba, consolou-a e se deitou com ela; teve ela um filho a quem Davi deu o nome de Salomão; e o SENHOR o amou.

[24]И Давид ја утеши својата жена Витсавеја, и влезе кај неа и спиеше со неа; таа зачна и роди син, кому му даде име Соломон. И Господ го засака;

[25] Davi o entregou nas mãos do profeta Natã, e este lhe chamou Jedidias, por amor do SENHOR.

[25]и го испрати пророкот Натан, и тој го нарече: Једидија, според словото Господово.

Davi conquista Rabá

1 Crônicas 20.1-3

Давид ја освојува Рава

[26] Entretanto, pelejou Joabe contra Rabá, dos filhos de Amom, e tomou a cidade real.
[27] Então, mandou Joabe mensageiros a Davi e disse: Pelejei contra Rabá e tomei a cidade das águas.
[28] Ajunta, pois, agora o resto do povo, e cerca a cidade, e toma-a, para não suceder que, tomando-a eu, se aclame sobre ela o meu nome.
[29] Reuniu, pois, Davi a todo o povo, e marchou para Rabá, e pelejou contra ela, e a tomou.
[30] Tirou a coroa da cabeça do seu rei; o peso da coroa era de um talento de ouro, e havia nela pedras preciosas, e foi posta na cabeça de Davi; e da cidade levou mui grande despojo.

[31] Trazendo o povo que havia nela, fê-lo passar a serras, e a picaretas, e a machados de ferro, e em fornos de tijolos; e assim fez a todas as cidades dos filhos de Amom. Voltou Davi com todo o povo para Jerusalém.

2 Samuel 13

O incesto de Amnom

[1] Tinha Absalão, filho de Davi, uma formosa irmã, cujo nome era Tamar. Amnom, filho de Davi, se enamorou dela.

[2] Angustiou-se Amnom por Tamar, sua irmã, a ponto de adoecer, pois, sendo ela virgem, parecia-lhe impossível fazer-lhe coisa alguma.

[26]Јоав војуваше против Рава Амонска и туку-речи го презеде тој царски град.

[27]Испрати Јоав гласници да му кажат на Давид: „Јас ја нападнав Рава и ја освоив водата на градот;

[28]сега собери го другиот народ и тргни кон градот, и преземи го; зашто, ако го преземам јас, ќе му се даде моето име.“

[29]Давид го собра сиот народ, тргна кон градот Рава, војуваше против него и го презеде.
[30]Давид ја зеде круната на нивниот цар од главата негова, – а во неа имаше талант злато и скапоцен камен, – и ја стави Давид на својата глава, и однесе од градот многу голем плен.
[31]А народот што беше во него, го изведе и му наложи да работи со пили, со железни гребла и со железни секири, или пак ги испрати да печат тули. Така постапи тој со сите амонски градови. Потоа Давид се врати со сиот народ во Ерусалим.

2 Самоилова 13

Амнон и Тамара

[1]Потоа се случи ова: Давидовиот син Авесалом имаше сестра убавица, по име Тамара, и Амнон, Давидовиот син, се вљуби во неа.

[2]И Амнон толку се мачеше што се разболе по сестра си Тамара зашто таа беше девица, и на Амнон му се виде

3 Tinha, porém, Amnom um amigo cujo nome era Jonadabe, filho de Siméia, irmão de Davi; Jonadabe era homem mui sagaz.

4 E ele lhe disse: Por que tanto emagreces de dia para dia, ó filho do rei? Não mo dirás? Então, lhe disse Amnom: Amo Tamar, irmã de Absalão, meu irmão.

5 Disse-lhe Jonadabe: Deita-te na tua cama e finge-te doente; quando teu pai vier visitar-te, dize-lhe: Peço-te que minha irmã Tamar venha e me dê de comer pão, pois, vendo-a eu preparar-me a comida, comerei de sua mão.

6 Deitou-se, pois, Amnom e fingiu-se doente; vindo o rei visitá-lo, Amnom lhe disse: Peço-te que minha irmã Tamar venha e prepare dois bolos à minha presença, para que eu coma de sua mão.

7 Então, Davi mandou dizer a Tamar em sua casa: Vai à casa de Amnom, teu irmão, e faze-lhe comida.

8 Foi Tamar à casa de Amnom, seu irmão, e ele estava deitado. Tomou ela a massa e a amassou, fez bolos diante dele e os cozeu.

9 Tomou a assadeira e virou os bolos diante dele; porém ele recusou comer. Disse Amnom: Fazei retirar a todos da minha presença. E todos se retiraram.

дека ќе биде многу тешко да направи нешто со неа.

3Но Амнон имаше пријател, по име Јонадав, син на Шима, Давидов брат; а Јонадав беше многу итар човек.

4И тој му рече: „Зошто толку слабееш од ден на ден, царски сине, нема ли да ми кажеш?“ Амнон му одговори: „Јас ја сакам Тамара, сестрата на братот мој Авесалом.“

5Јонадав му рече: „Легни на леглото свое и направи се болен; и кога ќе дојде татко ти да те види, кажи му: Нека дојде сестра ми Тамара и да ми даде да јадам, и да зготви пред мои очи јадење, да го видам и да јадам од нејзините раце.“

6Амнон легна и се направи болен, и царот дојде да го види; Амнон тогаш му рече на царот: „Нека дојде сестра ми Тамара и да приготви пред мои очи две слатки питки, та да каснам од рацете нејзини.“

7Давид испрати човек во куќата да ѝ каже на Тамара: „Оди во куќата на братот свој Амнон и зготви му јадење.“

8Таа отиде во куќата на својот брат Амнон, а тој лежеше. Таа зеде брашно, замеси, приготви питки пред неговите очи и ги испече;

9ја зеде тавата и ги стави пред него, но тој не сакаше да јаде. Тогаш рече Амнон: „Нека излезат сите што се

[10] Então, disse Amnom a Tamar: Traze a comida à câmara, e comerei da tua mão. Tomou Tamar os bolos que fizera e os levou a Amnom, seu irmão, à câmara.

[11] Quando lhos oferecia para que comesse, pegou-a e disse-lhe: Vem, deita-te comigo, minha irmã.

[12] Porém ela lhe disse: Não, meu irmão, não me forces, porque não se faz assim em Israel; não faças tal loucura.

[13] Porque, aonde iria eu com a minha vergonha? E tu serias como um dos loucos de Israel. Agora, pois, peço-te que fales ao rei, porque não me negará a ti.

[14] Porém ele não quis dar ouvidos ao que ela lhe dizia; antes, sendo mais forte do que ela, forçou-a e se deitou com ela.

[15] Depois, Amnom sentiu por ela grande aversão, e maior era a aversão que sentiu por ela que o amor que ele lhe votara. Disse-lhe Amnom: Levanta-te, vai-te embora.

[16] Então, ela lhe disse: Não, meu irmão; porque maior é esta injúria, lançando-me fora, do que a outra que me fizeste. Porém ele não a quis ouvir.

[17] Chamou a seu moço, que o servia, e disse: Deita fora esta e fecha a porta após ela.

[18] Trazia ela uma túnica talar de mangas compridas, porque assim se vestiam as

покрај мене.“ И излегоа сите луѓе што беа покрај него.

[10]И Амнон ѝ кажа на Тамара: „Однеси го јадењето во внатрешната соба, и јас ќе каснам од твоите раце.“ Тамара ги зеде питките што ги беше приготвила, и му ги однесе на брата си Амнон во внатрешната соба.

[11]А кога таа му стави да јаде, тој ја фати и ѝ рече: „Дојди легни со мене, сестро.“

[12]Но таа рече: „Не, брате, немој да ме обесчестиш, зашто така не се постапува во Израел; не прави го тоа безумство.

[13]Па јас каде ќе одам со бесчестието свое? И ти ќе бидеш безумник во Израел; разговарај со царот; тој нема да откаже да ме даде за тебе.“

[14]Но тој не сакаше да ги слуша нејзините зборови; ја совлада и легна со неа.

[15]Потоа Амнон ја замрази многу, така што омразата негова спрема неа беше посилна од љубовта што ја имаше кон неа; и Амнон ѝ рече: „Стани, оди си!“

[16]А Тамара му рече: „Не, брате, да ме избркаш е поголемо зло од првото што ми го направи.“ Но тој не сакаше да ја слуша.

[17]И го повика момчето што му слугуваше, па му рече: „Истерај ја оваа надвор и заклучи ја вратата по неа.“

[18]Таа носеше шарена облека, бидејќи такви горни облеки носеа царските

donzelas filhas do rei. Mesmo assim o servo a deitou fora e fechou a porta após ela.

[19] Então, Tamar tomou cinza sobre a cabeça, rasgou a túnica talar de mangas compridas que trazia, pôs as mãos sobre a cabeça e se foi andando e clamando.

[20] Absalão, seu irmão, lhe disse: Esteve Amnom, teu irmão, contigo? Ora, pois, minha irmã, cala-te; é teu irmão. Não se angustie o teu coração por isso. Assim ficou Tamar e esteve desolada em casa de Absalão, seu irmão.

[21] Ouvindo o rei Davi todas estas coisas, muito se lhe acendeu a ira.

[22] Porém Absalão não falou com Amnom nem mal nem bem; porque odiava a Amnom, por ter este forçado a Tamar, sua irmã.

Absalão mata a Amnom

[23] Passados dois anos, Absalão tosquiava em Baal-Hazor, que está junto a Efraim, e convidou Absalão todos os filhos do rei.

[24] Foi ter Absalão com o rei e disse: Eis que teu servo faz a tosquia; peço que com o teu servo venham o rei e os seus servidores.

[25] O rei, porém, disse a Absalão: Não, filho meu, não vamos todos juntos, para não te sermos pesados. Instou com ele Absalão, porém ele não quis ir; contudo, o abençoou.

ќерки – девици. Слугата ја изведе надвор и ја заклучи вратата по неа.

[19]Тамара си ја посипа главата своја со пепел, ја раскина својата шарена облека, со која беше облечена, ги стави рацете свои на главата своја, и така одеше и викаше.

[20]А брат ѝ Авесалом ѝ рече: „Нели Амнон, братот мој, беше со тебе? Но сега молчи, сестро; тој ти е брат; не го кини срцето свое заради таа работа.“ И Тамара живееше самотно во домот на братот свој Авесалом.

[21]Царот Давид слушна за сето тоа и силно се разгневи.

[22]Авесалом, пак, не му рече на Амнон ни лошо ни добро; тој го намрази Амнон, поради тоа што ја обесчести сестра му Тамара.

Авесалом наредува да го убијат Амнон и побегнува

[23]По две години имаше стрижба на овци кај Авесалом во Ваал-Асор, близу до Ефрем и Авесалом ги повика сите царски синови.

[24]И дојде Авесалом кај царот и рече: „Ете, кај твојот слуга денес има стрижба на овци, нека појде царот и слугите негови со твојот слуга.“

[25]Но царот му рече на Авесалом: „Не, синко, нема да дојдеме сите за да не ти додеваме.“ И Авесалом го молеше многу; но тој не сакаше да оди и го благослови.

[26] Então, disse Absalão: Se não queres ir, pelo menos deixa ir conosco Amnom, meu irmão. Porém o rei lhe disse: Para que iria ele contigo?

[26]Тогаш Авесалом му рече: „Нека дојде со нас барем братот мој Амнон.“ А царот му рече: „Зошто да дојде со тебе?“

[27] Insistindo Absalão com ele, deixou ir com ele Amnom e todos os filhos do rei.

[27]Но Авесалом го убеди и тој го пушти со него Амнон и сите царски синови.

[28] Absalão deu ordem aos seus moços, dizendo: Tomai sentido; quando o coração de Amnom estiver alegre de vinho, e eu vos disser: Feri a Amnom, então, o matareis. Não temais, pois não sou eu quem vo-lo ordena? Sede fortes e valentes.

[28]Авесалом им заповеда на момците свои, велејќи им: „Гледајте, кога ќе се развесели срцето на Амнон од виното, и кога јас ќе ви кажам: удрете го Амнон, тогаш убијте го, не плашете се; тоа јас ви заповедам, бидете смели и храбри.“

[29] E os moços de Absalão fizeram a Amnom como Absalão lhes havia ordenado. Então, todos os filhos do rei se levantaram, cada um montou seu mulo, e fugiram.

[29]Авесаломовите слуги направија со Амнон, како што им заповеда Авесалом. Тогаш станаа сите царски синови, се качи секој на маската своја и избегаа.

[30] Iam eles ainda de caminho, quando chegou a notícia a Davi: Absalão feriu todos os filhos do rei, e nenhum deles ficou.

[30]Кога тие беа уште на пат, дојде глас до Давид дека Авесалом ги убил сите царски синови, и дека од нив не останал ниеден.

[31] Então, o rei se levantou, rasgou as suas vestes e se lançou por terra; e todos os seus servos que estavam presentes rasgaram também as suas vestes.

[31]Тогаш царот стана, ја раскина облеката своја, и се фрли на земјата, и сите слуги негови што стоеја крај него, ги раскинаа своите облеки.

[32] Mas Jonadabe, filho de Siméia, irmão de Davi, respondeu e disse: Não pense o meu senhor que mataram a todos os jovens, filhos do rei, porque só morreu Amnom; pois assim já o revelavam as feições de Absalão, desde o dia em que sua irmã Tamar foi forçada por Amnom.

[32]Но Јонадав, синот на Шима, Давидов брат, рече: „Да не мисли господарот мој дека сите момци, царски синови се убиени: само Амнон е убиен, зашто Авесалом ја имаше таа мисла од денот, кога Амнон ја обесчести сестрата негова;

[33] Não meta, pois, agora, na cabeça o rei, meu senhor, tal coisa, supondo que

[33]поради тоа, мојот господар, царот, нека не се обеспокојува од мислата

morreram todos os filhos do rei; porque só morreu Amnom.

[34] Absalão fugiu. O moço que estava de guarda, levantando os olhos, viu que vinha muito povo pelo caminho por detrás dele, pelo lado do monte.

[35] Então, disse Jonadabe ao rei: Eis aí vêm os filhos do rei; segundo a palavra de teu servo, assim sucedeu.

[36] Mal acabara de falar, chegavam os filhos do rei e, levantando a voz, choraram; também o rei e todos os seus servos choraram amargamente.

Absalão foge para Talmai

[37] Absalão, porém, fugiu e se foi a Talmai, filho de Amiúde, rei de Gesur. E Davi pranteava a seu filho todos os dias.

[38] Assim, Absalão fugiu, indo para Gesur, onde esteve três anos.

[39] Então, o rei Davi cessou de perseguir a Absalão, porque já se tinha consolado acerca de Amnom, que era morto.

2 Samuel 14

Absalão volta para Jerusalém

[1] Percebendo, pois, Joabe, filho de Zeruia, que o coração do rei começava a inclinar-se para Absalão,

[32]А Елисеј седеше во домот свој, и старците седеа кај него. И испрати царот еден од своите слуги. Пред да дојде гласникот кај него, Елисеј им рече на старците: „Гледате ли дека тој, син на убиец, испрати да ми ја земат главата? Гледајте, кога ќе дојде гласникот, затворете ја вратата и притиснете го со вратата. А ете го и топотот на нозете на господарот негов по него!“

[33] Falava ele ainda com eles, quando lhe chegou o mensageiro; disse o rei: Eis que

[33]Додека уште говореше со нив, ете гласникот пристигна кај него, и му рече

este mal vem do SENHOR; que mais, pois, esperaria eu do SENHOR?

на Елисеј: „Ете какво зло од Господ! Што да чекаме во иднина од Господ?“

2 Reis 7

[1] Então, disse Eliseu: Ouvi a palavra do SENHOR; assim diz o SENHOR: Amanhã, a estas horas mais ou menos, dar-se-á um alqueire de flor de farinha por um siclo, e dois de cevada, por um siclo, à porta de Samaria.

[2] Porém o capitão a cujo braço o rei se apoiava respondeu ao homem de Deus: Ainda que o SENHOR fizesse janelas no céu, poderia suceder isso? Disse o profeta: Eis que tu o verás com os teus olhos, porém disso não comerás.

Quatro leprosos revelam a fuga dos siros

[3] Quatro homens leprosos estavam à entrada da porta, os quais disseram uns aos outros: Para que estaremos nós aqui sentados até morrermos?

[4] Se dissermos: entremos na cidade, há fome na cidade, e morreremos lá; se ficarmos sentados aqui, também morreremos. Vamos, pois, agora, e demos conosco no arraial dos siros; se nos deixarem viver, viveremos; se nos matarem, tão-somente morreremos.

[5] Levantaram-se ao anoitecer para se dirigirem ao arraial dos siros; e, tendo chegado à entrada do arraial, eis que não havia lá ninguém.

[6] Porque o SENHOR fizera ouvir no arraial dos siros ruído de carros e de cavalos e o

2 Царевите 7

[1]Тогаш Елисеј рече: „Чујте го словото Господово: Вака вели Господ: ‚утре во ова време една сеа чисто брашно ќе чини еден шекел, а две сеи јачмен – еден шекел, пред портите на Самарија.‘“

[2]А дворјанинот, врз чија рака се потпираше царот, му одговори на Божјиот човек и рече: „Ако Господ отвореше дури и прозорци на небото, и тогаш ќе можеше ли да се случи такво нешто?“ А тој рече: „Ете, со очите свои ќе го видиш тоа, но не ќе јадеш од него.“

Напуштање на арамејскиот логор

[3]При влезот на портите имаше четворица лепрозни, и тие си говореа еден на друг: „Зошто да седиме тука, очекувајќи ја смртта?

[4]Ако сакаме да одиме во град, во градот има само глад, и таму ќе умреме; ако, пак, седиме тука, пак ќе умреме. Подобро да одиме во логорот на Арамејците: ако нè остават живи, ќе живееме; ако нè убијат, ќе умреме.“

[5]И станаа во самрак за да одат во арамејскиот логор. И дојдоа до крајот на логорот, и ете, таму нема ниеден човек.

[6]Зашто Господ беше направил така што во арамејскиот логор се слушна топот

ruído de um grande exército; de maneira que disseram uns aos outros: Eis que o rei de Israel alugou contra nós os reis dos heteus e os reis dos egípcios, para virem contra nós.

[7] Pelo que se levantaram, e, fugindo ao anoitecer, deixaram as suas tendas, os seus cavalos, e os seus jumentos, e o arraial como estava; e fugiram para salvar a sua vida.

[8] Chegando, pois, aqueles leprosos à entrada do arraial, entraram numa tenda, e comeram, e beberam, e tomaram dali prata, e ouro, e vestes, e se foram, e os esconderam; voltaram, e entraram em outra tenda, e dali também tomaram alguma coisa, e a esconderam.

[9] Então, disseram uns para os outros: Não fazemos bem; este dia é dia de boas-novas, e nós nos calamos; se esperarmos até à luz da manhã, seremos tidos por culpados; agora, pois, vamos e o anunciemos à casa do rei.

[10] Vieram, pois, e bradaram aos porteiros da cidade, e lhes anunciaram, dizendo: Fomos ao arraial dos siros, e eis que lá não havia ninguém, voz de ninguém, mas somente cavalos e jumentos atados, e as tendas como estavam.

[11] Então, os porteiros gritaram e fizeram anunciar a nova no interior da casa do rei.

[12] Levantou-se o rei de noite e disse a seus servos: Agora, eu vos direi o que é que os siros nos fizeram. Bem sabem eles que

од коли, 'ржење на коњи, шум од голема војска. И Арамејците си беа рекле еден на друг: „Навистина, израелскиот цар ги најмил против нас хитиските и египетските цареви за да нè избркаат.“

[7]Затоа беа станале и избегале во темнината и ги оставиле шаторите свои, и коњите свои, и магарињата свои – целиот логор, како што си бил, и беа избегале за да се спасат.

[8]И лепрозните дојдоа до крајот на логорот, влегоа во еден шатор, јадеа и пиеја, и зедоа оттаму сребро, и злато, и облека, па отидоа, та ги сокрија. Влегоа и во друг шатор, и оттаму зедоа плен, па отидоа и го сокрија.

Крај на опсадата и на гладот

[9]И си рекоа еден на друг: „Не правиме добро. Овој ден е ден за радосна вест; ако се забавиме и чекаме да се раздени, ќе бидеме виновни. Затоа да одиме и да соопштиме во царскиот дом.“

[10]Дојдоа, ги повикаа царските вратари и им раскажаа, велејќи: „Бевме во арамејскиот логор, и ете, таму нема ни човек, ни глас човечки, туку само врзани коњи, и врзани магариња, а шаторите, оставени како што си се.“

[11]Вратарите извикаа и ја соопштија веста во самиот царски двор.

[12]Преку ноќта царот стана и им кажа на слугите свои: „Ќе ви кажам што спремаат со нас Арамејците. Тие знаат

estamos esfaimados; por isso, saíram do arraial, a esconder-se pelo campo, dizendo: Quando saírem da cidade, então, os tomaremos vivos e entraremos nela.

дека страдаме од глад, та излегле од логорот да се сокријат во нивите, мислејќи вака: кога ќе излезат од градот, живи ќе ги фатиме и ќе навлеземе во градот.“

13 Então, um dos seus servos respondeu e disse: Tomem-se, pois, cinco dos cavalos que ainda restam na cidade, pois toda a multidão de Israel que ficou aqui de resto terá a mesma sorte da multidão dos israelitas que já pereceram; enviemos homens e vejamos.

13Одговори еден од слугите негови и му рече: „Да земеме пет коњи од останатите во градот, зашто и онака и тие ќе погинат како сето мноштво Израелци што остана во градот. Да испратиме и да видиме.“

14 Tomaram, pois, dois carros com cavalos; e o rei enviou os homens após o exército dos siros, dizendo: Ide e vede.

14И зедоа два впрегнати коња. И царот испрати по арамејската војска, велејќи: „Одете и видете!“

15 Foram após eles até ao Jordão; e eis que todo o caminho estava cheio de vestes e de armas que os siros, na sua pressa, tinham lançado fora. Voltaram os mensageiros e o anunciaram ao rei.

15И одеа по нив до Јордан; а тоа, целиот пат беше посеан со облеки и други предмети што Арамејците ги беа исфрлиле во брзото свое бегање. Се вратија пратениците и му јавија на царот.

Cumpriu-se a profecia de Eliseu

16 Então, saiu o povo e saqueou o arraial dos siros; e, assim, se vendia um alqueire de flor de farinha por um siclo, e dois de cevada, por um siclo, segundo a palavra do SENHOR.

16Тогаш народот излезе и го разграби логорот на Арамејците, и една сеа чисто брашно се продаваше за еден шекел сребро, а две сеи јачмен – за еден шекел сребро, според словото Господово.

17 Dera o rei a guarda da porta ao capitão em cujo braço se apoiara, mas o povo o atropelou na porta, e ele morreu, como falara o homem de Deus, o que falou quando o rei descera a ele.

17И царот го остави кај портите оној дворјанин, врз чија рака се потпираше, и народот го притисна на портите, и тој умре, како што беше рекол Божјиот човек, кога царот беше кај него.

18 Assim se cumpriu o que falara o homem de Deus ao rei: Amanhã, a estas horas mais ou menos, vender-se-ão dois alqueires de cevada por um siclo, e um de flor de farinha, por um siclo, à porta de Samaria.

18Кога Божјиот човек му беше зборувал на царот вака: „Две сеи јачмен – за шекел, и една сеа чисто брашно – за шекел ќе се продава утре во ова време пред портите на Самарија,“

[19] Aquele capitão respondera ao homem de Deus: Ainda que o SENHOR fizesse janelas no céu, poderia suceder isso, segundo essa palavra? Dissera o profeta: Eis que tu o verás com os teus olhos, porém disso não comerás.
[20] Assim lhe sucedeu, porque o povo o atropelou na porta, e ele morreu.

2 Reis 8

Restaurados os bens da sunamita

[1] Falou Eliseu àquela mulher cujo filho ele restaurara à vida, dizendo: Levanta-te, vai com os de tua casa e mora onde puderes; porque o SENHOR chamou a fome, a qual virá sobre a terra por sete anos.

[2] Levantou-se a mulher e fez segundo a palavra do homem de Deus: saiu com os de sua casa e habitou por sete anos na terra dos filisteus.

[3] Ao cabo dos sete anos, a mulher voltou da terra dos filisteus e saiu a clamar ao rei pela sua casa e pelas suas terras.

[4] Ora, o rei falava a Geazi, moço do homem de Deus, dizendo: Conta-me, peço-te, todas as grandes obras que Eliseu tem feito.
[5] Contava ele ao rei como Eliseu restaurara à vida a um morto, quando a mulher cujo filho ele havia restaurado à vida clamou ao rei pela sua casa e pelas suas terras; então, disse Geazi: Ó rei, meu senhor, esta é a mulher, e este, o seu filho, a quem Eliseu restaurou à vida.

[19]тогаш тој дворјанин му одговори на Божјиот човек и рече: „Ако Господ дури и прозорци отвореше на небото, и тогаш можеше ли да биде такво нешто?“ А тој му рече: „Со очите свои ќе го видиш тоа, но нема да јадеш од него.“
[20]Така и стана со него: го изгази народот пред портите, и тој умре.

2 Царевите 8

Враќање на жената од Сунем

[1]И ѝ рече Елисеј на жената, чиј син го беше оживеал: „Стани и оди, ти и твоето семејство и насели се таму, каде што можеш да поживееш, зашто Господ повика глад, и тој ќе трае во оваа земја седум години.“
[2]Стана таа жена, и постапи според зборот на Божјиот човек: отиде таа и нејзиното семејство, и живееше во филистејската земја седум години.
[3]Откако изминаа седум години, се врати таа жена од филистејската земја и дојде да го моли царот за куќата своја и нивата своја.
[4]Царот тогаш разговараше со Гиезиј, слугата на Божјиот човек, и му рече: „Раскажи ми ги сите големи дела што ги извршил Елисеј.“

[5]А во тоа време, кога тој му раскажуваше на царот дека Елисеј оживеал еден умрен, – жената, чиј син беше оживеан, го молеше царот за куќата своја, и нивата своја. Тогаш Гиезиј рече: „Господаре мој, царе, таа е истата жена и

6 Interrogou o rei a mulher, e ela lhe contou tudo. Então, o rei lhe deu um oficial, dizendo: Faze restituir-se-lhe tudo quanto era seu e todas as rendas do campo desde o dia em que deixou a terra até agora.

Eliseu e Hazael de Damasco

7 Veio Eliseu a Damasco. Estava doente Ben-Hadade, rei da Síria; e lhe anunciaram, dizendo: O homem de Deus é chegado aqui.

8 Então, o rei disse a Hazael: Toma presentes contigo, e vai encontrar-te com o homem de Deus, e, por seu intermédio, pergunta ao SENHOR, dizendo: Sararei eu desta doença?

9 Foi, pois, Hazael encontrar-se com ele, levando consigo um presente, a saber, quarenta camelos carregados de tudo que era bom de Damasco; chegou, apresentou-se diante dele e disse: Teu filho Ben-Hadade, rei da Síria, me enviou a perguntar-te: Sararei eu desta doença?

10 Eliseu lhe respondeu: Vai e dize-lhe: Certamente, sararás. Porém o SENHOR me mostrou que ele morrerá.

11 Olhou Eliseu para Hazael e tanto lhe fitou os olhos, que este ficou embaraçado; e chorou o homem de Deus.

12 Então, disse Hazael: Por que chora o meu senhor? Ele respondeu: Porque sei o mal que hás de fazer aos filhos de Israel;

овој е истиот син нејзин, кого Елисеј го оживеа.“

6Царот ја праша жената, и таа му раскажа. И ѝ даде царот еден дворјанин и рече: „Да ѝ се врати сѐ што е нејзино и сите приходи од нивата, од оној ден, кога ја напуштила земјата, досега.“

Елисеј и Азаил

7И дојде Елисеј во Дамаск, кога арамејскиот цар Венадад беше болен. Му јавија на Венадад и рекоа: „Тука дојде Божјиот човек.“

8Тогаш царот му рече на Азаил: „Земи дар и оди, пречекај го Божјиот човек и прашај Го преку него Господа, велејќи: ‚ќе оздравам ли од оваа болест?‘“

9Азаил отиде да го пречека и зеде дар и сѐ што е најдобро во Дамаск, колку што можат да носат четириесет камили, па отиде и застана пред лицето негово и му рече: „Твојот покорен слуга Венадад, арамејскиот цар, ме испрати кај тебе да прашам: ‚ќе оздравам ли од оваа болест?‘“

10Елисеј му одговори: „Оди и кажи му: ќе оздравиш. Меѓутоа, Господ му јави дека тој ќе умре.“

11И Елисеј го задржа својот поглед, и упорно гледаше во него, додека оној не се збуни. И тогаш Божјиот човек заплака.

12И Азаил праша: „Зошто плаче господарот мој?“ А тој одговори: „Затоа што знам, какво зло ќе им направиш на

deitarás fogo às suas fortalezas, matarás à espada os seus jovens, esmagarás os seus pequeninos e rasgarás o ventre de suas mulheres grávidas.

Израеловите синови: тврдините нивни на оган ќе ги предадеш, момците нивни со меч ќе ги погубиш, доенчињата нивни ќе ги убиеш и нивните бремени жени ќе ги расечеш.“

13 Tornou Hazael: Pois que é teu servo, este cão, para fazer tão grandes coisas? Respondeu Eliseu: O SENHOR me mostrou que tu hás de ser rei da Síria.

13И му рече Азаил: „Што е твојот слуга? Дали имам некаква власт та да можам да направам така страшни работи?“ Елисеј му одговори: „Господ ми го покажа во тебе царот на Арам.“

14 Então, deixou a Eliseu e veio a seu senhor, o qual lhe perguntou: Que te disse Eliseu? Respondeu ele: Disse-me que certamente sararás.

14Тој си отиде од Елисеј и дојде кај господарот свој. И тој го праша: „Што ти зборуваше Елисеј?“ Тој одговори: „Ми кажа дека ќе оздравиш.“

15 No dia seguinte, Hazael tomou um cobertor, molhou-o em água e o estendeu sobre o rosto do rei até que morreu; e Hazael reinou em seu lugar.

15На другиот ден, меѓутоа, Азаил ја зеде покривката, ја натопи во вода и ја стави врз лицето негово, и царот умре. И на негово место стана цар Азаил.

O reinado de Jeorão
2 Crônicas 21.1-20

16 No ano quinto do reinado de Jorão, filho de Acabe, rei de Israel, reinando ainda Josafá em Judá, começou a reinar Jeorão, filho de Josafá, rei de Judá.

17 Era ele da idade de trinta e dois anos quando começou a reinar e reinou oito anos em Jerusalém.

18 Andou nos caminhos dos reis de Israel, como também fizeram os da casa de Acabe, porque a filha deste era sua mulher; e fez o que era mau perante o SENHOR.

19 Porém o SENHOR não quis destruir a Judá por amor de Davi, seu servo, segundo a promessa que lhe havia feito de lhe dar sempre uma lâmpada e a seus filhos.

Јорам, цар на Јудеја
(2 Лет 21,2-20)

16По јудејскиот цар Јосафат, стана цар Јорам, синот на Јосафат, во петтата година од царувањето на Ахавовиот син Јорам, царот израелски.

17Тој беше на триесет и две години, кога стана цар, и царуваше осум години во Ерусалим;

18и одеше по патот на израелските цареви, онака како што постапуваше Ахавовиот дом, бидејќи Ахавовата ќерка му беше жена. Таа правеше зло пред очите на Господ.

19Но, Господ не сакаше да го погуби Јуда, заради својот слуга Давид, зашто Тој беше ветил дека ќе му даде светило

– нему и на неговите синови за сите времиња.

[20] Nos dias de Jeorão, se revoltaram os edomitas contra o poder de Judá e constituíram o seu próprio rei.

[20]Во неговите дни Едом се измолкна од раката на Јуда и си постави цар.

[21] Pelo que Jeorão passou a Zair, e todos os carros, com ele; ele se levantou de noite e feriu os edomitas que o cercavam e os capitães dos carros; o povo de Jeorão, porém, fugiu para as suas tendas.

[21]И Јорам отиде во Цаир, со сите негови бојни коли. Тој се крена во една ноќ и ги нападна Едомците што го опколуваа, и заповедниците на колите, но народот избега во шаторите свои.

[22] Assim se rebelou Edom para livrar-se do poder de Judá até ao dia de hoje; ao mesmo tempo, se rebelou também Libna.

[22]Сепак, се спаси Едом од раката на Јуда до ден денес. Во исто време дигна бунт и Ливна.

[23] Quanto aos mais atos de Jeorão e a tudo quanto fez, porventura, não estão escritos no Livro da História dos Reis de Judá?

[23]Другото за Јорам и сѐ што извршил, е опишано во летописите на јудејските цареви.

[24] Descansou Jeorão com seus pais e com eles foi sepultado na Cidade de Davi; e Acazias, seu filho, reinou em seu lugar.

[24]И почина Јорам кај своите предци, и беше погребан кај своите предци во Давидовиот град. А место него стана цар неговиот син Охозија.

O reinado de Acazias

2 Crônicas 22.1-6

[25] No décimo segundo ano de Jorão, filho de Acabe, rei de Israel, começou a reinar Acazias, filho de Jeorão, rei de Judá.

[25]Охозија, синот на јудејскиот цар Јорам, стана цар во дванаесеттата година од владеењето на Ахавовиот син Јорам, израелскиот цар.

Охозија, цар на Јудеја

(2 Лет 22,1-6)

[26] Era Acazias de vinte e dois anos de idade quando começou a reinar e reinou um ano em Jerusalém. Sua mãe, filha de Onri, rei de Israel, chamava-se Atalia.

[26]Охозија беше на дваесет и две години, кога стана цар, и царуваше една година во Ерусалим. А мајка му се викаше Готолија, ќерка на израелскиот цар Амвриј.

[27] Ele andou no caminho da casa de Acabe e fez o que era mau perante o SENHOR, como a casa de Acabe, porque era genro da casa de Acabe.

[27]Тој одеше по патот на Ахавовиот дом и го правеше она што не беше угодно пред очите на Господ, онака, како и

Ахавовиот дом, зашто беше во роднинство со Ахавовиот дом.

[28] Foi com Jorão, filho de Acabe, a Ramote-Gileade, à peleja contra Hazael, rei da Síria; e os siros feriram Jorão.

[28]Тој отиде со Ахавовиот син Јорам во војна против арамејскиот цар Азаил во Рамот Галаадски, и Арамејците го ранија Јорам.

[29] Então, voltou o rei Jorão para Jezreel, para curar-se das feridas que os siros lhe fizeram em Ramá, quando pelejou contra Hazael, rei da Síria; e desceu Acazias, filho de Jeorão, rei de Judá, para ver a Jorão, filho de Acabe, em Jezreel, porquanto estava doente.

[29]И царот Јорам се врати да се лекува во Јизреел од раните што му ги нанесоа Арамејците во Рамот, кога војуваше против арамејскиот цар Азаил. И Охозија, синот на Јорам, јудејски цар, дојде да го посети Ахавовиот син Јорам во Јизреел, бидејќи беше болен.

2 Reis 9

Jeú é ungido rei de Israel

[1] Então, o profeta Eliseu chamou um dos discípulos dos profetas e lhe disse: Cinge os lombos, leva contigo este vaso de azeite e vai-te a Ramote-Gileade;

[2] em lá chegando, vê onde está Jeú, filho de Josafá, filho de Ninsi; entra, e faze-o levantar-se do meio de seus irmãos, e leva-o à câmara interior.

[3] Toma o vaso de azeite, derrama-lho sobre a cabeça e dize: Assim diz o SENHOR: Ungi-te rei sobre Israel. Então, abre a porta, foge e não te detenhas.

[4] Foi, pois, o moço, o jovem profeta, a Ramote-Gileade.

[5] Entrando ele, eis que os capitães do exército estavam assentados; ele disse: Capitão, tenho mensagem que te dizer.

2 Царевите 9

Јуј помазан за цар на Израел

[1]Пророкот Елисеј повика еден од пророчките синови и му рече: „Препашај си ја половината, земи го в рака овој сад со масло, па оди во Рамот Галаадски.

[2]Кога ќе дојдеш таму, најди го таму Јуј, синот на Јосафат, син Нимшиев, пристапи и кажи му да излезе меѓу своите браќа и воведи го во внатрешната соба;

[3]тогаш земи го садот со масло, излиј го врз главата негова и кажи: вака вели Господ: ‚Те помазувам за цар над Израел.‘ Потоа отвори ја вратата, па бегај и не чекај.“

[4]Момчето, слуга на пророкот, отиде во Рамот Галаадски.

[5]И кога пристигна, ете, заповедниците на војските испоседнале, а тој рече: „Имам нешто да ти кажам,

Perguntou-lhe Jeú: A qual de todos nós? Respondeu-lhe ele: A ti, capitão!

заповеднику.“ Јуј праша: „Кому од нас?“ Тој одговори: „Тебе, заповеднику.“

[6] Então, se levantou Jeú e entrou na casa; o jovem derramou-lhe o azeite sobre a cabeça e lhe disse: Assim diz o SENHOR, Deus de Israel: Ungi-te rei sobre o povo do SENHOR, sobre Israel.

[6]Јуј стана и влезе в куќи. И момчето го изли маслото врз главата негова и му рече: „Вака вели Господ, Бог Израелов: ‚Те помазувам за цар над народот Господов, над Израел,‘

[7] Ferirás a casa de Acabe, teu senhor, para que eu vingue da mão de Jezabel o sangue de meus servos, os profetas, e o sangue de todos os servos do SENHOR.

[7]и ти ќе го истребиш домот на Ахав, твојот господар за да се одмаздам за крвта на Моите слуги – пророците, и за крвта на сите слуги Господови, паднати од раката на Језавела;

[8] Toda a casa de Acabe perecerá; exterminarei de Acabe todos do sexo masculino, quer escravo, quer livre, em Israel.

[8]и ќе изгине целиот дом на Ахав, и ќе погубам во домот на Ахав сè што е машко, и оние што се во ропство, и оние што се на слобода во Израел,

[9] Porque farei à casa de Acabe como à casa de Jeroboão, filho de Nebate, e como à casa de Baasa, filho de Aías.

[9]и ќе постапам кон домот на Ахав како што постапив со домот на Јеровоам, синот на Нават, и со домот на Баша, синот на Ахија.

[10] Os cães devorarão Jezabel no campo de Jezreel; não haverá quem a enterre. Dito isto, abriu a porta e fugiu.

[10]А Језавела кучиња ќе ја изедат на јизреелското поле, и никој нема да ја погребе.“ Па ја отвори вратата и избега.

[11] Saindo Jeú aos servos de seu senhor, disseram-lhe: Vai tudo bem? Por que veio a ti este louco? Ele lhes respondeu: Bem conheceis esse homem e o seu falar.

[11]И отиде Јуј кај слугите на господарот свој, и тие му рекоа: „Со мир ли? Зошто дојде тој безумник кај тебе?“ И им кажа: „Вие го знаете тој човек и што зборуваше.“

[12] Mas eles disseram: É mentira; agora, faze-nos sabê-lo, te pedimos. Então, disse Jeú: Assim e assim me falou, a saber: Assim diz o SENHOR: Ungi-te rei sobre Israel.

[12]И рекоа: „Не е вистина, кажи ни.“ А тој рече: „Тоа и тоа ми кажа, велејќи: вака вели Господ: ‚Те помазувам за цар над Израел.‘“

[13] Então, se apressaram, e, tomando cada um o seu manto, os puseram debaixo dele, sobre os degraus, e tocaram a trombeta, e disseram: Jeú é rei!

Jeú mata a Jorão e a Acazias

[14] Assim, Jeú, filho de Josafá, filho de Ninsi, conspirou contra Jorão. Tinha, porém, Jorão cercado a Ramote-Gileade, ele e todo o Israel, por causa de Hazael, rei da Síria.

[15] Porém o rei Jorão voltou para se curar em Jezreel das feridas que os siros lhe fizeram, quando pelejou contra Hazael, rei da Síria. Disse Jeú: Se é da vossa vontade, ninguém saia furtivamente da cidade, para ir anunciar isto em Jezreel.

[16] Então, Jeú subiu a um carro e foi-se a Jezreel, porque Jorão estava de cama ali. Também Acazias, rei de Judá, descera para ver a Jorão.

[17] Ora, o atalaia estava na torre de Jezreel, e viu a tropa de Jeú, que vinha, e disse: Vejo uma tropa. Então, disse Jorão: Toma um cavaleiro e envia-o ao seu encontro, para que lhe pergunte: Há paz?

[18] Foi-lhe o cavaleiro ao encontro e disse: Assim diz o rei: Há paz? Respondeu Jeú: Que tens tu com a paz? Passa para trás de mim. O atalaia deu aviso, dizendo: Chegou a eles o mensageiro, porém não volta.

[19] Então, enviou Jorão outro cavaleiro; chegando este a eles, disse: Assim diz o rei:

[13]Тогаш тие побрзаа и секој си ја зеде својата наметка, и му послаа пред него по скалите, затрубија со труба и рекоа: „Јуј стана цар.“

Јуј подготвува завера против царот Јорам

[14]И стана Јуј, синот на Нимшиевиот син Јосафат, против Јорам, а Јорам се наоѓаше со сите Израелци во Рамот Галаадски на стража против арамејскиот цар Азаил.

[15]Во тоа време царот Јорам се беше вратил да се лекува во Јизреел од раните што му ги нанесоа Арамејците, кога војуваше против царот Азаил. И Јуј им рече: „Ако сте согласни со мене, никој нека не излегува од градот за да оди да извести во Јизреел.“

[16]Јуј се качи на својата кола и тргна за Јизреел, каде што лежеше Јорам, и каде што беше дошол јудејскиот цар Охозија за да го посети Јорам.

[17]На кулата во Јизреел стоеше стражар, и го здогледа Јехуевото мноштво, кога доаѓаше, и рече: „Многу луѓе гледам.“ И Јорам му рече: „Земи коњаник, испрати им го во пресрет и нека праша: ‚Со мир ли доаѓате?‘“

[18]И излезе коњаникот на коњ за да ги пресретне и рече: „Вака вели царот: – со мир ли доаѓате?“ И одговори Јуј: „Што ти е тебе – дали со мир доаѓам? Тргнувај по мене.“ И стражарот јави и рече: „Стигна до нив, но не се враќа.“

[19]Испратија друг коњаник; тој отиде кај нив и рече: „Вака вели царот: – со мир

Há paz? Respondeu Jeú: Que tens tu com a paz? Passa para trás de mim.

[20] O atalaia deu aviso, dizendo: Também este chegou a eles, porém não volta; e o guiar do carro parece como o de Jeú, filho de Ninsi, porque guia furiosamente.

[21] Disse Jorão: Aparelha o carro. E lhe aparelharam o carro. Saiu Jorão, rei de Israel, e Acazias, rei de Judá, cada um em seu carro, e foram ao encontro de Jeú, e o acharam no campo de Nabote, o jezreelita.

[22] Sucedeu que, vendo Jorão a Jeú, perguntou: Há paz, Jeú? Ele respondeu: Que paz, enquanto perduram as prostituições de tua mãe Jezabel e as suas muitas feitiçarias?

[23] Então, Jorão voltou as rédeas, fugiu e disse a Acazias: Há traição, Acazias!

[24] Mas Jeú entesou o seu arco com toda a força e feriu a Jorão entre as espáduas; a flecha saiu-lhe pelo coração, e ele caiu no seu carro.

[25] Então, Jeú disse a Bidcar, seu capitão: Toma-o, lança-o no campo da herdade de Nabote, o jezreelita; pois, lembra-te de que, indo eu e tu, juntos, montados, após Acabe, seu pai, o SENHOR pronunciou contra ele esta sentença:

[26] Tão certo como vi ontem à tarde o sangue de Nabote e o sangue de seus filhos, diz o SENHOR, assim to retribuirei neste campo, diz o SENHOR. Agora, pois,

ли доаѓаш?“ И рече Јуј: „Што ти е тебе – со мир ли доаѓам? Тргнувај по мене.“

[20]Стражарот пак јави и рече: „Стигна до нив, но не се враќа. А возењето, се чини, како да е на Нимшиевиот син Јуј, зашто тој вози така лудо.“

[21]Јорам рече: „Впрегнувај.“ И ја впрегнаа колата негова. Излегоа израелскиот цар Јорам и јудејскиот цар Охозија, секој на својата кола. Излегоа да го пресретнат Јуј, и се сретнаа со него во нивата на јизреелецот Навутеј.

Израелскиот цар Јорам умира

[22]Кога Јорам го виде Јуј, рече: „Со мир ли, Јуј?“ Тој одговори: „Каков мир при блудството на мајка ти Језавела и при многуте нејзини магии?“

[23]Тогаш Јорам се сврте и избега, велејќи му на Охозија: „Предавство, Охозија!“

[24]А Јуј го оптегна со раката лакот и го удри Јорам меѓу плешките негови, и стрелата го прободе срцето негово, и тој падна во колата своја.

[25]Тогаш Јуј му рече на својот заповедник Бидкар: „Земи, та фрли го во нивата на јизреелецот Навутеј, зашто сети се кога ние со тебе одевме двајцата зад татко му Ахав, и како Господ изрече врз него вакво пророштво:

[26]‚Навистина Јас ја видов вчера крвта на Навутеј и крвта на синовите негови, велеше Господ, и ќе ти се одмаздам во таа нива.‘ И така, земи, та фрли го во нивата, според словото Господово.“

toma-o e lança-o neste campo, segundo a palavra do SENHOR.

[27] À vista disto, Acazias, rei de Judá, fugiu pelo caminho de Bete-Hagã; porém Jeú o perseguiu e disse: Feri também a este; e o feriram no carro, à subida de Gur, que está junto a Ibleão. E fugiu para Megido, onde morreu.

[28] Levaram-no os seus servos, num carro, a Jerusalém e o enterraram na sua sepultura junto a seus pais, na Cidade de Davi.

[29] No ano undécimo de Jorão, filho de Acabe, começara Acazias a reinar sobre Judá.

A morte de Jezabel

[30] Tendo Jeú chegado a Jezreel, Jezabel o soube; então, se pintou em volta dos olhos, enfeitou a cabeça e olhou pela janela.

[31] Ao entrar Jeú pelo portão do palácio, disse ela: Teve paz Zinri, que matou a seu senhor?

[32] Levantou ele o rosto para a janela e disse: Quem é comigo? Quem? E dois ou três eunucos olharam para ele.

[33] Então, disse ele: Lançai-a daí abaixo. Lançaram-na abaixo; e foram salpicados com o seu sangue a parede e os cavalos, e Jeú a atropelou.

[34] Entrando ele e havendo comido e bebido, disse: Olhai por aquela maldita e sepultai-a, porque é filha de rei.

Охозија, царот на Јудеја умира

(2 Лет 22,7-9)

[27]Јудејскиот цар Охозија, кога го виде тоа, избега по патот кон куќата што беше во градината. И се спушти по него Јуј и рече: „Удрете го и него во колата.“ Тоа стана на ритчето Гур, близу до Јивлеам. И тој избега во Мегидо, и таму умре.

[28]Слугите негови го пренесоа во Ерусалим и го погребаа во гробницата негова, кај неговите предци, во Давидовиот град.

[29]Беше единаесеттата година од владеењето на Јорам, синот на Ахав, кога во Јудеја стана цар Охозија.

Смртта на Језавела

[30]Јуј пристигна во Јизреел. А Језавела, откако слушна за тоа, стави црвило на лицето свое, ја накити главата своја и гледаше низ прозорецот.

[31]Штом Јуј влезе во портите, таа праша: „Дали носиш мир за Замвриј, убиецу на својот господар?“

[32]Тој ги крена очите кон прозорецот и праша: „Кој е со мене, кој?“ И го свртеа погледот кон него двајца-тројца дворски слуги.

[33]Тогаш тој им рече: „Фрлете ја!“ Тие ја фрлија, и крвта ѝ се разлеа по ѕидот и по коњите, и ја изгазија.

[34]И кога дојде Јуј, јадеше, пиеше и рече: „Најдете ја онаа проклетница и погребете ја, бидејќи е царска ќерка.“

[35] Foram para a sepultar; porém não acharam dela senão a caveira, os pés e as palmas das mãos.

[36] Então, voltaram e lho fizeram saber. Ele disse: Esta é a palavra do SENHOR, que falou por intermédio de Elias, o tesbita, seu servo, dizendo: No campo de Jezreel, os cães comerão a carne de Jezabel.

[37] O cadáver de Jezabel será como esterco sobre o campo da herdade de Jezreel, de maneira que já não dirão: Esta é Jezabel.

[35]Отидоа да ја погребат, но од неа не најдоа ништо, туку само черепот, нозете и шаките од рацете.

[36]Се вратија и му соопштија, а тој рече: „Такво беше словото на Господ што го изрече Тој преку слугата Свој Илија од Тишбе, велејќи: ‚Трупот на Језавела ќе го изедат кучиња на Јизреелското поле.

[37]Језавелиниот труп ќе биде на Јизреелското поле како ѓубре на нива, та никој не ќе може да каже: „ова е Језавела.“‘“

2 Reis 10

Jeú extermina a casa de Acabe

[1] Achando-se em Samaria setenta filhos de Acabe, Jeú escreveu cartas e as enviou a Samaria, aos chefes da cidade, aos anciãos e aos tutores dos filhos de Acabe, dizendo:

[2] Logo, em chegando a vós outros esta carta (pois estão convosco os filhos de vosso senhor, como também os carros, os cavalos, a cidade fortalecida e as armas),

[3] escolhei o melhor e mais capaz dos filhos de vosso senhor, ponde-o sobre o trono de seu pai e pelejai pela casa de vosso senhor.

[4] Porém eles temeram muitíssimo e disseram: Dois reis não puderam resistir a ele; como, pois, poderemos nós fazê-lo?

[5] Então, o responsável pelo palácio, e o responsável pela cidade, e os anciãos, e os

2 Царевите 10

Колеж над потомците на Ахав

[1]Ахав имаше седумдесет синови во Самарија. Јуј напиша писма и ги испрати во Самарија до управителите на градот, старешините и воспитувачите на Ахавовите деца со аква содржина:

[2]„Кога ќе стигне до вас ова писмо, бидејќи се кај вас синовите на господарот ваш, а исто така кај вас се и колите и коњите, и утврдениот град и оружјето, –

[3]изберете го најдобриот и најдостојниот од синовите на господарот свој, поставете го на престолот на татко му и војувајте за домот на господарот свој.“

[4]Тие се уплашија многу и рекоа: „Ете, двајца цареви не издржаа пред него, а како ќе издржиме ние?“

[5]Тогаш управникот на царскиот дворец, воениот командант и на управителот

tutores mandaram dizer a Jeú: Teus servos somos e tudo quanto nos ordenares faremos; a ninguém constituiremos rei; faze o que bem te parecer.

на градот, старешините и воспитувачите испратија гласници да му кажат на Јуј: „Ние сме твои слуги и што ќе ни кажеш, ќе направиме; никого нема да поставиме за цар; прави што ти е волја.“

6 Então, lhes escreveu outra carta, dizendo: Se estiverdes do meu lado e quiserdes obedecer-me, tomai as cabeças dos homens, filhos de vosso senhor, e amanhã a estas horas vinde a mim a Jezreel. Ora, os filhos do rei, que eram setenta, estavam com os grandes da cidade, que os criavam.

6Тој повторно им напиша вакво писмо: „Ако сте мои и ако се покорувате на зборот мој, земете ги главите на синовите на вашиот господар и дојдете утре во ова време кај мене во Јизреел.“ А царските синови беа седумдесет на број, и ги воспитуваа највидните во градот.

7 Chegada a eles a carta, tomaram os filhos do rei, e os mataram, setenta pessoas, e puseram as suas cabeças nuns cestos, e lhas mandaram a Jezreel.

7Кога стигна до нив писмото, тие ги зедоа царските синови и ги заклаа – сите седумдесет, ги ставија главите нивни во кошници и му ги испратија во Јизреел.

8 Veio um mensageiro e lhe disse: Trouxeram as cabeças dos filhos do rei. Ele disse: Ponde-as em dois montões à entrada da porta, até pela manhã.

8Дојде гласникот, го извести и рече: „Ги донесовме главите на царските синови.“ И тој рече: „Поставете ги во два купа пред влезот на портите до утре.“

9 Saindo ele pela manhã, parou e disse a todo o povo: Vós estais sem culpa; eis que eu conspirei contra o meu senhor e o matei; mas quem feriu todos estes?

9Изутрината тој излезе, застана и му рече на сиот народ: „Вие не сте виновни. Еве, јас востанав против господарот свој и го убив, но сите овие кој ги уби?

10 Sabei, pois, agora, que, da palavra do SENHOR, pronunciada contra a casa de Acabe, nada cairá em terra, porque o SENHOR fez o que falou por intermédio do seu servo Elias.

10А сега знајте дека нема да пропадне на земјата ниедно слово Господово што Тој го изрекол за Ахавовиот дом; Господ го направи тоа што го изрече преку Својот слуга Илија.“

[11] Jeú feriu também todos os restantes da casa de Acabe em Jezreel, como também todos os seus grandes, os seus conhecidos e os seus sacerdotes, até que nem um sequer lhe deixou ficar de resto.

[12] Então, se dispôs, partiu e foi a Samaria. E, estando no caminho, em Bete-Equede dos Pastores,

[13] encontrou Jeú parentes de Acazias, rei de Judá, e perguntou: Quem sois vós? Eles responderam: Parentes de Acazias; voltamos de saudar os filhos do rei e os da rainha-mãe.

[14] Então, disse Jeú: Apanhai-os vivos. Eles os apanharam vivos e os mataram junto ao poço de Bete-Equede, quarenta e dois homens; e a nenhum deles deixou de resto.

Jeú encontra a Jonadabe

[15] Tendo partido dali, encontrou a Jonadabe, filho de Recabe, que lhe vinha ao encontro; Jeú saudou-o e lhe perguntou: Tens tu sincero o coração para comigo, como o meu o é para contigo? Respondeu Jonadabe: Tenho. Então, se tens, dá-me a mão. Jonadabe deu-lhe a mão; e Jeú fê-lo subir consigo ao carro

[16] e lhe disse: Vem comigo e verás o meu zelo para com o SENHOR. E, assim, Jeú o levou no seu carro.

[17] Tendo Jeú chegado a Samaria, feriu todos os que ali ficaram de Acabe, até destruí-los, segundo a palavra que o SENHOR dissera a Elias.

[11]И Јуј ги уби сите други од семејството на Ахав во Јизреел, и сите големци негови, и блиски негови, и свештениците негови, така што од него не остана ниту еден.

Колеж над Ахавовите браќа

[12]Потоа стана, тргна и дојде во Сама-рија. По патот, кога се наоѓаше близу до Бет-Екед-Роим,

[13]Јуј ги сретна браќата на јудејскиот цар Охозија и ги праша: „Кои сте вие?“ Тие одговорија: „Ние сме браќата на Охозија, одиме да видиме, здрави ли се синовите на царот и синовите на царицата.“

[14]А тој рече: „Фатете ги живи.“ Ги фатија живи и ги заклаа сите четирие-сет и двајца, кај кладенецот на Бет-Екед, и од нив не остана ниту еден.

[15]Оттаму тргна и се сретна со Рихавовиот син Јонадав, кој му доаѓаше во пресрет; го поздрави и му рече: „Дали е твоето срце така искрено кон моето, како што е моето срце кон твоето?“ Јонадав одговори: „Да.“ Тогаш му рече: „Ако е така, дај ја раката своја.“ И тој ја подаде раката, и тој го качи на колата кај себе.

[16]И рече: „Тргнувај со мене и гледај ја мојата ревност кон Господ.“ И го наместија во колата.

[17]Кога дојде во Самарија, тој ги уби сите преживеани од родот на Ахав во Самарија, така што сосема го истреби,

според словото на Господ што му го беше кажал на Илија.

Jeú mata os adoradores de Baal

[18] Ajuntou Jeú a todo o povo e lhe disse: Acabe serviu pouco a Baal; Jeú, porém, muito o servirá.

[19] Pelo que chamai-me, agora, todos os profetas de Baal, todos os seus servidores e todos os seus sacerdotes; não falte nenhum, porque tenho grande sacrifício a oferecer a Baal; todo aquele que faltar não viverá. Porém Jeú fazia isto com astúcia, para destruir os servidores de Baal.

[20] Disse mais Jeú: Consagrai uma assembléia solene a Baal; e a proclamaram.

[21] Também Jeú enviou mensageiros por todo o Israel; vieram todos os adoradores de Baal, e nenhum homem deles ficou que não viesse. Entraram na casa de Baal, que se encheu de uma extremidade à outra.

[22] Então, disse Jeú ao vestiário: Tira as vestimentas para todos os adoradores de Baal. E o fez.

[23] Entrou Jeú com Jonadabe, filho de Recabe, na casa de Baal e disse aos adoradores de Baal: Examinai e vede bem não esteja aqui entre vós algum dos servos do SENHOR, mas somente os adoradores de Baal.

[24] E, entrando eles a oferecerem sacrifícios e holocaustos, Jeú preparou da parte de fora oitenta homens e disse-lhes: Se escapar algum dos homens que eu entregar em vossas mãos, a vida daquele

Уништување на култот кон Ваал

[18]Тогаш Јуј го собра сиот народ и рече: „Ахав малку му служеше на Ваал; Јуј ќе му служи повеќе.

[19]Затоа, свикајте ги кај мене сите пророци на Ваал, сите негови служители и сите негови свештеници, – никој да не отсуствува, зашто ќе му принесам голема жртва на Ваал. А секој што нема да дојде, нема да остане жив.“ Јуј го правеше тоа со лукавство за да ги истреби Вааловите служители.

[20]Тогаш рече Јуј: „Свикајте празничен собор за Ваал.“ И прогласија собор.

[21]Тогаш Јуј испрати гласници по сиот Израел, и дојдоа сите Ваалови служители; не остана ниеден да не дојде; и влегоа во храмот на Ваал, и Вааловиот дом се исполни открај докрај.

[22]И му кажа на чуварот на одеждите: „Донеси одежди за сите Ваалови служители!“ И тој им донесе одежди.

[23]Јуј влезе со Рихавовиот син Јонадав во домот Ваалов и им кажа на Вааловите служители: „Испитајте и разгледајте, дали се наоѓа некој од служителите на Господ, зашто тука треба да бидат само Вааловите служители.“

[24]И тие пристапија да принесуваат жртви сепаленици и приноси. А Јуј постави надвор од домот осумдесет мажи и рече: „Ако некој од вас допушти да избега макар еден од овие мажи што ви

que o deixar escapar responderá pela vida dele.

[25] Sucedeu que, acabado o oferecimento do holocausto, ordenou Jeú aos da sua guarda e aos capitães: Entrai, feri-os, que nenhum escape. Feriram-nos a fio de espada; e os da guarda e os capitães os lançaram fora, e penetraram no mais interior da casa de Baal,

[26] e tiraram as colunas que estavam na casa de Baal, e as queimaram.

[27] Também quebraram a própria coluna de Baal, e derribaram a casa de Baal, e a transformaram em latrinas até ao dia de hoje.

[28] Assim, Jeú exterminou de Israel a Baal.

[29] Porém não se apartou Jeú de seguir os pecados de Jeroboão, filho de Nebate, que fez pecar a Israel, a saber, dos bezerros de ouro que estavam em Betel e em Dã.

[30] Pelo que disse o SENHOR a Jeú: Porquanto bem executaste o que é reto perante mim e fizeste à casa de Acabe segundo tudo quanto era do meu propósito, teus filhos até à quarta geração se assentarão no trono de Israel.

[31] Mas Jeú não teve cuidado de andar de todo o seu coração na lei do SENHOR, Deus de Israel, nem se apartou dos pecados que Jeroboão fez pecar a Israel.

ги предавам во ваши раце, со својата душа ќе плати за неговата душа.“

[25]Кога жртвите сепаленици беа принесени, Јуј им рече на телохранителите и на дворјаните: „Одете, убијте ги, та ниеден да не излезе!“ Телохранителите и дворјаните ги убија со сечилото на мечот и ги исфрлија, и навлегоа дури во самото светилиште на Вааловиот храм.

[26]Ги изнесоа идолите од Вааловото светилиште и ги изгореа;

[27]потоа го разбија Вааловиот жртвеник, го разрушија Вааловото светилиште и го претворија во јама за ѓубриште, до ден-денес.

Јуј, цар на Израел

[28]Така го истреби Јуј Ваал од израелската земја.

[29]Но од гревовите на Наватовиот син Јеровоам што го беше навел во грев Израел, од нив Јуј не отстапи – од златните телиња што беа во Ветил и во Дан.

[30]Тогаш Господ му рече на Јуј: „Поради тоа што доброволно го изврши она што беше праведно пред очите Мои – го исполни над Ахавовиот дом сè она што Ми беше на срце, твоите синови ќе седат до четвртото колено на Израеловиот престол.“

[31]Но Јуј не внимаваше со сето срце да оди според законот на Господ, Бог Израелов. Тој не отстапуваше од гревовите на Јеровоам, кој го беше навел во грев Израел.

A morte de Jeú

32 Naqueles dias, começou o SENHOR a diminuir os limites de Israel, que foi ferido por Hazael em todas as suas fronteiras,

33 desde o Jordão para o nascente do sol, toda a terra de Gileade, os gaditas, os rubenitas e os manassitas, desde Aroer, que está junto ao vale de Arnom, a saber, Gileade e Basã.

34 Ora, os mais atos de Jeú, e tudo quanto fez, e todo o seu poder, porventura, não estão escritos no Livro da História dos Reis de Israel?

35 Descansou Jeú com seus pais, e o sepultaram em Samaria; e Jeoacaz, seu filho, reinou em seu lugar.

36 Os dias que Jeú reinou sobre Israel em Samaria foram vinte e oito anos.

32Во тие денови Господ почна да откинува делови од Израел и Азаил ги биеше по сите израелски предели:

33на исток од Јордан, целата земја Галаад, племето Гадово, Рувимово, Манасиево, од Ароер, кој е на брегот од потокот Арнон – целиот Галаад и Башан.

34Другото за Јуј и за сè што тој го изврши, и за јуначките подвизи негови, е опишано во летописите на израелските цареви.

35И почина Јуј кај своите предци, и го погребаа во Самарија. На негово место се зацари неговиот син Јоахаз.

36Јуј цаpуваше над Израел во Самарија дваесет и осум години.

2 Reis 11

Atalia usurpa o trono de Judá
2 Crônicas 22.10-12

1 Vendo Atalia, mãe de Acazias, que seu filho era morto, levantou-se e destruiu toda a descendência real.

2 Mas Jeoseba, filha do rei Jorão e irmã de Acazias, tomou a Joás, filho de Acazias, e o furtou dentre os filhos do rei, aos quais matavam, e pôs a ele e a sua ama numa câmara interior; e, assim, o esconderam de Atalia, e não foi morto.

3 Jeoseba o teve escondido na Casa do SENHOR seis anos; neste tempo, Atalia reinava sobre a terra.

Joás ungido rei de Judá
2 Crônicas 23.1-11

4 No sétimo ano, mandou Joiada chamar os capitães dos cários e da guarda e os fez

2 Царевите 11

Готолија ја превзема власта во Ерусалим
(2 Лет 22,10-12)

1Готолија, мајката на Охозија, кога виде дека синот нејзин умре, стана и го истреби сиот царски род.

2Но Јехошева, ќерката на царот Јорам, сестра на Охозија, го зеде Ахазиевиот син Јоас и го украде од убиваните царски синови, заедно со неговата доилка, и ги сокри од Готолија во спалната. Така тој не беше убиен.

3И го криеја со неа во Господовиот дом шест години, а во тоа време Готолија цаpуваше над земјата.

Јоас посветен за цар
(2 Лет 23,1-21)

4На седмата година Јодај испрати да ги повикаат началниците на царската

entrar à sua presença na Casa do SENHOR; fez com eles aliança, e ajuramentou-os na Casa do SENHOR, e lhes mostrou o filho do rei.

[5] Então, lhes deu ordem, dizendo: Esta é a obra que haveis de fazer: uma terça parte de vós, que entrais no sábado, fará a guarda da casa do rei;

[6] e outra terça parte estará ao portão Sur; e a outra terça parte, ao portão detrás da guarda; assim, fareis a guarda e defesa desta casa.

[7] Os dois grupos que saem no sábado, estes todos farão a guarda da Casa do SENHOR, junto ao rei.

[8] Rodeareis o rei, cada um de armas na mão, e qualquer que pretenda penetrar nas fileiras, seja morto; estareis com o rei quando sair e quando entrar.

[9] Fizeram, pois, os capitães de cem segundo tudo quanto lhes ordenara o sacerdote Joiada; tomaram cada um os seus homens, tanto os que entravam como os que saíam no sábado, e vieram ao sacerdote Joiada.

[10] O sacerdote entregou aos capitães de cem as lanças e os escudos que haviam sido do rei Davi e estavam na Casa do SENHOR.

[11] Os da guarda se puseram, cada um de armas na mão, desde o lado direito da casa real até ao lado esquerdo, e até ao altar, e até ao templo, para rodear o rei.

гарда и телохранителите, ги доведе кај себеси во домот Господов, склучи со нив сојуз, ги заколна во домот Господов и им го покажа царскиот син.

[5]Тој им заповеда, велејќи: „Еве што ќе направите: едната третина од вас што доаѓа на служба во сабота, ќе стои на стража кај царскиот дом;

[6]другата третина – кај Сурските Порти; и третата третина – кај портите зад телохранителите, и ќе стоите на стража во домот за да не стане насилство.

[7]И два одреда од вас, од сите што си одат од служба во сабота, ќе стојат на стража кај домот Господов, околу царот;

[8]и опколете го царот од сите страни, секој со оружјето свое в рака; секој што ќе влезе во редовите, да биде убиен; и бидете кај царот, кога излегува и кога влегува.“

[9]Стотниците направија сè што заповеда свештеникот Јодај; секој ги зеде луѓето свои што доаѓаа на служба во сабота и кои се враќаа од служба во сабота, и дојдоа кај свештеникот Јодај.

[10]И свештеникот им ги раздаде на стотниците копјата и штитовите на царот Давид што се наоѓаа во домот на Господ.

[11]И застанаа телохранителите, секој со оружје в рака, од десната страна на домот до левата страна на домот кај жртвеникот и кај домот, околу царот.

[12] Então, Joiada fez sair o filho do rei, pôs-lhe a coroa e lhe deu o Livro do Testemunho; eles o constituíram rei, e o ungiram, e bateram palmas, e gritaram: Viva o rei!

[12]Тогаш Јодај го изведе царскиот син, му стави царски венец и украси, го зацарија, го помазаа, ракоплескаа и извикуваа: „Да живее царот!“

A morte de Atalia
2 Crônicas 23.12-15

[13] Ouvindo Atalia o clamor dos da guarda e do povo, veio para onde este se achava na Casa do SENHOR.

[13]Кога Готолија го слушна гласот на растрчаниот народ, отиде кај народот во домот Господов.

[14] Olhou, e eis que o rei estava junto à coluna, segundo o costume, e os capitães e os tocadores de trombetas, junto ao rei, e todo o povo da terra se alegrava, e se tocavam trombetas. Então, Atalia rasgou os seus vestidos e clamou: Traição! Traição!

[14]А таму: ете, царот стои на повисоко место, според обичајот, и пред царот заповедниците и свирачите. Сиот народ на земјата се весели, и трубат со труби. Готолија ја раскина облеката своја и извика: „Предавство, предавство!“

[15] Porém o sacerdote Joiada deu ordem aos capitães que comandavam as tropas e disse-lhes: Fazei-a sair por entre as fileiras; se alguém a seguir, matai-o à espada. Porque o sacerdote tinha dito: Não a matem na Casa do SENHOR.

[15]Свештеникот Јодај им заповеда на заповедниците над војската, и им рече: „Изведете ја надвор од редовите, а кој ќе тргне по неа, убијте го со меч!“ Свештеникот мислеше да не ја убијат во домот Господов.

[16] Lançaram mão dela; e ela, pelo caminho da entrada dos cavalos, foi à casa do rei, onde a mataram.

[16]Ѝ направија место и таа мина низ коњскиот влез за царскиот двор и таму беше убиена.

A aliança de Joiada
2 Crônicas 23.16-21

[17] Joiada fez aliança entre o SENHOR, e o rei, e o povo, para serem eles o povo do SENHOR; como também entre o rei e o povo.

[17]И Јодај направи завет меѓу Господ, меѓу царот и народот, тие да бидат народ Господов.

[18] Então, todo o povo da terra entrou na casa de Baal, e a derribaram; despedaçaram os seus altares e as suas imagens e a Matã, sacerdote de Baal, mataram perante os altares; então, o

[18]Тогаш сиот народ отиде во домот на Ваал, ги срушија жртвениците негови, и идолите негови сосема ги уништија, а Вааловиот жрец Матан го убија пред

sacerdote pôs guardas sobre a Casa do SENHOR.

[19] Tomou os capitães dos cários, os da guarda e todo o povo da terra, e todos estes conduziram da Casa do SENHOR o rei e, pelo caminho da porta dos da guarda, vieram à casa real; e Joás sentou-se no trono dos reis.

[20] Alegrou-se todo o povo da terra, e a cidade ficou tranqüila, depois que mataram Atalia à espada, junto à casa do rei.

[21] Era Joás da idade de sete anos quando o fizeram rei.

2 Reis 12

O reinado de Joás
2 Crônicas 24.1-14

[1] No ano sétimo de Jeú, começou Joás a reinar e quarenta anos reinou em Jerusalém. Era o nome de sua mãe Zíbia, de Berseba.

[2] Fez Joás o que era reto perante o SENHOR, todos os dias em que o sacerdote Joiada o dirigia.

[3] Tão-somente os altos não se tiraram; e o povo ainda sacrificava e queimava incenso nos altos.

[4] Disse Joás aos sacerdotes: Todo o dinheiro das coisas santas que se trouxer à Casa do SENHOR, a saber, a taxa pessoal, o resgate de pessoas segundo a sua

жртвениците. И свештеникот постави стража над домот Господов.

[19]И ги зеде стотниците, и телохранителите, и брзоодците, и сиот народ од земјата, и го придружија царот од домот Господов, и отидоа по патот низ телохранителските порти во царскиот дом; и тој седна на царскиот престол.

[20]Сиот народ на земјата се веселеше, и градот се успокои. А Готолија ја убија со меч во царскиот дом.

2 Царевите 12

Јоас, цар на Јудеја
(2 Лет 24,1-3)

[1]Јоас беше на седум години, кога стана цар.

[2]Тој стана цар во седмата година од владеењето на Јуј и царуваше во Ерусалим четириесет години. Мајка му се викаше Цивија, од Вирсавија.

[3]А Јоас го правеше она што беше правилно пред очите на Господ во сите денови додека го поучуваше свештеникот Јодај;

[4]само идолските светилишта не беа урнати; народот уште принесуваше жртви и кадеше по тие светилишта.

[5]Јоас им кажа на свештениците: „Сите пари од посветените дарови што се донесуваат во домот Господов, парите кои некому му се наметнати со

avaliação e todo o dinheiro que cada um trouxer voluntariamente para a Casa do SENHOR,

[5] recebam-no os sacerdotes, cada um dos seus conhecidos; e eles reparem os estragos da casa onde quer que se encontrem.

[6] Sucedeu, porém, que, no ano vigésimo terceiro do rei Joás, os sacerdotes ainda não tinham reparado os estragos da casa.

[7] Então, o rei Joás chamou o sacerdote Joiada e os mais sacerdotes e lhes disse: Por que não reparais os estragos da casa? Agora, pois, não recebais mais dinheiro de vossos conhecidos, mas entregai-o para a reparação dos estragos da casa.

[8] Consentiram os sacerdotes, assim, em não receberem mais dinheiro do povo, como em não repararem os estragos da casa.

[33] De maneira que temiam o SENHOR e, ao mesmo tempo, serviam aos seus próprios deuses, segundo o costume das nações dentre as quais tinham sido transportados.

[34] Até ao dia de hoje fazem segundo os antigos costumes; não temem o SENHOR, não fazem segundo os seus estatutos e juízos, nem segundo a lei e o mandamento que o SENHOR prescreveu aos filhos de Jacó, a quem deu o nome de Israel.

[35] Ora, o SENHOR tinha feito aliança com eles e lhes ordenara, dizendo: Não temereis outros deuses, nem vos prostrareis diante deles, nem os servireis, nem lhes oferecereis sacrifícios;

[36] mas ao SENHOR, que vos fez subir da terra do Egito com grande poder e com braço estendido, a ele temereis, e a ele vos prostrareis, e a ele oferecereis sacrifícios.

[37] Os estatutos e os juízos, a lei e o mandamento que ele vos escreveu, tereis

[30]Вавилонците направија Сукот-Бенот, жителите на Кута-Нергал, жителите на Хамат-Ашима,

[31]Авијците на Нивхаз и Тартак, а Сефарваимците ги изгореа во оган синовите свои во чест на Адрамелех и Анамелех, богови на Сефарваим.

[32]Меѓутоа, Го почитуваа и Господа и поставија од средината своја свештеници по нивните светилишта, и тие вршеа служба во нив.

[33]Тие Го почитуваа Господа, но на боговите свои им служеа според обичајот на народите, од чија средина ги преселија.

[34]Тие постапуваат и до денес според обичаите свои: не се плашат од Господ и не постапуваат по одредбите, ни по обичаите, ни по законот и ни по заповедите што Господ им ги даде на синовите на Јаков, кому му го даде името Израел.

[35]Господ склучи со нив завет и им заповеда, велејќи: „Не почитувајте други богови и не им се поклонувајте, немојте да им служите и не принесувајте им жртви,

[36]а Господ, Кој ве изведе од египетската земја со голема сила и цврста рака, Него почитувајте Го, Нему поклонувајте Му се и Нему принесувајте Му жртви;

[37]одредбите и наредбите, законот и заповедите што Тој ги напиша за вас,

cuidado de os observar todos os dias; não temereis outros deuses.

трудете се да ги исполнувате преку сите дни, и не почитувајте други богови;

[38] Da aliança que fiz convosco não vos esquecereis; nem temereis outros deuses.

[38]не го заборавајте заветот што го склучив со вас, и не плашете се од други богови;

[39] Mas ao SENHOR, vosso Deus, temereis, e ele vos livrará das mãos de todos os vossos inimigos.

[39]почитувајте Го само Господа, вашиот Бог, и Тој ќе ве спаси од рацете на сите ваши непријатели."

[40] Porém eles não deram ouvidos a isso; antes, procederam segundo o seu antigo costume.

[40]Но тие не послушаа, туку постапуваа според поранешните свои обичаи.

[41] Assim, estas nações temiam o SENHOR e serviam as suas próprias imagens de escultura; como fizeram seus pais, assim fazem também seus filhos e os filhos de seus filhos, até ao dia de hoje.

[41]А имаше народи што Го почитуваа Господа, но и на своите идоли им служеа. Па и децата нивни и внуците нивни до денес постапуваат така, како што постапуваа нивните предци.

2 Reis 18

O reinado de Ezequias, de Judá
2 Crônicas 29.1-2

[1] No terceiro ano de Oseias, filho de Elá, rei de Israel, começou a reinar Ezequias, filho de Acaz, rei de Judá.

[2] Tinha vinte e cinco anos de idade quando começou a reinar e reinou vinte e nove anos em Jerusalém; sua mãe se chamava Abi e era filha de Zacarias.

[3] Fez ele o que era reto perante o SENHOR, segundo tudo o que fizera Davi, seu pai.

[4] Removeu os altos, quebrou as colunas e deitou abaixo o poste-ídolo; e fez em pedaços a serpente de bronze que Moisés fizera, porque até àquele dia os filhos de

2 Царевите 18

Езекија, цар на Јудеја
(2 Лет 29,1-2; 31,1)

[1]Во третата година од владеењето на израелскиот цар Осија, синот на Ила, стана цар Езекија, син на јудејскиот цар Ахаз.

[2]Тој беше на дваесет и пет години, кога стана цар, и царуваше дваесет и девет години во Ерусалим; мајка му се викаше Ави, ќерка на Захарија.

[3]Тој го правеше она што беше правилно пред очите на Господ, онака како што правеше неговиот предок Давид.

[4]Тој ги урна идолските светилишта, ги исече столбовите Ашерини и ги скрши спомениците од камен и бронзената змија што Мојсеј ја беше направил;

Israel lhe queimavam incenso e lhe chamavam Neustã.

[5] Confiou no SENHOR, Deus de Israel, de maneira que depois dele não houve seu semelhante entre todos os reis de Judá, nem entre os que foram antes dele.

[6] Porque se apegou ao SENHOR, não deixou de segui-lo e guardou os mandamentos que o SENHOR ordenara a Moisés.

[7] Assim, foi o SENHOR com ele; para onde quer que saía, lograva bom êxito; rebelou-se contra o rei da Assíria e não o serviu.

[8] Feriu ele os filisteus até Gaza e seus limites, desde as atalaias dos vigias até à cidade fortificada.

[9] No quarto ano do rei Ezequias, que era o sétimo de Oseias, filho de Elá, rei de Israel, subiu Salmaneser, rei da Assíria, contra Samaria e a cercou.

[10] Ao cabo de três anos, foi tomada; sim, no ano sexto de Ezequias, que era o nono de Oseias, rei de Israel, Samaria foi tomada.

[11] O rei da Assíria transportou a Israel para a Assíria e o fez habitar em Hala, junto a Habor e ao rio Gozã, e nas cidades dos medos;

[12] porquanto não obedeceram à voz do SENHOR, seu Deus; antes, violaram a sua aliança e tudo quanto Moisés, servo do

зашто дури до оние дни Израеловите синови ѝ кадеа и ја нарекуваа Нехуштан.

[5]Во Господ, Бог Израелов, тој се надеваше; и како него немаше меѓу сите јудејски цареви – и по него, и пред него.

[6]Тој се приврза кон Господ, не отстапувајќи од Него и ги пазеше заповедите Негови, кои Господ му ги беше дал на Мојсеј.

[7]И Господ беше со него: насекаде, каде и да одеше, тој постапуваше благоразумно. И востана тој против асирскиот цар и престана да му служи.

[8]Тој ги порази Филистејците до Газа и нејзината околина: од стражарската кула до утврдувањето на градот.

Спомнување на освојувањето на Самарија

[9]Во четвртата година од владеењето на царот Езекија, односно во седмата година на Осија, синот на Ила, цар израелски, асирскиот цар Салманасар тргна против Самарија, ја опседна,

[10]и по три години ја презеде, – во шестата година на Езекија, односно во десеттата година од владеењето на израелскиот цар Осија, Самарија беше преземена.

[11]И асирскиот цар ги пресели Израелците во Асирија, и ги насели во Халах и покрај реката Хавор во Гозан, и во градовите на Мидија,

[12]зашто тие не го послушаа гласот на Господ, својот Бог, и го прекршија заветот Негов: сè што беше заповедал

SENHOR, tinha ordenado; não o ouviram, nem o fizeram.

Senaqueribe invade Judá
2 Crônicas 32.1-8; Isaías 36.1-3

13 No ano décimo quarto do rei Ezequias, subiu Senaqueribe, rei da Assíria, contra todas as cidades fortificadas de Judá e as tomou.

14 Então, Ezequias, rei de Judá, enviou mensageiros ao rei da Assíria, a Laquis, dizendo: Errei; retira-te de mim; tudo o que me impuseres suportarei. Então, o rei da Assíria impôs a Ezequias, rei de Judá, trezentos talentos de prata e trinta talentos de ouro.

15 Deu-lhe Ezequias toda a prata que se achou na Casa do SENHOR e nos tesouros da casa do rei.

16 Foi quando Ezequias arrancou das portas do templo do SENHOR e das ombreiras o ouro de que ele, rei de Judá, as cobrira, e o deu ao rei da Assíria.

17 Contudo, o rei da Assíria enviou, de Laquis, a Tartã, a Rabe-Saris e a Rabsaqué, com um grande exército, ao rei Ezequias, a Jerusalém; subiram e vieram a Jerusalém. Tendo eles subido e chegado, pararam na extremidade do aqueduto do açude superior, junto ao caminho do campo do Lavandeiro.

Мојсеј, слугата Господов, тие ниту го слушаа, ниту го исполнуваа.

Сенахирим ја напаѓа Јудеја
(2 Лет 32,1; Ис 36,1)

13Во четиринаесеттата година од владеењето на царот Езекија асирскиот цар Сенахирим тргна против сите утврдени градови во Јудеја и ги презеде.

14Тогаш јудејскиот цар Езекија испрати до асирскиот цар во Лакиш да кажат: „Погрешив; оди си од мене; сè што ќе ми наложиш, ќе поднесам.“ И асирскиот цар му наложи на јудејскиот цар Езекија да плаќа триста кикари сребро и триесет кикари злато.

15И Езекија го даде сето сребро што се најде во домот Господов и во ризницата на царскиот дом.

16Тогаш Езекија го симна златото од вратата на домот Господов и од столбовите до вратата, кои тој, јудејскиот цар Езекија, ги беше позлатил, и му ги даде на асирскиот цар.

Расправии за помош на логорот на Сенахирим
(2 Лет 32,9-16; Ис 36,2-22)

17И асирскиот цар ги испрати главниот командант, шефот на штабот и царскиот аѓутант од Лакиш кај царот Езекија во Ерусалим со голема војска. И тие тргнаа и дојдоа до Ерусалим. А кога пристигнаа и запреа кај водоводот на горното езеро, кој се наоѓа на патот кон нивата на валавичарот,

[18] Tendo eles chamado o rei, saíram-lhes ao encontro Eliaquim, filho de Hilquias, o mordomo, Sebna, o escrivão, e Joá, filho de Asafe, o cronista.

[18]и кога го повикаа царот, пред нив излезе Хелкиевиот син Елијаким, управник на дворецот, и писарот Севна, и летописецот Јоах, Асафовиот син.

Rabsaqué afronta a Ezequias e ao Senhor

2 Crônicas 32.9-20; Isaías 36.4-22

[19] Rabsaqué lhes disse: Dizei a Ezequias: Assim diz o sumo rei, o rei da Assíria: Que confiança é essa em que te estribas?

[19]И им рече аѓутантот на асирскиот цар: „Кажете му на Езекија: вака вели големиот цар, царот на Асирија: ‚Со каква верба вие се надевате?‘

[20] Bem posso dizer-te que teu conselho e poder para guerra não passam de vãs palavras; em quem, pois, agora, confias, para que te rebeles contra mim?

[20]Ти зборуваш: ‚Имам ум и сила за војување.‘ Но тоа се само празни зборови. Во чие име се крена против мене?

[21] Confias no Egito, esse bordão de cana esmagada, o qual, se alguém nele apoiar-se, lhe entrará pela mão e a traspassará; assim é Faraó, rei do Egito, para com todos os que nele confiam.

[21]Ете, ти мислиш да се потпреш на Египет, на таа скршена трска, на која, ако некој се потпре на неа, ќе му влезе во раката и ќе му ја продупчи. Таков е фараонот, египетскиот цар, за сите што имаат доверба во него.

[22] Mas, se me dizeis: Confiamos no SENHOR, nosso Deus, não é esse aquele cujos altos e altares Ezequias removeu, dizendo a Judá e a Jerusalém: Perante este altar adorareis em Jerusalém?

[22]Ако, пак, ми кажете: ‚на Господ, нашиот Бог, се надеваме,‘ не е ли тоа Оној, Чии светилишта и жртвеници Езекија ги урна, велејќи му на Јуда и на Ерусалим: само пред тој жртвеник поклонувајте се во Ерусалим?

[23] Ora, pois, empenha-te com meu senhor, rei da Assíria, e dar-te-ei dois mil cavalos, se de tua parte achares cavaleiros para os montar.

[23]И затоа, склучи сојуз со мојот господар, асирскиот цар; ќе ти дадам две илјади коњи; можеш ли да најдеш за нив коњаници?

[24] Como, pois, se não podes afugentar um só capitão dos menores dos servos do meu senhor, confias no Egito, por causa dos carros e cavaleiros?

[24]Како ќе одбиеш ти еден водач од најмалите слуги на господарот мој? А се потпираш врз Египет заради коли и коњаници?

[25] Acaso, subi eu, agora, sem o SENHOR contra este lugar, para o destruir? Pois o

[25]Притоа, зар јас без волјата Господова сум тргнал против ова место за да го

SENHOR mesmo me disse: Sobe contra a terra e destrói-a.

26 Então, disseram Eliaquim, filho de Hilquias, Sebna e Joá a Rabsaqué: Rogamos-te que fales em aramaico aos teus servos, porque o entendemos, e não nos fales em judaico, aos ouvidos do povo que está sobre as muralhas.

27 Mas Rabsaqué lhes respondeu: Mandou-me, acaso, o meu senhor para dizer-te estas palavras a ti somente e a teu senhor? E não, antes, aos homens que estão sentados sobre as muralhas, para que comam convosco o seu próprio excremento e bebam a sua própria urina?

28 Então, Rabsaqué se pôs em pé, e clamou em alta voz em judaico, e disse: Ouvi as palavras do sumo rei, do rei da Assíria.

29 Assim diz o rei: Não vos engane Ezequias; porque não vos poderá livrar da sua mão;

30 nem tampouco vos faça Ezequias confiar no SENHOR, dizendo: O SENHOR, certamente, nos livrará, e esta cidade não será entregue nas mãos do rei da Assíria.

31 Não deis ouvidos a Ezequias; porque assim diz o rei da Assíria: Fazei as pazes comigo e vinde para mim; e comei, cada um da sua própria vide e da sua própria figueira, e bebei, cada um da água da sua própria cisterna.

32 Até que eu venha e vos leve para uma terra como a vossa, terra de cereal e de vinho, terra de pão e de vinhas, terra de

сотрам? Господ ми рече: ‚оди против таа земја и сотри ја.‘“

26Тогаш Хелкиевиот син Елијаким, и Севна, и Јоах му одговорија на царскиот аѓутант: „Зборувај им на слугите свои на арамејски, зашто разбираме, а немој да ни зборуваш на јудејски да слуша народот што е на ѕидот.“

27А царскиот аѓутант им рече: „Зарем само до твојот господар и до тебе ме испрати господарот мој да ги кажам тие зборови? Не, а и на луѓето што седат на ѕидот за да го јадат изметот свој и да ја пијат мочта своја заедно со вас.“

28И стана царскиот аѓутант, извика со силен глас на јудејски и зборуваше, велејќи: „Чујте ги зборовите на големиот цар, царот на Асирија!

29Вака вели царот: Нека не ве мами Езекија, зашто тој не може да ве спаси од мојата рака;

30и нека не ви дава лажни надежи Езекија со Господ, велејќи: ‚Господ ќе нè спаси, и нема да биде предаден овој град во раката на асирскиот цар!‘

31Не го слушајте Езекија, зашто вака вели асирскиот цар: Склучете мир со мене и дојдете кај мене, и секој нека ги јаде плодовите на лозјето свое и на смоквата своја, и секој нека пие вода од својот кладенец,

32додека да дојдам и да ве одведам во исто таква земја, како вашата земја, во земја со леб и вино, во земја со плодови

oliveiras e de mel, para que vivais e não morrais. Não deis ouvidos a Ezequias, porque vos engana, dizendo: O SENHOR nos livrará.

33 Acaso, os deuses das nações puderam livrar, cada um a sua terra, das mãos do rei da Assíria?

34 Onde estão os deuses de Hamate e de Arpade? Onde estão os deuses de Sefarvaim, Hena e Iva? Acaso, livraram eles a Samaria das minhas mãos?

35 Quais são, dentre todos os deuses destes países, os que livraram a sua terra das minhas mãos, para que o SENHOR possa livrar a Jerusalém das minhas mãos?

36 Calou-se, porém, o povo e não lhe respondeu palavra; porque assim lhe havia ordenado o rei: Não lhe respondereis.

37 Então, Eliaquim, filho de Hilquias, o mordomo, e Sebna, o escrivão, e Joá, filho de Asafe, o cronista, vieram ter com Ezequias, com suas vestes rasgadas, e lhe referiram as palavras de Rabsaqué.

2 Reis 19

Ezequias consulta a Isaías

Isaías 37.1-7

1 Tendo o rei Ezequias ouvido isto, rasgou as suas vestes, cobriu-se de pano de saco e entrou na Casa do SENHOR.

2 Então, enviou a Eliaquim, o mordomo, a Sebna, o escrivão, e os anciãos dos sacerdotes cobertos de pano de saco, ao profeta Isaías, filho de Amoz;

и лозја, во земја со маслинови дрвја и мед за да живеете, а не да умрете. Затоа не слушајте го Езекија, кој ве мами и вели: – ,Господ ќе нè спаси.‘

33Дали некој од боговите на народите ја спасил својата земја од раката на асирскиот цар?

34Каде се боговите на Хамат и Арпад? Каде се боговите на Сефарваим, на Хена и на Ива? Ја спасија ли тие Самарија од раката моја?

35Кој од сите богови на тие земји ја избави земјата своја од мојата рака? Та зарем Господ ќе го спаси Ерусалим од раката моја?“

36Народот молчеше и не му одговараше ни збор, зашто царот беше заповедал: „Не му одговарајте!“

37И дојде Хелкиевиот син Елијаким, управник на дворецот, и Севна, писарот, и Асафовиот син Јоах, летописецот, дојдоа кај Езекија со раскината облека и му ги пренесоа зборовите на аѓутантот на асирскиот цар.

2 Царевите 19

Езекија го прашува за совет пророкот Исаија

(Ис 37,1-7)

1Кога го слушна тоа царот Езекија, ја раскина облеката своја, се покри со врекиште и отиде во домот Господов.

2И ги испрати Елијаким, управникот на дворецот, писарот Севна и постарите свештеници, покриени со врекишта, кај пророкот Исаија, синот на Амоц.

[3] os quais lhe disseram: Assim diz Ezequias: Este dia é dia de angústia, de disciplina e de opróbrio; porque filhos são chegados à hora de nascer, e não há força para dá-los à luz.

[4] Porventura, o SENHOR, teu Deus, terá ouvido todas as palavras de Rabsaqué, a quem o rei da Assíria, seu senhor, enviou para afrontar o Deus vivo, e repreenderá as palavras que ouviu; ergue, pois, orações pelos que ainda subsistem.

[5] Foram, pois, os servos do rei Ezequias a ter com Isaías;

[6] Isaías lhes disse: Dizei isto a vosso senhor: Assim diz o SENHOR: Não temas por causa das palavras que ouviste, com as quais os servos do rei da Assíria blasfemaram de mim.

[7] Eis que meterei nele um espírito, e ele, ao ouvir certo rumor, voltará para a sua terra; e nela eu o farei cair morto à espada.

A carta do rei da Assíria

Isaías 37.8-13

[8] Voltou, pois, Rabsaqué e encontrou o rei da Assíria pelejando contra Libna; porque ouvira que o rei já se havia retirado de Laquis.

[9] O rei ouviu que a respeito de Tiraca, rei da Etiópia, se dizia: Eis saiu para guerrear contra ti. Assim, tornou a enviar mensageiros a Ezequias, dizendo:

[3]Тие му рекоа: „Вака вели Езекија: Ова е ден за жалост, за казна и за срам; зашто дојде часот да се родат децата, но нема сила за раѓање.

[4]Можеби Господ, твојот Бог, ќе ги чуе сите зборови на аѓутантот, кого господарот негов, асирскиот цар, го испрати да Го навредува живиот Бог и да Го укорува со зборови, какви што чу Господ, твојот Бог. Затоа помоли се за другите, кои сѐ уште се живи.“

[5]Откако пратениците на царот Езекија му ја пренесоа пораката на царот на Исаија,

[6]тој им рече: „Вака кажете му на вашиот господар: Така вели Господ: ‚Не плаши се од зборовите што ги слушна, и со кои Ме навредуваа слугите на асирскиот цар.‘

[7]Ете, Јас ќе испратам во него дух, и тој ќе чуе вест, и ќе се врати во земјата своја, и Јас ќе го поразам со меч во неговата земја.“

Сенахирим повторно се заканува

(2 Лет 32,17; Ис 37,8-13)

[8]Тогаш царскиот аѓутант слушна дека неговиот господар го напуштил Лакиш, па се врати и го најде како војува со Ливна.

[9]Потоа царот слушна и за етиопскиот цар Тирхака, за кого му рекоа: „Ете, тој излезе да се судри со тебе,“ и повторно испрати пратеници кај Езекија да му кажат:

[10] Assim falareis a Ezequias, rei de Judá: Não te engane o teu Deus, em quem confias, dizendo: Jerusalém não será entregue nas mãos do rei da Assíria.

[11] Já tens ouvido o que fizeram os reis da Assíria a todas as terras, como as destruíram totalmente; e crês tu que te livrarias?

[12] Porventura, os deuses das nações livraram os povos que meus pais destruíram, Gozã, Harã e Rezefe e os filhos de Éden, que estavam em Telassar?

[13] Onde está o rei de Hamate, e o rei de Arpade, e o rei da cidade de Sefarvaim, de Hena e de Iva?

A oração de Ezequias

Isaías 37.14-20

[14] Tendo Ezequias recebido a carta das mãos dos mensageiros, leu-a; então, subiu à Casa do SENHOR, estendeu-a perante o SENHOR

[15] e orou perante o SENHOR, dizendo: Ó SENHOR, Deus de Israel, que estás entronizado acima dos querubins, tu somente és o Deus de todos os reinos da terra; tu fizeste os céus e a terra.

[16] Inclina, ó SENHOR, o ouvido e ouve; abre, SENHOR, os olhos e vê; ouve todas as palavras de Senaqueribe, as quais ele enviou para afrontar o Deus vivo.

[17] Verdade é, SENHOR, que os reis da Assíria assolaram todas as nações e suas terras

[10]„Вака кажете му на јудејскиот цар Езекија: ,нека не те лаже твојот Бог, на Кого се надеваш, мислејќи дека Ерусалим нема да биде предаден во раката на асирскиот цар.‘

[11]Зар не си чул што направија асирските цареви со сите земји, уништувајќи ги наполно, – та ти ли ќе се избавиш?

[12]Дали боговите ги спасија овие народи што ги сотреа моите предци? Го спасија ли Гозан, и Харан, и Рецеф и луѓето на Еден, кој е во Таласар?

[13]Каде е царот на Хамат, и царот на Арпад, и царот на градот Сефарваим, на Хена и на Ива?“

Молитвата на Езекија

(Ис 37,14-20)

[14]Тогаш Езекија го зеде писмото од рацете на пратениците, го прочита, отиде во домот Господов, и го објави Езекија пред лицето Господово;

[15]и се молеше Езекија пред лицето Господово и велеше: „Господи, Боже Израелов, Кој седиш на херувими! Ти си единствен Бог на сите земни царства. Ти ги создаде небото и земјата.

[16]Наклони го, Господи, увото Свое и чуј ме; отвори ги, Господи, очите Свои и погледни, и чуј ги зборовите на Сенахирим, кој испратил да Те навредуваат Тебе, живиот Бог!

[17]Навистина, о Господи, царевите асирски ги сотреа народите и земјите нивни,

[18] e lançaram no fogo os deuses deles, porque deuses não eram, senão obra de mãos de homens, madeira e pedra; por isso, os destruíram.

[19] Agora, pois, ó SENHOR, nosso Deus, livra-nos das suas mãos, para que todos os reinos da terra saibam que só tu és o SENHOR Deus.

O profeta conforta a Ezequias
Isaías 37.21-35

[20] Então, Isaías, filho de Amoz, mandou dizer a Ezequias: Assim diz o SENHOR, o Deus de Israel: Quanto ao que me pediste acerca de Senaqueribe, rei da Assíria, eu te ouvi,

[21] e esta é a palavra que o SENHOR falou a respeito dele: A virgem, filha de Sião, te despreza e zomba de ti; a filha de Jerusalém meneia a cabeça por detrás de ti.

[22] A quem afrontaste e de quem blasfemaste? E contra quem alçaste a voz e arrogantemente ergueste os olhos? Contra o Santo de Israel.

[23] Por meio dos teus mensageiros, afrontaste o SENHOR e disseste: Com a multidão dos meus carros subi ao cimo dos montes, ao mais interior do Líbano; deitarei abaixo os seus altos cedros e seus ciprestes escolhidos, chegarei a suas pousadas extremas, ao seu denso e fértil pomar.

[24] Eu mesmo cavei, e bebi as águas de estrangeiros, e com as plantas de meus pés sequei todos os rios do Egito.

[18]и ги нафрлаа боговите нивни во оган, но тоа не беа богови, туку изработки на човечки раце, – дрво и камен, затоа и ги истребија.

[19]И сега, Господи, Боже наш, спаси нè од рацете негови, и сите земни царства ќе познаат дека Ти, Господи, си единствен Бог.“

Исаија го пренесува одговорот од Господ
(Ис 37,21-35)

[20]Тогаш Исаија, синот на Амоц, испрати да му кажат на Езекија: „Вака вели Господ, Бог Израелов: ,го чув ова за кое ти Ми се молеше против асирскиот цар Сенахирим.‘

[21]Еве го словото што Господ го изрече за него: Те презира, ти се потсмева девицата ќерка на Сион, зад твојот грб ќе ја заниша главата ќерката ерусалимска.

[22]Кого Го прекоруваше и навредуваше ти? И против Кого крена глас и толку високо ги крена очите? Против Светецот Израелов?

[23]Преку твоите пратеници ти Го навредуваше Господа и велеше: – ,со многу коли се качив на горските височини, по ридовите на Ливан, ги исеков високите кедри негови и прекрасните кипариси негови и стигнав до најоддалеченото негово пристаниште, до гасталакот на градината негова;

[24]ископав и пиев туѓа вода, и ги пресушив со стапалата на нозете свои сите египетски реки.‘

[25] Acaso, não ouviste que já há muito dispus eu estas coisas, já desde os dias remotos o tinha planejado? Agora, porém, as faço executar e eu quis que tu reduzisses a montões de ruínas as cidades fortificadas.

[25]Зар не си чул дека Јас одамна сум го направил тоа, во древни времиња сум го преднацртал, а сега го исполнив преку тоа што ти опустошуваш утврдени градови, претворајќи ги во купишта урнатини?

[26] Por isso, os seus moradores, debilitados, andaram cheios de temor e envergonhados; tornaram-se como a erva do campo, e a erva verde, e o capim dos telhados, e o cereal queimado antes de amadurecer.

[26]и жителите нивни изнемоштеа, треперат и се срамуваат. Тие станаа како полска трева и кревка билка, како трева по покривите, препламната пред да узрее.

[27] Mas eu conheço o teu assentar, e o teu sair, e o teu entrar, e o teu furor contra mim.

[27]Кога седнуваш, кога излегуваш, или влегуваш, Јас сè знам; ја знам и дрскоста твоја против Мене.

[28] Por causa do teu furor contra mim e porque a tua arrogância subiu até aos meus ouvidos, eis que porei o meu anzol no teu nariz e o meu freio na tua boca e te farei voltar pelo caminho por onde vieste.

[28]Твојот гнев против Мене и твојата дрскост достигна до Моите уши, па затоа ќе ја ставам алката Своја во твоите ноздри и уздата Своја во твојата уста, и ќе те вратам назад по истиот пат, по кој си дошол.

[29] Isto te será por sinal: este ano, se comerá o que espontaneamente nascer e, no segundo ano, o que daí proceder; no terceiro ano, porém, semeai, e colhei, e plantai vinhas, e comei os seus frutos.

[29]И, еве ти знак: јадете го оваа година – самоникнатото, а во третата година сејте и жнејте, садете лозја и јадете ги нивните плодови.

[30] O que escapou da casa de Judá e ficou de resto tornará a lançar raízes para baixo e dará fruto por cima;

[30]И спасението во Јудиниот дом, пак ќе пушти корен одоздола и ќе даде плод озгора,

[31] porque de Jerusalém sairá o restante, e do monte Sião, o que escapou. O zelo do SENHOR fará isto.

[31]зашто од Ерусалим ќе произлезе остатокот, и спасеното – од горатa Сион. Ревноста на Господарот на небесните сили ќе го направи тоа.

[32] Pelo que assim diz o SENHOR acerca do rei da Assíria: Não entrará nesta cidade,

[32]Затоа вака говори Господ за асирскиот цар: тој нема да влезе во овој

nem lançará nela flecha alguma, não virá perante ela com escudo, nem há de levantar tranqueiras contra ela.

[33] Pelo caminho por onde vier, por esse voltará; mas, nesta cidade, não entrará, diz o SENHOR.

[34] Porque eu defenderei esta cidade, para a livrar, por amor de mim e por amor de meu servo Davi.

A destruição do exército dos assírios

2 Crônicas 32.21; Isaías 37.36-38

[35] Então, naquela mesma noite, saiu o Anjo do SENHOR e feriu, no arraial dos assírios, cento e oitenta e cinco mil; e, quando se levantaram os restantes pela manhã, eis que todos estes eram cadáveres.

[36] Retirou-se, pois, Senaqueribe, rei da Assíria, e se foi; voltou e ficou em Nínive.

[37] Sucedeu que, estando ele a adorar na casa de Nisroque, seu deus, Adrameleque e Sarezer, seus filhos, o feriram à espada; e fugiram para a terra de Ararate; e Esar-Hadom, seu filho, reinou em seu lugar.

2 Reis 20

A doença de Ezequias e a sua cura maravilhosa

2 Crônicas 32.24; Isaías 38.1-8

[1] Naqueles dias, Ezequias adoeceu de uma enfermidade mortal; veio ter com ele o profeta Isaías, filho de Amoz, e lhe disse: Assim diz o SENHOR: Põe em ordem a tua casa, porque morrerás e não viverás.

град, нема да фрли во него стрела, нема да пристапи со штит кон него и нема да ископа опкоп околу него.

[33]По истиот пат, по кој дошол, ќе се врати, и нема да влезе во тој град, вели Господ.

[34]Јас ќе го пазам тој град за да го запазам за Себе и за Мојот слуга Давид.“

Заминување на Асирците, смртта на Сенахирим

(2 Лет 32,21-22; Ис 37,36-38)

[35]И ова се случи во таа ноќ: ангел Господов отиде и во асирскиот логор уби сто осумдесет и пет илјади војници. Изутрината кога преживеаните станаа, тие ги видоа мртвите тела.

[36]Тогаш царот на Асирија Сенахирим тргна, се врати во Ниневија и таму остана.

[37]И додека се поклонуваше во храмот на својот бог Нисрох, неговите синови Адрамелех и Шарецер го убија со меч и избегаа во земјата Арарат. На негово место се зацари неговиот син Есар-Хадон.

2 Царевите 20

Езекиевата болест и оздравување

(2 Лет 32,24; Ис 38,1-8)

[1]Во тие денови се разболе Езекија до смрт. Тогаш дојде кај него пророкот Исаија, синот на Амоц, и му рече: „Вака вели Господ: ‚среди ги работите за домот свој, зашто ќе умреш, нема да оздравиш.‘“

[2] Então, virou Ezequias o rosto para a parede e orou ao SENHOR, dizendo:

[3] Lembra-te, SENHOR, peço-te, de que andei diante de ti com fidelidade, com inteireza de coração, e fiz o que era reto aos teus olhos; e chorou muitíssimo.

[4] Antes que Isaías tivesse saído da parte central da cidade, veio a ele a palavra do SENHOR, dizendo:

[5] Volta e dize a Ezequias, príncipe do meu povo: Assim diz o SENHOR, o Deus de Davi, teu pai: Ouvi a tua oração e vi as tuas lágrimas; eis que eu te curarei; ao terceiro dia, subirás à Casa do SENHOR.

[6] Acrescentarei aos teus dias quinze anos e das mãos do rei da Assíria te livrarei, a ti e a esta cidade; e defenderei esta cidade por amor de mim e por amor de Davi, meu servo.

[7] Disse mais Isaías: Tomai uma pasta de figos; tomaram-na e a puseram sobre a úlcera; e ele recuperou a saúde.

[8] Ezequias disse a Isaías: Qual será o sinal de que o SENHOR me curará e de que, ao terceiro dia, subirei à Casa do SENHOR?

[9] Respondeu Isaías: Ser-te-á isto da parte do SENHOR como sinal de que ele cumprirá a palavra que disse: Adiantar-se-á a sombra dez graus ou os retrocederá?

[2]Се сврте Езекија со лицето кон ѕидот и Му се помоли на Господ, велејќи:

[3]„О Господи, спомни си дека јас одев пред лицето Твое верно, со срце предадено на Тебе, и го правев она што беше правилно пред очите Твои.“ И заплака Езекија силно.

[4]Исаија уште не беше излегол од средниот двор, и дојде словото Господово кон него:

[5]„Врати се и кажи му на Езекија, владетелот на Мојот народ: вака вели Господ, Бог на твојот предок Давид – Ја чув молитвата твоја, ги видов солзите твои. Јас ќе те излекувам; на третиот ден ќе отидеш во домот Господов;

[6]и ќе додадам кон деновите твои петнаесет години, и ќе те спасам од рацете на асирскиот цар – тебе и твојот град, и ќе го заштитам тој град заради Себе и заради Мојот слуга Давид.“

[7]Тогаш рече Исаија: „Земете суви смокви.“ И зедоа, и ги наложија на чирот; и тој оздраве.

[8]Езекија му рече на Исаија: „Каков е знакот дека Господ ќе ме излекува и дека на третиот ден ќе одам во домот Господов?“

[9]Исаија одговори: „Еве ти знак од Господ дека Господ ќе го исполни словото што го кажал – сакаш ли напред да оди сенката десет степени или десет степени назад?“

[10] Então, disse Ezequias: É fácil que a sombra adiante dez graus; tal, porém, não aconteça; antes, retroceda dez graus.
[11] Então, o profeta Isaías clamou ao SENHOR; e fez retroceder dez graus a sombra lançada pelo sol declinante no relógio de Acaz.

A embaixada da Babilônia
Isaías 39.1-8

[12] Nesse tempo, Merodaque-Baladã, filho de Baladã, rei da Babilônia, enviou cartas e um presente a Ezequias, porque soube que estivera doente.

[13] Ezequias se agradou dos mensageiros e lhes mostrou toda a casa do seu tesouro, a prata, o ouro, as especiarias, os óleos finos, o seu arsenal e tudo quanto se achava nos seus tesouros; nenhuma coisa houve, nem em sua casa, nem em todo o seu domínio que Ezequias não lhes mostrasse.
[14] Então, Isaías, o profeta, veio ao rei Ezequias e lhe disse: Que foi que aqueles homens disseram e donde vieram a ti? Respondeu Ezequias: De uma terra longínqua vieram, da Babilônia.

[15] Perguntou ele: Que viram em tua casa? Respondeu Ezequias: Viram tudo quanto há em minha casa; coisa nenhuma há nos meus tesouros que eu não lhes mostrasse.

[16] Então, disse Isaías a Ezequias: Ouve a palavra do SENHOR:
[17] Eis que virão dias em que tudo quanto houver em tua casa, com o que

[10]И рече Езекија: „Лесно е да се помести сенката десет степени напред; не, нека се врати сенката десет степени назад.“
[11]Повика пророкот Исаија кон Господ, и Тој ја врати сенката назад десет степени според Ахазовите степени, по кои се спушташе сонцето.

Езекија ги прима пратениците од Вавилон
(Ис 39,1-8)

[12]Во тоа време вавилонскиот цар Меродах-Баладан, син на Баладан од Вавилон, му испрати писмо и подароци на Езекија, зашто беше чул дека Езекија бил болен.

[13]Езекија, откако ги слушна пратениците, им ги покажа ризниците свои, среброто и златото, и ароматите, и скапоцените масла, и целиот свој склад со оружје и сè што се наоѓаше во ризниците негови; и не остана нешто што не им го покажа Езекија во домот свој и во целото свое владение.
[14]Пророкот Исаија дојде кај царот Езекија и го праша: „Што кажаа тие луѓе, и од каде дојдоа кај тебе?“ Езекија одговори: „Од далечна земја дојдоа тие, од Вавилон.“
[15]Исаија пак праша: „Што видоа тие во домот твој?“ Езекија одговори: „Видоа сè што е во мојот дом; не остана нешто што не им го покажав во ризниците свои.“
[16]Тогаш Исаија му рече на Езекија: „Чуј го словото Господово:
[17]‚Еве, ќе дојдат дни, и сè што е во твојот дом, и што го собрале твоите

entesouraram teus pais até ao dia de hoje, será levado para a Babilônia; não ficará coisa alguma, disse o SENHOR.

[18] Dos teus próprios filhos, que tu gerares, tomarão, para que sejam eunucos no palácio do rei da Babilônia.

[19] Então, disse Ezequias a Isaías: Boa é a palavra do SENHOR que disseste. Pois pensava: Haverá paz e segurança em meus dias.

A morte de Ezequias
2 Crônicas 32.32-33

[20] Quanto aos mais atos de Ezequias, e todo o seu poder, e como fez o açude e o aqueduto, e trouxe água para dentro da cidade, porventura, não estão escritos no Livro da História dos Reis de Judá?

[21] Descansou Ezequias com seus pais; e Manassés, seu filho, reinou em seu lugar.

предци до денес, ќе биде однесено во Вавилон; ништо нема да остане‘ – вели Господ.

[18]Некои од твоите синови, кои ќе произлезат од тебе што ќе ги родиш, ќе бидат одведени и тие ќе бидат слуги во дворецот на вавилонскиот цар.“

[19]А Езекија му рече на Исаија: „Добро е словото Господово што ти го изрече.“ И продолжи: „Само нека има мир и правда во моите дни!“

[20]Останатите дела на Езекија, за сите негови јуначни подвизи, за тоа како направи езера и водовод и спроведе вода во градот, опишано е во летописите на јудејските цареви.

[21]И почина Езекија кај своите предци, а на негово место се зацари неговиот син Манасија.

2 Reis 21

O reinado de Manassés, de Judá
2 Crônicas 33.1-9

[1] Tinha Manassés doze anos de idade quando começou a reinar e reinou cinqüenta e cinco anos em Jerusalém. Sua mãe chamava-se Hefzibá.

[2] Fez ele o que era mau perante o SENHOR, segundo as abominações dos gentios que o SENHOR expulsara de suas possessões, de diante dos filhos de Israel.

[3] Pois tornou a edificar os altos que Ezequias, seu pai, havia destruído, e levantou altares a Baal, e fez um poste-

2 Царевите 21

Манасија, цар на Јудеја
(2 Лет 33,1-10, 18-20)

[1]Манасија беше на дванаесет години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим педесет и пет години; мајка му се викаше Хефци-Вах.

[2]Но тој правеше зло пред очите на Господ, подражавајќи ги лошите работи на оние народи, кои Господ ги беше изгонил од пред лицето на Израеловите синови.

[3]Тој одново ги подигна идолските светилишта што татко му Езекија ги беше уништил, му подигна жртвеници

ídolo como o que fizera Acabe, rei de Israel, e se prostrou diante de todo o exército dos céus, e o serviu.

[4] Edificou altares na Casa do SENHOR, da qual o SENHOR tinha dito: Em Jerusalém porei o meu nome.

[5] Também edificou altares a todo o exército dos céus nos dois átrios da Casa do SENHOR.

[6] E queimou a seu filho como sacrifício, adivinhava pelas nuvens, era agoureiro e tratava com médiuns e feiticeiros; prosseguiu em fazer o que era mau perante o SENHOR, para o provocar à ira.

[7] Também pôs a imagem de escultura do poste-ídolo que tinha feito na casa de que o SENHOR dissera a Davi e a Salomão, seu filho: Nesta casa e em Jerusalém, que escolhi de todas as tribos de Israel, porei o meu nome para sempre;

[8] e não farei que os pés de Israel andem errantes da terra que dei a seus pais, contanto que tenham cuidado de fazer segundo tudo o que lhes tenho mandado e conforme toda a lei que Moisés, meu servo, lhes ordenou.

[9] Eles, porém, não ouviram; e Manassés de tal modo os fez errar, que fizeram pior do que as nações que o SENHOR tinha destruído de diante dos filhos de Israel.

O juízo a respeito de Judá

на Ваал и направи идолско светилиште, како што направи израелскиот цар Ахав; и се поклонуваше на сета небесна војска и ѝ служеше;

[4]а изгради жртвеници и во домот Господов, за кого Господ беше рекол: „Во Ерусалим ќе го поставам името Свое.“

[5]Тој изгради и жртвеници за сета небеска војска во двата двора на домот Господов;

[6]го пренесе преку оган синот свој, гаташе и врачаше; си набави извикувачи на мртви и маѓесници и изврши многу неугодни работи пред очите на Господ за да Го разгневи.

[7]Направи и статуа на божицата Ашера и ја постави во домот, за кој Господ му беше говорел на Давид и на синот негов Соломон: во овој дом и во Ерусалим што Јас го избрав меѓу сите израелски племиња, го ставам името Свое засекогаш:

[8]и во иднина нема да ја оставам ногата на Израел да излезе од земјата што сум им ја дал на предците нивни, ако тие се потрудат да постапуваат според сè она што сум заповедал, и според целиот закон што им го даде Мојот слуга Мојсеј.

[9]Но тие не послушаа; и Манасија ги разврати дотаму што тие постапуваа полошо и од оние народи, кои Господ ги беше истребил пред лицето на Израеловите синови.

[10] Então, o SENHOR falou por intermédio dos profetas, seus servos, dizendo:

[11] Visto que Manassés, rei de Judá, cometeu estas abominações, fazendo pior que tudo que fizeram os amorreus antes dele, e também a Judá fez pecar com os ídolos dele,

[12] assim diz o SENHOR, Deus de Israel: Eis que hei de trazer tais males sobre Jerusalém e Judá, que todo o que os ouvir, lhe tinirão ambos os ouvidos.

[13] Estenderei sobre Jerusalém o cordel de Samaria e o prumo da casa de Acabe; eliminarei Jerusalém, como quem elimina a sujeira de um prato, elimina-a e o emborca.

[14] Abandonarei o resto da minha herança, entregá-lo-ei nas mãos de seus inimigos; servirá de presa e despojo para todos os seus inimigos.

[15] Porquanto fizeram o que era mau perante mim e me provocaram à ira, desde o dia em que seus pais saíram do Egito até ao dia de hoje.

[16] Além disso, Manassés derramou muitíssimo sangue inocente, até encher Jerusalém de um ao outro extremo, afora o seu pecado, com que fez pecar a Judá, praticando o que era mau perante o SENHOR.

A morte de Manassés

2 Crônicas 33.18-20

[17] Quanto aos mais atos de Manassés, e a tudo quanto fez, e ao seu pecado, que

[10]И говореше Господ преку Своите слуги – пророците, и рече:

[11]„Поради тоа што јудејскиот цар Манасија ги изврши тие лоши дела, полоши од сè она што го вршеа Аморејците, кои беа пред него, и го наведе Јуда во грев со своите идоли,

[12]затоа Господ вели вака: Еве, врз Ерусалим и врз Јудеја ќе испратам такво зло, што кој ќе чуе за него, ќе му писнат и двете уши;

[13]и ќе го оптегнам над Ерусалим јажето мерник на Самарија и мерката на Ахавовиот дом, и ќе го избришам Ерусалим така, како што се брише сад, – го бришат и го затвораат;

[14]ќе го оставам остатокот од Моето наследство и ќе го предадам во рацете на непријателите нивни, и тие ќе бидат разграбени и пленети од сите свои непријатели,

[15]поради тоа што го правеа она што беше неугодно пред очите Мои и Ме разгневуваа од оној ден, во кој предците нивни излегоа од Египет, дури до денес.“

[16]А притоа Манасија пролеа премногу невина крв, та го наполни со неа Ерусалим докрај, освен својот грев со што го вовлече Јуда во грев да не прави угодни дела пред очите на Господ.

[17]Другото за Манасија и за сè што тој извршил, и за гревовите негови, со кои

cometeu, porventura, não estão escritos no Livro da História dos Reis de Judá?

[18] Manassés descansou com seus pais e foi sepultado no jardim da sua própria casa, no jardim de Uzá; e Amom, seu filho, reinou em seu lugar.

O reinado de Amom, de Judá

2 Crônicas 33.21-25

[19] Tinha Amom vinte e dois anos de idade quando começou a reinar e reinou dois anos em Jerusalém. Sua mãe se chamava Mesulemete e era filha de Haruz, de Jotbá.

[20] Fez o que era mau perante o SENHOR, como fizera Manassés, seu pai.

[21] Andou em todo o caminho em que andara seu pai, serviu os ídolos a que ele servira e os adorou.

[22] Assim, abandonou ele o SENHOR, Deus de seus pais, e não andou no caminho do SENHOR.

[23] Os servos do rei Amom conspiraram contra ele e o mataram em sua própria casa.

[24] Porém o povo da terra feriu todos os que conspiraram contra o rei Amom e constituiu a Josias, seu filho, rei em seu lugar.

[25] Quanto aos mais atos de Amom e a tudo que fez, porventura, não estão escritos no Livro da História dos Reis de Judá?

[26] Foi ele enterrado na sua sepultura, no jardim de Uzá; e Josias, seu filho, reinou em seu lugar.

згрешил, е опишано во летописите на јудејските цареви.

[18]И почина Манасија кај своите предци, и беше погребан во градината на неговиот дворец, во градината нарекувана Оза. На негово место се зацари неговиот син Амон.

Амон, цар на Јудеја

(2 Лет 33,21-25)

[19]Амон беше на дваесет и две години, кога стана цар, и царуваше во Ерусалим две години; мајка му се викаше Мешулемет, ќерка на Харуц, од Јодба.

[20]И тој го правеше, она што не беше угодно пред очите на Господ, така, како што го правеше тоа татко му Манасија; [21]одеше токму по истиот пат, по кој одеше татко му; им служеше на идолите, на кои им служеше татко му, и им се поклонуваше.

[22]Тој Го остави Господ, Бог на неговите предци, и не одеше по патот Господов.

[23]Амоновите слуги се побунија против него и го убија царот во неговиот дом.

[24]Но народот на земјата ги уби сите заговорници против царот Амон; и народот на земјата го постави за цар на негово место синот негов Јошија.

[25]Другите дела на Амон што ги извршил тој, се опишани во летописите на јудејските цареви.

[26]И го погребаа во гробницата негова, во градината наречена Оза. На негово место се зацари син му Јошија.

2 Reis 22

O reinado de Josias
2 Crônicas 34.1-2

1 Tinha Josias oito anos de idade quando começou a reinar e reinou trinta e um anos em Jerusalém. Sua mãe se chamava Jedida e era filha de Adaías, de Bozcate.

2 Fez ele o que era reto perante o SENHOR, andou em todo o caminho de Davi, seu pai, e não se desviou nem para a direita nem para a esquerda.

O rei repara o templo
2 Crônicas 34.8-13

3 No décimo oitavo ano do seu reinado, o rei Josias mandou o escrivão Safã, filho de Azalias, filho de Mesulão, à Casa do SENHOR,

4 dizendo: Sobe a Hilquias, o sumo sacerdote, para que conte o dinheiro que se trouxe à Casa do SENHOR, o qual os guardas da porta ajuntaram do povo;

5 que o dêem nas mãos dos que dirigem a obra e têm a seu cargo a Casa do SENHOR, para que paguem àqueles que fazem a obra que há na Casa do SENHOR, para repararem os estragos da casa:

6 aos carpinteiros, aos edificadores e aos pedreiros; e comprem madeira e pedras lavradas, para repararem os estragos da casa.

7 Porém não se pediu conta do dinheiro que se lhes entregara nas mãos, porquanto procediam com fidelidade.

Hilquias acha o Livro da Lei
2 Crônicas 34.14-18

2 Царевите 22

Јошија, цар на Јудеја
(2 Лет 34,8-18)

1Јошија беше на осум години кога стана цар, и царуваше во Ерусалим триесет и една година; мајка му се викаше Једида, ќерка на Адаја, од Боцкат.

2Тој го правеше она што беше правилно пред очите на Господ, во сè одеше по патот на неговиот предок Давид и не се отклонуваше ни десно, ни лево.

3Кога беше на осумнаесет години, царот Јошија го испрати писарот Сафан, син на Ацалија, Мешуламовиот син, во домот на Господ, велејќи:

4„Оди кај првосвештеникот Хелкија, нека го земе среброто донесено во домот на Господ што го собраа од чуварите на портите,

5и нека го дадат во рацете на распоредниците, поставени кај храмот Господов, а тие да го потрошат за работниците во домот Господов за поправка на штетите во домот:

6на дрводелците, на каменоресците, на ѕидарите и за купување дрва и делкани камења за поправка на храмот;

7но да не се бара од нив сметка за среброто, предадено во рацете нивни, бидејќи тие постапуваат чесно.“

[8] Então, disse o sumo sacerdote Hilquias ao escrivão Safã: Achei o Livro da Lei na Casa do SENHOR. Hilquias entregou o livro a Safã, e este o leu.

[8]И му кажа првосвештеникот Хелкија на писарот Сафан: „Јас ја најдов во домот Господов книгата на законот.“ И Хелкија му ја подаде книгата на Сафан, и тој ја читаше.

[9] Então, o escrivão Safã veio ter com o rei e lhe deu relatório, dizendo: Teus servos contaram o dinheiro que se achou na casa e o entregaram nas mãos dos que dirigem a obra e têm a seu cargo a Casa do SENHOR.

[9]Дојде писарот Сафан кај царот и му донесе на царот одговор, велејќи: „Твоите слуги го зедоа среброто, најдено во домот, и го предадоа во рацете на распоредниците, поставени кај домот Господов.“

[10] Relatou mais o escrivão Safã ao rei, dizendo: O sacerdote Hilquias me entregou um livro. E Safã o leu diante do rei.

[10]Писарот Сафан му соопшти уште на царот и рече: „Една книга ми даде свештеникот Хелкија.“ И Сафан ја читаше пред царот.

Josias manda consultar a profetisa Hulda

2 Crônicas 34.19-28

Јошија ја прашува за совет пророчицата Хулда

(2 Лет 34,19-28)

[11] Tendo o rei ouvido as palavras do Livro da Lei, rasgou as suas vestes.

[11]Кога царот ги чу зборовите од книгата на законот, ја раскина облеката своја.

[12] Ordenou o rei a Hilquias, o sacerdote, a Aicão, filho de Safã, a Acbor, filho de Micaías, a Safã, o escrivão, e a Asaías, servo do rei, dizendo:

[12]Тогаш царот заповеда на свештеникот Хелкија, на Ахикам, Сафанов син, на Ахбор, син на Михаја, на писарот Сафан и на царскиот слуга Асаја, велејќи:

[13] Ide e consultai o SENHOR por mim, pelo povo e por todo o Judá, acerca das palavras deste livro que se achou; porque grande é o furor do SENHOR que se acendeu contra nós, porquanto nossos pais não deram ouvidos às palavras deste livro, para fazerem segundo tudo quanto de nós está escrito.

[13]„Одете, прашајте Го Господа за мене, за народот и за цела Јудеја во врска со зборовите на таа најдена книга, зашто голем е гневот Господов што се разгорел против нас, поради тоа што нашите татковци не ги послушаа зборовите на таа книга за да постапуваат според она што ни е заповедано во неа.“

[14] Então, o sacerdote Hilquias, Aicão, Acbor, Safã e Asaías foram ter com a profetisa Hulda, mulher de Salum, o guarda-roupa, filho de Ticva, filho de

[14]И отиде свештеникот Хелкија со Ахикам, Ахбор, Сафан и Асаја кај пророчицата Хулда, жена на одеждочуварот Селум, син на Тиква, Хархасов

Harás, e lhe falaram. Ela habitava na cidade baixa de Jerusalém.

15 Ela lhes disse: Assim diz o SENHOR, o Deus de Israel: Dizei ao homem que vos enviou a mim:

16 Assim diz o SENHOR: Eis que trarei males sobre este lugar e sobre os seus moradores, a saber, todas as palavras do livro que leu o rei de Judá.

17 Visto que me deixaram e queimaram incenso a outros deuses, para me provocarem à ira com todas as obras das suas mãos, o meu furor se acendeu contra este lugar e não se apagará.

18 Porém ao rei de Judá, que vos enviou a consultar o SENHOR, assim lhe direis: Assim diz o SENHOR, o Deus de Israel, acerca das palavras que ouviste:

19 Porquanto o teu coração se enterneceu, e te humilhaste perante o SENHOR, quando ouviste o que falei contra este lugar e contra os seus moradores, que seriam para assolação e para maldição, e rasgaste as tuas vestes, e choraste perante mim, também eu te ouvi, diz o SENHOR.

20 Pelo que, eis que eu te reunirei a teus pais, e tu serás recolhido em paz à tua sepultura, e os teus olhos não verão todo o mal que hei de trazer sobre este lugar. Então, levaram eles ao rei esta resposta.

2 Reis 23

Josias renova a aliança ante o Senhor
2 Crônicas 34.29-33

син – а таа живееше во Ерусалим, во вториот дел, – и зборуваа со неа.

15А таа им рече: „Вака вели Господ, Бог Израелов: ,кажете му на човекот што ве испрати кај Мене:

16вака вели Господ: ќе испратам зло во тоа место и врз жителите негови – како што е напишано во книгата што ја прочита јудејскиот цар.

17Поради тоа што Ме оставија и кадат на други богови за да Ме предизвикуваат со сите работи на рацете свои, се разгневи гневот Мој против тоа место, и нема да угасне.‘

18А на јудејскиот цар што ве испратил да Го прашате Господа, кажете му: – вака вели Господ, Бог Израелов, за зборовите што ги чу:

19,поради тоа што смекна срцето твое, и ти се смири пред Господ, откако го чу ова што Јас го изреков против тоа место и против жителите негови дека тие ќе бидат за ужас и проклетство, и ти ја раскина облеката своја и плачеше пред Мене, Јас те чув – вели Господ.

20Поради тоа, еве, Јас ќе те приберам кај татковците твои, и ќе бидеш ставен во гробницата своја во мир, и твоите очи нема да ги видат сите тие зла што ќе ги испратам во тоа место.‘“ И му донесоа на царот одговор.

2 Царевите 23

Јошија го обновува заветот со Бога
(2 Лет 34,29-32)

[1] Então, deu ordem o rei, e todos os anciãos de Judá e de Jerusalém se ajuntaram a ele.

[2] O rei subiu à Casa do SENHOR, e com ele todos os homens de Judá, todos os moradores de Jerusalém, os sacerdotes, os profetas e todo o povo, desde o menor até ao maior; e leu diante deles todas as palavras do Livro da Aliança que fora encontrado na Casa do SENHOR.

[3] O rei se pôs em pé junto à coluna e fez aliança ante o SENHOR, para o seguirem, guardarem os seus mandamentos, os seus testemunhos e os seus estatutos, de todo o coração e de toda a alma, cumprindo as palavras desta aliança, que estavam escritas naquele livro; e todo o povo anuiu a esta aliança.

A purificação do templo e do culto

2 Crônicas 34.3-7

[4] Então, o rei ordenou ao sumo sacerdote Hilquias, e aos sacerdotes da segunda ordem, e aos guardas da porta que tirassem do templo do SENHOR todos os utensílios que se tinham feito para Baal, e para o poste-ídolo, e para todo o exército dos céus, e os queimou fora de Jerusalém, nos campos de Cedrom, e levou as cinzas deles para Betel.

[5] Também destituiu os sacerdotes que os reis de Judá estabeleceram para incensarem sobre os altos nas cidades de Judá e ao redor de Jerusalém, como também os que incensavam a Baal, ao sol, e à lua, e aos mais planetas, e a todo o exército dos céus.

[1]Тогаш царот исprати, та се собраа кај него сите старешини на Јуда и на Ерусалим.

[2]И отиде царот во домот Господов, и со него сите Јудејци и сите ерусалимски жители, и свештениците, и пророците, и сиот народ, од мал до голем, и им ги прочита гласно сите зборови од книгата, што беше најдена во домот Господов.

[3]Потоа царот застана на високо место и пред лицето Господово се заветува дека ќе Го следи Господа и дека ќе ги чува заветите Негови, откровенијата Негови и наредбите Негови, од сè срце и душа и ќе ги исполнува зборовите на тој завет, напишани во таа книга, И сиот народ се заветува.

Обнова на верата во Јудеја

(2 Лет 34,3-5)

[24] São exaltados por breve tempo; depois, passam, colhidos como todos os mais; são cortados como as pontas das espigas.

[14]На разденување станува убиецот, убива сиромав и несреќен, а ноќе е крадец.

[15]И окото на прељубникот чека да се стемни, велејќи: ‚ничие око нема да види‘ и го покрива лицето свое.

[16]Во темнината се провираат под куќите, а дење се кријат затворени; не знаат тие за светлина.

[17]За нив најцрната ноќ е како јасно утро, толку се зближени тие со стравотиите на темнината.

[18]Лесен е таквиот на водната површина, проклет е делот негов на земјата, и не го гледа патот кон лозјата.

[19]Како што сушата и горештината ја голтаат снежната вода, така пеколот ги голта грешниците.

[20]Нека го заборави утробата мајчина; нека биде храна за црвите; нека не остане помен за него; како дрво ќе се скрши беззаконикот;

[21]оној кој угнетува бездетна, и на вдовица не ѝ прави добро.

[22]Но Бог со сила ги истерува насилниците; се појавува и тие немаат надеж за животот свој.

[23]Бог им дава во што да се надеваат, но Неговите очи ги гледаат нивните патишта.

[24]Се креваат високо, – и, ете, веќе ги нема; паѓаат и умираат, како и сите, и како врвовите на класовите се кршат.

[25] Se não é assim, quem me desmentirá e anulará as minhas razões?

Jó 25

Bildade nega que o homem possa justificar-se diante de Deus

[1] Então, respondeu Bildade, o suíta:

[2] A Deus pertence o domínio e o poder; ele faz reinar a paz nas alturas celestes.

[3] Acaso, têm número os seus exércitos? E sobre quem não se levanta a sua luz?

[4] Como, pois, seria justo o homem perante Deus, e como seria puro aquele que nasce de mulher?

[5] Eis que até a lua não tem brilho, e as estrelas não são puras aos olhos dele.

[6] Quanto menos o homem, que é gusano, e o filho do homem, que é verme!

Jó 26

Jó afirma a soberania de Deus

[1] Jó, porém, respondeu:

[2] Como sabes ajudar ao que não tem força e prestar socorro ao braço que não tem vigor!

[3] Como sabes aconselhar ao que não tem sabedoria e revelar plenitude de verdadeiro conhecimento!

[4] Com a ajuda de quem proferes tais palavras? E de quem é o espírito que fala em ti?

[5] A alma dos mortos treme debaixo das águas com seus habitantes.

[25]Ако тоа не е така, – кој ќе ме изобличи за лагата и кој ќе ги претвори во ништо зборовите мои?“

Јов 25

Говор на Вилдад: што е човекот пред Бога

[1]Проговори пак Вилдад од Шуах и рече:

[2]„Власт и страв има во Него; Тој создава мир во Своите височини!

[3]Имаат ли број Неговите војски? И врз кого не изгрева светлината Негова?

[4]И како може човекот да биде прав пред Бога? Како да биде чист родениот од жена?

[5]Ете, дури и месечината, и таа не е светла, и ѕвездите се нечисти пред очите Негови.

[6]А камоли човекот, кој е црв, и синот човечки, кој е молец.“

Јов 26

Одговор на Јов: каква жалосна помош ми нудиш!

[1]Одговори на тоа Јов и рече:

[2]„Како му помогна ти на слабиот, како ја поткрепи раката на немоќниот!

[3]Каков совет му даде ти на неразумниот и како ја покажа својата мудрост!

[4]Кому му ги кажуваше тие зборови? Чиј дух излегуваше од тебе?

Универзалната моќ на Бога

[5]Подлабоко од водите, и под оние што живеат во нив, трепераат мртовците.

[6] O além está desnudo perante ele, e não há coberta para o abismo.
[7] Ele estende o norte sobre o vazio e faz pairar a terra sobre o nada.
[8] Prende as águas em densas nuvens, e as nuvens não se rasgam debaixo delas.
[9] Encobre a face do seu trono e sobre ele estende a sua nuvem.

[10] Traçou um círculo à superfície das águas, até aos confins da luz e das trevas.

[11] As colunas do céu tremem e se espantam da sua ameaça.

[12] Com a sua força fende o mar e com o seu entendimento abate o adversário.

[13] Pelo seu sopro aclara os céus, a sua mão fere o dragão veloz.

[14] Eis que isto são apenas as orlas dos seus caminhos! Que leve sussurro temos ouvido dele! Mas o trovão do seu poder, quem o entenderá?

Jó 27

Jó descreve a sorte dos perversos

[1] Prosseguindo Jó em seu discurso, disse:

[2] Tão certo como vive Deus, que me tirou o direito, e o Todo-Poderoso, que amargurou a minha alma,
[3] enquanto em mim estiver a minha vida, e o sopro de Deus nos meus narizes,

[6]Светот на мртвите е откриен пред Него, и нема покривка над него.
[7]Го послал Тој северот над празнината, ја закачил земјата на ништо.
[8]Тој ги заклучува водите во облаците Свои, и облакот под нив не се отвора.
[9]Го поставил престолот Свој и го распнал над него Својот облак.
[10]Ставил круг над водната површина на границата меѓу светлината и темнината.
[11]Столбовите небески се тресат и трепeрат од силата Негова.
[12]Со силата Своја го бранува морето и со разумот Свој го поразува беснеењето негово.
[13]Со Својот Дух го разбистри небото; раката Негова ја прободе лукавата змија.
[14]Ете, тоа се делови од патиштата Негови; а колку малку сме слушале за Него! И кој може да го разбере громот на Неговата моќ?“

Јов 27

Одговор на Јов (продолжение): виновниот ќе Го повикува ли Бога?

[1]Го продолжи Јов својот возвишен збор и рече:
[2]„Жив е Бог, Кој ме лиши од суд, и Седржителот, Кој ја огорчи душата моја,
[3]зашто, додека уште здивот мој е во мене и духот Божји во ноздрите мои,

[4] nunca os meus lábios falarão injustiça, nem a minha língua pronunciará engano.

[5] Longe de mim que eu vos dê razão! Até que eu expire, nunca afastarei de mim a minha integridade.

[6] À minha justiça me apegarei e não a largarei; não me reprova a minha consciência por qualquer dia da minha vida.

[7] Seja como o perverso o meu inimigo, e o que se levantar contra mim, como o injusto.

[8] Porque qual será a esperança do ímpio, quando lhe for cortada a vida, quando Deus lhe arrancar a alma?

[9] Acaso, ouvirá Deus o seu clamor, em lhe sobrevindo a tribulação?

[10] Deleitar-se-á o perverso no Todo-Poderoso e invocará a Deus em todo o tempo?

[11] Ensinar-vos-ei o que encerra a mão de Deus e não vos ocultarei o que está com o Todo-Poderoso.

[12] Eis que todos vós já vistes isso; por que, pois, alimentais vãs noções?

[13] Eis qual será da parte de Deus a porção do perverso e a herança que os opressores receberão do Todo-Poderoso:

[14] Se os seus filhos se multiplicarem, será para a espada, e a sua prole não se fartará de pão.

[4]устата моја нема да проговори неправда и јазикот мој нема да искаже лага!

[5]Далеку е од мене мислата да ве признаам за справедливи; додека не умрам, нема да отстапам од својата непорочност.

[6]Цврсто ја држев правдата своја и нема да отстапам од неа; нема да ме прекори срцето мое во сите денови мои.

[7]Непријателот мој ќе биде како безбожник, и оној што станува против мене – како беззаконик.

[8]Зашто, каква надеж за лицемерниот, кога Бог ќе ја земе, кога ќе ја истргне душата негова?

[9]Ќе го чуе ли Бог викањето негово, кога ќе го снајде неволја?

[10]Ќе се утешува ли тој со Седржителот и ќе Го повикува ли Бога во секое време?

[11]Ќе ви кажам што има во раката Божја; нема да сокријам што има кај Седржителот.

[12]Ете, сите сами видовте; па зошто толку празни зборови кажувате?

Краткотраен успех

[13]Ете, тоа е делот од Бога за беззаконикот и наследство што насилниците го добиваат од Седржителот.

[14]Ако синовите негови се умножуваат, меч ги чека; потомците негови нема да се наситат со леб.

[15] Os que ficarem dela, a peste os enterrará, e as suas viúvas não chorarão.

[16] Se o perverso amontoar prata como pó e acumular vestes como barro,

[17] ele os acumulará, mas o justo é que os vestirá, e o inocente repartirá a prata.

[18] Ele edifica a sua casa como a da traça e como a choça que o vigia constrói.

[19] Rico se deita com a sua riqueza, abre os seus olhos e já não a vê.

[20] Pavores se apoderam dele como inundação, de noite a tempestade o arrebata.

[21] O vento oriental o leva, e ele se vai; varre-o com ímpeto do seu lugar.

[22] Deus lança isto sobre ele e não o poupa, a ele que procura fugir precipitadamente da sua mão;

[23] à sua queda lhe batem palmas, à saída o apupam com assobios.

[15]Оние што ќе останат по него, смртта ќе ги турне в гроб, а вдовиците нивни нема да плачат по нив.

[16]И да натрупа купишта сребро како прав и да приготви многу облека, како земјен нанос,

[17]тој ќе приготви, но ќе се облекува праведникот, а непорочниот ќе го добие среброто како свој дел.

[18]Си гради куќа како молец и како чувар си прави колиба;

[19]легнува да спие богат, и не станува таков; отвора очи, и не е повеќе тој.

[20]Ужаси како голема вода ќе го стигнат; ноќе ќе го грабне луња.

[21]Ќе го крене источниот ветар и виор ќе го понесе, и брзо ќе го однесе од местото негово.

[22]Бог ќе го допушти тоа врз него и нема да го пожали, колку и да се труди да избега од рацете Негови.

[23]Ќе заплескаат со рацете по него и ќе му потсвирнат од местото негово!“

Jó 28

O homem apropria-se das riquezas da terra

[1] Na verdade, a prata tem suas minas, e o ouro, que se refina, o seu lugar.

[2] O ferro tira-se da terra, e da pedra se funde o cobre.

[3] Os homens põem termo à escuridão e até aos últimos confins procuram as pedras ocultas nas trevas e na densa escuridade.

Јов 28

Тајната на мудроста

[1]„И така, среброто си има свои наоѓалишта, и златото – место, каде што го пречистуваат.

[2]Железото се добива од земјата; од камен се претопува бакар.

[3]Човекот ги определува границите на темнината и до крајни длабочини бара камен во мракот и во смртната сенка.

[4] Abrem entrada para minas longe da habitação dos homens, esquecidos dos transeuntes; e, assim, longe deles, dependurados, oscilam de um lado para outro.

[4]Ископуваат рудокопен извор во места недостапни за нога, нишајќи се, висат далеку од луѓето.

[5] Da terra procede o pão, mas embaixo é revolvida como por fogo.

[5]Од земјата никнува жито, а под неа сè е испревртено, како оган.

[6] Nas suas pedras se encontra safira, e há pó que contém ouro.

[6]Во камењата нејзини има место за сафир, во нив има и златни зрнца.

[7] Essa vereda, a ave de rapina a ignora, e jamais a viram os olhos do falcão.

[7]Патеката за таму граблива птица не ја знае, јастребовото око не ја видело;

[8] Nunca a pisaram feras majestosas, nem o leãozinho passou por ela.

[8]диви животни не ја газеле, и не одел по неа лав.

[9] Estende o homem a mão contra o rochedo e revolve os montes desde as suas raízes.

[9]На гранит ја става човек раката своја, од дното превртува планини;

[10] Abre canais nas pedras, e os seus olhos vêem tudo o que há de mais precioso.

[10]во карпи прокопува канали, и окото негово забележува сè што е скапоцено;

[11] Tapa os veios de água, e nem uma gota sai deles, e traz à luz o que estava escondido.

[11]го запира текот на реките и сокриеното го вади на видело.

A verdadeira sabedoria é dom de Deus

[12] Mas onde se achará a sabedoria? E onde está o lugar do entendimento?

[12]Но каде се наоѓа мудроста, и каде е местото на разумот?

[13] O homem não conhece o valor dela, nem se acha ela na terra dos viventes.

[13]Не ја знае човекот цената нејзина, ниту се наоѓа во земјата на живите.

[14] O abismo diz: Ela não está em mim; e o mar diz: Não está comigo.

[14]Бездната вели: не е во мене таа; и морето вели: не е кај мене.

[15] Não se dá por ela ouro fino, nem se pesa prata em câmbio dela.

[15]Таа не се дава за злато и не се добива за измерено сребро;

[16] O seu valor não se pode avaliar pelo ouro de Ofir, nem pelo precioso ônix, nem pela safira.

[16]таа не се оценува со офирско злато, ниту со скапоцен оникс, ниту со сафир;

[17] O ouro não se iguala a ela, nem o cristal; ela não se trocará por jóia de ouro fino;

[17]не се споредува со неа злато и кристал; нема да ја размениш со садови од чисто злато.

18 ela faz esquecer o coral e o cristal; a aquisição da sabedoria é melhor que a das pérolas.

19 Não se lhe igualará o topázio da Etiópia, nem se pode avaliar por ouro puro.

20 Donde, pois, vem a sabedoria, e onde está o lugar do entendimento?

21 Está encoberta aos olhos de todo vivente e oculta às aves do céu.

22 O abismo e a morte dizem: Ouvimos com os nossos ouvidos a sua fama.

23 Deus lhe entende o caminho, e ele é quem sabe o seu lugar.

24 Porque ele perscruta até as extremidades da terra, vê tudo o que há debaixo dos céus.

25 Quando regulou o peso do vento e fixou a medida das águas;

26 quando determinou leis para a chuva e caminho para o relâmpago dos trovões,

27 então, viu ele a sabedoria e a manifestou; estabeleceu-a e também a esquadrinhou.

28 E disse ao homem: Eis que o temor do SENHOR é a sabedoria, e o apartar-se do mal é o entendimento.

Jó 29

Jó lembra-se do seu primeiro estado feliz

1 Prosseguiu Jó no seu discurso e disse:

2 Ah! Quem me dera ser como fui nos meses passados, como nos dias em que Deus me guardava!

18А за корал и бисер нема што ни да се спомнува, зашто здобивање со мудрост чини повеќе од скапоцен камен.

19Со неа не се изедначува етиопскиот топаз; со чисто злато таа не се оценува.

20Од каде, всушност, излегува мудроста? Каде е местото на разумот?

21Сокриена е таа од очите на сè што е живо и притаена е од птиците небески.

22Пеколот и смртта велат: ‚со ушите свои го чувме зборувањето за неа‘.

23Бог го знае патот нејзин; Тој го познава местото нејзино.

24Зашто Тој гледа до крајот на земјата и гледа под целото небо.

25Кога Тој му даваше на ветерот мерка и ја наместуваше водата по мера,

26кога му даваше наредби на дождот и пат на громоносната молња,

27уште тогаш Тој ја виде и ја опиша, ја забележа и уште ја испита.

28А на човекот му рече: ‚Ете, стравот Господов е вистинска мудрост, а одбегнувањето од зло е разумот.‘“

Јов 29

Последен говор на Јов: ах, убавите некогашни денови!

1Го продолжи Јов својот возвишен збор и рече:

2„О, да бев како во поранешните месеци, како во оние денови, кога Бог ме чуваше,

[3] Quando fazia resplandecer a sua lâmpada sobre a minha cabeça, quando eu, guiado por sua luz, caminhava pelas trevas;

[3]кога светилото Негово светеше над главата моја, и под Неговата светлина одев среде темнина;

[4] como fui nos dias do meu vigor, quando a amizade de Deus estava sobre a minha tenda;

[4]како што бев во деновите на своите млади години, кога милоста Божја беше над шаторот мој,

[5] quando o Todo-Poderoso ainda estava comigo, e os meus filhos, em redor de mim;

[5]кога Седржителот уште беше со мене, и децата мои околу мене,

[6] quando eu lavava os pés em leite, e da rocha me corriam ribeiros de azeite.

[6]кога нозете мои се бањаа во млеко, кога од карпата за мене маслиново масло течеше,

[7] Quando eu saía para a porta da cidade, e na praça me era dado sentar-me,

[7]кога излегував пред градските порти и го поставував седиштето мое на плоштадот, –

[8] os moços me viam e se retiravam; os idosos se levantavam e se punham em pé;

[8]младите пат ми правеа, а старците стануваа и стоеја;

[9] os príncipes reprimiam as suas palavras e punham a mão sobre a boca;

[9]кнезовите ги прекинуваа говорите свои и ставаа рака на устата своја;

[10] a voz dos nobres emudecia, e a sua língua se apegava ao paladar.

[10]гласот на првенците замолкнуваше, јазикот им се залепуваше за непцата нивни.

[11] Ouvindo-me algum ouvido, esse me chamava feliz; vendo-me algum olho, dava testemunho de mim;

[11]Уво што ќе ме чуеше, велеше: блазе си ти; око што ќе ме видеше, ме восфалуваше,

[12] porque eu livrava os pobres que clamavam e também o órfão que não tinha quem o socorresse.

[12]зашто јас го спасував страдалникот што викаше и беспомошниот сирак.

[13] A bênção do que estava a perecer vinha sobre mim, e eu fazia rejubilar-se o coração da viúva.

[13]Врз мене доаѓаше благословот на оној што пропаѓаше; на вдовичиното срце му донесував радост.

[14] Eu me cobria de justiça, e esta me servia de veste; como manto e turbante era a minha eqüidade.

[14]Се облекував во правда, и судот ми беше како наметка и венец.

[15] Eu me fazia de olhos para o cego e de pés para o coxo.

[16] Dos necessitados era pai e até as causas dos desconhecidos eu examinava.

[17] Eu quebrava os queixos do iníquo e dos seus dentes lhe fazia eu cair a vítima.

[18] Eu dizia: no meu ninho expirarei, multiplicarei os meus dias como a areia.

[19] A minha raiz se estenderá até às águas, e o orvalho ficará durante a noite sobre os meus ramos;

[20] a minha honra se renovará em mim, e o meu arco se reforçará na minha mão.

[21] Os que me ouviam esperavam o meu conselho e guardavam silêncio para ouvi-lo.

[22] Havendo eu falado, não replicavam; as minhas palavras caíam sobre eles como orvalho.

[23] Esperavam-me como à chuva, abriam a boca como à chuva de primavera.

[24] Sorria-me para eles quando não tinham confiança; e a luz do meu rosto não desprezavam.

[25] Eu lhes escolhia o caminho, assentava-me como chefe e habitava como rei entre as suas tropas, como quem consola os que pranteiam.

Jó 30

Jó lamenta a miséria em que caiu

[1] Mas agora se riem de mim os de menos idade do que eu, e cujos pais eu teria

[15]Јас бев очи на слепиот и нозе на хромиот;

[16]за сиромасите бев татко и внимателно ја проучував поплаката, која не ја знаев.

[17]На беззаконикот му ги кршев забите, и од забите му го истргнував украденото.

[18]Па си велев: ‚Ќе свршам во гнездото свое, и дните мои ќе бидат многу – како песокот.'

[19]Коренот мој беше покрај вода, росата ноќеваше на гранките мои;

[20]славата моја се подмладуваше, и лакот мој станувaше појак во раката моја.

[21]Ме слушаа и чекаа; и не мрмореа на советот мој.

[22]По моите зборови веќе не расудуваа; зборот мој ги натопуваше нив.

[23]Ме очекуваа како дожд; ја отвораа устата како за задоцнет дожд.

[24]Се случуваше, ќе им се насмевнев, – тие не веруваа; и светлината на лицето мое не ја замрачуваа.

[25]Кога одев кај нив, седев на чело; и живеев како цар меѓу војници, како утешител на оние што плачат."

Јов 30

Последен говор на Јов (продолжение)

[1]„А сега ми се потсмевнуваат помладите од мене, оние, чии татковци

desdenhado de pôr ao lado dos cães do meu rebanho.

2 De que também me serviria a força das suas mãos, homens cujo vigor já pereceu?

3 De míngua e fome se debilitaram; roem os lugares secos, desde muito em ruínas e desolados.

4 Apanham malvas e folhas dos arbustos e se sustentam de raízes de zimbro.

5 Do meio dos homens são expulsos; grita-se contra eles, como se grita atrás de um ladrão;

6 habitam nos desfiladeiros sombrios, nas cavernas da terra e das rochas.

7 Bramam entre os arbustos e se ajuntam debaixo dos espinheiros.

8 São filhos de doidos, raça infame, e da terra são escorraçados.

9 Mas agora sou a sua canção de motejo e lhes sirvo de provérbio.

10 Abominam-me, fogem para longe de mim e não se abstêm de me cuspir no rosto.

11 Porque Deus afrouxou a corda do meu arco e me oprimiu; pelo que sacudiram de si o freio perante o meu rosto.

12 À direita se levanta uma súcia, e me empurra, e contra mim prepara o seu caminho de destruição.

13 Arruínam a minha vereda, promovem a minha calamidade; gente para quem já não há socorro.

14 Vêm contra mim como por uma grande brecha e se revolvem avante entre as ruínas.

не би се согласил да ги ставам со кучињата на стадата свои.

2И за што ми е силата на нивните раце? Над нив помина веќе времето.

3Истоштени од сиромаштија и глад, тие бегаа во рамнина безводна, темна и запустена;

4собираа посолени лисја од грмушка и смрекови корења им беа храна.

5Ги гонеа луѓето и викаа по нив како по крадци.

6Живееја во поточни долови, земни дупки и пештери.

7Викаа меѓу грмушките, се вовираа под трњето.

8Луѓе отфрлени, луѓе безимени; со стап протерани од земјата.

9Ете, ним им станав јас сега потсмев и приказ за разговорот нивни.

10Тие се гадат од мене, ме одбегнуваат и не се воздржуваат дури и да плукаат на мене.

11Затоа што Бог ми го олабави лакот и ме кутна на земја, тие немаат никаква воздржаност во мое присуство.

12Оддесно се крева тој изрод, ме повалија и кон мене ги насочија патиштата свои погубни.

13А мојот пат го разрушија: сè направија за мојата погибел, без ничија помош.

14Доаѓаат кај мене како низ широк пролом; шумно се нафрлуваат врз мене.

[15] Sobrevieram-me pavores, como pelo vento é varrida a minha honra; como nuvem passou a minha felicidade.

[16] Agora, dentro de mim se me derrama a alma; os dias da aflição se apoderaram de mim.

[17] A noite me verruma os ossos e os desloca, e não descansa o mal que me rói.

[18] Pela grande violência do meu mal está desfigurada a minha veste, mal que me cinge como a gola da minha túnica.

[19] Deus, tu me lançaste na lama, e me tornei semelhante ao pó e à cinza.

[20] Clamo a ti, e não me respondes; estou em pé, mas apenas olhas para mim.

[21] Tu foste cruel comigo; com a força da tua mão tu me combates.

[22] Levantas-me sobre o vento e me fazes cavalgá-lo; dissolves-me no estrondo da tempestade.

[23] Pois eu sei que me levarás à morte e à casa destinada a todo vivente.

[24] De um montão de ruínas não estenderá o homem a mão e na sua desventura não levantará um grito por socorro?

[25] Acaso, não chorei sobre aquele que atravessava dias difíceis ou não se angustiou a minha alma pelo necessitado?

[26] Aguardava eu o bem, e eis que me veio o mal; esperava a luz, veio-me a escuridão.

[27] O meu íntimo se agita sem cessar; e dias de aflição me sobrevêm.

[28] Ando de luto, sem a luz do sol; levanto-me na congregação e clamo por socorro.

[15]Ужаси ме сполетаа; како ветар се расеа моето величие, и доброто мое одмина како облак.

[16]Сега душата ми се топи во мене; мачни денови ме налегнаа.

[17]Ноќе ме вртат коските мои, жилите ми немаат мир.

[18]Со голема мака се соблекува од мене облеката моја; јаката на мојот хитон ме задавува.

[19]Тој ме фрли во калта; станав како прав и пепел.

[20]Викам кон Тебе, и Ти не ме слушаш, – стојам, а Ти само ме гледаш.

[21]Ти стана жесток спрема мене, со силна рака ме поразуваш.

[22]Ти ме крена и ме натера да се носам по ветар и ме сотираш.

[23]Знам дека Ти ќе ме дотераш до смрт, во домот каде што се собираат сите живи.

[24]Зарем не подава рака оној што се дави? Не бара ли помош човек во несреќа?

[25]Зар не сум плачел за оној што беше во зло, не тажеше ли душата моја за бедните?

[26]Додека го чекав доброто, дојде злото; дури чекав светлина, дојде темнина.

[27]Утробата моја врие без престан и не се смирува; мачни денови ми наидоа.

[28]Одам поцрнет, но не од сонце; станувам во собранието и викам.

[29] Sou irmão dos chacais e companheiro de avestruzes.
[30] Enegrecida se me cai a pele, e os meus ossos queimam em febre.
[31] Por isso, a minha harpa se me tornou em prantos de luto, e a minha flauta, em voz dos que choram.

[29]Станав брат на чакалите и пријател на ноевите.
[30]Кожата ми поцрне на мене, а коските ми се исушија од горештина.
[31]И гуслата ми стана таговна, и свирката моја – глас плачевен.“

Jó 31

Jó declara sua integridade

[1] Fiz aliança com meus olhos; como, pois, os fixaria eu numa donzela?
[2] Que porção, pois, teria eu do Deus lá de cima e que herança, do Todo-Poderoso desde as alturas?
[3] Acaso, não é a perdição para o iníquo, e o infortúnio, para os que praticam a maldade?
[4] Ou não vê Deus os meus caminhos e não conta todos os meus passos?
[5] Se andei com falsidade, e se o meu pé se apressou para o engano
[6] (pese-me Deus em balanças fiéis e conhecerá a minha integridade);
[7] se os meus passos se desviaram do caminho, e se o meu coração segue os meus olhos, e se às minhas mãos se apegou qualquer mancha,
[8] então, semeie eu, e outro coma, e sejam arrancados os renovos do meu campo.
[9] Se o meu coração se deixou seduzir por causa de mulher, se andei à espreita à porta do meu próximo,

Јов 31

Крај на Јововиот говор: тврди дека не е виновен ниту пред Бога, ниту пред луѓето

[1]„Завет направив со очите свои за да не погледнам на девица.
[2]Но каков дел би имал од Бога одозгора? И какво наследство ми испратил Седржителот од небесата?
[3]Нели е за нечесниот погибелта? Нели е за злочинецот злото?
[4]Не ги виде ли Тој патиштата мои и не ги брои ли сите мои чекори?
[5]Ако одев во суета, и ако ногата моја брзаше кон лукавство;
[6]нека ме измерат со мерката на правдата, и Бог ќе ја дознае мојата непорочност.
[7]Ако стапките мои се отстранувале од патот, ако срцето мое ги следело очите мои, и ако нешто нечисто се залепило за рацете мои,
[8]јас нека сејам, а друг да јаде, и потомците мои искоренети да бидат.
[9]Ако срцето мое се занесувало од жена и ако сум демнел крај вратата на ближниот свој;

[10] então, moa minha mulher para outro, e outros se encurvem sobre ela.
[11] Pois seria isso um crime hediondo, delito à punição de juízes;
[12] pois seria fogo que consome até à destruição e desarraigaria toda a minha renda.
[13] Se desprezei o direito do meu servo ou da minha serva, quando eles contendiam comigo,
[14] então, que faria eu quando Deus se levantasse? E, inquirindo ele a causa, que lhe responderia eu?
[15] Aquele que me formou no ventre materno não os fez também a eles? Ou não é o mesmo que nos formou na madre?
[16] Se retive o que os pobres desejavam ou fiz desfalecer os olhos da viúva;
[17] ou, se sozinho comi o meu bocado, e o órfão dele não participou
[18] (Porque desde a minha mocidade cresceu comigo como se eu lhe fora o pai, e desde o ventre da minha mãe fui o guia da viúva.);
[19] se a alguém vi perecer por falta de roupa e ao necessitado, por não ter coberta;
[20] se os seus lombos não me abençoaram, se ele não se aquentava com a lã dos meus cordeiros;
[21] se eu levantei a mão contra o órfão, por me ver apoiado pelos juízes da porta,

[10]жената моја нека му меле на друг, и со друг нека ја дели постелата своја,
[11]зашто тоа е престап, тоа е беззаконие, кое подлежи на суд;
[12]тоа е оган што гори до истребување што би го уништил целиот мој имот.
[13]Ако не водев грижа за правата на слугата и на слугинката, кога имаа спор со мене,
[14]што ќе правев, ако се кренеше Бог? И ако ме испитуваше, што ќе можев да Му одговорам?
[15]Нели Тој, Кој ме создал мене во утробата, го создал и него и еднакво нè обликувал во утробата?
[16]Сум ја одбил ли молбата на оној што имал потреба, и сум ги просолзувал ли очите на вдовица?
[17]Сам ли го јадев залакот свој, и не јадеше ли и сиракот од него?
[18]Зашто од детството растел тој со мене како со татко, и секогаш сум му помагал на сиромашниот.
[19]Ако видев некој дека загинува без облека и сиромав без покрив, –
[20]бедрата негови нели ме благословуваа и тој нели беше стоплен со волната од овците мои?
[21]Ако сум кренал рака врз сирак, кога ќе видев дека имам потпора пред портите,

[22] então, caia a omoplata do meu ombro, e seja arrancado o meu braço da articulação.

[22]рамото мое нека се оддели од грбот и раката моја нека се откине од лактот,

[23] Porque o castigo de Deus seria para mim um assombro, e eu não poderia enfrentar a sua majestade.

[23]зашто казната од Бога е страшна за мене: пред Неговото величие јас не би можел да опстанам.

[24] Se no ouro pus a minha esperança ou disse ao ouro fino: em ti confio;

[24]Сум го земал ли златото за моја потпора и сум велел ли на ризницата: ‚ти си моја надеж?‘

[25] se me alegrei por serem grandes os meus bens e por ter a minha mão alcançado muito;

[25]Сум се радувал ли дека богатството ми беше големо и дека раката моја спечалила многу?

[26] se olhei para o sol, quando resplandecia, ou para a lua, que caminhava esplendente,

[26]Гледајќи го сонцето како свети и месечината како величествено оди,

[27] e o meu coração se deixou enganar em oculto, e beijos lhes atirei com a mão,

[27]се занесував ли во длабочините на срцето свое и ја бакнував ли со уста раката своја?

[28] também isto seria delito à punição de juízes; pois assim negaria eu ao Deus lá de cima.

[28]Тоа ќе беше исто така престап за суд, зашто тогаш би се откажал од Бога Севишниот.

[29] Se me alegrei da desgraça do que me tem ódio e se exultei quando o mal o atingiu

[29]Се радував ли за неволјата на непријателот мој и се веселев ли кога го снаоѓаше зло?

[30] (Também não deixei pecar a minha boca, pedindo com imprecações a sua morte.);

[30]Не ѝ дозволував на устата моја да греши со проколнување на душата негова.

[31] se a gente da minha tenda não disse: Ah! Quem haverá aí que não se saciou de carne provida por ele

[31]Не велеа ли луѓето од мојот шатор: ‚О, кој не се наситувал од неговите месни гозби?‘

[32] (O estrangeiro não pernoitava na rua; as minhas portas abria ao viandante.)!

[32]Туѓинец не ноќеваше на улица; вратата своја ја отворав на патникот.

[33] Se, como Adão, encobri as minhas transgressões, ocultando o meu delito no meu seio;

[33]Да ги криев грешките свои како многу луѓе и да ги таев во градите своите престапи,

34 porque eu temia a grande multidão, e o desprezo das famílias me apavorava, de sorte que me calei e não saí da porta.

35 Tomara eu tivesse quem me ouvisse! Eis aqui a minha defesa assinada! Que o Todo-Poderoso me responda! Que o meu adversário escreva a sua acusação!

36 Por certo que a levaria sobre o meu ombro, atá-la-ia sobre mim como coroa;

37 mostrar-lhe-ia o número dos meus passos; como príncipe me chegaria a ele.

38 Se a minha terra clamar contra mim, e se os seus sulcos juntamente chorarem;

39 se comi os seus frutos sem tê-la pago devidamente e causei a morte aos seus donos,

40 por trigo me produza cardos, e por cevada, joio. Fim das palavras de Jó.

Jó 32

Eliú irado contra Jó e seus três amigos

1 Cessaram aqueles três homens de responder a Jó no tocante ao se ter ele por justo aos seus próprios olhos.

2 Então, se acendeu a ira de Eliú, filho de Baraquel, o buzita, da família de Rão; acendeu-se a sua ira contra Jó, porque este pretendia ser mais justo do que Deus.

34ќе се плашев од големото мноштво, и од сонародниците свои ќе имав страв, па затоа ќе молчев и не ќе излегував надвор од вратата своја.

35О, да имаше кој да ме ислуша! Еве ја мојата желба: Седржителот да ми одговори, а заштитникот мој да состави запис за тоа;

36ќе го носев на рамениците мои и ќе се украсував со него како со венец;

37ќе му го соопштев бројот на чекорите свои, ќе се приближев до него како кнез.

38Ако нивите мои викаа против мене, ако браздите нивни се поплакуваа од мене,

39ако сум им ги јадел плодовите нивни бесплатно и сум ја измачувал душата на земјоделците,

40тогаш место жито нека расте трње и место јачмен – какол.“ Зборовите Јовови свршија.

Јов 32

Говор на Елијуј

Елијуј објаснува зошто го прекинува молчењето

1Кога тие тројца мажи престанаа да му одговараат на Јов, бидејќи се сметаше за невин,

2се разгори гневот на Елијуј, син Варахиилов, од Буз, од Рамовиот род; се разгоре гневот негов против Јов, поради тоа што тој се правеше поправеден од Бога;

[3] Também a sua ira se acendeu contra os três amigos, porque, mesmo não achando eles o que responder, condenavam a Jó.

[3]а против тројцата негови пријатели се разгоре гневот негов затоа што тие не знаеја што да одговорат, а пак го обвинуваа Јов.

[4] Eliú, porém, esperara para falar a Jó, pois eram de mais idade do que ele.

[4]Елијуј чекаше додека тие говореа со Јов, зашто по години беа постари од него.

[5] Vendo Eliú que já não havia resposta na boca daqueles três homens, a sua ira se acendeu.

[5]А кога Елијуј виде дека нема одговор во устата на тројцата мажи, гневот негов се разгоре.

Eliú vinga o seu direito de responder a Jó

[6] Disse Eliú, filho de Baraquel, o buzita: Eu sou de menos idade, e vós sois idosos; arreceei-me e temi de vos declarar a minha opinião.

[6]И одговори Елијуј, син Варахиилов, од Буз, и рече: „Јас сум млад по години, а вие сте старци; затоа јас се плашев и не се осмелував да ви го кажам моето мислење.

[7] Dizia eu: Falem os dias, e a multidão dos anos ensine a sabedoria.

[7]Јас си велев: нека говорат дните и многулетието нека поучува во мудрост.

[8] Na verdade, há um espírito no homem, e o sopro do Todo-Poderoso o faz sábio.

[8]Но има дух во човекот, и духот на Седржителот го вразумува.

[9] Os de mais idade não é que são os sábios, nem os velhos, os que entendem o que é reto.

[9]Не само многулетните се мудри, ниту само старците знаат што е право.

[10] Pelo que digo: dai-me ouvidos, e também eu declararei a minha opinião.

[10]Затоа велам: ислушајте ме, ќе ви го кажам и јас моето мислење.

[11] Eis que aguardei as vossas palavras e dei ouvidos às vossas considerações, enquanto, quem sabe, buscáveis o que dizer.

[11]Ете, чекав вие да се искажете, го слушав вашето расудување, додека вие говоревте.

[12] Atentando, pois, para vós outros, eis que nenhum de vós houve que refutasse a Jó, nem que respondesse às suas razões.

[12]Внимателно ве следев, и никој од вас не го изобличи Јов и не одговори на зборовите негови.

[13] Não vos desculpeis, pois, dizendo: Achamos sabedoria nele; Deus pode vencê-lo, e não o homem.

[13]Немојте да речете: ,ние наидовме на мудрост: Бог ќе го убеди, а човекот не може.‘

[14] Ora, ele não me dirigiu palavra alguma, nem eu lhe retorquirei com as vossas palavras.
[15] Jó, os três estão pasmados, já não respondem, faltam-lhes as palavras.
[16] Acaso, devo esperar, pois não falam, estão parados e nada mais respondem?
[17] Também eu concorrerei com a minha resposta; declararei a minha opinião.
[18] Porque tenho muito que falar, e o meu espírito me constrange.
[19] Eis que dentro de mim sou como o vinho, sem respiradouro, como odres novos, prestes a arrebentar-se.
[20] Permiti, pois, que eu fale para desafogar-me; abrirei os lábios e responderei.
[21] Não farei acepção de pessoas, nem usarei de lisonjas com o homem.
[22] Porque não sei lisonjear; em caso contrário, em breve me levaria o meu Criador.

Jó 33

Eliú repreende a Jó

[1] Ouve, pois, Jó, as minhas razões e dá ouvidos a todas as minhas palavras.
[2] Passo agora a falar, em minha boca fala a língua.
[3] As minhas razões provam a sinceridade do meu coração, e os meus lábios proferem o puro saber.
[4] O Espírito de Deus me fez, e o sopro do Todo-Poderoso me dá vida.

[14]Ако тој ги упатуваше зборовите свои кон мене, јас ќе му одговорев не со вашите зборови.
[15]Се исплашија, повеќе не говорат; не знаат што да кажат.
[16]Чекав, а тие пак не говореа, престанаа и повеќе не зборуваа.
[17]Јас ќе говорам за сè, ќе го кажам мислењето свое.
[18]Затоа што сум полн со зборови, и духот ме притиска однатре.
[19]Ете, утробата моја е како затворено вино: готова е да прсне како нови мевови.
[20]Ќе позборувам, за да ми се олесни; ќе си ја отворам устата и ќе одговорам.
[21]Нема да гледам кој е кој и на никого нема да му ласкам,
[22]зашто не умеам да ласкам: за миг Создателот мој би ме зел.“

Јов 33

Аргументот на Елијуј: Бог го опоменува човекот

[1]„И така, слушај ги Јове, зборовите мои и внимавај на сè што ќе ти кажам.
[2]Еве, ја отворам устата своја, јазикот ми говори под непцето мое.
[3]Зборовите мои се искрени од срцето мое, и устата моја ќе искаже чиста вистина.
[4]Духот Божји ме создал, и здивот на Седржителот ми дал живот.

[5] Se podes, contesta-me, dispõe bem as tuas razões perante mim e apresenta-te.
[6] Eis que diante de Deus sou como tu és; também eu sou formado do barro.

[7] Por isso, não te inspiro terror, nem será pesada sobre ti a minha mão.

[8] Na verdade, falaste perante mim, e eu ouvi o som das tuas palavras:
[9] Estou limpo, sem transgressão; puro sou e não tenho iniqüidade.
[10] Eis que Deus procura pretextos contra mim e me considera como seu inimigo.
[11] Põe no tronco os meus pés e observa todas as minhas veredas.

[12] Nisto não tens razão, eu te respondo; porque Deus é maior do que o homem.

[13] Por que contendes com ele, afirmando que não te dá contas de nenhum dos seus atos?
[14] Pelo contrário, Deus fala de um modo, sim, de dois modos, mas o homem não atenta para isso.
[15] Em sonho ou em visão de noite, quando cai sono profundo sobre os homens, quando adormecem na cama,
[16] então, lhes abre os ouvidos e lhes sela a sua instrução,
[17] para apartar o homem do seu desígnio e livrá-lo da soberba;

[18] para guardar a sua alma da cova e a sua vida de passar pela espada.

[5]Ако можеш, одговори ми и застани спроти мене.
[6]Еве ме мене, според твојата желба, место Бога. И јас сум направен од кал;
[7]поради тоа стравот пред мене не може да те збуни, и раката моја нема да биде тешка за тебе.
[8]Ти зборуваше пред мене, и јас го чув гласот на твоите зборови:
[9],Чист сум, без порок, невин сум; во мене нема неправда;
[10]А Тој најде обвинение против мене и ме смета за Свој противник;
[11]нозете ми ги стави во окови, ги надгледува сите мои патишта.‘
[12]Ете, во тоа ти не си прав, ти одговарам; човекот со Бога не може да се мери.

[13]Зошто ти е да се бориш против Него? Тој не дава сметка за Своите дела.

[14]Бог говори еднаш на еден начин а потоа на друг, но луѓето не внимаваат:

[15]на сон, во ноќно видение, кога сонот ги соборува луѓето, во време, кога спијат на своето легло,
[16]тогаш Тој му го отвора на човекот увото и го запечатува Своето кажување,
[17]за да го одвлече човекот од лошо дело, и да ја отстрани гордоста од него,
[18]за да ја запази душата негова од бездна, и животот негов од пораз со меч.

[19] Também no seu leito é castigado com dores, com incessante contenda nos seus ossos;

[20] de modo que a sua vida abomina o pão, e a sua alma, a comida apetecível.

[21] A sua carne, que se via, agora desaparece, e os seus ossos, que não se viam, agora se descobrem.

[22] A sua alma se vai chegando à cova, e a sua vida, aos portadores da morte.

[23] Se com ele houver um anjo intercessor, um dos milhares, para declarar ao homem o que lhe convém,

[24] então, Deus terá misericórdia dele e dirá ao anjo: Redime-o, para que não desça à cova; achei resgate.

[25] Sua carne se robustecerá com o vigor da sua infância, e ele tornará aos dias da sua juventude.

[26] Deveras orará a Deus, que lhe será propício; ele, com júbilo, verá a face de Deus, e este lhe restituirá a sua justiça.

[27] Cantará diante dos homens e dirá: Pequei, perverti o direito e não fui punido segundo merecia.

[28] Deus redimiu a minha alma de ir para a cova; e a minha vida verá a luz.

[29] Eis que tudo isto é obra de Deus, duas e três vezes para com o homem,

[30] para reconduzir da cova a sua alma e o alumiar com a luz dos viventes.

[19]Или, пак, го вразумува со болест на постелата негова, и со лута болка во сите коски негови;

[20]така што животот негов да се гади од лебот, душата негова – од омилената храна.

[21]Месото негово исчезнува; коските негови, кои пред тоа не се гледале, се подаваат.

[22]Душата негова се приближува кон гробот, а животот негов – до смртта.

[23]Ако има кај него ангел, еден од илјада, за да му го покажува правиот пат, –

[24]Бог би се смилувал над него и би рекол: ‚Ослободи го од гробот; Јас најдов откуп.‘

[25]Тогаш телото негово ќе се подмлади повеќе, отколку во млади години; и тој ќе се врати во дните на младите свои години.

[26]Ќе Му се моли на Бога, и Тој ќе биде милостив спрема него; со радост ќе го погледнува лицето негово и ќе му ја враќа праведноста негова.

[27]Тој ќе ги гледа луѓето и ќе вели: сум грешел и сум ја искривувал правдата, и не ми е вратено со зло;

[28]Тој ја ослободи душата моја од гроб; животот мој гледа светлина.

[29]Ете, сето тоа Бог му го прави два до трипати на човекот,

[30]за да ја изведе душата негова од безднатa и да го просвети со светлината на живите.

[31] Escuta, pois, ó Jó, ouve-me; cala-te, e eu falarei.

[32] Se tens alguma coisa que dizer, responde-me; fala, porque desejo justificar-te.

[33] Se não, escuta-me; cala-te, e ensinar-te-ei a sabedoria.

Jó 34

Eliú justifica a Deus

[1] Disse mais Eliú:

[2] Ouvi, ó sábios, as minhas razões; vós, instruídos, inclinai os ouvidos para mim.

[3] Porque o ouvido prova as palavras, como o paladar, a comida.

[4] O que é direito escolhamos para nós; conheçamos entre nós o que é bom.

[5] Porque Jó disse: Sou justo, e Deus tirou o meu direito.

[6] Apesar do meu direito, sou tido por mentiroso; a minha ferida é incurável, sem que haja pecado em mim.

[7] Que homem há como Jó, que bebe a zombaria como água?

[8] E anda em companhia dos que praticam a iniqüidade e caminha com homens perversos?

[9] Pois disse: De nada aproveita ao homem o comprazer-se em Deus.

[10] Pelo que vós, homens sensatos, escutai-me: longe de Deus o praticar ele a perversidade, e do Todo-Poderoso o cometer injustiça.

[31]Внимавај, Јове, слушај ме, молчи, јас ќе зборувам.

[32]Ако имаш нешто да кажеш, одговарај; зборувај, зашто јас го посакувам твоето оправдување;

[33]ако, пак не, тогаш слушај ме: молчи и јас ќе те научам на мудрост.“

Јов 34

Елијуј го обвинува Јов

[1]Продолжи Елијуј и рече:

[2]„Ислушајте го, мудри, зборот мој, и приклонете го увото кон мене, разумни!

[3]Зашто увото ги разбира зборовите, како што непцето го разликува вкусот на храната.

[4]Да расудиме меѓу себеси што е право и да познаеме што е добро.

[5]Ете, Јов рече: ‚јас сум прав, но Бог ја отфрли мојата правда.

[6]Треба ли да лажам против својата правда? Раната ми е неизлечива – рана без вина.‘

[7]Има ли човек како Јов, кој ги пие подбивањата како вода,

[8]кој другарува со оние што вршат беззаконие и оди со безбожни луѓе?

[9]Зашто тој беше рекол: – нема полза за човек да Му угодува на Бога. –

[10]И така, чујте ме, луѓе разумни! Не може да има кај Бога зло или кај Седржителот неправда.

[11] Pois retribui ao homem segundo as suas obras e faz que a cada um toque segundo o seu caminho.

[12] Na verdade, Deus não procede maliciosamente; nem o Todo-Poderoso perverte o juízo.

[13] Quem lhe entregou o governo da terra? Quem lhe confiou o universo?

[14] Se Deus pensasse apenas em si mesmo e para si recolhesse o seu espírito e o seu sopro,

[15] toda a carne juntamente expiraria, e o homem voltaria para o pó.

[16] Se, pois, há em ti entendimento, ouve isto; inclina os ouvidos ao som das minhas palavras.

[17] Acaso, governaria o que aborrecesse o direito? E quererás tu condenar aquele que é justo e poderoso?

[18] Dir-se-á a um rei: Oh! Vil? Ou aos príncipes: Oh! Perversos?

[19] Quanto menos àquele que não faz acepção das pessoas de príncipes, nem estima ao rico mais do que ao pobre; porque todos são obra de suas mãos.

[20] De repente, morrem; à meia-noite, os povos são perturbados e passam, e os poderosos são tomados por força invisível.

[21] Os olhos de Deus estão sobre os caminhos do homem e vêem todos os seus passos.

[11]Тој постапува со човекот според делата негови и му дава на секого според заслугите негови.

[12]Навистина, Бог не прави зло и Седржителот не суди криво.

[13]Кој, освен Него, размислува за земјата? И кој управува со вселената?

[14]Ако Тој го свртеше срцето Свое кон Себе и го земеше при Себе нејзиниот дух и нејзиното дишење;

[15]за миг ќе загинеше секоја плот и човекот ќе се вратеше во правот.

[16]И така, ако имаш разум, чуј го ова и внимавај на зборовите мои.

[17]Оној што ја мрази правдата, може ли да господари? И можеш ли ти да Го обвинуваш Сеправедниот?

[18]Може ли да му се каже на царот: ‚ти си никаквец‘, и на кнезовите: ‚вие сте беззаконици?‘

[19]Но Бог не гледа и на лицата на кнезовите и не цени богат пред сиромав, зашто сите тие се дело на раката Негова.

[20]Тие умираат ненадејно; среде ноќ народот ќе се побуни и тие ќе исчезнат; без рака да се подигне, моќниците паѓаат;

[21]зашто Неговите очи се над патиштата на човекот; Тој ги гледа сите чекори негови.

[22] Não há trevas nem sombra assaz profunda, onde se escondam os que praticam a iniqüidade.

[23] Pois Deus não precisa observar por muito tempo o homem antes de o fazer ir a juízo perante ele.

[24] Quebranta os fortes, sem os inquirir, e põe outros em seu lugar.

[25] Ele conhece, pois, as suas obras; de noite, os transtorna, e ficam moídos.

[26] Ele os fere como a perversos, à vista de todos;

[27] porque dele se desviaram, e não quiseram compreender nenhum de seus caminhos,

[28] e, assim, fizeram que o clamor do pobre subisse até Deus, e este ouviu o lamento dos aflitos.

[29] Se ele aquietar-se, quem o condenará? Se encobrir o rosto, quem o poderá contemplar, seja um povo, seja um homem?

[30] Para que o ímpio não reine, e não haja quem iluda o povo.

[31] Se alguém diz a Deus: Sofri, não pecarei mais;

[32] o que não vejo, ensina-mo tu; se cometi injustiça, jamais a tornarei a praticar,

[33] acaso, deve ele recompensar-te segundo tu queres ou não queres? Acaso, deve ele dizer-te: Escolhe tu, e não eu; declara o que sabes, fala?

[22]Нема темнина, ниту смртна сенка, каде што би можеле да се сокријат оние што вршат беззаконие.

[23]Затоа Тој не бара од човекот да оди на суд со Бога.

[24]Тој ги уништува силните без испитување и поставува други на нивните места,

[25]зашто Тој ги знае нивните дела; кога ќе настане ноќ – веќе ги нема.

[26]Ги поразува како беззаконици пред очите на другите,

[27]поради тоа што отстапиле од Него и не ги разбрале Неговите патишта,

[28]така што дојде до Него повикот од сиромасите, го слушна офкањето на угнетените.

[29]Ако Тој мирува, кој може да Го вознемири? Ако го сокрие лицето Свое, кој може да Го види? А тоа бива за сиот народ и за еден човек,

[30]за да не царува лицемерниот над народот и да нема стапица за народот.

[31]На Бога треба да Му се каже: ‚Претрпев, нема повеќе да грешам.

[32]А она што јас не знам, научи ме; ако сум направил беззаконие, нема повеќе да правам.‘

[33]Според твоето ли разбирање Тој треба да наградува? И бидејќи ти отфрлуваш, на тебе останува да избираш, а не на мене; зборувај сè што знаеш.

[34] Os homens sensatos dir-me-ão, dir-me-á o sábio que me ouve:
[35] Jó falou sem conhecimento, e nas suas palavras não há sabedoria.
[36] Tomara fosse Jó provado até ao fim, porque ele respondeu como homem de iniqüidade.
[37] Pois ao seu pecado acrescenta rebelião, entre nós, com desprezo, bate ele palmas e multiplica as suas palavras contra Deus.

[34]Умните луѓе ќе го кажат истото; мудрите ќе се согласат со мене,
[35]дека Јов умно не зборува и дека зборовите негови не се разумни.
[36]Би сакал јас Јов наполно да биде испитан, според одговорите негови, зашто одговара како лошите луѓе.
[37]Инаку, кон гревот свој додава уште и беззаконие, плеска со рацете меѓу нас и уште повеќе ќе говори против Бога.“

Jó 35

Deus não ouve os aflitos, porque estes não têm fé

[1] Disse mais Eliú:
[2] Achas que é justo dizeres: Maior é a minha justiça do que a de Deus?
[3] Porque dizes: De que me serviria ela? Que proveito tiraria dela mais do que do meu pecado?
[4] Dar-te-ei resposta, a ti e aos teus amigos contigo.
[5] Atenta para os céus e vê; contempla as altas nuvens acima de ti.
[6] Se pecas, que mal lhe causas tu? Se as tuas transgressões se multiplicam, que lhe fazes?
[7] Se és justo, que lhe dás ou que recebe ele da tua mão?
[8] A tua impiedade só pode fazer o mal ao homem como tu mesmo; e a tua justiça, dar proveito ao filho do homem.

Јов 35

Според Елијуј, Јов не може ништо сериозно да каже

[1]Продолжи пак Елијуј и рече:
[2]„Мислиш ли ти дека е право тоа што го рече: ‚Праведен сум пред Господ?‘
[3]Ти рече: ‚Каква полза за мене и каква корист ќе имам, ако грешам?‘
[4]Јас ќе ти одговорам и на тебе и на твоите пријатели:
[5]Погледај кон небото и види; загледај се во облаците – тие се повисоки од тебе.
[6]Ако грешиш, што ќе Му направиш Нему? И ако твоите престапи се умножуваат, што Му причинуваш Нему?
[7]Ако си праведен, што Му даваш? Или што ќе добие од раката твоја?
[8]Твојата нечесност може да му направи лошо на човек како тебе; а твојата праведност може да му помогне на синот човечки.

[9] Por causa das muitas opressões, os homens clamam, clamam por socorro contra o braço dos poderosos.
[10] Mas ninguém diz: Onde está Deus, que me fez, que inspira canções de louvor durante a noite,
[11] que nos ensina mais do que aos animais da terra e nos faz mais sábios do que as aves dos céus?
[12] Clamam, porém ele não responde, por causa da arrogância dos maus.
[13] Só gritos vazios Deus não ouvirá, nem atentará para eles o Todo-Poderoso.
[14] Jó, ainda que dizes que não o vês, a tua causa está diante dele; por isso, espera nele.
[15] Mas agora, porque Deus na sua ira não está punindo, nem fazendo muito caso das transgressões,
[16] abres a tua boca, com palavras vãs, amontoando frases de ignorante.

[9]Од многу насилници офкаат угнетените и од рацете на силните пиштат;
[10]но никој не вели: ‚Каде е Бог, мојот Создател, Кој дава песни ноќе,
[11]Кој нè прави поразумни од земниот добиток и помудри од птиците небески?‘
[12]Тогаш тие викаат, но Тој не им одговара, поради гордоста на лошите луѓе.
[13]Но Бог слуша, Седржителот го гледа тоа.
[14]Макар и да велиш дека не Го гледаш, но судот е пред Него, и – очекувај го.
[15]А сега, бидејќи гневот Негов не го посети, и Тој не го испита со сета строгост,
[16]затоа, Јов, лесномислено ја отвора устата своја и без размислување, неразумно говори.“

Jó 36

No sofrer do homem, Deus lhe visa o bem

[1] Prosseguiu Eliú e disse:
[2] Mais um pouco de paciência, e te mostrarei que ainda tenho argumentos a favor de Deus.
[3] De longe trarei o meu conhecimento e ao meu Criador atribuirei a justiça.
[4] Porque, na verdade, as minhas palavras não são falsas; contigo está quem é senhor do assunto.

Јов 36

Елијуј говори за справедливоста Божја

[1]И пак продолжи Елијуј и рече:
[2]„Стрпи се малку, ќе ти покажам, зашто има уште нешто да кажам за Бога.
[3]Ќе го почнам зборот мој оддалеку и ќе ти покажам дека мојот Создател е справедлив,
[4]навистина зборовите мои не се лага: пред тебе е оној, кој исправно мисли.

[5] Eis que Deus é mui grande; contudo a ninguém despreza; é grande na força da sua compreensão.

[5]Ете, Бог е моќен, но никого не презира; силен е со крепкото срце Свое;

[6] Não poupa a vida ao perverso, mas faz justiça aos aflitos.

[6]не ги поддржува безбожниците, а угнетените ги оправдува;

[7] Dos justos não tira os olhos; antes, com os reis, no trono os assenta para sempre, e são exaltados.

[7]не ги отстранува очите Свои од праведниците, но заедно со царевите ги става засекогаш на престол; и тие се воздигаат.

[8] Se estão presos em grilhões e amarrados com cordas de aflição,

[8]Ако, пак, се оковани во вериги и се држат во оковите на неволјата,

[9] ele lhes faz ver as suas obras, as suas transgressões, e que se houveram com soberba.

[9]тогаш им ги напомнува делата нивни и беззаконијата нивни, бидејќи се умножиле.

5 Aborreço a súcia de malfeitores e com os ímpios não me assento.

6 Lavo as mãos na inocência e, assim, andarei, SENHOR, ao redor do teu altar,

7 para entoar, com voz alta, os louvores e proclamar as tuas maravilhas todas.

8 Eu amo, SENHOR, a habitação de tua casa e o lugar onde tua glória assiste.

9 Não colhas a minha alma com a dos pecadores, nem a minha vida com a dos homens sanguinários,

10 em cujas mãos há crimes e cuja destra está cheia de subornos.

11 Quanto a mim, porém, ando na minha integridade; livra-me e tem compaixão de mim.

12 O meu pé está firme em terreno plano; nas congregações, bendirei o SENHOR.

Псалми 26

Молитва за спасение во простота

1Оправдај ме, Господи, бидејќи одев непорочно и непоколебливо верував во Господ.

2Искушај ме, Господи, испитај ме; отвори ги утробата моја и моето срце.

3Твојата милост е пред очите мои, а јас одам во Твојата вистина,

4со луѓе суетни не седам и со престапници на законот Твој не се дружам;

5го намразив друштвото на злонамерните; со нечестивите нема да седнам;

6ги мијам рацете свои во невиноста и го обиколувам жртвеникот Твој, Господи,

7за да ја разгласувам пофалата Твоја и да ги раскажувам сите Твои чудесни дела.

8Господи, го возљубив домот, во кој престојуваш и местото каде што пребива славата Твоја.

9Не погубувај ја душата моја со грешници и животот мој со крвопијци,

10во чии раце има злочини, чија десница е полна со поткупи.

11Јас, пак, одам во својата непорочност, избави ме, Господи, и помилуј ме.

12Ногата моја стои на прав пат, во собранијата ќе Те благословувам, Господи.

Salmo 27

Anelo pela presença de Deus
Salmo de Davi

[1] O SENHOR é a minha luz e a minha salvação; de quem terei medo? O SENHOR é a fortaleza da minha vida; a quem temerei?

[2] Quando malfeitores me sobrevêm para me destruir, meus opressores e inimigos, eles é que tropeçam e caem.

[3] Ainda que um exército se acampe contra mim, não se atemorizará o meu coração; e, se estourar contra mim a guerra, ainda assim terei confiança.

[4] Uma coisa peço ao SENHOR, e a buscarei: que eu possa morar na Casa do SENHOR todos os dias da minha vida, para contemplar a beleza do SENHOR e meditar no seu templo.

[5] Pois, no dia da adversidade, ele me ocultará no seu pavilhão; no recôndito do seu tabernáculo, me acolherá; elevar-me-á sobre uma rocha.

[6] Agora, será exaltada a minha cabeça acima dos inimigos que me cercam. No seu tabernáculo, oferecerei sacrifício de júbilo; cantarei e salmodiarei ao SENHOR.

[7] Ouve, SENHOR, a minha voz; eu clamo; compadece-te de mim e responde-me.

[8] Ao meu coração me ocorre: Buscai a minha presença; buscarei, pois, SENHOR, a tua presença.

Псалми 27

Во Божјата близина страв нема

[1]Господ е моја светлина и мое спасение: од кого да се плашам? Господ е крепост на мојот живот, од кого ќе стравувам?

[2]Кога се приближија до мене злобни противници и непријатели за да го изедат телото мое, се сопнаа и паднаа.

[3]И полк да се крене против мене, нема да се исплаши срцето мое; дури и цела војска да се дигне против мене, и тогаш ќе бидам полн со доверба.

[4]Само за едно Го молам Господа, само тоа го сакам: да останам во домот Господов преку сите денови на животот мој, да ја гледам Господовата убавина и да се поучувам во Неговиот свет храм,

[5]зашто во злочест ден Тој би ме сокрил во Својата скинија, би ме сокрил под покривот на Своето живеалиште; би ме искачил на карпа.

[6]Тогаш главата моја ќе се издигне над непријателите што ме опкружуваат; и јас ќе принесам во скинијата Негова жртва поради радоста, па ќе пеам и ќе Го фалам Господа.

[7]Чуј го, Господи, гласот мој, бидејќи кон Тебе викам смилувај ми се и услиши ме.

[8]Срцето мое ми вели: „Барај го лицето Негово!“; и јас го барам лицето Твое, Господи.

[9] Não me escondas, SENHOR, a tua face, não rejeites com ira o teu servo; tu és o meu auxílio, não me recuses, nem me desampares, ó Deus da minha salvação.
[10] Porque, se meu pai e minha mãe me desampararem, o SENHOR me acolherá.
[11] Ensina-me, SENHOR, o teu caminho e guia-me por vereda plana, por causa dos que me espreitam.
[12] Não me deixes à vontade dos meus adversários; pois contra mim se levantam falsas testemunhas e os que só respiram crueldade.

[13] Eu creio que verei a bondade do SENHOR na terra dos viventes.

[14] Espera pelo SENHOR, tem bom ânimo, e fortifique-se o teu coração; espera, pois, pelo SENHOR.

Salmo 28

Súplica e ações de graças
Salmo de Davi

[1] A ti clamo, ó SENHOR; rocha minha, não sejas surdo para comigo; para que não suceda, se te calares acerca de mim, seja eu semelhante aos que descem à cova.
[2] Ouve-me as vozes súplices, quando a ti clamar por socorro, quando erguer as mãos para o teu santuário.
[3] Não me arrastes com os ímpios, com os que praticam a iniqüidade; os quais falam de paz ao seu próximo, porém no coração têm perversidade.
[4] Paga-lhes segundo as suas obras, segundo a malícia dos seus atos; dá-lhes

[9]Не сокривај го од мене лицето Свое; не одбивај го во гневот слугата Твој. Биди мој помошник; не отфрлувај ме и не оставај ме, Боже, Спасителе мој!
[10]Ако татко ми и мајка ми ме остават, Господ ќе ме прибере.
[11]Научи ме, Господи, на Твојот пат и води ме по рамна патека, поради непријателите мои;
[12]не предавај ме на своеволноста на непријателите, зашто останаа против мене лажни сведоци со насилство во нивните носници.
[13]Но јас верувам дека ќе ја видам Господовата добрина во земјата на живите.
[14]Надевај се во Господ, биди бодар; нека е цврсто срцето твое; надевај се во Господ!

Псалми 28

Молитва за спасение од грешници

[1]Кон Тебе, Господи, викам, карпо моја; не оглушувај се кон мене, та да не заприлегам при Твоето молчење на оној што слегува во гроб!
[2]Чуј го гласот на молитвите мои, кога викам кон Тебе, кога кревам раце кон Твојот свет храм.
[3]Не земај ме со нечестивци и злосторници, кои со ближните свои говорат за мир, а во срцето смислуваат зло.
[4]Возврати им, Господи, според нивните дела, според нивните лоши постапки;

conforme a obra de suas mãos, retribui-lhes o que merecem.

5 E, visto que não atentam para os feitos do SENHOR, nem para o que as suas mãos fazem, ele os derribará e não os reedificará.

6 Bendito seja o SENHOR, porque me ouviu as vozes súplices!

7 O SENHOR é a minha força e o meu escudo; nele o meu coração confia, nele fui socorrido; por isso, o meu coração exulta, e com o meu cântico o louvarei.

8 O SENHOR é a força do seu povo, o refúgio salvador do seu ungido.

9 Salva o teu povo e abençoa a tua herança; apascenta-o e exalta-o para sempre.

според делата на нивните раце, возврати им го она што го заслужиле!

5Бидејќи тие немаат почит кон делата на Господ, ниту кон делата на рацете Негови; Тој ќе ги собори и нема да ги подигне.

6Благословен е Господ, зашто Тој го чу гласот на молитвите мои.

7Господ е крепост моја и штит мој; во Него има верба срцето мое и Тој ми помага; затоа се радува срцето мое и јас ќе Го прославувам со песна.

8Господ е крепост на Својот народ и спасоносно прибежиште за Својот помазаник.

9Спаси го народот Свој и благослови го наследството Твое; биди им Пастир и носи ги довека!

Salmo 29

A voz de Deus na tempestade

Salmo de Davi

1 Tributai ao SENHOR, filhos de Deus, tributai ao SENHOR glória e força.

2 Tributai ao SENHOR a glória devida ao seu nome, adorai o SENHOR na beleza da santidade.

3 Ouve-se a voz do SENHOR sobre as águas; troveja o Deus da glória; o SENHOR está sobre as muitas águas.

4 A voz do SENHOR é poderosa; a voz do SENHOR é cheia de majestade.

5 A voz do SENHOR quebra os cedros; sim, o SENHOR despedaça os cedros do Líbano.

6 Ele os faz saltar como um bezerro; o Líbano e o Siriom, como bois selvagens.

Псалми 29

Славопој за Господарот на бурата

1Воздајте Му на Господ, синови Божји, воздајте Му на Господ слава и моќ,

2воздајте Му слава на Господ на името Негово, поклонете Му се на Господ во Неговото светилиште.

3Гласот Господов е над водите; Бог на славата грми, Господ над силните води.

4Гласот Господов е во силата, гласот Господов полн со величественост.

5Гласот Господов крши кедри; ги крши Господ кедрите левaнонски,

6и направи како теле да потскокнува Ливан, а Сирион – како младо биволче.

[7] A voz do SENHOR despede chamas de fogo.

[7]Гласот Господов фрла огнен пламен.

[8] A voz do SENHOR faz tremer o deserto; o SENHOR faz tremer o deserto de Cades.

[8]Гласот Господов ја потресува пустината; ќе ја затресе Господ пустината Кадис.

[9] A voz do SENHOR faz dar cria às corças e desnuda os bosques; e no seu templo tudo diz: Glória!

[9]Гласот Господов ги породува бремените кошути и ги оголува горите; и во храмот Негов секој ја возвестува славата Негова.

[10] O SENHOR preside aos dilúvios; como rei, o SENHOR presidirá para sempre.

[10]Господ седи на престолот над водите, и ќе седи Господ како цар довека.

[11] O SENHOR dá força ao seu povo, o SENHOR abençoa com paz ao seu povo.

[11]Господ ќе му даде сила на Својот народ, Господ со мир ќе го благослови народот Свој.

Salmo 30

Ações de graças pela libertação da morte

Salmo de Davi. Cântico da dedicação da casa

Псалми 30

Благодарствена молитва за спасение од смртта

[1] Eu te exaltarei, ó SENHOR, porque tu me livraste e não permitiste que os meus inimigos se regozijassem contra mim.

[1]Ќе Те величам, Господи, зашто ме извлече и не допушти непријателите мои да се радуваат над мене.

[2] SENHOR, meu Deus, clamei a ti por socorro, e tu me saraste.

[2]Господи, Боже мој, повикав кон Тебе, и Ти ме исцели.

[3] SENHOR, da cova fizeste subir a minha alma; preservaste-me a vida para que não descesse à sepultura.

[3]Господи, Ти ја изведе душата моја од светот на мртвите и ме спаси од слегување во гроб.

[4] Salmodiai ao SENHOR, vós que sois seus santos, e dai graças ao seu santo nome.

[4]Пејте Му на Господ, верници Негови, благодарете Му на Неговото свето име,

[5] Porque não passa de um momento a sua ira; o seu favor dura a vida inteira. Ao anoitecer, pode vir o choro, mas a alegria vem pela manhã.

[5]зашто гневот Му трае само миг, а вечна е милоста Негова: плачот трае преку ноќта, но утрото носи голема радост.

[6] Quanto a mim, dizia eu na minha prosperidade: jamais serei abalado.

[6]И јас си реков во изобилието мое: „Нема да се поколебам довека.“

[7] Tu, SENHOR, por teu favor fizeste permanecer forte a minha montanha; apenas voltaste o rosto, fiquei logo conturbado.

[8] Por ti, SENHOR, clamei, ao SENHOR implorei.

[9] Que proveito obterás no meu sangue, quando baixo à cova? Louvar-te-á, porventura, o pó? Declarará ele a tua verdade?

[10] Ouve, SENHOR, e tem compaixão de mim; sê tu, SENHOR, o meu auxílio.

[11] Converteste o meu pranto em folguedos; tiraste o meu pano de saco e me cingiste de alegria,

[12] para que o meu espírito te cante louvores e não se cale. SENHOR, Deus meu, graças te darei para sempre.

Salmo 31

Lamentos e louvor

Ao mestre de canto. Salmo de Davi

[1] Em ti, SENHOR, me refugio; não seja eu jamais envergonhado; livra-me por tua justiça.

[2] Inclina-me os ouvidos, livra-me depressa; sê o meu castelo forte, cidadela fortíssima que me salve.

[3] Porque tu és a minha rocha e a minha fortaleza; por causa do teu nome, tu me conduzirás e me guiarás.

[4] Tirar-me-ás do laço que, às ocultas, me armaram, pois tu és a minha fortaleza.

[7]Господи, според милоста Твоја Ти ме утврди како гора; но штом го сокри лицето Свое, јас се исплашив.

[8]Тогаш кон Тебе, Господи, повикав и на мојот Бог, Му се помолив:

[9]„Каква полза од крвта моја, ако слезам во гроб? Ќе Те слави ли правот, ќе ја објави ли тој верноста Твоја?“

[10]Чуј ме, Господи и смилувај се, биди помошник мој.

[11]Ти ја претвори тагата моја во радост, го симна од мене врекиштето и ме препаша со веселба,

[12]за да Те слави душата моја и да не замолкне; Господи, Боже мој, вечно ќе те славам!

Псалми 31

Молитва за помош во немирни времиња

[1]Кај Тебе, Господи, се засолнувам, о да не се посрамам никогаш; според праведноста Своја спаси ме.

[2]Приклони го увото Твое кон мене, побрзај да ме избавиш. Биди ми Бог заштитник и прибежиште за да се спасам.

[3]Зашто Ти си карпа моја и крепост моја, заради името Твое поведи ме и управувај со мене.

[4]Изведи ме од оваа стапица, која потајно ми ја поставија, зашто Ти си мој заштитник.

[5] Nas tuas mãos, entrego o meu espírito; tu me remiste, SENHOR, Deus da verdade.

[6] Aborreces os que adoram ídolos vãos; eu, porém, confio no SENHOR.

[7] Eu me alegrarei e regozijarei na tua benignidade, pois tens visto a minha aflição, conheceste as angústias de minha alma

[8] e não me entregaste nas mãos do inimigo; firmaste os meus pés em lugar espaçoso.

[9] Compadece-te de mim, SENHOR, porque me sinto atribulado; de tristeza os meus olhos se consomem, e a minha alma e o meu corpo.

[10] Gasta-se a minha vida na tristeza, e os meus anos, em gemidos; debilita-se a minha força, por causa da minha iniqüidade, e os meus ossos se consomem.

[11] Tornei-me opróbrio para todos os meus adversários, espanto para os meus vizinhos e horror para os meus conhecidos; os que me vêem na rua fogem de mim.

[12] Estou esquecido no coração deles, como morto; sou como vaso quebrado.

[13] Pois tenho ouvido a murmuração de muitos, terror por todos os lados; conspirando contra mim, tramam tirar-me a vida.

[14] Quanto a mim, confio em ti, SENHOR. Eu disse: tu és o meu Deus.

[5]Во Твоите раце го предавам духот свој; Ти си ме откупил, Господи, Боже на вистината.

[6]Не ти се мили оние што почитуваат ништожни идоли, но јас имам верба во Господ.

[7]Ќе се радувам и ќе се веселам поради Твојата милост, зашто Ти погледна на маката моја и ја спаси од патила душата моја,

[8]и не ме предаде во рацете на непријателите мои; нозете мои ми ги постави на чистина.

[9]Смилувај се кон мене, Господи, зашто сум потиштен од скрб: ми се исушија од тага окото мое, душата моја и утробата моја.

[10]Го минувам во жал животот мој, и годините мои – со воздишки; изнеможе силата моја, и коските мои се свиткаа.

[11]Пред сите непријатели мои станав за прекор, дури и пред соседите мои, а и плашило за познатите мои; оние што ќе ме видат на улица, бегаат од мене.

[12]Заборавен како мртовец сум во срцата на луѓето; станав како скршен сад,

[13]бидејќи чув дека мнозина околу мене погубно шепотат, и кога ќе се соберат заедно, се договораат и душата моја да ми ја одземат.

[14]Јас, пак, имам верба во Тебе, Господи, и велам: Ти си мој Бог.

[15] Nas tuas mãos, estão os meus dias; livra-me das mãos dos meus inimigos e dos meus perseguidores.

[15]Дните мои се во Твоите раце; избави ме од рацете на непријателите мои и од гонителите мои.

[16] Faze resplandecer o teu rosto sobre o teu servo; salva-me por tua misericórdia.

[16]Нека засветли лицето Твое над слугата Твој; спаси ме поради Твојата милост.

[17] Não seja eu envergonhado, SENHOR, pois te invoquei; envergonhados sejam os perversos, emudecidos na morte.

[17]Господи, не допуштај да се посрамам, поради тоа што кон Тебе повикав; нечестивите нека се посрамат и нека замолкнат во светот на мртвите.

[18] Emudeçam os lábios mentirosos, que falam insolentemente contra o justo, com arrogância e desdém.

[18]Да онемеат лажливите усти, што говорат лошо против праведниот со горделивост и презир.

[19] Como é grande a tua bondade, que reservaste aos que te temem, da qual usas, perante os filhos dos homens, para com os que em ti se refugiam!

[19]Колку е голема добрината Твоја, Господи, што си ја запазил за оние, кои имаат страхопочит кон Тебе, и што си ја приготвил за оние, кои имаат верба во Тебе пред очите на синовите човечки!

[20] No recôndito da tua presença, tu os esconderás das tramas dos homens, num esconderijo os ocultarás da contenda de línguas.

[20]Ќе ги сокриеш под покривот на лицето Свое од човечките завери, ќе ги заклониш од нападите на јазиците противнички.

[21] Bendito seja o SENHOR, que engrandeceu a sua misericórdia para comigo, numa cidade sitiada!

[21]Нека е благословен Господ, зашто ја пројави кон мене Својата чудесна милост кога бев обиколен како град под опсада!

[22] Eu disse na minha pressa: estou excluído da tua presença. Não obstante, ouviste a minha súplice voz, quando clamei por teu socorro.

[22]Во малодушноста своја си реков: отфрлен сум од очите Твои; но Ти го слушна гласот на молитвата моја, кога повикав кон Тебе.

[23] Amai o SENHOR, vós todos os seus santos. O SENHOR preserva os fiéis, mas retribui com largueza ao soberbo.

[23]Љубете Го Господа сите светии Негови, зашто Господ ги чува верните Свои, а им отплатува на оние, кои гордо постапуваат.

[24] Sede fortes, e revigore-se o vosso coração, vós todos que esperais no SENHOR.

Salmo 32

A bem-aventurança de quem recebe o perdão
De Davi. Salmo didático

[1] Bem-aventurado aquele cuja iniqüidade é perdoada, cujo pecado é coberto.

[2] Bem-aventurado o homem a quem o SENHOR não atribui iniqüidade e em cujo espírito não há dolo.

[3] Enquanto calei os meus pecados, envelheceram os meus ossos pelos meus constantes gemidos todo o dia.

[4] Porque a tua mão pesava dia e noite sobre mim, e o meu vigor se tornou em sequidão de estio.

[5] Confessei-te o meu pecado e a minha iniqüidade não mais ocultei. Disse: confessarei ao SENHOR as minhas transgressões; e tu perdoaste a iniqüidade do meu pecado.

[6] Sendo assim, todo homem piedoso te fará súplicas em tempo de poder encontrar-te. Com efeito, quando transbordarem muitas águas, não o atingirão.

[7] Tu és o meu esconderijo; tu me preservas da tribulação e me cercas de alegres cantos de livramento.

[8] Instruir-te-ei e te ensinarei o caminho que deves seguir; e, sob as minhas vistas, te darei conselho.

[9] Não sejais como o cavalo ou a mula, sem entendimento, os quais com freios e

[24]Бидете силни и нека крепне срцето ваше, сите вие што имате верба во Господ!

Псалми 32

Блаженство поради простени гревови

[1]Блажени се оние, чии престапи им се простени, и чии гревови се покриени!

[2]Блажен е оној човек, кого Господ не го смета за виновен, и во чиј дух нема измама!

[3]Додека молчев, се сушеја коските мои од секојдневното мое воздишување,

[4]бидејќи и дење и ноќе тежеше над мене раката Твоја, се сушев како на летен припек.

[5]Тогаш го признав гревот мој и не го сокрив беззаконието свое, па реков: „Ќе Му ги исповедам на Господ моите престапи,“ и Ти ми ја прости вината на гревот мој.

[6]Затоа секој побожен човек нека Ти се моли навреме, и тогаш притисокот од многуте води нема да го достигне.

[7]Ти си мое прибежиште, од маката со која сум опкружен Ти ќе ме избавиш; ќе ме опкружиш со спасоносни звуци.

[8]„Ќе те вразумам,“ – вели Бог – „Ќе ти го покажам патот, по кој да одиш; ќе бдеат очите Мои над тебе.“

[9]„Не бидете како коњ или како маска, кои немаат разум, чија дивина со узда

cabrestos são dominados; de outra sorte não te obedecem.

10 Muito sofrimento terá de curtir o ímpio, mas o que confia no SENHOR, a misericórdia o assistirá.

11 Alegrai-vos no SENHOR e regozijai-vos, ó justos; exultai, vós todos que sois retos de coração.

Salmo 33

Louvor ao Criador e Preservador

1 Exultai, ó justos, no SENHOR! Aos retos fica bem louvá-lo.

2 Celebrai o SENHOR com harpa, louvai-o com cânticos no saltério de dez cordas.

3 Entoai-lhe novo cântico, tangei com arte e com júbilo.

4 Porque a palavra do SENHOR é reta, e todo o seu proceder é fiel.

5 Ele ama a justiça e o direito; a terra está cheia da bondade do SENHOR.

6 Os céus por sua palavra se fizeram, e, pelo sopro de sua boca, o exército deles.

7 Ele ajunta em montão as águas do mar; e em reservatório encerra as grandes vagas.

8 Tema ao SENHOR toda a terra, temam-no todos os habitantes do mundo.

9 Pois ele falou, e tudo se fez; ele ordenou, e tudo passou a existir.

и оглавник се скротува за да ти се покорувaат.“

10Многу маки ќе го снајдат грешникот; но оној кој има верба во Господ, него милост ќе го опкружува.

11Веселете се во Господ и радувајте се, праведници: радувајте се сите кои сте со чисти срца.

Псалми 33

Пофвална песна за сесилниот Бог

1Радувајте се, праведници, во Господ: на праведниците им прилега да Го слават.

2Славете Го Господа со лира, пејте Му на харфа со десет жици,

3пејте Му нова песна; пејте Му умешно и со восклик,

4зашто словото на Господ е право, и сите дела Негови се извршени во верност.

5Тој сака праведност и суд праведен; со милоста Господова е исполнета Земјата.

6Преку словото на Господ беа создадени небесата, и преку Духот на устата Негова – сите сили нивни.

7Тој ги собира како во мев морските води; безднините ги става во сокровишта.

8Нека има страхопочит кон Господ целата Земја; нека трепераат пред Него сите жители на светот,

9зашто Тој рече и тие настанаа; Тој заповеда и се создадоа.

[10] O SENHOR frustra os desígnios das nações e anula os intentos dos povos.

[10]Господ ги руши помислите на незнабошците, ги спречува намерите на народите.

[11] O conselho do SENHOR dura para sempre; os desígnios do seu coração, por todas as gerações.

[11]А замислата Господова вечно останува; мислите на срцето Негово од род во род.

[12] Feliz a nação cujo Deus é o SENHOR, e o povo que ele escolheu para sua herança.

[12]Блажен е оној народ, на кој Господ му е Бог, и луѓето, кои Тој ги избрал за наследство Свое.

[13] O SENHOR olha dos céus; vê todos os filhos dos homens;

[13]Од небесата гледа Господ, ги гледа сите синови човечки;

[14] do lugar de sua morada, observa todos os moradores da terra,

[14]од престолот, на кој седи, ги набљудува сите, кои живеат по Земјата:

[15] ele, que forma o coração de todos eles, que contempla todas as suas obras.

[15]Тој, Кој на сите ним им ги создал срцата, пази на сите дела нивни.

[16] Não há rei que se salve com o poder dos seus exércitos; nem por sua muita força se livra o valente.

[16]Не го спасува царот голема војска; голема сила ни јунакот нема да го спаси.

[17] O cavalo não garante vitória; a despeito de sua grande força, a ninguém pode livrar.

[17]Несигурен е коњот за спасување, со големата сила своја не може да избави.

[18] Eis que os olhos do SENHOR estão sobre os que o temem, sobre os que esperam na sua misericórdia,

[18]Но, ете, очите Господови се врз оние, кои имаат страхопочит кон Него и кои имаат верба во милоста Негова,

[19] para livrar-lhes a alma da morte, e, no tempo da fome, conservar-lhes a vida.

[19]дека Тој ќе ја спаси душата нивна од смрт и во време на глад ќе ги прехрани.

[20] Nossa alma espera no SENHOR, nosso auxílio e escudo.

[20]Душата наша се надева во Господ: зашто Тој е наш помошник и наш заштитник,

[21] Nele, o nosso coração se alegra, pois confiamos no seu santo nome.

[21]зашто во Него ќе се весели срцето наше; зашто во светото име Негово веруваме.

[22] Seja sobre nós, SENHOR, a tua misericórdia, como de ti esperamos.

[22]Милоста Твоја нека биде над нас, Господи, онака како што Ти се надеваме.

Salmo 34

Provai que o Senhor é bom!

Salmo de Davi, quando se fingiu amalucado na presença de Abimeleque e, por este expulso, ele se foi
1 Sm 21.13-15

1 Bendirei o SENHOR em todo o tempo, o seu louvor estará sempre nos meus lábios.

2 Gloriar-se-á no SENHOR a minha alma; os humildes o ouvirão e se alegrarão.

3 Engrandecei o SENHOR comigo, e todos, à uma, lhe exaltemos o nome.

4 Busquei o SENHOR, e ele me acolheu; livrou-me de todos os meus temores.

5 Contemplai-o e sereis iluminados, e o vosso rosto jamais sofrerá vexame.

6 Clamou este aflito, e o SENHOR o ouviu e o livrou de todas as suas tribulações.

7 O anjo do SENHOR acampa-se ao redor dos que o temem e os livra.

8 Oh! Provai e vede que o SENHOR é bom; bem-aventurado o homem que nele se refugia.

9 Temei o SENHOR, vós os seus santos, pois nada falta aos que o temem.

10 Os leõezinhos sofrem necessidade e passam fome, porém aos que buscam o SENHOR bem nenhum lhes faltará.

11 Vinde, filhos, e escutai-me; eu vos ensinarei o temor do SENHOR.

Псалми 34

Треба да се слави помошта Божја и човекот да се учи на страв Господов

1Ќе Го благословувам Господа во секое време; похвала за Него секогаш ќе има во мојата уста.

2Со Господ ќе се фали душата моја! Нека го чујат тоа понизните и нека се зарадуваат.

3Величајте Го Господа со мене, и заедно да го возвишуваме името Негово.

4Го побарав Господа, и Тој ме чу и од сите стравови мои ме избави.

5Кон Него погледнете и разведрете се и лицата ваши нема да се посрамат.

6Несреќниот вика и Господ го слуша и го спасува од сите негови неволји.

7Ангел Господов се улогорува околу оние, кои се бојат од Него, и ги спасува.

8Вкусете и ќе видите, колку е добар Господ! Блажен е оној човек, кој кај Него прибегнува!

9Имајте страхопочит кон Господ, сите праведници Негови, зашто ништо нема да им недостига на оние кои имаат страхопочит кон Него.

10Осиромашија и огладнеа богатите, а оние што Го побараа Господа, не ќе бидат лишени од секакви добра.

11Дојдете, чеда, послушајте ме: јас ќе ве научам да имате страхопочит кон Господ.

[12] Quem é o homem que ama a vida e quer longevidade para ver o bem?

[13] Refreia a língua do mal e os lábios de falarem dolosamente.

[14] Aparta-te do mal e pratica o que é bom; procura a paz e empenha-te por alcançá-la.

[15] Os olhos do SENHOR repousam sobre os justos, e os seus ouvidos estão abertos ao seu clamor.

[16] O rosto do SENHOR está contra os que praticam o mal, para lhes extirpar da terra a memória.

[17] Clamam os justos, e o SENHOR os escuta e os livra de todas as suas tribulações.

[18] Perto está o SENHOR dos que têm o coração quebrantado e salva os de espírito oprimido.

[19] Muitas são as aflições do justo, mas o SENHOR de todas o livra.

[20] Preserva-lhe todos os ossos, nem um deles sequer será quebrado.

[21] O infortúnio matará o ímpio, e os que odeiam o justo serão condenados.

[22] O SENHOR resgata a alma dos seus servos, e dos que nele confiam nenhum será condenado.

Salmo 35

Castigo dos adversários

Salmo de Davi

[1] Contende, SENHOR, com os que contendem comigo; peleja contra os que contra mim pelejam.

[12]Сака ли човек да живее и да види добри денови,

[13]нека си го воздржува јазикот од зло и устата своја од лаги,

[14]нека се клони од зло и нека прави добро; да бара мир и да врви по него.

[15]Очите на Господ се насочени кон праведните, и ушите Негови – кон молитвите нивни.

[16]Но лицето на Господ е против оние што вршат зло; ќе го истреби од Земјата споменот за нив.

[17]Кога викаат праведните, Господ ги слуша и ги спасува од сите маки нивни.

[18]Блиску е Господ до оние со скршено срце, и смирените по дух ќе ги спаси.

[19]Бројни се маките на праведните, но од сите нив Господ ќе ги избави.

[20]Господ ги чува сите коски нивни; ниедна од нив нема да се скрши.

[21]Злото му носи смрт на грешникот; оние, што го мразат праведниот, ќе платат.

[22]Господ ќе ги спаси душите на слугите Свои, и никој од оние, кои прибегнуваат кон Него, нема да биде осуден.

Псалми 35

Молитва за спасение од пакосни непријатели

[1]Осуди ги, Господи, оние кои ме осудуваат, и собори ги оние што се борат против мене;

[2] Embraça o escudo e o broquel e ergue-te em meu auxílio.

[3] Empunha a lança e reprime o passo aos meus perseguidores; dize à minha alma: Eu sou a tua salvação.

[4] Sejam confundidos e cobertos de vexame os que buscam tirar-me a vida; retrocedam e sejam envergonhados os que tramam contra mim.

[5] Sejam como a palha ao léu do vento, impelindo-os o anjo do SENHOR.

[6] Torne-se-lhes o caminho tenebroso e escorregadio, e o anjo do SENHOR os persiga.

[7] Pois sem causa me tramaram laços, sem causa abriram cova para a minha vida.

[8] Venha sobre o inimigo a destruição, quando ele menos pensar; e prendam-no os laços que tramou ocultamente; caia neles para a sua própria ruína.

[9] E minha alma se regozijará no SENHOR e se deleitará na sua salvação.

[10] Todos os meus ossos dirão: SENHOR, quem contigo se assemelha? Pois livras o aflito daquele que é demais forte para ele, o mísero e o necessitado, dos seus extorsionários.

[11] Levantam-se iníquas testemunhas e me argúem de coisas que eu não sei.

[12] Pagam-me o mal pelo bem, o que é desolação para a minha alma.

[2]земи оружје и штит и дојди ми на помош;

[3]извади го мечот и пресретни ги гонителите мои; кажи ѝ на душата моја: „Јас сум спасение Твое!“

[4]Нека бидат посрамени и исмеани оние што ја бараат душата моја: нека се повлечат и нека се посрамат, оние што ми мислат зло;

[5]нека бидат како прав пред ветрот, и ангел Господов да ги прогонува,

[6]патот нивни нека биде темен и лизгав, и ангел Господов да ги прогонува,

[7]бидејќи без причина поставија тајна мрежа за моја пропаст, без причина ѝ копаат гроб на душата моја.

[8]Нека дојде врз нив ненадејна замка и мрежата нивна, што ја поставија за мене, да ги улови самите нив; нека се сплеткаат во неа и нека загинат.

[9]А мојата душа ќе се радува во Господ, ќе се весели поради спасението од Него.

[10]Сите коски мои ќе речат: „Господи, кој е подобен на Тебе, Кој спасуваш слаб од силен, беден и сиромав од ограбувачите нивни?“

[11]Се кренаа против мене злобни сведоци: и за она што не го знам ме сослушуваат;

[12]ми враќаат зло за добро, и душата моја запаѓа во осаменост.

[13] Quanto a mim, porém, estando eles enfermos, as minhas vestes eram pano de saco; eu afligia a minha alma com jejum e em oração me reclinava sobre o peito,

[14] portava-me como se eles fossem meus amigos ou meus irmãos; andava curvado, de luto, como quem chora por sua mãe.

[15] Quando, porém, tropecei, eles se alegraram e se reuniram; reuniram-se contra mim; os abjetos, que eu não conhecia, dilaceraram-me sem tréguas;

[16] como vis bufões em festins, rangiam contra mim os dentes.

[17] Até quando, SENHOR, ficarás olhando? Livra-me a alma das violências deles; dos leões, a minha predileta.

[18] Dar-te-ei graças na grande congregação, louvar-te-ei no meio da multidão poderosa.

[19] Não se alegrem de mim os meus inimigos gratuitos; não pisquem os olhos os que sem causa me odeiam.

[20] Não é de paz que eles falam; pelo contrário, tramam enganos contra os pacíficos da terra.

[21] Escancaram contra mim a boca e dizem: Pegamos! Pegamos! Vimo-lo com os nossos próprios olhos.

[22] Tu, SENHOR, os viste; não te cales; SENHOR, não te ausentes de mim.

[13]А кога тие боледуваа, јас се облекував во вреќиште, ја истоштував душата моја со пост, и молитвата ми се враќаше во градите мои.

[14]Постапував така, како тој да беше ближен мој, мој брат; одев тажен со наведната глава како оној што тагува по сопствената мајка.

[15]А сега, кога јас паднав, тие се зарадуваа и се собраа против мене, ми задаваа рани, а да не знам зошто, ме кинеа и не престануваа;

[16]ме доведоа до искушение, ми се потсмеваа многу и со забите свои крцкаа против мене.

[17]О, Господи, до кога ќе го гледаш тоа? Оттргни ја душата моја од нивните навалувања, мојата осамена душа – од тие лавови.

[18]Тогаш ќе Ти благодарам Господи, на големото собрание, меѓу многуброен народ ќе Те восфалувам;

[19]не допуштај да се зарадуваат над мене оние, кои ми се непријатели без причина, кои ме мразат без вина и намигнуваат со очите.

[20]Зашто тие не мислат за мир, туку смислуваат измами против мирните во земјата.

[21]Ги отворија устите свои против мене, велејќи: „Аха! Аха! Очите наши видоа!“

[22]Ти виде Господи, немој да премолчиш; Господи, не отстапувај од мене!

[23] Acorda e desperta para me fazeres justiça, para a minha causa, Deus meu e SENHOR meu.

[24] Julga-me, SENHOR, Deus meu, segundo a tua justiça; não permitas que se regozijem contra mim.

[25] Não digam eles lá no seu íntimo: Agora, sim! Cumpriu-se o nosso desejo! Não digam: Demos cabo dele!

[26] Envergonhem-se e juntamente sejam cobertos de vexame os que se alegram com o meu mal; cubram-se de pejo e ignomínia os que se engrandecem contra mim.

[27] Cantem de júbilo e se alegrem os que têm prazer na minha retidão; e digam sempre: Glorificado seja o SENHOR, que se compraz na prosperidade do seu servo!

[28] E a minha língua celebrará a tua justiça e o teu louvor todo o dia.

[23]Стани, разбуди се да ме одбраниш, о Боже мој и Господи мој, води ја мојата парница!

[24]Пресуди ми според Твојата праведност, Господи, Боже мој, та да не ликуваат оние над мене;

[25]за да не речат во срцата свои: „Ни се исполни желбата!“ и да не кажат: „Го проголтавме.“

[26]Нека бидат посрамени и исмејани сите, кои се радуваат на мојата несреќа; да се облечат во срам и бесчестие, оние што се гордеат над мене.

[27]Нека се зарадуваат и нека се развеселат, оние што го сакаат моето праведно дело, и непрестајно нека велат: „Велик е Господ, Кој му се радува на доброто на Својот слуга!“

[28]И јазикот мој ќе зборува за праведноста Твоја и за Твојата пофалба секој ден.

Salmo 36

Malícia humana e benignidade divina

Ao mestre de canto. De Davi, servo do Senhor

[1] Há no coração do ímpio a voz da transgressão; não há temor de Deus diante de seus olhos.

[2] Porque a transgressão o lisonjeia a seus olhos e lhe diz que a sua iniqüidade não há de ser descoberta, nem detestada.

[3] As palavras de sua boca são malícia e dolo; abjurou o discernimento e a prática do bem.

Псалми 36

Човековата расипаност и добрината Божја

[1]Гревот му зборува на грешникот; длабоко во неговото срце, нема страв Божји пред очите негови,

[2]зашто тој самиот на себеси си ласка, место да го увиди своето беззаконие и да го намрази;

[3]зборовите на устата негова се неправда и измама; тој не сака да се вразуми, и да врши добро;

[4] No seu leito, maquina a perversidade, detém-se em caminho que não é bom, não se despega do mal.

[4]на леглото свое смислува беззаконие, останува на лош пат, од зло не се гнаси.

[5] A tua benignidade, SENHOR, chega até aos céus, até às nuvens, a tua fidelidade.

[5]Господи, Твојата милост е до небесата, Твојата вистина – до облаците!

[6] A tua justiça é como as montanhas de Deus; os teus juízos, como um abismo profundo. Tu, SENHOR, preservas os homens e os animais.

[6]Твојата праведност е како моќните гори, а судовите Твои како голема бездна! И луѓе и добиток спасуваш Ти, Господи!

[7] Como é preciosa, ó Deus, a tua benignidade! Por isso, os filhos dos homens se acolhem à sombra das tuas asas.

[7]О колку е скапоцена Твојата милост, Боже! Синовите човечки се засолнуваат под Твојата закрила;

[8] Fartam-se da abundância da tua casa, e na torrente das tuas delícias lhes dás de beber.

[8]тие се ситат од изобилието на Твојот дом, и од потокот на Твојата красота ги напојуваш;

[9] Pois em ti está o manancial da vida; na tua luz, vemos a luz.

[9]зашто во Тебе е изворот на животот: во Твојата светлина ние гледаме светлина.

[10] Continua a tua benignidade aos que te conhecem, e a tua justiça, aos retos de coração.

[10]Продолжи ја милоста Своја кон оние кои Те познаваат, и спасението Свое кон оние со чисто срце.

[11] Não me calque o pé da insolência, nem me repila a mão dos ímpios.

[11]Нека не ме гази ногата горда, и раката на грешникот да не ме гони.

[12] Tombaram os obreiros da iniqüidade; estão derruídos e já não podem levantar-se.

[12]Таму паднаа оние што вршат беззаконие; соборени се и не можат веќе да станат.

Salmo 37

Temporária, a felicidade dos perversos

Salmo de Davi

[1] Não te indignes por causa dos malfeitores, nem tenhas inveja dos que praticam a iniqüidade.

Псалми 37

Напредокот на безбожниците не треба да ги ожесточува праведниците

[1]Не жести се поради злобниците и не завидувај им на оние што вршат беззаконие,

[2] Pois eles dentro em breve definharão como a relva e murcharão como a erva verde.

[2]зашто тие ќе се исушат како трева, и како зелје набргу ќе свенат.

[3] Confia no SENHOR e faze o bem; habita na terra e alimenta-te da verdade.

[3]Верувај во Господ и прави добро, за да живееш на земјата и да уживаш во спокојство.

[4] Agrada-te do SENHOR, e ele satisfará os desejos do teu coração.

[4]Сета радост нека ти биде во Господ, и Тој ќе ти даде што ќе посака срцето твое.

[5] Entrega o teu caminho ao SENHOR, confia nele, e o mais ele fará.

[5]Довери Му го патот свој на Господ и во Него верувај и Тој ќе делува;

[6] Fará sobressair a tua justiça como a luz e o teu direito, como o sol ao meio-dia.

[6]и ќе ја изведе правдата твоја како светлина, и справедливоста твоја – како пладне.

[7] Descansa no SENHOR e espera nele, não te irrites por causa do homem que prospera em seu caminho, por causa do que leva a cabo os seus maus desígnios.

[7]Биди кроток пред Господ и на Него надевај се. Не жести се на оној, кој успева на патот свој, на човек кој врши беззаконие.

[8] Deixa a ira, abandona o furor; não te impacientes; certamente, isso acabará mal.

[8]Воздржи се од лутина и остави ја јароста, не жести се – самиот да не правиш зло,

[9] Porque os malfeitores serão exterminados, mas os que esperam no SENHOR possuirão a terra.

[9]зашто оние што вршат зло, ќе бидат истребени, а оние, кои се надеваат на Господ, ќе ја наследат земјата.

[10] Mais um pouco de tempo, e já não existirá o ímpio; procurarás o seu lugar e não o acharás.

[10]Уште малку, и грешникот ќе го нема; ќе го побараш местото негово и нема да го најдеш.

[11] Mas os mansos herdarão a terra e se deleitarão na abundância de paz.

[11]А кроткиte ќе ја наследат земјата и ќе се насладуваат во изобилен мир.

[12] Trama o ímpio contra o justo e contra ele ringe os dentes.

[12]Грешникот смислува зло против праведниот и чкрта со забите против него,

[13] Rir-se-á dele o SENHOR, pois vê estar-se aproximando o seu dia.

[13]но Господ му се потсмева, зашто однапред гледа дека му се ближи крајот.

[14] Os ímpios arrancam da espada e distendem o arco para abater o pobre e necessitado, para matar os que trilham o reto caminho.
[15] A sua espada, porém, lhes traspassará o próprio coração, e os seus arcos serão espedaçados.

[16] Mais vale o pouco do justo que a abundância de muitos ímpios.

[17] Pois os braços dos ímpios serão quebrados, mas os justos, o SENHOR os sustém.
[18] O SENHOR conhece os dias dos íntegros; a herança deles permanecerá para sempre.

[19] Não serão envergonhados nos dias do mal e nos dias da fome se fartarão.

[20] Os ímpios, no entanto, perecerão, e os inimigos do SENHOR serão como o viço das pastagens; serão aniquilados e se desfarão em fumaça.
[21] O ímpio pede emprestado e não paga; o justo, porém, se compadece e dá.

[22] Aqueles a quem o SENHOR abençoa possuirão a terra; e serão exterminados aqueles a quem amaldiçoa.

[23] O SENHOR firma os passos do homem bom e no seu caminho se compraz;

[24] se cair, não ficará prostrado, porque o SENHOR o segura pela mão.

[14]Грешниците ги вадат мечевите, го оптегнуваат лакот свој за да го кутнат бедниот и сиромавиот, за да ги прободат оние што се со чисто срце.
[15]Но мечот нивни ќе се забие во нивното срце, и лаците нивни ќе се скршат.
[16]Малото богатство кај праведниот е многу подобро отколку големото богатство на грешниците.
[17]Зашто мишките на грешниците ќе спласнат, а на праведниците Господ им ги поткрепува.
[18]Господ ги знае патиштата на непорочните; и нивното наследство ќе биде вечно:
[19]во зло време нема да бидат посрамени и во деновите на глад ќе бидат сити;
[20]зашто грешниците ќе загинат, и непријателите Господови ќе ги снема како полска убавина, ќе исчезнат како дим.
[21]Грешникот зема на заем и не враќа, а праведниот е милостив и дава,
[22]зашто оние, кои Господа Го благословуваат, ќе ја наследат земјата, а оние што тој ги проколнува, ќе бидат истребени.
[23]Господ ги зацврстува стапките на човекот и мили Му се неговите патишта:
[24]па и ако се сопне, нема да падне, зашто Господ го држи за рака.

25 Fui moço e já, agora, sou velho, porém jamais vi o justo desamparado, nem a sua descendência a mendigar o pão.

25Бев млад, и остарев, но не видов оставен праведен човек ниту децата негови леб да просат;

26 É sempre compassivo e empresta, e a sua descendência será uma bênção.

26тој секој ден знае да се смилува и на заем да дава, и потомството негово ќе биде благословено.

27 Aparta-te do mal e faze o bem, e será perpétua a tua morada.

27Клони се од зло и прави добро, па ќе живееш вечно;

28 Pois o SENHOR ama a justiça e não desampara os seus santos; serão preservados para sempre, mas a descendência dos ímpios será exterminada.

28зашто Господ ја сака правдата и не ги остава верниците Свои; нив вечно ќе ги чува, а потомството на безбожниците ќе биде истребено.

29 Os justos herdarão a terra e nela habitarão para sempre.

29Праведните ќе ја наследат земјата и ќе живеат на неа вечно.

30 A boca do justo profere a sabedoria, e a sua língua fala o que é justo.

30Устата на праведниот кажува мудрост, а јазикот негов изговара правда.

31 No coração, tem ele a lei do seu Deus; os seus passos não vacilarão.

31Законот на неговиот Бог е во срцето негово; стапките негови нема да се сопнат.

32 O perverso espreita ao justo e procura tirar-lhe a vida.

32Грешникот го демне праведниот и бара да го убие;

33 Mas o SENHOR não o deixará nas suas mãos, nem o condenará quando for julgado.

33но Господ нема да го предаде во негови раце и нема да го осуди, кога ќе биде суден.

34 Espera no SENHOR, segue o seu caminho, e ele te exaltará para possuíres a terra; presenciarás isso quando os ímpios forem exterminados.

34Надевај се на Господ и остани на Неговите патишта; Тој ќе те воздигне за да ја наследиш земјата; и ќе го гледаш истребувањето на грешниците.

35 Vi um ímpio prepotente a expandir-se qual cedro do Líbano.

35Видов страшен безбожник, кој се превознесуваше и издигаше како кедар ливански.

36 Passei, e eis que desaparecera; procurei-o, e já não foi encontrado.

36Поминав и, ете, го нема; го побарав, и не го најдов.

[37] Observa o homem íntegro e atenta no que é reto; porquanto o homem de paz terá posteridade.

[38] Quanto aos transgressores, serão, à uma, destruídos; a descendência dos ímpios será exterminada.

[39] Vem do SENHOR a salvação dos justos; ele é a sua fortaleza no dia da tribulação.

[40] O SENHOR os ajuda e os livra; livra-os dos ímpios e os salva, porque nele buscam refúgio.

Salmo 38

Arrependimento do pecador

Salmo de Davi. Em memória

[1] Não me repreendas, SENHOR, na tua ira, nem me castigues no teu furor.

[2] Cravam-se em mim as tuas setas, e a tua mão recai sobre mim.

[3] Não há parte sã na minha carne, por causa da tua indignação; não há saúde nos meus ossos, por causa do meu pecado.

[4] Pois já se elevam acima de minha cabeça as minhas iniqüidades; como fardos pesados, excedem as minhas forças.

[5] Tornam-se infectas e purulentas as minhas chagas, por causa da minha loucura.

[6] Sinto-me encurvado e sobremodo abatido, ando de luto o dia todo.

[7] Ardem-me os lombos, e não há parte sã na minha carne.

[8] Estou aflito e mui quebrantado; dou gemidos por efeito do desassossego do meu coração.

[37]Види го непорочниот, гледај го праведниот: има напредок за мирниот;

[38]а безбожниците сите ќе бидат истребени, нивното наследство ќе се затре.

[39]Спасението, пак, на праведните доаѓа од Господ и Тој е нивни заштитник во тешко време;

[40]им помага Господ и ги избавува; ги избавува од грешниците и ги спасува, зашто кај Него прибегнуваат.

Псалми 38

Животот на праведникот и на безбожникот

[1]Господи, во јароста Своја не карај ме и во гневот Свој не казнувај ме,

[2]зашто стрелите Твои се забија во мене, и Твојата рака тежи врз мене,

[3]Нема ништо здраво на моето тело од Твојот гнев; во коските мои нема мир поради гревот мој;

[4]зашто беззаконијата мои ја надвишија главата моја, како тешко бреме ме притиснаа.

[5]Смрдат и гнојат раните мои поради безумието мое.

[6]Се згрбавив и се стопив сосема, цел ден натажен одам;

[7]слабината ми е воспалена, нема здраво место на телото мое.

[8]Исцрпен сум и дотолчен; рикав поради воздишките на срцето мое.

[9] Na tua presença, SENHOR, estão os meus desejos todos, e a minha ansiedade não te é oculta.

[10] Bate-me excitado o coração, faltam-me as forças, e a luz dos meus olhos, essa mesma já não está comigo.

[11] Os meus amigos e companheiros afastam-se da minha praga, e os meus parentes ficam de longe.

[12] Armam ciladas contra mim os que tramam tirar-me a vida; os que me procuram fazer o mal dizem coisas perniciosas e imaginam engano todo o dia.

[13] Mas eu, como surdo, não ouço e, qual mudo, não abro a boca.

[14] Sou, com efeito, como quem não ouve e em cujos lábios não há réplica.

[15] Pois em ti, SENHOR, espero; tu me atenderás, SENHOR, Deus meu.

[16] Porque eu dizia: Não suceda que se alegrem de mim e contra mim se engrandeçam quando me resvala o pé.

[17] Pois estou prestes a tropeçar; a minha dor está sempre perante mim.

[18] Confesso a minha iniqüidade; suporto tristeza por causa do meu pecado.

[19] Mas os meus inimigos são vigorosos e fortes, e são muitos os que sem causa me odeiam.

[20] Da mesma sorte, os que pagam o mal pelo bem são meus adversários, porque eu sigo o que é bom.

[21] Não me desampares, SENHOR; Deus meu, não te ausentes de mim.

[9]Господи, пред Тебе се сите мои копнежи, и мојата воздишка не е сокриена од Тебе.

[10]Срцето засилено ми бие, ме напушти силата моја, и светлината на очите мои, – и неа ја нема во мене.

[11]Моите пријатели и моите ближни се приближија и не се доближија; застанаа подалеку од мене,

[12]а оние што ја бараат душата моја, ми поставуваат примки, говорат за пропаст и секој ден кројат сплетки;

[13]а јас, пак, како глув не слушам и како нем сум, кој не ја отвора устата своја;

[14]станав како човек што не слуша и што во устата своја нема одговор,

[15]зашто на Тебе, Господи, се надевам; Ти ќе одговориш, Господи, Боже мој.

[16]Зашто се молам само да не се погордеат над мене; и кога ќе ми се поколебаат нозете мои, тие да не се кренат над мене.

[17]Готов сум да паднам, и болот мој секогаш е со мене.

[18]Беззаконието свое го признавам и ќе жалам поради гревот мој.

[19]А оние што ми се непријатели без причина се силни, и се намножија оние што неправедно ме мразат,

[20]ми враќаат зло за добро, ми станаа противници, зашто јас сум за добро.

[21]Не оставај ме, Господи, Боже мој, не оддалечувај се од мене;

[22] Apressa-te em socorrer-me, SENHOR, salvação minha.

[22]побрзај да ми помогнеш, Господи, Спасителе мој!

Salmo 39

A vaidade da vida

Ao mestre de canto, Jedutum. Salmo de Davi

[1] Disse comigo mesmo: guardarei os meus caminhos, para não pecar com a língua; porei mordaça à minha boca, enquanto estiver na minha presença o ímpio.

[2] Emudeci em silêncio, calei acerca do bem, e a minha dor se agravou.

[3] Esbraseou-se-me no peito o coração; enquanto eu meditava, ateou-se o fogo; então, disse eu com a própria língua:

[4] Dá-me a conhecer, SENHOR, o meu fim e qual a soma dos meus dias, para que eu reconheça a minha fragilidade.

[5] Deste aos meus dias o comprimento de alguns palmos; à tua presença, o prazo da minha vida é nada. Na verdade, todo homem, por mais firme que esteja, é pura vaidade.

[6] Com efeito, passa o homem como uma sombra; em vão se inquieta; amontoa tesouros e não sabe quem os levará.

[7] E eu, SENHOR, que espero? Tu és a minha esperança.

[8] Livra-me de todas as minhas iniqüidades; não me faças o opróbrio do insensato.

[9] Emudeço, não abro os lábios porque tu fizeste isso.

[10] Tira de sobre mim o teu flagelo; pelo golpe de tua mão, estou consumido.

Псалми 39

Молитва за утеха од Господ

[1]Си реков: ќе пазам на патиштата мои, за да не згрешам со јазикот свој; ќе ја зауздам устата моја додека е грешникот пред мене.

[2]Онемев и се смирив, и замолкнав, но јадот мој се зголеми.

[3]Пламна срцето мое во мене и додека размислувам оган се разгорува во мислите мои. Проговорив со јазикот свој:

[4]кажи ми го, Господи, мојот крај, и колкав е бројот на моите дни, за да знам колку е краткотраен мојот живот.

[5]Ете, Ти си ми дал дни колку една педа, и векот мој е како ништо пред Тебе. И навистина, сè е суета, секој човек што живее.

[6]Навистина, човек оди како сенка и залудно се измачува; собира богатство, а не знае кому ќе му го остави.

[7]И сега што да очекувам Господи? Надежта моја е во Тебе.

[8]Спаси ме од сите беззаконија; не допуштај да бидам поруга на безумниот.

[9]Занемев и не ја отворам устата, зашто Ти така направи.

[10]Отстрани ги од мене ударите Твои, изнемоштувам од Твојата силна рака.

[11] Quando castigas o homem com repreensões, por causa da iniqüidade, destróis nele, como traça, o que tem de precioso. Com efeito, todo homem é pura vaidade.

[12] Ouve, SENHOR, a minha oração, escuta-me quando grito por socorro; não te emudeças à vista de minhas lágrimas, porque sou forasteiro à tua presença, peregrino como todos os meus pais o foram.

[13] Desvia de mim o olhar, para que eu tome alento, antes que eu passe e deixe de existir.

[11]Го казнуваш човекот за гревот, сè што му е најмило му го уништуваш како молец; навистина, човекот е само здив.

[12]Услиши ја, Господи, молитвата моја и почуј ја молбата моја; не биди безгласен кон моите солзи, зашто сум привремен гостин кај Тебе и придојден, како сите мои предци.

[13]Допушти ми да здивнам, пред да заминам и да ме нема веќе.

Salmo 40

Oração para livramento

Vs. 13-17: Salmo 70.1-5

Ao mestre de canto. Salmo de Davi

[1] Esperei confiantemente pelo SENHOR; ele se inclinou para mim e me ouviu quando clamei por socorro.

[2] Tirou-me de um poço de perdição, de um tremedal de lama; colocou-me os pés sobre uma rocha e me firmou os passos.

[3] E me pôs nos lábios um novo cântico, um hino de louvor ao nosso Deus; muitos verão essas coisas, temerão e confiarão no SENHOR.

[4] Bem-aventurado o homem que põe no SENHOR a sua confiança e não pende para os arrogantes, nem para os afeiçoados à mentira.

[5] São muitas, SENHOR, Deus meu, as maravilhas que tens operado e também os teus desígnios para conosco; ninguém há que se possa igualar contigo. Eu quisera

Псалми 40

Спасениот праведник Му благодари на Бога

[1]Трпеливо се надевав на Господ, и Тој се наклони над мене и ја чу молитвата моја,

[2]и ме изведе од длабината на јазот и од длабока тиња, па ги постави нозете мои на камен и ги зацврсти стапалата мои;

[3]а во устата моја вложи нова песна – пофала за нашиот Бог. Мнозина ќе видат, и страв ќе ги опфати и ќе се надеваат на Господ.

[4]Блажен е оној човек што верува во Господ и не се обраќа кон горделивите, кон оние што застрануваат по лажни богови.

[1]Вака вели Господ: небото е Мој престол, а земјата – подножје на нозете Мои; каде тогаш ќе изградите дом за Мене, каде е местото на Мојот спокој?

[2]Зашто, сето тоа го создаде Мојата рака, и сето тоа е Мое, вели Господ. А еве на кого ќе погледнам: на понизниот и скршениот по дух и на оној што трепери пред Моето слово.

[3]А кој коле вол, е исто, како оној што убива човек; кој принесува јагне за жртва, е исто, како оној што задушува куче; кој принесува дар, е исто, како оној што принесува свинска крв; кој кади темјан, е исто, како оној што се моли на идол. Тие го избрале тоа на своите патишта, и душата нивна наоѓа задоволство во одвратностите нивни, –

[4]така и Јас ќе ја употребам нивната измама и ќе го испратам врз нив она, што е за нив ужасно; зашто викав – и немаше кој да одговори, говорев – и тие не слушаа, а вршеа зло пред очите Мои и го избираа она што Ми беше неугодно.

Господ ќе му помогне на Ерусалим

[5]Чујте го словото на Господ вие, што треперите пред словото Негово: вашите браќа, кои ве мразат и кои ве гонат заради Моето име, велат: „Нека се јави Господ во Својата слава, па да ја видиме радоста ваша.“ Но тие ќе бидат посрамени.

[6] Voz de grande tumulto virá da cidade, voz do templo, voz do SENHOR, que dá o pago aos seus inimigos.
[7] Antes que estivesse de parto, deu à luz; antes que lhe viessem as dores, nasceu-lhe um menino.

[8] Quem jamais ouviu tal coisa? Quem viu coisa semelhante? Pode, acaso, nascer uma terra num só dia? Ou nasce uma nação de uma só vez? Pois Sião, antes que lhe viessem as dores, deu à luz seus filhos.

[9] Acaso, farei eu abrir a madre e não farei nascer? – diz o SENHOR; acaso, eu que faço nascer fecharei a madre? – diz o teu Deus.

A felicidade eterna de Sião

[10] Regozijai-vos juntamente com Jerusalém e alegrai-vos por ela, vós todos os que a amais; exultai com ela, todos os que por ela pranteastes,
[11] para que mameis e vos farteis dos peitos das suas consolações; para que sugueis e vos deleiteis com a abundância da sua glória.
[12] Porque assim diz o SENHOR: Eis que estenderei sobre ela a paz como um rio, e a glória das nações, como uma torrente que transborda; então, mamareis, nos braços vos trarão e sobre os joelhos vos acalentarão.
[13] Como alguém a quem sua mãe consola, assim eu vos consolarei; e em Jerusalém vós sereis consolados.

[6]Ете, шум од градот, глас од храмот, глас од Господ, Кој дава отплата на непријателите Свои:
[7]Уште не беше почувствувала родилни маки, и роди; пред да настапат болките нејзини, роди син.
[8]Кој слушнал такво нешто? Кој видел слично на тоа? Никне ли од земјата во еден ден? Се раѓа ли народ наеднаш, како Сион: штотуку почна да се мачи од родилни болки, – ги роди синовите свои?
[9]Зар Јас кога ќе ја отворам утробата на мајката – таа нема да роди – вели Господ. Или Јас Кој давам да се роди, ќе ја заклучам ли утробата? – вели твојот Бог.
[10]Развеселете се со Ерусалим и радувајте се за него сите што го сакате! Радувајте се со него радосно сите што тагувавте по него,
[11]за да се храните и наситувате од градите на утехите негови, да се опивате и наслaдувате од изобилната слава негова.
[12]Зашто вака вели Господ: „Ете, ќе навртам кон него мир како река, и богатство на народите – како поток, кој се разлива, за ваша наслада; на раце ќе ве носат и на колена ќе ве милуваат.
[13]Како што некого го утешува мајка, така ќе ве утешам и Јас; ќе бидете утешени во Ерусалим.

[14] Vós o vereis, e o vosso coração se regozijará, e os vossos ossos revigorarão como a erva tenra; então, o poder do SENHOR será notório aos seus servos, e ele se indignará contra os seus inimigos.

[15] Porque eis que o SENHOR virá em fogo, e os seus carros, como um torvelinho, para tornar a sua ira em furor e a sua repreensão, em chamas de fogo,

[16] porque com fogo e com a sua espada entrará o SENHOR em juízo com toda a carne; e serão muitos os mortos da parte do SENHOR.

[17] Os que se santificam e se purificam para entrarem nos jardins após a deusa que está no meio, que comem carne de porco, coisas abomináveis e rato serão consumidos, diz o SENHOR.

[18] Porque conheço as suas obras e os seus pensamentos e venho para ajuntar todas as nações e línguas; elas virão e contemplarão a minha glória.

[19] Porei entre elas um sinal e alguns dos que foram salvos enviarei às nações, a Társis, Pul e Lude, que atiram com o arco, a Tubal e Javã, até às terras do mar mais remotas, que jamais ouviram falar de mim, nem viram a minha glória; eles anunciarão entre as nações a minha glória.

[20] Trarão todos os vossos irmãos, dentre todas as nações, por oferta ao SENHOR, sobre cavalos, em liteiras e sobre mulas e dromedários, ao meu santo monte, a Jerusalém, diz o SENHOR, como quando

[14]И ќе го видите тоа, и ќе се зарадува срцето ваше, и коските ваши ќе цутат како свежо растение, и раката на Господ ќе се јави врз слугите Негови, а на непријателите свои Тој ќе се разгневи.

[15]Зашто, ете, ќе дојде Господ во оган, и колите Негови – како виор, за да го излее гневот свој со јароста и заканата Своја – со пламнат оган.

[16]Зашто Господ ќе суди со оган и со мечот Свој над секоја плот, и многумина ќе бидат убиени од Господ.

[17]Оние, што се посветуваат и очистуваат во градините еден по друг, кои јадат свинско месо и гадотии и глувци, – сите ќе загинат вели Господ.

Закана, но и ветување

[18]Зашто Јас ги знам делата нивни и мислите нивни; ете, ќе дојдам да ги соберам сите народи и јазици, и тие ќе дојдат и ќе ја видат славата Моја.

[19]И ќе ставам на нив белег, и од преживеаните меѓу нив ќе испратам кон народите: во Тарсис, во Пул и Луд, мајстори за оптегнување лак, во Тувал и во Јаван, и во далечните острови, кои не чуле за името Мое и не ја виделе славата Моја; и тие ќе им ја објават на народите славата Моја,

[20]и ќе ги претстават сите ваши браќа од сите народи како дар на Господ на коњи и коли, на носилки, на маски и на брзи камили, – на Мојата света гора, во Ерусалим, вели Господ, – исто како што

os filhos de Israel trazem as suas ofertas de manjares, em vasos puros à Casa do SENHOR.

синовите Израелови принесуваат дар во домот Господов во чист сад.

21 Também deles tomarei a alguns para sacerdotes e para levitas, diz o SENHOR.

21И од нив ќе земам свештеници и левити, вели Господ.

22 Porque, como os novos céus e a nova terra, que hei de fazer, estarão diante de mim, diz o SENHOR, assim há de estar a vossa posteridade e o vosso nome.

22Зашто, како што новото небо и новата земја, кои Јас ќе ги создадам, ќе бидат секогаш пред лицето Мое, вели Господ, така ќе постои и потомството ваше и името ваше.

23 E será que, de uma Festa da Lua Nova à outra e de um sábado a outro, virá toda a carne a adorar perante mim, diz o SENHOR.

23Тогаш од месец на месец, и од сабота во сабота ќе доаѓа секоја плот пред лицето Мое на поклонение, вели Господ.

24 Eles sairão e verão os cadáveres dos homens que prevaricaram contra mim; porque o seu verme nunca morrerá, nem o seu fogo se apagará; e eles serão um horror para toda a carne.

24И ќе излегуваат и ќе ги видат труповите на луѓето што отстапиле од Мене; зашто црвот нивни нема да умре, ниту огнот нивни ќе угасне и ќе бидат одвратност за секоја плот.“

Jeremias	Еремија

Jeremias 1

A vocação de Jeremias

[1] Palavras de Jeremias, filho de Hilquias, um dos sacerdotes que estavam em Anatote, na terra de Benjamim;

[2] a ele veio a palavra do SENHOR, nos dias de Josias, filho de Amom e rei de Judá, no décimo terceiro ano do seu reinado;

[3] e também nos dias de Jeoaquim, filho de Josias, rei de Judá, até ao fim do ano undécimo de Zedequias, filho de Josias, rei de Judá, e ainda até ao quinto mês do exílio de Jerusalém.

[4] A mim me veio, pois, a palavra do SENHOR, dizendo:

[5] Antes que eu te formasse no ventre materno, eu te conheci, e, antes que saísses da madre, te consagrei, e te constituí profeta às nações.

[6] Então, lhe disse eu: ah! SENHOR Deus! Eis que não sei falar, porque não passo de uma criança.

[7] Mas o SENHOR me disse: Não digas: Não passo de uma criança; porque a todos a quem eu te enviar irás; e tudo quanto eu te mandar falarás.

[8] Não temas diante deles, porque eu sou contigo para te livrar, diz o SENHOR.

[9] Depois, estendeu o SENHOR a mão, tocou-me na boca e o SENHOR me disse:

Еремија 1

Еремија повикан за пророк

[1]Зборови на Еремија, – син на Хелкија, еден од свештениците кој живееше во Анатот, во земјата Венијаминова, –

[2]кому му беше упатено слово Господово во времето на Јошија, син на јудејскиот цар Амон, во тринаесеттата година од царувањето негово,

[3]а и во деновите на Јоаким, синот на јудејскиот цар Јошија, до крајот на единаесеттата година од царувањето на Седекија, син на јудејскиот цар Јошија, до поробувањето на Ерусалим во петтиот месец.

Нашите ограничени способности не се пречка за Бога

[4]И ми беше упатено слово Господово:

[5]„Пред да те обликувам во утробата, Јас те познавав, и пред да излезеш од утробата, те посветив: те поставив за пророк на народите.“

[6]Јас, пак, одговорив: „О, Господи Боже, не умеам да говорам, зашто сум уште млад.“

[7]Но Господ ми рече: „Не вели: – млад сум; – зашто до сите до кои ќе те испра-там ќе одиш и сè што ќе ти заповедам ќе кажеш.

[8]Не плаши се од нив; зашто Јас сум со тебе, за да те избавам“, рече Господ.

[9]И ја протегна Господ раката и се допре до устата моја; и ми рече Господ: „Ете,

Eis que ponho na tua boca as minhas palavras.

10 Olha que hoje te constituo sobre as nações e sobre os reinos, para arrancares e derribares, para destruíres e arruinares e também para edificares e para plantares.

A visão da vara de amendoeira

11 Veio ainda a palavra do SENHOR, dizendo: Que vês tu, Jeremias? Respondi: vejo uma vara de amendoeira.

12 Disse-me o SENHOR: Viste bem, porque eu velo sobre a minha palavra para a cumprir.

A visão da panela ao fogo

13 Outra vez, me veio a palavra do SENHOR, dizendo: Que vês? Eu respondi: vejo uma panela ao fogo, cuja boca se inclina do Norte.

14 Disse-me o SENHOR: Do Norte se derramará o mal sobre todos os habitantes da terra.

15 Pois eis que convoco todas as tribos dos reinos do Norte, diz o SENHOR; e virão, e cada reino porá o seu trono à entrada das portas de Jerusalém e contra todos os seus muros em redor e contra todas as cidades de Judá.

16 Pronunciarei contra os moradores destas as minhas sentenças, por causa de toda a malícia deles; pois me deixaram a mim, e queimaram incenso a deuses estranhos, e adoraram as obras das suas próprias mãos.

Јас ги ставив Моите зборови во устата твоја.

10Гледај, Јас те поставив денес над народи и царства, за да искоренуваш и разурнуваш, да погубуваш и да разрушуваш, да ѕидаш и да насадуваш.“

11И пак беше упатено слово Господово до мене: „Што гледаш, Еремија?“ Одговорив: „Гледам гранка од бадемово дрво.“

12Господ ми рече: „Добро гледаш, зашто Јас бдеам над Моето слово, за да се изврши.“

13И по вторпат беше упатено слово Господово кон мене: „Што гледаш?“ Одговорив: „Гледам котел што врие, а отворот му е кон север.“

14И ми рече Господ: „Од север ќе букне злото врз сите луѓе што живеат на земјата.

15Зашто, ете, Јас ќе ги свикам сите племиња на северните царства – вели Господ – и тие ќе дојдат, и секој ќе го постави престолот свој при влезот на ерусалимските порти, околу сите ѕидишта негови и во сите јудејски градови.

16И ќе го изречам судот Свој врз нив за сите нивни беззаконија, затоа што Ме оставија и кадеа темјан на други богови и им се поклонуваа на идоли, дела од нивните раце.

[17] Tu, pois, cinge os lombos, dispõe-te e dize-lhes tudo quanto eu te mandar; não te espantes diante deles, para que eu não te infunda espanto na sua presença.
[18] Eis que hoje te ponho por cidade fortificada, por coluna de ferro e por muros de bronze, contra todo o país, contra os reis de Judá, contra os seus príncipes, contra os seus sacerdotes e contra o seu povo.
[19] Pelejarão contra ti, mas não prevalecerão; porque eu sou contigo, diz o SENHOR, para te livrar.

[17]А ти препаши ги бедрата свои и стани, та кажи им сѐ што ќе ти заповедам; не треси се пред нив, за да не те стресам Јас пред очите нивни.
[18]И ете, Јас те поставив денес како утврден град, како железен столб и како бронзен ѕид против сите цареви Јудини и кнезовите на целата таа земја, против свештениците негови и против народот на таа земја.
[19]Тие ќе војуваат против тебе, но нема да те победат; зашто Јас сум со тебе, за да те избавувам“ – вели Господ.

Jeremias 2

O amor de Deus e a rebeldia do povo

[1] A mim me veio a palavra do SENHOR, dizendo:
[2] Vai e clama aos ouvidos de Jerusalém: Assim diz o SENHOR: Lembro-me de ti, da tua afeição quando eras jovem, e do teu amor quando noiva, e de como me seguias no deserto, numa terra em que se não semeia.
[3] Então, Israel era consagrado ao SENHOR e era as primícias da sua colheita; todos os que o devoraram se faziam culpados; o mal vinha sobre eles, diz o SENHOR.
[4] Ouvi a palavra do SENHOR, ó casa de Jacó e todas as famílias da casa de Israel.
[5] Assim diz o SENHOR: Que injustiça acharam vossos pais em mim, para de mim se afastarem, indo após a nulidade dos ídolos e se tornando nulos eles mesmos,
[6] e sem perguntarem: Onde está o SENHOR, que nos fez subir da terra do

Еремија 2

Израел е казнет поради неверството

[1]И пак беше упатено словото Господово до мене:
[2]„Оди и извикај во ушите на Ерусалим – вака вели Господ: ‚се сеќавам на посветеноста во младоста твоја, на твојата љубов, кога како невеста тргна по Мене во пустината, во незасеана земја.‘
[3]Израел му беше светиња на Господ, првина од плодовите Негови: сите, што јадеа од нив, биваа осудувани, ги стигнуваше зло,“ вели Господ.
[4]Чујте го словото Господово, доме Јаковов и сите родови на домот Израелов!
[5]Вака вели Господ: „Каква неправда најдоа во Мене татковците ваши, та се оддалечија од Мене, ја прифатија суетата и станаа суетни?
[6]И не рекоа: ‚каде е Господ, Кој нè изведе од египетската земја, нè водеше

Egito? Que nos guiou através do deserto, por uma terra de ermos e de covas, por uma terra de sequidão e sombra de morte, por uma terra em que ninguém transitava e na qual não morava homem algum?

7 Eu vos introduzi numa terra fértil, para que comêsseis o seu fruto e o seu bem; mas, depois de terdes entrado nela, vós a contaminastes e da minha herança fizestes abominação.

8 Os sacerdotes não disseram: Onde está o SENHOR? E os que tratavam da lei não me conheceram, os pastores prevaricaram contra mim, os profetas profetizaram por Baal e andaram atrás de coisas de nenhum proveito.

Perfídia sem exemplo

9 Portanto, ainda pleitearei convosco, diz o SENHOR, e até com os filhos de vossos filhos pleitearei.

10 Passai às terras do mar de Chipre e vede; mandai mensageiros a Quedar, e atentai bem, e vede se jamais sucedeu coisa semelhante.

11 Houve alguma nação que trocasse os seus deuses, posto que não eram deuses? Todavia, o meu povo trocou a sua Glória por aquilo que é de nenhum proveito.

12 Espantai-vos disto, ó céus, e horrorizai-vos! Ficai estupefatos, diz o SENHOR.

13 Porque dois males cometeu o meu povo: a mim me deixaram, o manancial de águas vivas, e cavaram cisternas, cisternas rotas, que não retêm as águas.

по пустината, по земја пуста и ненаселена, по земја сува, по земја на смртна сенка, по која никој не одел и во која никој не живеел?‘

7А кога ве воведов во земја плодородна, за да се храните од плодовите нејзини и од добрата нејзини, вие влеговте и ја осквернивте земјата Моја, и сопственоста Моја ја направивте гадотија.

8Свештениците не рекоа: ,каде е Господ?‘ И учителите на законот не Ме познаа, и пастирите се одметнаа од Мене, и пророците пророкуваа во името на Ваал и одеа по оние, кои не помагаат.

Господ го обвинува Својот народ

9Затоа Јас уште ќе се судам со вас, вели Господ, и со синовите на вашите синови ќе се судам.

10Затоа отидете на бреговите на Китим и разгледајте, и испратете во Кедар и испитајте сесрдно и видете: станувало ли таму нешто слично на тоа?

11Ги променил ли некој народ боговите свои, иако тие не се богови? А Мојот народ ја менуваше Славата своја за она што не помага.

12Чудете се на тоа, небеса, стресете се и грозете се, вели Господ.

13Зашто две зла изврши Мојот народ: Мене, изворот на жива вода, Ме оставија и си ископаа извори издупчени, кои не можат да држат вода.

[14] Acaso, é Israel escravo ou servo nascido em casa? Por que, pois, veio a ser presa?
[15] Os leões novos rugiram contra ele, levantaram a voz; da terra dele fizeram uma desolação; as suas cidades estão queimadas, e não há quem nelas habite.
[16] Até os filhos de Mênfis e de Tafnes te pastaram o alto da cabeça.
[17] Acaso, tudo isto não te sucedeu por haveres deixado o SENHOR, teu Deus, quando te guiava pelo caminho?
[18] Agora, pois, que lucro terás indo ao Egito para beberes as águas do Nilo; ou indo à Assíria para beberes as águas do Eufrates?
[19] A tua malícia te castigará, e as tuas infidelidades te repreenderão; sabe, pois, e vê que mau e quão amargo é deixares o SENHOR, teu Deus, e não teres temor de mim, diz o SENHOR, o SENHOR dos Exércitos.

Israel adorou a Baal

[20] Ainda que há muito quebrava eu o teu jugo e rompia as tuas ataduras, dizias tu: Não quero servir-te. Pois, em todo outeiro alto e debaixo de toda árvore frondosa, te deitavas e te prostituías.
[21] Eu mesmo te plantei como vide excelente, da semente mais pura; como, pois, te tornaste para mim uma planta degenerada, como de vide brava?
[22] Pelo que ainda que te laves com salitre e amontoes potassa, continua a mácula da tua iniqüidade perante mim, diz o SENHOR Deus.

[14]Зар Израел е слуга? Или е слуга домородец? Зошто така стана плен?
[15]Зарикаа против него млади лавови, нададоа рик и ја направија земјата негова пустелија; градовите негови му се изгорени, никој не живее во нив.
[16]И синовите на Мемфис и Тафнис те познаа и ти го избричија темето.
[17]Не си го направи ли тоа сам, оставајќи Го твојот Господ Бог во она време, кога Тој те водеше по патот?
[18]И сега, што бараш во Египет да пиеш вода од Нил? И зошто да одиш во Асирија за да пиеш вода од реките нејзини?
[19]Ќе те казни отстапувањето твое, и злобата твоја ќе те обвини: и така познај и размисли, колку е лошо и горчливо што Ме остави, вели твојот Господ Бог, што кај тебе нема страхопочит, вели Господ, Бог Саваот.
[20]Зашто одамна го скрши јаремот свој, ги раскина твоите вериги, па велеше: – Нема Тебе да Ти служам; но ќе појдам на секој висок рид и под секое лиснато дрво ќе им служам на идоли.
[21]Јас те посадив како благородна лоза – најчисто семе; а како Ми се претвори во див ластар од туѓа лоза?

Вината на Израел

[22]Затоа, макар и да се измиеш со сапун и да употребуваш многу пепелница, – твоите беззаконија ќе се покажат пред Мене, вели Господ Бог.

[23] Como podes dizer: Não estou maculada, não andei após os baalins? Vê o teu rasto no vale, reconhece o que fizeste, dromedária nova de ligeiros pés, que andas ziguezagueando pelo caminho;
[24] jumenta selvagem, acostumada ao deserto e que, no ardor do cio, sorve o vento. Quem a impediria de satisfazer ao seu desejo? Os que a procuram não têm de fatigar-se; no mês dela a acharão.
[25] Guarda-te de que os teus pés andem desnudos e a tua garganta tenha sede. Mas tu dizes: Não, é inútil; porque amo os estranhos e após eles irei.
[26] Como se envergonha o ladrão quando o apanham, assim se envergonham os da casa de Israel; eles, os seus reis, os seus príncipes, os seus sacerdotes e os seus profetas,
[27] que dizem a um pedaço de madeira: Tu és meu pai; e à pedra: Tu me geraste. Pois me viraram as costas e não o rosto; mas, em vindo a angústia, dizem: Levanta-te e livra-nos.
[28] Onde, pois, estão os teus deuses, que para ti mesmo fizeste? Eles que se levantem se te podem livrar no tempo da tua angústia; porque os teus deuses, ó Judá, são tantos como as tuas cidades.
[29] Por que contendeis comigo? Todos vós transgredistes contra mim, diz o SENHOR.
[30] Em vão castiguei os vossos filhos; eles não aceitaram a minha disciplina; a vossa espada devorou os vossos profetas como leão destruidor.

[23]Како можеш да кажеш: ‚Јас не се осквернив, и не одев по Ваал?‘ Загледај се во патиштата твои во долината, и увиди што правеше ти, бујна камило, која трча наваму натаму?
[24]Кој може да скроти дива магарица навикната на пустина, која со страст во душата дише забрзано? Сите, што ја бараат, нема да се уморат: во месецот нејзин ќе ја најдат.
[25]Не дозволувај им на нозете свои да се боси, и на грлото твое – да се мачи од жед. Но ти рече: ‚Ништо од тоа, зашто ги сакам туѓинците и по нив ќе одам.‘
[26]Како што крадец, кога ќе го фатат, се посрамува, – така ќе се посрами Израеловиот дом: царевите нивни, кнезовите нивни, свештениците нивни и пророците нивни, –
[27]кои на дрвото му велат: ‚ти си мој татко‘, и на каменот: ‚ти ме роди‘; зашто тие Ми свртеа грб, а не лице; а во време на неволји велат: ‚стани и спаси нè!‘
[28]Каде се, пак, твоите богови, што сам си ги направил? Нека станат тие, ако можат – да те спасат во време на твојата неволја; зашто, колку градови имаш, о, Јудо, толку и богови имаш!

Бунтот на Израел против Господ

[29]Зошто се жалите кај Мене? Сите вие се одметнавте од Мене,“ вели Господ.
[30]Напразно ги удирав децата ваши: тие не се вразумија; вашиот меч како истребувачки лав ги јадеше пророците ваши.

[31] Oh! Que geração! Considerai vós a palavra do SENHOR. Porventura, tenho eu sido para Israel um deserto? Ou uma terra da mais espessa escuridão? Por que, pois, diz o meu povo: Somos livres! Jamais tornaremos a ti?

[32] Acaso, se esquece a virgem dos seus adornos ou a noiva do seu cinto? Todavia, o meu povo se esqueceu de mim por dias sem conta.

[33] Como dispões bem os teus caminhos, para buscares o amor! Pois até às mulheres perdidas os ensinaste.

[34] Nas orlas dos teus vestidos se achou também o sangue de pobres e inocentes, não surpreendidos no ato de roubar. Apesar de todas estas coisas,

[35] ainda dizes: Estou inocente; certamente, a sua ira se desviou de mim. Eis que entrarei em juízo contigo, porquanto dizes: Não pequei.

[36] Que mudar leviano é esse dos teus caminhos? Também do Egito serás envergonhada, como foste envergonhada da Assíria.

[37] Também daquele sairás de mãos na cabeça; porque o SENHOR rejeitou aqueles em quem confiaste, e não terás sorte por meio deles.

Jeremias 3

A clemência de Deus, apesar da infidelidade do povo

[1] Se um homem repudiar sua mulher, e ela o deixar e tomar outro marido,

[31]О роде, чујте го словото Господово: „Јас ли бев пустина за Израел, Јас ли бев земја неплодна? А зошто Мојот народ вели: ‚Слобода сакаме, нема повеќе да доаѓаме кај Тебе!?‘

[32]Го заборава ли девојката украсот свој, и невестата – накитот свој? А Мојот народ Ме заборави – има веќе безброј дни.

[33]Како лукаво ги насочуваш ти патиштата свои, за да придобиеш љубовници, та дури и непристојните жени ги научи на тоа!

[34]По твоите поли има крв од бедните, невини луѓе; иако не ги фати да проваливаат! И покрај тоа,

[35]велиш: ‚невина сум, гневот Негов ќе се одврати од мене.‘ – Ете, Јас ќе се судам со тебе, затоа што велиш: ‚не згрешив‘.

[36]Зошто толку многу скиташ, менувајќи го патот свој? Ќе бидеш посрамена и од Египет, како што беше посрамена од Асирија;

[37]и од него ќе излезеш со рацете на глава, зашто Господ ги отфрли оние на кои ти се надеваш и со нив нема да имаш успех.“

Еремија 3

Грев и срам

[1]Ако мажот си ја остави жената, и таа си замине и стане жена на друг маж,

porventura, aquele tornará a ela? Não se poluiria com isso de todo aquela terra? Ora, tu te prostituíste com muitos amantes; mas, ainda assim, torna para mim, diz o SENHOR.

може ли пак да се врати кај него? Нема ли со тоа да се оскверни таа земја? А ти со мнозина милосници блудствуваше, – и при сето тоа ќе се враќаш кај Мене? – вели Господ.

2 Levanta os olhos aos altos desnudos e vê; onde não te prostituíste? Nos caminhos te assentavas à espera deles como o arábio no deserto; assim, poluíste a terra com as tuas devassidões e com a tua malícia.

2– Крени ги очите кон идолските светилишта и гледај каде ли не блудствувале со тебе? Како Арапин во пустина седеше ти по патиштата заради нив, и ја осквернуваше земјата со твојот блуд и со твојата грешност.

3 Pelo que foram retiradas as chuvas, e não houve chuva serôdia; mas tu tens a fronte de prostituta e não queres ter vergonha.

3Заради тоа беа запрени дождовите и немаше пролетен дожд; но ти имаше чело на блудница, – не сакаше да се засрамиш.

4 Não é fato que agora mesmo tu me invocas, dizendo: Pai meu, tu és o amigo da minha mocidade?

4Не викаш ли сега кон Мене: „Оче, Ти беше пријател на младоста моја.“

5 Conservarás para sempre a tua ira? Ou a reterás até ao fim? Sim, assim me falas, mas cometes maldade a mais não poder.

5Зар Тој вечно ќе се лути, ќе пламти ли вечно гневот Негов? Ете, што зборуваш ти, а вршиш зло и продолжуваш така!

Божјиот повик до Израел

6 Disse mais o SENHOR nos dias do rei Josias: Viste o que fez a pérfida Israel? Foi a todo monte alto e debaixo de toda árvore frondosa e se deu ali a toda prostituição.

6Господ ми рече во дните на царот Јошија: виде ли ти, што врши отстапницата, ќерката Израелова? Таа оди на секоја висока гора и под секое лиснато дрво, и таму блудствува.

7 E, depois de ela ter feito tudo isso, eu pensei que ela voltaria para mim, mas não voltou. A sua pérfida irmã Judá viu isto.

7И откако таа го вршеше сето тоа, Јас мислев дека таа ќе се врати кај Мене, но таа не се врати; и го виде тоа нејзината вероломна сестра Јудеја.

8 Quando, por causa de tudo isto, por ter cometido adultério, eu despedi a pérfida Israel e lhe dei carta de divórcio, vi que a falsa Judá, sua irmã, não temeu; mas ela mesma se foi e se deu à prostituição.

8И видов дека, кога заради сите прељубни дејствија на отстапницата, ќерката Израелова, Јас ја напуштив и ѝ дадов разводно писмо, вероломната ѝ

сестра Јудеја не се исплаши, туку отиде и сама блудствуваше.

[9] Sucedeu que, pelo ruidoso da sua prostituição, poluiu ela a terra; porque adulterou, adorando pedras e árvores.

[9]И со јавното блудно дејствување таа ја оскверни земјата, и прељуба вршеше и со камен и со дрво.

[10] Apesar de tudo isso, não voltou de todo o coração para mim a sua falsa irmã Judá, mas fingidamente, diz o SENHOR.

[10]Но при сето тоа нејзината вероломна сестра Јудеја не се обрати кон Мене од сè срце, туку само привидно – рече Господ.

[11] Disse-me o SENHOR: Já a pérfida Israel se mostrou mais justa do que a falsa Judá.

[11]И ми рече Господ: отстапницата, ќерката Израелова, излезе поправа, отколку вероломната Јудеја.

[12] Vai, pois, e apregoa estas palavras para o lado do Norte e dize: Volta, ó pérfida Israel, diz o SENHOR, e não farei cair a minha ira sobre ti, porque eu sou compassivo, diz o SENHOR, e não manterei para sempre a minha ira.

[12]Оди и разгласи ги тие зборови кон север и кажи: – врати се, отстапнице, ќерко Израелова – вели Господ. Јас нема да го излијам врз вас Мојот гнев; зашто Јас сум милостив, – вели Господ – нема вечно да негодувам.

[13] Tão-somente reconhece a tua iniqüidade, reconhece que transgrediste contra o SENHOR, teu Deus, e te prostituíste com os estranhos debaixo de toda árvore frondosa e não deste ouvidos à minha voz, diz o SENHOR.

[13]Признај ја само вината своја: зашто отстапи од Твојот Господ Бог и се одвлечка со туѓинци под секое лиснато дрво, а Мојот глас не го слушаше, вели Господ.

O povo exortado a arrepender-se

[14] Convertei-vos, ó filhos rebeldes, diz o SENHOR; porque eu sou o vosso esposo e vos tomarei, um de cada cidade e dois de cada família, e vos levarei a Sião.

[14]Вратете се деца – отстапници, вели Господ, зашто Јас сум ваш Господар и ќе земам од вас по еден од град и по двајца од племе и ќе ве одведам на Сион.

[15] Dar-vos-ei pastores segundo o meu coração, que vos apascentem com conhecimento e com inteligência.

[15]И ќе ви дадам според срцето Мое пастири, кои ќе ве пасат со знаење и благоразумност.

[16] Sucederá que, quando vos multiplicardes e vos tornardes fecundos na terra, então, diz o SENHOR, nunca mais se

[16]И кога ќе се размножите и ќе станете многуплодни на земјата, тогаш, вели Господ, нема повеќе да велите: Ков-

exclamará: A arca da Aliança do SENHOR! Ela não lhes virá à mente, não se lembrarão dela nem dela sentirão falta; e não se fará outra.

[17] Naquele tempo, chamarão a Jerusalém de Trono do SENHOR; nela se reunirão todas as nações em nome do SENHOR e já não andarão segundo a dureza do seu coração maligno.

[18] Naqueles dias, andará a casa de Judá com a casa de Israel, e virão juntas da terra do Norte para a terra que dei em herança a vossos pais.

[19] Mas eu a mim me perguntava: como te porei entre os filhos e te darei a terra desejável, a mais formosa herança das nações? E respondi: Pai me chamarás e de mim não te desviarás.

[20] Deveras, como a mulher se aparta perfidamente do seu marido, assim com perfídia te houveste comigo, ó casa de Israel, diz o SENHOR.

[21] Nos lugares altos, se ouviu uma voz, pranto e súplicas dos filhos de Israel; porquanto perverteram o seu caminho e se esqueceram do SENHOR, seu Deus.

[22] Voltai, ó filhos rebeldes, eu curarei as vossas rebeliões. Eis-nos aqui, vimos ter contigo; porque tu és o SENHOR, nosso Deus.

чегот на заветот Господов, ни на ум нема да им дојде, и нема да се сетат за него, ниту ќе доаѓаат кај него, ниту пак повторно ќе го градат.

[17]Во тоа време Ерусалим ќе го наречат престол на Господ, и сите народи заради името Господово ќе се соберат во Ерусалим и нема повеќе да постапуваат според тврдоглавоста на своето зло срце.

[18]Во тие дни Јудиниот дом ќе дојде при Израеловиот дом, и ќе дојдат заедно од северната земја во земјата што Јас им ја дадов во наследство на предците ваши.

[19]И реков Јас: „Како да те поставам меѓу синовите и да ти ја дадам многу саканата земја, најпрекрасното наследство на многуте народи?“ И мислев: „Ти ќе Ме нарекуваш твој Отец и нема да отстапиш од Мене.“

[20]Но, навистина, како што жена вероломна го изневерува сопругот свој, така вероломно постапивте со Мене вие, доме Израелов, вели Господ.

Народот се кае за своите гревови

[21]Нека се чуе глас по идолските светилишта, жален плач на Израеловите синови, затоа што тие скршнаа од својот пат, Го заборавија Господа, нивниот Бог.

[22]Вратете се, синови одметници: Јас ќе го излекувам вашето непокорство. – Еве, ние идеме кај Тебе, зашто Ти си Господ, Бог наш.

[23] Na verdade, os outeiros não passam de ilusão, nem as orgias das montanhas; com efeito, no SENHOR, nosso Deus, está a salvação de Israel.
[24] Mas a coisa vergonhosa devorou o labor de nossos pais, desde a nossa mocidade: as suas ovelhas e o seu gado, os seus filhos e as suas filhas.
[25] Deitemo-nos em nossa vergonha, e cubra-nos a nossa ignomínia, porque temos pecado contra o SENHOR, nosso Deus, nós e nossos pais, desde a nossa mocidade até ao dia de hoje; e não demos ouvidos à voz do SENHOR, nosso Deus.

Jeremias 4

[1] Se voltares, ó Israel, diz o SENHOR, volta para mim; se removeres as tuas abominações de diante de mim, não mais andarás vagueando;
[2] se jurares pela vida do SENHOR, em verdade, em juízo e em justiça, então, nele serão benditas as nações e nele se glorificarão.
[3] Porque assim diz o SENHOR aos homens de Judá e Jerusalém: Lavrai para vós outros campo novo e não semeeis entre espinhos.
[4] Circuncidai-vos para o SENHOR, circuncidai o vosso coração, ó homens de Judá e moradores de Jerusalém, para que o meu furor não saia como fogo e arda, e não haja quem o apague, por causa da malícia das vossas obras.

Vem do Norte o mal

[23]Навистина, напразно се надевавме на ридовите и на многуте гори; навистина, во нашиот Господ Бог е Израеловото спасение!
[24]Уште од млади години таа гадотија ги уништуваше трудовите на нашите предци, овците и воловите нивни, синовите и ќерките нивни.
[25]Ние лежиме во својот срам, а нашиот срам нѐ покрива, зашто грешевме пред нашиот Господ Бог, – ние и татковците наши, уште од младите години наши дури до овој ден. – И не го слушавме гласот на Господ, нашиот Бог.

Еремија 4

Услови за враќање на Израел

[1]Ако сакаш да се обратиш, Израеле, вели Господ, обрати се кон Мене; и ако ги отклониш гадотиите од пред Моето лице, и престанеш да скиташ,
[2]и ако се заколнеш: вистински верно и праведно: жив е Господ, тогаш народите ќе бидат благословени и со Него ќе се фалат.

[3]Зашто вака им вели Господ на луѓето од Јудеја и од Ерусалим: изорајте си нови ниви и не сејте меѓу трње.

[4]Обрезете се заради Господ и симнете го крајчето од срцето свое, луѓе Јудини и ерусалимски жители, за да не се јави Мојот гнев како оган и да не пламне неизгасливо поради вашите злодела.

Најава за неволја

[5] Anunciai em Judá, fazei ouvir em Jerusalém e dizei: Tocai a trombeta na terra! Gritai em alta voz, dizendo: Ajuntai-vos, e entremos nas cidades fortificadas!

[6] Arvorai a bandeira rumo a Sião, fugi e não vos detenhais; porque eu faço vir do Norte um mal, uma grande destruição.

[7] Já um leão subiu da sua ramada, um destruidor das nações; ele já partiu, já deixou o seu lugar para fazer da tua terra uma desolação, a fim de que as tuas cidades sejam destruídas, e ninguém as habite.

[8] Cingi-vos, pois, de cilício, lamentai e uivai; porque a ira ardente do SENHOR não se desviou de nós.

[9] Sucederá naquele dia, diz o SENHOR, que o rei e os príncipes perderão a coragem, os sacerdotes ficarão pasmados, e os profetas, estupefatos.

[10] Então, disse eu: Ah! SENHOR Deus! Verdadeiramente, enganaste a este povo e a Jerusalém, dizendo: Tereis paz; e eis que a espada lhe penetra até à alma.

[11] Naquele tempo, se dirá a este povo e a Jerusalém: Vento abrasador dos altos desnudos do ermo assopra diretamente à filha do meu povo, não para padejar nem para alimpar.

[12] Vento mais forte do que este virá ainda de minha parte, e, então, também eu pronunciarei a sentença contra eles.

[13] Eis aí que sobe o destruidor como nuvens; os seus carros, como tempestade;

[5]Објавете во Јудеја, и разгласете во Ерусалим, говорете и трубете со труба по земјата; викајте силно и велете: соберете се, и да влеземе во утврдените градови.

[6]Кренете го знамето кон Сион – бегајте, не запирајте се, зашто Јас ќе донесам од север зло и голема погибел.

[7]Излегува лав од својот честар, тргнува истребителот на народите: тој излегува од местото свое, за да ја направи земјата твоја пустина, градовите твои ќе бидат сосипани, ќе останат без жители.

[8]Затоа опашете се со врeќиште, плачете и ридајте: јароста на Господовиот гнев не се одврати од нас!

[9]И во тој ден, вели Господ, ќе замре срцето на царот и срцето на кнезовите, ќе се ужаснат свештениците и ќе се вчудоневидат пророците.

[10]И реков: „О, Господи Боже, зар Ти само го лажеше овој народ и Ерусалим кога велеше: ‚мир ќе има кај вас‘; а, меч допре до гушата?“

Неволјата доаѓа

[11]Во тоа време ќе му биде речено на тој народ и на Ерусалим: топол ветар дува од пустинските височини врз патот на ќерката на Мојот народ, не за да вее, ниту да очистува.

[12]И оттаму ќе дојде ветар посилен од овој, и Јас ќе искажам суд над нив.

[13]Ете, се крева тој како облак, и колите му се како виор, коњите му се побрзи

os seus cavalos são mais ligeiros do que as águias. Ai de nós! Estamos arruinados!

[14] Lava o teu coração da malícia, ó Jerusalém, para que sejas salva! Até quando hospedarás contigo os teus maus pensamentos?

[15] Uma voz se faz ouvir desde Dã e anuncia a calamidade desde a região montanhosa de Efraim!

[16] Proclamai isto às nações, fazei-o ouvir contra Jerusalém: De uma terra longínqua vêm sitiadores e levantam a voz contra as cidades de Judá.

[17] Como os guardas de um campo, eles cercam Jerusalém, porque ela se rebelou contra mim, diz o SENHOR.

[18] O teu proceder e as tuas obras fizeram vir sobre ti estas coisas; a tua calamidade, que é amarga, atinge até o próprio coração.

[19] Ah! Meu coração! Meu coração! Eu me contorço em dores. Oh! As paredes do meu coração! Meu coração se agita! Não posso calar-me, porque ouves, ó minha alma, o som da trombeta, o alarido de guerra.

[20] Golpe sobre golpe se anuncia, pois a terra toda já está destruída; de súbito, foram destruídas as minhas tendas; num momento, as suas lonas.

[21] Até quando terei de ver a bandeira, terei de ouvir a voz da trombeta?

[22] Deveras, o meu povo está louco, já não me conhece; são filhos néscios e não inteligentes; são sábios para o mal e não sabem fazer o bem.

од орли; тешко ним! Зашто ќе бидат сосипани!

[14]Измиј го злото од срцето свое, Ерусалиме, за да се спасиш: до кога ќе бораваат во тебе злосторнички мисли?

[15]Зашто веќе се разнесува глас од Дан, и погибелна вест – од Ефремовата Гора:

[16]јавете им на народите, известете го Ерусалим дека идат од далечна земја опсадувачи и со викања ги заземаат градовите на Јудеја.

[17]„Како чувари на нивите го оградуваат од сите страни, зашто тој се крена против Мене, вели Господ.

[18]Тоа ти го направија твоите патишта и делата твои; од твојата нечесност ти е толку горчливо, што допира до срцето твое.“

Видение за казната

[19]„Утробо моја! Утробо моја! Нажален сум до дното на срцето свое, се бранува во мене срцето мое, не можам да молчам; зашто ти слушаш, душо моја, звук од труба, боен повик.

[20]Зло по зло, целата земја се опустошува, ненадејно беа соборени шаторите мои, за миг – колибите мои.

[21]До кога ќе гледаме знаме, и ќе слушаме трубен звук?

[22]Тоа произлегува оттаму, што водачите на Мојот глупав народ не Ме познаваат: тие се безумни синови, и нема

23 Olhei para a terra, e ei-la sem forma e vazia; para os céus, e não tinham luz.

24 Olhei para os montes, e eis que tremiam, e todos os outeiros estremeciam.

25 Olhei, e eis que não havia homem nenhum, e todas as aves dos céus haviam fugido.

26 Olhei ainda, e eis que a terra fértil era um deserto, e todas as suas cidades estavam derribadas diante do SENHOR, diante do furor da sua ira.

27 Pois assim diz o SENHOR: Toda a terra será assolada; porém não a consumirei de todo.

28 Por isso, a terra pranteará, e os céus acima se enegrecerão; porque falei, resolvi e não me arrependo, nem me retrato.

29 Ao clamor dos cavaleiros e dos flecheiros, fogem todas as cidades, entram pelas selvas e sobem pelos penhascos; todas as cidades ficam desamparadas, e já ninguém habita nelas.

30 Agora, pois, ó assolada, por que fazes assim, e te vestes de escarlata, e te adornas com enfeites de ouro, e alargas os olhos com pinturas, se debalde te fazes bela? Os amantes te desprezam e procuram tirar-te a vida.

31 Pois ouço uma voz, como de parturiente, uma angústia como da

во нив расудување: вешти се за зло, но не умеат да вршат добро.

23Ја гледам земјата – и ете, таа е разорена и пуста, – небесата, и нема на нив светлина.

24Ги гледам горите – и ете, тие треперат, и сите ридови се нишаат.

25Гледам – и ете, нема човек и сите небески птици одлетале.

26Гледам – и ете, плодното поле е пустина, и сите негови градови се сосипани од лицето Господово, од јароста на гневот Негов.

Пропаст на Ерусалим

27Зашто вака рече Господ: – целата земја ќе биде опустошена, но целосно истребување нема да извршам.

28Ќе заплаче земјата поради тоа, и небесата ќе се затемнат, зашто Јас реков, Јас решив, и нема да се покаам, ниту ќе отстапам од тоа.

29Од викот на коњаници и на стрелци ќе се разбегаат сите градови: тие ќе отидат во густи шуми и ќе се искачат на карпи; сите градови ќе бидат напуштени, и во нив никој нема да живее.

30А ти, опустошена, што ќе правиш? Макар и да се облекуваш во пурпур, и да се украсуваш со златни накити, да си ги украсуваш со боја очите свои – залудно ќе се украсуваш: те презираат љубовниците твои – душата ти ја бараат.

31Зашто Јас слушам глас како од жена при породување, стенкање како на

primípara em suas dores; a voz da filha de Sião, ofegante, que estende as mãos, dizendo: Ai de mim agora! Porque a minha alma desfalece por causa dos assassinos.

Jeremias 5

Os pecados de Jerusalém e de Judá

[1] Dai voltas às ruas de Jerusalém; vede agora, procurai saber, buscai pelas suas praças a ver se achais alguém, se há um homem que pratique a justiça ou busque a verdade; e eu lhe perdoarei a ela.

[2] Embora digam: Tão certo como vive o SENHOR, certamente, juram falso.

[3] Ah! SENHOR, não é para a fidelidade que atentam os teus olhos? Tu os feriste, e não lhes doeu; consumiste-os, e não quiseram receber a disciplina; endureceram o rosto mais do que uma rocha; não quiseram voltar.

[4] Mas eu pensei: são apenas os pobres que são insensatos, pois não sabem o caminho do SENHOR, o direito do seu Deus.

[5] Irei aos grandes e falarei com eles; porque eles sabem o caminho do SENHOR, o direito do seu Deus; mas estes, de comum acordo, quebraram o jugo e romperam as algemas.

[6] Por isso, um leão do bosque os matará, um lobo dos desertos os assolará, um leopardo estará à espreita das suas cidades; qualquer que sair delas será despedaçado; porque as suas transgressões

прворотка, глас на ќерката Сионска; таа стенка, протегајќи ги рацете: о, тешко мене, душата моја примира пред убијците!“

Еремија 5

Има ли чесни и верни луѓе?

[1]Поминете по ерусалимските улици, погледајте, испитајте и побарајте по плоштадите негови, ќе најдете ли човек кој пази правда, кој ја бара вистината? – за да му простам на Ерусалим.

[2]Макар и да велат: жив Господ! Но тие лажно се колнат.

[3]О, Господи, Твоите очи нели се свртени кон вистината? Ти ги удираш, а тие не чувствуваат болка; Ти ги истребуваш, а тие не сакаат да се вразумат; ги направиле лицата свои поцврсти од камен – не сакаат да се обратат.

[4]Па си реков: – тоа се, можеби, сиромаси; тие се глупави, зашто не го знаат патот Господов, законот на својот Бог.

[5]Ќе одам кај големците и ним ќе им зборувам, зашто тие го знаат патот Господов, законот на својот Бог. Но и тие сите го скршија јаремот, ги раскинаа веригите.

[6]Поради тоа лав од шумата ќе ги погуби, пустински волк ќе ги истреби, леопард ќе ги демне крај градовите нивни: кој ќе излезе од нив ќе биде раскинат; зашто се намножија

se multiplicaram, multiplicaram-se as suas perfídias.

[7] Como, vendo isto, te perdoaria? Teus filhos me deixam a mim e juram pelos que não são deuses; depois de eu os ter fartado, adulteraram e em casa de meretrizes se ajuntaram em bandos;

[8] como garanhões bem fartos, correm de um lado para outro, cada um rinchando à mulher do seu companheiro.

[9] Deixaria eu de castigar estas coisas, diz o SENHOR, ou não me vingaria de nação como esta?

[10] Subi vós aos terraços da vinha, destruí-a, porém não de todo; tirai-lhe as gavinhas, porque não são do SENHOR.

[11] Porque perfidamente se houveram contra mim, a casa de Israel e a casa de Judá, diz o SENHOR.

[12] Negaram ao SENHOR e disseram: Não é ele; e: Nenhum mal nos sobrevirá; não veremos espada nem fome.

[13] Até os profetas não passam de vento, porque a palavra não está com eles, as suas ameaças se cumprirão contra eles mesmos.

[14] Portanto, assim diz o SENHOR, o Deus dos Exércitos: Visto que proferiram eles tais palavras, eis que converterei em fogo as minhas palavras na tua boca e a este povo, em lenha, e eles serão consumidos.

[15] Eis que trago sobre ti uma nação de longe, ó casa de Israel, diz o SENHOR;

престапите нивни, се засилија отстапувањата нивни.

Казна од непријателите

[7]Како да ти го простам тоа? Твоите синови Ме оставија и се колнат во оние, што не се богови. Јас ги наситував, а тие вршеа прељуба и навалуваа во куќите на блудниците.

[8]Тие се како угоени коњи: секој од нив 'ржи по жената на ближниот свој.

[9]Зар да не казнам поради тоа – вели Господ; а душата Моја нема ли да одмазди на таков народ, како овој?

[10]Качувајте се на ѕидиштата негови и урнувајте ги, но не до крај; уништете ги нивните лозници, зашто тие не се Господови;

[11]зашто домот Израелов и домот Јудин постапија спрема Мене многу вероломно, вели Господ;

[12]тие излагаа против Господ и рекоа: „Не, зло нема да нè снајде, и ние нема да видиме ни меч, ни глад.“

[13]И пророците се ветар, и слово Господово нема во нив, врз нив самите нека се збидне тоа.

[14]Поради тоа вака вели Господ, Бог Саваот: затоа што говорите такви зборови, ете, Јас ќе ги направам Моите зборови во устата твоја оган, а овој народ – дрва, и овој оган ќе ги проголта.

[15]Ете, ќе доведам против вас, доме Израелов, народ оддалеку, вели

nação robusta, nação antiga, nação cuja língua ignoras; e não entendes o que ela fala.

16 A sua aljava é como uma sepultura aberta; todos os seus homens são valentes.

17 Comerão a tua sega e o teu pão, os teus filhos e as tuas filhas; comerão as tuas ovelhas e o teu gado; comerão a tua vide e a tua figueira; e com a espada derribarão as tuas cidades fortificadas, em que confias.

18 Contudo, ainda naqueles dias, diz o SENHOR, não vos destruirei de todo.

19 Quando disserem: Por que nos fez o SENHOR, nosso Deus, todas estas coisas? Então, lhes responderás: Como vós me deixastes e servistes a deuses estranhos na vossa terra, assim servireis a estrangeiros, em terra que não é vossa.

20 Anunciai isto na casa de Jacó e fazei-o ouvir em Judá, dizendo:

21 Ouvi agora isto, ó povo insensato e sem entendimento, que tendes olhos e não vedes, tendes ouvidos e não ouvis.

22 Não temereis a mim? – diz o SENHOR; não tremereis diante de mim, que pus a areia para limite do mar, limite perpétuo, que ele não traspassará? Ainda que se levantem as suas ondas, não prevalecerão; ainda que bramem, não o traspassarão.

23 Mas este povo é de coração rebelde e contumaz; rebelaram-se e foram-se.

Господ, народ силен, народ одамнешен, народ, чиј јазик не го знаеш, и нема да разбираш што ќе ти зборува.

16Торбата за стрели му е како отворен гроб; сите тие се одбрани јунаци.

17И ќе ја изедат жетвата твоја и лебот твој, ќе ги изедат синовите твои и ќерките твои, ќе ги изедат овците твои и воловите твои, ќе го изедат лозјето твое и смоквите твои; ќе ги разрушат со меч утврдените градови твои, на кои ти се надеваш.

Израел Го остави Господа

18Но и во тие дни, вели Господ, нема да ве истребам сосема.

19И кога ќе ве прашуваат: „Зошто нашиот Господ Бог ни го прави сево ова?“ Вие ќе им одговорите: „Бидејќи Ме оставивте и им служите на туѓи богови во своја земја, затоа ќе служите на туѓинци во туѓа земја.“

20Објавете го тоа во домот Јаковов, разгласете во Јудеја, велејќи:

21чуј го ова, народе безумен и неразумен, кој имаш очи, а не гледаш, имаш уши, а не слушаш:

22од Мене ли не се плашите, вели Господ, пред Мене ли не треперите? Јас ставив песок како граница на морето, за вечна меѓа, која нема да премине; и макар што брановите негови ќе надојдат, но не ќе можат да се прелијат; макар што се упорни, но не ќе можат да го префрлат.

23А овој народ има упорно и непокорно срце; тие отстапија и заминаа.

[24] Não dizem a eles mesmos: Temamos agora ao SENHOR, nosso Deus, que nos dá a seu tempo a chuva, a primeira e a última, que nos conserva as semanas determinadas da sega.

[25] As vossas iniqüidades desviam estas coisas, e os vossos pecados afastam de vós o bem.

[26] Porque entre o meu povo se acham perversos; cada um anda espiando, como espreitam os passarinheiros; como eles, dispõem armadilhas e prendem os homens.

[27] Como a gaiola cheia de pássaros, são as suas casas cheias de fraude; por isso, se tornaram poderosos e enriqueceram.

[28] Engordam, tornam-se nédios e ultrapassam até os feitos dos malignos; não defendem a causa, a causa dos órfãos, para que prospere; nem julgam o direito dos necessitados.

[29] Não castigaria eu estas coisas? – diz o SENHOR; não me vingaria eu de nação como esta?

[30] Coisa espantosa e horrenda se anda fazendo na terra:

[31] os profetas profetizam falsamente, e os sacerdotes dominam de mãos dadas com eles; e é o que deseja o meu povo. Porém que fareis quando estas coisas chegarem ao seu fim?

Jeremias 6

Jerusalém será sitiada

[1] Fugi, filhos de Benjamim, do meio de Jerusalém; tocai a trombeta em Tecoa e

[24]И не рекоа во срцето свое: да се уплашиме од нашиот Господ Бог, Кој ни дава навреме дожд, ран и доцен, ги пази за нас седмиците, одредени за жетва.

[25]Вашите беззаконија го отфрлија тоа, и вашите гревови го отстранија од вас тоа добро.

[26]Зашто меѓу Мојот народ има злочинци: демнат како сокриени ловци на птици, се влечат по земјата, ставајќи стапици за да ловат луѓе.

[27]Како кафез, со птици, домовите нивни се полни со грабежи: а преку тоа тие се издигнаа и се збогатија;

[28]се здебелија, злото надмина секоја мерка, не ја бранат правдата, ни правата на сирацитe за среќа, не се грижат за правата на сиромасите.

[29]Зар нема да казнам заради тоа – вели Господ; и нема ли да се одмазди душата Моја на таков народ, како овој?

[30]Стравотии и грозотии се случуваат во таа земја:

[31]пророците пророкуваат лага, свештениците господарат преку нив – и Мојот народ го сака тоа. Но што ќе правите на крајот?

Еремија 6

Предупредување кон Ерусалим

[1]Бегајте, деца Венијаминови од Ерусалим, трубете со труба во Текоа и

levantai o facho sobre Bete-Haquerém, porque do lado do Norte surge um grande mal, uma grande calamidade.

2 A formosa e delicada, a filha de Sião, eu deixarei em ruínas.

3 Contra ela virão pastores com os seus rebanhos; levantarão suas tendas em redor, e cada um apascentará no seu devido lugar.

4 Preparai a guerra contra ela, disponde-vos, e subamos ao meio-dia. Ai de nós, que já declina o dia, já se vão estendendo as sombras da tarde!

5 Disponde-vos, e subamos de noite e destruamos os seus castelos.

6 Porque assim diz o SENHOR dos Exércitos: Cortai árvores e levantai tranqueiras contra Jerusalém. Esta é a cidade que há de ser punida; só opressão há no meio dela.

7 Como o poço conserva frescas as suas águas, assim ela, a sua malícia; violência e estrago se ouvem nela; enfermidade e feridas há diante de mim continuamente.

8 Aceita a disciplina, ó Jerusalém, para que eu não me aparte de ti; para que eu não te torne em assolação e terra não habitada.

As iniquidades de Jerusalém são a causa de sua queda

9 Assim diz o SENHOR dos Exércitos: Diligentemente se rebuscarão os resíduos de Israel como uma vinha; vai metendo a mão, como o vindimador, por entre os sarmentos.

јавете преку оган во Бет-Керем, зашто откај север доаѓа зло и голема погибел.

[8] Agora, pois, ó rei, sanciona o interdito e assina a escritura, para que não seja mudada, segundo a lei dos medos e dos persas, que se não pode revogar.

[3]А над нив тројца кнезови, од кои еден беше Даниел – на кого гувернерите ќе му даваат сметка, за да не му досадуваат на царот.

[4]Даниел ги надминуваше другите кнезови и гувернери, бидејќи во него имаше висок дух, и царот веќе се мислеше да го постави над целото царство.

[5]Тогаш кнезовите и гувернерите се договорија да го обвинат Даниел во управувањето со царството, но никако не можеа да најдат повод, ниту пак грешка, бидејќи тој беше верен и немаше никаква грешка ни вина.

[6]Но тие луѓе рекоа: „Нема да најдеме причина против Даниел, ако не најдеме против него нешто во законот на неговиот Бог.“

[7]Тогаш тие кнезови и гувернери отидоа кај царот и му рекоа вака: „Царе Дариј, жив да си довека!

[8]Сите кнезови во царството, намесниците, гувернерите, советниците и воените началници се согласија помеѓу себе да се издаде царска наредба и да се објави заповед: секој што во текот на триесет дена ќе се моли на кој и да било бог или човек, освен на тебе, царе, него да го фрлат во лавовска јама.

[9]И така, утврди го царе тоа решение и потпиши ја наредбата за да биде неотповиклива како непроменлив закон мидиски и персиски.“

[9] Por esta causa, o rei Dario assinou a escritura e o interdito.

[10] Daniel, pois, quando soube que a escritura estava assinada, entrou em sua casa e, em cima, no seu quarto, onde havia janelas abertas do lado de Jerusalém, três vezes por dia, se punha de joelhos, e orava, e dava graças, diante do seu Deus, como costumava fazer.

[11] Então, aqueles homens foram juntos, e, tendo achado a Daniel a orar e a suplicar, diante do seu Deus,

[12] se apresentaram ao rei, e, a respeito do interdito real, lhe disseram: Não assinaste um interdito que, por espaço de trinta dias, todo homem que fizesse petição a qualquer deus ou a qualquer homem e não a ti, ó rei, fosse lançado na cova dos leões? Respondeu o rei e disse: Esta palavra é certa, segundo a lei dos medos e dos persas, que se não pode revogar.

[13] Então, responderam e disseram ao rei: Esse Daniel, que é dos exilados de Judá, não faz caso de ti, ó rei, nem do interdito que assinaste; antes, três vezes por dia, faz a sua oração.

[14] Tendo o rei ouvido estas coisas, ficou muito penalizado e determinou consigo mesmo livrar a Daniel; e, até ao pôr-do-sol, se empenhou por salvá-lo.

[15] Então, aqueles homens foram juntos ao rei e lhe disseram: Sabe, ó rei, que é lei dos medos e dos persas que nenhum interdito

[10]Царот Дариј го потпиша решението и заповедта.

[11]А Даниел, штом разбра дека е потпишана таква повелба, отиде во домот свој. Прозорците на неговата дворна соба му беа отворени кон Ерусалим, тој трипати во текот на денот ги приклонуваше колената свои и Му се молеше на својот Бог и Го славеше, како што го правеше тоа и порано.

[12]Тогаш тие луѓе, демнејќи го, го најдоа Даниел дека се моли и Го призовува својот Бог;

[13]потоа отидоа и му кажаа на царот за царската заповед: „Нели ти потпиша повелба дека секој човек, кој во текот на триесет дена ќе му се моли на кој и да било бог или човек, освен на тебе, царе, да биде фрлен во лавовска јама?“ Царот одговори и рече: „Тој збор е цврст како и законот на Мидијците и Персијците, што не допушта измени.“

[14]Тогаш тие одговорија и му рекоа на царот: „Даниел, кој е од заробените синови од Јудеја, не обрнува внимание ни на тебе, царе, ниту на повелбата што си ја потпишал, туку по трипати на ден се моли со свои молитви.“

[15]Царот кога го чу тоа, многу се загрижи и си стави при срце да го спаси Даниел и дури до зајдисонце многу размислуваше како да го избави.

[16]Но оние луѓе дојдоа кај царот и му рекоа: „Царе, ти знаеш дека според законот на Мидијците и Персијците ни-

ou decreto que o rei sancione se pode mudar.

16 Então, o rei ordenou que trouxessem a Daniel e o lançassem na cova dos leões. Disse o rei a Daniel: O teu Deus, a quem tu continuamente serves, que ele te livre.

17 Foi trazida uma pedra e posta sobre a boca da cova; selou-a o rei com o seu próprio anel e com o dos seus grandes, para que nada se mudasse a respeito de Daniel.

18 Então, o rei se dirigiu para o seu palácio, passou a noite em jejum e não deixou trazer à sua presença instrumentos de música; e fugiu dele o sono.

19 Pela manhã, ao romper do dia, levantou-se o rei e foi com pressa à cova dos leões.

20 Chegando-se ele à cova, chamou por Daniel com voz triste; disse o rei a Daniel: Daniel, servo do Deus vivo! Dar-se-ia o caso que o teu Deus, a quem tu continuamente serves, tenha podido livrar-te dos leões?

21 Então, Daniel falou ao rei: Ó rei, vive eternamente!

22 O meu Deus enviou o seu anjo e fechou a boca aos leões, para que não me fizessem dano, porque foi achada em mim inocência diante dele; também contra ti, ó rei, não cometi delito algum.

23 Então, o rei se alegrou sobremaneira e mandou tirar a Daniel da cova; assim, foi

едно решение или заповед, потврдено од царот не може да се измени.“

17 Тогаш царот заповеда, и го доведоа Даниел, па го фрлија во лавовската јама; па царот му рече на Даниел: „Твојот Бог, Кому без престан Му служиш, Тој нека те избави!“

18 Па донесоа камен, го ставија врз отворот на јамата, и царот го запечати со својот прстен и со прстењата на великодостојниците свои, за да не се измени ништо по однос на Даниел.

19 Потоа царот си отиде во својот двор, легна да спие без вечера, па дури и порача да не му доаѓаат конкубините, но сонот бегаше од него.

20 А утредента царот стана во зори и брзо се упати кон лавовската јама;

21 и кога се приближи до јамата, со нажален глас го повика Даниел и му рече: „Даниеле, слуго на живиот Бог! Твојот Бог, Кому без прекин Му служиш, можеше ли да те избави од лавовите?“

22 Тогаш Даниел му одговори на царот: „Царе, да си жив довека!

23 Мојот Бог го испрати својот ангел и им ја затвори устата на лавовите, така што тие не ме повредија, зашто јас излегов пред Него чист, па и пред тебе, царе, не сум извршил никаков престап.“

24 Тогаш царот многу се зарадува за Даниел и заповеда да го извадат од

tirado Daniel da cova, e nenhum dano se achou nele, porque crera no seu Deus.

[24] Ordenou o rei, e foram trazidos aqueles homens que tinham acusado a Daniel, e foram lançados na cova dos leões, eles, seus filhos e suas mulheres; e ainda não tinham chegado ao fundo da cova, e já os leões se apoderaram deles, e lhes esmigalharam todos os ossos.

[25] Então, o rei Dario escreveu aos povos, nações e homens de todas as línguas que habitam em toda a terra: Paz vos seja multiplicada!

[26] Faço um decreto pelo qual, em todo o domínio do meu reino, os homens tremam e temam perante o Deus de Daniel, porque ele é o Deus vivo e que permanece para sempre; o seu reino não será destruído, e o seu domínio não terá fim.

[27] Ele livra, e salva, e faz sinais e maravilhas no céu e na terra; foi ele quem livrou a Daniel do poder dos leões.

[28] Daniel, pois, prosperou no reinado de Dario e no reinado de Ciro, o persa.

jамата; го извадија Даниел од јамата, и никаква повреда не се забележа на него, зашто тој веруваше во својот Бог.

[25]Царот заповеда, па ги доведоа оние луѓе, што го беа обвиниле Даниел, и ги фрли во лавовската јама, како нив самите, така и децата нивни и жените нивни и уште не беа стигнале до дното на јамата, лавовите ги беа зграбиле и им ги беа здробиле сите нивни коски.

[26]Потоа царот Дариј им напиша на сите народи, племиња и јазици кои живееја по целата земја: „Мирот да ви се умножи!

[27]Издавам повелба во секоја област на царството мое да трепераат и да се плашат пред Даниеловиот Бог, зашто Тој е Бог жив и вечно живее, а царството Негово е непобедливо, и Неговото владение е бескрајно.

[28]Тој избавува и спасува, прави чудеса и знаци по небото и земјата; Тој го избави Даниел од шепите на лавовите.“

[29]И така Даниел живееше добро и за време на царувањето на Дариј, а и во времето кога царуваше Кир Персиски.

Daniel 7

O sonho sobre os quatro animais

[1] No primeiro ano de Belsazar, rei da Babilônia, teve Daniel um sonho e visões ante seus olhos, quando estava no seu leito; escreveu logo o sonho e relatou a suma de todas as coisas.

Даниел 7

Даниел гледа во сон четири светски царства

[1]Во првата година на Валтазар, вавилонскиот цар, Даниел виде сон пророчки и виденија во главата своја врз своето легло. Тогаш тој го запиша тој сон, откако го забележа главното.

[2] Falou Daniel e disse: Eu estava olhando, durante a minha visão da noite, e eis que os quatro ventos do céu agitavam o mar Grande.

[2]Велеше вака: Видов во ноќното свое видение, а таму, четири небесни ветра го бранувaа Големото Море,

[3] Quatro animais, grandes, diferentes uns dos outros, subiam do mar.

[3]и четири големи ѕвера излегоа од морето, секој поинаков од другиот.

[4] O primeiro era como leão e tinha asas de águia; enquanto eu olhava, foram-lhe arrancadas as asas, foi levantado da terra e posto em dois pés, como homem; e lhe foi dada mente de homem.

[4]Првиот беше како лав, но со крилја орлови: додека гледав, му ги искубаа крилјата и потоа беше кренат од земјата, се исправи на нозете како човек и му се даде човечко срце.

[5] Continuei olhando, e eis aqui o segundo animal, semelhante a um urso, o qual se levantou sobre um dos seus lados; na boca, entre os dentes, trazia três costelas; e lhe diziam: Levanta-te, devora muita carne.

[5]И ете, уште еден ѕвер, втор, сличен на мечка, стоеше од едната страна и имаше три ребра во устата негова, меѓу забите; нему му беше речено ова: стани и јади многу месо!

[6] Depois disto, continuei olhando, e eis aqui outro, semelhante a um leopardo, e tinha nas costas quatro asas de ave; tinha também este animal quatro cabeças, e foi-lhe dado domínio.

[6]Потоа видов, пак, уште еден ѕвер, како леопард: на грбот имаше четири крилја од птица, и четири глави имаше тој ѕвер, и му беше дадена власт.

[7] Depois disto, eu continuava olhando nas visões da noite, e eis aqui o quarto animal, terrível, espantoso e sobremodo forte, o qual tinha grandes dentes de ferro; ele devorava, e fazia em pedaços, e pisava aos pés o que sobejava; era diferente de todos os animais que apareceram antes dele e tinha dez chifres.

[7]Потоа видов од ноќните виденија и ете, четврти ѕвер, страшен и ужасен и многу силен; имаше големи железни заби; тој јадеше и здробуваше, а остатоците ги газеше со нозете; тој се разликуваше од сите претходни ѕверови, и имаше десет рогови.

[8] Estando eu a observar os chifres, eis que entre eles subiu outro pequeno, diante do qual três dos primeiros chifres foram arrancados; e eis que neste chifre havia olhos, como os de homem, e uma boca que falava com insolência.

[8]Ги гледав тие рогови, и ете, меѓу нив се појави уште еден мал рог, а три од првите рогови беа од корен истргнати пред него; на тој рог имаше очи, како човечки очи, и уста што горделиво се фали.

[9] Continuei olhando, até que foram postos uns tronos, e o Ancião de Dias se assentou; sua veste era branca como a neve, e os cabelos da cabeça, como a pura lã; o seu trono eram chamas de fogo, e suas rodas eram fogo ardente.

[9]Видов најпосле дека се поставија престоли и седна Старец; облеклото му беше бело како снег, а косата на главата Негова како чиста волна; престолот Негов личеше на огнен пламен, со тркала како оган што пламти.

[10] Um rio de fogo manava e saía de diante dele; milhares de milhares o serviam, e miríades de miríades estavam diante dele; assentou-se o tribunal, e se abriram os livros.

[10]Река огнена излегуваше и минуваше пред Него; илјада илјади му служеа, и десетина илјади по десет илјади стоеја пред Него; седнаа судиите и книгите се отворија.

[11] Então, estive olhando, por causa da voz das insolentes palavras que o chifre proferia; estive olhando e vi que o animal foi morto, e o seu corpo desfeito e entregue para ser queimado.

[11]Тогаш видов дека за искажаните горди зборови, што рогот ги говореше, ѕверот беше убиен пред очите мои и телото негово смачкано и предадено на оган за да изгори.

[12] Quanto aos outros animais, foi-lhes tirado o domínio; todavia, foi-lhes dada prolongação de vida por um prazo e um tempo.

[12]И од другите ѕверови власта беше одземена и животот нивни се продолжи само до извесно време и до рок.

[13] Eu estava olhando nas minhas visões da noite, e eis que vinha com as nuvens do céu um como o Filho do Homem, e dirigiu-se ao Ancião de Dias, e o fizeram chegar até ele.

[13]Видов во ноќните виденија, а тоа на небесните облаци како да идеше Синот Човечки, дојде до Старецот и застана пред Него.

[14] Foi-lhe dado domínio, e glória, e o reino, para que os povos, nações e homens de todas as línguas o servissem; o seu domínio é domínio eterno, que não passará, e o seu reino jamais será destruído.

[14]И Нему Му се даде власт, слава и царство, за да Му служат сите народи, племиња и јазици; владението Негово е владение вечно, кое нема да измине, и царството Негово нема да се разруши.

[15] Quanto a mim, Daniel, o meu espírito foi alarmado dentro de mim, e as visões da minha cabeça me perturbaram.

[15]Духот мој затрепери во мене, Даниел, во телото мое и виденијата ме вознемирија.

[16] Cheguei-me a um dos que estavam perto e lhe pedi a verdade acerca de tudo isto. Assim, ele me disse e me fez saber a interpretação das coisas:

[16]Се приближив до еден од оние што стоеја напред и го прашав за вистинското значење на сето тоа, и тој почна да зборува со мене и ми ја објасни смислата на реченото:

[17] Estes grandes animais, que são quatro, são quatro reis que se levantarão da terra.

[17]Овие големи ѕверови, четири на број, означуваат дека четири царства ќе се издигнат од земјата.

[18] Mas os santos do Altíssimo receberão o reino e o possuirão para todo o sempre, de eternidade em eternidade.

[18]Потоа, светиите на Севишниот ќе го земат царството и ќе владеат со него во векови.

[19] Então, tive desejo de conhecer a verdade a respeito do quarto animal, que era diferente de todos os outros, muito terrível, cujos dentes eram de ferro, cujas unhas eram de bronze, que devorava, fazia em pedaços e pisava aos pés o que sobejava;

[19]Тогаш замолив точно објаснување за четвртиот ѕвер што се разликуваше од сите и кој беше многу страшен, со железни заби и бронзени нокти изедуваше и трошеше, а остатоците ги газеше со нозете,

[20] e também a respeito dos dez chifres que tinha na cabeça e do outro que subiu, diante do qual caíram três, daquele chifre que tinha olhos e uma boca que falava com insolência e parecia mais robusto do que os seus companheiros.

[20]и за десетте рогови што беа на неговата глава и за другиот што се појави, пред кој паднаа трите, за оној ист рог, на кој имаше очи и уста што зборуваа горделиво и како да стана поголем од другите.

[21] Eu olhava e eis que este chifre fazia guerra contra os santos e prevalecia contra eles,

[21]Видов како тој рог водеше борба со светиите и ги надвиваше,

[22] até que veio o Ancião de Dias e fez justiça aos santos do Altíssimo; e veio o tempo em que os santos possuíram o reino.

[22]додека најпосле не дојде Старецот по определени дни и судот беше даден на светиите од Севишниот, па настапи време светиите да го завладеат царството.

[23] Então, ele disse: O quarto animal será um quarto reino na terra, o qual será diferente de todos os reinos; e devorará

[23]Освен тоа тој рече: Четвртиот ѕвер го означува четвртото царство што ќе постои на земјата, различно од сите

toda a terra, e a pisará aos pés, e a fará em pedaços.

[24] Os dez chifres correspondem a dez reis que se levantarão daquele mesmo reino; e, depois deles, se levantará outro, o qual será diferente dos primeiros, e abaterá a três reis.

[25] Proferirá palavras contra o Altíssimo, magoará os santos do Altíssimo e cuidará em mudar os tempos e a lei; e os santos lhe serão entregues nas mãos, por um tempo, dois tempos e metade de um tempo.

[26] Mas, depois, se assentará o tribunal para lhe tirar o domínio, para o destruir e o consumir até ao fim.

[27] O reino, e o domínio, e a majestade dos reinos debaixo de todo o céu serão dados ao povo dos santos do Altíssimo; o seu reino será reino eterno, e todos os domínios o servirão e lhe obedecerão.

[28] Aqui, terminou o assunto. Quanto a mim, Daniel, os meus pensamentos muito me perturbaram, e o meu rosto se empalideceu; mas guardei estas coisas no coração.

Daniel 8

A visão sobre um carneiro e um bode

[1] No ano terceiro do reinado do rei Belsazar, eu, Daniel, tive uma visão depois daquela que eu tivera a princípio.

[2] Quando a visão me veio, pareceu-me estar eu na cidadela de Susã, que é

царства и што ќе ја голтне целата земја, ќе ја гази и ќе ја измачува.

[24]А десетте рогови значат дека од тоа царство ќе се кренат десет цареви и потоа ќе се појави друг, поинаков од поранешните и ќе ги покори трите цара.

[25]И против Севишниот ќе зборува и ќе ги угнетува светиите на Севишниот; дури ќе си помисли да ги измени празниците нивни и закони, па тие ќе бидат предадени во раката негова за време од три и пол години.

[26]Потоа небесниот Суд ќе ја одземе од него власта и сосема ќе го уништи и докрајчи,

[27]а царството и власта и царското величие по целиот поднебесен свод ќе му се даде на народот од светиите на Севишниот, чие царство е царство вечно и сите великодостојници ќе Му служат и ќе Му се покоруваат Нему.

[28]Тука е крајот на овој извештај. Мене, Даниел, силно ме вознемирија размислувањата мои, и лицето ми пребледе, но словото го запазив во срцето свое.

Даниел 8

Видението на овенот и козелот

[1]Во третата година од царувањето на царот Валтазар, јас Даниел, имав второ видение по оние што ми се беа јавиле порано.

[2]И видов во видението, и кога гледав, јас бев во Суза, престолнината на

província de Elão, e vi que estava junto ao rio Ulai.

[3] Então, levantei os olhos e vi, e eis que, diante do rio, estava um carneiro, o qual tinha dois chifres, e os dois chifres eram altos, mas um, mais alto do que o outro; e o mais alto subiu por último.

[4] Vi que o carneiro dava marradas para o ocidente, e para o norte, e para o sul; e nenhum dos animais lhe podia resistir, nem havia quem pudesse livrar-se do seu poder; ele, porém, fazia segundo a sua vontade e, assim, se engrandecia.

[5] Estando eu observando, eis que um bode vinha do ocidente sobre toda a terra, mas sem tocar no chão; este bode tinha um chifre notável entre os olhos;

[6] dirigiu-se ao carneiro que tinha os dois chifres, o qual eu tinha visto diante do rio; e correu contra ele com todo o seu furioso poder.

[7] Vi-o chegar perto do carneiro, e, enfurecido contra ele, o feriu e lhe quebrou os dois chifres, pois não havia força no carneiro para lhe resistir; e o bode o lançou por terra e o pisou aos pés, e não houve quem pudesse livrar o carneiro do poder dele.

[8] O bode se engrandeceu sobremaneira; e, na sua força, quebrou-se-lhe o grande chifre, e em seu lugar saíram quatro chifres notáveis, para os quatro ventos do céu.

Еламската област, и видов во видението како да бев покрај реката Улај.

[3]Ги кренав очите и видов: а таму покрај реката стои еден овен: тој имаше два рога, обата високи, но едниот беше повисок од другиот и повисокиот израсна подоцна.

[4]Видов како тој овен бодеше кон запад, кон север и кон југ и ниеден ѕвер не можеше да устои против него, и никој не можеше да се избави од него; тој вршеше што сакаше и се осили.

[5]Со внимание го гледав тоа и ете, од запад идеше еден козел, со таква брзина што не го допираше тлото; и тој козел имаше силен рог меѓу очите свои.

[6]Се впушти врз оној овен што имаше рог и кога го видов како стои крај реката, тој се фрли врз него со силна јарост.

[7]И видов кога тој се приближи до овенот, свирепо се фрли на него и му ги скрши двата рога; и на овенот не му стигаа силите да устои против него, па затоа го кутна на земја и го згази, и немаше никој овенот да го избави од него.

[8]Тогаш козелот многу се возгордеа; но кога се засили, големиот рог му се скрши и на тоа место му изникнаа четири, свртени спрема четирите страни на светот.

[9] De um dos chifres saiu um chifre pequeno e se tornou muito forte para o sul, para o oriente e para a terra gloriosa.
[10] Cresceu até atingir o exército dos céus; a alguns do exército e das estrelas lançou por terra e os pisou.
[11] Sim, engrandeceu-se até ao príncipe do exército; dele tirou o sacrifício diário e o lugar do seu santuário foi deitado abaixo.

[12] O exército lhe foi entregue, com o sacrifício diário, por causa das transgressões; e deitou por terra a verdade; e o que fez prosperou.

[13] Depois, ouvi um santo que falava; e disse outro santo àquele que falava: Até quando durará a visão do sacrifício diário e da transgressão assoladora, visão na qual é entregue o santuário e o exército, a fim de serem pisados?
[14] Ele me disse: Até duas mil e trezentas tardes e manhãs; e o santuário será purificado.
[15] Havendo eu, Daniel, tido a visão, procurei entendê-la, e eis que se me apresentou diante uma como aparência de homem.
[16] E ouvi uma voz de homem de entre as margens do Ulai, a qual gritou e disse: Gabriel, dá a entender a este a visão.
[17] Veio, pois, para perto donde eu estava; ao chegar ele, fiquei amedrontado e prostrei-me com o rosto em terra; mas ele me disse: Entende, filho do homem, pois esta visão se refere ao tempo do fim.

[9]И од едниот од нив излезе мал рог, кој нарасна многу спрема југ и спрема исток и спрема Ветената Земја,
[10]па се издигна до небесната војска, собори на земјата дел од таа војска и од ѕвездите и ги смачка;
[11]се издигна дури и до Водачот на таа војска, ги запре секојдневните жртви и го урна местото на Неговата светиња;
[12]и народот беше предаден заедно со секојдневните жртви поради бесчестието; а тој, откако ја собори вистината на земјата, дејствуваше и успеваше.

[13]И чув како еден ангел прашуваше друг, велејќи: „До кога ќе трае тоа од видението за секојдневната жртва и за бесчесното опустошување, што ги пази светилиштето и војската небесна?“

[14]Другиот му рече: „Две илјади и триста вечери и утрини; и тогаш светилиштето ќе се очисти.“
[15]И кога јас, Даниел, го гледав тоа видение и замолив за неговото значење, ете пред мене застана некаков лик на човек.
[16]И чув од средината на реката Улај човечки глас, кој извика и рече: „Гаврииле, објасни му го тоа видение!“
[17]И се приближи тој до местото каде што стоев и кога дојде, јас се уплашив и паднав ничкум; а тој ми рече – знај сине човечки дека видението се однесува на крајот од времето.

[18] Falava ele comigo quando caí sem sentidos, rosto em terra; ele, porém, me tocou e me pôs em pé no lugar onde eu me achava;

[19] e disse: Eis que te farei saber o que há de acontecer no último tempo da ira, porque esta visão se refere ao tempo determinado do fim.

[20] Aquele carneiro com dois chifres, que viste, são os reis da Média e da Pérsia;

[21] mas o bode peludo é o rei da Grécia; o chifre grande entre os olhos é o primeiro rei;

[22] o ter sido quebrado, levantando-se quatro em lugar dele, significa que quatro reinos se levantarão deste povo, mas não com força igual à que ele tinha.

[23] Mas, no fim do seu reinado, quando os prevaricadores acabarem, levantar-se-á um rei de feroz catadura e especialista em intrigas.

[24] Grande é o seu poder, mas não por sua própria força; causará estupendas destruições, prosperará e fará o que lhe aprouver; destruirá os poderosos e o povo santo.

[25] Por sua astúcia nos seus empreendimentos, fará prosperar o engano, no seu coração se engrandecerá e destruirá a muitos que vivem despreocupadamente; levantar-se-á contra o Príncipe dos príncipes, mas será quebrado sem esforço de mãos humanas.

[18]И кога зборуваше тој со мене, јас лежев ничкум на земјата во несвест; но тој се допре до мене и ме исправи на моето место,

[19]па ми рече: „Еве ти откривам што ќе биде во последните денови на гневот; зашто тоа се однесува на крајот од определеното време.

[20]Овенот што го виде – неговите два рога – тоа се мидискиот цар и персискиот.

[21]А косестиот козел е царот на Јаван, додека големиот рог што се наоѓа меѓу неговите очи, тоа е нејзиниот прв цар:

[22]Четирите рога што израснаа кога првиот се скрши, тоа се четирите царства што ќе произлезат од тој народ, но нема да ја имаат неговата сила.

[23]А кон крајот на царството нивно, кога отстапниците ќе ја исполнат мерката на своите беззаконија, ќе се издигне еден цар бесрамен и искусен во сплеткарење;

[24]неговата моќ ќе се зацврсти, иако не со неговата сила; тој ќе врши големи пустошења и ќе успева, ќе дејствува и ќе погубува јунаци и народи на светиите;

[25]заради лукавоста негова ќе напредува и сплеткарството во раката негова; во срцето ќе се возгордее и без повод ќе погуби мнозина; тој ќе се крене против Кнезот над кнезовите, но ќе биде победен – не со човечка рака.

[26] A visão da tarde e da manhã, que foi dita, é verdadeira; tu, porém, preserva a visão, porque se refere a dias ainda mui distantes.

[27] Eu, Daniel, enfraqueci e estive enfermo alguns dias; então, me levantei e tratei dos negócios do rei. Espantava-me com a visão, e não havia quem a entendesse.

[26]А и видението за вечерта и утрината за кое ти се рече ќе се исполни, но ти сокри го тоа видение зашто се однесува на далечни времиња.“

[27]Јас, Даниел, истоштен и болен бев неколку дни, потоа станав и почнав да се занимавам со царските работи; се чудев на тоа видение и не го разбирав.

Daniel 9

A oração de Daniel pelo povo

[1] No primeiro ano de Dario, filho de Assuero, da linhagem dos medos, o qual foi constituído rei sobre o reino dos caldeus,

[2] no primeiro ano do seu reinado, eu, Daniel, entendi, pelos livros, que o número de anos, de que falara o SENHOR ao profeta Jeremias, que haviam de durar as assolações de Jerusalém, era de setenta anos.

[3] Voltei o rosto ao SENHOR Deus, para o buscar com oração e súplicas, com jejum, pano de saco e cinza.

[4] Orei ao SENHOR, meu Deus, confessei e disse: ah! SENHOR! Deus grande e temível, que guardas a aliança e a misericórdia para com os que te amam e guardam os teus mandamentos;

[5] temos pecado e cometido iniqüidades, procedemos perversamente e fomos rebeldes, apartando-nos dos teus mandamentos e dos teus juízos;

Даниел 9

Даниеловата покајничка молитва

[1]Во првата година од царувањето на Дариј, синот на Ксеркс, од мидиски род, кој беше поставен за цар над вавилонското царство,

[2]во првата година на неговото царување, јас, Даниел, го разбрав според книгите бројот на годините според словото што му го беше кажал Господ на Еремија, дека седумдесет години ќе се навршат над опустошениот Ерусалим.

[3]И го свртев лицето свое кон Господ Бог со молитва и со молба, во пост, во врекиште и пепел.

[4]И Му се молев на Господ мојот Бог, се исповедав и Му реков: „Те молам, Господи, Боже Велики и чудесен, Кој пазиш на заветот и имаш милост за оние кои Те сакаат и кои ги пазат Твоите заповеди!

[5]Згрешивме, вршевме беззаконија, дејствувавме нечесно, се противевме и отстапивме од Твоите заповеди и од Твоите наредби

[6] e não demos ouvidos aos teus servos, os profetas, que em teu nome falaram aos nossos reis, nossos príncipes e nossos pais, como também a todo o povo da terra.

[6]и не ги слушавме Твоите слуги, пророците, кои им зборуваа од Твое име на царевите наши и на достоинствениците наши, на татковците наши и на сиот народ од земјата.

[7] A ti, ó SENHOR, pertence a justiça, mas a nós, o corar de vergonha, como hoje se vê; aos homens de Judá, os moradores de Jerusalém, todo o Israel, quer os de perto, quer os de longe, em todas as terras por onde os tens lançado, por causa das suas transgressões que cometeram contra ti.

[7]Во Тебе, Господи, има правда, а во нас – срам на лицата, како што е денес кај секој Јудеец, меѓу жителите на Ерусалим и во сиот Израел, и кај ближниот и кај далечниот, по сите краишта каде што си ги прогонил заради нивното отстапништво, со кое отстапија од Тебе.

[8] Ó SENHOR, a nós pertence o corar de vergonha, aos nossos reis, aos nossos príncipes e aos nossos pais, porque temos pecado contra ti.

[8]Господи, кај нас на лицата наши има срам, кај царевите наши, кај кнезовите наши и кај татковците наши, зашто згрешивме пред Тебе.

[9] Ao SENHOR, nosso Deus, pertence a misericórdia e o perdão, pois nos temos rebelado contra ele

[9]А кај Господ, нашиот Бог, има милосрдност и проштевање, бидејќи ние се одметнавме од Него.

[10] e não obedecemos à voz do SENHOR, nosso Deus, para andarmos nas suas leis, que nos deu por intermédio de seus servos, os profetas.

[10]И не го слушавме гласот на Господ, нашиот Бог за да постапиме според Неговите закони што ни ги даваше преку своите слуги – пророците.

[11] Sim, todo o Israel transgrediu a tua lei, desviando-se, para não obedecer à tua voz; por isso, a maldição e as imprecações que estão escritas na Lei de Moisés, servo de Deus, se derramaram sobre nós, porque temos pecado contra ti.

[11]И сиот Израел го престапи Твојот закон и се одврати, не слушајќи го Твојот глас; па затоа врз нас се излеа проклетство и клетва, што се напишани во законот Мојсеев, слугата Божји; зашто згрешивме пред Него.

[12] Ele confirmou a sua palavra, que falou contra nós e contra os nossos juízes que nos julgavam, e fez vir sobre nós grande mal, porquanto nunca, debaixo de todo o céu, aconteceu o que se deu em Jerusalém.

[12]И Тој ги изврши заканите Свои што ги кажа против нас и против нашите судии, кои нè судеа, испраќајќи против нас голема несреќа каква што немало

под небесата, каква што се извршува над Ерусалим.

[13] Como está escrito na Lei de Moisés, todo este mal nos sobreveio; apesar disso, não temos implorado o favor do SENHOR, nosso Deus, para nos convertermos das nossas iniqüidades e nos aplicarmos à tua verdade.

[13]Како што е напишано во законот Мојсеев, така нè постигна сето тоа зло; но не Го молевме Господа, нашиот Бог, не се обративме од беззаконијата свои за да ја разбереме Твојата вистина.

[14] Por isso, o SENHOR cuidou em trazer sobre nós o mal e o fez vir sobre nós; pois justo é o SENHOR, nosso Deus, em todas as suas obras que faz, pois não obedecemos à sua voz.

[14]Господ беше подготвен за тоа зло и го испрати врз нас; зашто праведен е Господ нашиот Бог во сите Свои дела што ги врши, но ние не го слушавме гласот Негов.

[15] Na verdade, ó SENHOR, nosso Deus, que tiraste o teu povo da terra do Egito com mão poderosa, e a ti mesmo adquiriste renome, como hoje se vê, temos pecado e procedido perversamente.

[15]И сега, Господи, Боже наш, Ти што го изведе народот Свој од земјата египетска со силна рака, Ти ја покажа славата Своја што се памети до денес; згрешивме, постапивме нечесно.

[16] Ó SENHOR, segundo todas as tuas justiças, aparte-se a tua ira e o teu furor da tua cidade de Jerusalém, do teu santo monte, porquanto, por causa dos nossos pecados e por causa das iniqüidades de nossos pais, se tornaram Jerusalém e o teu povo opróbrio para todos os que estão em redor de nós.

[16]Господи, по сета Твоја правда нека се одврати гневот Твој и јароста Твоја од Твојот град Ерусалим, од Светата Твоја Гора; зашто поради гревовите наши и поради беззаконијата на татковците наши Ерусалим и народот Твој е за потсмев кај сите што нè опкружуваат.

[17] Agora, pois, ó Deus nosso, ouve a oração do teu servo e as suas súplicas e sobre o teu santuário assolado faze resplandecer o rosto, por amor do SENHOR.

[17]А сега чуј ја, Боже наш, молитвата на Твојот слуга и неговото усрдно молење, па заради Тебе, Господи, погледај со светлото Твое лице на опустошеното Твое светилиште.

[18] Inclina, ó Deus meu, os ouvidos e ouve; abre os olhos e olha para a nossa desolação e para a cidade que é chamada pelo teu nome, porque não lançamos as

[18]Приклони го, Боже мој, увото Свое и послушај, отвори ги очите Свои и погледај ги нашите пустоши и градот, во кој се призива името Твое; зашто ние

nossas súplicas perante a tua face fiados em nossas justiças, mas em tuas muitas misericórdias.

ги принесуваме молењата свои пред Тебе, надевајќи се не на нашата праведност, туку на Твојата голема милосрдност.

[19] Ó SENHOR, ouve; ó SENHOR, perdoa; ó SENHOR, atende-nos e age; não te retardes, por amor de ti mesmo, ó Deus meu; porque a tua cidade e o teu povo são chamados pelo teu nome.

[19]Чуј Господи, Господи прости ни, Господи погледај и изврши, не колебај се поради Самиот Тебе, Боже мој, зашто името Твое се призива во Твојот град и во Твојот народ!“

A profecia das setenta semanas

[20] Falava eu ainda, e orava, e confessava o meu pecado e o pecado do meu povo de Israel, e lançava a minha súplica perante a face do SENHOR, meu Deus, pelo monte santo do meu Deus.

[20]Додека зборував и се молев и ги исповедав гревовите свои и гревовите на мојот народ Израел и ја принесував молбата своја пред Господ, мојот Бог, за светата гора на мојот Бог,

[21] Falava eu, digo, falava ainda na oração, quando o homem Gabriel, que eu tinha observado na minha visão ao princípio, veio rapidamente, voando, e me tocou à hora do sacrifício da tarde.

[21]додека ја изговарав молитвата, човекот Гаврил кого го бев видел во поранешното видение, долета брзо, се допре до мене во времето на вечерната жртва,

[22] Ele queria instruir-me, falou comigo e disse: Daniel, agora, saí para fazer-te entender o sentido.

[22]ме вразуми, говореше со мене и рече: „Даниеле, сега излегов за да те научам да разбираш.

[23] No princípio das tuas súplicas, saiu a ordem, e eu vim, para to declarar, porque és mui amado; considera, pois, a coisa e entende a visão.

[23]Во почетокот на твоето молење се појави твојот збор и јас дојдов да ти го соопштам, зашто ти си човек сакан; па така, внеси се во зборот и разбери го видението.

[24] Setenta semanas estão determinadas sobre o teu povo e sobre a tua santa cidade, para fazer cessar a transgressão, para dar fim aos pecados, para expiar a iniqüidade, para trazer a justiça eterna, para selar a visão e a profecia e para ungir o Santo dos Santos.

[24]Седумдесетте седмици се определени за твојот народ и за светиот твој град за да биде крај на престапот, за да му се стави печат на гревот и избришани беззаконијата, за да биде доведена вечната правда, за да им се стави печат на виденијата и пророците и да биде помазан Светиот на светиите.

[25] Sabe e entende: desde a saída da ordem para restaurar e para edificar Jerusalém, até ao Ungido, ao Príncipe, sete semanas e sessenta e duas semanas; as praças e as circunvalações se reedificarão, mas em tempos angustiosos.

[26] Depois das sessenta e duas semanas, será morto o Ungido e já não estará; e o povo de um príncipe que há de vir destruirá a cidade e o santuário, e o seu fim será num dilúvio, e até ao fim haverá guerra; desolações são determinadas.

[27] Ele fará firme aliança com muitos, por uma semana; na metade da semana, fará cessar o sacrifício e a oferta de manjares; sobre a asa das abominações virá o assolador, até que a destruição, que está determinada, se derrame sobre ele.

[25]И така, знај и разбери: од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до доаѓањето на Помазаникот Божји се седум седмици. Потоа ќе биде обновен Ерусалим со улици и ѕидини, и ќе опстои шеесет и две седмици; а тоа ќе биде тешко време.

[26]И по шеесет и двете седмици Помазаникот ќе биде предаден на смрт неправедно а градот и светилиштето ќе бидат разрушени од народот на водачот што ќе дојде, и крајот ќе му биде како од поплава, и до крајот на војната ќе има опустошување.

[27]И во една седмица ќе склопи завет со мнозина, а во половината на седмицата ќе престанат жртвата и приносот, а на врвот од светилиштето ќе биде поставен Гнасниот Пустошник, сè додека предопределената пустош не го собори Пустошникот.“

Daniel 10

A visão de Daniel no rio Tigre

[1] No terceiro ano de Ciro, rei da Pérsia, foi revelada uma palavra a Daniel, cujo nome é Beltessazar; a palavra era verdadeira e envolvia grande conflito; ele entendeu a palavra e teve a inteligência da visão.

[2] Naqueles dias, eu, Daniel, pranteei durante três semanas.

[3] Manjar desejável não comi, nem carne, nem vinho entraram na minha boca, nem me ungi com óleo algum, até que passaram as três semanas inteiras.

Даниел 10

Ново откровение

[1]Во третата година на персискиот цар Кир дојде откровение до Даниел, кој се викаше Валтазар, и вистинско беше тоа откровение и со голема сила. Тој го разбра тоа откровение и го објасни тоа видение.

[2]Во тие дни јас, Даниел, тагував цели три седмици.

[3]Богата храна не јадев; месо и вино не влезе во устата моја, и не се мачкав со масла додека не завршија трите седмици.

[4] No dia vinte e quatro do primeiro mês, estando eu à borda do grande rio Tigre,

[5] levantei os olhos e olhei, e eis um homem vestido de linho, cujos ombros estavam cingidos de ouro puro de Ufaz;

[6] o seu corpo era como o berilo, o seu rosto, como um relâmpago, os seus olhos, como tochas de fogo, os seus braços e os seus pés brilhavam como bronze polido; e a voz das suas palavras era como o estrondo de muita gente.

[7] Só eu, Daniel, tive aquela visão; os homens que estavam comigo nada viram; não obstante, caiu sobre eles grande temor, e fugiram e se esconderam.

[8] Fiquei, pois, eu só e contemplei esta grande visão, e não restou força em mim; o meu rosto mudou de cor e se desfigurou, e não retive força alguma.

[9] Contudo, ouvi a voz das suas palavras; e, ouvindo-a, caí sem sentidos, rosto em terra.

Daniel é consolado

[10] Eis que certa mão me tocou, sacudiu-me e me pôs sobre os meus joelhos e as palmas das minhas mãos.

[11] Ele me disse: Daniel, homem muito amado, está atento às palavras que te vou dizer; levanta-te sobre os pés, porque eis que te sou enviado. Ao falar ele comigo esta palavra, eu me pus em pé, tremendo.

[4]А во дваесет и четвртиот ден од првиот месец, се најдов покрај брегот на големата река Тигар;

[5]ги кренав очите угоре и видов: ете еден човек, облечен во ленена облека, а крстот му беше препашан со офирско злато.

[6]Телото негово изгледаше како топаз, лицето – како светкавица – очите му беа како запалени светила, рацете негови и нозете негови изгледаа како сјаен бакар и гласот на зборовите негови како глас на многу луѓе.

[7]И само јас, Даниел, го видов тоа видение, а луѓето што беа со мене не го видоа тоа видение; но страв голем ги обзеде, и тие избегаа за да се сокријат;

[8]Останав сам и го гледав тоа големо видение, но во мене не остана сила и лицето ми пребледе многу, не остана во мене бодрост.

[9]И го чув гласот на зборовите негови; и штом го чув гласот на зборовите негови, ненајдено паднав во несвест и лежев со лицето кон земјата.

[10]Но ете, рака една се допре до мене и ме исправи на колената мои и на дланките од рацете мои.

[11]Па ми рече тој: „Даниеле, сакан човеку, задлабочи се во зборовите што ќе ти ги кажам, и исправи се на нозете свои, зашто кај тебе сум денеска испратен.“ Штом ми ги кажа тие зборови, јас станав растреперен.

[12] Então, me disse: Não temas, Daniel, porque, desde o primeiro dia em que aplicaste o coração a compreender e a humilhar-te perante o teu Deus, foram ouvidas as tuas palavras; e, por causa das tuas palavras, é que eu vim.

[13] Mas o príncipe do reino da Pérsia me resistiu por vinte e um dias; porém Miguel, um dos primeiros príncipes, veio para ajudar-me, e eu obtive vitória sobre os reis da Pérsia.

[14] Agora, vim para fazer-te entender o que há de suceder ao teu povo nos últimos dias; porque a visão se refere a dias ainda distantes.

[15] Ao falar ele comigo estas palavras, dirigi o olhar para a terra e calei.

[16] E eis que uma como semelhança dos filhos dos homens me tocou os lábios; então, passei a falar e disse àquele que estava diante de mim: meu senhor, por causa da visão me sobrevieram dores, e não me ficou força alguma.

[17] Como, pois, pode o servo do meu senhor falar com o meu senhor? Porque, quanto a mim, não me resta já força alguma, nem fôlego ficou em mim.

[18] Então, me tornou a tocar aquele semelhante a um homem e me fortaleceu;

[19] e disse: Não temas, homem muito amado! Paz seja contigo! Sê forte, sê forte. Ao falar ele comigo, fiquei fortalecido e

[12]Но тој ми рече: „Не бој се Даниеле! Од првиот ден кога го управи срцето свое за да постигнеш разбирање и да се понизиш пред твојот Бог, зборовите твои беа услишени, и јас сакав да дојдам според зборовите твои.

[13]Но кнезот на персиското царство ми се противеше дваесет и еден ден; но Михаил, еден од првите кнезови, дојде да ми помогне зашто јас бев таму сам, кај персискиот цар.

[14]А сега дојдов да ти соопштам, што ќе се случи со твојот народ во последните времиња, зашто видението се однесува за далечни дни.“

[15]Додека ми зборуваше такви зборови, јас гледав во земјата, без да изустам збор.

[16]Но ете, еден сличен на синовите човечки се допре до усните мои и јас ја отворив устата своја, почнав да зборувам и му реков на оној што стоеше пред мене: „Господаре мој, од ова видение утробата во мене се превртe и во мене не остана сила.

[17]Па како може слугата Твој, Господи, да зборува со мојот Господар? Зашто во мене нема сила, и останав без здив.“

[18]Тогаш пак се допре до мене тој човечки лик, ме поткрепи

[19]и рече: „Не бој се, сакан човеку, мир да имаш; охрабри се, охрабри се!“ и кога зборуваше тој со мене, јас се закре-

disse: fala, meu senhor, pois me fortaleceste.

[20] E ele disse: Sabes por que eu vim a ti? Eu tornarei a pelejar contra o príncipe dos persas; e, saindo eu, eis que virá o príncipe da Grécia.

[21] Mas eu te declararei o que está expresso na escritura da verdade; e ninguém há que esteja ao meu lado contra aqueles, a não ser Miguel, vosso príncipe.

Daniel 11

Os reis do Norte e do Sul

[1] Mas eu, no primeiro ano de Dario, o medo, me levantei para o fortalecer e animar.

[2] Agora, eu te declararei a verdade: eis que ainda três reis se levantarão na Pérsia, e o quarto será cumulado de grandes riquezas mais do que todos; e, tornado forte por suas riquezas, empregará tudo contra o reino da Grécia.

[3] Depois, se levantará um rei poderoso, que reinará com grande domínio e fará o que lhe aprouver.

[4] Mas, no auge, o seu reino será quebrado e repartido para os quatro ventos do céu; mas não para a sua posteridade, nem tampouco segundo o poder com que reinou, porque o seu reino será arrancado e passará a outros fora de seus descendentes.

[5] O rei do Sul será forte, como também um de seus príncipes; este será mais forte do que ele, e reinará, e será grande o seu domínio.

пив и реков: „Зборувај, Господи мој, зашто ти ме поткрепи.“

[20]И тој ми рече: „Знаеш ли зошто дојдов кај тебе? сега ќе се вратам за да се борам со персискиот кнез; а штом ќе завршам, ќе дојде кнезот на Јаван.

[21]Но јас ќе ти соопштам што е напишано во вистинското писмо; и нема никој друг, што ќе ми помогне во тоа, освен Михаил, вашиот кнез.“

Даниел 11

Пророкување за царевите во Персија

[1]„И така, од првата година на Мидјанинот Дариј јас му станав помошник и поткрепа.

[2]Сега ќе ти ја кажам вистината: еве, уште тројца цареви ќе се издигнат во Персија; потоа четвртиот ќе ги надмине сите со големо богатство, и кога ќе го намножи богатството свое, ќе ги крене сите против царството на Јаван.

[3]Потоа ќе се појави силен цар, кој ќе владее со голема власт и ќе дејствува според својата волја.

[4]Но, кога ќе се издигне тој, царството негово ќе се сруши и ќе се раздели на четири делови и нема да помине на неговите потомци, и не со таква власт, со која тој господареше; затоа што царството негово ќе се растури и ќе падне на други, а не на нив.

[5]И јужниот цар ќе се засили, и еден од кнезовите негови ќе стане посилен од него и ќе владее, и власта негова ќе биде голема.

[6] Mas, ao cabo de anos, eles se aliarão um com o outro; a filha do rei do Sul casará com o rei do Norte, para estabelecer a concórdia; ela, porém, não conservará a força do seu braço, e ele não permanecerá, nem o seu braço, porque ela será entregue, e bem assim os que a trouxeram, e seu pai, e o que a tomou por sua naqueles tempos.

[6]Но по неколку години тие ќе се спријателат и ќерката на јужниот цар ќе дојде кај северниот цар за да склучи договор; но таа нема да ја задржи силата во рацете свои, и нема да го одржи нејзиниот род, туку тие ќе бидат убиени, како таа, така и оние, што ќе ја придружуваат; и родениот од неа, како и оние што ѝ помагале во тоа време.

[7] Mas, de um renovo da linhagem dela, um se levantará em seu lugar, e avançará contra o exército do rei do Norte, e entrará na sua fortaleza, e agirá contra eles, e prevalecerá.

[7]Но ќе се издигне фиданка од коренот нејзин, ќе дојде против војската, ќе влезе во тврдините на северниот цар, ќе ги победи и ќе ги покори.

[8] Também aos seus deuses com a multidão das suas imagens fundidas, com os seus objetos preciosos de prata e ouro levará como despojo para o Egito; por alguns anos, ele deixará em paz o rei do Norte.

[8]Дури и боговите нивни, идолите нивни заедно со скапите садови, сребрени и златни, ќе ги однесе како плен во Египет и неколку години ќе владее посилно од северниот цар.

[9] Mas, depois, este avançará contra o reino do rei do Sul e tornará para a sua terra.

[9]И тој, ќе влезе во царството на јужниот цар, но ќе се повлече во земјата своја.

[10] Os seus filhos farão guerra e reunirão numerosas forças; um deles virá apressadamente, arrasará tudo e passará adiante; e, voltando à guerra, a levará até à fortaleza do rei do Sul.

[10]Потоа, ќе се вооружат синовите негови и ќе соберат многубројна војска; а еден од нив брзо ќе замине, ќе поплави и ќе замине, и ќе се бори со него до тврдината негова.

[11] Então, este se exasperará, sairá e pelejará contra ele, contra o rei do Norte; este porá em campo grande multidão, mas a sua multidão será entregue nas mãos daquele.

[11]И јужниот цар ќе се налути, па ќе излезе да војува со него, со северниот цар, и ќе изведе голема војска и ќе ја зароби војската на северниот цар.

[12] A multidão será levada, e o coração dele se exaltará; ele derribará miríades, porém não prevalecerá.

[12]Тогаш војската ќе се охрабри, и срцето на царот ќе се возгордее; тој ќе собори многу илјади, но нема да се одржи,

[13] Porque o rei do Norte tornará, e porá em campo multidão maior do que a primeira, e, ao cabo de tempos, isto é, de anos, virá à pressa com grande exército e abundantes provisões.

[14] Naqueles tempos, se levantarão muitos contra o rei do Sul; também os dados à violência dentre o teu povo se levantarão para cumprirem a profecia, mas cairão.

[15] O rei do Norte virá, levantará baluartes e tomará cidades fortificadas; os braços do Sul não poderão resistir, nem o seu povo escolhido, pois não haverá força para resistir.

[16] O que, pois, vier contra ele fará o que bem quiser, e ninguém poderá resistir a ele; estará na terra gloriosa, e tudo estará em suas mãos.

[17] Resolverá vir com a força de todo o seu reino, e entrará em acordo com ele, e lhe dará uma jovem em casamento, para destruir o seu reino; isto, porém, não vingará, nem será para a sua vantagem.

[18] Depois, se voltará para as terras do mar e tomará muitas; mas um príncipe fará cessar-lhe o opróbrio e ainda fará recair este opróbrio sobre aquele.

[19] Então, voltará para as fortalezas da sua própria terra; mas tropeçará, e cairá, e não será achado.

[20] Levantar-se-á, depois, em lugar dele, um que fará passar um exator pela terra mais gloriosa do seu reino; mas, em poucos

[13]бидејќи северниот цар ќе се врати и ќе изведе повеќе војска од поранешната и по неколку години ќе дојде со голема, добро опремена војска.

[14]Во тоа време мнозина ќе станат против јужниот цар, и бунтовниците меѓу синовите на твојот народ ќе се кренат, за да се исполни видението, но ќе паднат.

[15]И ќе дојде северниот цар, ќе направи опкоп и ќе го завладее укрепениот град, и нема да се додржат мишките на југ, ниту неговата избрана војска: ќе нема сила да се спротивстави.

[16]И ќе дејствува според неговата волја и никој не ќе може да устои пред него; и живеалиштето свое ќе го постави во Красната земја, и таа ќе настрада од раката негова.

[17]И ќе науми да навлезе во царството негово со сите сили, и ќе му ја даде ќерката своја за жена, за да го погуби, но таа намера нема да се исполни.

[18]Потоа ќе се сврти кон островите и ќе завладее многу од нив; но еден водач ќе го прекрати нанесениот срам од него и за срамот срам ќе му возврати.

[19]Потоа ќе се врати кон тврдините на својата земја, но ќе се сопне, ќе падне и тоа ќе му биде крајот.

[20]На негово место ќе се издигне друг што ќе наметне данок за да мине по царството во екот на славата. Но и тој

dias, será destruído, e isto sem ira nem batalha.

[21] Depois, se levantará em seu lugar um homem vil, ao qual não tinham dado a dignidade real; mas ele virá caladamente e tomará o reino, com intrigas.

[22] As forças inundantes serão arrasadas de diante dele; serão quebrantadas, como também o príncipe da aliança.

[23] Apesar da aliança com ele, usará de engano; subirá e se tornará forte com pouca gente.

[24] Virá também caladamente aos lugares mais férteis da província e fará o que nunca fizeram seus pais, nem os pais de seus pais: repartirá entre eles a presa, os despojos e os bens; e maquinará os seus projetos contra as fortalezas, mas por certo tempo.

[25] Suscitará a sua força e o seu ânimo contra o rei do Sul, à frente de grande exército; o rei do Sul sairá à batalha com grande e mui poderoso exército, mas não prevalecerá, porque maquinarão projetos contra ele.

[26] Os que comerem os seus manjares o destruirão, e o exército dele será arrasado, e muitos cairão traspassados.

[27] Também estes dois reis se empenharão em fazer o mal e a uma só mesa falarão mentiras; porém isso não prosperará, porque o fim virá no tempo determinado.

по неколку дни ќе загине, и тоа не јавно, ниту во бој.

[21]А на негово место ќе се издигне еден никаквец, кој и нема право да биде цар, но со лукавство и со лаги ќе го освои царството.

[22]Оние што ќе му се противат ќе бидат потопени и победени од него, дури и Кнезот на сојузот.

[23]И покрај склучениот сојуз со него, тој ќе дејствува со измама и ќе го совлада и ќе се одржи на врвот со малку народ.

[65]А некои почнаа да плукаат на Него, да Му го покриваат лицето, да Го удираат и да Му велат: „Проречи!“ И слугите Го удираа по образите.

Pedro nega a Jesus

Mateus 26.69-75; Lucas 22.54-62; João 18.15-18,25-27

Петровото одрекување

(Мт 26,69-75; Лк 22,56-62; Јн 18,15-18, 25-27)

[66] Estando Pedro embaixo no pátio, veio uma das criadas do sumo sacerdote

[66]Кога Петар беше долу во дворот, дојде една од слугинките на првосвештеникот,

[67] e, vendo a Pedro, que se aquentava, fixou-o e disse: Tu também estavas com Jesus, o Nazareno.

[67]па, штом го виде Петар како се грее, погледна во него и рече: „И ти беше со Исус од Назарет.“

[68] Mas ele o negou, dizendo: Não o conheço, nem compreendo o que dizes. E saiu para o alpendre. [E o galo cantou.]

[68]Но тој одрече, велејќи: „Не знам, ниту разбирам што говориш.“ И излезе надвор пред дворот и запеа петел.

[69] E a criada, vendo-o, tornou a dizer aos circunstantes: Este é um deles.

[69]Слугинката, кога го виде повторно, почна да им зборува на оние што стоеја таму: „И овој е од нив!“

[70] Mas ele outra vez o negou. E, pouco depois, os que ali estavam disseram a Pedro: Verdadeiramente, és um deles, porque também tu és galileu.

[70]Тој пак одрече. Подоцна, оние, што стоеја таму, му рекоа на Петар: „Навистина, и ти си од нив; бидејќи си Галилеец, а и говорот ти е таков!“

[71] Ele, porém, começou a praguejar e a jurar: Não conheço esse homem de quem falais!
[72] E logo cantou o galo pela segunda vez. Então, Pedro se lembrou da palavra que Jesus lhe dissera: Antes que duas vezes cante o galo, tu me negarás três vezes. E, caindo em si, desatou a chorar.

[71]А тој почна да се колне и се заколна: „Не Го познавам Овој Човек, за Кого говорите!“
[72]И по вторпат петел запеа. Петар се сети на зборовите, што му ги кажа Исус: „Уште пред двапати петел да запее, трипати ќе се одречеш од Мене.“ И почна да плаче.

Marcos 15

Jesus perante Pilatos

Mateus 27.1-2,11-26; Lucas 23.1-7,13-25; João 18.28—19.16

[1] Logo pela manhã, entraram em conselho os principais sacerdotes com os anciãos, os escribas e todo o Sinédrio; e, amarrando a Jesus, levaram-no e o entregaram a Pilatos.

[2] Pilatos o interrogou: És tu o rei dos judeus? Respondeu Jesus: Tu o dizes.

[3] Então, os principais sacerdotes o acusavam de muitas coisas.
[4] Tornou Pilatos a interrogá-lo: Nada respondes? Vê quantas acusações te fazem!
[5] Jesus, porém, não respondeu palavra, a ponto de Pilatos muito se admirar.
[6] Ora, por ocasião da festa, era costume soltar ao povo um dos presos, qualquer que eles pedissem.
[7] Havia um, chamado Barrabás, preso com amotinadores, os quais em um tumulto haviam cometido homicídio.

[8] Vindo a multidão, começou a pedir que lhes fizesse como de costume.

Марко 15

Исус пред Пилат

(Мт 27,1-2, 11-26; Лк 23,1-5, 13-25; Јн 18,28–19,16)

[1]И веднаш утредента првосвештениците, со старешините и книжниците, и целиот Синедрион, одржаа состанок, па Го врзаа Исус, Го одведоа и Го предадоа на Пилат.
[2]А Пилат Го праша: „Ти ли си Царот Јудејски?“ Тој одговори и рече: „Ти велиш.“
[3]И првосвештениците Го обвинуваа многу. Но, Тој не одговори ништо.
[4]А Пилат пак Го праша и рече: „Ништо ли не одговараш? Гледаш колку многу сведочат против Тебе!“
[5]Но Исус ништо веќе не одговори, така што Пилат се чудеше.
[6]А на секој празник им ослободуваше по еден осуденик, кого што ќе го побараа.
[7]И имаше еден човек, по име Варава, во окови заедно со придружниците, што во една буна извршиле убиство.
[8]И кога извика народот, почна да го моли Пилат да им го направи она, што го правел секогаш.

[9] E Pilatos lhes respondeu, dizendo: Quereis que eu vos solte o rei dos judeus?

[9]А тој им одговори и рече: „Сакате ли да ви Го пуштам Јудејскиот Цар?“

[10] Pois ele bem percebia que por inveja os principais sacerdotes lho haviam entregado.

[10]Зашто знаеше дека првосвештениците Го беа предале од завист.

[11] Mas estes incitaram a multidão no sentido de que lhes soltasse, de preferência, Barrabás.

[11]Но првосвештениците го наговорија народот да бара да им го пушти Варава.

[12] Mas Pilatos lhes perguntou: Que farei, então, deste a quem chamais o rei dos judeus?

[12]Пилат, пак, им одговори и рече: „Што сакате да направам со Оној, што Го именувавте Цар Јудејски?“

[13] Eles, porém, clamavam: Crucifica-o!

[13]Тие одново извикаа, велејќи: „Распни Го!“

[14] Mas Pilatos lhes disse: Que mal fez ele? E eles gritavam cada vez mais: Crucifica-o!

[14]Пилат им рече: „Какво зло направил?“ Но тие уште посилно извикаа: „Распни Го!“

[15] Então, Pilatos, querendo contentar a multidão, soltou-lhes Barrabás; e, após mandar açoitar a Jesus, entregou-o para ser crucificado.

[15]Тогаш Пилат, сакајќи да му угоди на народот, им го пушти Варава, а Исус Го камшикуваше и Го предаде да Го распнат.

Jesus entregue aos soldados
Mateus 27.27-31

Исусовите понижувања
(Мт 27,27-31; Јн 19,2-3)

[16] Então, os soldados o levaram para dentro do palácio, que é o pretório, e reuniram todo o destacamento.

[16]Војниците, пак, Го одведоа внатре во дворот, односно во преторијата, и повикаа цела чета,

[17] Vestiram-no de púrpura e, tecendo uma coroa de espinhos, lha puseram na cabeça.

[17]па Му облекоа багреница, и откако сплетоа трнов венец, Му го кладоа на главата;

[18] E o saudavam, dizendo: Salve, rei dos judeus!

[18]и почнаа да Го поздравуваат: „Те поздравуваме, Царе Јудејски!“

[19] Davam-lhe na cabeça com um caniço, cuspiam nele e, pondo-se de joelhos, o adoravam.

[19]И Го удираа по главата со трска и плукаа на Него, Му се поклонуваа, паѓајќи на колена.

[20] Depois de o terem escarnecido, despiram-lhe a púrpura e o vestiram com as suas próprias vestes. Então, conduziram

[20]А кога Го исмеаја, Му ја соблекоа багреницата, Му ја облекоа Неговата облека и Го поведоа да Го распнат.

Jesus para fora, com o fim de o crucificarem.

Simão leva a cruz de Jesus
Mateus 27.32; Lucas 23.26

[21] E obrigaram a Simão Cireneu, que passava, vindo do campo, pai de Alexandre e de Rufo, a carregar-lhe a cruz.

A crucificação
Mateus 27.33-44; Lucas 23.33-43; João 19.17-24

[22] E levaram Jesus para o Gólgota, que quer dizer Lugar da Caveira.

[23] Deram-lhe a beber vinho com mirra; ele, porém, não tomou.

[24] Então, o crucificaram e repartiram entre si as vestes dele, lançando-lhes sorte, para ver o que levaria cada um.

[25] Era a hora terceira quando o crucificaram.

[26] E, por cima, estava, em epígrafe, a sua acusação: O REI DOS JUDEUS.

[27] Com ele crucificaram dois ladrões, um à sua direita, e outro à sua esquerda.

[28] [E cumpriu-se a Escritura que diz: Com malfeitores foi contado.]

[29] Os que iam passando, blasfemavam dele, meneando a cabeça e dizendo: Ah! Tu que destróis o santuário e, em três dias, o reedificas!

[30] Salva-te a ti mesmo, descendo da cruz!

[31] De igual modo, os principais sacerdotes com os escribas, escarnecendo, entre si diziam: Salvou os outros, a si mesmo não pode salvar-se;

[32] desça agora da cruz o Cristo, o rei de Israel, para que vejamos e creiamos.

Исусовото распнување
(Мт 27,32-44; Лк 23,26-43; Јн 19,17-27)

[21]И го натераа некој си Симон Киринеец, таткото на Александар и на Руф, кој се враќаше од поле, да Му го носи крстот.

[22]Па Го одведоа на местото Голгота, што значи: место на черепи.

[23]И Му дадоа да пие вино со смирна, но Тој не зеде.

[24]Тие што Го распнаа, ги разделија алиштата Негови, фрлајќи ждрепка кој што да земе.

[25]Беше третиотчас, и Го распнаа.

[26]И имаше натпис за вината Негова: „Цар Јудејски.“

[27]А со Него распнаа и два разбојника, едниот од десната Негова страна, а другиот од левата.

[28](И се исполни Писмото, кое вели: „И меѓу грешници Го ставија.“)

[29]А минувачите, вртејќи глава, Го хулеа и велеа: „Аха! Ти, што го уриваш храмот и за три дни го соѕидуваш,

[30]спаси се Себеси и слези од крстот!“

[31]Исто така и првосвештениците со книжниците Му се смееја и велеа: „Другите ги спасуваше, а Себе не може да се спаси!

[32]Христос, Царот израелски, нека слезе сега од крстот, па да видиме и да

Também os que com ele foram crucificados o insultavam.

A morte de Jesus

Mateus 27.45-56; Lucas 23.44-49; João 19.28-30

33 Chegada a hora sexta, houve trevas sobre toda a terra até a hora nona.

34 À hora nona, clamou Jesus em alta voz: Eloí, Eloí, lamá sabactâni? Que quer dizer: Deus meu, Deus meu, por que me desamparaste?

35 Alguns dos que ali estavam, ouvindo isto, diziam: Vede, chama por Elias!

36 E um deles correu a embeber uma esponja em vinagre e, pondo-a na ponta de um caniço, deu-lhe de beber, dizendo: Deixai, vejamos se Elias vem tirá-lo!

37 Mas Jesus, dando um grande brado, expirou.

38 E o véu do santuário rasgou-se em duas partes, de alto a baixo.

39 O centurião que estava em frente dele, vendo que assim expirara, disse: Verdadeiramente, este homem era o Filho de Deus.

40 Estavam também ali algumas mulheres, observando de longe; entre elas, Maria Madalena, Maria, mãe de Tiago, o menor, e de José, e Salomé;

41 as quais, quando Jesus estava na Galiléia, o acompanhavam e serviam; e, além destas, muitas outras que haviam subido com ele para Jerusalém.

O sepultamento de Jesus

Mateus 27.57-61; Lucas 23.50-56; João 19.38-42

42 Ao cair da tarde, por ser o dia da preparação, isto é, a véspera do sábado,

поверуваме!“ Го хулеа и распнатите со Него.

Исусовата смрт

(Мт 27,45-46; Лк 23,44-49; Јн 19,28-30)

33А во шестиот час настана темнина по целата земја, до деветтиот час.

34И во деветтиот час Исус извика гласно велејќи: „Елои, Елои, Лама савахтани?“ А тоа значи: „Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави?“

35Некои од оние, што стоеја таму, штом го чуја тоа, рекоа: „Ете, го вика Илија!“

36А еден отрча, натопи сунѓер во оцет, па како го закачи на трска, Му даваше да пие, велејќи: „Почекајте да видиме, ќе дојде ли Илија да Го симне.“

37А Исус, пак, испуштајќи висок глас, издивна.

38И завесата на храмот се расцепи на две, одозгора додолу.

39А стотникот, што стоеше спроти Него, кога виде дека Тој, откако извика така и издивна, рече: „Навистина Овој Човек бил Син Божји!“

40Имаше и жени што гледаа оддалеку; меѓу нив беше и Марија Магдалена, и Марија, мајката на малиот Јаков и на Јосија, и Саломија,

41кои и тогаш, кога Тој беше во Галилеја, врвеа по Него и Му служеа, и многу други што беа дошле со Него во Ерусалим.

Исусовото погребување

(Мт 27,57-61; Лк 23,50-56; Јн 19,38-42)

42А кога се стемни веќе, бидејќи беше петок, односно ден спроти сабота,

[43] vindo José de Arimatéia, ilustre membro do Sinédrio, que também esperava o reino de Deus, dirigiu-se resolutamente a Pilatos e pediu o corpo de Jesus.

[44] Mas Pilatos admirou-se de que ele já tivesse morrido. E, tendo chamado o centurião, perguntou-lhe se havia muito que morrera.

[45] Após certificar-se, pela informação do comandante, cedeu o corpo a José.

[46] Este, baixando o corpo da cruz, envolveu-o em um lençol que comprara e o depositou em um túmulo que tinha sido aberto numa rocha; e rolou uma pedra para a entrada do túmulo.

[47] Ora, Maria Madalena e Maria, mãe de José, observaram onde ele foi posto.

Marcos 16

A ressurreição de Jesus

Mateus 28.1-10; Lucas 24.1-12; João 20.1-10

[1] Passado o sábado, Maria Madalena, Maria, mãe de Tiago, e Salomé, compraram aromas para irem embalsamá-lo.

[2] E, muito cedo, no primeiro dia da semana, ao despontar do sol, foram ao túmulo.

[3] Diziam umas às outras: Quem nos removerá a pedra da entrada do túmulo?

[4] E, olhando, viram que a pedra já estava removida; pois era muito grande.

[5] Entrando no túmulo, viram um jovem assentado ao lado direito, vestido de

[43]дојде Јосиф од Ариматеја, прочуен член на советот, кој и сам го очекуваше царството Божјо, се осмели да влезе кај Пилат и го замоли за телото Исусово.

[44]Пилат се зачуди дека Тој веќе умрел; и кога го извика стотникот, го праша дали одамна умрел.

[45]Па штом дозна од стотникот, му го даде телото на Јосиф.

[46]А Јосиф купи платно, Го симна и Го обви во плаштаница и Го положи во гроб, што беше издлабен во карпа и навали камен на гробната врата.

[47]А Марија Магдалена и Марија Јосиева гледаа каде Го полагаат.

Марко 16

Христовото воскресение

(Мт 28,1-8; Лк 24,1-12; Јн 20,1-10)

[1]Штом мина саботата, Марија Магдалена, Марија Јаковова и Саломија купија мириси, за да дојдат и да Го помазаат Исус.

[2]И во првиот ден од седмицата, дојдоа на гробот многу рано, кога изгреваше сонцето,

[3]па си зборуваа меѓу себе: „Кој ќе ни го одвали каменот од вратата на гробот?“

[4]И кога погледнаа, видоа дека каменот е одвален, а тој беше многу голем.

[5]Штом влегоа во гробот, видоа еден млад човек, облечен во бели алишта,

branco, e ficaram surpreendidas e atemorizadas.

[6] Ele, porém, lhes disse: Não vos atemorizeis; buscais a Jesus, o Nazareno, que foi crucificado; ele ressuscitou, não está mais aqui; vede o lugar onde o tinham posto.

[7] Mas ide, dizei a seus discípulos e a Pedro que ele vai adiante de vós para a Galiléia; lá o vereis, como ele vos disse.

[8] E, saindo elas, fugiram do sepulcro, porque estavam possuídas de temor e de assombro; e, de medo, nada disseram a ninguém.

Jesus aparece a Maria Madalena
João 20.11-18

[9] Havendo ele ressuscitado de manhã cedo no primeiro dia da semana, apareceu primeiro a Maria Madalena, da qual expelira sete demônios.

[10] E, partindo ela, foi anunciá-lo àqueles que, tendo sido companheiros de Jesus, se achavam tristes e choravam.

[11] Estes, ouvindo que ele vivia e que fora visto por ela, não acreditaram.

Jesus aparece a dois de seus discípulos
Lucas 24.13-35

[12] Depois disto, manifestou-se em outra forma a dois deles que estavam de caminho para o campo.

[13] E, indo, eles o anunciaram aos demais, mas também a estes dois eles não deram crédito.

A ordem para a evangelização

како седи од десната страна; и се уплашија многу.

[6]А тој им рече: „Не плашете се! Вие Го барате Исус од Назарет, Распнатиот. Тој воскресна, не е овде! Еве го местото каде што беше положен.

[7]Но одете, кажете им на учениците Негови и на Петар дека Тој пред вас ќе отиде во Галилеја; таму ќе Го видите, како што ви беше рекол.“

[8]Па, штом излегоа, побегнаа од гробот, зашто ги опфати страв и ужас, и никому ништо не рекоа, зашто се плашеа.

Исус ѝ се јавува на Марија Магдалена
(Мт 28,9-10; Јн 20,11-18)

[9]А Исус, кога воскресна во првиот ден од седмицата, ѝ се јави најнапред на Марија Магдалена, од која беше истерал седум демони.

[10]Таа отиде и им јави на оние, што беа со Него и што плачеа и ридаа;

[11]Но тие, кога чуја дека е Тој жив и дека таа Го видела, не поверуваа.

Исус им се појавува на двајца ученици
(Лк 24,13-35)

[12]Потоа им се јави во друг лик на двајца од нив по пат, кога одеа в село.

[13]И штом се вратија, тие им кажаа на другите; но и ним не им поверуваа.

Исус им се појавува на единаесетмината Свои ученици
(Мт 28,16-20; Лк 24,36-49; Јн 20,19-23; Дела 1,6-8)

[14] Finalmente, apareceu Jesus aos onze, quando estavam à mesa, e censurou-lhes a incredulidade e dureza de coração, porque não deram crédito aos que o tinham visto já ressuscitado.

[14] Најпосле им се јави на единаесетте, кога беа на трпеза, и ги укори за нивното неверие и тврдокорност, зашто не им поверуваа на оние, кои Го видоа воскреснат.

[15] E disse-lhes: Ide por todo o mundo e pregai o evangelho a toda criatura.

[15] Па им рече: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание.

[16] Quem crer e for batizado será salvo; quem, porém, não crer será condenado.

[16] Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден.

[17] Estes sinais hão de acompanhar aqueles que crêem: em meu nome, expelirão demônios; falarão novas línguas;

[17] А знаците, на оние што ќе поверуваат, ќе им бидат овие: со Моето име ќе истеруваат демони; ќе говорат нови јазици;

[18] pegarão em serpentes; e, se alguma coisa mortífera beberem, não lhes fará mal; se impuserem as mãos sobre enfermos, eles ficarão curados.

[18] ќе фаќаат змии и ако нешто смртоносно испијат, нема да им наштети; на болни ќе полагаат раце и тие ќе оздравуваат.“

A ascensão de Jesus

Lucas 24.50-53; Atos 1.6-11

[19] De fato, o SENHOR Jesus, depois de lhes ter falado, foi recebido no céu e assentou-se à destra de Deus.

[20] E eles, tendo partido, pregaram em toda parte, cooperando com eles o SENHOR e confirmando a palavra por meio de sinais, que se seguiam.

Исусовото вознесение

(Лк 24,50-53; Дела 1,9-11)

[19] А по разговорот со нив, Господ се вознесе на небо и седна од десната страна на Бога.

[20] Тие, пак, отидоа и проповедаа насекаде; и Господ го поткрепуваше словото нивно со чуда, што се јавуваа. Амин!

O evangelho segundo Lucas	Лука

Lucas 1

Prefácio

[1] Visto que muitos houve que empreenderam uma narração coordenada dos fatos que entre nós se realizaram,

[2] conforme nos transmitiram os que desde o princípio foram deles testemunhas oculares e ministros da palavra,

[3] igualmente a mim me pareceu bem, depois de acurada investigação de tudo desde sua origem, dar-te por escrito, excelentíssimo Teófilo, uma exposição em ordem,

[4] para que tenhas plena certeza das verdades em que foste instruído.

Zacarias e Isabel

[5] Nos dias de Herodes, rei da Judéia, houve um sacerdote chamado Zacarias, do turno de Abias. Sua mulher era das filhas de Arão e se chamava Isabel.

[6] Ambos eram justos diante de Deus, vivendo irrepreensivelmente em todos os preceitos e mandamentos do SENHOR.

[7] E não tinham filhos, porque Isabel era estéril, sendo eles avançados em dias.

Predições referentes a João Batista

[8] Ora, aconteceu que, exercendo ele diante de Deus o sacerdócio na ordem do seu turno, coube-lhe por sorte,

[9] segundo o costume sacerdotal, entrar no santuário do SENHOR para queimar o incenso;

Лука 1

Предговор и посвета

[1]Бидејќи мнозина се обидоа да пишуваат за настаните што се случија меѓу нас,

[2]како што ни ги предадоа оние, кои уште од почетокот беа очевидци и служители на Словото,

[3]намислив и јас, откако испитав сè од почетокот, да ти опишам точно по ред, честити Теофиле,

[4]за да ја препознаеш веродостојноста на учењето, на кое си се учел.

Ангел го објавува раѓањето на Јован Крстител

[5]Во деновите на Ирод, царот јудејски, живееше еден свештеник по име Захарија, од редот Авијанов; а жена му беше од ќерките Аронови и се викаше Елисавета.

[6]И обајцата беа праведни пред Бога, постапувајќи според сите заповеди и повелби Господови беспрекорно.

[7]Тие немаа деца, зашто Елисавета беше неротка; а обајцата беа веќе на поодминати години.

[8]Еднаш, додека тој по редот на својот свештенички чин служеше пред Бога,

[9]според обичајот на свештениците, нему му се падна ждрепката да влезе во храмот Господов и да покади.

[10] e, durante esse tempo, toda a multidão do povo permanecia da parte de fora, orando.

[10]За време на кадењето целиот народ се молеше надвор.

[11] E eis que lhe apareceu um anjo do SENHOR, em pé, à direita do altar do incenso.

[11]Тогаш му се јави ангел Господов, стоејќи од десната страна на кадилниот жртвеник.

[12] Vendo-o, Zacarias turbou-se, e apoderou-se dele o temor.

[12]Захарија се вознемири кога го виде и страв го обзеде.

[13] Disse-lhe, porém, o anjo: Zacarias, não temas, porque a tua oração foi ouvida; e Isabel, tua mulher, te dará à luz um filho, a quem darás o nome de João.

[13]Но ангелот му рече: „Не плаши се, Захарија, зашто твојата молба е услишена и жена ти Елисавета ќе ти роди син и ќе му ставиш име Јован.

[14] Em ti haverá prazer e alegria, e muitos se regozijarão com o seu nascimento.

[14]И ќе бидеш радосен и весел; мнозина ќе се зарадуваат заради неговото раѓање.

[15] Pois ele será grande diante do SENHOR, não beberá vinho nem bebida forte e será cheio do Espírito Santo, já do ventre materno.

[15]Зашто тој ќе биде голем пред Господ и нема да пие вино ни жесток пијалак, а ќе се исполни со Дух Свети уште во утробата на мајка си;

[16] E converterá muitos dos filhos de Israel ao SENHOR, seu Deus.

[16]и многу Израелови синови ќе ги врати кон нивниот Господ Бог;

[17] E irá adiante do SENHOR no espírito e poder de Elias, para converter o coração dos pais aos filhos, converter os desobedientes à prudência dos justos e habilitar para o SENHOR um povo preparado.

[17]и тој ќе оди пред Него во духот и силата на Илија, за да ги сврти срцата на татковците кон децата, и непокорните кон разумот на праведните, па да Му подготви на Господ народ подготвен.“

[18] Então, perguntou Zacarias ao anjo: Como saberei isto? Pois eu sou velho, e minha mulher, avançada em dias.

[18]И му рече Захарија на ангелот: „По што ќе го разберам тоа? Јас сум стар, а жена ми е веќе во поодминати години.“

[19] Respondeu-lhe o anjo: Eu sou Gabriel, que assisto diante de Deus, e fui enviado para falar-te e trazer-te estas boas-novas.

[19]Ангелот му одговори и рече: „Јас сум Гаврил кој стои пред Бога; пратен сум да зборувам со тебе и да те известам за оваа радосна вест;

[20] Todavia, ficarás mudo e não poderás falar até ao dia em que estas coisas venham a realizar-se; porquanto não acreditaste nas minhas palavras, as quais, a seu tempo, se cumprirão.

[20]и ете, ти ќе онемиш и не ќе можеш да говориш до оној ден кога ќе се случи тоа, затоа што не им поверува на моите зборови, што ќе се исполнат во свое време.“

[21] O povo estava esperando a Zacarias e admirava-se de que tanto se demorasse no santuário.

[21]Народот го чекаше Захарија и се чудеше зошто се забави во храмот.

[22] Mas, saindo ele, não lhes podia falar; então, entenderam que tivera uma visão no santuário. E expressava-se por acenos e permanecia mudo.

[22]А кога излезе, не можеше да зборува со нив; и така разбраа дека имал видение во храмот. Тој им објаснуваше со знаци, но остануваше нем.

[23] Sucedeu que, terminados os dias de seu ministério, voltou para casa.

[23]И штом изминаа деновите на неговата служба, тој се врати дома.

A felicidade de Isabel

[24] Passados esses dias, Isabel, sua mulher, concebeu e ocultou-se por cinco meses, dizendo:

[24]По тоа време зачна неговата жена Елисавета и таеше пет месеци, велејќи:

[25] Assim me fez o SENHOR, contemplando-me, para anular o meu opróbrio perante os homens.

[25]„Така ми направи Господ во деновите кога погледна на мене за да го симне срамот од мене меѓу луѓето.“

Predito o nascimento de Jesus

Ангел Господов го објавува скорото Исусово раѓање

[26] No sexto mês, foi o anjo Gabriel enviado, da parte de Deus, para uma cidade da Galiléia, chamada Nazaré,

[26]А во шестиот месец беше испратен од Бога ангелот Гаврил во галилејскиот град, по име Назарет,

[27] a uma virgem desposada com certo homem da casa de Davi, cujo nome era José; a virgem chamava-se Maria.

[27]кај една девојка. Таа беше свршена за маж по име Јосиф, од домот Давидов; а името на девојката ѝ беше Марија.

[28] E, entrando o anjo aonde ela estava, disse: Alegra-te, muito favorecida! O SENHOR é contigo.

[28]И кога влезе ангелот кај неа, рече: „Радувај се, благодатна! Господ е со тебе!“

[29] Ela, porém, ao ouvir esta palavra, perturbou-se muito e pôs-se a pensar no que significaria esta saudação.

[29]А таа, штом го виде, се вознемири од зборовите негови и размислуваше што значи тој поздрав.

[30] Mas o anjo lhe disse: Maria, não temas; porque achaste graça diante de Deus.

[30]И ѝ рече ангелот: „Не плаши се, Марија, зашто си нашла милост пред Бога;

[31] Eis que conceberás e darás à luz um filho, a quem chamarás pelo nome de Jesus.

[31]и ете, ти ќе зачнеш во утробата и ќе родиш Син, и ќе Го наречеш со името Исус.

[32] Este será grande e será chamado Filho do Altíssimo; Deus, o SENHOR, lhe dará o trono de Davi, seu pai;

[32]Тој ќе биде голем и ќе се нарече Син на Севишниот; и ќе Му го даде Господ Бог престолот на Неговиот татко Давид;

[33] ele reinará para sempre sobre a casa de Jacó, e o seu reinado não terá fim.

[33]и ќе царува над домот Јаковов засекогаш, и царувањето Негово нема да има крај.“

[34] Então, disse Maria ao anjo: Como será isto, pois não tenho relação com homem algum?

[34]А Марија му рече на ангелот: „Како ќе биде тоа кога јас не знам за маж?“

[35] Respondeu-lhe o anjo: Descerá sobre ti o Espírito Santo, e o poder do Altíssimo te envolverá com a sua sombra; por isso, também o ente santo que há de nascer será chamado Filho de Deus.

[35]Ангелот ѝ одговори и рече: „Светиот Дух ќе слезе на тебе и силата на Севишниот ќе те осени; па затоа и роденото ќе биде свето и ќе се нарече Син Божји.

[36] E Isabel, tua parenta, igualmente concebeu um filho na sua velhice, sendo este já o sexto mês para aquela que diziam ser estéril.

[36]Ете и Елисавета, твојата роднина, за која велат дека е неротка, и таа зачна син во староста своја; нејзе ѝ е веќе шести месец;

[37] Porque para Deus não haverá impossíveis em todas as suas promessas.

[37]зашто кај Бога ниеден збор не останува невозможен.“

[38] Então, disse Maria: Aqui está a serva do SENHOR; que se cumpra em mim conforme a tua palavra. E o anjo se ausentou dela.

[38]Марија, пак, рече: „Еве ја слугинката Господова; нека ми биде според зборовите твои!“ И ангелот си отиде од неа.

Maria visita a Isabel

[39] Naqueles dias, dispondo-se Maria, foi apressadamente à região montanhosa, a uma cidade de Judá,

Марија во посета кај Елисавета

[39]А Марија стана во тие дни и поита во ридскиот крај, во градот Јудин;

40 entrou na casa de Zacarias e saudou Isabel.

40па влезе во домот на Захарија и ја поздрави Елисавета.

41 Ouvindo esta a saudação de Maria, a criança lhe estremeceu no ventre; então, Isabel ficou possuída do Espírito Santo.

41Штом го слушна Елисавета поздравот на Марија, заигра детето во утробата нејзина; и Елисавета се исполни со Дух Свети,

42 E exclamou em alta voz: Bendita és tu entre as mulheres, e bendito o fruto do teu ventre!

42па извика гласно и рече: „Благословена си ти меѓу жените, и благословен е плодот на твојата утроба!

43 E de onde me provém que me venha visitar a mãe do meu SENHOR?

43И од каде за мене ова, кај мене да дојде мајката на мојот Господ?

44 Pois, logo que me chegou aos ouvidos a voz da tua saudação, a criança estremeceu de alegria dentro de mim.

44Зашто, ете, штом гласот од твојот поздрав одекна во ушите мои, од радост ми заигра детето во утробата моја.

45 Bem-aventurada a que creu, porque serão cumpridas as palavras que lhe foram ditas da parte do SENHOR.

45И блажена е таа која поверува, зашто ќе се исполни она, што ѝ рекол Господ.“

O cântico de Maria

46 Então, disse Maria: A minha alma engrandece ao SENHOR,

46И рече Марија: „Мојата душа Го велича Господа,

47 e o meu espírito se alegrou em Deus, meu Salvador,

47и мојот дух се зарадува во Бога, Спасителот мој,

48 porque contemplou na humildade da sua serva. Pois, desde agora, todas as gerações me considerarão bem-aventurada,

48зашто ја погледа смиреноста на слугинката Своја, и ете, отсега ќе ме нарекуваат блажена сите поколенија;

49 porque o Poderoso me fez grandes coisas. Santo é o seu nome.

49зашто Силниот ми направи големи дела, и свето е Неговото име;

50 A sua misericórdia vai de geração em geração sobre os que o temem.

50и милоста Негова е од колено на колено за оние што се бојат од Него.

51 Agiu com o seu braço valorosamente; dispersou os que, no coração, alimentavam pensamentos soberbos.

51Тој покажа сила со раката Своја; ги распрсна оние што се возгордеаја со мислите во срцата свои;

52 Derribou do seu trono os poderosos e exaltou os humildes.

52ги симна силните од престоли и ги воздигна понижените;

[53] Encheu de bens os famintos e despediu vazios os ricos.

[54] Amparou a Israel, seu servo, a fim de lembrar-se da sua misericórdia

[55] a favor de Abraão e de sua descendência, para sempre, como prometera aos nossos pais.

[56] Maria permaneceu cerca de três meses com Isabel e voltou para casa.

O nascimento de João Batista

[57] A Isabel cumpriu-se o tempo de dar à luz, e teve um filho.

[58] Ouviram os seus vizinhos e parentes que o SENHOR usara de grande misericórdia para com ela e participaram do seu regozijo.

[59] Sucedeu que, no oitavo dia, foram circuncidar o menino e queriam dar-lhe o nome de seu pai, Zacarias.

[60] De modo nenhum! Respondeu sua mãe. Pelo contrário, ele deve ser chamado João.

[61] Disseram-lhe: Ninguém há na tua parentela que tenha este nome.

[62] E perguntaram, por acenos, ao pai do menino que nome queria que lhe dessem.

[63] Então, pedindo ele uma tabuinha, escreveu: João é o seu nome. E todos se admiraram.

[64] Imediatamente, a boca se lhe abriu, e, desimpedida a língua, falava louvando a Deus.

[65] Sucedeu que todos os seus vizinhos ficaram possuídos de temor, e por toda a região montanhosa da Judéia foram divulgadas estas coisas.

[53]гладните ги исполни со добра, а богатите ги отпушти празни;

[54]го прифати Израел, Својот слуга, сеќавајќи се на милоста,

[55]како што им зборуваше на татковците наши, на Авраам и на семето негово довека.“

[56]И остана Марија со неа околу три месеци, па се врати дома.

Раѓањето и обрезанието на Јован Крстител

[57]А на Елисавета ѝ дојде времето да роди и таа роди син.

[58]Кога слушнаа оние што живееја околу, и роднините нејзини, дека ја удостоил Господ со Својата милост, се радуваа со неа.

[59]На осмиот ден дојдоа да го обрезат новороденчето и сакаа да му го дадат името на татко му Захарија.

[60]Но мајка му одговори и рече: „Не, туку ќе се вика Јован!“

[61]Ѝ рекоа нејзе: „Никој нема меѓу твоите роднини кој го носи тоа име.“

[62]И го прашаа со знаци татко му, како би сакал да го наречат.

[63]Тој побара штичка и ги напиша зборовите: „Јован му е името.“ И сите се зачудија.

[64]И уште во истиот миг му се отвори устата и му се одврза јазикот негов, и зборуваше, благословувајќи Го Бога.

[65]И ги обзеде страв сите што живееја околу; и прикажуваа за сето тоа по целиот крај Јудејски.

[66] Todos os que as ouviram guardavam-nas no coração, dizendo: Que virá a ser, pois, este menino? E a mão do SENHOR estava com ele.

O cântico de Zacarias

[67] Zacarias, seu pai, cheio do Espírito Santo, profetizou, dizendo:

[68] Bendito seja o SENHOR, Deus de Israel, porque visitou e redimiu o seu povo,

[69] e nos suscitou plena e poderosa salvação na casa de Davi, seu servo,

[70] como prometera, desde a antiguidade, por boca dos seus santos profetas,

[71] para nos libertar dos nossos inimigos e das mãos de todos os que nos odeiam;

[72] para usar de misericórdia com os nossos pais e lembrar-se da sua santa aliança

[73] e do juramento que fez a Abraão, o nosso pai,

[74] de conceder-nos que, livres das mãos de inimigos, o adorássemos sem temor,

[75] em santidade e justiça perante ele, todos os nossos dias.

[76] Tu, menino, serás chamado profeta do Altíssimo, porque precederás o SENHOR, preparando-lhe os caminhos,

[77] para dar ao seu povo conhecimento da salvação, no redimi-lo dos seus pecados,

[66]Сите што слушнаа, го зедоа тоа при срце и велеа: „Што ли ќе стане од тоа дете?“ И раката Господова беше со него.

Благодарствената пророчка песна на пророкот Захарија

[67]А Захарија, татко му, се исполни со Дух Свети и пророкуваше, говорејќи:

[68]„Благословен да е Господ, Бог Израелов, зашто го посети и го избави народот Свој;

[69]и подигна за нас моќно спасение, во домот на Давид, Својот слуга;

[70]како што говореше одамна преку устата на Своите свети пророци,

[71]дека ќе нè избави од непријателите наши и од рацете на сите што нè мразат;

[72]за да ја пројави Својата милост над татковците наши и да се сети на светиот завет Свој,

[73]на заклетвата, со која му се заколна на Авраам, нашиот татко;

[74]дека ќе ни даде, штом нè избави од непријателите наши,

[75]без страв да Му служиме, во светост и правда пред Него, преку целиот наш живот.

[76]А ти, дете, ќе се наречеш пророк на Севишниот, зашто ќе одиш пред Господовото лице за да Му ги приготвиш патиштата Негови;

[77]и да му дадеш на народот Негов сознание за спасение, преку проштевање на гревовите нивни,

[78] graças à entranhável misericórdia de nosso Deus, pela qual nos visitará o sol nascente das alturas,
[79] para alumiar os que jazem nas trevas e na sombra da morte, e dirigir os nossos pés pelo caminho da paz.
[80] O menino crescia e se fortalecia em espírito. E viveu nos desertos até ao dia em que havia de manifestar-se a Israel.

Lucas 2

O nascimento de Jesus Cristo
Mateus 1.18-25

[1] Naqueles dias, foi publicado um decreto de César Augusto, convocando toda a população do império para recensear-se.
[2] Este, o primeiro recenseamento, foi feito quando Quirino era governador da Síria.
[3] Todos iam alistar-se, cada um à sua própria cidade.

[4] José também subiu da Galiléia, da cidade de Nazaré, para a Judéia, à cidade de Davi, chamada Belém, por ser ele da casa e família de Davi,

[5] a fim de alistar-se com Maria, sua esposa, que estava grávida.
[6] Estando eles ali, aconteceu completarem-se-lhe os dias,
[7] e ela deu à luz o seu filho primogênito, enfaixou-o e o deitou numa manjedoura, porque não havia lugar para eles na hospedaria.

Os anjos e os pastores

[8] Havia, naquela mesma região, pastores que viviam nos campos e guardavam o seu rebanho durante as vigílias da noite.

[78]заради големото милосрдие на нашиот Бог, со која нè посети Исток од висините,
[79]за да им блесне на оние што седат во темнина и во сенка смртна, и да ги упати нозете наши по патот на мирот.“
[80]А детето растеше и крепнеше со духот; и живееше во пустина до денот кога им се јави на Израелците.

Лука 2

Исусовото раѓање

[1]Во тоа време излезе заповед од царот Август за попис на сите жители.

[2]Тоа беше прв попис за време на управувањето на Квиринај со Сирија.
[3]И отидоа сите да се запишат, секој во својот град.
[4]Па така и Јосиф, бидејќи беше од Галилеја, од градот Назарет, отиде во Јудеја, во градот Давидов, наречен Витлеем, бидејќи беше од домот и племето Давидово,
[5]за да се запише со Марија, неговата свршеница, која беше тешка.
[6]А кога беа таму, нејзе ѝ дојде времето да роди.

[7]Го роди својот Син првенец, Го пови и Го положи во јасли, зашто за нив немаше место во гостилницата.

[8]Во тој крај имаше пастири, кои ноќеваа таму и го чуваа своето стадо.

[9] E um anjo do SENHOR desceu aonde eles estavam, e a glória do SENHOR brilhou ao redor deles; e ficaram tomados de grande temor.

[9]И одеднаш им пристапи ангел Господов и славата Господова ги осветли; и се уплашија многу.

[10] O anjo, porém, lhes disse: Não temais; eis aqui vos trago boa-nova de grande alegria, que o será para todo o povo:

[10]А ангелот им рече: „Не плашете се! Еве, ви навестувам голема радост, која ќе биде за сите луѓе;

[11] é que hoje vos nasceu, na cidade de Davi, o Salvador, que é Cristo, o SENHOR.

[11]зашто денеска ви се роди во градот Давидов Спасител, Кој е Христос Господ;

[12] E isto vos servirá de sinal: encontrareis uma criança envolta em faixas e deitada em manjedoura.

[12]Ова ќе ви биде знак: ќе најдете повиен Младенец, кој лежи во јасли.“

[13] E, subitamente, apareceu com o anjo uma multidão da milícia celestial, louvando a Deus e dizendo:

[13]И одеднаш со ангелот се јави многубројно небесно воинство, кое Го славеше Бога, велејќи:

[14] Glória a Deus nas maiores alturas, e paz na terra entre os homens, a quem ele quer bem.

[14]„Слава на Бога во висините, а на земјата мир, меѓу луѓето добра волја!“

[15] E, ausentando-se deles os anjos para o céu, diziam os pastores uns aos outros: Vamos até Belém e vejamos os acontecimentos que o SENHOR nos deu a conhecer.

[15]Кога си отидоа ангелите од нив на небо, пастирите си рекоа меѓу себе: „Да појдеме во Витлеем и да го видиме претскажаниот настан што ни го соопшти Господ.“

[16] Foram apressadamente e acharam Maria e José e a criança deitada na manjedoura.

[16]И дојдоа брзо и ги најдоа Марија и Јосиф со Младенецот кој лежеше во јасли.

[17] E, vendo-o, divulgaram o que lhes tinha sido dito a respeito deste menino.

[17]А штом го видоа, соопштија за претскажувањето што им беше речено за Тоа Дете.

[18] Todos os que ouviram se admiraram das coisas referidas pelos pastores.

[18]И сите што слушаа се восхитуваа на она што им го говореа пастирите.

[19] Maria, porém, guardava todas estas palavras, meditando-as no coração.

[19]А Марија ги зачува сите тие зборови, сложувајќи ги во срцето свое.

[20] Voltaram, então, os pastores glorificando e louvando a Deus por tudo o que tinham ouvido e visto, como lhes fora anunciado.

[20]И се вратија пастирите, славејќи Го и фалејќи Го Бога за сè она што чуја и видоа, како што им беше речено.

A circuncisão de Jesus

[21] Completados oito dias para ser circuncidado o menino, deram-lhe o nome de JESUS, como lhe chamara o anjo, antes de ser concebido.

[21]А кога се навршија осум дена и Детето требаше да Го обрезат, Му дадоа име Исус, како што беше наречено од ангелот уште пред да биде зачнат во утробата.

A apresentação de Jesus no templo

Исусовото претставување во храмот

[22] Passados os dias da purificação deles segundo a Lei de Moisés, levaram-no a Jerusalém para o apresentarem ao SENHOR,

[22]И кога се навршија деновите за нивното очистување, според законот на Мојсеј, Го донесоа во Ерусалим за да Го претстават пред Господ,

[23] conforme o que está escrito na Lei do SENHOR: Todo primogênito ao SENHOR será consagrado;

[23]како што е напишано во Законот Господов дека секое првородено машко дете треба да Му се посвети на Господ;

[24] e para oferecer um sacrifício, segundo o que está escrito na referida Lei: Um par de rolas ou dois pombinhos.

[24]и да се принесе жртва, како што е речено во Законот Господов, две гугутки или две гулапчиња.

O cântico de Simeão

[25] Havia em Jerusalém um homem chamado Simeão; homem este justo e piedoso que esperava a consolação de Israel; e o Espírito Santo estava sobre ele.

[25]А во Ерусалим живееше тогаш еден човек по име Симеон; и тој човек, кој беше праведен и благочестив, ја очекуваше утехата Израелова; и Светиот Дух беше на него.

[26] Revelara-lhe o Espírito Santo que não passaria pela morte antes de ver o Cristo do SENHOR.

[26]Нему Светиот Дух му беше прорекол дека нема да види смрт, додека не Го види Христос Господов.

[27] Movido pelo Espírito, foi ao templo; e, quando os pais trouxeram o menino Jesus para fazerem com ele o que a Lei ordenava,

[27]И поттикнат од Духот, дојде во храмот. Па, кога родителите Го донесоа детето Исус за да го извршат со Него она што беше вообичаено, според Законот,

[28] Simeão o tomou nos braços e louvou a Deus, dizendo:

[28]тој Го зеде во своите раце, Го благослови Бога и рече:

[29] Agora, SENHOR, podes despedir em paz o teu servo, segundo a tua palavra;
[30] porque os meus olhos já viram a tua salvação,
[31] a qual preparaste diante de todos os povos:
[32] luz para revelação aos gentios, e para glória do teu povo de Israel.

[33] E estavam o pai e a mãe do menino admirados do que dele se dizia.
[34] Simeão os abençoou e disse a Maria, mãe do menino: Eis que este menino está destinado tanto para ruína como para levantamento de muitos em Israel e para ser alvo de contradição
[35] (também uma espada traspassará a tua própria alma), para que se manifestem os pensamentos de muitos corações.

A profetisa Ana

[36] Havia uma profetisa, chamada Ana, filha de Fanuel, da tribo de Aser, avançada em dias, que vivera com seu marido sete anos desde que se casara

[37] e que era viúva de oitenta e quatro anos. Esta não deixava o templo, mas adorava noite e dia em jejuns e orações.

[38] E, chegando naquela hora, dava graças a Deus e falava a respeito do menino a todos os que esperavam a redenção de Jerusalém.

O menino Jesus em Nazaré

[39] Cumpridas todas as ordenanças segundo a Lei do SENHOR, voltaram para a Galiléia, para a sua cidade de Nazaré.

[29]„Сега го отпушташ Својот слуга во мир, Господаре, според зборот Твој,
[30]зашто очите мои го видоа спасението Твое
[31]што си го приготвил пред лицето на сите народи;
[32]светлина за просвета на незнабошците и слава на Твојот народ, Израел.“

Претскажувањето на Симеон

[33]А Јосиф и мајка Му се восхитуваа на она што зборуваше за Него.
[34]Па ги благослови Симеон и ѝ рече на Марија, мајката Негова: „Еве, Овој е поставен за паѓање и издигнување на мнозина во Израел, и е знак против Кого ќе се говори.
[35]А и тебе самата, меч ќе ти ја прободе душата, за да се откријат мислите на многу срца.“

Пророчицата Ана

[36]Таму беше и пророчицата Ана, ќерката Фануилова, од Асировото племе. Таа беше во поодминати години, а со мажот проживеала само седум години, по моминството свое.
[37]Таа беше вдовица на околу осумдесет и четири години. Не се оддалечуваше од храмот и Му служеше на Бога со пост и молитва, дење и ноќе.
[38]Во тој час пристапи и таа и почна да Го слави Господ и им прикажуваше за Него на сите што очекуваа избавување на Ерусалим.

Враќањето во Назарет

[39]И кога извршија сè по Законот Господов, се вратија во Галилеја, во градот свој Назарет.

[40] Crescia o menino e se fortalecia, enchendo-se de sabedoria; e a graça de Deus estava sobre ele.

O menino Jesus no meio dos doutores

[41] Ora, anualmente iam seus pais a Jerusalém, para a Festa da Páscoa.

[42] Quando ele atingiu os doze anos, subiram a Jerusalém, segundo o costume da festa.

[43] Terminados os dias da festa, ao regressarem, permaneceu o menino Jesus em Jerusalém, sem que seus pais o soubessem.

[44] Pensando, porém, estar ele entre os companheiros de viagem, foram caminho de um dia e, então, passaram a procurá-lo entre os parentes e os conhecidos;

[45] e, não o tendo encontrado, voltaram a Jerusalém à sua procura.

[46] Três dias depois, o acharam no templo, assentado no meio dos doutores, ouvindo-os e interrogando-os.

[47] E todos os que o ouviam muito se admiravam da sua inteligência e das suas respostas.

[48] Logo que seus pais o viram, ficaram maravilhados; e sua mãe lhe disse: Filho, por que fizeste assim conosco? Teu pai e eu, aflitos, estamos à tua procura.

[49] Ele lhes respondeu: Por que me procuráveis? Não sabíeis que me cumpria estar na casa de meu Pai?

[50] Não compreenderam, porém, as palavras que lhes dissera.

[40]А Детето растеше и крепнеше со дух, исполнувајќи се со мудрост; и благодатта Божја беше врз Него.

Дванаесетгодишниот Исус во храмот

[41]И секоја година родителите Негови одеа во Ерусалим на празникот Пасха.

[42]А кога Тој беше на дванаесет години, тие отидоа во Ерусалим, според обичајот за празникот.

[43]Но, кога се завршија празничните денови, додека се враќаа дома, детето Исус остана во Ерусалим; а Неговите родители не го забележаа тоа.

[44]Мислејќи дека е Тој меѓу сопатниците, изминаа еден ден пат и почнаа да Го бараат меѓу роднините и познатите.

[45]Па, бидејќи не Го најдоа, се вратија во Ерусалим да Го бараат.

[46]По три дни Го најдоа во храмот како седи меѓу учителите, ги слуша и ги прашува;

[47]сите што Го слушаа, беа восхитени од Неговата остроумност и од Неговите одговори!

[48]Кога Го видоа, се зачудија; и Неговата мајка Му рече: „Синко, зошто ни направи така? Ете, татко ти и јас се измачивме, барајќи Те.“

[49]А Тој рече: „Што сте Ме барале? Зар не знаете дека Јас треба да бидам во она коешто е на Мојот Татко?“

[50]Но тие не ги разбраа зборовите што им ги кажа Тој.

[51] E desceu com eles para Nazaré; e era-lhes submisso. Sua mãe, porém, guardava todas estas coisas no coração.

[52] E crescia Jesus em sabedoria, estatura e graça, diante de Deus e dos homens.

Lucas 3

A pregação de João Batista
Mateus 3.1-10; Marcos 1.2-5

[1] No décimo quinto ano do reinado de Tibério César, sendo Pôncio Pilatos governador da Judéia, Herodes, tetrarca da Galiléia, seu irmão Filipe, tetrarca da região da Ituréia e Traconites, e Lisânias, tetrarca de Abilene,

[2] sendo sumos sacerdotes Anás e Caifás, veio a palavra de Deus a João, filho de Zacarias, no deserto.

[3] Ele percorreu toda a circunvizinhança do Jordão, pregando batismo de arrependimento para remissão de pecados,

[4] conforme está escrito no livro das palavras do profeta Isaías: Voz do que clama no deserto: Preparai o caminho do SENHOR, endireitai as suas veredas.

[5] Todo vale será aterrado, e nivelados todos os montes e outeiros; os caminhos tortuosos serão retificados, e os escabrosos, aplanados;

[6] e toda carne verá a salvação de Deus.

[51]И Тој слезе со нив, па дојде во Назарет и им беше послушен. А мајка Му ги зачува сите тие настани во срцето свое.

[52]Исус, пак, напредуваше во мудроста и возраста и во милост кај Бога и кај луѓето.

Лука 3

Проповедањето на Јован Крстител
(Мт 3,1-6; Мк 1,1-6; Јн 1,19-31)

[1]Во петнаесеттата година од владеењето на царот Тибериј, кога Понтиј Пилат беше управител во Јудеја, а Ирод четворовласник над Галилеја, и Филип, брат му, четворовласник на покраината Итуреја и Трахонитида, и Лисаниј четворовласник на Авилинија,

[2]во времето на првосвештениците Ана и Кајафа, дојде Божјата реч до Јован, синот на Захарија, во пустината.

[3]И тој го обиколи целиот крај околу Јордан, проповедајќи покајно крштавање за проштевање на гревовите,

[4]така како што е напишано во Книгата, според зборовите на пророкот Исаија, кој вели: „Гласот на оној што вика во пустината: ‚Пригответе го Господовиот пат и исправете ги патеките Негови;

[5]секоја долина нека се исполни и секоја планина и секој рид нека се снизат; кривините нека се исправат и нерамните патишта нека се израмнат,

[6]и секое тело ќе го види спасението Божјо!‘“

Најавување на Судниот ден
(Мт 3,7-10)

[7] Dizia ele, pois, às multidões que saíam para serem batizadas: Raça de víboras, quem vos induziu a fugir da ira vindoura?

[8] Produzi, pois, frutos dignos de arrependimento e não comeceis a dizer entre vós mesmos: Temos por pai a Abraão; porque eu vos afirmo que destas pedras Deus pode suscitar filhos a Abraão.
[9] E também já está posto o machado à raiz das árvores; toda árvore, pois, que não produz bom fruto é cortada e lançada ao fogo.

[10] Então, as multidões o interrogavam, dizendo: Que havemos, pois, de fazer?

[11] Respondeu-lhes: Quem tiver duas túnicas, reparta com quem não tem; e quem tiver comida, faça o mesmo.

[12] Foram também publicanos para serem batizados e perguntaram-lhe: Mestre, que havemos de fazer?
[13] Respondeu-lhes: Não cobreis mais do que o estipulado.

[14] Também soldados lhe perguntaram: E nós, que faremos? E ele lhes disse: A ninguém maltrateis, não deis denúncia falsa e contentai-vos com o vosso soldo.

João dá testemunho de Jesus
Mateus 3.11-12; Marcos 1.7-8; João 1.19-27
[15] Estando o povo na expectativa, e discorrendo todos no seu íntimo a respeito de João, se não seria ele, porventura, o próprio Cristo,

[7]А на луѓето што доаѓаа кај него да ги крсти, им велеше: „Рожби змиини, кој ве научи да бегате од гневот што ќе дојде?
[8]Но створете плодови достојни за покајание и не почнувајте да зборувате во себе: ‚Авраам е нашиот татко!‘ Зашто ви велам дека Бог може и од овие камења да издигне чеда на Авраам.
[9]Зашто веќе и секирата е поставена до коренот на дрвјата; и секое дрво, што не дава добар плод, се сече и се фрла во оган.“

Плодовите на покајанието

[10]И го прашаа луѓето, велејќи: „Тогаш што треба да правиме?“
[11]А тој им одговори и рече: „Кој има две облеки, нека ги подели со оној што нема ниту една; а кој има храна, нека го направи истото.“

[12]Дојдоа и цариници да ги крсти и му рекоа: „Учителе, што да направиме?“

[13]А тој им рече: „Не барајте повеќе отколку што ви е одредено.“
[14]Го прашаа и некои војници, говорејќи: „А што да правиме ние?“ И им рече: „Врз никого не извршувајте насилство, никого не клеветете и бидете задоволни со вашите плати.“

Најавување на Месијата
(Мт 3,11-12; Мк 1,7-8)
[15]А бидејќи народот беше во исчекување, па сите помислуваа во срцата свои за Јован, да не е тој Христос,

[16] disse João a todos: Eu, na verdade, vos batizo com água, mas vem o que é mais poderoso do que eu, do qual não sou digno de desatar-lhe as correias das sandálias; ele vos batizará com o Espírito Santo e com fogo.

[17] A sua pá, ele a tem na mão, para limpar completamente a sua eira e recolher o trigo no seu celeiro; porém queimará a palha em fogo inextinguível.

[18] Assim, pois, com muitas outras exortações anunciava o evangelho ao povo;

[19] mas Herodes, o tetrarca, sendo repreendido por ele, por causa de Herodias, mulher de seu irmão, e por todas as maldades que o mesmo Herodes havia feito,

[20] acrescentou ainda sobre todas a de lançar João no cárcere.

O batismo de Jesus

Mateus 3.13-17; Marcos 1.9-11; João 1.32-34

[21] E aconteceu que, ao ser todo o povo batizado, também o foi Jesus; e, estando ele a orar, o céu se abriu,

[22] e o Espírito Santo desceu sobre ele em forma corpórea como pomba; e ouviu-se uma voz do céu: Tu és o meu Filho amado, em ti me comprazo.

A genealogia de Jesus Cristo

Mateus 1.1-16

[23] Ora, tinha Jesus cerca de trinta anos ao começar o seu ministério. Era, como se cuidava, filho de José, filho de Eli;

[16]Јован им одговараше на сите, велејќи: „Јас ве крштавам со вода; но иде посилен од мене, Кому не сум достоен да Му ги одврзам ни ремчињата на обувките Негови: Тој ќе ве крсти со Дух Свети и со оган.

[17]Нему му е лопатата во раката Негова и Тој ќе го очисти гумното Свое, и ќе го собере житото во житницата Своја, а плевата ќе ја изгори со неизгаслив оган.“

[18]И опоменувајќи со уште многу други нешта, му ја објавуваше на народот радосната вест.

Јован в затвор

(Мт 14,3-4; Мк 6,17-18)

[19]А Ирод четворовласникот, укорен од него заради Иродијада, жената на брата му, и заради сите злодела што ги беше направил,

[20]кон сето тоа додаде и уште едно: го затвори Јован во темница.

Исусовото крштавање

(Мт 3,13-17; Мк 1,9-11)

[21]А кога се крсти сиот народ, се крсти и Исус, и додека се молеше, се отвори небото,

[22]и Светиот Дух слезе на Него во телесен облик, како гулаб, и се слушна глас од небото, кој велеше: „Ти си Мојот возљубен Син, Кој е по Мојата волја.“

Исусовото родословие

(Мт 1,1-17)

[23]Кога почна Исус да проповеда имаше околу триесет години и беше, како што мислеа, син Јосифов, Илиев,

[24] Eli, filho de Matate, Matate, filho de Levi, Levi, filho de Melqui, este, filho de Janai, filho de José;

[24]Мататов, Левиев, Мелхиев, Јанаев, Јосифов,

[25] José, filho de Matatias, Matatias, filho de Amós, Amós, filho de Naum, este, filho de Esli, filho de Nagai;

[25]Мататиев, Амосов, Наумов, Еслимов, Нагеев,

[5] Então, disseram os apóstolos ao SENHOR: Aumenta-nos a fé.

Лука 17

За соблазната

(Мт 18,6-7, 21-22; Мк 9,42)

[1]И им рече Исус на учениците Свои: „Доаѓањето на соблазните е неизбежно, но тешко на оној преку кого доаѓаат;

[2]за него би било подобро да му обесат воденички камен на вратот и да го фрлат в море, отколку да соблазни еден од овие помали.

[3]Внимавајте на себе. Ако згреши против тебе братот твој, укори го, и ако се покае – прости му.

[4]И ако седумпати на ден згреши против тебе и седумпати на ден дојде и ти рече: ‚Се каам‘ – прости му.“

Моќта на верата

(Мт 17,20)

[5]И Му рекоа апостолите на Господ: „Засили ни ја верата!“

6 Respondeu-lhes o SENHOR: Se tiverdes fé como um grão de mostarda, direis a esta amoreira: Arranca-te e transplanta-te no mar; e ela vos obedecerá.

6А Господ им рече: „Кога би имале вера колку синаповото зрно и ѝ речете на онаа црница: ‚Откорни се и пресади се в море!‘ – таа би ве послушала.

Должноста на слугата

7 Qual de vós, tendo um servo ocupado na lavoura ou em guardar o gado, lhe dirá quando ele voltar do campo: Vem já e põe-te à mesa?

7Кој од вас, кога ќе се врати од поле неговиот слуга, кој орал или чувал овци, веднаш ќе му рече: ‚Дојди бргу и седни на трпеза!‘

8 E que, antes, não lhe diga: Prepara-me a ceia, cinge-te e serve-me, enquanto eu como e bebo; depois, comerás tu e beberás?

8Нема ли да му каже: ‚Приготви ми да вечерам, препаши се и служи ме додека јадам и пијам, а потоа ти јади и пиј!‘

9 Porventura, terá de agradecer ao servo porque este fez o que lhe havia ordenado?

9Зар ќе му благодари на тој слуга што ја исполнил неговата заповед? Мислам, не.

10 Assim também vós, depois de haverdes feito quanto vos foi ordenado, dizei: Somos servos inúteis, porque fizemos apenas o que devíamos fazer.

10Па така и вие, откако ќе исполните сè што ви е заповедано, речете: ‚Ние сме слуги бесполезни, зашто го извршивме она што бевме должни да го извршиме.‘“

A cura de dez leprosos

11 De caminho para Jerusalém, passava Jesus pelo meio de Samaria e da Galiléia.

Исус исцелува десетмина лепрозни

11А кога одеше за Ерусалим, Тој поминуваше меѓу Самарија и Галилеја.

12 Ao entrar numa aldeia, saíram-lhe ao encontro dez leprosos,

12Кога влегуваше во едно село, Го сретнаа десет лепрозни и застанаа подалеку,

13 que ficaram de longe e lhe gritaram, dizendo: Jesus, Mestre, compadece-te de nós!

13па со силен глас повикаа: „Исусе Учителе, смилувај се!“

14 Ao vê-los, disse-lhes Jesus: Ide e mostrai-vos aos sacerdotes. Aconteceu que, indo eles, foram purificados.

14Штом ги виде, им рече: „Отидете и покажете им се на свештениците!“ И тие, уште додека одеа, се очистија.

15 Um dos dez, vendo que fora curado, voltou, dando glória a Deus em alta voz,

15А еден од нив, кога виде дека е излекуван, се врати и Го прослави Бога гласно;

[16] e prostrou-se com o rosto em terra aos pés de Jesus, agradecendo-lhe; e este era samaritano.

[17] Então, Jesus lhe perguntou: Não eram dez os que foram curados? Onde estão os nove?

[18] Não houve, porventura, quem voltasse para dar glória a Deus, senão este estrangeiro?

[19] E disse-lhe: Levanta-te e vai; a tua fé te salvou.

A vinda do reino de Deus

[20] Interrogado pelos fariseus sobre quando viria o reino de Deus, Jesus lhes respondeu: Não vem o reino de Deus com visível aparência.

[21] Nem dirão: Ei-lo aqui! Ou: Lá está! Porque o reino de Deus está dentro de vós.

[22] A seguir, dirigiu-se aos discípulos: Virá o tempo em que desejareis ver um dos dias do Filho do Homem e não o vereis.

[23] E vos dirão: Ei-lo aqui! Ou: Lá está! Não vades nem os sigais;

[24] porque assim como o relâmpago, fuzilando, brilha de uma à outra extremidade do céu, assim será, no seu dia, o Filho do Homem.

[25] Mas importa que primeiro ele padeça muitas coisas e seja rejeitado por esta geração.

[26] Assim como foi nos dias de Noé, será também nos dias do Filho do Homem:

[16]и падна ничкум пред нозете Негови, благодарејќи Му. А тој беше Самарјанин.

[17]Исус, пак, одговори и рече: „Зар не се излекуваа десетмина? Каде се другите девет?

[18]Зарем не се најдоа да се вратат и другите и да Му воздадат слава на Бога, туку само овој туѓинец?“

[19]И му рече: „Стани, оди си! Твојата вера те спаси!“

За доаѓањето на царството Божјо

(Мт 24,23-28, 37-41)

[20]Запрашан од фарисеите кога ќе дојде царството Божјо, Тој им одговори: „Царството Божјо нема да дојде преку нешто што може да се забележи,

[21]ниту, пак, ќе може да се каже: ‚Еве, овде е‘ или: ‚Еве, онде е‘. Зашто царството Божјо е во вас внатре.“

[22]И им рече: „Ќе дојдат дни, кога ќе копнеете да видите еден од деновите на Синот Човечки, и нема да видите:

[23]и кога ќе ви речат: ‚Еве Го, овде е‘ или: ‚Еве, онде е‘. – Не одете и не барајте!

[24]Зашто, како што молњата, кога ќе светне од едниот крај на небото го осветлува и другиот, така ќе биде и Синот Човечки во Својот ден.

[25]Но, најнапред Тој треба многу да пострада и да биде отфрлен од овој род.

[26]Како што беше во Ноевите дни, така ќе биде и во деновите на Синот Човечки:

27 comiam, bebiam, casavam e davam-se em casamento, até ao dia em que Noé entrou na arca, e veio o dilúvio e destruiu a todos.

28 O mesmo aconteceu nos dias de Ló: comiam, bebiam, compravam, vendiam, plantavam e edificavam;

29 mas, no dia em que Ló saiu de Sodoma, choveu do céu fogo e enxofre e destruiu a todos.

30 Assim será no dia em que o Filho do Homem se manifestar.

31 Naquele dia, quem estiver no eirado e tiver os seus bens em casa não desça para tirá-los; e de igual modo quem estiver no campo não volte para trás.

32 Lembrai-vos da mulher de Ló.

33 Quem quiser preservar a sua vida perdê-la-á; e quem a perder de fato a salvará.

34 Digo-vos que, naquela noite, dois estarão numa cama; um será tomado, e deixado o outro;

35 duas mulheres estarão juntas moendo; uma será tomada, e deixada a outra.

36 [Dois estarão no campo; um será tomado, e o outro, deixado.]

37 Então, lhe perguntaram: Onde será isso, SENHOR? Respondeu-lhes: Onde estiver o corpo, aí se ajuntarão também os abutres.

27јадеа, пиеја, се женеа, се мажеа, сè до оној ден, кога Ное влезе во ковчегот, и дојде потопот, па ги погуби сите.

28Исто така, како што беше во Лотовите дни: јадеа, пиеја, купуваа, продаваа, садеа, зидаа;

29но во истиот ден, кога излезе Лот од Содом, падна од небото оган и сулфур и ги изгоре сите;

30така ќе биде и во денот кога ќе се јави Синот Човечки.

31Во тој ден, кој е на покрив, а покуќнината му е в куќи, нека не слегува да ја земе; а кој е в поле, исто така, да не се враќа.

32Сетете се на Лотовата жена.

33Кој сака да го спаси својот живот, ќе го погуби; а кој ќе го погуби, ќе го спаси.

34Ви велам: во таа ноќ ќе бидат двајца на една постела: едниот ќе го земат, а другиот ќе го остават;

35две жени ќе мелат заедно: едната ќе ја земат, а другата ќе ја остават.“

36-37И, кога одговорија, Му рекоа: „Каде, Господи?“ А Тој им рече: „Каде што е лешот, таму ќе се соберат и орлите.“

Lucas 18

A parábola do juiz iníquo

1 Disse-lhes Jesus uma parábola sobre o dever de orar sempre e nunca esmorecer:

Лука 18

Парабола за вдовицата и судијата

1Им кажа и една парабола за тоа како е потребно секогаш да се молат и да не паѓаат со духот.

[2] Havia em certa cidade um juiz que não temia a Deus, nem respeitava homem algum.

[2]И рече: „Во некој град си беше еден судија, кој од Бога не се плашеше, ниту од луѓето се срамуваше.

[3] Havia também, naquela mesma cidade, uma viúva que vinha ter com ele, dizendo: Julga a minha causa contra o meu adversário.

[3]Во истиот град живееше една вдовица и доаѓаше кај него, велејќи: ‚Заштити ме од мојот противник!‘

[4] Ele, por algum tempo, não a quis atender; mas, depois, disse consigo: Bem que eu não temo a Deus, nem respeito a homem algum;

[4]Но тој за долго време не сакаше. Најпосле си рече во себе: ‚Иако од Бога не се плашам и од луѓето не се срамувам,

[5] todavia, como esta viúva me importuna, julgarei a sua causa, para não suceder que, por fim, venha a molestar-me.

[5]но, бидејќи оваа вдовица не ми дава мир, ќе ја заштитам, за да не доаѓа повеќе и да не ми додева.‘“

[6] Então, disse o SENHOR: Considerai no que diz este juiz iníquo.

[6]И рече Господ: „Чујте што зборува неправедливиот судија!

[7] Não fará Deus justiça aos seus escolhidos, que a ele clamam dia e noite, embora pareça demorado em defendê-los?

[7]Зарем Бог нема да ги одбрани Своите избраници, што викаат кон Него дење и ноќе; макар и да забави?

[8] Digo-vos que, depressa, lhes fará justiça. Contudo, quando vier o Filho do Homem, achará, porventura, fé na terra?

[8]Ви велам, ќе ги одбрани набргу. Но Синот Човечки, кога ќе дојде, ќе најде ли вера на земјата?“

A parábola do fariseu e o publicano

Парабола за фарисејот и цариникот

[9] Propôs também esta parábola a alguns que confiavam em si mesmos, por se considerarem justos, e desprezavam os outros:

[9]А на оние што беа уверени во себе дека се праведни и ги презираа другите, им ја кажа оваа парабола:

[10] Dois homens subiram ao templo com o propósito de orar: um, fariseu, e o outro, publicano.

[10]„Два човека влегоа во храм да се помолат: едниот фарисеј, а другиот цариник.

[11] O fariseu, posto em pé, orava de si para si mesmo, desta forma: Ó Deus, graças te dou porque não sou como os demais homens, roubadores, injustos e adúlteros, nem ainda como este publicano;

[11]Кога застанаа, фарисејот вака се молеше во себе: ‚Боже, Ти благодарам што не сум како другите луѓе; разбојници, неправедливи, прељубници, или како овој цариник.

[12] jejuo duas vezes por semana e dou o dízimo de tudo quanto ganho.

[13] O publicano, estando em pé, longe, não ousava nem ainda levantar os olhos ao céu, mas batia no peito, dizendo: Ó Deus, sê propício a mim, pecador!

[14] Digo-vos que este desceu justificado para sua casa, e não aquele; porque todo o que se exalta será humilhado; mas o que se humilha será exaltado.

Jesus abençoa as crianças

Mateus 19.13-15; Marcos 10.13-16

[15] Traziam-lhe também as crianças, para que as tocasse; e os discípulos, vendo, os repreendiam.

[16] Jesus, porém, chamando-as para junto de si, ordenou: Deixai vir a mim os pequeninos e não os embaraceis, porque dos tais é o reino de Deus.

[17] Em verdade vos digo: Quem não receber o reino de Deus como uma criança de maneira alguma entrará nele.

O jovem rico

Mateus 19.16-22; Marcos 10.17-22

[18] Certo homem de posição perguntou-lhe: Bom Mestre, que farei para herdar a vida eterna?

[19] Respondeu-lhe Jesus: Por que me chamas bom? Ninguém é bom, senão um, que é Deus.

[20] Sabes os mandamentos: Não adulterarás, não matarás, não furtarás, não dirás falso testemunho, honra a teu pai e a tua mãe.

[12]Постам двапати во седмицата, давам десеток од сè што ќе стекнам.‘

[13]А цариникот стоеше оддалеку; не смееше дури и очите да ги подигне кон небото, туку се удираше в гради и велеше: ‚Боже, биди милостив спрема мене грешниот!‘

[14]Ви велам: тој си отиде дома повеќе оправдан, отколку оној, зашто секој што самиот себе се возвишува, ќе биде понизен, а кој се понизува себе самиот, ќе биде возвишен.“

Исус ги благословува малите деца

(Мт 19,13-15; Мк 10,13-16)

[15]Кај Него донесуваа и мали деца за да ги допре; а учениците, штом ќе видеа, им забрануваа.

[16]Но тогаш Исус ги повика и им рече: „Оставете ги децата да доаѓаат кај Мене, и не ги спречувајте, зашто на таквите им припаѓа царството Божјо!

[17]Вистина ви велам: кој нема да го прими царството Божјо како дете, тој нема да влезе во него.“

Богатиот човек

(Мт 19,16-30; Мк 10,17-31)

[18]И Го праша еден управник, велејќи: „Учителе добар, што да направам за да наследам живот вечен?“

[19]А Исус му рече: „Зошто Ме нарекуваш добар? Никој не е добар, освен Единиот Бог.

[20]Ги знаеш заповедите: не прави прељуба, не убивај, не кради, не сведочи лажно, почитувај ги татко си и мајка си.“

[21] Replicou ele: Tudo isso tenho observado desde a minha juventude.

[22] Ouvindo-o Jesus, disse-lhe: Uma coisa ainda te falta: vende tudo o que tens, dá-o aos pobres e terás um tesouro nos céus; depois, vem e segue-me.

[23] Mas, ouvindo ele estas palavras, ficou muito triste, porque era riquíssimo.

O perigo das riquezas

Mateus 19.23-30; Marcos 10.23-31

[24] E Jesus, vendo-o assim triste, disse: Quão dificilmente entrarão no reino de Deus os que têm riquezas!

[25] Porque é mais fácil passar um camelo pelo fundo de uma agulha do que entrar um rico no reino de Deus.

[26] E os que ouviram disseram: Sendo assim, quem pode ser salvo?

[27] Mas ele respondeu: Os impossíveis dos homens são possíveis para Deus.

[28] E disse Pedro: Eis que nós deixamos nossa casa e te seguimos.

[29] Respondeu-lhes Jesus: Em verdade vos digo que ninguém há que tenha deixado casa, ou mulher, ou irmãos, ou pais, ou filhos, por causa do reino de Deus,

[30] que não receba, no presente, muitas vezes mais e, no mundo por vir, a vida eterna.

Jesus outra vez prediz sua morte e ressurreição

Mateus 20.17-19; Marcos 10.32-34

[31] Tomando consigo os doze, disse-lhes Jesus: Eis que subimos para Jerusalém, e vai cumprir-se ali tudo quanto está escrito

[21]А тој рече: „Сето тоа сум го запазил уште од младоста своја.“

[22]Штом го слушна тоа, Исус, му рече: „Уште едно само ти недостасува: продај сè што имаш и раздај го на сиромаси, и ќе имаш ризница на небото; потоа дојди и врви по Мене!“

[23]А тој, кога го слушна тоа, многу се нажали, зашто беше многу богат.

[24]Штом виде дека тој се растажи, Исус рече: „Колку е тешко во царството Божјо да влезат оние што имаат богатство!

[25]Полесно ѝ е на камила да мине низ иглени уши, отколку богат да влезе во царството Божјо.“

[26]Оние што го чуја тоа, рекоа: „Тогаш кој може да се спаси?“

[27]А Тој одговори: „Неможното за луѓето е можно за Бога.“

[28]Петар, пак, рече: „Ете, ние оставивме сè и тргнавме по Тебе.“

[29]Тој им рече: „Вистина ви велам дека секој што оставил куќа или родители, или браќа, или сестри, или жена, или деца, заради царството Божјо,

[30]добил многу повеќе од тоа уште сега, во ова време, а во идниот век – и живот вечен.“

Исус по третпат ги претскажува Својата смрт и воскресение

(Мт 20,17-19; Мк 10,32-34)

[31]И кога ги зеде со Себе Дванаесетте, им рече: „Еве, одиме кон Ерусалим и сè

por intermédio dos profetas, no tocante ao Filho do Homem;

32 pois será ele entregue aos gentios, escarnecido, ultrajado e cuspido;

33 e, depois de o açoitarem, tirar-lhe-ão a vida; mas, ao terceiro dia, ressuscitará.

34 Eles, porém, nada compreenderam acerca destas coisas; e o sentido destas palavras era-lhes encoberto, de sorte que não percebiam o que ele dizia.

A cura do cego de Jericó

Mateus 20.29-34; Marcos 10.46-52

35 Aconteceu que, ao aproximar-se ele de Jericó, estava um cego assentado à beira do caminho, pedindo esmolas.

36 E, ouvindo o tropel da multidão que passava, perguntou o que era aquilo.

37 Anunciaram-lhe que passava Jesus, o Nazareno.

38 Então, ele clamou: Jesus, Filho de Davi, tem compaixão de mim!

39 E os que iam na frente o repreendiam para que se calasse; ele, porém, cada vez gritava mais: Filho de Davi, tem misericórdia de mim!

40 Então, parou Jesus e mandou que lho trouxessem. E, tendo ele chegado, perguntou-lhe:

41 Que queres que eu te faça? Respondeu ele: SENHOR, que eu torne a ver.

42 Então, Jesus lhe disse: Recupera a tua vista; a tua fé te salvou.

43 Imediatamente, tornou a ver e seguia-o glorificando a Deus. Também todo o povo, vendo isto, dava louvores a Deus.

ќе се исполни, што напишале пророците за Синот Човечки:

32дека ќе го предадат на незнабошци и ќе се потсмеваат со Него, ќе Го измачуваат и ќе Го плукаат,

33ќе Го камшикуваат и ќе Го убијат, и на третиот ден ќе воскресне.“

34Но тие ништо од ова не разбраа; овие зборови за нив беа сокриени и тие не сфатија што им кажа.

Прогледувањето на слепиот

(Мт 20,29-34; Мк 10,46-52)

35А додека се приближуваше Тој до Ерихон, еден слеп човек седеше крај патот и питаше;

36и штом чу дека покрај него минува народ, праша: „Што е тоа?“

37Му кажаа дека минува Исус од Назарет.

38Тогаш тој извика и рече: „Исусе, Сине Давидов, смилувај ми се!“

39Оние што одеа напред, го опоменаа да молчи; но тој уште погласно викаше: „Сине Давидов, смилувај ми се!“

40Исус застана и заповеда да Му го доведат. И кога оној се приближи до Него, го праша,

41велејќи: „Што сакаш да ти направам?“ Тој рече: „Господи, да прогледам!“

42Тогаш Исус му рече: „Прогледај! Верата твоја те спаси.“

43И одеднаш прогледа и тргна по Него, славејќи Го Бога. И сиот народ, кога го виде тоа, Му воздаде слава на Бога.

Lucas 19

Zaqueu, o publicano

[1] Entrando em Jericó, atravessava Jesus a cidade.

[2] Eis que um homem, chamado Zaqueu, maioral dos publicanos e rico,

[3] procurava ver quem era Jesus, mas não podia, por causa da multidão, por ser ele de pequena estatura.

[4] Então, correndo adiante, subiu a um sicômoro a fim de vê-lo, porque por ali havia de passar.

[5] Quando Jesus chegou àquele lugar, olhando para cima, disse-lhe: Zaqueu, desce depressa, pois me convém ficar hoje em tua casa.

[6] Ele desceu a toda a pressa e o recebeu com alegria.

[7] Todos os que viram isto murmuravam, dizendo que ele se hospedara com homem pecador.

[8] Entrementes, Zaqueu se levantou e disse ao SENHOR: SENHOR, resolvo dar aos pobres a metade dos meus bens; e, se nalguma coisa tenho defraudado alguém, restituo quatro vezes mais.

[9] Então, Jesus lhe disse: Hoje, houve salvação nesta casa, pois que também este é filho de Abraão.

[10] Porque o Filho do Homem veio buscar e salvar o perdido.

A parábola das dez minas

Лука 19

Исус и Закхеј

[1]Потоа влезе Исус во Ерихон и минуваше низ него.

[2]И ете, еден човек по име Закхеј, кој беше началник на цариниците, и беше богат,

[3]настојуваше да види Кој е Тој Исус, но не можеше од народот, зашто беше низок по раст.

[4]Затоа потрча напред и се качи на една смоква за да Го види, бидејќи покрај неа требаше да помине.

[5]Исус, пак, кога дојде на тоа место, погледна нагоре, го виде и му рече: „Закхеј, слези побргу, зашто денес треба да бидам во твојот дом.“

[6]И тој веднаш слезе и Го прими со радост.

[7]И сите, кога го видоа тоа, негодуваа и рекоа: „Отиде во куќа на грешен човек.“

[8]А Закхеј застана и Му рече на Господ: „Господи, еве половината од својот имот ќе ја дадам на сиромаси; и ако сум зел од некого нешто, четворно ќе го вратам.“

[9]А Исус му рече: „Денес дојде спасението за овој дом, зашто и тој е син Авраамов.

[10]Зашто Синот Човечки дојде да го побара и да го спаси она што е загубено.“

Парабола за доверените златници

(Мт 25,14-30)

[11] Ouvindo eles estas coisas, Jesus propôs uma parábola, visto estar perto de Jerusalém e lhes parecer que o reino de Deus havia de manifestar-se imediatamente.

[11]А на оние што го слушаа ова, им кажа и една парабола, бидејќи беше близу до Ерусалим и тие мислеа дека набргу ќе се појави царството Божјо,

[12] Então, disse: Certo homem nobre partiu para uma terra distante, com o fim de tomar posse de um reino e voltar.

[12]па рече: „Еден благородник заминуваше во далечна земја да прими царска власт за себе и потоа да се врати.

[13] Chamou dez servos seus, confiou-lhes dez minas e disse-lhes: Negociai até que eu volte.

[13]Тогаш ги повика своите десет слуги, им даде десет мини и им рече: ‚Тргувајте со нив, додека да се вратам!'

[14] Mas os seus concidadãos o odiavam e enviaram após ele uma embaixada, dizendo: Não queremos que este reine sobre nós.

[14]Но граѓаните го мразеа и испратија по него пратеници, велејќи: ‚Нејќеме тој да царува над нас.'

[15] Quando ele voltou, depois de haver tomado posse do reino, mandou chamar os servos a quem dera o dinheiro, a fim de saber que negócio cada um teria conseguido.

[15]А кога се врати, по примањето на царската власт, нареди да ги повикаат оние слуги, на кои им ги беше дал парите, за да види, кој колку спечалил.

[16] Compareceu o primeiro e disse: SENHOR, a tua mina rendeu dez.

[16]Дојде првиот и му рече: ‚Господаре, твојата мина заработи десет мини.'

[17] Respondeu-lhe o senhor: Muito bem, servo bom; porque foste fiel no pouco, terás autoridade sobre dez cidades.

[17]И му рече: ‚Добро, верен слуго; во мала работа беше верен, еве ти власт над десет градови.'

[18] Veio o segundo, dizendo: SENHOR, a tua mina rendeu cinco.

[18]Дојде вториот и рече: ‚Господаре, твојата мина заработи пет мини.'

[19] A este disse: Terás autoridade sobre cinco cidades.

[19]А тој и нему му рече: ‚И ти биди – над пет градови.'

[20] Veio, então, outro, dizendo: Eis aqui, senhor, a tua mina, que eu guardei embrulhada num lenço.

[20]И друг дојде, велејќи: ‚Господаре, еве ти ја твојата мина, што ја чував в крпа,

[21] Pois tive medo de ti, que és homem rigoroso; tiras o que não puseste e ceifas o que não semeaste.

[21]зашто се плашев од тебе, бидејќи си строг човек: земаш од каде што не си оставил и жнееш, каде што не си сеел.‘

[22] Respondeu-lhe: Servo mau, por tua própria boca te condenarei. Sabias que eu sou homem rigoroso, que tiro o que não pus e ceifo o que não semeei;

[22]А господарот му рече: ‚Со твојата уста ќе ти судам, лукав слуго; ти знаеш дека сум жесток човек: земам од каде што не сум оставил и жнеам, каде што не сум сеел;

[23] por que não puseste o meu dinheiro no banco? E, então, na minha vinda, o receberia com juros.

[23]тогаш, зошто не ги даде моите пари кај трговците, та кога ќе се вратам, да си го соберам сосе добивка?‘

[24] E disse aos que o assistiam: Tirai-lhe a mina e dai-a ao que tem as dez.

[24]Па им рече на присутните: ‚Земете ја од него мината и дајте му ја на оној, што има десет мини!‘

[25] Eles ponderaram: SENHOR, ele já tem dez.

[25]И му рекоа: ‚Господаре, тој има десет мини!‘

[26] Pois eu vos declaro: a todo o que tem dar-se-lhe-á; mas ao que não tem, o que tem lhe será tirado.

[26]Ви велам дека секому што има ќе му се придаде; а од оној што нема, ќе му се одземе и она што го има.

[27] Quanto, porém, a esses meus inimigos, que não quiseram que eu reinasse sobre eles, trazei-os aqui e executai-os na minha presença.

[27]А оние мои непријатели, што не сакаат да царувам над нив, доведете ги тука и погубете ги пред мене!“

A entrada triunfal de Jesus em Jerusalém

Mateus 21.1-11; Marcos 11.1-11; João 12.12-19

Исусовото свечено влегување во Ерусалим

(Мт 21,1-11; Мк 11,1; Јн 12,12-19)

[28] E, dito isto, prosseguia Jesus subindo para Jerusalém.

[28]Кога го рече тоа, Тој тргна понатаму, искачувајќи се кон Ерусалим.

[29] Ora, aconteceu que, ao aproximar-se de Betfagé e de Betânia, junto ao monte das Oliveiras, enviou dois de seus discípulos,

[29]И кога се приближи до Витфагија и Витанија, до таканаречената Маслинова Гора, испрати два ученика,

[30] dizendo-lhes: Ide à aldeia fronteira e ali, ao entrardes, achareis preso um jumentinho que jamais homem algum montou; soltai-o e trazei-o.

[30]велејќи: „Одете во селоно отспротива. Штом ќе влезете во него, ќе најдете едно врзано магаре, кое ниеден човек не го јавал. Одврзете го и доведете го!

31 Se alguém vos perguntar: Por que o soltais? Respondereis assim: Porque o SENHOR precisa dele.

31И ако ве праша некој: ‚Зошто го одврзувате?‘ Кажете му вака: ‚Тоа Му е потребно на Господ.‘“

32 E, indo os que foram mandados, acharam segundo lhes dissera Jesus.

32Кога отидоа испратените, најдоа како што им беше рекол.

33 Quando eles estavam soltando o jumentinho, seus donos lhes disseram: Por que o soltais?

33И кога го одврзуваа магарето, стопаните им рекоа: „Зошто го одврзувате магарето?“

34 Responderam: Porque o SENHOR precisa dele.

34Тие одговорија: „Потребно Му е на Господ.“

35 Então, o trouxeram e, pondo as suas vestes sobre ele, ajudaram Jesus a montar.

35И го доведоа кај Исус, па штом ги нафрлија облеките свои на магарето, Му помогнаа на Исус да се качи.

36 Indo ele, estendiam no caminho as suas vestes.

36И додека минуваше Тој, ги постилаа своите наметки по патот.

37 E, quando se aproximava da descida do monte das Oliveiras, toda a multidão dos discípulos passou, jubilosa, a louvar a Deus em alta voz, por todos os milagres que tinham visto,

37А кога наближи до местото од каде што се слегува од Маслиновата Гора, сето мноштво ученици почна радосно да Го прославува Бога со висок глас, за сите чуда што ги видоа,

38 dizendo: Bendito é o Rei que vem em nome do SENHOR! Paz no céu e glória nas maiores alturas!

38велејќи: „Благословен е Царот Кој доаѓа во името Господово! Мир на небото и слава во висините!“

39 Ora, alguns dos fariseus lhe disseram em meio à multidão: Mestre, repreende os teus discípulos!

39А некои фарисеи од народот Му рекоа: „Учителе, забрани им на учениците Твои!“

40 Mas ele lhes respondeu: Asseguro-vos que, se eles se calarem, as próprias pedras clamarão.

40Но Тој им одговори и рече: „Ви велам, ако тие замолкнат, камењата ќе повикаат.“

Jesus chora à vista de Jerusalém

Исус плаче за Ерусалим

41 Quando ia chegando, vendo a cidade, chorou

41А кога се приближи и го виде градот, заплака над него

42 e dizia: Ah! Se conheceras por ti mesma, ainda hoje, o que é devido à paz! Mas isto está agora oculto aos teus olhos.

42и рече: „Кога би можел во овој ден и ти да го дознаеш она што е потребно за твојот мир! Но тоа е сега сокриено од твоите очи.

[43] Pois sobre ti virão dias em que os teus inimigos te cercarão de trincheiras e, por todos os lados, te apertarão o cerco;

[44] e te arrasarão e aos teus filhos dentro de ti; não deixarão em ti pedra sobre pedra, porque não reconheceste a oportunidade da tua visitação.

A purificação do templo
Mateus 21.12-17; Marcos 11.15-19

[45] Depois, entrando no templo, expulsou os que ali vendiam,

[46] dizendo-lhes: Está escrito: A minha casa será casa de oração. Mas vós a transformastes em covil de salteadores.

O Mestre ensina no templo

[47] Diariamente, Jesus ensinava no templo; mas os principais sacerdotes, os escribas e os maiorais do povo procuravam eliminá-lo;

[48] contudo, não atinavam em como fazê-lo, porque todo o povo, ao ouvi-lo, ficava dominado por ele.

Lucas 20

A autoridade de Jesus e o batismo de João
Mateus 21.23-27; Marcos 11.27-33

[1] Aconteceu que, num daqueles dias, estando Jesus a ensinar o povo no templo e a evangelizar, sobrevieram os principais sacerdotes e os escribas, juntamente com os anciãos,

[2] e o argüiram nestes termos: Dize-nos: com que autoridade fazes estas coisas? Ou quem te deu esta autoridade?

[43]Зашто ќе дојдат денови за тебе и непријателите твои ќе те опкружат со ровови и ќе те опколат, и ќе те притеснат од сите страни;

[44]и ќе те срамнат со земјата тебе и ќе ги избијат децата твои во тебе и нема да остават камен на камен од тебе, зашто не си го позна времето кога беше посетен.“

Исус во храмот
(Мт 21,12-17; Мк 11,15-19; Јн 2,13-22)

[45]И кога влезе во храмот, почна да ги гони оние што продаваа и купуваа во него,

[46]велејќи: „Напишано е: ‚Домот Мој е дом за молитва, а вие го направивте разбојничка пештера.‘“

[47]И поучуваше секој ден во храмот. А првосвештениците и книжниците, и старешините народни, настојуваа да го погубат,

[48]но не пронајдоа како да Му го направат тоа, зашто сиот народ Го слушаше со големо внимание.

Лука 20

Исусовата власт
(Мт 21,23-27; Мк 11,27-33)

[1]Еден ден, додека Тој го поучуваше народот во храмот и го проповедаше Евангелието, пристапија првосвештениците и книжниците со старешините

[2]и Му рекоа, велејќи: „Кажи ни, со каква власт го вршиш тоа, или кој е тој што Ти ја дал таа власт?“

[3] Respondeu-lhes: Também eu vos farei uma pergunta; dizei-me:
[4] o batismo de João era dos céus ou dos homens?

[5] Então, eles arrazoavam entre si: Se dissermos: do céu, ele dirá: Por que não acreditastes nele?

[6] Mas, se dissermos: dos homens, o povo todo nos apedrejará; porque está convicto de ser João um profeta.

[7] Por fim, responderam que não sabiam.

[8] Então, Jesus lhes replicou: Pois nem eu vos digo com que autoridade faço estas coisas.

A parábola dos lavradores maus
Mateus 21.33-46; Marcos 12.1-12

[9] A seguir, passou Jesus a proferir ao povo esta parábola: Certo homem plantou uma vinha, arrendou-a a lavradores e ausentou-se do país por prazo considerável.
[10] No devido tempo, mandou um servo aos lavradores para que lhe dessem do fruto da vinha; os lavradores, porém, depois de o espancarem, o despacharam vazio.
[11] Em vista disso, enviou-lhes outro servo; mas eles também a este espancaram e, depois de o ultrajarem, o despacharam vazio.
[12] Mandou ainda um terceiro; também a este, depois de o ferirem, expulsaram.
[13] Então, disse o dono da vinha: Que farei? Enviarei o meu filho amado; talvez o respeitem.

[3]А Тој им одговори и рече: „Ќе ве прашам и јас еден збор, и кажете ми:
[4]Дали крштавањето Јованово беше од небото, или од луѓето?“
[5]А тие почнаа да размислуваат и да си зборуваат меѓу себе: „Ако кажеме – од небото, ќе рече – Зошто не му поверувавте?
[6]Ако, пак, речеме – од луѓето, тогаш сиот народ ќе нè затрупа со камења, бидејќи е уверен дека Јован беше пророк.“
[7]Затоа одговорија: „Не знаеме од каде е.“

[8]Исус им рече: „Ни Јас нема да ви кажам со каква власт го вршам тоа.“

Парабола за немилосрдните лозари
(Мт 21,33-46; Мк 12,1-12)

[9]И почна да му ја раскажува на народот оваа парабола: „Еден човек насади лозје и го предаде на лозари, па си замина на подолго време.

[10]А подоцна испрати кај лозарите еден слуга за да му дадат од плодовите на лозјето; но лозарите го натепаа и го пуштија празен.

[11]И прати повторно друг слуга: но тие и него го натепаа и го понизија, па го испратија празен.

[12]Испрати и трет, а тие и него го ранија и го избркаа.

[13]Тогаш господарот на лозјето рече: ‚Што да направам? Ќе го испратам свој-

от сакан син, можеби кога ќе го видат, ќе се засрамат.‘

[14] Vendo-o, porém, os lavradores, arrazoavam entre si, dizendo: Este é o herdeiro; matemo-lo, para que a herança venha a ser nossa.

[14]Но лозарите, штом го видоа, си размислуваа меѓу себе, велејќи: ‚Овој е наследникот! Ајде да го убиеме и наследството ќе биде наше!‘

[15] E, lançando-o fora da vinha, o mataram. Que lhes fará, pois, o dono da vinha?

[15]И кога го изведоа надвор од лозјето, го убија. Што ќе им направи, пак, господарот на лозјето?

[16] Virá, exterminará aqueles lavradores e passará a vinha a outros. Ao ouvirem isto, disseram: Tal não aconteça!

[16]Ќе дојде и ќе ги погуби овие лозари, а лозјето ќе го предаде на други.“ А оние што слушаа, рекоа: „Да не даде Бог!“

[17] Mas Jesus, fitando-os, disse: Que quer dizer, pois, o que está escrito: A pedra que os construtores rejeitaram, esta veio a ser a principal pedra, angular?

[17]Но Тој, кога ги погледна, им рече: „Што значи тогаш напишаното: ‚Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник‘.

[18] Todo o que cair sobre esta pedra ficará em pedaços; e aquele sobre quem ela cair ficará reduzido a pó.

[18]Секој што ќе падне врз тој камен, ќе се разбие; а врз кого тој ќе падне, ќе го здроби.“

A questão do tributo

Mateus 22.15-22; Marcos 12.13-17

За данокот

(Мт 22,15-22; Мк 12,13-17)

[19] Naquela mesma hora, os escribas e os principais sacerdotes procuravam lançar-lhe as mãos, pois perceberam que, em referência a eles, dissera esta parábola; mas temiam o povo.

[19]И во тој час првосвештениците и книжниците сакаа да стават рака на Него, но се плашеа од народот; зашто сфатија дека за нив ја кажа оваа парабола.

[20] Observando-o, subornaram emissários que se fingiam de justos para verem se o apanhavam em alguma palavra, a fim de entregá-lo à jurisdição e à autoridade do governador.

[20]И дебнејќи Го, испратија и лукави луѓе, кои се преправаа дека се праведни, за да Го фатат во некој збор и да можат да Го предадат на поглаварите и на власта управникова.

[21] Então, o consultaram, dizendo: Mestre, sabemos que falas e ensinas retamente e não te deixas levar de respeitos humanos, porém ensinas o caminho de Deus segundo a verdade;

[21]И Го прашаа, велејќи: „Учителе, знаеме дека право зборуваш и учиш, и не гледаш кој е кој, туку вистински поучуваш за патот Божји;

[22] é lícito pagar tributo a César ou não?

[23] Mas Jesus, percebendo-lhes o ardil, respondeu:

[24] Mostrai-me um denário. De quem é a efígie e a inscrição? Prontamente disseram: De César. Então, lhes recomendou Jesus:

[25] Dai, pois, a César o que é de César e a Deus o que é de Deus.

[26] Não puderam apanhá-lo em palavra alguma diante do povo; e, admirados da sua resposta, calaram-se.

Os saduceus e a ressurreição
Mateus 22.23-33; Marcos 12.18-27

[27] Chegando alguns dos saduceus, homens que dizem não haver ressurreição,

[28] perguntaram-lhe: Mestre, Moisés nos deixou escrito que, se morrer o irmão de alguém, sendo aquele casado e não deixando filhos, seu irmão deve casar com a viúva e suscitar descendência ao falecido.

[29] Ora, havia sete irmãos: o primeiro casou e morreu sem filhos;

[30] o segundo e o terceiro também desposaram a viúva;

[31] igualmente os sete não tiveram filhos e morreram.

[32] Por fim, morreu também a mulher.

[33] Esta mulher, pois, no dia da ressurreição, de qual deles será esposa? Porque os sete a desposaram.

[22]Позволено ли е да му даваме данок на царот или не?“

[23]А Тој го разбра нивното лукавство и им рече:

[24]„Покажете ми еден денариј: Чија слика и натпис стои таму?“ Тие одговорија: „На царот.“

[25]Па им рече: „Дајте го царевото на царот, а Божјото на Бога!“

[26]И не можеа да фатат нешто во Неговите зборови пред народот, туку само се зачудија на одговорот Негов и замолкнаа.

Прашање за воскресението на мртвите
(Мт 22,23-33; Мк 12,18-27)

[27]Тогаш пристапија некои од садукеите, што тврдат дека нема воскресение, па Го прашаа, велејќи:

[28]„Учителе, Мојсеј ни напиша: Ако некој оженет умре без деца, брат му да ја земе неговата жена и да го подигне потомството на својот брат.

[29]Си беа седум браќа. Првиот, откако се ожени, умре без деца.

[30]Жена му ја зеде вториот, но и тој умре без деца.

[31]Потоа ја зеде и третиот, а така исто и сите седуммина и умреа без деца.

[32]По сите нив, умре и жената.

[33]При воскресението, пак, на кого од нив таа ќе му биде жена, бидејќи со седуммината живеела?“

[34] Então, lhes acrescentou Jesus: Os filhos deste mundo casam-se e dão-se em casamento;

[35] mas os que são havidos por dignos de alcançar a era vindoura e a ressurreição dentre os mortos não casam, nem se dão em casamento.

[36] Pois não podem mais morrer, porque são iguais aos anjos e são filhos de Deus, sendo filhos da ressurreição.

[37] E que os mortos hão de ressuscitar, Moisés o indicou no trecho referente à sarça, quando chama ao SENHOR o Deus de Abraão, o Deus de Isaque e o Deus de Jacó.

[38] Ora, Deus não é Deus de mortos, e sim de vivos; porque para ele todos vivem.

[39] Então, disseram alguns dos escribas: Mestre, respondeste bem!

[40] Dali por diante, não ousaram mais interrogá-lo.

O Cristo, filho de Davi

Mateus 22.41-46; Marcos 12.35-37

[41] Mas Jesus lhes perguntou: Como podem dizer que o Cristo é filho de Davi?

[42] Visto como o próprio Davi afirma no livro dos Salmos: Disse o SENHOR ao meu SENHOR: Assenta-te à minha direita,

[43] até que eu ponha os teus inimigos por estrado dos teus pés.

[44] Assim, pois, Davi lhe chama SENHOR, e como pode ser ele seu filho?

Jesus censura os escribas

Mateus 23.1-12; Marcos 12.38-40

[45] Ouvindo-o todo o povo, recomendou Jesus a seus discípulos:

[34]Им одговори Исус и рече: „Синовите од овој свет се женат и мажат;

[35]но оние што ќе бидат удостоени да го добијат оној свет и воскресението од мртвите, ниту ќе се женат, ниту ќе се мажат;

[36]всушност, тие веќе не можат да умрат, затоа што се еднакви со ангелите, а бидејќи се синови на воскресението, тие се синови Божји.

[37]А дека мртвите ќе воскреснат, тоа го посведочи и Мојсеј кај капината, кога Го нарече Господ – Бог Авраамов, Бог Исаков и Бог Јаковов.

[38]А Бог не е Бог на мртвите, туку на живите, зашто во Него се сите живи.“

[39]На тоа, некои од книжниците, рекоа: „Учителе, добро рече!“

[40]И повеќе не се осмелуваа за ништо да Го прашаат.

Месијата и Давид

(Мт 22,41-46; Мк 12,35-37)

[41]А Тој им рече: „Како, пак, велат дека Христос е син Давидов?

[42]Та и самиот Давид вели во Книгата на псалмите: ‚Му рече Господ на Мојот Господ: седи од Мојата десна страна,

[43]додека не ги положам непријателите Твои во подножјето на нозете Твои!‘

[44]Значи Давид Го нарекува Господ. Па како тогаш може да му биде син?“

Исусовиот суд за книжниците

(Мт 23,1-36; Мк 12,38-40)

[45]И додека сиот народ слушаше, Тој им рече на учениците Свои:

[46] Guardai-vos dos escribas, que gostam de andar com vestes talares e muito apreciam as saudações nas praças, as primeiras cadeiras nas sinagogas e os primeiros lugares nos banquetes;
[47] os quais devoram as casas das viúvas e, para o justificar, fazem longas orações; estes sofrerão juízo muito mais severo.

Lucas 21

A oferta da viúva pobre
Marcos 12.41-44

[1] Estando Jesus a observar, viu os ricos lançarem suas ofertas no gazofilácio.

[2] Viu também certa viúva pobre lançar ali duas pequenas moedas;
[3] e disse: Verdadeiramente, vos digo que esta viúva pobre deu mais do que todos.
[4] Porque todos estes deram como oferta daquilo que lhes sobrava; esta, porém, da sua pobreza deu tudo o que possuía, todo o seu sustento.

A destruição do templo
Mateus 24.1-2; Marcos 13.1-2

[5] Falavam alguns a respeito do templo, como estava ornado de belas pedras e de dádivas;
[6] então, disse Jesus: Vedes estas coisas? Dias virão em que não ficará pedra sobre pedra que não seja derribada.

O princípio das dores
Mateus 24.3-14; Marcos 13.3-13

[7] Perguntaram-lhe: Mestre, quando sucederá isto? E que sinal haverá de quando estas coisas estiverem para se cumprir?

[46]„Чувајте се од книжниците што милуваат да одат променети и сакаат поздрави по пазариштата, предни места во синагогите и да се први на гозбите;
[47]што ги подјадуваат домовите на вдовиците и лицемерно долго се молат. Тие ќе добијат потешка пресуда.“

Лука 21

За дарот од една вдовица
(Мк 12,41-44)

[1]Кога ги подигна очите, виде како богатите ги пуштаат своите прилози во касата на храмот.
[2]Виде исто така и една бедна вдовица, која пушти таму две лепти,
[3]па рече: „Вистина ви велам, оваа бедна вдовица од сите повеќе приложи;

[4]сите овие дадоа прилози на Бога од својот вишок; таа, пак, пушти од својата немаштија – сиот имот што го имаше.“

Исус го најавува разурнувањето на храмот
(Мт 24,1-2; Мк 13,1-2)

[5]И додека некои зборуваа за храмот, дека е украсен со убави камења и заветни дарови, Тој им рече:
[6]„Ќе дојде време и од сето ова што го гледате нема да остане ни камен, што не ќе биде урнат.“

Блиски и далечни знаци на Судот
(Мт 24,3-8; Мк 13,3-8)

[7]И Го прашаа, говорејќи: „Учителе, а кога ќе биде тоа и каков е знакот дека тоа почнува да се случува?“

[8] Respondeu ele: Vede que não sejais enganados; porque muitos virão em meu nome, dizendo: Sou eu! E também: Chegou a hora! Não os sigais.

[9] Quando ouvirdes falar de guerras e revoluções, não vos assusteis; pois é necessário que primeiro aconteçam estas coisas, mas o fim não será logo.

[10] Então, lhes disse: Levantar-se-á nação contra nação, e reino, contra reino;

[11] haverá grandes terremotos, epidemias e fome em vários lugares, coisas espantosas e também grandes sinais do céu.

[12] Antes, porém, de todas estas coisas, lançarão mão de vós e vos perseguirão, entregando-vos às sinagogas e aos cárceres, levando-vos à presença de reis e governadores, por causa do meu nome;

[13] e isto vos acontecerá para que deis testemunho.

[14] Assentai, pois, em vosso coração de não vos preocupardes com o que haveis de responder;

[15] porque eu vos darei boca e sabedoria a que não poderão resistir, nem contradizer todos quantos se vos opuserem.

[16] E sereis entregues até por vossos pais, irmãos, parentes e amigos; e matarão alguns dentre vós.

[8]Тој рече: „Внимавајте да не ве прелажат! Зашто мнозина ќе дојдат под Мое име и ќе зборуваат дека сум Јас, и дека времето се приближи. Но, не одете по нив!

[9]А кога ќе чуете за војни и бунтови, не плашете се; сето тоа треба најнапред да се случи, но крајот нема да дојде веднаш.“

[10]Тогаш им рече: „Ќе се крене народ против народ и царство против царство;

[11]а на некои места ќе има и големи потреси, и глад и помор; ќе има страотни појави и големи знаци на небото.

Претходните прогонства и сведоштво
(Мт 10,17-22; Мк 13,9-13)

[12]А пред сето тоа ќе стават раце на вас и ќе ве изгонат, предавајќи ве во синагогите и затворите, и ќе ве водат пред цареви и управници, заради Моето име.

[13]И тоа ќе ви биде вам прилика за сведоштво.

[14]И затоа врежете во вашите срца, да не размислувате однапред што ќе одговорите,

[15]зашто Јас ќе ви дадам уста и мудрост, на која не ќе можат да ѝ противречат ниту да ѝ се противстават сите ваши противници.

[16]Ќе бидете предадени исто така и од родители, и од браќа, и од роднини и од пријатели, а некои од вас ќе бидат и убиени;

[17] De todos sereis odiados por causa do meu nome.

[18] Contudo, não se perderá um só fio de cabelo da vossa cabeça.

[19] É na vossa perseverança que ganhareis a vossa alma.

Jerusalém sitiada

Mateus 24.15-28; Marcos 13.14-23

[20] Quando, porém, virdes Jerusalém sitiada de exércitos, sabei que está próxima a sua devastação.

[21] Então, os que estiverem na Judéia, fujam para os montes; os que se encontrarem dentro da cidade, retirem-se; e os que estiverem nos campos, não entrem nela.

[22] Porque estes dias são de vingança, para se cumprir tudo o que está escrito.

[23] Ai das que estiverem grávidas e das que amamentarem naqueles dias! Porque haverá grande aflição na terra e ira contra este povo.

[24] Cairão a fio de espada e serão levados cativos para todas as nações; e, até que os tempos dos gentios se completem, Jerusalém será pisada por eles.

A vinda do Filho do Homem

Mateus 24.29-31; Marcos 13.24-27

[25] Haverá sinais no sol, na lua e nas estrelas; sobre a terra, angústia entre as nações em perplexidade por causa do bramido do mar e das ondas;

[26] haverá homens que desmaiarão de terror e pela expectativa das coisas que sobrevirão ao mundo; pois os poderes dos céus serão abalados.

[17]и ќе бидете намразени од сите, заради Моето име.

[18]Но, ни влакно од главата ваша нема да загине;

[19]со трпение ќе си ги придобиете душите.“

Исус го најавува разурнувањето на Ерусалим

(Мт 24,15-21; Мк 13,14-19)

[20]„А кога ќе го видите Ерусалим опколен од војски, знајте дека е блиску неговото запустување.

[21]Тогаш, оние што се наоѓаат во Јудеја, нека бегаат во планините; и кои се во градот, да излезат од него; а кои се по околните места, нека не влегуваат во него,

[22]зашто тоа е времето на одмазда, во кое ќе се исполни сѐ што е напишано.

[23]Но тешко на бремените и доилките во тие дни, зашто голема мака ќе има по земјата, и гнев врз овој народ;

[24]и ќе паднат од сечилото на мечот, и ќе бидат одведени во плен меѓу сите народи; а Ерусалим ќе го газат незнабошци, сѐ додека не се исполнат времињата на незнабошците.“

Доаѓањето на Синот Човечки

(Мт 24,29-31; Мк 13,24-27)

[25]„И ќе има знаци на сонцето, и на месечината и на ѕвездите, а на земјата – тага кај народите од неизвесноста и од бучењето на морето, и од брановите;

[26]луѓето, пак, ќе умираат од страв и од исчекување на она што ќе го снајде светот, зашто и силите небесни ќе бидат разнишани.

[27] Então, se verá o Filho do Homem vindo numa nuvem, com poder e grande glória.

[27]И тогаш ќе Го видат Синот Човечки како доаѓа на облаци, со голема сила и слава.

Наближувањето на Царството Божјо
(Мт 24,32-35; Мк 13,28-31)

[28] Ora, ao começarem estas coisas a suceder, exultai e erguei a vossa cabeça; porque a vossa redenção se aproxima.

[28]А кога ќе почне тоа да станува, исправете се и подигнете ги главите свои, зашто се приближува вашето избавување.“

A parábola da figueira. Exortação à vigilância
Mateus 24.32-44; Marcos 13.28-37

[29] Ainda lhes propôs uma parábola, dizendo: Vede a figueira e todas as árvores.

[29]И им ја кажа оваа парабола: „Погледнете ја смоквата и сите дрвја;

[30] Quando começam a brotar, vendo-o, sabeis, por vós mesmos, que o verão está próximo.

[30]кога ќе видите дека потеруваат, сами знаете дека летото е веќе близу.

[31] Assim também, quando virdes acontecerem estas coisas, sabei que está próximo o reino de Deus.

[31]Па така, кога ќе видите дека станува ова, знајте дека се приближи царството Божјо.

[32] Em verdade vos digo que não passará esta geração, sem que tudo isto aconteça.

[32]Вистина ви велам, нема да помине овој род, додека не се исполни сето тоа.

[33] Passará o céu e a terra, porém as minhas palavras não passarão.

[33]Небото и земјата ќе поминат, но зборовите Мои нема да поминат.“

Неопходно е да се биде буден

[34] Acautelai-vos por vós mesmos, para que nunca vos suceda que o vosso coração fique sobrecarregado com as conseqüências da orgia, da embriaguez e das preocupações deste mundo, e para que aquele dia não venha sobre vós repentinamente, como um laço.

[34]„Само пазете се: вашите срца да не бидат натежнати од преjадување и пијанство, и тегобни грижи за овој живот, за да не ве затекне оној ден ненадејно;

[35] Pois há de sobrevir a todos os que vivem sobre a face de toda a terra.

[35]зашто тој ќе дојде како стапица за сите што живеат по целата земја;

[36] Vigiai, pois, a todo tempo, orando, para que possais escapar de todas estas coisas

[36]бидете будни во секое време и молете се, за да го избегнете сето она што

que têm de suceder e estar em pé na presença do Filho do Homem.

O povo vai ter com Jesus para o ouvir

[37] Jesus ensinava todos os dias no templo, mas à noite, saindo, ia pousar no monte chamado das Oliveiras.

[38] E todo o povo madrugava para ir ter com ele no templo, a fim de ouvi-lo.

треба да се случи и да застанете пред Синот Човечки!“

Последните денови на Исус во храмот

[37]Дење проповедаше Тој во храмот, а ноќе излегуваше и ноќеваше во горатa наречена Маслинова.

[38]И сиот народ доаѓаше наутро кај Него во храмот, за да Го слуша.

Lucas 22

O plano para tirar a vida de Jesus

Mateus 26.1-5; Marcos 14.1-2

[1] Estava próxima a Festa dos Pães Asmos, chamada Páscoa.

[2] Preocupavam-se os principais sacerdotes e os escribas em como tirar a vida a Jesus; porque temiam o povo.

O pacto da traição

Mateus 26.14-16; Marcos 14.10-11

[3] Ora, Satanás entrou em Judas, chamado Iscariotes, que era um dos doze.

[4] Este foi entender-se com os principais sacerdotes e os capitães sobre como lhes entregaria a Jesus;

[5] então, eles se alegraram e combinaram em lhe dar dinheiro.

[6] Judas concordou e buscava uma boa ocasião de lho entregar sem tumulto.

Os discípulos preparam a Páscoa

Mateus 26.17-19; Marcos 14.12-16

[7] Chegou o dia da Festa dos Pães Asmos, em que importava comemorar a Páscoa.

[8] Jesus, pois, enviou Pedro e João, dizendo: Ide preparar-nos a Páscoa para que a comamos.

[9] Eles lhe perguntaram: Onde queres que a preparemos?

Лука 22

Заговорот против Исус

(Мт 26,1-5; 14,16; Мк 14,1-2, 10-11)

[1]Се приближуваше празникот Бесквасници, наречен Пасха;

[2]а првосвештениците и книжниците бараа начин како да Го погубат, зашто се плашеа од народот.

[3]И влезе сатаната во Јуда, наречен Искариот, кој беше вброен меѓу Дванаесетте.

[4]И кога отиде, се договори со првосвештениците и началниците, како да им Го предаде.

[5]Тие се зарадуваа и се спогодија со него да му дадат сребреници.

[6]Тој вети и бараше згоден час, да им Го предаде без знаење на народот.

Приготвување на Пасхалната Вечера

(Мт 26,17-20; Мк 14,12-21; Јн 13,21-30)

[7]Дојде денот Бесквасници, кога требаше да се заколе пасхалното јагне;

[8]па ги испрати Исус Петар и Јован и им рече: „Одете и пригответе ни пасха, за да јадеме!“

[9]А тие Му рекоа: „Каде сакаш да приготвиме?“

[10] Então, lhes explicou Jesus: Ao entrardes na cidade, encontrareis um homem com um cântaro de água; segui-o até à casa em que ele entrar

[11] e dizei ao dono da casa: O Mestre manda perguntar-te: Onde é o aposento no qual hei de comer a Páscoa com os meus discípulos?

[12] Ele vos mostrará um espaçoso cenáculo mobilado; ali fazei os preparativos.

[13] E, indo, tudo encontraram como Jesus lhes dissera e prepararam a Páscoa.

A última Páscoa

[14] Chegada a hora, pôs-se Jesus à mesa, e com ele os apóstolos.

[15] E disse-lhes: Tenho desejado ansiosamente comer convosco esta Páscoa, antes do meu sofrimento.

[16] Pois vos digo que nunca mais a comerei, até que ela se cumpra no reino de Deus.

[17] E, tomando um cálice, havendo dado graças, disse: Recebei e reparti entre vós;

[18] pois vos digo que, de agora em diante, não mais beberei do fruto da videira, até que venha o reino de Deus.

A Ceia do Senhor

Mateus 26.26-30; Marcos 14.22-26; 1 Coríntios 11.23-25

[19] E, tomando um pão, tendo dado graças, o partiu e lhes deu, dizendo: Isto é o meu corpo oferecido por vós; fazei isto em memória de mim.

[20] Semelhantemente, depois de cear, tomou o cálice, dizendo: Este é o cálice da

[10]Тој им рече: „Ете, кога ќе влезете в град, ќе ве сретне човек со стомна вода; одете по него во куќата, каде што ќе влезе,

[11]и кажете му на домаќинот од куќата: ‚Учителот ти вели: каде е собата, во која треба да јадам пасха со учениците Свои?‘

[12]И тој ќе ви покаже голема одаја, послана; таму пригответе.“

[13]Кога отидоа, најдоа како што им беше рекол и ја приготвија пасхата.

Последната вечера

(Мт 26,26-30; Мк 14,22-26; 1 Кор 11,23-25)

[14]А кога дојде времето, Тој седна на трпезата заедно со апостолите.

[15]И им рече: „Од сè срце сакав да ја јадам оваа пасхална вечера со вас, пред да пострадам;

[16]зашто, ви велам: нема веќе да јадам од неа, додека не се исполни во царството Божјо.“

[17]Тогаш ја зеде чашата, заблагодари и рече: „Земете и разделете ја меѓу себе,

[18]зашто отсега нема повеќе да пијам од лозовиот плод, додека не дојде царството Божјо.“

[19]Потоа зеде леб и заблагодари, го прекрши и им даде, велејќи: „Ова е Моето тело, што се дава за вас; правете го ова за Мој спомен!“

[20]Исто така и со чашата, по вечерата, велејќи: „Оваа чаша е Новиот завет со Мојата крв, која се пролева за вас.

nova aliança no meu sangue derramado em favor de vós.

[21] Todavia, a mão do traidor está comigo à mesa.

25и немаше потреба никој да Му сведочи за човекот, бидејќи Самиот знаеше што има во човекот.

João 3

Nicodemos visita a Jesus

[1] Havia, entre os fariseus, um homem chamado Nicodemos, um dos principais dos judeus.

[2] Este, de noite, foi ter com Jesus e lhe disse: Rabi, sabemos que és Mestre vindo da parte de Deus; porque ninguém pode fazer estes sinais que tu fazes, se Deus não estiver com ele.

[3] A isto, respondeu Jesus: Em verdade, em verdade te digo que, se alguém não nascer de novo, não pode ver o reino de Deus.

[4] Perguntou-lhe Nicodemos: Como pode um homem nascer, sendo velho? Pode, porventura, voltar ao ventre materno e nascer segunda vez?

[5] Respondeu Jesus: Em verdade, em verdade te digo: quem não nascer da água e do Espírito não pode entrar no reino de Deus.

[6] O que é nascido da carne é carne; e o que é nascido do Espírito é espírito.

[7] Não te admires de eu te dizer: importa-vos nascer de novo.

[8] O vento sopra onde quer, ouves a sua voz, mas não sabes donde vem, nem para onde vai; assim é todo o que é nascido do Espírito.

[9] Então, lhe perguntou Nicodemos: Como pode suceder isto? Acudiu Jesus:

[10] Tu és mestre em Israel e não compreendes estas coisas?

Јован 3

Исусовиот разговор со Никодим

[1]Меѓу фарисеите имаше еден човек по име Никодим, началник јудејски.

[2]Тој дојде кај Исус ноќно време и Му рече: „Рави! Знаеме дека си Ти учител, дојден од Бога, зашто никој не може да ги прави овие чуда што ги правиш Ти, ако Бог не е со него.“

[3]Исус му одговори и рече: „Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди одозгора, не може да го види царството Божјо.“

[4]Никодим Му рече: „Како може човек да се роди кога е стар? Зар може по вторпат да влезе во утробата на мајка си и да се роди?“

[5]А Исус му одговори: „Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо;

[6]зашто, роденото од тело, е тело; а роденото од Дух, е дух.

[7]Затоа, не чуди се што ти реков: вие треба да се родите одозгора.

[8]Ветрот дува каде што сака и гласот негов го слушаш, но не знаеш од каде иде и на каде оди; така е со секој човек роден од Духот.“

[9]Никодим Му одговори и рече: „Како може тоа да биде?“

[10]Исус одговори и му рече: „Ти си учител во Израел, па тоа ли не го знаеш?

[11] Em verdade, em verdade te digo que nós dizemos o que sabemos e testificamos o que temos visto; contudo, não aceitais o nosso testemunho.

[11]Вистина, вистина ти велам: ние зборуваме за она што знаеме, и сведочиме за она, што сме виделе; а вие нашето сведоштво не го примате.

[12] Se, tratando de coisas terrenas, não me credes, como crereis, se vos falar das celestiais?

[12]Кога за земни работи ви зборувам и не верувате, како ќе поверувате кога би ви говорел за небесните?

[13] Ora, ninguém subiu ao céu, senão aquele que de lá desceu, a saber, o Filho do Homem [que está no céu].

[13]Никој не се искачил на небото, освен Синот Човечки, Кој слезе од небото и Кој е на небото.

[14] E do modo por que Moisés levantou a serpente no deserto, assim importa que o Filho do Homem seja levantado,

[14]И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да се издигне и Синот Човечки,

[15] para que todo o que nele crê tenha a vida eterna.

[15]та секој што верува во Него да не загине, но да има живот вечен.

A missão do Filho

[16] Porque Deus amou ao mundo de tal maneira que deu o seu Filho unigênito, para que todo o que nele crê não pereça, mas tenha a vida eterna.

[16]Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот.

[17] Porquanto Deus enviou o seu Filho ao mundo, não para que julgasse o mundo, mas para que o mundo fosse salvo por ele.

[17]Зашто Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него.

[18] Quem nele crê não é julgado; o que não crê já está julgado, porquanto não crê no nome do unigênito Filho de Deus.

[18]Кој верува во Него – нема да биде суден, а кој не верува, тој е веќе осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Син Божји.

[19] O julgamento é este: que a luz veio ao mundo, e os homens amaram mais as trevas do que a luz; porque as suas obras eram más.

[19]А овој суд е затоа што Светлината дојде на светот, но луѓето повеќе ја засакаа темнината отколку светлината, зашто нивните дела беа зли.

[20] Pois todo aquele que pratica o mal aborrece a luz e não se chega para a luz, a fim de não serem argüidas as suas obras.

[20]Зашто секој, што прави зло, ја мрази светлината и не оди кон светлината, за да не бидат разоткриени неговите дела (бидејќи се лукави).

[21] Quem pratica a verdade aproxima-se da luz, a fim de que as suas obras sejam manifestas, porque feitas em Deus.

Outro testemunho de João Batista

[22] Depois disto, foi Jesus com seus discípulos para a terra da Judéia; ali permaneceu com eles e batizava.

[23] Ora, João estava também batizando em Enom, perto de Salim, porque havia ali muitas águas, e para lá concorria o povo e era batizado.

[24] Pois João ainda não tinha sido encarcerado.

[25] Ora, entre os discípulos de João e um judeu suscitou-se uma contenda com respeito à purificação.

[26] E foram ter com João e lhe disseram: Mestre, aquele que estava contigo além do Jordão, do qual tens dado testemunho, está batizando, e todos lhe saem ao encontro.

[27] Respondeu João: O homem não pode receber coisa alguma se do céu não lhe for dada.

[28] Vós mesmos sois testemunhas de que vos disse: eu não sou o Cristo, mas fui enviado como seu precursor.

[29] O que tem a noiva é o noivo; o amigo do noivo que está presente e o ouve muito se regozija por causa da voz do noivo. Pois esta alegria já se cumpriu em mim.

[30] Convém que ele cresça e que eu diminua.

O Filho em relação ao mundo

[21]А оној што твори вистина, оди кон светлината за да се видат неговите дела, бидејќи се по Бога извршени.“

Исус и Јован

[22]Потоа дојде Исус со учениците Свои во земјата Јудејска, и таму живееше со нив и крштаваше.

[23]А Јован крштаваше во Енон, близу Салим, зашто таму имаше многу вода; и доаѓаа и се крштаваа,

[24]зашто Јован уште не беше фрлен во затвор.

[25]Тогаш настана расправија меѓу учениците Јованови и Јудејците околу очистувањето.

[26]И дојдоа кај Јован и му рекоа: „Рави, Оној што беше со тебе отаде Јордан и за Кого ти сведочеше, ете, Тој крштава и сите одат кај Него.“

[27]А Јован одговори и рече: „Не може човек ништо да прими, ако не му е дадено од небото.

[28]Вие самите сте мои сведоци дека реков: ‚Јас не сум Христос, но сум испратен пред Него.‘

[29]Оној што ја има невестата е младоженец; а пријателот на младоженецот, кој стои и го слуша, многу се радува на гласот од младоженецот. Оваа моја радост се исполни.

[30]Тој треба да расте, а јас да се смалувам!“

Тој што доаѓа одозгора

[31] Quem vem das alturas certamente está acima de todos; quem vem da terra é terreno e fala da terra; quem veio do céu está acima de todos

[32] e testifica o que tem visto e ouvido; contudo, ninguém aceita o seu testemunho.

[33] Quem, todavia, lhe aceita o testemunho, por sua vez, certifica que Deus é verdadeiro.

[34] Pois o enviado de Deus fala as palavras dele, porque Deus não dá o Espírito por medida.

[35] O Pai ama ao Filho, e todas as coisas tem confiado às suas mãos.

[36] Por isso, quem crê no Filho tem a vida eterna; o que, todavia, se mantém rebelde contra o Filho não verá a vida, mas sobre ele permanece a ira de Deus.

[31]„Кој доаѓа одозгора, тој е над сите; а кој е од земјата, земен е и како земен зборува. Кој доаѓа од небото, Тој е над сите.

[32]И за она што виде и чу, за тоа сведочи; и сведоштвата Негови никој не ги прима.

[33]А тој што го примил Неговото сведоштво потврдил дека Бог е вистинит.

[34]Тој што е испратен од Бога, кажува Божји зборови; зашто Бог Го дава Духот неизмерно.

[35]Зашто Отецот Го љуби Својот Син и сè Му даде во раката Негова.

[36]Кој верува во Синот, има вечен живот; а кој не верува во Синот, нема да види живот, но гневот Божји ќе биде врз него.“

João 4

A mulher de Samaria

[1] Quando, pois, o SENHOR veio a saber que os fariseus tinham ouvido dizer que ele, Jesus, fazia e batizava mais discípulos que João

[2] (se bem que Jesus mesmo não batizava, e sim os seus discípulos),

[3] deixou a Judéia, retirando-se outra vez para a Galiléia.

[4] E era-lhe necessário atravessar a província de Samaria.

[5] Chegou, pois, a uma cidade samaritana, chamada Sicar, perto das terras que Jacó dera a seu filho José.

Јован 4

Исусовиот разговор со Самарјанката

[1]Кога разбра Исус дека фарисеите чуле дека Тој придобива повеќе ученици отколку Јован и крштаваше,

[2]макар што Самиот Исус не крштаваше, туку учениците Негови,

[3]ја напушти Јудеја и отиде пак во Галилеја.

[4]Требаше да мине преку Самарија.

[5]Така, дојде во самарјанскиот град, наречен Сихар, близу до земјиштето, што му го даде Јаков на својот син Јосиф.

[6] Estava ali a fonte de Jacó. Cansado da viagem, assentara-se Jesus junto à fonte, por volta da hora sexta.

[6]Таму беше изворот на Јаков. И Исус, изморен од патот, седна покрај изворот; а беше околу шестиот час.

[7] Nisto, veio uma mulher samaritana tirar água. Disse-lhe Jesus: Dá-me de beber.

[7]Дојде една жена од Самарија, за да полни вода. Исус ѝ рече: „Дај Ми да пијам!“

[8] Pois seus discípulos tinham ido à cidade para comprar alimentos.

[8]А учениците Негови беа отишле во градот да купат храна.

[9] Então, lhe disse a mulher samaritana: Como, sendo tu judeu, pedes de beber a mim, que sou mulher samaritana (porque os judeus não se dão com os samaritanos)?

[9]Жената Самарјанка Му рече: „Како Ти, Јудеец, бараш од мене, жена Самарјанка, да пиеш?“ Зашто Јудејците со Самарјаните не се мешаат.

[10] Replicou-lhe Jesus: Se conheceras o dom de Deus e quem é o que te pede: dá-me de beber, tu lhe pedirias, e ele te daria água viva.

[10]Исус ѝ одговори и рече: „Кога би го знаела дарот Божји и Кој е Овој што ти вели: ‚Дај Ми да пијам‘ – ти самата би побарала од Него и Тој би ти дал жива вода.“

[11] Respondeu-lhe ela: SENHOR, tu não tens com que a tirar, e o poço é fundo; onde, pois, tens a água viva?

[11]Жената Му рече: „Господи, Ти нема со што да нацрпеш, а кладенецот е длабок; од каде, пак, имаш жива вода?

[12] És tu, porventura, maior do que Jacó, o nosso pai, que nos deu o poço, do qual ele mesmo bebeu, e, bem assim, seus filhos, e seu gado?

[12]Зар си Ти поголем од нашиот татко Јаков, кој ни го даде овој кладенец!? И самиот тој пиеше од него, и синовите негови, и добитокот негов!“

[13] Afirmou-lhe Jesus: Quem beber desta água tornará a ter sede;

[13]Исус ѝ одговори и рече: „Секој што пие од оваа вода, пак ќе ожедни;

[14] aquele, porém, que beber da água que eu lhe der nunca mais terá sede; pelo contrário, a água que eu lhe der será nele uma fonte a jorrar para a vida eterna.

[14]а кој пие од водата, што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода што ќе тече во живот вечен.“

[15] Disse-lhe a mulher: SENHOR, dá-me dessa água para que eu não mais tenha sede, nem precise vir aqui buscá-la.

[15]Жената Му рече: „Господи, дај ми таква вода за да не ожеднувам, ниту да идам овде за полнење!“

[16] Disse-lhe Jesus: Vai, chama teu marido e vem cá;

[16]Исус ѝ рече: „Оди, повикај го твојот маж и дојди тука!“

[17] ao que lhe respondeu a mulher: Não tenho marido. Replicou-lhe Jesus: Bem disseste, não tenho marido;

[17]Жената одговори и Му рече: „Немам маж.“ Исус ѝ рече: „Право кажа дека немаш маж;

[18] porque cinco maridos já tiveste, e esse que agora tens não é teu marido; isto disseste com verdade.

[18]зашто петмина мажи си имала и овој, што го имаш сега, не ти е маж; право рече.“

A verdadeira adoração

[19] SENHOR, disse-lhe a mulher, vejo que tu és profeta.

[19]Жената Му одговори: „Господи, гледам дека си Ти пророк!

[20] Nossos pais adoravam neste monte; vós, entretanto, dizeis que em Jerusalém é o lugar onde se deve adorar.

[20]Нашите татковци се поклонуваа на оваа планина, а вие велите дека во Ерусалим е местото каде што треба да се поклонуваме.“

[21] Disse-lhe Jesus: Mulher, podes crer-me que a hora vem, quando nem neste monte, nem em Jerusalém adorareis o Pai.

[21]Исус ѝ рече: „Жено, верувај Ми дека доаѓа време кога ни на оваа планина, ниту во Ерусалим не ќе се поклонувате на Отецот.

[22] Vós adorais o que não conheceis; nós adoramos o que conhecemos, porque a salvação vem dos judeus.

[22]Вие му се поклонувате на она што не го знаете, а ние се поклонуваме на она што го знаеме; зашто спасението е од Јудејците.

[23] Mas vem a hora e já chegou, em que os verdadeiros adoradores adorarão o Pai em espírito e em verdade; porque são estes que o Pai procura para seus adoradores.

[23]Но иде време и веќе дошло кога вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот со дух и вистина, зашто Отецот сака такви да бидат оние кои Му се поклонуваат.

[24] Deus é espírito; e importa que os seus adoradores o adorem em espírito e em verdade.

[24]Бог е Дух и оние што Му се поклонуваат, треба да се поклонуваат со дух и со вистина.“

[25] Eu sei, respondeu a mulher, que há de vir o Messias, chamado Cristo; quando ele vier, nos anunciará todas as coisas.

[25]Жената Му рече: „Знам дека ќе дојде Месија, наречен Христос; кога ќе дојде Тој, сè ќе ни каже.“

[26] Disse-lhe Jesus: Eu o sou, eu que falo contigo.

[26]А Исус ѝ рече: „Јас сум, Кој зборува со тебе.“

[27] Neste ponto, chegaram os seus discípulos e se admiraram de que estivesse

[27]И тогаш дојдоа учениците Негови и се зачудија дека говореше со жена; но

falando com uma mulher; todavia, nenhum lhe disse: Que perguntas? Ou: Por que falas com ela?

ниеден не Му рече: „Што сакаш?“ или: „Зошто зборуваш со неа?“

28 Quanto à mulher, deixou o seu cântaro, foi à cidade e disse àqueles homens:

28А жената ја остави својата стомна и отиде в град и им рече на луѓето:

29 Vinde comigo e vede um homem que me disse tudo quanto tenho feito. Será este, porventura, o Cristo?!

29„Дојдете, видете Го човекот Кој ми кажа сè што сум направила. Да не е Тој Христос?“

30 Saíram, pois, da cidade e vieram ter com ele.

30Тогаш тие излегоа од градот и тргнаа кон Него.

A ceifa e os ceifeiros

31 Nesse ínterim, os discípulos lhe rogavam, dizendo: Mestre, come!

31Во тоа време, пак, учениците Го молеа, велејќи: „Рави, јади!“

32 Mas ele lhes disse: Uma comida tenho para comer, que vós não conheceis.

32Но Тој им рече: „Јас имам храна за јадење, што вие не ја знаете.“

33 Diziam, então, os discípulos uns aos outros: Ter-lhe-ia, porventura, alguém trazido o que comer?

33Тогаш учениците си проговорија меѓу себе: „Да не Му донел некој да јаде?“

34 Disse-lhes Jesus: A minha comida consiste em fazer a vontade daquele que me enviou e realizar a sua obra.

34А Исус им рече: „Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме пратил и да го извршам Неговото дело.

35 Não dizeis vós que ainda há quatro meses até à ceifa? Eu, porém, vos digo: erguei os olhos e vede os campos, pois já branquejam para a ceifa.

35Не велите ли вие дека уште четири месеци, па ќе настане жетва? А јас, пак, ви кажувам: подигнете го погледот и видете ги нивите како побелеле, готови за жетва.

36 O ceifeiro recebe desde já a recompensa e entesoura o seu fruto para a vida eterna; e, dessarte, se alegram tanto o semeador como o ceifeiro.

36И жетварот веќе добива плата и собира плод за вечен живот, та да се радуваат заедно и сејачот и жетварот.

37 Pois, no caso, é verdadeiro o ditado: Um é o semeador, e outro é o ceifeiro.

37Зашто во ова вистинита станува поговорката: ‚Еден сее, а друг жнее.‘

38 Eu vos enviei para ceifar o que não semeastes; outros trabalharam, e vós entrastes no seu trabalho.

38Јас ве испратив да го жнеете она за што не сте се труделе; други се трудеа, а вие влеговте во нивниот труд.“

Muitos samaritanos creem em Jesus

[39] Muitos samaritanos daquela cidade creram nele, em virtude do testemunho da mulher, que anunciara: Ele me disse tudo quanto tenho feito.

[40] Vindo, pois, os samaritanos ter com Jesus, pediam-lhe que permanecesse com eles; e ficou ali dois dias.

[41] Muitos outros creram nele, por causa da sua palavra,

[42] e diziam à mulher: Já agora não é pelo que disseste que nós cremos; mas porque nós mesmos temos ouvido e sabemos que este é verdadeiramente o Salvador do mundo.

Jesus volta à Galileia

[43] Passados dois dias, partiu dali para a Galiléia.

[44] Porque o mesmo Jesus testemunhou que um profeta não tem honras na sua própria terra.

[45] Assim, quando chegou à Galiléia, os galileus o receberam, porque viram todas as coisas que ele fizera em Jerusalém, por ocasião da festa, à qual eles também tinham comparecido.

A cura do filho de um oficial do rei

[46] Dirigiu-se, de novo, a Caná da Galiléia, onde da água fizera vinho. Ora, havia um oficial do rei, cujo filho estava doente em Cafarnaum.

[47] Tendo ouvido dizer que Jesus viera da Judéia para a Galiléia, foi ter com ele e lhe rogou que descesse para curar seu filho, que estava à morte.

[39]И мнозина Самарјани од тој град поверуваа во Него поради зборовите на жената која сведочеше: „Ми кажа сè што сум направила.“

[40]Кога дојдоа, пак, Самарјаните кај Него, Го замолија да остане кај нив. И Тој остана таму два дена.

[41]И уште повеќе поверуваа поради словото Негово;

[42]а на жената ѝ велеа: „Сега веќе не веруваме само заради твоето кажување, зашто сами чувме и знаеме дека Тој е Спасителот на светот, Христос.“

Исус исцелува момче на умирање

(Мт 8,5-13; Лк 7,1-10)

[43]А по два дни, Тој замина оттаму и отиде во Галилеја.

[44]Зашто Сам Исус беше посведочил дека пророкот во своето родно место нема почит.

[45]Кога дојде, пак, во Галилеја, Галилејците Го примија, зашто беа виделе сè што извршил во Ерусалим на празникот; зашто и тие беа на празникот.

[46]И така, Исус пак дојде во Кана Галилејска, каде што беше претворил вода во вино. Имаше еден царски човек, чиј син беше болен во Капернаум.

[47]Тој, штом чу дека Исус пристигнал од Јудеја во Галилеја, отиде кај Него и Го замоли да слезе и да му го излекува синот, зашто беше на умирање.

[48] Então, Jesus lhe disse: Se, porventura, não virdes sinais e prodígios, de modo nenhum crereis.

[49] Rogou-lhe o oficial: SENHOR, desce, antes que meu filho morra.

[50] Vai, disse-lhe Jesus; teu filho vive. O homem creu na palavra de Jesus e partiu.

[51] Já ele descia, quando os seus servos lhe vieram ao encontro, anunciando-lhe que o seu filho vivia.

[52] Então, indagou deles a que hora o seu filho se sentira melhor. Informaram: Ontem, à hora sétima a febre o deixou.

[53] Com isto, reconheceu o pai ser aquela precisamente a hora em que Jesus lhe dissera: Teu filho vive; e creu ele e toda a sua casa.

[54] Foi este o segundo sinal que fez Jesus, depois de vir da Judéia para a Galiléia.

João 5

A cura de um paralítico

[1] Passadas estas coisas, havia uma festa dos judeus, e Jesus subiu para Jerusalém.
[2] Ora, existe ali, junto à Porta das Ovelhas, um tanque, chamado em hebraico Betesda, o qual tem cinco pavilhões.

[3] Nestes, jazia uma multidão de enfermos, cegos, coxos, paralíticos

[48]А Исус му рече: „Ако не видите знаци и чуда, нема да поверувате?“

[49]Царскиот човек Му рече: „Господи, дојди додека уште не ми умрело детето!“
[50]А Исус му одговори: „Оди си! Твојот син е жив!“ И човекот поверува на зборот што му го кажа Исус и си замина.
[51]И веднаш, уште додека слегуваше, го сретнаа слугите негови и му јавија: „Синот твој е жив!“
[52]А тој ги праша за часот кога му станало полесно. Тие му одговорија: „Од вчера во седмиот час веќе нема треска.“
[53]Тогаш таткото разбра дека тоа станало во истиот час кога Исус му рече: „Твојот син е жив!“ И поверува тој и целиот негов дом.
[54]Ова беше второто чудо што го изврши Исус, кога пристигна од Јудеја во Галилеја.

Јован 5

Исцелувањето на болен човек во бањата Витезда

[1]Потоа имаше еден празник јудејски, и се искачи Исус во Ерусалим.
[2]А во Ерусалим, кај Овчата порта, има бања, по еврејски наречена Витезда, со пет тремови.
[3]Во нив лежеа мнозина болни, слепи, куци, исушени, кои очекуваа да се раздвижи водата,

[4] [esperando que se movesse a água. Porquanto um anjo descia em certo tempo, agitando-a; e o primeiro que entrava no tanque, uma vez agitada a água, sarava de qualquer doença que tivesse].

[4](зашто одвреме навреме во бањата слегуваше ангел Господов и ја раздвижуваше водата; и кој прв ќе влезеше по придвижувањето на водата, оздравуваше од каква било болест да боледуваше.)

[5] Estava ali um homem enfermo havia trinta e oito anos.

[5]Имаше таму и еден човек кој боледуваше триесет и осум години.

[6] Jesus, vendo-o deitado e sabendo que estava assim há muito tempo, perguntou-lhe: Queres ser curado?

[6]Кога Исус го виде како лежи, знаејќи дека многу години боледува, му рече: „Сакаш ли да оздравиш?“

[7] Respondeu-lhe o enfermo: SENHOR, não tenho ninguém que me ponha no tanque, quando a água é agitada; pois, enquanto eu vou, desce outro antes de mim.

[7]Болниот Му одговори: „Да, Господи! Само немам човек што ќе ме спушти во бањата кога ќе се раздвижи водата; додека јас да дојдам, друг слегува пред мене.“

[8] Então, lhe disse Jesus: Levanta-te, toma o teu leito e anda.

[8]Исус му рече: „Стани, земи ја постелката своја и оди си!“

[9] Imediatamente, o homem se viu curado e, tomando o leito, pôs-se a andar. E aquele dia era sábado.

[9]И веднаш оздраве човекот, ја зеде постелката своја и одеше. А тој ден беше сабота.

[10] Por isso, disseram os judeus ao que fora curado: Hoje é sábado, e não te é lícito carregar o leito.

[10]Заради тоа Јудејците Му рекоа на исцелениот: „Сабота е и не треба да ја носиш својата постелка!“

[11] Ao que ele lhes respondeu: O mesmo que me curou me disse: Toma o teu leito e anda.

[11]Но тој им одговори: „Оној што ме излекува, ми рече: ‚Земи ја постелката своја и оди!‘“

[12] Perguntaram-lhe eles: Quem é o homem que te disse: Toma o teu leito e anda?

[12]А тие го прашаа: „Кој е човекот што ти рече: ‚Земи ја постелката своја и оди?‘“

[13] Mas o que fora curado não sabia quem era; porque Jesus se havia retirado, por haver muita gente naquele lugar.

[13]Но исцелениот не знаеше кој е, зашто Исус се беше оддалечил бидејќи на тоа место имаше многу народ.

[14] Mais tarde, Jesus o encontrou no templo e lhe disse: Olha que já estás curado; não

[14]Подоцна Исус го сретна во храмот и му рече: „Ете, сега си здрав и не греши веќе, за да не те снајде нешто полошо!“

peques mais, para que não te suceda coisa pior.

[15] O homem retirou-se e disse aos judeus que fora Jesus quem o havia curado.

[16] E os judeus perseguiam Jesus, porque fazia estas coisas no sábado.

[17] Mas ele lhes disse: Meu Pai trabalha até agora, e eu trabalho também.

[18] Por isso, pois, os judeus ainda mais procuravam matá-lo, porque não somente violava o sábado, mas também dizia que Deus era seu próprio Pai, fazendo-se igual a Deus.

Jesus explica a sua missão

[19] Então, lhes falou Jesus: Em verdade, em verdade vos digo que o Filho nada pode fazer de si mesmo, senão somente aquilo que vir fazer o Pai; porque tudo o que este fizer, o Filho também semelhantemente o faz.

[20] Porque o Pai ama ao Filho, e lhe mostra tudo o que faz, e maiores obras do que estas lhe mostrará, para que vos maravilheis.

[21] Pois assim como o Pai ressuscita e vivifica os mortos, assim também o Filho vivifica aqueles a quem quer.

[22] E o Pai a ninguém julga, mas ao Filho confiou todo julgamento,

[23] a fim de que todos honrem o Filho do modo por que honram o Pai. Quem não honra o Filho não honra o Pai que o enviou.

[15]А човекот отиде и им кажа на Јудејците дека Исус е Оној што го излекувал.

[16]И затоа Јудејците Го гонеа Исус и сакаа да го убијат, зашто тоа го вршеше во сабота.

[17]А Исус им одговараше: „Мојот Отец досега работи, и Јас работам.“

[18]Затоа Јудејците уште повеќе сакаа да Го убијат, бидејќи не само што ја нарушуваше саботата, туку и Бога Го нарекуваше Свој Отец, правејќи се еднаков со Бога.

Исусовата власт

[19]А Исус им одговори на тоа и рече: „Вистина, вистина ви велам: Синот не може да прави ништо Сам од Себе, ако не види што прави Отецот; она што го прави Тој, тоа истото го прави и Синот.

[20]Зашто, Отецот Го сака Својот Син и Му покажува сѐ што Самиот прави; и ќе Му покаже дела поголеми од овие, за да се чудите вие.

[21]Зашто, како што Отецот воскреснува мртви и ги оживува, така и Синот ги оживува оние кои сака.

[22]Отецот не суди никого, туку целиот суд Му го предаде на Синот;

[23]та сите да Го почитуваат Синот, како што Го почитуваат Отецот. Кој не Го почитува Синот, тој не Го почитува ни Отецот, Кој Го пратил.

[24] Em verdade, em verdade vos digo: quem ouve a minha palavra e crê naquele que me enviou tem a vida eterna, não entra em juízo, mas passou da morte para a vida.

[25] Em verdade, em verdade vos digo que vem a hora e já chegou, em que os mortos ouvirão a voz do Filho de Deus; e os que a ouvirem viverão.

[26] Porque assim como o Pai tem vida em si mesmo, também concedeu ao Filho ter vida em si mesmo.

[27] E lhe deu autoridade para julgar, porque é o Filho do Homem.

[28] Não vos maravilheis disto, porque vem a hora em que todos os que se acham nos túmulos ouvirão a sua voz e sairão:

[29] os que tiverem feito o bem, para a ressurreição da vida; e os que tiverem praticado o mal, para a ressurreição do juízo.

[30] Eu nada posso fazer de mim mesmo; na forma por que ouço, julgo. O meu juízo é justo, porque não procuro a minha própria vontade, e sim a daquele que me enviou.

[31] Se eu testifico a respeito de mim mesmo, o meu testemunho não é verdadeiro.

[32] Outro é o que testifica a meu respeito, e sei que é verdadeiro o testemunho que ele dá de mim.

[33] Mandastes mensageiros a João, e ele deu testemunho da verdade.

[24]Вистина, вистина ви велам: кој го слуша словото Мое и верува во Оној Кој Ме пратил, има живот вечен и нема да дојде на суд, туку преминал од смрт во живот.

[25]Вистина, вистина ви зборувам: иде часот и веќе е дојден, кога мртвите ќе го чујат гласот на Синот Божји, и тие што ќе го чујат, ќе оживеат.

[26]Зашто, како што Отецот има живот во Себе, така Му даде и на Синот да има живот во Себе;

[27]и Му даде власт да суди, зашто Тој е Синот Човечки.

[28]Не чудете се на ова, зашто иде часот кога сите, кои се во гробовите, ќе го чујат гласот на Синот Божји,

[29]и ќе излезат: кои правеле добро – ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување.

Сведочење за Исус

[30]Јас ништо не можам да правам Сам од Себе. Како што слушам, така и судам, и Мојот суд е праведен, зашто не ја барам Мојата волја, туку волјата на Отецот Кој Ме прати.

[31]Ако Јас сведочам Сам за Себе, сведоштвото Мое нема да биде вистинито.

[32]Но има Друг што сведочи за Мене; и знам дека е вистинито тоа сведоштво со кое Тој сведочи за Мене.

[33]Вие пративте гласници кај Јован и тој ви посведочи за вистината.

[34] Eu, porém, não aceito humano testemunho; digo-vos, entretanto, estas coisas para que sejais salvos.

[35] Ele era a lâmpada que ardia e alumiava, e vós quisestes, por algum tempo, alegrar-vos com a sua luz.

[36] Mas eu tenho maior testemunho do que o de João; porque as obras que o Pai me confiou para que eu as realizasse, essas que eu faço testemunham a meu respeito de que o Pai me enviou.

[37] O Pai, que me enviou, esse mesmo é que tem dado testemunho de mim. Jamais tendes ouvido a sua voz, nem visto a sua forma.

[38] Também não tendes a sua palavra permanente em vós, porque não credes naquele a quem ele enviou.

[39] Examinais as Escrituras, porque julgais ter nelas a vida eterna, e são elas mesmas que testificam de mim.

[40] Contudo, não quereis vir a mim para terdes vida.

[41] Eu não aceito glória que vem dos homens;

[42] sei, entretanto, que não tendes em vós o amor de Deus.

[43] Eu vim em nome de meu Pai, e não me recebeis; se outro vier em seu próprio nome, certamente, o recebereis.

[44] Como podeis crer, vós os que aceitais glória uns dos outros e, contudo, não procurais a glória que vem do Deus único?

[34]Не дека Јас примам сведоштво од човек; туку ова го кажувам за да се спасите вие.

[35]Тој беше светило што гори и свети, а вие сакавте да се порадувате на неговата светлина, за кратко време.

[36]Но Јас имам поголемо сведоштво од Јовановото; делата што Ми ги даде Отецот да ги извршам, самите тие дела, што ги извршувам Јас, сведочат за Мене дека Ме пратил Отецот.

[37]И Отецот, Кој Ме прати, Сам посведочи за Мене. А вие ни гласот Негов никогаш не сте го чуле, ниту лицето Негово сте го виделе.

[38]И зборовите Негови не се во вас, зашто не верувате во Оној кого Го пратил Тој.

[39]Ги истражувате Писмата, зашто вие мислите дека во нив имате живот вечен; а токму тие сведочат за Мене.

[40]Но не сакате да дојдете кај Мене за да имате живот.

[41]Од луѓе слава не примам,

[42]но Јас знам дека во себе љубов Божја немате.

[43]Јас дојдов во името на Мојот Отец и не Ме примате; а некој друг, ако дојде во свое име, него ќе го примите.

[44]Како можете вие да поверувате кога примате слава еден од друг, а славата, што е од Единиот Бог, не ја барате?

[45] Não penseis que eu vos acusarei perante o Pai; quem vos acusa é Moisés, em quem tendes firmado a vossa confiança.

[46] Porque, se, de fato, crêsseis em Moisés, também creríeis em mim; porquanto ele escreveu a meu respeito.

[47] Se, porém, não credes nos seus escritos, como crereis nas minhas palavras?

[45]Немојте да мислите дека Јас ќе ве обвинувам пред Отецот; има кој да говори против вас – Мојсеј, на кого вие се надевате.

[46]Зашто, ако му бевте верувале на Мојсеј, и Мене ќе Ми поверувавте, зашто тој пишуваше за Мене.

[47]Ако, пак, на неговите напишани работи не поверувавте, како тогаш ќе им поверувате на Моите зборови?“

João 6

A multiplicação de pães e peixes
Mateus 14.13-21; Marcos 6.30-44; Lucas 9.10-17

[1] Depois destas coisas, atravessou Jesus o mar da Galiléia, que é o de Tiberíades.

[2] Seguia-o numerosa multidão, porque tinham visto os sinais que ele fazia na cura dos enfermos.

[3] Então, subiu Jesus ao monte e assentou-se ali com os seus discípulos.

[4] Ora, a Páscoa, festa dos judeus, estava próxima.

[5] Então, Jesus, erguendo os olhos e vendo que grande multidão vinha ter com ele, disse a Filipe: Onde compraremos pães para lhes dar a comer?

[6] Mas dizia isto para o experimentar; porque ele bem sabia o que estava para fazer.

[7] Respondeu-lhe Filipe: Não lhes bastariam duzentos denários de pão, para receber cada um o seu pedaço.

[8] Um de seus discípulos, chamado André, irmão de Simão Pedro, informou a Jesus:

Јован 6

Исус нахранува над пет илјади луѓе
(Мт 14,13-21; Мк 6,30-44; Лк 9,10-17)

[1]Потоа Исус отиде на другата страна од Галилејското Море, наречено Тиверијадско.

[2]И по него одеше многу народ, зашто ги гледаа чудата Негови што ги вршеше над болните.

[3]А Исус отиде во гората и таму седеше со учениците Свои.

[4]И наближуваше јудејскиот празник Пасха.

[5]Исус, пак, откако ги подигна очите, виде дека кон Него иде многу народ му рече на Филип: „Од каде да купиме леб за да јадат овие?“

[6]А тоа го рече за да го искуша, зашто Сам знаеше што ќе направи.

[7]Филип Му одговори: „Не ќе им биде доволно леб за двесте денарии, па да добие секој од нив по малку!“

[8]Еден од учениците Негови, Андреј, братот на Симон Петар, Му рече:

[9] Está aí um rapaz que tem cinco pães de cevada e dois peixinhos; mas isto que é para tanta gente?

[10] Disse Jesus: Fazei o povo assentar-se; pois havia naquele lugar muita relva. Assentaram-se, pois, os homens em número de quase cinco mil.

[11] Então, Jesus tomou os pães e, tendo dado graças, distribuiu-os entre eles; e também igualmente os peixes, quanto queriam.

[12] E, quando já estavam fartos, disse Jesus aos seus discípulos: Recolhei os pedaços que sobraram, para que nada se perca.

[13] Assim, pois, o fizeram e encheram doze cestos de pedaços dos cinco pães de cevada, que sobraram aos que haviam comido.

[14] Vendo, pois, os homens o sinal que Jesus fizera, disseram: Este é, verdadeiramente, o profeta que devia vir ao mundo.

[15] Sabendo, pois, Jesus que estavam para vir com o intuito de arrebatá-lo para o proclamarem rei, retirou-se novamente, sozinho, para o monte.

Jesus anda por sobre o mar
Mateus 14.22-33; Marcos 6.45-52

[16] Ao descambar o dia, os seus discípulos desceram para o mar.

[17] E, tomando um barco, passaram para o outro lado, rumo a Cafarnaum. Já se fazia escuro, e Jesus ainda não viera ter com eles.

[18] E o mar começava a empolar-se, agitado por vento rijo que soprava.

[9]„Овде се наоѓа едно момче кое има пет јачменови лебови и две риби; но што е тоа за толку души?“

[10]Исус рече: „Кажете им на луѓето да поседнат!“ А на тоа место имаше многу трева. Тогаш поседнаа луѓето, на број околу пет илјади.

[11]Исус ги зеде лебовите, заблагодари и им ги подаде на оние што поседнаа; исто така и од рибите, кој колку сакаше.

[12]А кога се наситија, им рече на учениците Свои: „Соберете ги останатите парчиња за да не се загуби ништо!“

[13]И од петте јачменови лебови собраа и наполнија дванаесет кошници парчиња, што им преостанаа на оние што јадеа.

[14]Луѓето, кога го видоа чудото што го направи Исус, рекоа: „Овој е навистина Пророкот Кој требаше да дојде на светот!“

[15]Но Исус, штом разбра дека сакаат да дојдат и да Го фатат за да го прогласат за цар, се повлече Сам во гората.

Исус оди по морето
(Мт 14,22-33; Мк 6,45-52)

[16]А приквечер, учениците Негови слегоа до морето,

[17]влегоа во кораб и тргнаа преку морето кон Капернаум.

[18]Морето, пак, се подигаше, зашто дуваше силен ветар.

[19] Tendo navegado uns vinte e cinco a trinta estádios, eis que viram Jesus andando por sobre o mar, aproximando-se do barco; e ficaram possuídos de temor.
[20] Mas Jesus lhes disse: Sou eu. Não temais!

[21] Então, eles, de bom grado, o receberam, e logo o barco chegou ao seu destino.

Jesus, o pão da vida

[22] No dia seguinte, a multidão que ficara do outro lado do mar notou que ali não havia senão um pequeno barco e que Jesus não embarcara nele com seus discípulos, tendo estes partido sós.

[23] Entretanto, outros barquinhos chegaram de Tiberíades, perto do lugar onde comeram o pão, tendo o SENHOR dado graças.
[24] Quando, pois, viu a multidão que Jesus não estava ali nem os seus discípulos, tomaram os barcos e partiram para Cafarnaum à sua procura.

[25] E, tendo-o encontrado no outro lado do mar, lhe perguntaram: Mestre, quando chegaste aqui?
[26] Respondeu-lhes Jesus: Em verdade, em verdade vos digo: vós me procurais, não porque vistes sinais, mas porque comestes dos pães e vos fartastes.
[27] Trabalhai, não pela comida que perece, mas pela que subsiste para a vida eterna, a qual o Filho do Homem vos dará; porque Deus, o Pai, o confirmou com o seu selo.

[19]И кога беа поминале дваесет и пет – до триесет стадии, Го видоа Исус како оди по морето и се приближува кон коработ, па се уплашија.
[20]Но Тој им рече: „Јас сум, не плашете се!“
[21]Тие сакаа да Го примат во коработ и веднаш коработ пристигна до брегот, каде што одеа.

Народот Го бара Исус

[22]Утредента наутро народот, што стоеше од другата страна на морето, забележа дека таму немаше друг кораб, освен еден, во кој влегоа учениците Негови, и дека Исус не влезе во коработ со учениците Свои, а тие сами заминаа.

[23]И други кораби дојдоа од Тиверијада, близу до она место каде што беа јале леб, по благословувањето Господово.
[24]И кога видоа луѓето дека Исус не беше таму, ниту учениците Негови, влегоа сами во кораби и дојдоа во Капернаум да Го бараат Исус.

Лебот на животот

[25]И штом Го најдоа отаде морето, Му рекоа: „Рави, кога дојде овде?“

[26]А Исус им одговори и рече: „Вистина, вистина ви велам: вие не Ме барате затоа што видовте чуда, туку затоа што јадевте од лебовите и се наситивте.

[27]Работете не за храна што се расипува, туку за храна што останува за вечен живот и која ќе ви ја даде Синот Човеч-

ки, зашто врз Него ставил печат Бог Отецот.“

28 Dirigiram-se, pois, a ele, perguntando: Que faremos para realizar as obras de Deus?

28А тие Му рекоа: „Што да правиме за да извршуваме Божји дела?“

29 Respondeu-lhes Jesus: A obra de Deus é esta: que creiais naquele que por ele foi enviado.

29Исус им одговори и рече: „Божјото дело е ова: да поверувате во Оној Кого Го испрати Тој.“

30 Então, lhe disseram eles: Que sinal fazes para que o vejamos e creiamos em ti? Quais são os teus feitos?

30А тие Му рекоа: „Каков знак ќе ни покажеш да видиме и да поверуваме? Што ќе направиш?

31 Nossos pais comeram o maná no deserto, como está escrito: Deu-lhes a comer pão do céu.

31Татковците наши јадеа мана во пустината, како што е напишано: ‚Леб од небото им даде да јадат.‘“

32 Replicou-lhes Jesus: Em verdade, em verdade vos digo: não foi Moisés quem vos deu o pão do céu; o verdadeiro pão do céu é meu Pai quem vos dá.

32Но Исус им рече: „Вистина, вистина ви велам: не ви даде Мојсеј леб од небото, туку Мојот Отец ви дава вистински леб од небото.

33 Porque o pão de Deus é o que desce do céu e dá vida ao mundo.

33Зашто лебот Божји е Оној, Кој слегува од небото и му дава живот на светот.“

34 Então, lhe disseram: SENHOR, dá-nos sempre desse pão.

34Тогаш тие Му рекоа: „Господи, давај ни го секогаш тој леб!“

35 Declarou-lhes, pois, Jesus: Eu sou o pão da vida; o que vem a mim jamais terá fome; e o que crê em mim jamais terá sede.

35А Исус им рече: „Јас сум лебот на животот; кој доаѓа кај Мене, нема да огладни и кој верува во Мене, нема никогаш да ожедни.

36 Porém eu já vos disse que, embora me tenhais visto, não credes.

36Но ви реков: вие и Ме видовте и пак не верувате.

37 Todo aquele que o Pai me dá, esse virá a mim; e o que vem a mim, de modo nenhum o lançarei fora.

37Сè што Ми дава Отецот, ќе дојде кај Мене; а кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор;

38 Porque eu desci do céu, não para fazer a minha própria vontade, e sim a vontade daquele que me enviou.

38зашто Јас слегов од небото не да ја извршувам Мојата волја, туку волјата на Отецот, Кој Ме прати.

[39] E a vontade de quem me enviou é esta: que nenhum eu perca de todos os que me deu; pelo contrário, eu o ressuscitarei no último dia.

[40] De fato, a vontade de meu Pai é que todo homem que vir o Filho e nele crer tenha a vida eterna; e eu o ressuscitarei no último dia.

A murmuração dos judeus

[41] Murmuravam, pois, dele os judeus, porque dissera: Eu sou o pão que desceu do céu.

[42] E diziam: Não é este Jesus, o filho de José? Acaso, não lhe conhecemos o pai e a mãe? Como, pois, agora diz: Desci do céu?

[43] Respondeu-lhes Jesus: Não murmureis entre vós.

[44] Ninguém pode vir a mim se o Pai, que me enviou, não o trouxer; e eu o ressuscitarei no último dia.

[45] Está escrito nos profetas: E serão todos ensinados por Deus. Portanto, todo aquele que da parte do Pai tem ouvido e aprendido, esse vem a mim.

[46] Não que alguém tenha visto o Pai, salvo aquele que vem de Deus; este o tem visto.

[47] Em verdade, em verdade vos digo: quem crê em mim tem a vida eterna.

[48] Eu sou o pão da vida.

[49] Vossos pais comeram o maná no deserto e morreram.

[50] Este é o pão que desce do céu, para que todo o que dele comer não pereça.

[39]А волјата на Отецот, Кој Ме прати, е оваа: од сè што Ми дал да не загубам ништо, туку да го воскреснам во последниот ден.

[40]Волјата на Оној што Ме прати е: секој што ќе го види Синот и ќе поверува во Него да има вечен живот, а Јас ќе го воскреснам во последниот ден.“

[41]Се разгневија против Него Јудејците, зашто рече: „Јас сум лебот што слезе од небото“,

[42]и зборуваа: „Зар не е Овој Исус, Јосифовиот син, Чиј татко и мајка ги познававме? Како тогаш Тој вели: ‚Слегов од небото.‘“

[43]Им одговори Исус и рече: „Не мрморете меѓу себе.

[44]Никој не може да дојде кај Мене, ако не го привлече Отецот, Кој Ме прати; и Јас ќе го воскреснам во последниот ден.

[45]Кај Пророците е напишано: ‚И ќе бидат сите од Бога научени.‘ Секој што чул од Отецот и се научил, доаѓа кај Мене.

[46]Но тоа не значи дека некој Го видел Бога, освен Оној Кој е од Бога; само Тој го видел Отецот.

[47]Вистина, вистина ви велам: Кој верува во Мене има вечен живот.

[48]Јас сум лебот на животот.

[49]Татковците ваши јадеа мана во пустината и умреа;

[50]а ова е леб што доаѓа од небото, и оној, кој јаде од него, нема да умре.

[51] Eu sou o pão vivo que desceu do céu; se alguém dele comer, viverá eternamente; e o pão que eu darei pela vida do mundo é a minha carne.

[51]Јас сум живиот леб што слезе од небото; кој јаде од овој леб, ќе живее вечно; а лебот што ќе го дадам Јас, е Моето тело, што ќе го предадам за животот на светот.“

[52] Disputavam, pois, os judeus entre si, dizendo: Como pode este dar-nos a comer a sua própria carne?

[52]Јудејците пак почнаа да се препираат меѓу себе, велејќи: „Како може Овој да ни го даде телото Свое да го јадеме?“

[53] Respondeu-lhes Jesus: Em verdade, em verdade vos digo: se não comerdes a carne do Filho do Homem e não beberdes o seu sangue, não tendes vida em vós mesmos.

[53]А Исус им рече: „Вистина, вистина ви кажувам: ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе.

[54] Quem comer a minha carne e beber o meu sangue tem a vida eterna, e eu o ressuscitarei no último dia.

[54]Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден.

[55] Pois a minha carne é verdadeira comida, e o meu sangue é verdadeira bebida.

[55]Зашто Моето тело е вистинска храна, и Мојата крв – вистинска напивка.

[56] Quem comer a minha carne e beber o meu sangue permanece em mim, e eu, nele.

[56]Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него.

[57] Assim como o Pai, que vive, me enviou, e igualmente eu vivo pelo Pai, também quem de mim se alimenta por mim viverá.

[57]Како што Ме прати живиот Отец и Јас живеам преку Отецот, така и тој што јаде од Мене, ќе живее преку Мене.

[58] Este é o pão que desceu do céu, em nada semelhante àquele que os vossos pais comeram e, contudo, morreram; quem comer este pão viverá eternamente.

[58]Ова е лебот што слезе од небото, а не како татковците ваши што јадеа мана и изумреа; кој јаде од овој леб, ќе живее довека.“

[59] Estas coisas disse Jesus, quando ensinava na sinagoga de Cafarnaum.

[59]Ова го кажа Исус во синагогата, кога поучуваше во Капернаум.

Os discípulos escandalizados

[60] Muitos dos seus discípulos, tendo ouvido tais palavras, disseram: Duro é este discurso; quem o pode ouvir?

[61] Mas Jesus, sabendo por si mesmo que eles murmuravam a respeito de suas

Зборови на вечен живот

[60]Тогаш мнозина од учениците Негови, кои слушаа, рекоа: „Тешки се овие зборови! Кој може да ги слуша!?“

[61]А Исус, знаејќи во Себе дека учениците Негови се бунат против тоа, им рече: „Зар ова ве соблазнува?

palavras, interpelou-os: Isto vos escandaliza?

[62] Que será, pois, se virdes o Filho do Homem subir para o lugar onde primeiro estava?

[63] O espírito é o que vivifica; a carne para nada aproveita; as palavras que eu vos tenho dito são espírito e são vida.

[64] Contudo, há descrentes entre vós. Pois Jesus sabia, desde o princípio, quais eram os que não criam e quem o havia de trair.

[65] E prosseguiu: Por causa disto, é que vos tenho dito: ninguém poderá vir a mim, se, pelo Pai, não lhe for concedido.

Muitos discípulos se retiram

[66] À vista disso, muitos dos seus discípulos o abandonaram e já não andavam com ele.

[67] Então, perguntou Jesus aos doze: Porventura, quereis também vós outros retirar-vos?

[68] Respondeu-lhe Simão Pedro: SENHOR, para quem iremos? Tu tens as palavras da vida eterna;

[69] e nós temos crido e conhecido que tu és o Santo de Deus.

[70] Replicou-lhes Jesus: Não vos escolhi eu em número de doze? Contudo, um de vós é diabo.

[71] Referia-se ele a Judas, filho de Simão Iscariotes; porque era quem estava para traí-lo, sendo um dos doze.

João 7

[62]А што ако Го видите Синот Човечки како се вознесува горе, каде што бил порано?

[63]Духот е тој што оживува; телото ништо не помага. Зборовите што ви ги кажав се дух и живот.

[64]Но има меѓу вас и некои што не веруваат.“ Исус знаеше од почеток кои се тие што не веруваат и кој е тој што ќе го предаде.

[65]И рече: „Затоа ви зборувам дека никој не може да дојде кај Мене, ако не му биде дадено од Мојот Отец.“

[66]Од тоа време мнозина од Неговите ученици се повлекоа и не одеа веќе со Него.

[67]Тогаш им рече Исус на дванаесетте: „Да не сакате и вие да си отидете?“

[68]А Симон Петар Му одговори: „Господи, кај кого ќе отидеме? Ти имаш зборови за вечен живот,

[69]и ние поверувавме и познавме дека си Божјиот Светител (Христос, Син на живиот Бог).“

[70]Исус им одговори: „Не ли ве избрав дванаесетмина? Но еден од вас е ѓавол.“

[71]А зборуваше за Јуда Симонов Искариот, зашто тој, како еден од дванаесетте, сакаше да Го предаде.

Јован 7

A incredulidade dos irmãos de Jesus

[1] Passadas estas coisas, Jesus andava pela Galiléia, porque não desejava percorrer a Judéia, visto que os judeus procuravam matá-lo.

[2] Ora, a festa dos judeus, chamada de Festa dos Tabernáculos, estava próxima.

[3] Dirigiram-se, pois, a ele os seus irmãos e lhe disseram: Deixa este lugar e vai para a Judéia, para que também os teus discípulos vejam as obras que fazes.

[4] Porque ninguém há que procure ser conhecido em público e, contudo, realize os seus feitos em oculto. Se fazes estas coisas, manifesta-te ao mundo.

[5] Pois nem mesmo os seus irmãos criam nele.

[6] Disse-lhes, pois, Jesus: O meu tempo ainda não chegou, mas o vosso sempre está presente.

[7] Não pode o mundo odiar-vos, mas a mim me odeia, porque eu dou testemunho a seu respeito de que as suas obras são más.

[8] Subi vós outros à festa; eu, por enquanto, não subo, porque o meu tempo ainda não está cumprido.

[9] Disse-lhes Jesus estas coisas e continuou na Galiléia.

Jesus na Festa dos Tabernáculos

[10] Mas, depois que seus irmãos subiram para a festa, então, subiu ele também, não publicamente, mas em oculto.

[11] Ora, os judeus o procuravam na festa e perguntavam: Onde estará ele?

[12] E havia grande murmuração a seu respeito entre as multidões. Uns diziam:

Исус и Неговите браќа

[1]Потоа одеше Исус по Галилеја, не сакаше да оди во Јудеја, зашто Јудејците сакаа да Го убијат.

[2]Се приближуваше, пак, јудејскиот празник Сеници.

[3]Тогаш браќата Негови Му рекоа: „Излези одовде и оди во Јудеја, та и учениците Твои да ги видат делата што ги вршиш.

[4]Зашто никој не прави нешто тајно кога сака да се прочуе. Ако Ти ги вршиш овие работи, тогаш покажи се пред светот!“

[5]Зашто и браќата Негови не веруваа во Него.

[6]А на тоа Исус им одговори: „Моето време уште не е дојдено, а за вас времето е секогаш погодно.

[7]Светов вас не може да ве мрази, а Мене Ме мрази, зашто Јас сведочам за него дека делата му се лоши.

[8]Вие отидете на овој празник; Јас нема да излезам на празникот, зашто времето Мое сè уште не се исполнило.“

[9]Откако го рече тоа, остана во Галилеја.

Исус на празникот

[10]Но, штом отидоа браќата Негови, и Тој отиде на празникот, но не јавно, туку скришум.

[11]А Јудејците Го бараа на празникот и велеа: „Каде е Оној?“

[12]И многу расправии имаше меѓу народот за Него; едни зборуваа: „Добар

Ele é bom. E outros: Não, antes, engana o povo.

[13] Entretanto, ninguém falava dele abertamente, por ter medo dos judeus.

A controvérsia entre Jesus e os judeus

[14] Corria já em meio a festa, e Jesus subiu ao templo e ensinava.

[15] Então, os judeus se maravilhavam e diziam: Como sabe este letras, sem ter estudado?

[16] Respondeu-lhes Jesus: O meu ensino não é meu, e sim daquele que me enviou.

[17] Se alguém quiser fazer a vontade dele, conhecerá a respeito da doutrina, se ela é de Deus ou se eu falo por mim mesmo.

[18] Quem fala por si mesmo está procurando a sua própria glória; mas o que procura a glória de quem o enviou, esse é verdadeiro, e nele não há injustiça.

[19] Não vos deu Moisés a lei? Contudo, ninguém dentre vós a observa. Por que procurais matar-me?

[20] Respondeu a multidão: Tens demônio. Quem é que procura matar-te?

[21] Replicou-lhes Jesus: Um só feito realizei, e todos vos admirais.

[22] Pelo motivo de que Moisés vos deu a circuncisão (se bem que ela não vem dele, mas dos patriarcas), no sábado circuncidais um homem.

[23] E, se o homem pode ser circuncidado em dia de sábado, para que a lei de Moisés não seja violada, por que vos indignais contra mim, pelo fato de eu ter curado, num sábado, ao todo, um homem?

е“, а други велеа: „Не, туку го заблудува народот!“

[13]Но никој не зборуваше за Него отворено, поради страв од Јудејците.

[14]А на средината од празникот, влезе Исус во храмот и поучуваше.

[15]И се чудеа Јудејците, велејќи: „Како ги познава Овој Книгите, кога не учел?“

[16]Тогаш им одговори Исус и рече: „Учењето Мое не е Мое, туку на Оној што Ме прати;

[17]и ако некој сака да ја врши волјата Негова, ќе разбере дали е ова учење од Бога, или Јас Самиот од Себе зборувам.

[18]Кој говори самиот од себе, тој си бара своја слава; а кој ја бара славата на Оној што Го пратил, Тој е вистинит и во Него нема неправда.

[19]Зар не ви го даде Мојсеј Законот? Но никој од вас не го исполнува Законот. Зошто сакате да Ме убиете?“

[20]Народот одговори и рече: „Демонот е во тебе? Кој сака да Те убие?“

[21]Одговори Исус и им рече: „Едно дело извршив и сите се чудите.

[22]Мојсеј ви го даде обрезанието, не затоа што тоа е од Мојсеј, туку од татковците – и вие во саботен ден обрезувате човек.

[23]Ако човек се обрезува во сабота, за да не се наруши Законот Мојсеев, на Мене ли се гневите што цел човек направив здрав во сабота?

[24] Não julgueis segundo a aparência, e sim pela reta justiça.

Os guardas mandados para prender Jesus

[25] Diziam alguns de Jerusalém: Não é este aquele a quem procuram matar?

[26] Eis que ele fala abertamente, e nada lhe dizem. Porventura, reconhecem verdadeiramente as autoridades que este é, de fato, o Cristo?

[27] Nós, todavia, sabemos donde este é; quando, porém, vier o Cristo, ninguém saberá donde ele é.

19 Sabeis estas coisas, meus amados irmãos. Todo homem, pois, seja pronto para ouvir, tardio para falar, tardio para se irar.

19И така, мои возљубени браќа, секој човек нека биде брз за слушање, а спор за зборување, и бавен за гнев,

20 Porque a ira do homem não produz a justiça de Deus.

20бидејќи човечкиот гнев не ја извршува Божјата правда.

[21] Portanto, despojando-vos de toda impureza e acúmulo de maldade, acolhei, com mansidão, a palavra em vós implantada, a qual é poderosa para salvar a vossa alma.

[22] Tornai-vos, pois, praticantes da palavra e não somente ouvintes, enganando-vos a vós mesmos.

[23] Porque, se alguém é ouvinte da palavra e não praticante, assemelha-se ao homem que contempla, num espelho, o seu rosto natural;

[24] pois a si mesmo se contempla, e se retira, e para logo se esquece de como era a sua aparência.

[25] Mas aquele que considera, atentamente, na lei perfeita, lei da liberdade, e nela persevera, não sendo ouvinte negligente, mas operoso praticante, esse será bem-aventurado no que realizar.

[26] Se alguém supõe ser religioso, deixando de refrear a língua, antes, enganando o próprio coração, a sua religião é vã.

[27] A religião pura e sem mácula, para com o nosso Deus e Pai, é esta: visitar os órfãos e as viúvas nas suas tribulações e a si mesmo guardar-se incontaminado do mundo.

Tiago 2

Não se deve fazer acepção de pessoas

[1] Meus irmãos, não tenhais a fé em nosso SENHOR Jesus Cristo, SENHOR da glória, em acepção de pessoas.

[21]Затоа, отфрлувајќи од себеси секаква нечистота и насобрана злоба, со кроткост примете го насаденото слово, кое може да ги спаси вашите души.

[22]Бидете извршители на словото, а не само слушатели, мамејќи се сами себе.

[23]Зашто, кој го слуша словото, а не го извршува, тој прилега на човек кој го гледа своето сопствено лице во огледало;

[24]ќе се погледне, па ќе си замине, и веднаш заборава каков бил.

[25]Но кој ќе се задлабочи во совршениот Закон на слободата и остане во него, тој, бидејќи не е заборавлив слушател, туку извршител кој дејствува, ќе биде блажен во своето дејствување.

[26]Ако некој од вас мисли дека е побожен, а не го зауздува јазикот свој, туку го мами срцето свое, неговата побожност е суетна.

[27]Чиста и непорочна вера пред Бога Отецот е оваа: да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш да останеш неосквернет од светот.

Јаков 2

Верата е непристрасна

[1]Браќа мои, држете ја непристрасно верата во Исус Христос, нашиот Господ на славата!

[2] Se, portanto, entrar na vossa sinagoga algum homem com anéis de ouro nos dedos, em trajos de luxo, e entrar também algum pobre andrajoso,

[3] e tratardes com deferência o que tem os trajos de luxo e lhe disserdes: Tu, assenta-te aqui em lugar de honra; e disserdes ao pobre: Tu, fica ali em pé ou assenta-te aqui abaixo do estrado dos meus pés,

[4] não fizestes distinção entre vós mesmos e não vos tornastes juízes tomados de perversos pensamentos?

[5] Ouvi, meus amados irmãos. Não escolheu Deus os que para o mundo são pobres, para serem ricos em fé e herdeiros do reino que ele prometeu aos que o amam?

[6] Entretanto, vós outros menosprezastes o pobre. Não são os ricos que vos oprimem e não são eles que vos arrastam para tribunais?

[7] Não são eles os que blasfemam o bom nome que sobre vós foi invocado?

[8] Se vós, contudo, observais a lei régia segundo a Escritura: Amarás o teu próximo como a ti mesmo, fazeis bem;

[9] se, todavia, fazeis acepção de pessoas, cometeis pecado, sendo argüidos pela lei como transgressores.

[10] Pois qualquer que guarda toda a lei, mas tropeça em um só ponto, se torna culpado de todos.

[11] Porquanto, aquele que disse: Não adulterarás também ordenou: Não

[2]Ако во вашето собрание влезе човек со златен прстен, во светли алишта, и влезе сиромав човек со проста облека,

[3]па се загледате на облечениот во светли алишта и му речете: „Ти седни овде убаво!“, а на сиромашниот му речете: „Ти стој таму!“, или „Седни овде, крај подножјето мое!“,

[4]зарем со тоа не покажувате пристрасност, и не станувате судии со лоши помисли?

[5]Послушајте, возљубени браќа мои, не ги избра ли Бог сиромашните од овој свет да бидат богати во верата и наследници на царството, ветено од Него на оние кои Го љубат?

[6]А вие го посрамивте сиромавиот! Не се ли богатите тие што ве мачат и ве влечат по судови?

[7]Не го хулат ли тие вашето добро име, со кое сте се нарекле?

[8]Ако, пак, го извршувате царскиот закон според Писмото: „Возљуби го ближниот како самиот себе“ – добро правите.

[9]Но, ако сте пристрасни, грев правите; и Законот ве осудува како престапници.

[10]Зашто, кој го пази целиот Закон, а згреши само во едно, виновен ќе биде за сè.

[11]Зашто Оној, Кој рекол: „Не прави прељуба!“, рекол и: „Не убивај!“ Па

matarás. Ora, se não adulteras, porém matas, vens a ser transgressor da lei.

12 Falai de tal maneira e de tal maneira procedei como aqueles que hão de ser julgados pela lei da liberdade.

13 Porque o juízo é sem misericórdia para com aquele que não usou de misericórdia. A misericórdia triunfa sobre o juízo.

A fé sem obras é morta

14 Meus irmãos, qual é o proveito, se alguém disser que tem fé, mas não tiver obras? Pode, acaso, semelhante fé salvá-lo?

15 Se um irmão ou uma irmã estiverem carecidos de roupa e necessitados do alimento cotidiano,

16 e qualquer dentre vós lhes disser: Ide em paz, aquecei-vos e fartai-vos, sem, contudo, lhes dar o necessário para o corpo, qual é o proveito disso?

17 Assim, também a fé, se não tiver obras, por si só está morta.

18 Mas alguém dirá: Tu tens fé, e eu tenho obras; mostra-me essa tua fé sem as obras, e eu, com as obras, te mostrarei a minha fé.

19 Crês, tu, que Deus é um só? Fazes bem. Até os demônios crêem e tremem.

20 Queres, pois, ficar certo, ó homem insensato, de que a fé sem as obras é inoperante?

21 Não foi por obras que Abraão, o nosso pai, foi justificado, quando ofereceu sobre o altar o próprio filho, Isaque?

затоа, ако не вршиш прељуба, а убиеш, ти ќе станеш престапник на Законот.

12Зборувајте и постапувајте како оние што ќе бидат судени според законот на слободата.

13Зашто судот ќе биде безмилосен спрема оној кој не покажува милост; милоста надвива над судот.

Без дела верата е мртва

14Каква е ползата, браќа мои, ако некој рече дека има вера, а дела нема? Може ли верата да го спаси?

15Ако некој брат или сестра се голи и немаат што да јадат,

16па некој од вас им рече: „Одете си со мир, грејте се и наситете се!“, а не им даде што им е потребно за телото – каква полза?

17И така, верата, ако нема дела, сама по себе е мртва.

18Но може некој да рече: ти имаш вера, а јас имам дела. Покажи ми ја својата вера без дела, а јас преку моите дела ќе ти ја покажам мојата вера.

19Ти веруваш дека Бог е еден: добро правиш; но и злите духови веруваат, а трепераат.

20Не сакаш ли да разбереш, о суетен човеку, дека верата без дела е мртва?

21Нели со дела беше оправдан Авраам, нашиот татко, откако врз жртвеникот го положи својот син Исак?

[22] Vês como a fé operava juntamente com as suas obras; com efeito, foi pelas obras que a fé se consumou,
[23] e se cumpriu a Escritura, a qual diz: Ora, Abraão creu em Deus, e isso lhe foi imputado para justiça; e: Foi chamado amigo de Deus.
[24] Verificais que uma pessoa é justificada por obras e não por fé somente.
[25] De igual modo, não foi também justificada por obras a meretriz Raabe, quando acolheu os emissários e os fez partir por outro caminho?
[26] Porque, assim como o corpo sem espírito é morto, assim também a fé sem obras é morta.

Tiago 3

Os pecados da língua e o dever de refreá-la

[1] Meus irmãos, não vos torneis, muitos de vós, mestres, sabendo que havemos de receber maior juízo.
[2] Porque todos tropeçamos em muitas coisas. Se alguém não tropeça no falar, é perfeito varão, capaz de refrear também todo o corpo.

[3] Ora, se pomos freio na boca dos cavalos, para nos obedecerem, também lhes dirigimos o corpo inteiro.

[4] Observai, igualmente, os navios que, sendo tão grandes e batidos de rijos ventos, por um pequeníssimo leme são dirigidos para onde queira o impulso do timoneiro.

[22]Гледаш ли дека верата дејствуваше заедно со делата негови, и дека преку делата, верата стана совршена?
[23]И се изврши Писмото, кое вели: „Му поверува Авраам на Бога, и тоа му се сметаше за праведност“, и тој се нарече – пријател Божји.
[24]Гледате ли дека човекот се оправдува со дела, а не само со вера?

[25]А така не се оправда ли со дела и блудницата Раав, откако ги прими извидувачите и ги изведе по друг пат?

[26]Зашто, како што е телото без дух мртво, така и верата без дела е мртва.

Јаков 3

Внимавај на јазикот

[1]Не барајте, браќа мои, мнозина да станете учители, зашто знаете дека поголемо осудување ќе добиеме.

[2]Сите ние многу грешиме. Но оној, кој во зборови не греши, тој е совршен човек, силен да го заузда и целото тело.

[3]Ете, ако и ние на коњите им ставиме узда на устите, за да ни се покоруваат, тогаш управуваме со целото нивно тело.

[4]Па, ете, и корабите: иако се толку многу големи и силно гонети од бурни ветрови, со мало кормило се управуваат онаму каде што кормиларот сака;

[5] Assim, também a língua, pequeno órgão, se gaba de grandes coisas. Vede como uma fagulha põe em brasas tão grande selva!

[6] Ora, a língua é fogo; é mundo de iniqüidade; a língua está situada entre os membros de nosso corpo, e contamina o corpo inteiro, e não só põe em chamas toda a carreira da existência humana, como também é posta ela mesma em chamas pelo inferno.

[7] Pois toda espécie de feras, de aves, de répteis e de seres marinhos se doma e tem sido domada pelo gênero humano;

[8] a língua, porém, nenhum dos homens é capaz de domar; é mal incontido, carregado de veneno mortífero.

[9] Com ela, bendizemos ao SENHOR e Pai; também, com ela, amaldiçoamos os homens, feitos à semelhança de Deus.

[10] De uma só boca procede bênção e maldição. Meus irmãos, não é conveniente que estas coisas sejam assim.

[11] Acaso, pode a fonte jorrar do mesmo lugar o que é doce e o que é amargoso?

[12] Acaso, meus irmãos, pode a figueira produzir azeitonas ou a videira, figos? Tampouco fonte de água salgada pode dar água doce.

A sabedoria lá do alto

[13] Quem entre vós é sábio e inteligente? Mostre em mansidão de sabedoria, mediante condigno proceder, as suas obras.

[14] Se, pelo contrário, tendes em vosso coração inveja amargurada e sentimento

[5]а така и јазикот е мал орган, но големи работи зборува. Ете, мал оган, а колку голема гора запалува;

[6]и јазикот е оган, свет полн со неправда; јазикот се наоѓа во таква положба меѓу нашите органи, што го осквернува целото тело и го пали времето на нашиот живот, воспалувајќи се сам од пеколот.

[7]Секаков вид сверови и птици, лазачи и риби, се скротува и се припитомува од човечкиот род,

[8]а јазикот никој не може да го скроти: тој е немирно зло и полн со смртоносен отров.

[9]Со него Го благословуваме Бога и Отецот, со него ги колнеме луѓето создадени според подобието Божјо.

[10]Од истата уста излегува и благослов и клетва. Не треба, браќа мои, тоа така да биде.

[11]А тече ли од еден ист извор слатка и горчлива вода?

[12]Може ли, браќа мои, смоквата да раѓа маслинки, или лозата смокви? Така, од еден ист извор не може да тече солена и слатка вода.

Мудроста озгора и земната мудрост

[13]Кој е меѓу вас мудар и умен, нека ги покаже преку своето добро однесување делата свои во кротост и мудрост.

[14]Но, ако во срцата свои имате горчлива завист и карање, не фалете се и не лажете против вистината:

faccioso, nem vos glorieis disso, nem mintais contra a verdade.

15 Esta não é a sabedoria que desce lá do alto; antes, é terrena, animal e demoníaca.

16 Pois, onde há inveja e sentimento faccioso, aí há confusão e toda espécie de coisas ruins.

17 A sabedoria, porém, lá do alto é, primeiramente, pura; depois, pacífica, indulgente, tratável, plena de misericórdia e de bons frutos, imparcial, sem fingimento.

18 Ora, é em paz que se semeia o fruto da justiça, para os que promovem a paz.

15тоа не е мудрост која доаѓа озгора, туку земна, душевна, бесовска;

16зашто, каде што има завист и карање, таму има неслога и сè е лошо.

17А мудроста, што иде озгора, е најнапред чиста, а потоа мирна, кротка, покорна, полна со милост и добри плодови, непристрасна и нелицемерна.

18Плодот, пак, на правдата во мир се сее од миротворците.

Tiago 4

A origem das contendas

1 De onde procedem guerras e contendas que há entre vós? De onde, senão dos prazeres que militam na vossa carne?

2 Cobiçais e nada tendes; matais, e invejais, e nada podeis obter; viveis a lutar e a fazer guerras. Nada tendes, porque não pedis;

3 pedis e não recebeis, porque pedis mal, para esbanjardes em vossos prazeres.

4 Infiéis, não compreendeis que a amizade do mundo é inimiga de Deus? Aquele, pois, que quiser ser amigo do mundo constitui-se inimigo de Deus.

5 Ou supondes que em vão afirma a Escritura: É com ciúme que por nós anseia o Espírito, que ele fez habitar em nós?

Јаков 4

Против неслогата

1Од каде се војните и расправиите меѓу вас? Не оттаму ли – од вашите похоти, кои се борат во органите ваши?

2Пожелувате и немате; убивате и завидувате, и не можете да добиете; се препирате и војувате, а немате, бидејќи не се молите.

3Просите, а не добивате, зашто зло барате, за да го трошите во вашите похоти.

4Прељубодејци и прељубодејки, не знаете ли дека пријателството со овој свет е непријателство на Бога? Зашто, кој сака да му е пријател на светот, му станува непријател на Бога.

5Или, пак, мислите дека Писмото напразно зборува: „Со ревност го љуби духот што го вселил во нас.“

[6] Antes, ele dá maior graça; pelo que diz: Deus resiste aos soberbos, mas dá graça aos humildes.

[7] Sujeitai-vos, portanto, a Deus; mas resisti ao diabo, e ele fugirá de vós.

[8] Chegai-vos a Deus, e ele se chegará a vós outros. Purificai as mãos, pecadores; e vós que sois de ânimo dobre, limpai o coração.

[9] Afligi-vos, lamentai e chorai. Converta-se o vosso riso em pranto, e a vossa alegria, em tristeza.

[10] Humilhai-vos na presença do SENHOR, e ele vos exaltará.

A maledicência é condenada

[11] Irmãos, não faleis mal uns dos outros. Aquele que fala mal do irmão ou julga a seu irmão fala mal da lei e julga a lei; ora, se julgas a lei, não és observador da lei, mas juiz.

[12] Um só é Legislador e Juiz, aquele que pode salvar e fazer perecer; tu, porém, quem és, que julgas o próximo?

A falibilidade dos projetos humanos

[13] Atendei, agora, vós que dizeis: Hoje ou amanhã, iremos para a cidade tal, e lá passaremos um ano, e negociaremos, e teremos lucros.

[14] Vós não sabeis o que sucederá amanhã. Que é a vossa vida? Sois, apenas, como neblina que aparece por instante e logo se dissipa.

[6]Но Тој дава поголема благодат; затоа е речено: „Бог се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат.“

[7]Па затоа, покорете Му се на Бога; а противете се на ѓаволот, и тој ќе побегне од вас.

[8]Приближете се кон Бога, и Тој ќе се приближи кон вас; исчистете ги рацете, грешници, поправете ги срцата свои, непостојани!

[9]Бидете нажалени и плачете и липајте: смевот ваш нека се претвори во плач, а радоста во тага!

[10]Понизете се пред Господ и ќе ве подигне!

Кој си ти да го судиш ближниот?

[11]Не озборувајте се еден со друг, браќа: зашто, кој го озборува братот свој или го суди, тој го напаѓа Законот и го суди Законот. А ако, пак, го судиш Законот, тогаш ти не си извршител на Законот, туку судија.

[12]Еден е Законодавецот и Судијата, Кој може да спаси и погуби: а ти, кој си што осудуваш друг?

Лоша самодоверба

[13]Слушајте сега вие, кои велите: „Денес или утре ќе тргнеме во оној град и таму ќе останеме една година, ќе тргуваме и ќе спечалиме“,

[14]вие, кои не знаете што ќе стане утре. Што е вашиот живот? Тој е пареа, која се појавува за кратко време, па исчезнува.

15 Em vez disso, devíeis dizer: Se o SENHOR quiser, não só viveremos, como também faremos isto ou aquilo.
16 Agora, entretanto, vos jactais das vossas arrogantes pretensões. Toda jactância semelhante a essa é maligna.
17 Portanto, aquele que sabe que deve fazer o bem e não o faz nisso está pecando.

15Место да велите: „Ако сака Господ да бидеме живи, ќе направиме тоа и тоа.“
16А сега се фалите со својата гордост. Секоја таква фалба е зла.
17И така, грев е за оној кој знае да прави добро, а не го прави.

Tiago 5

Deus condena as riquezas mal adquiridas e mal empregadas

1 Atendei, agora, ricos, chorai lamentando, por causa das vossas desventuras, que vos sobrevirão.
2 As vossas riquezas estão corruptas, e as vossas roupagens, comidas de traça;
3 o vosso ouro e a vossa prata foram gastos de ferrugens, e a sua ferrugem há de ser por testemunho contra vós mesmos e há de devorar, como fogo, as vossas carnes. Tesouros acumulastes nos últimos dias.
4 Eis que o salário dos trabalhadores que ceifaram os vossos campos e que por vós foi retido com fraude está clamando; e os clamores dos ceifeiros penetraram até aos ouvidos do SENHOR dos Exércitos.
5 Tendes vivido regaladamente sobre a terra; tendes vivido nos prazeres; tendes engordado o vosso coração, em dia de matança;
6 tendes condenado e matado o justo, sem que ele vos faça resistência.

A necessidade, bênçãos e exemplo da paciência

7 Sede, pois, irmãos, pacientes, até à vinda do SENHOR. Eis que o lavrador aguarda com paciência o precioso fruto da terra,

Јаков 5

Предупредување до богатите

1Ајде сега вие, богати, плачете и липајте за страшните маки што идат на вас.
2Богатството ваше изгни, а алиштата ваши молци ги изгризаа.
3Златото ваше и среброто ви за'рѓаа, и 'рѓата нивна ќе биде сведоштво против вас и ќе го изеде телото ваше како оган! Сте насобрале богатство за последните дни.
4Ете, платата што сте ја задржале од работниците, кои работеле на вашите ниви, и извиците на жетварите дојдоа до ушите на Господ Саваот.
5Се веселевте на земјата и се наслудувавте, ги згоивте срцата ваши како за ден на клање.
6Го осудивте, Го убивте праведникот; и тој не се спротивставуваше.

Трпение и молитва

7Бидете трпеливи, браќа мои, до доаѓањето на Господ! Ете, земјоделецот чека драгоцен плод од земјата и долго

até receber as primeiras e as últimas chuvas.

[8] Sede vós também pacientes e fortalecei o vosso coração, pois a vinda do SENHOR está próxima.

[9] Irmãos, não vos queixeis uns dos outros, para não serdes julgados. Eis que o juiz está às portas.

[10] Irmãos, tomai por modelo no sofrimento e na paciência os profetas, os quais falaram em nome do SENHOR.

[11] Eis que temos por felizes os que perseveraram firmes. Tendes ouvido da paciência de Jó e vistes que fim o SENHOR lhe deu; porque o SENHOR é cheio de terna misericórdia e compassivo.

O juramento proibido e o proceder cristão em várias experiências da vida

[12] Acima de tudo, porém, meus irmãos, não jureis nem pelo céu, nem pela terra, nem por qualquer outro voto; antes, seja o vosso sim sim, e o vosso não não, para não cairdes em juízo.

[13] Está alguém entre vós sofrendo? Faça oração. Está alguém alegre? Cante louvores.

[14] Está alguém entre vós doente? Chame os presbíteros da igreja, e estes façam oração sobre ele, ungindo-o com óleo, em nome do SENHOR.

[15] E a oração da fé salvará o enfermo, e o SENHOR o levantará; e, se houver cometido pecados, ser-lhe-ão perdoados.

[16] Confessai, pois, os vossos pecados uns aos outros e orai uns pelos outros, para

трпи за него, додека не добие дожд, ран или доцен.

[8]Па трпете и вие, укрепете ги срцата свои, зашто доаѓањето на Господ се приближи.

[9]Не оплакувајте се, браќа, еден на друг, та да не бидете осудени: ете, Судијата стои пред вратата.

[10]Браќа, како пример на страдања и долготрпенија земете ги пророците што зборуваа во името Господово.

[11]Ете, блажени се оние што истрајаа. Сте чуле за трпението на Јов и узнавте каков крај му даде Господ, затоа што Господ е многумилостив и се смилува на него.

[12]А пред сè, браќа мои, не колнете се ни во небото, ни во земјата, ниту пак со некоја друга заклетва. И зборот нека ви биде да – да и не – не, за да не паднете под суд!

[13]А ако некој од вас страда, нека Му се моли на Бога; весел ли е, нека Го фали Господа!

[14]Болен ли е некој меѓу вас, нека ги повика свештениците црковни, та да се помолат и да извршат помазание над него со елеј во името Господово.

[15]И молитвата со вера ќе го исцели болниот, и Господ ќе го крене; и гревови, ако направил, ќе му се простат.

[16]Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се

serdes curados. Muito pode, por sua eficácia, a súplica do justo.

[17] Elias era homem semelhante a nós, sujeito aos mesmos sentimentos, e orou, com instância, para que não chovesse sobre a terra, e, por três anos e seis meses, não choveu.

[18] E orou, de novo, e o céu deu chuva, e a terra fez germinar seus frutos.

[19] Meus irmãos, se algum entre vós se desviar da verdade, e alguém o converter,

[20] sabei que aquele que converte o pecador do seu caminho errado salvará da morte a alma dele e cobrirá multidão de pecados.

исцелите. Голема сила има усрдната молитва на праведникот.

[17]Илија беше човек смртен, како и ние, и со молитва Му се помоли на Бога да нема дожд, и не падна дожд на земјата три години и шест месеци.

[18]И пак се помоли, па небото даде дожд и земјата го даде својот плод.

Поврати ги отклонетите

[19]Ако, браќа, некој од вас се отклони од вистината, и ако некој друг го поврати, [20]тој нека знае дека оној што обрати грешник од лажлив пат, спасува една душа од смрт и ќе покрие многу гревови.

Primeira epístola de Pedro

1 Pedro 1

Prefácio e saudação

[1] Pedro, apóstolo de Jesus Cristo, aos eleitos que são forasteiros da Dispersão no Ponto, Galácia, Capadócia, Ásia e Bitínia,
[2] eleitos, segundo a presciência de Deus Pai, em santificação do Espírito, para a obediência e a aspersão do sangue de Jesus Cristo, graça e paz vos sejam multiplicadas.

Ação de graças

[3] Bendito o Deus e Pai de nosso SENHOR Jesus Cristo, que, segundo a sua muita misericórdia, nos regenerou para uma viva esperança, mediante a ressurreição de Jesus Cristo dentre os mortos,
[4] para uma herança incorruptível, sem mácula, imarcescível, reservada nos céus para vós outros
[5] que sois guardados pelo poder de Deus, mediante a fé, para a salvação preparada para revelar-se no último tempo.
[6] Nisso exultais, embora, no presente, por breve tempo, se necessário, sejais contristados por várias provações,
[7] para que, uma vez confirmado o valor da vossa fé, muito mais preciosa do que o ouro perecível, mesmo apurado por fogo, redunde em louvor, glória e honra na revelação de Jesus Cristo;
[8] a quem, não havendo visto, amais; no qual, não vendo agora, mas crendo, exultais com alegria indizível e cheia de glória,

1 Петар

1 Петар 1

Поздрав

[1]Петар, апостол на Исус Христос, до повратниците распрснати по Понт, Галатија, Кападокија, Азија и Витанија,
[2]избрани по предзнаењето на Бог Отецот, и осветени од Духот за послушност и попрскување со крвта на Исус Христос: да ви се умножат благодатта и мирот!

Благодарност за даровите на спасението во Исус Христос

[3]Благословен е Бог и Отецот на нашиот Господ Исус Христос, Кој по својата голема милост нè преroди преку воскресението на Исус Христос од мртвите за жива надеж,
[4]за наследство што не пропаѓа, чисто, кое не свенува, запазено на небесата за вас,
[5]кои Божјата сила преку верата ве сочувала за спасение, приготвено да се открие во последното време.
[6]Затоа радувајте се, макар што можеби сега ќе треба малку и да тагувате поради разновидни искушенија,
[7]та вашата вера испитана да излезе подрагоцена од нетрајното злато, кое сепак се испробува преку оган, за пофалба и чест и слава, кога ќе се појави Исус Христос,
[8]Кого Го сакате, иако не сте Го виделе, и во Кого верувајќи сега, а не гледајќи Го, се радувате со неискажлива и славна радост,

[9] obtendo o fim da vossa fé: a salvação da vossa alma.

[10] Foi a respeito desta salvação que os profetas indagaram e inquiriram, os quais profetizaram acerca da graça a vós outros destinada,

[11] investigando, atentamente, qual a ocasião ou quais as circunstâncias oportunas, indicadas pelo Espírito de Cristo, que neles estava, ao dar de antemão testemunho sobre os sofrimentos referentes a Cristo e sobre as glórias que os seguiriam.

[12] A eles foi revelado que, não para si mesmos, mas para vós outros, ministravam as coisas que, agora, vos foram anunciadas por aqueles que, pelo Espírito Santo enviado do céu, vos pregaram o evangelho, coisas essas que anjos anelam perscrutar.

A santidade na vida

[13] Por isso, cingindo o vosso entendimento, sede sóbrios e esperai inteiramente na graça que vos está sendo trazida na revelação de Jesus Cristo.

[14] Como filhos da obediência, não vos amoldeis às paixões que tínheis anteriormente na vossa ignorância;

[15] pelo contrário, segundo é santo aquele que vos chamou, tornai-vos santos também vós mesmos em todo o vosso procedimento,

[16] porque escrito está: Sede santos, porque eu sou santo.

[9]примајќи ја крајната цел на вашата вера – спасението на душите.

[10]Тоа спасение го бараа и испитуваа пророците што прорекоа за вашата благодат.

[11]Откако испитаа, во кое или какво време им јавуваше Духот Христов однапред, Кој беше во нив, сведочејќи за Христовите страдања и славата која иде по нив;

[12]ним им беше откриено дека тие не за самите себе служат, туку за вас со она што ви се јави сега вам преку оние кои го проповедаа Евангелието од небото преку Светиот Дух, и во кое копнеат да сирнат ангелите.

Повик на свет живот

[13]Поради тоа, возљубени, препашете ги колковите на умот свој, бидете бодри и имајте целосна надеж дека ќе ви се принесе благодатта при јавувањето на Исус Христос.

[14]Како послушни чеда, не постапувајте веќе според поранешните ваши похоти, кога бевте во незнаење.

[15]Но, по примерот на Светиот, Кој ве повика, и вие самите бидете свети во сите ваши постапки.

[16]Зашто напишано е: „Бидете свети, бидејќи Јас сум свет.“

[17] Ora, se invocais como Pai aquele que, sem acepção de pessoas, julga segundo as obras de cada um, portai-vos com temor durante o tempo da vossa peregrinação,
[18] sabendo que não foi mediante coisas corruptíveis, como prata ou ouro, que fostes resgatados do vosso fútil procedimento que vossos pais vos legaram,
[19] mas pelo precioso sangue, como de cordeiro sem defeito e sem mácula, o sangue de Cristo,
[20] conhecido, com efeito, antes da fundação do mundo, porém manifestado no fim dos tempos, por amor de vós
[21] que, por meio dele, tendes fé em Deus, o qual o ressuscitou dentre os mortos e lhe deu glória, de sorte que a vossa fé e esperança estejam em Deus.

A santidade no amor

[22] Tendo purificado a vossa alma, pela vossa obediência à verdade, tendo em vista o amor fraternal não fingido, amai-vos, de coração, uns aos outros ardentemente,
[23] pois fostes regenerados não de semente corruptível, mas de incorruptível, mediante a palavra de Deus, a qual vive e é permanente.
[24] Pois toda carne é como a erva, e toda a sua glória, como a flor da erva; seca-se a erva, e cai a sua flor;
[25] a palavra do SENHOR, porém, permanece eternamente. Ora, esta é a palavra que vos foi evangelizada.

[17]Ако Го нарекувате Отец Оној, Кој непристрасно секому му суди според делата, тогаш поминувајте го времето на својот живот во стрампочит,
[18]знаејќи дека со пропадливо сребро или злато не сте искупени од суетниот живот, кој ви се предаде од татковците ваши,
[19]туку со скапоцената крв на непорочното и чисто Јагне – Христос,
[20]Кој беше предназначен уште пред создавањето на светот, а се јави во последно време заради вас,
[21]кои преку Него поверувавте во Бога, Кој Го воскресна од мртвите и Му даде слава, та верата ваша и надежта да ви бидат во Бога.

Живејте како Божји чеда во љубов!

[22]Откако ги очистивте душите свои со послушност кон вистината преку Духот, за нелицемерно братољубие, сакајте се еден со друг постојано со чисто срце,
[23]како преродени не од распадливо семе, туку од вечно преку словото на живиот Бог, Кој живее во сите векови.
[24]Зашто телото е како трева, и секоја човечка слава – како цвет од трева: се исушува тревата, и цветот нејзин паѓа;
[25]но словото Господово останува засекогаш. А тоа слово е Евангелието што ви беше објавено.

1 Pedro 2

Os crentes são a casa espiritual edificada em Cristo

[1] Despojando-vos, portanto, de toda maldade e dolo, de hipocrisias e invejas e de toda sorte de maledicências,

[2] desejai ardentemente, como crianças recém-nascidas, o genuíno leite espiritual, para que, por ele, vos seja dado crescimento para salvação,

[3] se é que já tendes a experiência de que o SENHOR é bondoso.

[4] Chegando-vos para ele, a pedra que vive, rejeitada, sim, pelos homens, mas para com Deus eleita e preciosa,

[5] também vós mesmos, como pedras que vivem, sois edificados casa espiritual para serdes sacerdócio santo, a fim de oferecerdes sacrifícios espirituais agradáveis a Deus por intermédio de Jesus Cristo.

[6] Pois isso está na Escritura: Eis que ponho em Sião uma pedra angular, eleita e preciosa; e quem nela crer não será, de modo algum, envergonhado.

[7] Para vós outros, portanto, os que credes, é a preciosidade; mas, para os descrentes, A pedra que os construtores rejeitaram, essa veio a ser a principal pedra, angular

[8] e: Pedra de tropeço e rocha de ofensa. São estes os que tropeçam na palavra, sendo desobedientes, para o que também foram postos.

1 Петар 2

[1]Отфрлете, пак, од себеси секаква пакост и секаква измама, и лицемерство, и завист, и секакво клеветење,

[2]како новородени деца бидете желни за вистинско и духовно млеко, та во него да пораснете за спасение,

[3]бидејќи вкусивте дека Господ е добар.

Основање и мисија на црквата

[4]Пристапете кон Него, живиот камен, од луѓето отфрлен, но од Бога избран, драгоцен,

[5]вие кои како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесете духовни жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос.

[6]Зашто во Писмото стои напишано: „Еве, на Сион поставувам камен темелник, одбран и скапоцен; и кој верува во Него, нема да се посрами!“

[7]Вам, пак, кои верувате, Тој ви е чест, а за неверниците – „Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник“,

[8]камен од кој тие се сопнуваат и камен на кој паѓаат, зашто не му се покоруваат на словото; за тоа се тие и одредени.

[9] Vós, porém, sois raça eleita, sacerdócio real, nação santa, povo de propriedade exclusiva de Deus, a fim de proclamardes as virtudes daquele que vos chamou das trevas para a sua maravilhosa luz;

[10] vós, sim, que, antes, não éreis povo, mas, agora, sois povo de Deus, que não tínheis alcançado misericórdia, mas, agora, alcançastes misericórdia.

A vida exemplar cristã: deveres para com os não crentes e para com as autoridades

[11] Amados, exorto-vos, como peregrinos e forasteiros que sois, a vos absterdes das paixões carnais, que fazem guerra contra a alma,

[12] mantendo exemplar o vosso procedimento no meio dos gentios, para que, naquilo que falam contra vós outros como de malfeitores, observando-vos em vossas boas obras, glorifiquem a Deus no dia da visitação.

[13] Sujeitai-vos a toda instituição humana por causa do SENHOR, quer seja ao rei, como soberano,

[14] quer às autoridades, como enviadas por ele, tanto para castigo dos malfeitores como para louvor dos que praticam o bem.

[15] Porque assim é a vontade de Deus, que, pela prática do bem, façais emudecer a ignorância dos insensatos;

[16] como livres que sois, não usando, todavia, a liberdade por pretexto da malícia, mas vivendo como servos de Deus.

[9]Но вие сте избран род, царско свештенство, свет народ, луѓе придобиени за да ги возвестите совршенствата на Оној Кој ве повикал од темнина во Својата чудесна светлина;

[10]вие, кои некогаш не бевте народ, а сега сте народ Божји; кои не бевте помилувани, а сега сте помилувани.

За однесувањето на христијаните меѓу незнабошците

[11]Возљубени, ве молам, како придојдени и гости, да се пазите од телесните похоти што војуваат против душата.

[12]Однесувајте се достојно меѓу незнабошците, па тие, кога ве напаѓаат како злотворци, штом ќе ги видат вашите добри дела, да Го прославаат Бога во денот на посетата.

Должноста на христијаните кон оние кои се на власт

[13]И така, покорувајте се на секоја човечка власт, поради Господ: било на цар, како на врховна власт,

[14]било на управители на Негови пратеници за да ги казнат злосторниците, а за да ги пофалат добротворците!

[15]Зашто, таква е волјата Божја, – со добротворство да го замолкнуваме незнаењето на безумните луѓе,

[16]како слободни, а не како такви што ја употребуваат слободата како покривка за вршење зло, туку – како слуги Божји.

[17] Tratai todos com honra, amai os irmãos, temei a Deus, honrai o rei.

A vida exemplar cristã: deveres dos que prestam serviços a outrem

[18] Servos, sede submissos, com todo o temor ao vosso senhor, não somente se for bom e cordato, mas também ao perverso;

[19] porque isto é grato, que alguém suporte tristezas, sofrendo injustamente, por motivo de sua consciência para com Deus.

[20] Pois que glória há, se, pecando e sendo esbofeteados por isso, o suportais com paciência? Se, entretanto, quando praticais o bem, sois igualmente afligidos e o suportais com paciência, isto é grato a Deus.

[21] Porquanto para isto mesmo fostes chamados, pois que também Cristo sofreu em vosso lugar, deixando-vos exemplo para seguirdes os seus passos,

[22] o qual não cometeu pecado, nem dolo algum se achou em sua boca;

[23] pois ele, quando ultrajado, não revidava com ultraje; quando maltratado, não fazia ameaças, mas entregava-se àquele que julga retamente,

[24] carregando ele mesmo em seu corpo, sobre o madeiro, os nossos pecados, para que nós, mortos para os pecados, vivamos para a justiça; por suas chagas, fostes sarados.

[25] Porque estáveis desgarrados como ovelhas; agora, porém, vos convertestes ao Pastor e Bispo da vossa alma.

[17]Почитувајте го секого, браќата сакајте ги, имајте страхопочит кон Бога, царот почитувајте го!

Должноста на слугите кон своите господари

[18]Слуги, покорувајте им се на господарите свои, не само на добрите и кроткие, туку и на лошите!

[19]Зашто, тоа ви оди во прилог, ако некој, од сознание за Бога, поднесува скрб, страдајќи неправедливо.

[20]Зашто, каква е пофалбата, ако трпите кога ве тепаат поради престапи? Но, ако трпите кога правите добро и страдате, тоа Му е угодно на Бога.

[21]Бидејќи вие сте за тоа повикани, зашто и Христос пострада за вас, оставајќи ни пример за да врвиме по Неговите стапки:

[22]Тој не направи грев, ниту, пак, во устата Негова се најде измама;

[23]кога на Него хулеа, Тој не им одвраќаше со хули; кога страдаше, не се закануваше, туку се потпираше на Оној Кој праведно суди.

[24]Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот во телото Свое, та ослободени од гревовите да живееме за правдата: „Преку Неговата рана се исцеливте.“

[25]Зашто бевте како овци изгубени, кои немаат пастир, но сега се обративте кон Пастирот и Чуварот на вашите души.

1 Pedro 3

A vida exemplar cristã: deveres dos casados

1 Mulheres, sede vós, igualmente, submissas a vosso próprio marido, para que, se ele ainda não obedece à palavra, seja ganho, sem palavra alguma, por meio do procedimento de sua esposa,

2 ao observar o vosso honesto comportamento cheio de temor.

3 Não seja o adorno da esposa o que é exterior, como frisado de cabelos, adereços de ouro, aparato de vestuário;

4 seja, porém, o homem interior do coração, unido ao incorruptível trajo de um espírito manso e tranqüilo, que é de grande valor diante de Deus.

5 Pois foi assim também que a si mesmas se ataviaram, outrora, as santas mulheres que esperavam em Deus, estando submissas a seu próprio marido,

6 como fazia Sara, que obedeceu a Abraão, chamando-lhe senhor, da qual vós vos tornastes filhas, praticando o bem e não temendo perturbação alguma.

7 Maridos, vós, igualmente, vivei a vida comum do lar, com discernimento; e, tendo consideração para com a vossa mulher como parte mais frágil, tratai-a com dignidade, porque sois, juntamente, herdeiros da mesma graça de vida, para que não se interrompam as vossas orações.

A vida exemplar cristã: o amor fraternal

1 Петар 3

Должности на сопружниците

1А така и вие, жените, бидете им покорни на своите мажи, та, ако некои од нив не му се покоруваат на словото, преку поведението на своите жени да се придобијат без приговор,

2кога ќе го видат вашиот чист и богобојазлив живот.

3Вашата убавина да биде не надворешна, односно во плетењето на косите, китењето со злато или облекување на облеки,

4туку – внатрешна, во срцето на скриениот човек, во постојаност и тих дух, што е драгоцено пред Бога.

5Зашто така некогаш се украсуваа и светите жени, кои се надеваа на Бога и им се покоруваа на мажите свои,

6како што Сара го слушаше Авраам, нарекувајќи го господар. Вие сте нејзини чеда; ако правите добро, не плашете се од ништо.

7Така и вие, мажите, живејте со своите жени во разбирање и почитувајте ги како послабо суштество и како сонаследници на благодатниот живот, за да не се појави препрека во молитвите ваши.

Страдање заради правда

[8] Finalmente, sede todos de igual ânimo, compadecidos, fraternalmente amigos, misericordiosos, humildes,
[9] não pagando mal por mal ou injúria por injúria; antes, pelo contrário, bendizendo, pois para isto mesmo fostes chamados, a fim de receberdes bênção por herança.

[10] Pois quem quer amar a vida e ver dias felizes refreie a língua do mal e evite que os seus lábios falem dolosamente;

[11] aparte-se do mal, pratique o que é bom, busque a paz e empenhe-se por alcançá-la.

[12] Porque os olhos do SENHOR repousam sobre os justos, e os seus ouvidos estão abertos às suas súplicas, mas o rosto do SENHOR está contra aqueles que praticam males.

A prática do bem. A longanimidade segundo o exemplo de Cristo

[13] Ora, quem é que vos há de maltratar, se fordes zelosos do que é bom?
[14] Mas, ainda que venhais a sofrer por causa da justiça, bem-aventurados sois. Não vos amedronteis, portanto, com as suas ameaças, nem fiqueis alarmados;
[15] antes, santificai a Cristo, como SENHOR, em vosso coração, estando sempre preparados para responder a todo aquele que vos pedir razão da esperança que há em vós,

[16] fazendo-o, todavia, com mansidão e temor, com boa consciência, de modo que, naquilo em que falam contra vós outros,

[8]А најпосле, бидете сите еднодушни, сочувствителни, братољубиви, милосрдни, дружељубиви, понизни;
[9]не враќајте зло за зло или навреда за навреда, туку, напротив: благословувај-те, знаејќи дека за тоа сте повикани за да наследите благослов.
[10]„Зашто, кој го сака животот и сака да види добри денови, нека го пази јази-кот свој од зло, и усните негови да не зборуваат лаги.
[11]Нека одбегнува зло и нека прави добро, нека бара мир и нека се стреми кон него –
[12]бидејќи очите на Господ се вперени кон праведните, и ушите Негови – кон нивните молитви, а лицето Господово е против оние кои прават зло за да ги истреби од земјата.“

Доверба наместо прогонување

[13]И кој ќе ви направи зло, ако правите добро?

[14]Но, ако и страдате за правда, блажени сте; не плашете се од она од што тие се плашат и не бојте се;

[15]туку Господ Бог почитувајте Го во срцата свои; а бидете секогаш подготвени со кротост и страхопочит за одговор на секого кој од вас ќе побара сметка за вашата надеж.
[16]Имајте чиста совест, та со тоа, што ве напаѓаат како злосторници, да се посрамат тие што ве кудат поради вашиот добар живот во Христос.

fiquem envergonhados os que difamam o vosso bom procedimento em Cristo,

[17] porque, se for da vontade de Deus, é melhor que sofrais por praticardes o que é bom do que praticando o mal.

[18] Pois também Cristo morreu, uma única vez, pelos pecados, o justo pelos injustos, para conduzir-vos a Deus; morto, sim, na carne, mas vivificado no espírito,

[19] no qual também foi e pregou aos espíritos em prisão,

[20] os quais, noutro tempo, foram desobedientes quando a longanimidade de Deus aguardava nos dias de Noé, enquanto se preparava a arca, na qual poucos, a saber, oito pessoas, foram salvos, através da água,

[21] a qual, figurando o batismo, agora também vos salva, não sendo a remoção da imundícia da carne, mas a indagação de uma boa consciência para com Deus, por meio da ressurreição de Jesus Cristo;

[22] o qual, depois de ir para o céu, está à destra de Deus, ficando-lhe subordinados anjos, e potestades, e poderes.

1 Pedro 4

A morte para o pecado e a pureza de vida

[1] Ora, tendo Cristo sofrido na carne, armai-vos também vós do mesmo pensamento; pois aquele que sofreu na carne deixou o pecado,

[2] para que, no tempo que vos resta na carne, já não vivais de acordo com as

[17]Зашто, ако ѝ е угодно на Божјата волја, подобро е да страдате правејќи добро, отколку вршејќи лошо.

Победата на Христос се покажува во сите

[18]Бидејќи и Христос, за да нè доведе кај Бога, еднаш пострада за гревовите наши, праведник за неправедните; вистина, умре по тело, но оживеа со духот.

[19]Во него откако слезе, им проповеда и на духовите кои беа в затвор,

[20]кои некогаш не се покорија кога Божјата долготрпеливост ги очекуваше, во времето на Ное, при правењето на ковчегот, во кој малкумина, односно осум души се спасија од водата.

[21]Образецот на таа вода – крштавањето, но не отстранувањето на телесната нечистотија, туку ветувањето на Бога добра совест – нè спасува сега и нас преку воскресението на Исус Христос,

[22]Кој, откако се вознесе на небото, е оддесно на Бога, а Кому Му се покоруваат ангелите, властите и силите.

1 Петар 4

Изменет начин на живеење

[1]Бидејќи, пак, Христос пострада со телото за нас, тогаш вооружете се вие со истата мисла; зашто кој ќе пострада со телото, тој прекинал со гревот,

[2]та преостанатото време на животот во телото да не го проживее веќе со чо-

paixões dos homens, mas segundo a vontade de Deus.

3 Porque basta o tempo decorrido para terdes executado a vontade dos gentios, tendo andado em dissoluções, concupiscências, borracheiras, orgias, bebedices e em detestáveis idolatrias.

4 Por isso, difamando-vos, estranham que não concorrais com eles ao mesmo excesso de devassidão,

5 os quais hão de prestar contas àquele que é competente para julgar vivos e mortos;

6 pois, para este fim, foi o evangelho pregado também a mortos, para que, mesmo julgados na carne segundo os homens, vivam no espírito segundo Deus.

Alguns deveres dos crentes uns para com os outros

7 Ora, o fim de todas as coisas está próximo; sede, portanto, criteriosos e sóbrios a bem das vossas orações.

8 Acima de tudo, porém, tende amor intenso uns para com os outros, porque o amor cobre multidão de pecados.

9 Sede, mutuamente, hospitaleiros, sem murmuração.

10 Servi uns aos outros, cada um conforme o dom que recebeu, como bons despenseiros da multiforme graça de Deus.

11 Se alguém fala, fale de acordo com os oráculos de Deus; se alguém serve, faça-o na força que Deus supre, para que, em todas as coisas, seja Deus glorificado, por

вечки похоти, туку според волјата Божја.

3Зашто доволно е што минатото време на животот го поминавте во вршење волјата на незнабошците, живеејќи во нечистотија, во похоти, во пијанство, во прејадување, во препивање и во нечестиво идолопоклонство.

4Затоа тие и се чудат што не се дружите со нив во тој ист неуреден живот, и хулат на вас.

5Но тие ќе одговараат пред Оној Кој е готов да им суди на живите и на мртвите.

6Зашто и на мртвите им беше проповедано Евангелието да примат суд како луѓе по телото, а да живеат со духот по Бога.

Бодрост во христијанската заедница

7Но близу е крајот на сè. Па бидете мудри и бодри во молитвите.

8А пред сè, имајте постојано љубов меѓу себе; зашто „љубовта покрива многу гревови.“

9Бидете гостољубиви еден спрема друг без негодување.

10Служете си еден на друг, секој со дарбата што ја примил, како добри управители на разнообразната Божја благодат.

11Ако некој говори, нека знае дека зборува Божји зборови; ако некој служи, нека служи според силата која Бог ја дава, та во сè да се прослави Бог пре-

meio de Jesus Cristo, a quem pertence a glória e o domínio pelos séculos dos séculos. Amém!

O sofrermos por Cristo é privilégio glorioso

12 Amados, não estranheis o fogo ardente que surge no meio de vós, destinado a provar-vos, como se alguma coisa extraordinária vos estivesse acontecendo;

13 pelo contrário, alegrai-vos na medida em que sois co-participantes dos sofrimentos de Cristo, para que também, na revelação de sua glória, vos alegreis exultando.

14 Se, pelo nome de Cristo, sois injuriados, bem-aventurados sois, porque sobre vós repousa o Espírito da glória e de Deus.

15 Não sofra, porém, nenhum de vós como assassino, ou ladrão, ou malfeitor, ou como quem se intromete em negócios de outrem;

16 mas, se sofrer como cristão, não se envergonhe disso; antes, glorifique a Deus com esse nome.

17 Porque a ocasião de começar o juízo pela casa de Deus é chegada; ora, se primeiro vem por nós, qual será o fim daqueles que não obedecem ao evangelho de Deus?

18 E, se é com dificuldade que o justo é salvo, onde vai comparecer o ímpio, sim, o pecador?

19 Por isso, também os que sofrem segundo a vontade de Deus encomendem a sua alma ao fiel Criador, na prática do bem.

ку Исус Христос, чија слава и владеење се вечни. Амин.

Блаженството ветено на прогонуваните

12Возљубени, не чудете се на огненото искушение, што ви се праќа за да ве испита, како нешто необично да ви се случува.

13Напротив. Ако учествувате во страдањата Христови, тогаш радувајте се, та кога ќе се јави Неговата слава да се зарадувате и развеселите.

14А ако ве укоруваат поради името Христово, блажени сте, зашто Духот на славата, Духот Божји почива на вас: тие, значи, на Него хулат, а вие – Го прославувате.

15Никој, пак, од вас да не страда како убиец, или крадец, или злосторник, ниту како оној што се меша во туѓи работи;

16но, ако страда како христијанин, да не се срамува, туку да Го прославува Бога за такво учество.

17Зашто време е да почне судот од Божјиот дом; а ако почне најнапред од нас, тогаш каков ли ќе им биде крајот на оние кои не му се покоруваат на Божјото Евангелие?

18И кога праведникот одвај се спасува, тогаш што ќе стане од безбожниците и грешниците!?

19И така, оние што страдаат според волјата на Бога, нека Му ги предадат

Нему, како на верен Создател, душите свои, правејќи добро.

1 Pedro 5

Os deveres do ministério

[1] Rogo, pois, aos presbíteros que há entre vós, eu, presbítero como eles, e testemunha dos sofrimentos de Cristo, e ainda co-participante da glória que há de ser revelada:

[2] pastoreai o rebanho de Deus que há entre vós, não por constrangimento, mas espontaneamente, como Deus quer; nem por sórdida ganância, mas de boa vontade;

[3] nem como dominadores dos que vos foram confiados, antes, tornando-vos modelos do rebanho.

[4] Ora, logo que o Supremo Pastor se manifestar, recebereis a imarcescível coroa da glória.

Vários conselhos. Votos, saudações finais e bênção

[5] Rogo igualmente aos jovens: sede submissos aos que são mais velhos; outrossim, no trato de uns com os outros, cingi-vos todos de humildade, porque Deus resiste aos soberbos, contudo, aos humildes concede a sua graça.

[6] Humilhai-vos, portanto, sob a poderosa mão de Deus, para que ele, em tempo oportuno, vos exalte,

[7] lançando sobre ele toda a vossa ansiedade, porque ele tem cuidado de vós.

[8] Sede sóbrios e vigilantes. O diabo, vosso adversário, anda em derredor, como leão que ruge procurando alguém para devorar;

1 Петар 5

Грижа за Божјото стадо

[1]Оние, кои се меѓу вас свештеници, ги молам јас, кој и самиот сум свештеник, и сведок на Христовите страдања и соучесник во славата, што ќе се открие:

[2]пасете го Божјото стадо, што го имате, надгледувајќи го не присилно, туку доброволно и според Бога; не заради срамна печалба, туку од сè срце.

[3]И не како да управувате со народот, туку давајќи му пример на стадото.

[4]А кога ќе се јави Пастироначалникот, ќе добиете венец на слава што никогаш не свенува.

Понизност и цврстина во верата

[5]Исто така и вие, помладите, покорувајте им се на старешините; а сите, пак, покорувајте се еден на друг и здобијте се со понизност, бидејќи „Бог им се противи на горделивите, а на понизните им дава благодат.“

[6]Понизете се под крепката рака Божја, за да ве воздигне кога ќе дојде времето.

[7]Сите ваши загрижености префрлете ги врз Него, зашто Тој се грижи за вас.

[8]Бидете трезвени, бидете будни, зашто вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика и бара некого да проголта;

[9] resisti-lhe firmes na fé, certos de que sofrimentos iguais aos vossos estão-se cumprindo na vossa irmandade espalhada pelo mundo.

